Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет - Скопје
Институт за Историја

„Процесите на модернизација во Вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 г.“

докторска дисертација

Ментор
Проф. д-р Виолета Ачкоска

Кандидат
Јасмина Дамјановска

Скопје, 2014

KII 640

СОДРЖИНА

Вовед | 5
Прва глава | 7
Македонија за време на Првата Светска војна | 7

1.1.Општествено-политичките и економските прилики во Македонија за време на Првата светска војна 1914-1918. Ангажирањето на македонското население на фронтот и позадината | 7
1.2.Присуството и влијанието на војските на европските држави во промените на животот на македонското население | 21

Втора глава | 29
Модернизациските процеси во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни | 29

2.1 Модернизацијата и македонското општество | 29
2.2 Воспоставување на српската воена и административна власт по завршувањето на Првата светска војна | 29
2.3 Стопанството, економската состојба и промените во градовите | 41
Земјоделството меѓу двете светски војни | 41
Развој на индустријата и трговијата | 46
Електрификација и водовод | 50
2.4 Сообраќајот условен од модернизацијата | 52
Патниот сообраќај | 52
Железничкиот сообраќај | 55
Авионскиот сообраќај | 56
2.5 Македонското општество помеѓу традицијата и модернизацијата. Традицијата, обичаите и културата на живеење. Развојот на урбаното во градовите | 57
Архитектурата условена од државните и приватните потреби | 64
Архитектурата, модерната и традиционалната | 70
Традиционалната архитектурата како дел од домувањето и секојдневието на граѓаните | 75
2.6 Навлегувањето на модернизацијата и промените во културата на живеењето на различните социјални слоеви | 78
Трговците и процесите на модернизација | 78
Работниците и нивното секојдневие. Печалбарството дел од секојдневието на населението во Вардарскиот дел на Македонија | 84
Секојдневието на рибарите во Охрид, Струга и Дојран | 85
Печалбарството дел од динамизацијата во процесите на модернизацијата | 91

Животот со партијата и во партијата | **95**
Занаетчиството, занаетчиите и нивното секојдневие | **103**
Фотографите, фотографијата и нивното влијание во секојдневието | **116**
2.7 Кафеаните и хотелите | **120**
2.8 Друштвениот живот и излетничките места – нов начин на живеење.
Семејни патувања, прошетки, излети, посети на бањи, летувања и зимувања | **127**

Трета Глава | **135**
Улогата на новоформираните институции во модерниазцијата на животот | **135**

3.1 Новоформираните државно научни институции | **135**
3.2 Културно-просветната политика и промените во начинот на живот на младите генерации | **140**
Промени во основното образование | **140**
Гимназиското образование | **147**
Граѓанските училишта | **156**
Улогата на Народните универзитети | **158**
Влијанието и улогата на напредното учителство | **161**
Студентската младина | **164**
Влијанието на библиотекарството | **171**
Печатарството и издаваштвото | **178**
Издавачката дејност - дневните весници и списанија и новинарството во периодот меѓу двете светски војни | **183**
Културно-просветните и хуманитарни друштва и организација во динамизацијата на процесот на промените во начинот на живот на младите генерации. Режимски и иницијативи на локалното население | **188**
Иницијативи на локалното население | **205**
3.3 Евреите меѓу двете светски војни | **210**
3.4 Културно-просветните прилики меѓу муслиманската заедница | **214**
3.5 Тетарската дејност и промените што доаѓаат со неа | **218**
3.6 Промените со киноприкажувачката дејност | **232**
3.7 Музичкиот живот | **241**
3.8 Спортското живеење | **249**
3.9 Развојот на планинарството и скијањето меѓу двете светски војни во вардарскиот дел од Македонија | **261**
Почетоците на планинарството | **261**
Скијањето и развојот на туризмот | **264**

3.10 Српската православна црква и нејзините обиди за промени во начинот на живеење во македонското семејство | **270**

Новите влијанија и традиционални одбележувања | **273**

3.11 Здравствената дејност и процесите на модернизација | **279**

Четврта глава | 293

Македонската жена и процесот на модернизацијата на македонското општество | 293

4.1 Промена на улогата на жената во семејството | **293**

4.2 Модата како влијание и дел од секојдневниот начин на живеење | **297**

4.3 Вклучување на жената во културнопросветниот живот | **302**

4.4 Промена на улогата на жената на јавниот живот. Излегување на жената на јавната сцена | **307**

Заклучок | 313

Извори и литература | 315

Прилог фотографии | 326

Фотографии | 329

ВОВЕД

Истражувањето на урбаната, модерната, современата и приватната историја е навистина голем предизвик за секој историчар. По изработувањето на магистерскиот труд на тема „Историја на секојдневниот живот во Велес меѓу двете светски војни“ со моите менторки проф. д-р Даринка Пачемска Петреска и проф. д-р Виолета Ачкоска одлучивме повторно да обработам тема, односно да спроведам научно истражување, со кое би се презентирал еден подолг временски период за кој беа карактеристични модернизациските процеси и како тие се рефлектираа на секојдневниот живот во вардарскиот дел од Македонија во повоените години, па се до почетокот на Втората светска војна, што тие значеа за македонското општество и дали навистина имаше услови да се спроведуваат, како се спроведуваа и во кои домени, како тие беа прифатени и сл.

Оваа секојдневна историја настаната во годините од 1918 – 1941 г., обележана со многу урбани промени и процеси, беше наложувана од нововоспоставениот српски режим, но сепак предводена од локалното население, од новоформираната граѓанска и работничка класа, кои се покажаа подготвени да го прифатат сето тоа, но сепак да ја зачуваат и својата традиција. Тоа се годините кога светските и европските влијанија ќе имаат можност многу полесно да продрат помеѓу македонското семејство и целосно да го реорганизираат, затоа што тоа ќе се покаже подготвено да ги прифати и примени.

Македонското општество имаше потреба од еден помирен период кој и се случи во текот на две децении. По годините исполнети само со војување, регрутирање по фронтовските линии, разделување на семејствата, глад, епидемии, смрт, постојани бомбардирања, инвалиди, уривања итн., следуваа годините кога Македонија, односно вардарскиот дел од Македонија ќе се обиде да се вклопи во приватноста која ја наметнуваше новата политичка влада на тогаш формираното Кралство СХС, подоцна Кралство Југославија. Навлегувањето и обидите за продирање на српскиот национализам, преку општествено-политичкиот, стопанскиот, црковниот живот, културно-просветниот, оставија карактеристични белези во секое населено место.

За кратко врме ќе започне интензивното национално обезличување, спроведувано преку многубројниот воен и административен апарат, со кој српската власт ќе се обиде полесно да воведе многу промени, закони и одредби на секое поле. Ќе започнат да се формираат и многу српски државни институции, кои со својата улога ќе овозможат продирање и на многу модернизациски процеси меѓу локалното население.

Македонското општество ќе се најде помеѓу традицијата и модернизацијата. Ќе се направи обид да се продре меѓу различните

социјални слоеви, меѓу личниот живот на семејството, исполнет со богатите македонски обичаи, верувања, домашен фолклор, истовремено наметнувајќи им нови начини на прославувања, одбележувања, славења итн. Се навлегуваше и во рамките на културата на живеење односно во рамките на основното, средното и високото образование.

Неизбежна ќе биде и улогата на српската православна црква и нејзините обиди за промените во начинот на живеење во македонското семејство.

Огромни промени ќе се случат како резултат на активностите од спортското, музичкото, театарското делување, кинопроекциите, кои ќе бидат поттик за нови организирања во разни режимски друштва и организации, за излегување на поединците надвор од семејната атмосфера и нивно надоградување, модернизирање и обликување според европските и светските влијанија.

Секојдневието на населението во вардарскиот дел од Македонија ќе биде исполнето со многу позитивни и негативни последици, предизвикани од времето во кое живееја, но континуирано ќе продолжи одржувањето на традиција од македонското семејство кое само ќе ја надополнува и модернизира.

Трудот е резултат на повеќегодишна научно-истражувачка работа во Државниот Архив на Република Македонија во Скопје и неговите Подрачни одделенија во Битола, Куманово, Охрид, Тетово, Прилеп, Струмица, Велес и Штип, Архивот на МАНУ, Архивот и библиотеката на ИНИ, НУБ „Св.Климент Охридски" во Скопје, Македонското научно друштво во Битола, Универзитетските библиотеки и Државните музеи во погореспоменатите градови, библиотеката на Институтот за Историја при Филозофскиот факултет и други културни институции во Р. Македонија. Во трудот успеав да вметнам дел од сеќавањата на испитаниците од Битола, Велес, Кратово, Пробиштип и Штип и поголем број на стари фотографии кои го доловуваат секојдневното живеење во периодот меѓу двете светски војни.

На крајот од овој воведен дел би сакала да ја споменам мојата драга пријателка и менторка, професорката Даринка Петреска, за која искрено и многу жалам што повеќе не е меѓу нас и не може да го препрочита истражувањето кое беше најмногу нејзина иницијатива. Неизмерно и благодарам за можноста да соработувам со еден голем професионалец и историчар.

ПРОЦЕСИТЕ НА МОДЕРНИЗАЦИЈА ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА 1918 - 1941

Прва глава
Македонија за време на Првата Светска војна

1.1.Општествено-политичките и економските прилики во Македонија за време на Првата светска војна 1914-1918. Ангажирањето на македонското население на фронтот и позадината.

Интензивниот развој и различните економски и политички интереси на големите капиталистички држави во почетокот на XX век дале свој печат на една нова историја на Балканот, чии претствници водени од идеите за територијална прераспределба влегуваат во мрежата на двете спротивставени групации на држави: Антантата и Централните Сили, обидувајќи се да освојат нови простори во кои ќе ја наметнуваат својата приватност.

Во тој контекст лесно било да се процени дека новите војни на Балканот биле неизбежни за Македонија, така што задоволувањето на интересите оставило катастрофални последици врз секојдневниот живот на македонското население во годините на Балканските и Првата светска војна.

Војните не само што ги уништиле природните и етничките граници на Македонија, туку значеле и уништување на стопанството, трговијата, просветата и на населението, чиј број постојано се намалувал, како резултат на многубројните човечки жртви на бојните полиња, жртвите од многуте болести донесени од војните, масовните миграции и сл.

Судбината на Македонците не преставуваше приоритетно прашање, на нивниот живот не се гледаше како на човечки. Военото и цивилното население од оваа територија опстануваше како што знаеше и умееше, наоѓајќи се во постојан контакт со стравот, гладот, заразните болести и епидемии, воените гонтигенти и смртта. Населението од Македонија сé уште раскажува за масовните гробници во кои биле закопувани починатите од маларија и колера, попрскувани само со вар и закопувани со земја без никакви посмртни обреди.

Првата светска војна го воведе поимот за нови меѓусебни пресметувања и натпреварувања, во кои на сојузниците најнеопходна им беше територијата на Македонија, низ која за кратко време ќе поминат и ќе се концентрираат вооружените армии на балканските држави, територијално поле каде ќе се спроведуваат правилата и принципите на истите држави, но истовремено и поле од каде постојано ќе се црпат, милум или силум, човечките животи. Војната за нив ќе значи раздвојување на семејството, губење на имотот преку ноќ, кинење на старите врски,

заменување на улогата на половите во семејството, наметнување пак на други како другарството во рововите и на боиштата, во болниците, логорите, инстинкт за преживување итн. Војната за Македонецот ќе значи и видување на светот, зашто никој не знаел каде може да се најде.

Поделената територија на Македонија одново се нашла во центарот на судирот на балканските држави, врзани за едниот или другиот политички и воен блок. Се трупале српски, црногорски, австро-унгарски и германски, а од октомври 1915 година и бугарски, француски, англиски и руски војски. Се формирале и преместувале фронтови, гинеле војници од далечните земји, се формирале логори за заробеници, болници за ранети, никнувале гробишта на загинати знајни и незнајни војници, вклучително и Сенегалци и Мароканци кои војувале за Франција.

Овој период ќе значи нови судбини и страдања за македонското население, кое набрзо со воената регрутација и мобилизација ќе биде подлено на цивилно и воено население. Секојдневие станале бомбардирањата од авиони и артилерија со запалливи, разорувачки и гасоотровни проектили. Пожарите насекаде можеле да се видат како за момент ги опустошувале куќите.

Заради обезбедувањето на „редот и мирот" во заземените краишта, односно заради осигурувањето на освоеното во Балканските војни, српската влада пристапила кон формирање на четири баталјони т.н. доброволци-четници во заземените територии[1], во кои покрај христијани - поранешни четници во српските чети, биле примани Турци и Албанци што дотогаш служеле во турската војска, со право да ги задржат дури и воените чинови, се со цел да се прикаже „еден нов однос" на српските власти кон муслиманското население.

Подоцна била најдена нова, наједноставна за неа во тој момент солуција за запишување „доброволци" во српската војска, термин кој бил употребен заради неможноста од правна гледна точка да се изврши мобилизација на младината од заземените краишта во српската војска. Од окупирана територија не можело да се врши легална регрутација на домашното население, па така според сите расположливи архивски документи, македонското население било запишувано и заведувано во пописните списоци како доброволечко, за да можат да се избегнат сите нерегуларности пред меѓународната јавност.

Оваа мерка наишла на одглас само кај муслиманското населние, додека кај македонското таа предизвикала незадоволство и одбивност.[2]

---

[1]Глигор Тодоровски, *Македонија по Балканските војни*, Скопје 1981, стр. 52- 57 (Три од овие баталјони имале привремени седишта во Свети Николе, во Гевгелија и Неготино, додека четвртиот баталјон имал седиште во Приштина. Сите трошоци за издржувањето на четничките доброволци паѓале на товар на воениот буџет.).

[2] Сеќавање на Павле Саздов од с. Јамиште, Пробиштип, (За начинот на мобилизација и за односот на српската власт кон македонското мобилизирано население раскажува Павле Саздов информиран од неговиот дедо Јане, кој имал уште двајца браќа, Стоимен и

Меѓутоа по 25 август 1913 г., кога со Прокламацијата на кралот Петар I била извршена анексија на „новоослободените" територии кон Кралството Србија, српската власт добила можност правно да ги регулира извршените промени во Вардарска Македонија, односно легално да пристапи кон процесот на регрутација и мобилизација на младите Македонци.

Не признавајќи ја возрасната граница, српската власт, наредила што побрзо спроведување на попис на целокупното машко население на возраст од 15 до 60 години, кое подложело и на лекарски прегледи. Со мобилизацијата српската власт почнала во почетокот на март 1914 година, кога од територијата на Вардарска Македонија биле регрутирани околу 12.000 млади Македонци, кои биле испратени на обука во воените гарнизони во Белград, Крагуевац, Ваљево, Ниш и Младеновац.[3] Според еден извештај на Военото министерство на Кралството Србија од 22 април 1915 година, упатен до Министерството за надворешни работи, овие воени обврзници, христијани, а подоцна и муслимани, биле подложени на воена вежба која траела од 6 до 8 недели, подоцна скратена на 20 дена.[4]

По нивното сместување и почетната обука, регрутите кои биле сметани за Срби биле законски подложени и на свечена обврска, заклетва пред Неговото Величество Кралот Александар на верност кон него и кон „својата татковина". Доколку одбивале, биле прогласувани за непријатели и им судел Воениот суд. Ваквиот начин на однесување предизвикал незадоволство и револт кај македонските обврзници од Брегалничкиот

Кипријан. Во 1878 година бил печалбар во Романија. Јане бил мобилизиран уште во 1913 година во српската војска за време на Втората балканска војна, а во истата година во редовите на српската војска истовремено биле мобилизирани сите тројца браќа: Јане, Стоимен и Кипријан. Стоимен бил во Кочани, а потоа и во Штип. Во тамошните воени редови извесно време работел и како болничар.

Неговиот дедо Јане како српски војник имал право и на добивање отсуство (или *отпуска* како што раскажува информаторот) на одредено време. На негово барање Јане добил од командирот 10 дена за да ја замени својата облека. Ноќта, пред да се врати во српската војска, куќата им била заобиколена од српски жандарми (полицајци). Кога Јане излегол за да види што се случува, тие го врзале. Иако се обидувал да им докаже дека е српски војник, дојден со писмена дозвола, тие го одвеле во Злетово, а потоа во Кратово, каде што тогаш била сместена околиската управа. Таму му кажале дека некој селанец од Лесново го споменал неговото име Јане од Јамишта, посочувајќи го како блиска личност со некои бугарски комити. Но, во моментот кога го соочиле со селанецот од Лесново, тој селанец не можел да го препознае Јане и да го посочи како предавник на власта, под изговор дека било темница кога се случувало предавањето (пренесувањето на комитите преку граница). Јане бил ослободен од обвинувањето и добил дозвола за повторно враќање и за служење во редовите на српската војска, но, пред да излезе од просториите на околиската управа, на вратата еден српски четник го удрил со сета сила по лицето. Јане посрамотен и понижен од таквото однесување на српските власти за кои и војувал и го ризикувал животот, одлучил да го послуша својот разум, велејќи си: *„Што ќе одам во српската војска, да ја фатам шумата и да си одам накај Јамишта."* Овој настан се случил на ден Ѓурѓовден (6 мај 1913 година).

[3] На територијата од вардарскиот дел на Македонија во трите дивизиски области биле формирани три пешадиски полка, Вардарски, Брегалнички и Битолски, со 12 баталјони, составени од по 4 пешадиски чети.

[4] ДАРМ, Скопје, ф. Министерство за надворешни работи на Кралството Југославија, к. 17, 1.17.2.151/324-325.

полк кој броел околу 4.000 регрути претежно од Штипско и Радовишко, сместени во Крагуевац, центарот на Шумадиската дивизиска област. Револтот избувнал во бунтот од 15 април 1914 година и завршил со затворање на 30 бунтовници, но иако следувал како резултат на влијанието на бугарската пропагандна машинерија[5], сепак го манифестирал незадоволството на младите Македонци од служењето во српските воени редови.[6]

На овие војници Србија гледала со недоверба. За заштита и одбрана на српската територија Србија не можела да ги придобие македонските печалбари, кои во ова воено време не сакале да се вратат назад, ниту пак можела да ги придобие многубројните бегалци во Бугарија и Грција. Сепак, сите овие македонски воени обврзници, само неколку месеци подоцна, биле испратени на новоформираните фронтови, земајќи учество во првите воени операции на српската војска. Од овој период војната за нив била живот во позадина, под туѓа окупација, во затишје помеѓу битките, болести и болници, посета на бордели и кафеани, пишување на писма, учење како треба да се чуваат од заразните болести, искуства со новата храна и пијалоци итн.

Српската врховна команда во текот на целата 1914 година мобилизирала и регрутирала во сите краишта на Кралството. Македонските семејства останале без своите машки претставници. Од

---

[5] Рамиз Шабановиќ, *Учеството на Македонците во Првата светска војна во составот на српската војска* (магистерски труд во ракопис на Филозофскиот факултет и Институтот за историја), Скопје 1993, стр. 121-140, (Бугарија незадоволна од Букурешкиот мировен договор и територијалните отстапки кои и беа доделени, чекала само погоден момент за можен воен судир во кој таа како оштетена би се обидела да ги поврати териториите кои ги сметала за свои. Затоа и гледала со антипатија кон мобилизацијата на македонското население во соседните земји Србија и Грција, најостро осудувајќи ги. Бугарската влада преку своето Министерство за надворешни работи во содејство со бугарската телеграфска агенција и преку печатот развила широка пропаганда во врска со регрутирањето на Македонци во српската војска. За време на регрутацијата бугарските дневни весници биле преплавени со вести и информации за регрутите од новите краишта.
Ваквите и слични провокативни написи, српската влада индиректно преку печатот ги демантирала ваквите написи, посебно преку своето гласило „Политика“, но и директно преку своето Министерство за надворешни работи.).

[6] Архив на Институтот за национална историја (во понатамошниот текст АИНИ), Скопје, Сеќавања на учесници во илинденското востание, Балканските војни, Првата светска војна и НОБ од Кратово и Кратовско, Скопје, 1968. (За бунтот на македонските регрути во Крагуевац, еден од преживеаните кратовчани, директен учесник во настаните и воените години на Првата светска војна, Славе Георгиев Симонов, роден 1892 г., во своите сеќавања ќе забележи: Во 1914 г. на 1 март, Србите ме регрутираа во 22 полк во Крагуевац - Шумадиска дивизија. Кога беше заклетвата, штипјани одделно се заколнавме. Кога се заколнавме бевме построени сите четири баталјони. Јас баш се паднав во тој баталјон штипски и наеднаш тој беше само од Македонија, 22-ри брегалнички полк. Во 22-ри Брегалнички полк ние бевме, само офицери беа... командант беше Михајло Ковачевиќ што го отепаа, а командант на полкот ни беше Данаил Клафатевиќ, командант ни беше Степо Степановиќ. И кога било до пола заклетва, штипјани рекоа не примаме заклетва. Офицерите не прашуваа зошто не примаме заклетва. Кажувавме, Турци не колнаа не оставија, Бугари не колнаа не оставија, Вие ќе не заколнете и пак ќе не оставите. Наеднаш се слушна 'Доле Крал Петар!'.).

едно семејство често се случувало да бидат мобилизирани речиси сите мажи без разлика на својата возраст, така што секојдневна била сликата на македонските куќи во кои се гледале само жени, деца и старци.

Покрај христијанското население, во Македонија на позивите на органите на власт било подложено и муслиманското, турско и албанско население. За согледување на нивната бројна состојба, српската власт предвидувала и изработка на списоци на мажите на возраст од 30 до 40 години возраст и нивно ангажирање во дополнителниот македонски полк, но се соочила со масовно одбивање на позивите за мобилизација. Погледите на муслиманите сé уште биле упатени кон Турција, со надеж дека со нејзиното влегување во војна со Србија се создава голема веројатност за повторното враќање на Османлиите.

Секој што ќе се противставел на мобилизацијата бил сметан за неподобен, непријател на новата држава, така што со нив се постапувало согласно со воените закони.[7] Излезот го гледале во преминувањето на територијата на Бугарија и Грција.

Бегствата биле особено карактеристични во периодот по завршувањето на воените операции во 1914 г. и стабилизацијата на фронтот. Најчесто се бегало преку организирани канали, преку кои Македонците се испраќале во Бугарија[8], додека за Грција ја користеле железницата или се упатувале пеш низ шумите и стрмните планински патишта. Интензивно се користеле и отсуствата на регрутите, кои мошне брзо биле забранувани од српската врховна команда.[9] Била издадена наредба да се внимава повеќе на војниците од новите области, кои и со фалсификувани документи знаеле да поминат покрај воените контроли и да добијат дозвола за отсуство.

Мошне често македонските регрути во српската војска ги користеле и писмата од своите најблиски за да можат да појдат на отсуство кај семејството. Во најголем дел од содржините на писмата биле повиците за враќање на отсуство заради болест или смрт меѓу блиски роднини.

---

[7] Ibid.

[8] Алексо Мартулков, *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*, Скопје стр. 1954, стр. 294.

[9] Архив на ИНИ, Сеќавања..., op.cit., (За мобилизаторската улога на српската власт во вардарскиот дел од Македонија, еден од тогашните регрути и учесници во Првата светска војна и во српската и во бугарската војска, Стојан Илиев од с.Страцин, Кратовско, во своите спомени, ќе забележи: Во 1914 дојдоа војници и ме потераа мене со овие вардарци. И за моја среќа се вратив. После ме збраа за Књажевац и вошки биле како плева во тој Књажевац. Се Македонци имаше, 7.000 души и од таму е била голема работа. Еден лекар имаше Австриец и ќе рече покажи јазик, а добро и ќе ни даде некое апче. После не пуштија со воз и дојдовме дома и гледам Македонците сите бегаат во Бугарија и се што можело и реков и јас ќе одам за Бугарија. На отсуство не пуштија по Велигден во четврток 1915 г. И после побегнав во Бугарија во 1915 г., се вративме за Софија и на Петровден не дигнаа за во Лом Паланка. Околу 10 септември дојде еден стражар и вика - Македонците всичките до врата, 20 дена на обука. Од нас имаше околу 60 души. Седевме во Лом Паланка од каде се качивме на машина и во Враца и тука се образува Први и Втори полк, двете дружини на 11 македонска дивизија. Јас бев во трета дружина.).

Српската власт издала наредба за проверка на вистинитоста на писмата, ограничувајќи ги со временски рок, поднесување извештај, како и пуштање на оние воени обврзници кои требало да завршат имотни обврски.

Македонските регрути се соживеале со улогата на воени дезертери и бегалци, по кои српската власт, квалификувајќи ги како предавници, ‚бугараши' и непријатели на државата, издавала потерници за нивно враќање, но и ветувала амнестија доколку сами се предадат. Регрутите на фронтот кон Австро-Унгарија се однесувале различно. Едните останале во српските воени редови, другите, принудно мобилизираните, барале начини да си го спасат животот, а еден дел од нив се префрлиле на непријателската страна, манифестирајќи го така незадоволство од присуството на фронтот.

Како српски војници, дел од Македонците ја почувствувале и судбината на воени заробеници во австроунгарските логори, поточно во дел од логорите на територииите на денешните: Полска, Чешка, Германија, Австрија и др., од каде еден дел биле испраќани во редовите на бугарската војска. За својата судбина како заробеници се обидувале да ги информираат своите најблиски преку воените картички, кои тамошните власти им ги дозволувале, со предупредување дека не смееат да пишуваат за дејствувањата на воените фронтови или пак за војниците кои загинале.[10] Преку содржината настојуваат да ги информираат своите блиски за тоа што им се случувало, за нивната добра или влошена здравствена состојба, за тоа каде се наоѓаат, пишувајќи им ја адресата на логорот, со надеж дека ќе добијат повратен одговор. Често бараат од блиските да им испратат и парични средства, кои им биле неопходни, или пак да покренат постапка за ослободување.[11] Од блиските, војниците

---

[10] *Отпретани сведоштва - писма од Големата војна 1914-1918*, Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје 2008 (Во австриските поштенски картички,дел од збирката Отпретани свдоштва, сопственост на Музеј на град Кратово, испратени од македонските воени заробеници се споменуваат дел од логорите на австро-унгарската војска како: Krakov, Gratslitz, Heinrichsgruen, Tabor, Aschach an der Donau, Gramatneusiedel, Korintija, Boldogasszony и др. На нив, покрај содржината, најзабележителни се печатите на тамошните власти, меѓу кои и печатотот Mazedonien, со кој тиа докажуваат дека точно го лоцираат местото, односно земјата каде биле испраќани картичките. Истите картички по прристигнувањето во Македонија која тогаш се наоѓала под окупирана од австриски и бугарски војски, биле цензурирани од бугарската цензурна комисија покрај која не можело да одмине ниту едно писмо.).

[11] Ibidem, стр. 332-333 (Сите овие картички ја крijат во себе тажната, но реална страна на војната. Една од најемотивните картички е онаа испратена од војникот Саздо Гичев од с. Барбарево, кој како воен заробеник (поранешен српски војник), се наоѓал во еден од тогашните австриски логори (Aschach). Прегледана е од бугарската цензурна комисија и е испратена во текот на месец јули 1916 година. Преку содржината, војникот ги моли своите родители да покренат постапка за негово ослободување, како и да му испратат пари, 80 лева, но, очајнички предупредува да го направат тоа, доколку сакаат и понатаму да имаат син, зборови преку кои доаѓа до израз нарушената емотивна состојба на овој војник-заробеник.

барале и храна и облека, која од себеси не можеле да ја заменат со месеци, па токму затоа бараат да им се испрати нова.

Судбината на овие луѓе-војници, мобилизирани во српската војска ниту најмалку не била едноставна. Далечината и заборавот од најблиските се обидувале да го ублажат со пишувањето на воени картички. Пишувани се директно од нив или од оние кои биле доволно образовани да ги пренесат своите мисли, пораки и желби. Во нивното пишување се чувствува тежината и депресијата на војната. Понекогаш и самите себеси се запрашуваат зошто и за кого војуваат, утешувајќи се дека тие не се виновни за тогашните настани.

На наједноставен начин прашуваат за здравјето на своите блиски, за текот на домашните работи, прашуваат и за стоката, која во тие години имала голема улога, зашто го одржувало семејството во живот, давајќи му ги најнеопходните продукти, како млекото, месото и волната. Војниците упатуваат поздрави до најстарите и најмладите, пишуваат за потребата од финансиски средства раскажуваат по нешто за себе, пренесувајќи ја пораката дека сé уште се живи за да не се заборави на нив. Пишуваат и за својата моментална положба, односно за местото каде се наоѓаат, дали на фронтовската линија или пак во некоја од болниците како ранети војници. Бараат информации за другите селани кои биле мобилизирани.

Често преку писмата ги прекоруваат родителите за недобивањето на одговори, непомислувајќи дека нивните пораки можеби никогаш не стасале на соодветната адреса. Писмата биле и единствената можност за пренесување на молбата за грижата за семејството од страна на оние постари поблиски членови, кои не подложеле на мобилизација во воените редови. Посебно ја истакнуваат молбата за помошта околу полските работи за кои знаеле дека женските претставници целосно не можеле да се справат со настанатата состојба. Биле посебно задоволни кога ќе дознаеле за некоја убава вест како раѓањето на син или ќерка, за некој свадбен чин, или пак за зголемување на бројноста на ситниот и крупниот добиток и заврнувањето на дожд во моментот кога имало голема суша и бил премногу потребен за спасување на плодот и родот од земјата. Дознаваат и за тажни случувања, како за нечија смрт или за затворањето на дел од нивните роднини кои дури и со месеци не биле пуштени или пак никогаш не биле вратени од таму, вести кои подолго време се криеле од војниците, заради заштитување на нивната емотивна состојба.

Заробени во текот на 1915-1916 година некои од нив успеале да се изборат со тогашните услови и да преживеат, но некои никогаш повеќе не станале дел од родното огниште. Се до завршувањето на војната, како воени заробеници биле принудувани да работат за некои од тамошните земјосопственици. Биле задржувани и долго по завршувањето на војната. Оние кои успеале да се изборат со времето, најчесто се враќале со помошта и дејноста на Црвениот крст, донесувајќи со себе многу новости

во облекувањето, однесувањето, говорењето, работењето, градењето. Многумина во воените редови биле принудени дури и да научат да пишуваат, доколку сакале да испратат писмо до своето семејство. Меѓутоа постоеле и такви кои со себе ги понеле и траумите од војната, последици кои ги прателе до крајот на животот.

Сепак, вардарскиот дел на Македонија во оваа војна на српската армија и дал голем број воени обврзници кои, иако различно мотивирани и политички ориентирани, морале да се борат за интересите на српската буржоазија, за некоја и нечија иднина. Нивниот број не може да се занемари, ниту да се отфрли, се занемарувале само нивните имиња, зашто во сите евиденции биле заведувани на српски јазик и со српските наставки на презимињата. Многумина од донесените на бојното поле биле принудени да се борат за голиот живот и надминувањето на личните трауми, манифестирајќи ги притоа двете варијанти, храброста и дезертерството, како израз на нивното незадоволство кон политиката на Кралството Србија. Еден дел од нив не успеале ниту да се вратат во своите родни места.[12] Голем бил бројот на оние кои загинале, починале од различни фактори, исчезнале и како такви биле заборавени од своето семејство. Дел од нив повторно ја почувствувале миризбата на бојното поле, овој пат како војници во бугарските воени редови.[13] Оние пак што

---

[12] Сеќавања на Стојан Алексов од Пробиштип, (Стојан Алексов раскажува за судбината на двајцата браќа, војниците Санде и Игнат Јордеви, единствените загинати војници од село Дренак за време на Првата светска војна. Биле мобилизирани во српската војска, во една од дивизиите кои кон крајот на 1915 година се повлекле преку Црна Гора и Албанија. Едниот брат бил во состав на редовната војска, додека другиот бил дел од комората.

Според сеќавањата на Стојан, за Санде селаните раскажувале дека починал на островот Крф, каде што и бил закопан. Другарите од него успеале да го зачуваат само појасот, кој по завршувањето на војната му го предале на неговото семејство.

Сандевиот брат Игнат, исто така, загинал како српски војник, подоцна заробен од австроунгарската војска, но, не се знае каде, односно местото на неговиот гроб никогаш не е дознато и пронајдено.

Кога биле мобилизирани во српската војска и двајцата браќа биле женети, односно имале оформено семејство. Санде оставил две деца, Стојан и Биса, додека Игнат еден син, Тодор. Сопругата на Санде била многу млада кога останала вдовица, така што подоцна се премажила во село Марчино.).

[13] Архив на ИНИ, *Сеќавања...,* op.cit., (Данаил Цветков од с.Трновац, Кратовско, во Првата светска војна ја имал таа судбина да биде мобилизиран во српската војска, како таков да биде заробен од австро-унгарската, а подоцна и да ја почувствува војната во редовите на бугарската војска. Истиот во своите спомени ќе забележи: Јас бев српски војник во Књажевац во 1914 г., каде бевме прво како регрути, а после отидовме во Моравската дивизија во први полк во дополна. Бевме во Ваљево, оттаму отидовме во Лозница, Цер и таму некоја планина има, така сме запамтиле, Бела Црква. После борбата се прекрати, преку летото и околу 6 месеци немаше борба. И есента полека, околу октомври месец, и не ми е сигурно која дата беше не нападнаа Мацарите-Австријците соединети заеднички. И почнавме да се бориме и кај Крагуевац не заробија нас во една планина. Австријците не однесоа ропство во Ајнсгрин во еден лагер. Тоа е во Австрија. Таму бевме 9 месеци. Многу поднесувавме и тука дојдоа Бугарите и дојде еден бугарски конзул, не извади од ропство и дојдовме во Бугарија. Во Бугарија не наоружаа во Стара Загора и 20 дена не провежбаа таму и после не дигнаа. Дојдовме во Дополнителен македонски полк и се водеше 11-ти. Командант на полкот ни беше Македонец, охриѓанец,

успеале да ги надминат воените години, останале да живеат како сведоци за едно минато, раскажувајќи за сето тоа што го виделе за да остане запишно и никогаш да не се повтори.[14]

Заради нивно задржување на фронтовите линии, српската воена власт организирала и соодветна обука од воено-стручен аспект, обука со која истите, особено оние во пешадијата, полесно би ги совладале воените вештини. Била предвидена секојдневна настава која требало да започне од 15 декември 1914 година, на која ќе се изучувале најважните воени

Крстев. За цело време ние бевме во Албанија против бандитите што се бунеле. Да се постави ред во Призрен. Тоа беше 12 рота. Кога се заврши фронтот отстапувавме преку Косово, до Приштина отидовме и сакаа Бугарите да идеме за Бугарија, но ние избегавме и дојдовме дома. После пак не земаа Србите поново војник, на пет години.).

[14] Сеќавање на Павле Тренчов од с. Бунеш, Пробиштип, (За својот дедо Трендафил (Тренчо) Павле раскажува дек биле четворица браќа: Тренчо, Ѓорѓи, Наце и Станко, сите оженети во Бунеш.

За време на Првата светска војна, Тренчо бил мобилизиран во редовите на српската војска, каде што добил чин десетар (каплар). Со оваа војска веќе имал дојдено во допир кога го отслужил претходно својот воен рок. Истовремено со него во српската војска за време на воените години биле мобилизирани уште седуммина од село Бунеш, од кои само двајца се вратиле: Григор и Марко Јосев.

Тренчо ја имал таа среќа да се врати жив меѓу своето семејство, но, со себе од овие години поминати на фронтовските линии понел и една доживотна рана, како вечен спомен за сето тоа што го доживеал како српски војник. Тој на 26 септември 1915 година, точно на Крстовден, во раните утрински часови на фронтот околу местото Костоличко Брдо во Пожаревац, во близина на некоја нива со пченка, бил ранет од граната или од нагазна мина во десната нога. Од оваа рана останал инвалид, односно воените лекари морале да му ја исечат ногата од колената надолу.

На истиот овој фронт, иако ранет, Тренчо бил заробен од австроунгарската војска и бил одведен во некој од тогашните логори, каде што и му била излечена ногата. Меѓу своето семејство успеал да се врати по 1918 година. По завршувањето на Првата светска војна, Тренчо од местото на логорот со воз успеал да пристигне во Куманово, од каде што бил префрлен во Кратово, односно селани од Шлегово на муле, од Кратово го донеле во неговата куќа во село Бунеш.

Долгогодишното отсуство на Тренчо ги убедило најблиските во верувањето за неговото загинување на некој од фронтовите, па така кога се вратил дури и не го препознале. Успел да раскаже што му се случило, како бил ранет, заробен, како му ја отсекле ногата, загуба со која неговата сопруга Ката не можела да се помири, така што починала само по една година, оставајќи ја грижата за своите четири деца на сопругот и на неговата мајка.

Прогласен како воен инвалид од тогашниот суд, во текот на 1939 г. на Тренчо од „Здружението на воените инвалиди, сите воени жртви и нивните семејства во Кралството на СХС 1912-1918“, му била издадена членска книшка, според која капларот Тренчо, роден во 1880 година, за време на Првата светска војна бил мобилизиран во 1. чета, 3. баталјон, 3. прекоброин пук, дринска дивизија и бил ранет на 26 септември 1915 година, рана поради која му била ампутирана десната нога. Истата 1939 година од Министерството за финансии на Кралството Југославија, поточно од вардарската финансиска дирекција во Скопје, добил и платежна книшка, според која од 18 ноември 1939 година добивал месечно по 360 динари инвалиднина и 30 динари личен додаток. Но, овој надоместок, по доаѓањето на бугарската власт во времето на Втората светска војна му го скратиле.

Без нога живеел 30 години. Починал во 1945 година на празникот Три светители (месец март). Во годините на Првата светска војна, на својот внук Павле, Тренчо му раскажувал дека тешко се живеело. Злетовска Река три години била гранична линија меѓу српската и бугарската војска. Србите правеле големи зулуми врз населението. Земале се што им било потребно од имотите на селаните. Силувале и многу жени.).

правила, вклучително и поимот воена дисциплина. Овој обид не резултирал со намалување на бројноста и масовноста на воените дезертирања меѓу македонските воени обврзници.

Заразните епидемии безмилосно ги коселе луѓето. Српската власт преземала разни мерки, како одвојување на болните и на фронтот и во позадината, постојана дезинфекција на униформите, вагоните и станиците, забрана за воени отсуства, подигнување на воени бараки за болните, како и формирање санитетска комисија од стручни и други лица.[15]

Голем број од мобилизираните македонски војници во српската армија не успеале да ја избегнат познатата албанска голгота. Првичните победи на српската војска во 1914 година, во втората половина на 1915 година биле заменети со големиот притисок на австро-унгарско-германските и бугарските сили. Жестоките напади од страна на непријателските сили биле една од причините за повлекувањето на целата српска војска од 24 ноември 1915 година преку Црна Гора и Албанија на Крф.[16]

---

[15]ДАРМ, ф.Министерство за надворешни работи на Кралството Југославија, к.17, 1.17.4.202/426-427.

[16] Сеќавања на Тодор Насев од Пробиштип, (Тодор Насев е син на војникот Јорде Кимов, кој бил дел од познатата голгота на островот Крф. Според документацијата и раскажувањето на Тодор, Јорде е роден на 1 декември 1882 г. во село Марчино, како второ дете на родителите Насе и Туна Лазареви. Јорде имал само уште еден постар брат Анпе, кој во 1912 година за време на протерувањето на Турците од Балканот, бил мобилизиран во српската војска, од каде што и не се вратил повеќе. На фронтот кај Калиманско Поле во близина на Делчево бил убиен.

Со започнувањето на Првата светска војна истата судбина го снашла и Јорде, односно во 1914 година бил мобилизиран како српски војник. Во српската армија служел се до завршувањето на војната, поточно се вратил во текот на 1919 година.

Овие воени години биле едни од најстрашните за него, години кои трајно му врежале неизбришливи горки сеќавања. Бил испраќан на многу фронтовски линии, како во Македонија, така и надвор од неа. На својот син честопати му раскажувал дека се борел заедно со Французите.

Во текот на 1915 година, кога Бугарија влегува во војна на страната на Централните сили, бил принуден да се повлекува заедно со српската војска преку Црна Гора и Албанија. Раскажувал дека по еден месец пристигнале на јадранското крајбрежје, од каде што со бродови на англиската и француската војска биле пренесени на островот Крф.

На островот Крф со многумина други војници, копајќи под земјата еден вид земјанки, Јорде преживеал цела зима. Од овој остров подоцна со брод биле префрлени на територијата на Солун, од каде што повторно како војник се вратил во својата родна земја, борејќи се на Македонскиот (Солунскиот) фронт.

Во добро сеќавање на Јорде му останал и изгледот на бродот, со кој бил префрлен на островот Крф. Тоа бил најголемиот и најубавиот брод што го имал видено. Бил сместен на дното, додека на највисокиот дел од бродот имало голема површина, на која други војници играле фудбал.

Судбината честопати си поигрувала со неговиот живот. Бил сведок на многу одземени животи, раскинати тела од гранати и од нагазни мини, но, по пет години успеал да се врати дома. Во текот на воениот рок ниту еднаш не добил дозвола за отсуство. Писмата што ги испраќал до родителите никогаш не стигнале до нив, така што тие помислувале дека е мртов. Го заборавиле и прежалиле.

Јордевата мајка, како и многу други мајки во селото чии синови не биле вратени подолг временски период, честопати меѓу селаните, но и на црковните гробишта знаела да раздаде по нешто велејќи: „Ако е мртов, нека му е за душа, а ако не е, нека е за неговата среќа“.

Оние кои успеале да ги победат препреките и искушенијата, од втората половина на 1916 година со помош на сојузничките сили, преку Солун, повторно ќе бидат донесени на македонска земја, каде до 1918 година ќе војуваат на познатиот Македонски (Солунски) фронт. Тие биле сведоци на палењата, пустошењата и ужасите во македонските градови од кои најмногу настрадале Дојран, Сер, Лерин и Битола.

Македонското население настрадало и по навлегувањето на бугарската војска во текот на 1915 г. Впрочем, македонските воени обврзници биле повторно масовно испраќани на фронтовите за да се борат за „исполнувањето на долгот кон татковината". Бугарските воени власти од септември 1915 до септември 1918 година ги мобилизирале сите мажи на возраст од 17 до 60 години (вкупно меѓу 80.000 и 100.000).

Врховната команда на бугарската армија наредила и составување на регрутни списоци од страна на секоја општинска управа, според кои регрутните комисии биле задолжени да го спроведат процесот на мобилизација, списоци кои само го потврдиле слабиот одзив на македонските регрути.

На страната на бугарската војска војувале и доброволци од Македонија, поранешни членови на ВМРО или на македонското ополченство од Балканските војни. Воените власти ги прибрале во своите единици речиси сите Македонци кои ја одбегнале српската мобилизација и емигрирале во Бугарија. Од воените бегалци, кои во најголем дел се наоѓале во пограничните места, биле формирани воени формации, така што само од околијата на Ќустендил биле собрани повеќе од 3.000 Македонци кои требало да се борат против Србија. Еден дел од нив се обиделе да избегаат, но бугарските воени власти често знаеле сурово да ги казнуваат таквите обиди, вклучително и со стрелање.

Македонските воени бегалци биле и основата на Дополнителнителниот македонски полк, односно на 11 македонска дивизија, создадена во текот на септември 1915 година. Како индиректен носител на бугарската политичка пропаганда, таа требало да ја одигра главната улуга во ослободувањето на Македонија и нејзиното присоединување кон „земјата матица". Во својот состав 11 македонска дивизија вклучувала 7 полка - 6 пешадиски и 1 артилериски, кои ќе станат дел од борбите кај Криволак, Струмица, Кавадарци, Неготино, борбите против англиските сили по долината на Струма, дел од борбите кај Беласица, Дојран и итн.

По привременото затишје за време на реорганизирањето на српската војска, на македонската територија од пролетта 1916 година ќе започнат нови офанзиви кои ќе доведат до нова фронтовскаа линија на оваа територија, на која до 1918 година ќе војуваат војските на Антантата, распоредени на јужната страна, и Централните сили, распоредени на северната страна. За време на овие борби загинале илјадници војници од

двата блока, било уништено големо количество оружје опрема и муниција, настрадале речиси сите населени места. Најголемиот дел од нив биле разурнати, ограбени, а населението се разбегало или било убиено.

Долго време на македонските простори, војските на двата завојувани блока, распоредени по должина од 450 километри, ќе водат рововска војна. Бугарските воени власти знаеле дека животот на фронтот за војниците мошне зависи и од гласот на нивните најблиски, пренесен преку мислата на хартија. Неизмерна била војничката среќа кога ќе се добиело писмо, кое најчесто го смирувало немирниот, разбрануван дух, кој знаел да се обеспокои доколку поминело подолго време без известување за семејната и имотната состојба. За содржината дозволена во писмата постоеле правила. Министерството за внатрешни работи и народно здравје издало соодветно циркуларно писмо наменето за околиските управници, кметови и секретари, со кое биле задолжени да посветуваат поголемо внимание на писмата на војничките семејства. Преку своите писма тие не смееле да соопштуваат за тажни и вознемирувачки случувања, кои непосредно можеле да влијаат на нарушувањето на емоционалното расположение на војниците.[17]

Претпоставените во секоја општина биле задолжени еднаш месечно да ги испраќаат писмата до командирот на воената единица или до некој доволно описменет војник, кој ќе може истите и да им ги прочита. [18]

Писменото обраќање до своите најблиски многу често, се разбира кога ќе стивнел фронтот, го применувале и војниците кои, иако неписмени, наоѓале начин како да ги пренесат своите поздрави. За да ги сочуваат и пренесат спомените, биле принудени да научат да пишуваат, така што на некои од војниците по војната се враќале и описменети.

На најголем број од картичките и писмата, испратени од војниците, се наоѓаат печатите на нивната воена единица, месната воена болница, воените магацини, односно печатите од местата каде што се наоѓале во моментот на пишувањето. Тие биле доволен доказ за поминување преку цензурната комисија, начин, кој подоцна почнал и да се злоупотребува. Бугарските воени власти барале писмата на војниците од фронтот постојано да се цензурираат од началниците на воената цензура. Писмата на војниците кои се наоѓале во непосредна близина на фронтот, на места каде што имало поштенски станици, задолжително се предавале во овие институции и таму тие подлегнувале на прегледување од членовите на бугарската цензорска комисија.[19] За работата на Цензорската комисија сведочи и еден Македонец, Христо Поп Антов, директно инволвиран во нејзината работа се до крајот на Првата светска војна.[20]

---

[17] ДАРМ, ф.МВИО, град Кратово 1915-1918, к. 38/37 II.
[18] Ibidem.
[19] Ibid., к. 17/16.
[20] Христо Поп Антов, *Спомени*, Државен архив на Република Македонија, Скопје 2006 (Христо Поп Антов е роден на 16 април 1879 г. во село Ваташа, Кавадаречко. Завршил

Почетната стабилност на фронтот се одржувала и со помош на војничките одбележувања на празниците, со дозвола од воените власти. Така за христијанскиот празник Велигден во првата година од војувањето, според наредбата на началникот на МВИО од 25 април 1916 година, војниците и офицерите добиле можност не само да прослават, туку добиле и по 5 лева. Со тоа се купувала дисциплината и наклонетоста на војниците и се обезбедувал мир во војската.

Според податоците на регрутните комисии, дезертерството било карактеристично за целата МВИО, особено по летото 1917 година. Македонската жива сила не се одгласувала ни на повиците за ангарија и тешка физичка работа за изградбата на теснолинејките. Најголемиот дел од војниците се обидувале да се вратат на своето огниште. За да го оневозможи бегството на воените обврзници, бугарската воена власт ги насочувала своите погледи кон административните власти во секое населено место, кои биле целосно одговорни за нивното прикривање.[21]

Честа била и појавата на фалсификување на воената документација од страна на воените бегалци и дезертери. Со помош на фалсификуваните документи, со кои се потврдувало отсуство или службено патување, тие можеле слободно да се движат, што се должело на невнимателноста на самата воена власт, заради чија непрецизност лесно можело да се дојде до печат, поставен на обичен лист хартија со лажен потпис и така да се одбегне контролата од цензорската комисија.[22] Фалсификуваните документи дури и се продавале, што ја потикнала самата власт да превземa построги мерки кога поминувале преку соодветните контролни комисии.

За да го спречи губењето на воени резерви, бугарската власт започнала да забранува давање отсуства на македонските војници во

правни науки во Лозана, специјализирал турско право во Солун и Цариград. За време на Првата светска војна, поточно од мај 1913 г. работел како адвокат во Драма, потоа во Ѓумурџина како член на Постојаната окружна комисија и во Ксанти во Окружниот суд и како адвокат. Од 1916 г. бил назначен за член на Цензорската комисија во Ксанти, за чија работа се сеќева: „Во Цензорската комисија имавме многу работа. Особено кога дојде и замина за Драма една турска дивизија чиишто писма моравме да ги проверуваме. Што пишуваат турските војници и офицери? Требаше да ги следиме нивните активности, иако бевме сојузници. Се собираа купишта од илјадници писма. Еден човек прегледуваше најмалку 700-800 до 1.000 писма во денот. Ги проверувавме писмата и на нашите војници. Цензурата и читањето на турските писма беше полесно отколку на бугарските, зашто бугарските писма ги пишуваа самите војници со разни читливи и нечитливи ракописи. Војникот легнал на стомак и пишува:„Мила Недо, ти испраќам многу поздрави од мене до тебе, еден бакнеж да се залепи како мокра бањарка.“ Нашата работа беше да не пишуваат работи од фронтот што може да ја возбудат војничката душа и да не пишуваат дека овде гладуваме, мизеријата е голема, офицерите се однесуваат лошо, тој и тој умрел, тој и тој од нашите војници е убиен - за да не создадат смут во селата. Добро, ама тие и на тоа му ја нашле цаката. Кога сакаа да кажат дека некој загинал или умрел велеа:„Тој и тој си отиде кај него.“ Селаните знаеја дека тој умрел, и тие велат дека отишол кај него.“)

[21] ДАРМ, ф. МВИО, Кратово, к. 17/16.

[22] Ibidem, (Многу чести биле известувањата на Министерството за внатрешни работи и народно здравје, во кои се образложувале упатствата за употреба на исчезнатите печати на воените единици, злоупотребувани од војниците заради фалсифукување на разни документи на лица, избегани војници итн.).

нивните домови, или пак нивно враќање во воените редови, доколку во соодветното населено место има помасовно ширење на заразните болести.

Меѓутоа, архивската документација посочува на се почестите барања отсуства од македонските војници заради завршување на нивните лични обврски во семејството (пред се земјоделските работи кои значеле опстанок на нивните семејства), кое и така тешко можело да се снајде, потоа поради несреќни случаи, смрт, болести, но и поради предолгото отсуство од домот и престојот на воените фронтови.

Самата власт водела прецизна евиденција за овие отсуства, односно за заминувањето, времетотраењето на отсуството и времето кога војниците требало да се вратат во воените редови. На самите телеграми, покрај името и презимето на војникот, наведени се местото на живеењето и воената единица во која се мобилизирани. Често се случувало овие македонски војници да се прикриваат зад измислена болест на роднините, за одобрување на отсуството или за негово продолжување, молби што власта ги одбивала.

Но, овие војници се до пробивот на Македонскиот фронт на Добро Поле во септември 1918 година, знаеле само за војување во длабоките ровови, бункери и други утврдувања, негодувале и ги осудувале владите за чии интереси го ризикувале својот живот.

Војниците, работниците и селаните јавно го манифестирале своето негодување против империјалистичката војна, за која мислеле дека брзо ќе заврши, така што долготрајната позициска војна, недостигот од храна, облека и обувки, неизвесноста за животот и иднината довеле до критичка состојба во воените редови, проследена со разгорување на желбата за окончување, посебно силно манифестирана меѓу бугарската војска.[23] Отворени бунтови биле забележани уште есента 1915 година, кога дел од припадниците на 27 пешадиски полк, кој во почетокот на војната бил дислоциран во с. Банско, откажале да се судрат со српската војска, постапка за која следувале и стрелања.[24] Тие се интензивирале во наредните години, посебно по победата на Октомвриската револуција во Русија.

Крајот на Првата светска војна не бил поволен за Македонија, и не само поради илјадниците загинати Македоци. И денес не се знае точниот број на загинати македонски војници, доброволци (ополченци), четници. Биле опожарени и избришани од географската карта на Македонија неколку стотини села и десетина градови. Земјата одново била под окупација. Останала поделена, непризната, разграбена и национално разнебитена. Големите сили не се откажале од своите планови во кои Македонија е само жртва. Културното наследство на македонскиот народ

---

[23]Петар Стојанов, *Антивоеното расположение на фронтот во Македонија кон крајот на 1917 г. и во текот на 1918 г.*, Гласник на ИНИ, год.IX, бр.2, Скопје 1967, 55-56.

[24] Петар Стојанов, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна*, Скопје 1969, 326.

било ограбено, а оригиналната документација што ги демантирала нивните аспирации кон Македонија била уништена.[25]

Војната ги откорнала Македонците од нивните домови, дел од нив никогаш не се вратиле во своите домови, а нивните сеништа биле расфрлани по рововите или во некои заеднички гробишта, кои никнувале на територииte на кои се водела Големата војна. За тоа сведочат и многубројните гробниците на македонската земја во која почиваат остатоците на многу германски, австроунгарски, француски, англиски, бугарски и други војници.

1.2.Присуството и влијанието на војските на европските држави во промените на животот на македонското население

Првата светска војна означи за еден подолг период присуството на војските на европските држави, кои пак извршија многу големи влијанија, донесувајќи со себе и многу промени во животот на македонското население, кое остана како еден сведок на сите случувања.

Крајот на повеќевековното турско владеење не го означил и крајот на страдањата на населението во вардарскиот дел од Македонија. Напротив ова население ќе се соочи со грубите методи прво на српската власт, а нешто подоцна и на бугарската власт, кои започнувајќи со удирањето темелите на општествено-политичките структури и масовно донесувајќи луѓе за сите административно-полициски органи, на оваа територија оставиле сведоштва, кои и ден денес излегуваат на површината на земјата.

Војната не донесе ништо добро меѓу цивилното население во вардарскиот дел од Македонија, освен познатиот глад и блиската отсекогаш до нив сиромаштија. На населението во Македонија единствено му преостануваше да ја дели судбината заедно со многубројните војски, кои секојдневно поминуваат низ македонските градови и села. Задржувајќи се некаде повеќе, а некаде помалку овие војници оставиле траги во многу македонски домови. За првпат ќе се случи да се видат војници со различна боја на кожа, различни говори, однесувања и култура на облекување.

Населението живееше еден секојдневен живот кој никој не го посакуваше и се плашеше од него. Ужасите на војната посебно се почувствувале за време на интензивните војувања на фронтовските линии кои поминувале покрај самите македонски градови. Секојдневни биле звуците на експлозии од гранати, кои ги уривале градовите и селата. Така постарите жители на Битола сé уште се сеќаваат на времето кога градот

[25]Димче Стојанов - Мире, *Одбележување на дваесет и пет години од формирањето на Архивот на Македонија*, Македонски Архивист кн. 5, Скопје 1976, стр. 166.

секојдневно бил бомбардиран од авиони и артилерија со запалливи, разорувачки и гасоотровни проектили. Бројот на жителите се повеќе се намалувал, останувале само оние кои што не можеле и немале каде да бегаат. Гранатите станале секојдневие на жителите на градот, предизвикувајќи пожари кои безмилосно ги голтале и опустошувале куќите, така што сопствениците на голем број куќи и огромни стоваришта преку ноќ станале бескуќници и питачи.

Секојдневни биле сликите на мртви и ранети низ улиците, сликите на огромни редици пред бакалниците и фурните, каде можело да се купи само најосновното за одржување во живот, потоа сликите на разрушените занаетчиски и трговски дуќани од кои многумина се прехранувааа, сликите на деца како шетаат и молат меѓу војничките трупи за парче леб и друга храна, труповите кои со денови биле оставани пред вратите на Македонците, многубројните импровизирани болници преполни со ранети војници итн.[26] Покрај материјалните урнатини, видливи биле и штетите од социјална и морална природа. Видливо се создал еден слој од безброј просјаци, стари и млади, кои шетајќи низ улиците на градовите и селата, молејќи за едно парче леб, себе си си го продолжувале денот. Се зголемил бројот на насилствата, кражбите и убиствата. Сепак животот по градовите продолжувал да тече, чаршијата со занаетчиите продолжувала да функционира, пазарите исто така биле преполни во пазарните денови кога пристигнувале пазарџиите и од селата понудувајќи им ги своите производи на воените и цивилните лица. За странските медицински воени лица посебно биле интересни женските народни носии и рачните изработки, везени, плетени, ткаени, украсното оружје, филиграните и сл. Функционирало и секојдневието во кафеаните[27], но секојдневни биле и

---

[26] Џ. Џонстон Абрахам, *Мојот балкански дневник*, Скопје 2009, стр. 3-5 (Од 1914 г. во Скопје и Битола, покрај војници, пристигнале и многу доброволни медицински екипи испратени од Британскиот црвен крст работејќи во многуте импровизирани болници со илјадници пациенти, ранети, заразени и сл., кои и не биле доволни за да ги задоволат медицинските потреби во тие години. За тифусна болница била земена и зградата на Воената академија во Скопје. За Скопје авторот пишува: Главните улици во градот се претпоставуваше да бидат калдрмисани; но безброј дупки, никогаш не поправени, возењето со раскостени пајтони, кои чекаа на куп за некој да ги повика, возењето го правеа гимнастичка вежба погодна само за најгруба конституција. Вардар го дели Скопје на два дела, западен, новиот христијански дел којшто расте како печурка, што се должи претежно на железницата, и на источен, стариот дел сé уште претежно турски. Вардар е премостен со многу убав сив камен мост со осум лакови, којшто грациозно се спушта на двата краја. Мостот беше заедничко свртaлиште на сите хетерогениц народи од кои се состоеше местото. Турци, Албанци, Срби, Бугари, Цигани, Евреи, Власи и Грци го преминувале и се враќале. На истокот улиците стануваа потесни, покривулести, па дури и понерамни; минувачите понеевропски.).

[27] Ibidem, стр. 142-143 (Британскиот лекар Џ. Џонстон Абрахам, кој со совојата екипа престојувал во Скопје во периодот од ноември 1914 до март 1915 г. во своите сеќавања ќе забележи: „Никој од нас не бил во кафеанта „Зрински", но зневме дека е центар на модата во Скопје. За тоа чувме од персоналот на Болницата на Пецет, од кои многумина биле на вечера. Таму навечер доаѓала и градската елита, штабни офицери, високи личности на власта со сопругите, да пијат вино по вечерата, да го слушаат циганскиот оркестар и да гледаат филм".).

соочувањата со заразните епидемии, кои лесно ги одземале човечките животи.

Трага била оставена насекаде од колоните војски кои поминувајќи и задржувајќи се во градот, оставиле разрушени и запалени куќи во кои самите биле сместени, како и докрај осиромашено население кое требаше да се грижи за опстанокот на сите воени контигенти во градот.

Македонското семејство целосно беше разединето. Воената мобилизација целосно го опустошила земјоделското производство. Луѓето кои требало да произведуваат храна се наоѓале на фронтовските линии. Трговијата пак сосема замрела. Се чувствувала присутноста само на женските претставници, кои впрочем биле и единствените одржувачи на семејството. Овие жени се бореле со суровостите на воените години, надевајќи се дека нивните сопрузи еден ден ќе се вратат и ќе ги заменат во нивната дотогашна улога. На нив останувала грижата за семејството.

Во окупираниот од бугарските војски вардарски дел од Македонија, познат како Македонска воена инспекциска област (МВИО) со седиште во Скопје, интензивно започнал процесот на воспоставувањето на административната, воена и полициска власт.

Македонската територија била претворена во огромен логор за поддршка на фронтот, односно територија која ќе се грижи меѓу другото и за целосното снабдување на огромната бугарска и нејзината сојузничка армија, цел за која на бугарската власт и бил потребен многуброен апарат, задолжен за исполнувањето на поставените интереси, колонизаторски, асимилаторски и денационализаторски, насочени се разбира кон македонското население.

Заради нејзино зацврстување и обезбедување од несакани последици, од страна на началникот на МВИО, во јануари 1916 година била издадена заповед според која на цивилното население му се ограничува движењето од едно во друго населено место. Така за оние кои патувале во блиските села или градови, задолжително било поседувањето уверение издадено од соодветната општина или полициската власт и потпишано од компетентниот началник, кое требало да ги содржи личните податоци на носителот, неговиот опис, образованието, причината и времетраењето на патувањето. Оние пак кои патувале од една околија во друга биле задолжени, покрај уверението, да поседуваат посебни објави, преку кои се превземала одговорноста за овие лица за нивниот однос и исполнителност кон бугарската власт.

Таа власт на македонската територија се обидела да ги придодаде и пренесе своите обележја, почнувајќи со подигнување надгробни споменици, како на своите загинати војници,[28] така и на сојузничките

[28]ДАРМ, ф. МВИО, Кратово, к. 39/38 (Во текот на месец мај 1916 г., бугарската власт издала наредба со која македонското население од секое населено место било задолжено да даде соодветни податоци за гробници на бугарските војници, загинати за време на Балканските и Првата светска војна, за да им се постават надгробни споменици. Истите,

австро-унгарски, чија команда барала да се соберат сите податоци за нејзините офицери и војници на Балканот заради пронаоѓање и соодветно обележување на нивните гробови.[29]

Воспоставената „нова", бугарска власт почнала и пресметка со цивилното население, посебно со она кое за време на српската власт било ангажирано за нејзини цели или мобилизирано во редовите на српската војска. Бугарската буржоазија формулирала правила и прописи со кои, во интерес на војната, ги ставила на располагање сите економски можности и ресурси на освоените територии. Населението се соочило и реквизиција на пченката, пченицата, овесот, р'жта, но и на дел од домашните животни и превозните средства, претежно двоколките, потребни за издржувањето на воената сила, која во најголем дел се наоѓала во Македонија - на самата линија на фронтот или во внатрешноста.[30] Негативно се одразил и процесот на извезувањето зашто Германците своите потреби ги задоволувале со купување прехрамбени продукти и добиток од македонската територија, процес кој не бил контролиран од бугарските власти, зашто за нив окупираните територии биле под заедничко управување на Централните сили. Од Македонија се извезувало се, а не се увезувало речиси ништо.

Сето тоа водело кон нестабилна економска сотојба, така што бугарската влада, за да раководи и да го контролира производството, но и размената на индустриските и прехрамбените артикли, формирала „Вонредна комисија за прехрана во македонската област". Таа требало да овозможи непрекинато снабдување на бугарската армија и цивилното население со прехрамбени и индустриски производи, да ги контролира цените, како и да се бори против шпекулациите и скапотијата. Македонското земјоделско население било принудено своите производи да и ги продава на државата по нормирани, многу ниски цени, а да ги купува неопходните производи по неверојатно високи цени.

Бугарската власт имала определено воен агроном, кој за секоја година однапред планирал што и колку се должни земјоделците да посеат. Власта водела прецизни податоци за посеаните обработливи површини со било која земјоделска и индустриска култура и пресметувала приближно колку може да се добие од приносите, за да не се случи задржување на остварените приноси од страна на локалното население. Антидржавното однесување било строго казнувано. Често пати, власта знаела да одобри и отсуства на македонските мобилизирани војници од селата, кои биле

служејќи како пример за начин на однесување, во текот на празничните денови требало да се посетуваат од секој Македонец, без разлика на полот и возраста.).

[29] Ibid.

[30] Крсте Битоски, *Положбата во...*, op.cit., стр. 53 (Во годините на Првата светска војна, Бугарија располагала со воена сила чија бројност се движела од 596.796 во 1915 година, односно 877.392 во 1918 година.).

должни за време на својот престој да обработат најмалку 30 декари своја или туѓа површина.[31]

Било одземано афионовото семе, тутунот, волната, месото, млекото, односно сето она што ги задоволувало потребите на бугарската војска и нејзините сојузници.

Постојаните и тотални реквизиции биле основната причина за рапидното поскапување на прехрамбените производи. Најскапи производи биле солта, шеќерот, газијата, кафето, сапунот, маста. Тие потешко се наоѓале, најчесто биле носени од други градови надвор од границите на Македонија и биле распоредувани количински по општините. Власта задолжувала соодветни лица и им издавала и писмени дозволи со кои ги овластувала како единствени снабдувачи на општините со дефицитарните производи од други градови.

Дел од архивската документација укажува и на бесплатната работа, ангарија, на населението од Вардарскиот дел на Македонија, за потребите на бугарската власт, претежно за поправка на железничките линии, патиштата и мостовите по кои поминувала бугарската војска, потоа за пренесување на стоката до собирните воени магацини и сл. Секое населено македонско место било задолжено да ги испраќа сите здрави луѓе од 16 до 60 години способни за работа повеќе пати во годината, со недели и месеци, да работи за потребите на бугарската воена власт. Населението било регрутирано и за копање ровови за војската, за обработување на имоти „без стопани“ и на имотите на семејствата чии машки членови се наоѓале на фронтот. За „доброволната работа“ не постоела возрасна граница, што значи дека се собирале сите, од најмали до најстари, оставајќи ги своите семејства на суровото секојдневие, кое најголемиот дел од нив не успеале да го победат.

Македонската жена не така лесно се соочувала со последиците од војната. Сетоа тоа што го чувствувале, овие жени знаеле да го пренесат преку пишаниот збор, надевајќи се дека нивната мака ќе биде прочитана и разбрана. Така често испраќале писма до војниците преку кои покрај поздравите од најблиските им ги пренесувале и информациите за семејната и имотната состојба, висината на даноците наметната од властите, кои биле задолжителни и сл. Состојбите за жетвата и стоката сметале дека се најважни, така што било неизбежно во писмото да не се напише за временските добри или лоши услови, за сушната или плодна и бериќетна година, за обработката на земјата, лозјето, собирањето на жетвата итн.

Некои од овие жени не можеле да се соочат со настаната состојба и така лесно да ги совладаат тешкотиите во текот на извршувањето на полските и сите други имотни обврски. Секојдневните слики од војната знаеле многу лесно да го скршат нивниот карактер. Депресивната состојба

[31] ДАРМ, ф. МВИО, град Кратово, к. 37/36.

ја нарушувала нивната психичка состојба, така што тие свесно знаеле и да посегнат по својот живот. Така принудната или непредвидената, непосакувата смртност била постојано присутна. Масовно умирале и жени, оставајќи ги незаштитени своите деца, сираци, чија судбина понатаму останувала непредвидлива. Нивното издржување, во отсуство на татковците, го преземале најблиските роднини. Неможејќи да издржат понекогаш преку писмо ги молеле војниците да се вратат и превземат грижата за своите деца, кои останувале сираци, без мајка и без татко.

Еден дел од жените се соочувале и со процесот на малтретирање од страна на српските власти. Овие власти знаеле да ги обвинат членовите на македонските семејства дека имаат бегалци, дезертери во Бугарија, така што постојаното вознемирување на изостанувало. Некои од жените за да го запрат насилството, а чии домаќини биле во редовите на српската војска, како доказ барале од нив испраќање на писмо, односно писмена потврда до општинските власати со која ќе докажат дека тие се војници во редовите на српската армија.

Меѓутоа, најголем дел од писмата воопшто и не стигнувале до напишаната адреса, така што повеќето жените незнаејќи дали нивните домаќини се живи или мртви, своите домаќини ги побарале и преку прашањата упатени во писмата до други војници, нивни блиски роднини.

Борбата со суровото секојдневие била една од причините за честото обраќање на сопругите до воените власти со кои барале нивните сопрузи или синови да се вратат на отсуство и да ја средат својата семејна и имотна состојба. Чести биле барањата дозволи од членови на семејството за посетување на војниците за кои имале сознанија дека со своите единици се наоѓале во блиските места, или пак во некоја од болниците[32], за да им ги

---

[32] Џ. Џонстон Абрахам, *Мојот балкански…*, op.cit., стр. 173 (Во многуте импровизирани болници биле сметувани многу војници, кои доколку биле блиску до своето населено место, имале можност од посета на своите блиски. За нивната состојба и односот со сопругите д-р Абрахам раскажува: „додека пишувам се сеќавам на еден пациент, слаб премален човек со црна брада. Обете нозе му беа гангренозни од премрзнатос, му кажавме што мислиме. Тој не замоли за еден ден додека се одлучи, велејќи дека жена му доаѓа од некое далечно место надвор од фронтот и мора да ја добие нејзината согласност пред да се подвргне на операција. Жената дојде, ниска селанка со силно огрубено лице од времето, забрадена со шамија, облечена во бел дебел кожуф, шарено извезено здолниште,груби црвени и сини чорапи и опинци со врвки. Таа апсолутно одби, рече дека подобро нејзиниот сопруг да умре одошто да го остават сакат за цел живот. Нема кој друг да работи на нива, да оди со воловите на Пазар, да ги пасе овците, да ја бере пченката. Таа рече подобро е да остане вдовица отколку да гледа беспомошен сакат. Мажот и го одобруваше секој нејзин збор. На некој начин таа беше права жртва. Мораш да знаеш дека за сакатите, за ранетите и неспособните војници нема пензија, не постои закон за бедните.

На пациентите што се опоравуваа им се даваше „отсуство“. Кога некој човек беше спремен да го отпуштат, па така тој доаѓаше со својата листа и на неа ќе означевме 10, 15, 25, 30 дена, според природата на неговата рана, како и времето за да стигне до својата дестинација. Поради лошите железнички услови, многумина од овие луѓе што живееле во села оддалечени од железницата им требаше пет или шест дена одење до најблиската станица. Но речиси сите што можеа да одат сакаа да си одат дома. Многумина од нив беа излезено од дома над две години и немаа никаква претстава што се

однесат неопходните финансиски и материјални средства. Облеката и храната биле важни за опстанокот на војникот, а посетата на мајката или неговата домаќинка знаеле и да му го подобри емотивното расположение по долги преместувања од една на друга фронтовска линија или пак престој во некој од недогледните рововски дупки.

Суровото секојдневие оставало големи последици во менталитетот и културата на живеењето на македонското цивилно население, односно на македонското семејство. Според окружното писмо од управникот на Кумановскиот округ за време на бугарската окупација до околиските началници во истиот округ, сопругите биле должни да го почитуваат ставот од писмото на Скопската Митрополија. Во писмото се бара околиските началници да разгласат меѓу населението дека сопругите на војниците се должни да ги чекаат се додека се наоѓаат на воена служба и дека не можат да се премажат пред да заврши војната.[33]

Заради одржувањето на стабилноста меѓу локалното население, Командата на Македонската воена инспекциска област барала од одговорните во секоја општина да внимаваат при пишувањето на некролозите на загинатите војници или починатите од заразните болести, забранувајќи им да ги објавуваат податоците за воените единици во кои биле мобилизирани, со што индиректно се заштитувале себе си од гневот и психичката нестабилност на Македонците.

Војната донесла и ширење на половите заболувања меѓу военото и цивилното население, за што власта предвидувала и соодветна едукација за превземање брзи мерки.[34] Во крајни размери било развиено продавањето на женското тело, преку кое многу припаднички на понежниот пол го гледале својот опстанок. Развојот на проституцијата во вардарскиот дел од Македонија, особено во градовите како Скопје, Битола и Велес одиграл голема улога во појавата на овие заболувања меѓу

случува со жените и децата по австриската ерупција, како ни за судбината на нивниот мал селски имот откако беа повикани во активна служба. Ваквите боледувања беа желно барани, многумина моравме да ги одбиеме на нивно големо разочарување, тоа многу зависеше од она што ќе го кажеа преведувачите за околностите во кои се наоѓаше пациентот, колку долго биле отсутни од дома, колку далеку беа од воената болница итн. Ориенталниот ум е навикнат на мито, па беше сосем природно овие неуки селани да помислат дека ако им подадат нешто на преведувачите нивната шанса за отсуство би била подобрена и тоа се случи. Секој човек кога ќе му „дадевме“ нудеше по еден динар (еден франк) за секој ден отсуство што му се даваше“.).

[33]ДАРМ, ф. МВИО, град Кратово, к. 37/36 (Многу архивските документи сведочат за нарушувањето на брачните и семјните односи, последица на воените години. Така во еден од нив се вели дека Илинка Панева од с. Кнежево, Кратовска околија, сопруга на Пане Поцев, кој веќе 3 години се наоѓал во редовите на српската војска, а за чија судбина немало податоци, стапила во интимен однос со нејзиниот девер, кој пак бил бугарски војник, а со кого незаконски родила две деца во домот на својот свекор. Настанатата состојба била оставена во рацете на надлежните власти, која била должна да превземе соодветни мерки, заради заштита на жената и нејзиното семејство.).

[34]Ib., к. 38/37 II (Според податоците на санитарниот потполковник д-р Берон, началник на III распределителна болница, во текот на 1916 г., од прегледаните 125.595 војници, 102 војници биле заболени од сифилис.).

војниците, кои претставувале преносители на заразата на цивилното население.[35] Според еден документ од 20 февруари 1916 година, војниците два пати месечно биле прегледувани заради заштита од заразните болести. Лекувањето најчесто се извршувало во полските болници, сместени во близина на фронтот, или пак во месните болници во Битола и Скопје. Во тој период жените се лекувале во општинската болница во Скопје, а мажите во болницата во Ќустендил.

Смртноста била присутна и заради немањето на на хигиенска вода за пиење, нерешена канализациона мрежа, фрлање на отпадни материи во изворските и бунарски води. Морталитетот бил посебно забележан кај новороденчињата и доенчињата. Одговорните на секоја општина биле задолжени за спречување на мешањето на заразените со локалното население. Куќите во кои биле забележани смртните случаи биле ставани под карантин 21 ден.[36]

Македонското семејство во овие сурови години знаело и да се радува на убави моменти и случувања, но многу поретко. И во овој период можела да се слушне музиката, се случувале, односно се правеле свадби, на свој скромен начин се славела приновата, односно раѓањето на децата, крштевањето, раѓањето и бројното зголемување на добитокот, семејните традиционални празници и сл. Иако ваквите моменти биле ретки, сепак внесувале чувства на радост и исполнетост меѓу членовите на семејството.

Но, Првата светска војна означи еден период кога територијата на Македонија масовно се уништуваше и раграбуваше, а човечкиот живот масовно пак се уништуваше. Се мобилизираа многу македонски војници, дел од нив и се вратија, но тоа не беа тие истите личности од пред само неколку години. Дел од нив беа инвалиди, заболени од заразни болести, психички уништени, дел пак понесоа со себе многу промени, обичаи, култури, навики, научија да пишуваат итн.

Се променија многу работи, се воведоа многу промени, администартивни и воени, се уништија и разурнаа многу села, градови, создавајќи едно поле на политичко-економска дестабилизација, која со години нанапред не ќе може да го достигне степенот на стабилизација.

---

[35] Ib., (Бугарската власт водела прецизна евиденција за бројот на јавните куќи, жените кои ги продавале своите тела, местото од каде потекнуваат и во кое моментално престојуваат. За нив власта предвидувала редовни прегледи заради заштитување на бројната состојба на воените сили. Секоја општина била задолжена за лекувањето на проститутките, кои најчесто се упатувале во општинската болница во Скопје, така што градот ги превземал финансиските одговорности. Општините биле должни да и плаќаат на Скопската општина по 3 лева за секој поминат ден на заразените жени во нејзината месна болница.)

[36] Ib., к. 39/38.

Втора глава
Модернизациските процеси во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни

2.1 Модернизацијата и македонското општество

Модернизацијата и што таа значеше за македонското општество кое штотоку беше излезено од една светска катастрофа и разрушување, дали навистина имаше услови да се спроведе, како се спроведуваше и во кои домени, како беше прифатена и сл. Модернизацијата подразбира урбанизација, индустријализација, економски развој, воена и политичка моќ, едукација и зголемено ниво на писменост, општествена отвореност, различни занимања итн.

Процесите на модернизација се револуционерни процеси, носат нови ставови, вредности, знаења, традиционална и модерна култура, нови институции, движења, прифаќања и отфрлања, нови јазици, вредности, обнови, самодоверба, доминација итн.

Иако спроведувана во период кога со општеството раководеше туѓа структура, сепак овозможи услови за контролирање и обликување на општествено-политичките, економските, културно-просветните, спортските и други процеси кои се најважните двигатели во границите кои самиот режим можеше да си ги дозволи.

Меѓувоениот период го означи времето кога сите овие промени и процеси се случуваа на територијата на вардарскиот дел од Македонија. Беа наложувани од нововоспоставениот српски режим, но сепак предводени и од локалното население, кое се покажа како подготвено да го прифати сето тоа, но сепак да ја зачува својата традиција.

2.2 Воспоставување на српската воена и административна власт по завршувањето на Првата светска војна

Завршувањето на Првата светска војна за Вардарскиот дел од Македонија ќе значи почетокот на дводецениското владеење на унитаристичката и централистичка власт на Кралството СХС, подоцна Кралство Југославија. Ќе настапат годините на потполно владеење на правилата и законите кои власта ќе ги спроведува преку организацијата на администартивно-управна власт, полициска и судска власт на македонската територија, чиј народ пак ќе биде сметан и означуван како дел од српскиот народ. Од овој период започнало правното оформување на новата држава. Ќе започне период на освојување на просторот на приватноста,

со што ќе дојде и до нејзино менување[37], односно до промена на идеолошките, културните и општествените модели. Сите тие промени пак ќе дадат еден друг оквир на услови во кои постоел еден друг облик на приватност.

Задачата на новата власт воопшто не била едноставна. Таа била свесна дека на располагање има територија и народ крајно исцрпени од воените години, а за кои било потребно подолго време за да можат нормално да функционираат, да се организираат итн. Поголем дел од градовите се соочувале со големи економски штети, фронтовската војна одземала многу прехрамбени резерви, како и човечка сила, така што во почетокот на дваесеттите години најголем дел од нив личеле на вистински градилишта. Многу семејства останале без своите живеалишта[38] и машки претставници, регистрирани биле многу семејства со големи материјални штети, воени инвалиди[39] и деца без родители, за кои во некои градови како Скопје и Битола биле градени и домови[40]. Доставувањето на материјалната помош, според однапред потврдени правила и

---

[37] Во дел од градовите како во Струмица и Охрид, српската власт на самиот рид со бели камења ја обележале буквата А, симболизирајќи го името на крал Александар, а со тоа и српската доминантност и територијална припадност.

[38] Костадин Кајдамов, *Дојран низ вековите*, Скопје 2006, стр. 342, Весник „Вардар" (Дојран бил еден од градовите со најголеми штети. Целосното разурнување на многу домови биле причина за напуштање на стариот дел од градот и формирање на нов. Жителите биле раселени во околните градови како Струмица, Валандово, Неготино, Штип, Скопје, но и надвор од границите на Македонија во Софија, Бугарија. Во непосредна близина на разрушениот град во првите години по војната се формирала нова населба, Нов Дојран од вратените семејства, од кои најголем дел биле рибари и земјоделци. Стар Дојран станал населба на колонисти, цариници и други службеници, луѓе на власта. Изградена била и нова зграда за основно училиште, општинска зграда и општински станови, во непосредна близина на обалата на Езерото за чие уредување биле вложувани одредени средства.).

[39] ДАРМ, ПО Прилеп, ф. Прилепски околиски одбор за помош на настраданите од војната 1918/1940, к. 1, 5.176.1.181/270-274 (Во првите години биле формирани и Одбори за доделување помош, во чие работење се забележувале многу неправилности и недостатоци. Во Прилеп формираните комисии подготвувале списоци и извештаи со податоци за семејствата на кои им се доделувале парична помош и бесплатни прехрамбени производи (шеќер, брашно, сол, компири, кафе, чај, маст, грав и др.), облека и обувки, по потврдената лоша материјална состојба. Доделената количина зависла од бројната состојба на семејството, што значи се доделувала по член.
Државната власт донекаде ги регистрирала воените инвалиди за кои според зачуваната архивска документација се предвидувало и бесплатно болничко лекување.
Било формирано и Друштво за воспитување и заштита на децата во чие име Министерството за просвета и неговото одделение за уметност дозволувало продавање на изработени слики заради надополнување на финансискиот фонд наменет за децата без родители. Чести биле појавата на несоодветни лица по градовите кои незаконски продавале слики, лажно претставувајќи се пред локалното население, за која појава општинските власти биле и предупредувани и наведувани на претпазливост.).

[40] ДАРМ, ПО Штип, ф. Суд на општина Виница, несреден фонд (Во детскиот дом во Битола според законот од 1922 г. донесен во согласност со Окружната заштита на инвалидите и децата, можеле да се сместуваат доенчиња под 2 години, доколку се потврдело дека биле сирачиња и потекнувале од сиромашни семејства. За сместувањето во домот важна била и нивната здравствена состојба, а се водела и прецизна евиденција за нивните лични податоци. Примањето пак малолетници исто така било регулирано по претходно добивање на одредени податоци за самото дете и условите на неговото семејство.).

забележување на имотната состојба на населението по срезовите, било забележувано од Месните, односно одбори формирани за таа цел во градовите.[41] Во Западна Македонија населението било подложено и на многу грабежи и разбојништва од качачките банди се до 1921 г., кои максимално ја користеле несредената политичка положба на границата со Албанија и слабата безбедност. Ваквата состојба била карактеристика и за населнието во Злетовската и Малешевската област.

Во вардарскиот дел од Македонија ќе биде воведена нова административно-територијална поделба на три области и тоа: Скопска, Брегалничка и Битолска, која ќе биде во функција се до 1929 г.[42], кога пак своето Кралство, власта ќе го подели на 9 бановини, меѓу кои и Вардарска бановина во чиј состав се наоѓала и територијата на Вардарска Македонија, поделена на 29 околии.[43] Во спроведувањето на законодавната власт голема улога одиграле двата закони донесени во првата половина на 1922 г., Законот за обласната и околиска самоуправа и Законот за општинската управа, со кои биле прецизирани во целост надлежностите на локалните органи.

Во сите тие области поделени пак на окрузи и општини како помали административни единици, масовно биле доведувани претставници на српската воена и административна власт, чија основна цел била одземање на националните, етнички и културни карактеристики на македонскиот народ. Стапувајќи во служба на државата, чиновниците се откажувале од делот за своја приватност, дозволувајќи на државата директно да продре во нивните животи, да ја проценува нивната морална и политичка подобност и да ги крои судбините на цели семејства.[44]

Воспоставувањето на српската власт може да се следи преку богатата архивска документација. Новата власт водела прецизна евиденција за функционирањето на целокупната локална власт.[45] Зачуваната архивска документација од канцелариското работење на соодветните тогаш постоечки институции[46], говори за делувањето на

---

[41] ДАРМ, ПО Прилеп, ф. Прилепски околиски одбор за помош на настрадaните од војната 1918/1940), к. 1, 5.176.1.107/188.

[42] Секоја од трите области имала свој жупан и начелство пред кои сите биле одговорни. Начелството било одговорно за безбедносната состојба во регионот, за која и поднесувало месечни извештаи опфаќајќи ги и случувањата и приликите во секое поле.

[43] Надежда Цветковска, *Административно-територијалната поделба, бројната состојба и структура на населението во Велешката околија меѓу двете светски војни.* Во: сп. „Велес", год.VII, бр.7, 2003, стр. 49.

[44] *Приватни живот код Срба у двадесетом веку*, приредил Милан Ристовиќ, Клио 2007, 481.

[45] Секоја општина водела евиденција за сите вработени, запишувајќи ги во посебна книга позната како Книга за вработените.

[46] Како најзначајни фондообразователи се издвојувале Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за просвета, Министерството за Правда, Министерството за верата, Министерството за војската и морнарицата, Министерството за сообраќај, Министерството за пошта, Министерството за градежништво, Министерството за народно здравје, Министерството за социјална

општинската власт со целокупниот чиновнички, службенички, воен и жандармериски кадар, балгодарение на која во целост може да се следи динамизацијата и тековите на сите полиња на делување како просветата, политиката, здравството, односно на тогашното секојдневие предводено и креирано од нововоспоставените владини институции. Државата во овој период ќе тежнее да креира модерен чиновнички апарат, кој ќе му служи покорно само на режимот, кој безрезервно ќе го поддржува.[47] Со законите од 1923 и 1931 г. на државните службеници им било забрането да се занимаваат со било каква друга дополнителна дејност, како занаетчиска, трговска или индустриска.

Точно се знае која околија како е поделена, на колку општини, срезови и сл., како и за бројот на населението, кој се потврдувал од пописите спроведувани од српската власт. Делувањето на административно-управната власт било регулирано со закони, кои знаеле времено да се изменат или дополнат. Начинот на канцелариско и архивско работење секој државен орган сам за себе го уредувал и пропишувал, раководен од потребите појавени во текот на работењето и функционирањето.

Општините[48] функционирале преку повеќе одделенија како: административното одделение, финансиското одделение, извршното, воено и статистичкото одделение[49], економското одделение, санитетско

политика, Министерството за финасии, Министерството за трговија и индустрија, Министерството за земјоделство и води, Министерството за шуми и рудници и Министерството за аграрна реформа.

[47] Власта била свесна за необразованиот чиновнички кадар, кој бил склон кон корупција и неефикаснот, со што се создавала една слика за лоша администрација. Затоа и настојувала да ги приврзе за себе и направи зависни и лојални, донесувајќи притоа низа закони и прописи за начинот на нивното однесување и работење. Стапувајќи во државна служба тие не престанувале да бидат граѓани. Затоа и лесно можеле да бидат преместени, отпуштени или пензионирани.

[48] Јасмина Најдовска, *Историја на секојдневниот живот во Велес меѓу двете светски војни 1918-1941*, (магистерски труд во ракопис), стр. 21 (Српската власт во градовите функционирала преку околиското начелство и вработените како: претседател, кметови, деловодител, благајник, архивар, писари, званичници и одборници, избирани од редовите на граѓаните, но покрај овие функции, како дел од општините се споменуваат и: книговодител, општински лекар, практиканти, чиновници, контролози, кантарџии, ноќни стражари, општински служители, старешина на стражарите и служителите, чистачи, пожарникари, управувач на општинскиот саат, општинска бабица, општински мајстор и др., кои пак претежно биле поставувани од редовите на локалното население.
Архиварите ја воделе целокупната архива. Документацијата многу повеќе е пишувана со пародршка и мастило, заради што вработените задолжително морало да имаат убав ракопис за што потврдува и зачуваната документација. Подоцна се користеле и машините за пишување.).

[49]Сите административни акти кои потекнувале од командата на воениот округ или било која друга институција, а се од воен аспект и за задоволување на воената власт, биле во доменот на ова одделение. Воениот оддел, раководен од еден од општинските писари, ги составувал тогашните регрутни списоци на сите воени обврзници од велешката општина. Овде се издавале личните карти, како и целокупната документација која е потребна за влез и излез во градот и надвор од него. Статистичкиот оддел пак раководел со граѓанскиот регистар и ги составувал сите потребни статистички податоци, наменети за потребите на Општината, приватната, државната, семејната и имотната состојба.

одделение[50], катастарско одделение, социјално-здравствено одделение, одделение за јавна безбедност[51] и судското одделение[52]. Градежните одбори при општините, како дел од техничкото одделение биле задолжени за развојот и унапредувањето на градовите, изградбата на објектите, доградбите, рушењето или поправките на приватни или државни објекти, така што биле изградени многу мостови, посебно железни, згради за потребите на воениот кадар, споменици и сл.[53] За функциите на општините и вработените во некои градови биле градени и наменски згради претежно во големите градови како Скопје[54], Тетово, Струмица и др., а нивното работење било регулирано со декрет донесен 1918 г. познат како „Упатства за службената

---

[50] ДАРМ, ПО Штип, ф. Суд на општина Виница, несреден фонд (Под надлежност на Санитетската управа на општините се наоѓало уредувањето на градските гробишта. Според правилата и законите на управата гробиштата во градовите требало да бидат оградени со ограда висока два метра, да поседуваат капела и по можност соодветна просторија за гробарите и чуварите. Задолжително било и поседувањето на кола за пренесеување на умрените. Постоеле и правила за начинот на погребување, според кои секој требало да биде погребан во затворен сандак. Власта сакала до некаде да ги избегне ширењата на заразните болести, кои во првите повоени години зимале широк замав. Спротивното однесување било казнувано со затворска и парична казна.).

[51] *Алманах Општине града Скопља 1918-1928*, Скопје 1928, стр. 97 (Во одделението за јавна безбедност била вклучена и пожарната чета. Во Скопје била опремена со автомобили за пожарникарите, цистерни за и пумпи за вода и други современи и модерни алати, користени од пожарнкарите, кои пак биле облечени во посебни униформи, чизми и заштитни шлемови. Била сместена во просторот на касарната.).

[52] Првостепените судови ја имале најодговорната функција. Во нивна надлежност се наоѓале: интабулационото одделение, извршно-доставното одделение, граѓанското одделение, експропријација, кривични предмети, судски забрани, договори за посвојување на деца, бракоразводни предмети, контролата и правилата за време и спроведувањето на изборите, купопродажните договори, менични и чековни предмети, признаници, разни известувања, решенија и уверенија, односно се она што законски требало да се спроведе во градовите и околината, судот е оној орган кој дозволува и без кој не може да се случи било каква правна работа.

[53] ДАРМ, ф. Филозофски факултет, 323, к.1, 1.323.1.49/138-139 (Скопската општина по повод своето десетгодишно работење во 1928 г. издала и Алманах, во кој се понудени информации за целокупниот нејзин состав, дејности и постигнувања. До сите институции испраќала барања за одредени податоци за нивното дотогашно работење, вметнувани од уредништвото во заедничкиот Алманах.).

[54] *Алманах Општине града Скопља 1918-1928*, Скопје 1928, стр. 13-19 (Скопската општина била најфункционална, сочинета од многу државни и приватни институции како: Државен архив, Управа на градот, Среско поглаварство, Железнички комесаријат, Жандармериски станици, Армиски штаб со свои одделенија, Главна команда, Пешадиски полкови, Артилериска бригада, Автомобилска команда, Воена болница, Апелационен суд, Првостепен суд, Управен суд, Монопол, Биро за осигурување на работниците, Аграрна дирекција, Финансиска управа, Даночна управа, Пошта и телеграф, Шумска дирекција, Железничка станица, Градежна дирекција, Хидротехничко одделение, Окружна болница, Царинарница, Казнен завод, Детски дом за сирачиња, Скопска митрополија, Духовен суд, Народен театар, Институт за тропски болести, Филозофски факултет, Музеј на Јужна Србија, Гимназија, Учителска школа, Трговска академија, Медреса, Основни училишта, Општински суд со свои одделнија, Суд за станови, Трговско индустриска комора, Трговско здружение, Занаетчиска еснафска управа, Вечерно трговско училиште, Банки, Поштенски дом, Офицерски дом, Офицерска задруга, Кланица, Ветеринарна служба, седишта на Англискиот, Францускиот, Чехословачкиот, Италијанскиот, Белгискиот, Грчкиот и Турскиот конзулат и многу други.).

работа и однесувањето на службениците во Јужна Србија"[55]. Сите општини имале и свој недвижен имот, како земјишта, општински куќи, дуќани, кафеани, училишта, електрични централи, бањи, паркови, кланици и сл., кој бил даван под кирија или под концесија, од што се полнел и дел од општинскиот буџет.

Тековните градежни дејности, биле редовно надгледувани од банската повисока управа. Познати биле посетите на банот и неговите заменици. Красоевиќ, заменикот на Банот, на 24 септември 1933 го посетил Кратово. Најнапред го посетил теренот каде се подигнувал Домот на културата, споменикот на кралот Петар Велики Ослободителот, пројавувајќи интерес за текот на градежните работи и материјалните средства од кои ќе се гради домот. Ја посетил и новата школска зграда која е во изградба и за која биле потребни дополнителни средства за да се заврши.[56]

Архивското работење било регулирано со различни и многубројни правила и прописи, наредби и други видови акти, постојано изменувани и дополнувани, благодарение на кои пак создадена е навистина значајна граѓа посветена на меѓувоениот период и функционирањето на српската власт во сите пори на живеењето. Тоа пак би значело дека управните органи сами донесувале свои интерни акти со кои се регулирало канцелариското работење водено според сопствените потреби.

Во цела Вардарска Македонија, српската власт била одржувана и преку воената власт, односно преку војската и жандармеријата, потоа преку командата на III армиска област, со седиште во Скопје.[57] Уште во првите години бил донесен многуброен кадар или 35.000 лица војници[58], граничари, жандарми и четници[59], од другите делови на Кралството, слабообучен и непослушен, распоредувани во сите пори на општествениот и политичкиот живот, односно во сите институции и служби, спроведувајќи ги процесите на денационализација, асимилација и колонизација. Покрај полуписмени, од овој кадар се сретнувале и многу образовани претставници, кои оставиле белези и предизвикале разни

---

[55] Павле Митрески, *Нови документи од работата на организацијата на КПЈ во Битола 1920 г.*, стр. 51-51 (Одредбите иако неспроведувани, предвидувале во почетокот коректно однесување кон македонското население заради придобивање на нивното внимание, наклонетост и соработка. Се инсистирало и на избегнување на судири меѓу цивилната и воената власт.).

[56] Весник „Вардар".

[57] Армиската област била поделена на три дивизиски области: Вардарска со седиште во Скопје, Брегалничка со седиште во Штип и Битолска со седиште во Битола.

[58] Многу војници и офицери во Македонија биле донесени од австриската војска и од Хрватска, кои на повикот на новоформираното Кралство за пополнување на тогаш формираните касарни се пријавиле за работа во новата армија. Некои од нив дури се ожениле и со девојки од локалното население. Таква судбина имал и таткото на д-р Отон Главаш, познат оториноларинголог, Хрват по потекло, кој добил служба во Охрид каде се оженил со Марија, девојка која потекнувала од позната охридска фамилија Филипче.

[59] Надежда Цветковска, *Државните сили за безбедност 1918-1929*, во сп.: Гласник на ИНИ, год. 46, бр. 2, Скопје 2002, стр. 41.

промени во македонските градови. Активно се вклучувале во јавниот живот, културните и спортските друштва.

Вардарскиот дел од Македонија бил преполн со жандармериски станици градени со ангажирање на локалното население. Организацијата на полициската или жандармериска власт била значаен сегмент за кој српската власт одделувала многу време и парични средства. Жандармеријата ја имала во сите административни единици на кои била поделена територијата, која пак подлежела на Министерството за внатрешни работи поделено на одделение за државна безбедност, за јавна безбедност, за управно одделение и за самоуправа.

Според законот за жандармерија од 18 февруари 1922 г., жандармеријата била составен дел на војската и имала задача да го обезбедува спроведувањето и извршувањето на законите. Вардарскиот дел од Македонија бил под надлежност на втората жандармериска бригада. Според извештаите кои се водени, полицијата имала значителна моќ, така што таа била надлежна за многу прашања во државата, затворала и казнувала, решавала и спроведувала судски пресуди, отворала кривични истраги, воведувала полициски часови[60], водела списоци за криминалот во општините, за оние што живееле невенчани, за брачните спорови, ограбувањата, силувањата, елементарните непогоди, за оние кои поседувале оружје или поднесувале барања за оружје и сл. За случувањата од овој вид редовно се пишувало и во дневните весници. „Кога ќе ги видевме жандарите на улица, бегавме. Многу строго беше во Штип", се сеќава Трајко Јованов.[61]

Власта на големосрпската буржуазија веќе споменав дека била зацврстувана и со воената сила. Во новоформираното Кралство имало многу касарни, а малку офицери, па сите пријавени за работа биле различно распоредувани. Така во Македонија се нашле многу офицери од Хрватска, носејќи ги со себе и своите семејства или пак формирале нови стапувајќи во брак со девојките од македонските градови. Во Охрид биле познати многу семејства со хрватски презимиња. Фетка Бојаџиска за војската во Штип се сеќава: „Штип беше карактеристичен по концентрацијата на војската, штипјани ги сметаа бугарофили, зашто од секое семејство имаше по еден член емигриран во Бугарија. Живееја во касарните. Децата стално одеа до оградите, пред ручек, кога војниците ги фрлаа остатоците од храната овие ги земаа, за да се заситат од гладта".[62]

Во првите повоени години во овој дел сé уште биле стационирани француски, грчки и италијански војски. Од 20-тите години посебно

---

[60] Кирил Цацков, *Просветата и културата во Штип меѓу двете светски војни*, Скопје 1995, стр. 125 (По убиството на генералот Ковачевиќ во Штип бил воведен полициски час, било забрането излегувањето надвор од домовите.).

[61] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип.

[62] Сеќавање на Фетка Бојаџиска од Штип.

внимание и се посветувало на Воздухопловниот полк и оспособувањето на скопскиот воен аеродром, кој од 1926 г. поседувал монтажна работилничка хала, војничка кујна, цистерни за бензин, автогаража и електрична централа. Од 1927 г. пак аеродромот добил сопствена водоводна мрежа, две станбени згради, една зграда со станови за женети офицери, полковска автогаража, полковска аеропланска работилница и зграда за дисциплински затвор.[63]

За воените сили бил одделуван и вложуван значителен буџет, а за нивното издржување било обременето и локалното население. Значајни средства биле издвојувани за одржување и подигнување на офицерските згради и куќи во градовите за нивно сместување, изградбата, одржувањето и опремувањето на касарните и гарнизонските објекти, како и подигнувањето на Офицерските домови во позначајните и поголеми градови, за кои ќе отстапува општинско земјиште во близина на касарните. [64] Во Штип постоела и жандармериска кантина и простории за дошколување и обука на жандарите. Кантината била наменета само за потребите на жандармериските семејства.

Одржувањето на безбедносната состојба, посебно во источните делови на земјата и на границата со Албанија[65], каде делувале и многу качачки банди, воените сили се обидувале да ја овозможат и со редовно спроведување регрутација од локалното население кое во мошне мал број се одзивал на повиците, за чија одбиена обврска подоцна следувале казни за самото семејство. Командата на секој воен округ задолжително морала да поседува воени регистри на сите машки обврзници во градот и околијата, на кои им се испраќале покани за отслужување на воениот рок, кој многумина гледале да го одбегнат, определувајќи се дури и за емигрирање. На регрутација подлегнувале сите машки претставници од 18 до 56 г., кои претходно биле и прегледувани за потврдување на нивната здравствена состојба од наменска комисија.[66] Фетка Бојаџиска за регрутацијата во Штип се сеќава: „Службата на Македонците во војска беше 3-4

---

[63] Надежда Цветковска, *Државните сили…*, op.cit., стр. 47.

[64]ДАРМ, Скопје, ф. Воена команда Велес, несреден фонд (Според статутот на Офицерскиот дом во Велес, кој давал извесни објаснувања за воспитувањето, негувањето на друштвените обичаи и воени вештини, за исхраната, воените забави итн., членови на истиот можеле да бидат сите воени чинови, воени свештеници, воени ветеринари, воени административни чиновници, кои биле задолжени да даваат извесни приходи за одржувањето континуитетот на домот.).

[65] Посебно внимание се посветувало и на граничните трупи кои според пропишаните критериуми биле составени од млади регрути на возраст меѓу 20-35 години. Покрај платите за нив бил одделуван и додаток за скапотија, дневен додаток за фамилијата, разни други парични награди, бесплатно лекување во државните болници, биле ослободувани од секој личен данок и сл. Мултиетничкиот состав на војската предвидувал и посебни правила во начинот на исхрана, празнувањето на верските празници, погребувањата на војниците и старешините и сл.

[66] ДАРМ, ПО Штип, ф. Суд на општина Јужна Виница, к. 3, несреден фонд.

години и тие стално се враќаа со некој занает, или беа чевлари, поправале чизми на војниците или беа кројачи, шиеја воена облека, а потоа цивилна".[67]

Доста чести биле и конкурсите во градовите, распишувани од военото министерство за подофицерското училиште „Крал Александар" во Загреб, како и други видови обуки, заради стекнување на воени вештини, привлекувајќи ги младите од 17 до 21 годишна возраст, преку примамливата понуда за понатамошно обезбедено станбено сместување и добра плата.[68] Во градовите од Источна Македонија забележителна била појавата на се почесто одбивање на поканите за отслужување на воениот рок и бегање во Бугарија.

Од триесеттите години функционирала и Нижата офицерска школа која во овој период броела 95 питомци.[69] Според зачуваните архивски документи слушателите во својата настава ги користеле учебниците како: Историја на српско-турската војна 1912-1913, печатен 1932-1933, Историја на австро-унгарската војна 1914, печатен 1932-33, Историја на италијанскиот фронт, учебник за Служба врски, учебник за Служба воздухопловство, учебник за значењето на Будимпешта од воздухопловна гледна точка, учебник со Опис, ракување и тактичката употреба на оружјето и муницијата со кои е наоружана пешадијата и др. Многу од учебниците имале и карти.

Преку предавањата слушателите се стекнувале и со познавања од улогата на колоната во марш, воените коли и нивното дејство, одбраната против воените коли, процена на одбрамбената положба, артилеријата и нејзината улога, познавања од поедини родови во војската и сл. Верската настава ја изведувале посебни воени референти.

Во одржувањето на безбедноста, власта се потпирала и на тогаш формираните четнички или летечки одреди, кои биле поим за страв меѓу локалното население. Пресметувајќи се со него предизвикале значителни штети, извршувајќи и спроведувајќи ги своите и нечии самоволија. Во 1922 г. биле формирани околу 20 формации од овој тип, наградувани парично за успешното извршување на своите задачи. Најпознат бил одредот на Јован Бабунски формиран 1919 г. Добивајќи неограничена власт, тој започнал со извршување на многу убиства, како начин единствено да се дисциплинира населението, заради што дошол и во судир со самата цивилна власт која барала распуштање на одредот. За своите заслуги во Велес власта му подигнала и споменик, уништен по воспоставувањето на бугарската власт од 1941 г.

Зацврстувањето на своите позиции власта се обидела да го постигне и со процесот на колонизаторската политика, силно изразена уште во

---

[67] Сеќавање на Фетка Бојациска од Штип.
[68] ДАРМ, Скопје, ф. Воена команда Велес, несреден фонд.
[69] Ibidem, ф. Нижа офицерска школа – Скопје, 1930-1934, к. 1, несреден фонд.

почетокот. Со донесувањето на „Уредбата за населување на јужните нови краишта" од 24 септември 1920 г., право на населување имале сите граѓани во државата СХС што се занимаваат со занаетчиство и земјоделство, но немаат своја или доволна површина на земја. Но ова правило не се почитувало за што говорат големиот број на доселеници чиновници, војници, учители, црковни лица и други доброволци, кои добија земја, но таа ја даваа да ја обработуваат други лица, претежно на обичното граѓанство. Од овие мерки најмногу настрада селското население од кое и се одземаше земјата чија сопственост тешко можеше да ја докаже поделувајќи им ја на колонистите.[70] Голема површина на земја се одземала под изговор дека била откупена од Турците уште пред нивното иселување, така што оваа мерка збогатила многу чиновници, четници и доброволци.

Најголем број од доселениците потекнувале од Србија, Лика, Црна Гора, Далмација, Срем, Војводина, Истра, Босна и други места, но не сите го затекнале ветуваното, многумина се соочиле со суровото секојдневие кое владеело на македонските простори, борејќи се повторно со економската криза и сиромаштија, болестите, недостатокот од вода и сл. Од нив биле формирани цели населби или села, а секоја општина водела прецизна евиденција за бројната состојба. Во Скопје биле населени 420 колонистички семејства, во Кумановско 525 семејства, во Дојран биле населени 169 колонистички семејства од кои се формирале нови четири населби: Сретеново, Раскрсница, Душановац и Караѓорѓевац.[71] Во Струмица биле формирани 28 колонии со повеќе од 200 семејства. Колонистички населби биле создадени и во Гевгелија и Валандово. Во овчеполската и брегалничката околија до 1940 г. биле организирани 38 околии население со 819 колонистички семејства.

Оваа политика на српската власт допринесе за доселување на многу српски семејства кои оставија свои белези во секојдневниот начин на живеење, понесувајќи ги и оставајќи ги своите начини на комуницирање, живеење, говорење, облекување, однесување, славење и сл. Дел од нив граделе модерни куќи, ја обработувале земјата со посовремени алатки и начини, овозможувајќи одреден напредок во земјоделството. Со македонските женските претставнички несебично биле споделувани кулинарските вештини, како и здравствените и хигиенските навики. Не ретко се случувале и бракови со локалното население.

Но, еден дел биле донесени и по казна, претежно како такви се одбележувале учителите, но некои од нив останале на овие подрачја се до

---

[70] Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија и Стара Југославија*, Скопје 1966, стр. 138 (До крајот на 1940 г. за целите на аграрната реформа биле земени 153.165 хектари земја, а биле доселени 4.167 семејства.).

[71] Костадин Кајдамов, *Дојран низ вековите*, Скопје 2006, стр.376 (На сите колонистички семејства им се изградиле куќи и им се доделиле обработливи земјишта.).

почетокот на Втората светска војна, период кој го карактеризирале како еден од најдобрите во нивното егзистирање и работење.

Во овој период се забележува масовното иселување на турското население, кое продавајќи се што имаат ја напуштале засекогаш Македонија. Процесот на интензивно иселување бил следен се до 1924 г., по кој следувала извесна стагнација. Во овој период забележлив е процесот на интензивно продавање на турските имоти и домови на христијанското населние, посебно во централните делови, каде и биле лоцирани најубавите и богати турски куќи.[72] Од тој временски период започнуваат продирањата на европските модерни архитектонски влијанија и потиснување на ориенталниот изглед на градовите.

Во источните градови, посебно во Виница и Кочани интензивна била појавата на скитничкиот живот на циганските семејства. Немајќи постојано место на живеење од локалната полиција биле обвинувани за многу нереди, за кражби и за пожари. Најзабележителни биле за време одржувањето на панаѓурите, продавајќи кожи и добиток.[73] Според еден документ од 1922 г. издаден од одговорните во Брегалничкиот округ во обидите за избегнување на постојаните судири и нереди се наложувале казни и нивни прогонувања од градските средини, согласно законот за заштита на јавната безбедност и поредокот во државата. Според тој документ секој граѓанин, вклучувајќи ги циганите, треба да припаѓа на одредена општина со постојано место на живеење. За преминувањето од едно во друго место се давале патни објави со личните податоци на членовите од семејството, причината за иселувањето, местото на новото сместување и временскиот период на останување. Скитништовото се казнувало со три месеци затворска казна, после кој период лицата биле упатувани во заводот за принудно работење.[74]

Со донесувањето на законот за одржувањето на редот и мирот во државата, се регулирало и враќањето на дел од граѓаните кои во текот на воените години преминале на територијата на Бугарија. Дозволата за враќање се давала од општинската власт по проверувањето на податоците за целото семејство. Во јули месец 1922 г. била издадена и наредба за подготвување на списоци со имињата на иселените граѓани. Списоците со внесени писмени мислења, позитивни или негативни се доставувале до соодветните власти, кои подоцна се испраќале до Министерството во Софија со внесени забрани за одредени граѓани во Кралството СХС. Враќањето во родните места било овозможувано по поднесувањето на писмени молби.[75]

---

[72] Процесот на продавање на турските куќи е посебно забележителен во Битола.

[73] ДАРМ, ПО Штип, ф. Суд на општина Виница, несреден фонд. (Продажбата на било каков добиток се вршело по добивањето на уредно сточно уверение, документи проверувани и контролирани од општинските власти.).

[74] Ibidem.

[75] Ibid.

Со овој закон се регулирало и престојувањето на странските државјани, за кои задолжително било поседувањето на легитимации или пасоши, а сите биле евидентирани во списоци подготвувани од локалните општински власти. Законот не се однесувал на руските емигранти, на кои дури не им била правена ниту контрола. Легитимациите ги издавала полициската власт, која гарантирала единствено за исправноста, зашто чести биле обидите за фалсификување.[76] Странските државјани можеле да престојуваат само во местото каде имале одобрување да останат. Секоја промена била во согласност со Министерството за внатрешни работи. Во период од 12 часа, односно 36 часа по преминувањето на границата биле должни да се пријават во локалните жандармериски станици со поседуваната документација. Недозволените и нерегуларни престојувања биле казнувани со парична и затворска казна.

Од овој период зачувана е значајна архивска граѓа која сведочи за одвивањето на овие настани во вардарскиот дел на Македонија, но и функционирањето на многуте Министерства, канцелариски и административни служби. Овде ќе ги вбројам и институциите од областа на културата и науката, кои сведочат за функционирањето и развојот на образованието, театарот, музиката, киното и сл. во годините непосредно пред започнувањето на Втората светска војна. Значајни податоци добиваме и од областа на здравството, социјалните услови и институции, стопанството и банкарството[77], трговските односи и индустриското производство, задругарството, делувањето на многуте општествено-политичките организации, друштва и здруженија и тоа сталешки, хуманитарни, културно-просветни, студентски и сл. Значајна документација имаат оставено и Српската православна црква како и Муслиманските верски организации од овој период. Целокупното канцелариско и архивско работење во сите институции, било водено според тогаш донесениот Деловник за општите управни власти. Во почетокот на 1940 г. за работа во Министерството за просвета биле воведени и Правила за полагање на стручни испити на чиновничките приправници, што впрочем значело дека во ова министерство службениците можеле да работат само доколку ги положат предвидените испити за чиновничко работење во рамките на државните архиви.

Иако спроведувана и чувствувана како туѓа, оваа власт остави свои белези, наметна правила во работењето, воведе промени, кои долго се гледале и чувствувале. Остави како негативни, така и позитивни сегменти.

---

[76] Ib.

[77] Како значајни фондообразователи од овој период се споменуваат Јужна банка од Велес, Трговско-индустриската банка од Куманово, Извозната и прометна банка од Куманово, Нардосната банка на Кралството Југославија, Државната хипотекарна банка, Поштенската штедилница, Првата хрватска штедилница сите од Скопје и др.

2.3 Стопанството, економската состојба и промените во градовите

Балканските и Првата светска војна оставиле длабоки траги во стопанскиот живот во Вардарскиот дел од Македонија. Нестабилната и слаба економска состојба свесно и се очекувале. Македонија била земја на заостаното земјоделство, лесна преработувачка индустрија, незначителни трговски врски, слаба економска политика, несредени политички и социјални прилики, земја за која тогашната власт и не покажувала некој интерес за поголем стопански напредок. Кон новонастанатата состојба се надоврзувала и новата политичка поделба на територијата на Македонија, со која градовите од вардарскиот дел во целост биле лишени од трговските и други стопански врски со Солун и другите градови што влегле во составот на Грција. Но сепак, се случиле и одредени промени.

Земјоделството меѓу двете светски војни

Српската власт и нејзиното Министерство за аграрна реформа, појавиле уште во почетокот голем интерес за целокупниот општествен имот. Ставајќи го под своја надлежност, ливади, пасишта, шуми, овоштарници и друг вид на земјиште, го доведувала населението во состојба постојано да го докажува нивното право, за која и биле обременети со даночни оптоварувања. Доста чести биле барањата од државата за докажување сопственоста на имотот, без чија согласност судот не можел да потврди било каква тапија или да изврши продажба и давање под закуп на одредени земјишни површини, така што неизбежни биле и судските процеси, интензивни по доселувањето на српските колонисти.[78]

Земјоделството било доста екстензивно, далеку од употребата на модерното обработување, модерните техники и машини, состојба кон која се надоврзувала и ниската и неквалификувана стручната подготовка на замјоделското население.[79] Се чувствувала потребата од подигнување на стручни училишта[80], преку кои земјоделското население многу полесно би можело да дојде до новите сознанија од областа на земјоделството и неговото повисоко категоризирање, за која истовремено било задолжено

---

[78] ДАРМ, ПО Велес, ф. Првостепен суд Велес 1918-1934 , к. 1, 9.382 1.7/7-10.

[79] Јанко Вукичевиќ, *Привреда Јужне Србије. Во: Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије*, Скопје 1937, стр. 526.

[80] Весник „Вардар" (Во 1928 г. во Тетово било отворено земјоделско училиште со одобрување на Министерството за земјоделство. Училиштето било подигнато на државно земјиште од 43 хектари и на само три километри од Тетово. Програмата ги опфаќала сите стопански гранки, а поседувала и добро уредена штала во која биле сместени свињи, крави, коњи и бикови. Се одгледувале и кокошки од видот „плимут-рок" и „родајланд", патки и гуски. Практичната и теоретската настава траеле две години, по кој период учениците се стекнувале со солидни познавања од современата и рационална обработка на земјата.).

тогашното Министерство за земјоделство и вода.[81] Во склопот на Народните универзитети се одржувале стручни предавања и курсеви за теоретска и практична обука на земјоделците[82]. Но неспорен бил фактот кој велел дека македонскиот земјоделец бил доста далеку од знаењата за семињата, наводнувањето, вештачкото наѓубрување, зголемувањето на приносот со воведувањата на нови правила, алатки, начини на обработување и сл.

Често се организирале и изложби на земјоделските производи и во поголемите и во помалите градови. Заради нивна афирмација секогаш биле најавувани за нивниот тек во дневните весници.[83] Изложбите биле можност за разменивање на мислења, како и согледување на целокупната состојба во полјоделството, можност за согледување што е направено дотогаш, со кои услови се располага што треба да се направи во иднина и сл.[84]

Во македонското земјоделство најмногу била застапена зрнестата култура како: пченицата, пченката, јачменот, ржта, овесот и др., потоа градинарските култури како: пиперките, доматите, компирите, лукот, кромидот, грашок, оризот, боранијата, магдоносот, краставиците и др., а од индустриските култури: афионот и афионовото семе, сусамот, тутунот и памукот. Не изостанувале ниту градинарството, живинарството и овоштарството[85].

---

[81] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941, к. 3, 9.3.4/10-11.

[82] Весник „Вардар" (Секоја година во расадникот на битолскиот срез се одржувал курс за калемење наменет за младите од битолските села. Во текот на 1933 г., курсот бил одржан во периодот од 5-10 септември, а со истиот раководел Александар Илиќ, управникот на расадникот. На курсот 18 млади момчиња од селата во битолскиот срез биле обучени за начинот на калемење на овошките, за негување и одржување на овоштарниците, како и за обновување на лозјата. На крајот добиле и некои алати за каламење.).

[83] Весник „Вардар" (На 2 октомври 1931 г. во Кратово била отворена земјоделска изложба на која земале учество речиси сите земјоделци од срезот. Изложбата ја отворил Миодраг Стојановиќ, срески началник. Биле изложени повеќе од 1.000 предмети, а биле дадени и 150 награди. Близу 100 награди биле алатки, министерството за земјоделство дало и 10.000 денари, а Кралската банска управа 3.000 денари. На 8 октомври пак земјоделска изложба била отворена и во Тетово на која биле застапени овоштарски и зеленчукови производи. Големо внимание привлекле јаболкото Тетовка и грозјето Афус - Али. Забележителна била и изложбата на тутун организирана во Полог.).

[84] Весник „Јужна Србија" (Во Битола во текот на 1938 г. била организирана изложба за цела Пелагонија. На едно место се нашле многу заинтересирани индустријалци, земјоделци, претставници на власта и сл. Изложени биле сите производи кои се одгледувале во Пелагониската област, сите семиња со кои се располагало, современи и модерни алатки и машини и сл. Истата година и во Гостивар била организирана тридневна изложба на земјоделски, овоштарски и сточарски, односно млечни производи. Посетителите имале можност да видат повеќе видови на сирење, путер, маст, кашкавал, со што се афирмирала и млечната индустрија. Гостиварските домаќинки пак не ја пропуштале можноста за изложување на своите изработки како многубројни врсти на слатко, мармалади, џемови и други врсти на зимни подготовки.).

[85] Територијата на вардарскиот дел од Македонија била погодна за одгледувањето на јаболка, круши, сливи, кајсии, црници, цреши, вишни, праски, дуњи итн., од кои секое семејство подготвувало сокови, мармалади, компоти, ракија и сл.

Значајни белези оставило лозарството, гранка со која најмногу се занимавале семејствата од Скопје, Велес[86], Охрид, Штип и Тиквешијата. Во овој период виновата лоза масовно ќе биде уништувана од болеста филоксера, заради која во 1932 г. во Демир Капија бил изграден првиот подрум на Балканот, а ќе се направи и обид за одгледување на првите нови сорти, поточно американската хибрид лоза, чии приноси во 30-тите години започнале да се извезуваат во Виена и Германија.[87] Од 20-тите години се изградиле и лозаро-овоштарски расадници во Скопје, Кавадарци и Штип, во кои започнале да се организираат и курсеви за обука на земјодлecите, за возрасни и млади, со кој се оспособувале за лозаро-овоштари и калемари.[88]

Важна земјоделска култура од која многу семејства ги задоволувале своите потреби во периодот меѓу двете светски војни бил афионот, најпрепознатлив за градовите како Кавадарци, Струмица, Велес и Штип. Во овој период најголемото количество афион преминувало во рацете на одредени шпекуланти, како фирмите на солунските браќа евреи Шалом и Паскал, кои потоа го препродавале на европските фабрики како солунски опиум, а за чие погрешно рекламирање југословенската власт не ни посветувала некој посебен интерес и заштита.[89] Кон крајот на дваесеттите години македонските трговци направиле обиди за преземање на опиумската трговија во свои раце, но не добиле заштита и поволни услови од трговската и индустриската комора во Скопје. Најголем удар македонските производители и трговци добиле со ратификацијата на Женевската конвенција од 1929 г. со која производството и извозот на опиумот се ставале под контрола на Друштвото на народите. Финансиските загуби биле поразителни, се направиле дури и обиди за донесување на Правилници и Уредби за решавање на Законот за опојните дроги, се воделе кампањи за откажување од потпишувањето на

---

[86] Велешани и Штипјани биле познати по подготвувањето на квалитетното вино и ракија.

[87] Весник „Вардар" (Посебно внимание во Демир Капија привлекувал имотот на кралот Александар I, кој се протегал на 2.000 хектари и бил поранешен чифлиг сопственост на Усни бег Али Ризовиќ од Кавадарци. Целиот имот бил засаден со најквалитетните лози кои филокзерата не можела така лесно да ги уништи, а во начинот на обработката се применувале современите методи и машини за обработка, кои и се пренесувале меѓу тамошното население, на кое и бесплатно им биле доделувани дел од лозниците. Во овоштарникот од 10 хектари биле засадени најдобрите сорти на јаболка, круши, вишни, сливи, цреши и кајсии, наменето за кралскиот двор во Белград. На имотот била изградена и модерна ергела во која се чувале околу 50 коњи и кобили, а за потребите на дворот биле одгледувани и многу други домашни животни. Имотот располагал и вила за кралското семејство, со столарска работилница, ковачница, воденица, зграда за службениците и работниците, купатила, фурна, кујна за работниците, магацин за сите машини и алати и сл.).

[88] Душко Стојанов, *Белеѓ на едно време*, Штип 2007, стр. 14 (Курсевите ги држеле стручни лица, техничари и агрономи. Најдобрите биле и наградувани со кројачки ножици, калемарски ножиња и други алати кои би ги користеле понатаму. Во расадниците биле носени разни лозови и овошни калеми од Србија, така што лозарите во овој период купувале квалитетни дрвца со декларација.).

[89] Тодор Мировски, *Стопанството на вардарска Македонија*, Скопје 1998, стр. .50.

конвенцијата, но опиумското прашање останало нерешено од тогашното Министерство за трговија и индустрија, кои се покажале како недостојни и незаинтересирани.

Афионовото семе и производството на масло било доста застапено во овој период. Велес бил еден од водечките градови со најголем број шарлаганцилници. Од 1931 г. со донесувањето на одредени закони од Министерството за трговија и индустрија на штета на цената и увозот на маслодајни суровини, голем број индустријалци ќе доживеат огромни загуби и штети.

Најпрепознатлива индустриска култура за Македонија бил тутунот, кој од 1919 г. потпаднал под српскиот закон за монопол, со кој се ограничувало садењето и слободната продажба[90], но и откупната цена која била неспоредливо ниска и одлучувачка за засадувачите на тутун. Садањето на тутун во втората половина на 30-тите години било можно само со добивање на семе од Тутунските станици. Во овој период производителите ќе бидат целосно хендикепирани и покрај квалитетот на македонскиот тутун и неможноста за извоз во европските земји. Тутунот бил голема слабост на прилепчани, кои и до денес интензивно се занимаваат со оваа култура. Во градот од 1924 г. бил основан и Институт за тутут, научна институција која извршила големо влијание врз развојот и напредокот на тутуновата култура. До 1926 г. Институтот располагал и со одреден стручен кадар и научна служба, која работела на квалитетот и квантитетот на тутунот.[91] Во 1936 г. била донесена и одлука за изградување на зграда за институтот во Прилеп, градба завршена во 1940 г. Во втората половина на 30-тите години во градот била формирана и метеоролошка станица со потребна опрема за следење на климатските фактори важни за приносите од тутунот.

Во 1930 г. тутунска станица добива и Битола. Троспратната зграда со уште неколку помошни згради, магацини се наоѓала на излезот од Битола во близина на црквата „Св. Недела" со околу 800 вработени. Посебно внимание привлекувало уреденото дворно место.[92]

Во текот на 1931 г. во Куманово била подигната Тутунска станица во која биле вработени 500 луѓе. Зградата имала 4 спрата и сутерен. Се

---

[90] Ibidem, стр. 66 (Според законот за монопол засадувањето и извозот на тутунот биле ограничени. Засадувачите се делеле на лица кои одгледуваат тутун заради внатрешната трговија и лица кои произведуваат за извоз.).

[91] ДАРМ, ПО Прилеп, Женско стручно домаќинско училиште „Мара Јосифовска" – Прилеп (1919 – 1961), к. 1, несреден фонд. (Меѓу стручниот кадар се споменуваат инжињерот Рудолф Горник, Владимир Јасински, Нестор Бошкоски, Антоние Горлиќ и др. Во текот на 1928 г. Бошкоски и Горлиќ биле испратени на едногодишна специјализација во Грција запознавајќи се со процесите на ферментација и манипулација на тутунот во реоните на Солун, Ксанта, Драма и Кавала, од каде биле собрани и семенски материјали од сите тогашни видови на тутун. Во 1931 г. се започнлао и со распоредување на тутунот по реони, Струмички, Радовишки, Кочански, Велешки, Кавадаречки, Гевгелиски, Битолски, Прилепски и Тетовски.).

[92] Весник „Вардар".

простирала во должина од 121 метар. Имала голем двор, неколку згради кои служеле за администрацијата, трепезарија итн. Станицата имала и модерна зграда со водовод и купатила. Одделенијата биле паркетирани. Вработените во монополот се истакнувале и со своите самоиницијативни организации. Бил формиран тамбурашки оркестар и пеачки хор, кој го водел Душан Станковиќ, наставник по музика во Кумановската гимназија.

Со посебен закон од триесетите години тутунопроизводителите единствено можеле да произведуваат тутун со одобрување на опитната станица од каде добивале и семе.

И производителите на ориз во овој период ќе доживеат целосен неуспех, пред се заради примитивното обработување. Државата како и за останатите индустриски квалитетни култури и доста важни за економската состојба на производителите, не била подготвена да направи нешто за нивно рекламирање и извезување.

За населението од Јужна Македонија, пред се градовите како Струмица, Валандово, Дојран и Гевгелија, доста важно било и свиларството, кое во повоените години барало подигнување и засадување на нови градини со црници. Пасивноста на државата ќе се почувствува и во развојот на оваа стопанска гранка, која нема да превземе мерки и по падот на цените на овие производи. Таа ги игнорирала идеите и обидите за подигнување на свиларска фабрика во Македонија, со што само бил потврден уште еден неуспех.

Присуството на македонските планини, како Шара, Баба, Малешевските, Осоговските планини, Козјак, Скопска Црна Гора, ќе бидат значајна одлика за развојот, иако недоволен во овој период, на сточарството, на кое пак се гледало како економски приход за семејствата во вардарскиот дел од Македонија. Ниската цена на ситниот и крупниот добиток, несоодветните и непланski закони на државната власт и во овој домен се покажале како поразителни и штетни за македонското население.

Доста застапено било и пчеларството, посебно во периферијата и околиите на градовите, каде постоеле услови за исхрана на пчелите и поставување на кошинците. Љубителите на оваа дејност биле организирани и во посебни друштва и задруги. Познат пчелар бил штипјанецот Крум Ефремов кој дури и организирал курсеви по пчеларство за сите оние кои одгледувале пчели и произведувале мед. На курсевите од 1923 и 1930 г. учествувале пчелари од цела Брегалничка околија.[93] Во 1934 г во Скопје била формирана подружница на белградското друштво „Пчелар", кое го доставувало и своето истоимено гласило достапно само за оние членови кои редовно ја плаќале членаринатa. Во 1936 г. пчеларска задруга била формирана во Битола, која понудувала одлични услови за развој на печеларството посебно во

[93] Димитар Биков Мики, *Штипјани*, Штип 2002, стр. 419.

нејзината селска околина. Задругата имала за цел афирмирање на пчеларството и негово рационално искористување. Во градот биле одржувани и практични курсеви, а меѓу учесниците се сретнувале трговци, занаетчии, учители, индустријалци, службеници и др.

Развој на индустријата и трговијата

Стопанскиот развој во вардарскиот дел од Македонија претставен преку развојот на индустријата, трговијата и сообраќајот, бил од големо значење за целокупното население. Тоа беа гранките кои го одржуваа населението и неговото секојдневие, исполнето со премногу прилагодувања во зависност од развојот на овие гранки.

Ова е периодот кога не може да се говори за некој поголем и интензивен развој на индустријата и тоа лесно преработувачката и покрај тоа што како територија Вардарска Македонија понудувала рудно богатство, неискористена водена сила, индустриски растенија и суровини, како и лесен пристап до значајните извозни пазари. Модернизацијата во индустриските капацитети започнува да навлегува некаде околу 20-тите години, кога се прават обидите за регистрирање на трговските претпријатија, поголеми или помали, сите подоцна опфатени од трговско-индустриската комора.

Во овој период во Вардарскиот дел од Македонија имало: мелници[94], рударски претпријатија, текстилни претпријатија[95], фабрики за сапун и други хемиски производи[96], електрични централи, печатници и фабрика за книжни ќесиња, односно картонски производи, тулани во Велес, фабрики за мраз, фабрики за масло[97], металургиски претпријатија, фабриката за свилен конец[98], фабрика за млечни производи, фабрика за

---

[94] Мелничката индустрија била претставена преку повеќе од десетина автоматски мелници во Скопје, Штип, Битола, Струмица, Прилеп, Велес и др. места, кои не ги задоволувале потребите на Македонија, така што големи количини на брашно се увезувале од Србија.

[95] Од модерните текстилни претпијатија значајни биле оние во Тетово, Битола и Струмица, кое претпијатие располагало и со модерна влечарница и предилница. Овие претпријатија постојано се опремувале со модерни и современи машини купувани од Германија и САД за изработување на памучни и волнени производи, наменети за домашните пазари, но и за пазарите во останатите делови од Кралството.

[96] Во овој период имало шест фабрики за сапун, од кои три во Скопје и три во Битола.

[97] Голем и модерен напредок забележале шарлаганцилниците во Велес каде во 1922 г. познатиот трговец Ѓоко Органциев го основал и првото модерно индустриско претпријатие лоцирано во непосредна близина на железничката станица, кон кое се приклучиле останатите стопанственици основајќи го Велешкото шарлаганциско друштво.

[98] Марина Апостоловска, *Стари семејства, Абакус комерц, Скопје 1999*, стр. 173-175 (Од 1932 г. во Гевгелија започнала со изградба на комплекс фабрики на браќата Лазар и Ванчо Ралеви. Најнапред била изградена сопствена електрична централа, па филатура или одмотачница на свилената буба, моторна мелница за црвен пипер, подрум за производство на вино и ракија. Филатурата била опремена со машини донесени од Унгарија, Германија, Грција и др. земји, а започнала со работа во 1937 г. со околу 150

овошје и зеленчук, фабриката за свилени шамии[99], фабрика за чадори, фабрики за дрвна и металска покуќнина, пилани, пиварници[100], фабрики за кожа, фбрики за мраз[101], фабрика за тестенини, односно за макарони и фиде[102], фабрика за лупење ориз, фабрика за коњак и ликер, фабрика за лекови[103], фабрика за конзервирање на риба,[104] двете фабрики за бонбони во Битола[105] и Скопје, монополите за тутун[106] и сл.

Повоените претпријатија се карактеризирале со мали производствени достигнувања, минимален капитал, примитивна технологија, поради која сопствениците биле принудени да вработуваат поголем број од градската работна сила, но не ретко и од селската поблиска околина. Речиси сите соработувале со значајните европски центри, пред се заради трговската извозна размена.

Каков и да беше развојот на индустријата, неминовен е фактот дека тој даде можност за навлегување на новото и модерното. Стопанствениците секој на свој начин ќе се обиде да внесе нешто модерно во начинот на производството, настојувајќи да го зголеми својот принос, оставајќи белег во своето секојдневно опстојување.

Перидот меѓу двете светски војни ќе одбележи повеќе македонски градови како значајни трговски центри, кои ќе се обидат да се прилагодат на изменетите економски услови. Ќе се развива внатрешната и надворешната трговија во доменот и насоката која е овозможена. Извозната трговија предничела, посебно кон Грција која имала потреба од

вработени. Главна дејност бил свилениот конец, кој во фабриката го носеле сите одгледувачи на кожурци, а преработката била извезувана во Скопје, Нови Сад и Софија.).

[99] Фабриката за свилени шамии била сопственост на познатиот скоспки трговец Агоп Дикицијан, кој во градот поседувал и трговски складишта, а имал отворено и погон за чевли.

[100] Изобилието на јачмен било пресудно за подигнувањето на двете пиварници во Скопје и Прилеп. Скопската пиварница била отворена во 1924 г. од чехословачки стопанственици.

[101] Првата фабрика за производство на вештачки мраз била отворена во Штип во 1931 г. во сопственост на Стојан Шеќеринов. Локалното население вообичано со мраз се снабдувало од замрзнатите реки или пак со замрзнување на снегот во наменски копани дупки каде се наталожувал за да замрзне. Дупките со мраз биле карактеристика и за останатите градови во Македонија.

[102] Првата фабрика за макарони била подигната во 1924 г. во Скопје од чехословачки стопанственици.

[103]Фабриката за лекови Алкалоид, сопственост на браќата Софроние и Филип Огњановски во Скопје, била изградена 1936 г. По добивањето на дозволата за градење, на која се чекало долг период, биле вработени повеќе стручни лица, со кои се започнало произведувањето на првите лекови како морфиум, патаверин – против болки и кодеин – против кашлица, подоцна извезувани и во странство.

[104] Фабриката била сопственост на далматинецот Кузме Мордешиќ, а рибата за конзервирање се носела од Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.

[105] Весник „Вардар" (Квалитетот на битолската фабрика за чоколади, бонбони, алва и бисквити Герас, бил потврден и на меѓународната изложба во Лондон во месец јуни 1933 г. на која била наградена со златен медал. Фабриката имала свое претставништво во Солун, а и свои застапници во Белград.).

[106] Најпознати биле монополите во Прилеп и во Велес во кои биле вработени многу работници од градот и околијата, како и познати мајстори од просторите на целото Кралство.

животни продукти. Се извезувале градинарски, индустриски, сточарски култури и занаетчиски производи, меѓутоа во доста големи количини се увезуваа готови индустриски производи. Впечатлива била трговијата со кожи и текстил. За пренесувањето на продуктите се користеле разни средства во зависност од развојот на градот и превозните средства кои се навлезени. Во Струмица до 1936 г. за пренос на трговските стоки се користеле и камилите сопственот на Ѓорѓи Георгиев.[107]

Но од средината на 20-тите години катастрофално поразителни се покажале политичката поделба на територијата, како и нестабилните и нерешени соседски односи на Кралството Југославија пред се со Албанија и Бугарија. И покрај тоа што се направиле важни проекти во железничкиот и патниот сообраќај, трговијата барала многу повеќе во тој однос. Непоседувањето на соодветен капитал, конкуренцијата на странските земји, неразвиената индустрија, премногу ниската цена на домашните производи која постојано и паѓала исто така многу влијаеле.

Сепак не може да се занемари и фактот кој вели дека недостасувале квалификувани и образовани трговци, кои би придонеле за некое повисоко ниво на развојот на трговијата. Самите временски услови барале од трговецот постојано образовно надоградување заради справување со стандардите и законите во оваа област. Не може да се рече и дека ги немало, но сепак нивниот број значително бил мал, за да може да се постигне некој видлив успех. Недостатокот на трговски морал неминовно мора да го споменеме, пред се кај еврејските трговци кои од Македонија извезувале значајни стоки во Грција.

Напредок постигнува и банкарството. Со поставувањето на своите стандарди, банките во вардарскиот дел од Македонија, како филијали на банките од Белград, Згреб и други градови, ќе го заземат местото на кредитори на локалното население, потиснувајќи ги дотогашните лихвари. Биле од голем интерес за трговците и индустријалците, учествувајќи и посредувајќи во сите нивни потреби во земјата и странство. Банките имале свои правилници за работа, според кој се однесувале и акционерите, за кои денес сведочат зачуваните архивски материјали. Најголем број од банките основани се во Скопје[108], но значителен бил и бројот на филијалите во поголемите градови како Велес, Битола[109], Куманово, Гевгелија,

---

[107] Во овој период семејството Георгиеви поседувале 12 камили со кои се вршело пренесување на шеќер, зејтин, сол, газија, брашно, свилена буба, градежни материјали на недостапни места итн.

[108] *Алманах....*, op.cit., стр. 138 (Во Скопје биле отворени банките како: Фрнацуско-српска банка, земјоделска Зираат банка, Државна хипотекарна банка, Прва хрватска штедилница, Извозна и прометна банка, Прашка кредитна банка, банка „Стара Србија", Трговска банка „Ибар", Скопска извозна банка, Трговско индустриска банка „Вардар" и др.

[109] Трајче Грујоски, *Битола, Дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток,* Битола 1971, стр. 87-91 (Кредитно банкарските услуги во Битола ги понудувале: филијалата на Народната банка на Кралството СХС, Државната хипотекарна банка,

Тетово[110], Охрид и др. Сите тие биле со одреден финансиски капацитет, кој се покажал како недоволен за задоволување и одржување на стопанските потреби. Како голем недостаток во модерното банкарство се покажал недостатокот од стручен кадар. Покрај улогата што ја имале за развој на трговијата, занаетчиството и индустриското производство, банките во овој период се покажале и како значајни за развојот на градовите. Народната банка во Скопје се појавила како финансиски инвеститор за изградба на Поштата, железничката станица, зградата на Банската управа, аеродромот и многу други објекти во тој период.[111] Но малиот капитал и високите камати биле пресудни за мошне малата полза што ја имало македонското стопанство од развојот на банкарството во овој период.

Одредени промени ќе се забележат и во поштенскиот сообраќај. Во главната метропола во 1926 г. за потребите на поштенските, телеграфските и телефонските службеници бил изграден Поштенски дом, наменет покрај за професионалните обврски и за организирање на забави, предавања, состанувања на чиновничките и хуманитарните организации и сл. Домот поседувал и богата библиотека. Поштенскиот сообраќај најголеми промени ќе забележи во Скопје со изградбата на новата зграда во 1939 г., која се наоѓала зад Офицерскиот дом. Зградата била изградена во српско-византиски стил, со најмодерна инсталација и централно греење. Во сутеренот на поштенската палата се наоѓала електрична подцентрала, котлара за парно и машинско одделение. Поштата располагала со над 50 простории опремени со современа опрема, раководена од стручни лица и два лифта за потребите на посетителите и вработените. Покрај поштенските ги регулирала и телеграфските и телефонските услуги. Користењето на телефоните не било нешто непознато, бројот на претплатниците секојдневно се зголемувал. Покрај државните служби, овој вид комуникација се воведувал во сите работилници, дуќани и сл., од чии броеви бил подготвен и телефонски именик. Иако во многу помал број *телефонски корисници ќе се појавуваат и во помалите градови.*

Како на најнова и надежна стопанска гранка се гледало во развојот на туризмот и бањите. За развојот на туризмот се поврзуваат многу други пропратни параметри како развојот на инфраструктурата, хотелиерството и сл., за што биле потребни големи парични средства, а државната власт

Битолска банка, филијала на Француско-српската банка, Преспанска банка, филијала на Трговско-индустриската банка „Вардар", филијали на Југословенската-трговска банка и филијала на Белградската обединета банка. Функционирале филијалата на Поштенската штедилница и Младинската задруга за штедење и кредит, како и повеќе странски осигурителни друштва. Во овој период забележителни биле и сарафите, односно поседувачите на дуќани или менувачници кои легално се занимавале со менување на странски валути.).

[110] Бранислав Светозаревиќ, *Тетовски спомен*ар *1919-1941,* Напредок, 1999, стр. 31 (Во Тетовската кредитна банка во текот на 30-тите години за првпат било организирано детско штедење, за што биле отворени 50 сметки за штедни влогови и исто толку челични касички.).

[111] Алла Качева, Слацица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 135.

не била заинтересирана за нивно вложување. Според податоците на друштвото Патник, во 1930 г. Македонија ја посетиле 15.854 странски лица, претежно од Балканот, Европа, Америка и Австралија.[112] Негрижата се забележувала и кон одржувањето на бањите, кои на оваа територија ги има многу, односно изградување на околни сместувања и уредување на патиштата по кои би се дошло до нив. Единствено власта инвестирала во Катлановска бања, каде бил изграден и хотел, причина за поинтензивно искористување и посетување на нејзините погодности. Но тоа незначи дека не биле посетувани, иако неуредени или делумно уредени и останатите бањи како: Косовратската бања на р. Радика, Дебарската бања[113], бањата Кежовица во Штип, Негорската бања во Гевгелија[114], струмичката бања Банско[115], бањата Тркање околу Кочани, Тетовската бања, Неготинската бања, Охридската бања и др. Сите тие биле под надлежност на општинските власти кои пак ги давале под концесија на одреден временски период.

Како и да е стопанството во Македонија не забележало некои драстични промени. Власта не се покажала, но и не сакала, соодветна за решавање на појавените економски проблеми. Воведувала закони, прописи и правила кои само го отежнувале економскиот развој, од кои најмногу биле погодени работниците и стопанствениците. Неразумната економска политика само ја доведе во прашање животната егзистенција на многумина, кои се обидуваа да го решат тој проблем

Електрификацијата и водоводот

Електрификацијата ќе биде вистинска револуција во секојдневието меѓу двете светски војни. Многу градови во овој период имале воведено електрично осветлување во размерите кои го дозволуваа, но начинот на кој е извршена електрификацијата бил на штета на граѓаните и општините. Скопје бил единствениот град кој одредено осветлување имал уште од почетокот на 20-от век. Од 1926 г. започнала да се користи тогаш изградената хидроцентрала на реката Пена кај Тетово, која била давана под концесија, како и останатите капацитети, зашто општината не била

---

[112]Тодор Мировски, *Стопанството*..., op.cit, Скопје, 1998, стр. 233-235.

[113] Весник „Вардар" (Дебарака бања која се наоѓала на крајот од градот во близина на селото Бањишта, била позната по својата врела и богата со сулфур вода. Претежно ја посетувало локалното население и жителите од Охрид, Битола, Прилеп и Струга заради непоседувањето на капацитети за сместување. Во Дебар имало само два хотелски објекти кои биле недоволни за побарувањата.).

[114] Негорска бања во Гевгелија во почетокот на 30-тите години добила и една зграда за сместување на посетителите кои доѓале на лекување. Со бањата управувало и стручно лице, лекар поставено од општинската власт.

[115] Бањата Банско била позната по своите топли извори и природната убавина од планината Беласица. Од 1933 г. била дадена под концесија на Лефтер Јановиќ, кој започнал со нејзино уредување. Во овој период бил изграден еден објект со две купатила, 20 соби и кујна со што донекаде се овозможило удобно сместување за посетителите.

толку финансиски силна. Во втората половина на 30-тите години за задоволување на потребите на градот била изградена и една калорична централа со два дизел мотора, а од 1928 г. започнала да функционира и хидроцентралата на реката Треска. Најголеми потрошувачи на енергија биле индустриските претпријатија.

Гевгелија издејствувала да добие од Германија мотор за електрично осветлување. Првата електрична мрежа била инсталирана во 1930 г.. Многумина во своите домови го вовеле електричното осветлување и плаќале по 8 динари за еден киловат, цена која била прескапа за нив.

Во Штип електричното осветлување според записите во весникот „Наша Стара Србија" било воведено во 1925 г., кога била осветлена Жупанијата. Во Гостивар во 1936 г. била пуштена во употреба мала електрична централа изградена на р. Вардар, односно на изворот Вруток по наредба на кралот Александар. Семејствата кои можеле да си го дозволат воведувањето на осветлувањето заради малиот напон имале можност од само една сијалица. Во Охрид првата електрична централа била изградена во текот на 1928 г., а во 1939 г. била пуштена во производство и првата хидроцентрала во село Рамне, за чии потреби биле вработени стручни лица, како машинисти, инженери и електричари.

Во Велес, електричното осветлување било воведено во 1928 г. За тие потреби на градот бил донесен хрватот Томо Вук, кој изградил електрична централа, која била од од котел од стара парна локомотива, адаптирана да произведува струја. Секоја електрична централа во тој период задолжително поминувала на технички прием, спроведен од соодветни инжињери. Централата работела на ќумур, а огревниот материјал се носел со воз. Уличното осветлување работело само навечер по неколку часа, а во домовите се користеле светилки со различна јачина, во зависност од собата, некаде биле ставани со појака, некаде пак со послаба јачина, доколку собата не е толку користена од семејството. Посиромешните ставале една до две светилки, преместувајќи ги од една во друга соба.

Електричната централа во Битола во почетокот работела на дизел мотор, а подоцна на саугас или дрво. Ги задоволувала потребите на граѓанството само за осветлување, додека за индустријата произведувала многу малку. Димитар Димиторвски се сеќава: „на Широк сокак струјата дојде на 26 декември 1924 г., многу народ се насобра. На периферијата бандера добивме 1937 г. Имаше газиени ламби и кога се купуваа им се кажуваше кој број стакло, дванаеска стакло на пример". Од 1924 г. електрификацијата на градот се случувала етапно, по домовите, основните и средните училишта, касарните и други објекти.

Електрификацијата била голем благодет за населението во вардарскиот дел од Македонија, кој го почувствувале дел од домовите, индустриските, трговските, занаетчиските, туристичките капацитети и други институции.

Голем проблем за населението било и водоснабдувањето. Веќе споменав дека потребите се задоволувале од бунарите и чешмите, но ова се годините кога ќе започне и воведувањето на водоводната мрежа. Во Скопје водоводна мрежа била спроведена уште од 1909 г., која се разбира не ги задоволувала потребите на градот. Новата мрежа била целосно готова во 1937 г., со која Скопје започнал да се снабдува со вода од изворот Рашче во непосредна близина на градот, а кој овозможил за кратко време голем број претплатници од сите приватни и државни институции. Велес со одобрение и финасирање од општината добил водовод во 1934 г., кога бил донесен и Правилник за употреба и ценовник за корисниците на водата од Дервенскиот поток.

2.4 Сообраќајот условен од модернизацијата

Патниот сообраќај

Начинот на живеење и модерните текови условиле и модернизација на превозните средства. Низ улиците најчесто можеле да се видат пајтоните и шпедитерските коли, кои биле и најбројни, но ова се годините кога започнуваат да се купуваат и користат автомобилите, автобусите, товарните возила, мотоциклите, велосипедите итн.

Во градот точно се знаеле каде се поставени пајтоните или фијакерите[116], каде може да се најдат шпедитерските коли, арабаџиски коли, кои семејства се занимаваат со превоз на патниците, колку чинат нивните услуги и сл. Пајтоните, секојдневно и за разни потреби ги користеле и богатите и посиромашните граѓани.[117] Се користеле за патување од еден до друг град, соочувајќи се со многу незгоди. Штипјанецот Трајко Јованов се сеќава: „Со пајтони се одело до

---

[116] *Здружението на фијакеристите и арабаџиите во Скопје* во текот на 1936 г. броело околу 500 членови. Во овој период на економска криза и секојдневно преживување, било забележано дека одредени лица кои имале било какви примања, како пензионери, занаетчии и сл., бараат дозволи за возење, потиснувајќи ги така професионалните фијакеристи, кои единствено опстануваат од оваа професија и истовремено остануваат без неа. Тука се надополнува и појавата на моторни возила, но големите трошоци кои ги имаат фијакеристите наменети за нахранување на коњите, за поправка на колите, за нахранување на семејството и сето тоа од парите кои ги заработувале од превозот на патниците. Затоа тие бараат од претставниците на трговската комора во Скопје да внимаваат многу повеќе кому издаваат дозволи, заради намалување на конкуренцијата и опстанување на професионалните фијакеристи и арабаџии.

[117] Пајтоните биле изработувани и се купувале од Скопје и Битола, но често се набавувале и од надвор. Пајтонциите имале посебно место во градот каде биле поставувани и од каде тргнувале. За нив постоеле посебни правила за возењето, одржувањето на хигиената, облекувањето, однесувањето и украсувањето на пајтоните, а биле организирани и во Здружението на пајтонции со седиште во Скопје. Пајтонциите имале и своја слава „Св.Тодор", празник веднаш по Прочка, ден кога сите пајтонции од градот оделе во црква, а потоа прославувале во некоја од кафеаните. Пајтонциите сообраќале секојдневно и дење и ноќе во секој период од годината. Се користеле и за веселби, посебно кога се правеле свадбите, но и за погребите.

Велес. Стојан Аџиниколов пајтонот како такси го користел и возел лето зимо до Велес, нозете му премрзнувале често и рано почина[118].

Сепак ова се годините кога во сите поголеми и помали градови[119] започнуваат од поимотните граѓани, трговци, индустријалци и лекари, да се купуваат автомобилите заради нивна лична употреба и задоволување на чувството за сопствено задоволство. Најбројни биле од марката Форд и Шевролет. Скопје[120], Битола и Штип биле градови со најголем број на возила. Нивната појава ги условила и појавата на бензиските пумпи од кои горивото се точело во шишиња или преку инка директно во автомобилите.

Автомобилскиот сообраќај допринел и за развојот на такси службата, уредена според правилата за јавен сообраќај, одредени од Управата на Полицијата.[121] Според правилата за возење возачка дозвола се добивало по полагање пред Испитната комисија при Градската управа на Скопје. Задолжителна била специјално изработена облека и капи. Сопствениците сами се грижеле за поправките и одржувањето на возилата.

Од почетокот на 30-тите години автомобилите можеле веќе да се купат и во салоните за автомобили на браќата Поповиќ, Асео Сабатаи и на Ментеш Колономос од Скопје, дотогаш претежно биле носени од европските градови. Во салонот на браќата Поповиќ имало и работилница за одржување на исправноста на автомобилите од страна на стручни лица - автомеханичари.

---

[118] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип.

[119] Стефан Коцевски, *Првите сопственици на автомобили во Кратово*, во Музејски гласник, Кратово 2008, 80 (Првиот автомобил во Македонија се појавува во 1905 г. во Битола, а потоа и во Скопје во 1911 г.).

[120] *Алманах...*, op.cit., стр. 188, (Во Скопје браќата Поповиќ биле застапници, односно поседувале автомобилска, електротехничка и техничка работилница. Автомобилската работилница понудувала автомобили Форд, трактори Фордсон, автомобилски гуми од марката Континентал, Мишелин и Фирстон, бензин и уље Шел. Електротехничката работилница понудувала целокупен електричен материјал за слаба и јака струја, електромотори, радиоапарати Телефункен, а техничаката работилница пак електрични пумпи Вогел, кади умивалници и сл.).

[121] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во Скопје 1918-1941*, Скопје 2002, стр. 84 (Според правилата за јавен сообраќај во Скопје такси службата се уредува од 1924 г. Таксистите возеле во две смени, а во периодот кога не работеле, ги оставале колите на одредени станици. Не смееле да примаат повеќе од еден патник до шоферот, на предното стакло морало со црвено да се испише ТАХІ, а под тоа да се означи бројот на патници, не смеело да се превезуваат животни или болен човек со други патници. Шоферите морале да бидат пристојни, да не пцујат, да не пушат, да не пијат или да се караат. Сообраќале според сообраќајните знаци поставувани низ улиците. Најстрого било забрането возење на автомобили низ градот побрзо од 10 км на час, а возачите требало со труба да свирнат кога преминувале од една на друга улица, кога доаѓале на раскрсница или преминувале преку мост, за жандармите и минувачите да знаат во кој правец се движат автомобилите. Ако оделе напред-свирнувале еднаш, лево-трипати и десно-двапати. Оние кои не се придружувале кон овие правила биле казнувани со 150 динари казна или 20 дена затвор.).

Според архивските документи од 1931 г. во Велес имало 14 патнички автомобили, 17 теретни автомобили и 2 моторцикли.[122] Во Кратово првите патнички автомобили биле купени во 1928 г.[123] Автомобилите започнуваат да се користат за секојдневните потреби. Со нив се одело на прошетки, на одмори, на екскурзии, за што сведочат и многубројните фотографии од домашните архиви. Не изостанувале ниту автомобилските несреќи за кои се пишувало во дневните весници.

Забележителна била и појавата на автобускиот сообраќај во дел од градовите, каде се формирале автобуски претпријатија, кои пак овозможиле да се појават многу професионални шофери за кои постоеле соодветни обуки, правила за полагање и добивање на дозволи. Во Скопје во 1934 г. било формирано автобуското претпријатие „ВАП" на браќата Поповиќ, кое поседувало 30 автобуси, кои пак сообраќале на линиите Скопје-Дебар-Охрид и Гостивар-Кичево-Охрид. Тие имале подготвено и свој автобуски возен ред, така што точно се знаело кога и од каде тргнуваат автобусите.[124] Во Гостивар превозните услуги ги задоволувала компанијата „Браќа Поповиќ" со своите три автобуси, од кои еден бил наменет за Галичник, еден патувал до Лазарополе и еден до Дебар и Скопје. Во Битола до 1928 г. патниците имале на располагање 40-45 такси возила, чиј број со појавата и користењето на автобусите видно се намалил. Во 1930 г. било основано транспортното претпријатие „Југ", кое располагало со 14 автобуси користени за линиите кон Градско, Охрид, Дебар и Кичево.[125] Редовни линии од 1936 г. имало и за релацијата Битола-Корча (Албанија).[126] Во Штип било доста познато автобуското претпријатие „Експрес", кое понудувало превоз до градовите како Велес, Струмица, Кочани, Радовиш.

Како и за сите возила така и за сопствениците и возачите на автобусите постоеле одредени првила кои морале да ги почитуваат, а се однесувале на одржувањето на хигиената, облеката на вработените, почитувањето на патниците и сообраќајните правила и сл. За превозот имале подготвено и ценовници истакнувани на видно место во автобусите. За многумина овој превоз бил скап и го сметале како привилегија на службениците кои најмногу го користеле. Тие биле и поттик за развојот на

---

[122] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941, к.1, 9.3.2.147/576 (Од патничките автомобили 7 биле од марката Ford, 2 од Rugbi, 1од Fiat, 1од Dodz, 1од Tragha, 1од Wilis и 1 од Chevrolet; 10 со 3-4 седишта, 3 со 5-6 и 1 со 7-8 седишта.).

[123] Стефан Коцевски, *Првите сопственици на автомобили*..., op.cit., стр. 80 (Сопственици на првите автомобили во Кратово биле: Ристо Атанасов Цреваров, Александар Поцев Велинпоцев и Мијалче Мијалков Бугариски.).

[124] Весник „Вардар" (Од 1933 г. претпријатието имало прецизен возен ред за релацијата Скопје-Тетово-Гостивар-Охрид и Гостивар-Битола. Автобуската станица во Тетово се наоѓала пред хотелот „Јадран". Покрај канцеларија имале и гаража во која секогаш се наоѓал по еден автобус како резерва во случај за итни потреби.).

[125] Трајче Грујоски, *Битола, Дејството на основните фактори врз општествено-економскиот развиток*, Битола 1971, стр. 80-81.

[126] Никола В. Димитров, *Битола*, урбано географски развој, Битола 1998, стр. 66.

туризмот, така што со нивното сообраќање многумина можеле да посетат одредени привлечни дестинации ни територијата на Македонија, пред се цркви и манастири. Сообраќајните автобуски несреќи не биле исклучок.[127]

Интензивните промени во секојдневието наложувале неминовен развој на товарниот превоз и со камиони. Најголема потреба од камиони се забележувала во тутунската индустрија, за чија потреба биле донесени камиони прво од марката „Бенц", а потоа и од марката „Интернационал".

Сопствениците на моторни возила биле организирани во Здружение на територија на Трговско-индустриската комора во Скопје, кое имало и своја слава, Свети Илија. Од 1932 г. сите моторни возила во Скопје и околината биле обврзани на годишни регистрации и прегледи. Со наредба на управникот на полицијата точно биле потврдени датумите во месец јануари кога ќе се вршат регистрации на моторните и товарни возила, фијакерите или пајтоните и велосипедите.

Користењето на мотоциклите и велосипедите не било нешто непознато за македонското граѓанство. Секој корисник, па дури и на велосипедите задолжително требало да поседува годишна возачка дозвола. Можеле да се купат од салоните во Скопје и Битола, но често биле купувани и од надвор.

Железничкиот сообраќај

Урбан развој, карактеристичен за меѓувоениот период забележува и железничкиот сообраќај, пред се воден од политичките потреби на власта, која настојувала со овој вид на мрежа да го поврзе Скопје со западна Македонија односно со Битола, а на исток да овозможи доближување до бугарската граница[128]. За време на воените години железничката мрежа забележала големи оштетувања, така што од 1919 г. власта започнала со привремена обнова насочена пред се кон расчистување на железничката линија и станиците *за нивно оспособување за сообраќај, расчистување и поправка на тунелите и* мостовите[129], реконструкција на линиите, менување на шините и сл. Од 1921 до 1925 г. за потребите на овој сообраќај биле изградени голем број на објекти. Нови железнички станици со службени и станбени простории се изградиле во Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Гевгелија, а за најубава и модерна важела железничката станица во Градско, каде истовремено била обновена

---

[127] Весник „Вардар" (Голема автобуска несреќа се случила во месец април 1936 г., кога автобус полн со патници од струмичкото автобуско претрпијатие се превртел во реката Брегалница кај Ново Село на патот Штип-Струмица. Покрај повредени имало и двајца загинати.).

[128] Во овој период значајно било градењето на линијата која го поврзувала Скопје со Битола преку Прилеп, како и линијата Велес – Штип – Кочани.

[129] *Историја на железниците во Македонија 1873-1973*, Скопје 1973, стр. 164 (Според претходно подготвените проекти, мостовски железни конструкции биле порачувани од Чешка, а се искористувале средствата и материјалите добивани на име на репарациите од Германија. Во овој период биле обновени повеќе мостови на линијата Белград - Гевгелија, Велес – Штип и сл.).

работилниците за поправање на вагони и ложилниците. Се карактеризирале со богати декоративни фасади и композициони структури. На линијата Скопје - Гевгелија биле изградени нови станични згради, во повеќе села како Драчево, Пчиња, Влахчани, Згрополци, Кукуричани, Неготино, Дуброво, Клисура, Милетково и Смоквица.[130] Во Велес бил изграден и Дом на железничарите. Граѓаните гледале во железницата поголема можност за пласирање на нивните трговски и занаетчиски производи.

Пристигнувањето на првиот воз по градовите било невообичаено и несекојдневно доживување, станиците биле свечено украсувани, а се организирале и културно-забавни и спортски настани за локалното население. За управување со возовите се полагал возачки испит во Белград.

Во 1931 г. по силниот земјотрес во Валандовско, кој оштетил многу објекти и самата железничка линија, била покрената иницијатива за обнова на многу железнички објекти. Во тој период бил распишан и конкурсот за железничката станица во Скопје, во кој било и нагласено дека треба да се запази јужносрбијанската архитектура. Зградата била изградена и осветена во 1940 г. според проектот на архитектот Велимир Гавриловиќ, кој живеел во Белград и работел во Проектанското биро на Генералната дирекција на железницата.[131] Тој во овој период за потребите на железницата проектирал повеќе станични објекти и стражарски куќи.

Бројот на патниците во еден воз можел да се спореди со бројот на патниците во еден автобус, не се одликувал со некое удобно возење, а се патувало и долго, заради малата брзина што ја постигнувале.

На обновата на железничкиот сообраќај претежно работело локалното население и војската, додека за стручните работи бил донесен стручен кадар од другите делови на Кралството. Се искористувало и присуството на руските емигранти, кои го пренеле своето искуство. Работата била спроведувана со огромни нерегуларности на штета на обичните работници, чиј работен ден траеле и до 20 часа за многу ниска плата, заради што здружувањето на железничарите и нивните штрајкови во Скопје, Велес, Прилеп и др. места, под влијание на КПЈ и синдикалното движење биле се почести во државата.

Авионскиот сообраќај

Модерните и современи текови го наложиле неминовно и развојот на авионскиот сообраќај во границите кои и времето и годините ги дозволувале. Користењето на авионите за свои сопствени цели станало секојдневие за поимотните граѓани. Користењето на овој вид превоз се

[130] Ibidem, стр. 165.
[131] Кокан Грчев, *Архитектонските стилови во...*, op.cit, стр. 429.

олеснил со изградувањето на аеродромот „Скопје", кој се наоѓал на крајот од градот. Од 1936 г. постоеле редовни линии за Белград-Ниш-Скопје и Скопје-Битола-Солун обезбедувани и организиирани преку скопските и битолските агенции[132]. Преку целата седмица, освен недела, можело да се користи авионскиот сообраќај, за кој постоело и секојдневен распоред на летање. Цените биле различни во зависност од тоа од каде се полетува и понесувањето на багажот од страна на патниците. До местата од каде полетувале авионите - аеродромите, патниците бесплатно доаѓале со автобуси, за кои исто така имало редослед за тргнување и тоа 20 минути пред полетувањето. Така во Скопје автобусите тргнувале од пред кафеаната „Маргер", а во Битола од пред Француско-српската банка на ул. „Крал Петар", бр.16.

Багажот до 15 килограми не се наплатувал, но за секој килограм над оваа тежина се наплатувал по одредена цена и се пријавувал пред резервирањето на место. За децата до три години се наплатувало само 10% од цената, а за оние помеѓу три и седум години, на од картата доколку се бара посебно место за нив. Се ваделе и повратни билети, за кои имало 20% попуст и важеле два месеци од нивното вадење. Резервирањето се правело во соодветните Агенции. Попусти им следувале и на државните службеници, посебно на воените лица и офицери.

Аеродромот во Скопје имал своја слава „Св. Илија", одбележувана на 2 август со црковни обреди и прослави на кои присуствувале војската, цивилната власт и локалното население.[133]

Иако не во некои големи и широки размери сообраќајните средства сепак навлегуваат во употребата на населението, се разбира во границите кои им ги понудува самото време и власта која во овој период беше задолжена за негова контрола и негово водење. Сепак се виде првиот воз, се купија првите автомобили за сопствени потреби, се изгради првиот аеродром итн., што ќе значи навлегување на процесите на модернизација.

2.5 Македонското општество помеѓу традицијата и модернизацијата. Традицијата, обичаите и културата на живеење. Развојот на урбаното во градовите.

По завршувањето на воените години најголем дел од градовите ќе почнат да со соочуваат со нови промени и потреби. Потребата од целосна реорганизација целосно се чувствувала. Делумно или целосно разрушени,

---

[132] Во Скопје воздушниот сообраќај го организирале три агенции и тоа: „Аеропат" со адреса на ул. Аеродром Скопје, „Патник" со адреса на ул. „Крал Петар", бр.24 и „Влада Костиќ" со адреса на ул. „Крал Петар", бр.48. Во Битола таа задача ја имала агенцијата „Аеропат" со улица на Француско-српската банка „Крал Петар", бр. 16.

[133] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*... op.cit., стр. 88.

дел од градовите ќе добијат нови ликови. Карактеристично за сите се измешаните стари и нови влијанија. Во прицип останува поделбата на повеќе маала со карактеристични имиња од кои некои и денес се зачувани. Така во Велес биле карактеристични маалата како: Којник, Мегдан, Бузаана, Дворови, Дервента или Влашкото маало, Црна џамија, Долни пат или Долни дуќани и Брзорек или Прцорек, распоредени на двата дела од градот[134]; во Битола, Маџир маало, Чифте Фурни, Арнаут маало, Козак чешма, Јени маало, Бори мечка, Баирот и други; во Скопје, Пајко или Ибни маало, Чаир, Карадаг, Топаана, Чивутана или Еврејско маало, Крњево, Гази Менташ или Циганско маало, Влашко, Ново маало, Кисела вода, Дебар маало, Буњаковец, Тафаталице, Ханриево и др.[135]; во Штип имало околу петнасет маала како Кадидере, Свети Илија, Бело Брдо, Тузлија, Ашај Теќе, Грнчарско маало, Тополско маало, Ново Село, Стар Конак, Горно маало, Дамјаница, Карадаш и др.; во Гостивар познати биле Српското маало, Ново маало, Балиндолско маало, Џимицит маало, Сат маало и Бег маало[136]; во Охрид се споменуваат Месокастро, Горна Влашка маала, Варош и др.; во Тетово Горно маало, Колтук, Јајчаро маало, Два бреста, Певчина, Јаковчеа чешма, Долно маало, Долна Бања, Брезјанско маало и др.

Во зависност од населението и доселениците, кои ги имало во доста голем број, посебно во Скопје како главна метропола, но и во останатите градови каде има прилив на селско население, маалата ќе ги добиваат и своите белези. Ќе се поделуваат според професијата и националноста, ќе ги менуваат етничките елементи и традиционалниот изглед, ќе се обликуваат онака како што времето ќе наметнува нови форми и правила од општинските власти, кои почнуваат да се воведуваат од втората половина на триесеттите години. Во поголемите градови маалата целосно ќе почнат да го менуваат својот традиционален изглед, дозволувајќи целосно во нив да почнаат да преовладуваат модерните влијанија и градбите кои ќе произлезат од нив, за што допринесувале богатите семејства.

За маалата биле карактеристични тесните, криви и мали во должина улици, сокаци, во Битола познати и како чикмаци, но и тоа почнало да се менува. Дуќаните, кафеаните, ановите, фурните, чешмите[137] и сл. биле составни делови. Често низ нив можеле да се сретнат и слушнат

---

[134]ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941, к. 2, 9.3.2.99/256-257 (Меѓу овие архивски документи често наидував на имиња и на други маала како: Поп Јорданови, Теќе, потоа Турците во градот ги споменуваа трите маала каде биле најмногу населени како: Црна џамија, К'и маало (кај Железен Мост) и Баир маало.).

[135] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓоѓиовска, *Животот во…*, op.cit., стр. 21.

[136] Во меѓувоениот период во Гостивар најголем број од населението го сочинувале Македонци и Турци.

[137] Секое маало имало своја чешма со која се задоволувале потребите на куќите до спроведувањето на градскиот водовод.

надвикувањата на занаетчиите, во обидите да ги продадат своите производи, како и гласовите од детските игри.

Главните улици биле именувани како крал Петар, крал Александар, цар Душан и принц Ѓорѓе, а во овој период ќе започне нивно калдармисување, преуредување и проширување, од страна на посебни мајстори калдрмации, пропратени со модерни тротоари. Во некои градови во втората половина на 30-тите години се направил и обид за заменување на калдрмата со камени коцки. Посебно внимание привлекувала главната улица Широк сокак во Битола или улица Крал Петар, покрај која биле лоцирани најубавите и модерни објекти, хотели, продавници, аптеки, кафеани и сл. Во Гостивар калдрмата со вардарски камен, во 1935 г. била заменета со камени коцки. Се правеле и тротоари, а почнале да се поставуваат и сообраќајни знаци. Голем напредок и модернизирање забележал Охрид од втората половина на 30-тите години со уредувањето на улиците и нивното проширување, уредувањето на тротоарите, чаршијата, парковите и сл. Посебно внимание било посветувано на хигиената на улиците и јавните објекти, како и односот со странските туристи, за која цел бил формиран и посебен одбор кој би се грижел за нивното сместување во хотелите и приватните станови. Општинските земјишни парцели покрај брегот Горица биле дадени за откуп и градење на приватни вили со одобрување на градежното одделение кое имало за цел да создаде модерна туристичка населба.[138] И главните улици во Велес биле целосно калдармисани, преуредени и проширени, преставувајќи го на еден начин шеталиштето во градот, на кое ќе се надополни и паркот Соколовец.[139] Општината постигнала договор за целосно осветлување на овие улици, со што е можно поголем број на сијалици.[140]

Главните улици ќе го претставуваат шеталиштето или плоштадите во градовите. Остатоците на тие калдрми многумина ги потсетуваат токму на тоа секојдневие.

Биле осветлувани со фенери или ламби на петролеј[141], а подоцна и со електрични светилки. За одржувањето на хигинета која во почетокот не била на завидно ниво, биле задолжувани самите општини. Власта преку разни законски мерки ќе се обиде да ја регулира и донекаде да ги наведе граѓаните на соодветно однесување и стекнување на навики за одржување на хигиенските услови како во домовите така и на самите улици. Се предвидувало чистење на улиците, дворовите, шталите, клозетите и фрлање на ѓубриштето надвор од градовите. Штипјанецот Трајко Јованов

---

[138] Весник „Јужна Србија".

[139] Види, Јасмина Најдовска, *Секојдневниот живот во Велес меѓу двете светски војни 1918-1941*, магистерски труд во ракопис.

[140] ДАРМ, ПО Велес , ф. Општина велешка 1918-1941, к. 1, 9.3.1.16/60-74.

[141] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип (За фенерите беше задолжен посебен човек во градот. Во Штип имаше еден Гано и велеме, Гано пали, Гано гаси.).

се сеќава: „улиците моравме да ги чистиме, не опоменуваа до трипати, а потоа ни пишуваа парични казни“.[142]

Биле задолжувани соодветни лица-чистачи кои својата дејност ја извршувале со помош на двоколки, магарињa, метли и лопати, сопственост на градската коњушница, односно општината, секојдневно, освен недела и за време на празниците, во определен временски период, претпладне и попладне. Точно било предвидено каде и кога јавните објекти (а тука спаѓаат и дуќаните) можат да го фрлаат ѓубрето, за што се наплатувала и даночна такса, одредена според видот на објектот. Строги правила, па дури и парични казни биле пропишувани за занаетчиските и трговски дуќани, на кои од крајот на 20-тите години им било наметнувано да поседуваат и канти со капаци, заради отпадниот материјал кој го исфрлале неконтролирано. Заради заштита на граѓаните од прашината во овие улици, велешката општина кон крајот на 1929 г. успеала да дојде и до еден автомобил со резервоар од 1.000 л. вода и прскалица.[143] Автомобили со вода и прскалици биле набавувани во речиси сите поголеми општини. Рутинска контрола по улиците вршеле и старешината на чистачите, општинскиот амбулантар и контролор, согледувајќи и оценувајќи ја нивната хигиенска состојба.[144] Во Кочани граѓаните обврзани биле да изградат и клозет за своето семејство, а по улиците било забрането слободното пуштање на домашните животни.[145]

Чешмите и бунарите биле незаменливи. Ги имало на самите улици или во дворовите. Штип бил познат по бројноста на чешмите. Вера Стојнова се сеќава: „на чешмите ред се чекаше со саати, но водата ни требаше, моравме да наполниме, за бањање, за перење...“[146]

Одржувањето на хигиената се покажало како голем проблем во градовите. Во градовите покрај кои минувале реки како Скопје, Битола и Велес, Гостивар, присутни биле и поплавите во зимските месеци кога се топеле снеговите или во месеците кога врнежите биле засилени. Во Битола излевањето на реката Драгор било често заради оштетувањата на бреговите за чии санации одлучувала и се грижела власта, а сетоа тоа претставувало и оптеретување на буџетите. Канализацијата исто така била голем проблем. Тоа е времето кога функцинорале каналите и септичките јами кои редовно морало да се чистат, а со воведувањето на водоводот и посебните санитарни чворови.

Посебно разубавување за улиците биле дрворедите од багреми и липи, најизразени покрај скопските улици. Заштитни знаци биле и саат-кулите, секоја со посеба убавина и историско минато. Саат кулите во

---

[142] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип.
[143] ДАРМ, ПО Велес , ф. Општина велешка 1918-1941, к. 2, 9.3.2.132/554.
[144] Ibidem.
[145] ДАРМ, ПО Штип, ф. Суд на општина Виница, несреден фонд.
[146] Сеќавање на Вера Стојанова од Штип.

градовите како Велес, Битола и Кичево[147] имале и неколку вековна традиција, изградени од турските претставници во 17. и 18 век.

Посебно важни во овој период биле кејовите поврзани со мостови во градовите, се разбира поделени со реки како Скопје, Битола, Велес и др., чија грижа преминала во надлежност на општините. Најголем дел од нив биле уништени или оштетни од воените години, така што по војната тие ќе се градат како репарација од Германија и Унгарија, но не била исклучена можноста за подигнување на мостови по барање на поединци. Мостовите градени како репарација биле железни, а Битола во овој период ќе добие 9 железни мостови, односно 14 дрвени и железни мостови, кои ги поврзувале кејовите на реката Драгор.[148] Именувани биле според имињата на улиците или пак со бројки заради полесно распознавање од општинските власти и водењето на евиденцијата. Освен за поврзување на два разделени дела, мостовите во овој период се користеле и за тргување, така што покрај нив често се сретнувале понудувачи на разни домашни производи. На самите мостови често биле поставувани и монтирани бараки.

Модернизирањето на улиците било условено и од развојот на патниот сообраќај кој допринесувал за честото гледање по улиците пајтони, шпедитерски коли, автомобили, мотоцикли, велосипеди, автобуси, товарни возила и сл. Но неизбежни биле и караваните од магарења, мазги и коњи. [149] Конструкцијата на самите градови посебно во Велес и Штип наложувала секое посиромашно семејство да поседува магаре кое го користеле во извршувањето на секојдневните обврски.

На главните улици за кратко почнале да никнуваат богати трговски продавници со модерни излози, како и дуќани на занаетчиските еснафи.

На главните улици секогаш биле забележителни и градските бањи или амами објекти останати уште од турскиот период, во кои локалното население ги задоволувало хигиенските потреби.[150] Во недостиг на градскиот водовод во Гостивар била изградена и бања со средства од приватно лице, долгогодишен печалбар од Америка.

---

[147] Саат кулата во Кичево била изградена во 1741 г., а срушена во 1939 г. по наредба на српскиот градоначалник на градот, кој со овој објект само се потсетувал на турското ропство, па затоа се решил на тој неморален чекор.

[148] Александар Стерјовски, Битола..., op.cit., стр. 146-156 (Битола во овој период ќе искористи монтирање на најголем број железни мостови како репарација. Од 1922 г. тој влегол во списокот на привилегирани градови, така што тогашното Министерство за градежништво ја презело функцијата за одобрување и монтирање на овие конструкции.).

[149] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941, к. 1 9.3.1.1/136-141.

[150] Амамите најчесто ги користело муслиманското населние, но имало и бањи каде одело и христијанското населние. Биле наменети за одржување на личната хигина. Имале пропишани правила за корисниците, во однос на посебната посета на мажите и жените заедно се децата. Амамите се обидувале да ја одржат хигиената на повисоко ниво, а биле вработувани и жени кои помагале. Познати турски бањи имало во Скопје, Штип, Гостивар и Дебар.

Општинската власт била одговорна за лековитите бањи во близина на градовите, кои ги давала и под концесија на одреден период. Во Тетово во 1926 г. била пронајдена минерална вода крај реката Пена во непосредна близина на градот од страна на словенецот Антон Славујиќ, кој бил донесен како државен службеник.[151] Водата во почетокот била користена за пиење, а подоцна и за бањско лекување. Во Штип бањата Кежовица исто така била давана под концесија од општинската власт. Коле Киров и неговата сопруга на два пати во овој период ја држеле под наем оваа бања.[152]

Свои белези низ улиците на градовите оставиле и турските градби безистени или покриени ориентални пазари, заштитни знакови на градовите како Битола, Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Штип, Велес. Се наоѓале во центарот на градот биле градени од камен, имале полукружен облик и во нив биле сместувани продавниците за месо, зеленчук, овошје, грнчарски производи и сл. Посебни обележја давале и џамиите. Во Гостивар имало четири џамии, од кои во 1924 г. една била запалена од српските власти. Уривање на џамии било забележано и во Велес.

Свој посебен секојдневен живот покажувала и чаршијата во секој од македонските градови. Карактеристично е тоа што најголем дел од градските чаршии го задржале својот ориентален изглед, вметнувајќи во себе и дел од модерната архитектура. До неа доаѓале речиси сите мали кривулести калдармисани улички. Најнапред таа за градовите претставувала средиште на занаетчиството, трговијата и сообраќајот, а потоа се друго. Таа била сведок на се што се случувало во овој период, сведок на развојот и падот на занаетчиите, на промените кои што ги донеле трговците, посебно влијанието на модата, сведок на развојот на сообраќајот и појавата на моторните возила, односно сведок на се она што прво доаѓало во градовите. Чаршијата била место за комуникација, за многу договори и планирања, простор за пренесување на сите вести и настани поврзани со градот, државата, па и светот. Чаршијата и нејзините дуќани биле собиралишта на прогресивните граѓани, младинци, студенти и ученици. Била сведок на првите штрајкови, напредни движења, синдикални организирања, на многуте културни манифестации, спортски одбележувања и сл.

Чаршијата полека, но сигурно добивала нов изглед, постигнат со идеите за современите текови и погледи за поседување на модерни дуќани. Ќепенците се исфрлувале, до израз доаѓале излозите, со кои се настојувало да се привлечат минувачите и купувачите.

По скопската стара чаршија, битолската била една од најубавите и најголемите. Таа се формирала од двете страни по течението на реката Драгор.

---

[151] Бранислав Светозаревиќ, *Тетовски споменар*, Тетово стр. 19 – 20.
[152] Димитар Биков – Мики, *Штипјани*, Штип 2002, стр. 793.

Во битолската чаршија се вкрстувале животите на повеќе вери, традиции и култури, погледите и мислењата на Македонците, Турците, Ромите, Власите, Евреите. Ја краселе модерните занаетчиски и трговски дуќани, кои ги задоволувале потребите на сите потрошувачи со различни вкусови. Секојдневно можеле да се слушнат странските јазици говорени од младите битолчани и битолчанки. Посебна убавина на чаршијата и давал големиот безистен или затворениот пазар.

Чаршијата била надгледувана од ноќни стражари, плаќани од сопствениците на дуќаните.

Просторот во чаршијата бил функционално поделен на дел каде биле сместени дуќаните и дел кој го сочинувале пазарите. Според производите што се продавале, пазарите се именувале како Бит-пазар, Ат-пазар, Житни пазар, пастрма Пазар, Којин пазар за ситен добиток, Ајван Пазар за крупен добиток, Пекмез Пазар, Дрвен Пазар, Ленски Пазар[153], Овчи Пазар и др. Секој град си имал свој пазаред ден и тие биле единствената можност за селаните да дојдат во градот и да го продадат тоа што ќе го донесат како свој производ, но и да го купат она што им недостасува за подолг временски период. Во овие денови секој можел да се види со пријателите, да поразговара, да слушне и да ги види промените, да прошета по дуќаните итн.

Посебен украс за градовите биле зелените паркови, засадувани со многу видови на дрва. Сите биле со уредени патеки, имале клупи, а дел од нив како оние во Скопје имале и мали базени и игралишта со справи за деца. Паркот „Кермес" во Гостивар нудел многу добра забава за младите Гостиварчани. Се пиело чај и кафе. Во Велес биле уредени два парка и тоа: паркот „Соколовец", кој се протегал по должината на главната улица „Крал Александар", на простор од 4 хектари, од каде се добивал поглед кон градот, долината на Вардар и железничкиот мост. Паркот бил иницијатива на „Друштвото за разубавување на градот"[154] и младите велешки соколи, кои го извршиле целокупното уредување на стазите, бетонските мостови, скалите и главната влезна капија, по кои и го добил името; Паркот „Крал Александар" бил поодалечен од центарот на градот, наоѓајќи се на десната страна на Вардар (во непосредна близина на денешната бензиска пумпа и спортската сала).[155] Со закон било забрането уништувањето на ова природно богатство, како и шетање по парковите надвор од одредените патни стази.

---

[153] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такец од Битола (Секое попладне на Ленски мост околу четири часот ќе се појавеа мезаџиите со шкембе џорба и кукурек. Од фурните ќе се појавеше пресно печен леб. Работникот ќе дојдеше со парче леб, а мезаџијата ќе му ставеше од чорбата. Но, тоа не беше еколошки чисто, цревата недоизмени, еколошки никакво, хасап системот никаков, ама беше слатко, сите јадевме.).

[154] Ibidem, к. 2, 9.3.2.132/554 (Друштвото за разубавување на градот егзистирало од 1925 г., меѓутоа се до 1930 г. не превземало некои посериозни активности.).

[155] Ibid.

Во Скопје парковите се граделе според модерните и современи правила и прописи за уредување. Најмодрени биле парковите Ислахане, Идадија и паркот кај хотелот „Балкан". Во паркот Ислахане имало и две трафики за производи и еден поголем ресторан кој општината го издавала под наем. Посебно внимание привлекувало игралиштето за деца до 6 години, уредено со справи, комплетна конструкција на пенали, конопи за лазење, даски за качување со дрвено мовче за скокање, лулашки, мал дрвен разбој, две шведски клупи, две дупки наполнети со струготини за скокање и мала ограда за за ситен бел песок.[156] Во паркот Идадија имало направено и стаклена бавча за одгледување на разновидни цвеќиња користени за засадување во парковите. Во паркот Идадија било изградено и модерно детско игралиште, засадено со дрва, справи за вежбање, за играње кошарка и патеки за трчање. Паркот кај хотелот „Балкан" бил изграден на местото на старите турски гробишта.

Скопје го красел и Зоолошкиот музеј формиран со цел собирање и проучување на зоолошкиот материјал, флора и фауна и нивно проучување, од кои произлегле многу научни трудови подготвени и публикувани од научниците присутни на овие простори. Во почетокот бил сместен во две простории од Просветниот дом.

За краток период била создадена збирка од птици од околу 200 видови. Комплетни биле збирките од сите видови на риби на Балканот, збирката од цицачи и инсекти. Музејот со закон ги зашитувал и ретките животни во овие предели од исчезнување, а имал задачи и да ги снабдува сите училишта со препарати користени во зоолошките збирки. Функционирала и зоолошката бавча организирана на местото на старите офицерските бавчи. Од 1927 се започнало со уредувањето, бил направен дел за разни видови на птици, дел за разни животни и сл.

Архитектурата условена од државните и приватните потреби

Територијата на Вардарскиот дел од Македонија претставувала значајна и мошне интересна архитектонска зона, која во периодот меѓу двете светски војни ги презентирала сите модерни влијанија. Самите временски услови наложувале тек со времето и вложување напори секојдневието да се олесни со модернизирање на средината во која се функционира.

Ова биле годините кога Македонија излегла од еден бурен период на последователни војувања и промена на државниот систем и политичкиот режим, кои се разбира оставиле еден дисконтинуитет, од кој требало мошне брзо да се излезе. Забележителна била потребата од градење и обновување на објектите во градовите. Сите тие промени биле и условени од општествените

[156] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 171.

сегменти, диригираната градежна политика, потребите на новата власт и администрација, но и развојот на приватноста кај граѓанската класа, која набрзо ќе почне да ги наметнува своите индивудуални традиционлани станбени објекти, но и објекти градени според најмодерните и тогаш применувани архитектонски влијанија и реализирања. Најзабележителни биле станбените објекти и нови архитектонски струења во Скопје, Битола, Охрид, Тетово, Струмица и Куманово, кои ќе допринесат за една невоедначена градска физиономија.

Во дваесеттите години во сите тие градби ќе се применуваат формите на северноевропскиот и средноевропскиот експресионизмот, како влијание кое што го наметнувале тогашните архитекти, актуелно на европската архитектонска сцена, односно повеќето објекти се изградени во ренесансен, барокен и неокласичен стил. На дел од објектите ќе се забележува настојувањето на власта за наметнување на „националниот стил" изразен низ т.н. „српско-византиски" стил.

На градежен план на самиот почеток владееле хаос и неорганизираност. Голем проблем во почетокот биле недостатокот на кадар и градежни материјали. Проблемите со архитектурата се забележувале во градењето и на приватните и на општествените објекти, кои полека ќе ја следат линијата на белградската архитектура. За кратко време ќе бидат донесени многу архитекти, урбанисти, градежни техничари, инжењери, на кои ќе им бидат доверени најзначајните урбанистички решенија. Дел од нив биле вработени во техничкото одделние на општината, а некои имале и технички бироа за проектирање и изведување.[157] Школуваната генерација на архитекти во Франција и Италија, како и руските градители емигранти, ќе донесат доста големи промени, со кои се напуштала дотогашната традиционална архитектура на Балканот, а се носеле актуелните европски струења. Новоформираното Министерство за градежништво ќе се обиде да воведе свои правила наменети за архитектонската струка, така што во 1924 г. бил донесен Законот за овластени инженери, односно биле донесени „Привремена уредба за основање инженерски комори во Кралството СХС" и „Привремена уредба за овластени инженери и архитекти во Кралството СХС", според кои оваа струка била официјализирана и дефинирана.[158] Во 1931 г. бил донесен и градежен закон со кој општините ги давале дозволите за градење по претходни увиди во плановите и самите облици и изгледи на планираните објекти. Сите тие правила

---

[157] Крум Томовски, Борис Петковски, *Архитектурата во Скопје меѓу двете светски војни (1918-1941)*, Скопје 2003, стр. 52-53 (Од архитектите и инжињерите кои имале свои технички бироа се споменуваат: Техничкото биро и претпријатие на овластениот градежен инжињер Кирил Д. Жерновски, Техничкото биро „Пролет" на Глигорие Томиќ, бирото на Иван Артемушкин, Бранислав Протиќ, Рудолф Вошта и др.).

[158] Кокан Грчев, *Архитектонските стилови во македонската архитектура од крајот на 19 век и периодот меѓу двете светски војни*, Скопје 2003, стр. 295.

и закони постојано ќе се менуваат и надополнуваат согласно потребите на Министерството, архитектонската и градежната струка.

За секој јавен објект неминовни биле и јавните конкурси, за кои активности постоеле дури и соодветни правила со кои се дефинирале начините, постапките и условите. Од овој период градежните објекти биле прилагодувани и пропратувани на примена на новите технологии во градителската дејност, бетонските конструкции, железото и сл.

Новата власт ќе започне со реализација на многу општествени, државни објекти, различни јавни и административни згради, како седишта на општини, банки, судски, воени, училишни институции, соколски домови, народни библиотеки, споменични обележја и др.

Скопје како главен административен центар, кој се повеќе се проширувал и бројно зголемувал, ќе доживее најголеми промени, архитектонски развој и модерни, современи урбанистички решенија, посебно на десната страна од реката Вардар, каде се изградиле раскошни објекти, палати и куќи, давајќи му на градот еден модерен и европски изглед, посебно изразени преку фасадните декоративни решенија. Ориентализмот полека ќе почне да се губи и потиснува, да се менува, односно да доаѓа под сенка поставена од новите градби. Дел од турските објекти, посебно куќите интензивно ќе се откупуваат и преадаптираат со нов изглед, додека дел од јавните објекти и ќе се срушат за на нивно место да се подигнат нови.[159]

Планската изградба на Скопје била голема заслуга на архитектот Јосиф Михајловиќ[160] во времето на неговото управување со општината, во која ќе учествуваат кадарот од инженери и архитекти донесен од Белград, но и од надвор, задоволувајќи ја така потребата на администрацијата од различни профили. Според неговиот генерален регулационен план, градот требало да се развива како модерен град, кој за задоволување на сите потреби на населението, треба да содржи трговски дел, административен, интелектуален центар, дел за домување, индустриска зона и центар за спорт и забава.[161] За сите тие потреби биле изградени: згради за општинската и банската управа,

---

[159] Свето Стаменов и Искра Чоловиќ, *Поглед врз старата скопска чаршија*, Скопје 2003, стр. 41 (Во овој период забележително било уривањето на Бурмали џамијата и турбето покрај неа, на чие место во 1924-25 г. била изградена зградата на Офицерскиот дом. На левиот брег на Вардар, покрај Камениот мост, во 1925 г. биле урнати Тудијем џамијата и Хибни Пајково турбе, на чие место биле изградени повеќекатници.).

[160] Јосиф Михајловиќ бил градоначалник на Скопје од 1929 до 1936 г. и од 1939 до 1941 г. Со него започнува модернизацијата во градот. Веднаш по неговото назначување бил направен и геодетски премер на градот, со први авионски снимања, урбанистички план на градот. Бил исклучително ценет од народот. Починал во март 1941 г., а на петчасовната церемонија, во погребната поворка имало повеќе од 15.000 граѓани.

[161] Крум Томовски, Борис Петковски, Архитектурата во Скопје меѓу двете... op.cit., Скопје 2003, стр. 32.

просветни згради, како основни и средни училишта[162], студентски дом и интернат, факултетска институција, детскиот дом „Крал Александар", здравствени и социјални објекти[163], индустриски, занаетчиски и трговски објекти[164], соколски дом, зграда на железничката станица, куќи за вработените во железницата, зградата на Црвениот крст, Вакуфската управа и др., сите именувани со имиња на личности од српската историја и култура.

Посебно место зазема уредувањето на плоштадот, за чие решение бил објавен конкурс во 1930 г., а самиот урбанистички план предвидувал истовремено градење повеќе објекти како Банска палата, Судска палата, Железничка дирекција, Штаб на армијата и Генерална дирекција на поштата. Кај овие објекти се забележувале елементите на традиционалната архитектура, посебно елементите на српската средновековна архитектура. Градбата на Банската палата била завршена во 1938 г. според проектот на чешкиот архитект Вјечислав Ј. Худак, кој во овој период работел во Кралската банска управа за Вардарска бановина.[165]

Најмодерни архитектонски решенија власта презентирала со дозволувањето за изградување на пространите и масивни објекти како Офицерскиот дом[166], Народниот театар[167] и Народната банка, за кои повикала познати имиња од архитектонската фела, како на пример рускиот архитект Вилијем Баумгартен, познат по градбите во Белгард, а негово решение била зградата на Офицерскиот дом. Сите тие објекти биле карактеристични по своите фасадни решенија, во чии декорации покрај елементите на народната архитектура, во многу од нив биле присутни ренесансните, барокните и класицистичките мотиви.

---

[162] Ibidem, стр. 46-47 (Најмодерни решенија биле применети на зградите за основните училишта „Ѓура Јакшиќ", „Доситеј Обрадовиќ", „Његош", „Д-р Златан Сремац" и женската гимназија.).

[163] Од здравствените и социјални објекти се издвојувале Окружниот уред, Заводот за инвалидско и социјално осигурување, Државната болница, зградата за училиштето за медицински сестри и др. приватни објекти како санаториуми.

[164] За овој вид на потреби посебно се издвојувале зградата на Трговската академија и зграда на Трговско-индустриската комора.

[165] Кокан Грчев, *Архитектонските стилови...*, op.cit, стр. 361.

[166] *Приватни живот код Срба у двадесетом веку...*, op.cit., стр. 574 (Офицерскиот дом се градел три години на местото на срушената Бурмали џамија. Поседувал модерна свечена сала наменета за организирање балови, изложби, концерти и други свечености, уредени со најмодерен инвентар и луксузни лустери познати по својата големина добиени на подарок од кралот Александар Карађорђевиќ. На кровот на зградата се наоѓал ресторан, наменет и резервиран само за одбраната елита во градот. Еден од редовните гости бил и банот Живоин Лазиќ, кој приватниот живот го поминувал доста луксузно.).

[167] Зградата на Народниот театар била целосно завршена во 1925 г., посебно пленела со фасадните решенија, стоечките фигури и релјефните маски аплицирани на самата фасада. Доста репрезентативни биле внатрешните ентериерски декорации, огледани во мебелот, декоративните украсни елементи, огромните луксузни лустери, ликовните и резбарски изработки, таванските решенија и сл. Со вакви решенија се одликувале и зградите на Банската управа и Офицерскиот дом.

По Скопје, Битола бил најубавиот град во вардарскиот дел од Македонија, кој исто така ќе забележи промена во архитектурата, градбите и сл. Градот претежно се развивал од десната страна на реката Драгор, каде и доминирало христијанското побогато население. Според подготвениот Регулационен план во Битола биле уредени фасадите на зградите во главната улица, шеталиштето на Тумбекафе, дел од улиците, уреден бил и градскиот парк, подигнати се јавните згради на филијалата на Народната банка и Окружениот суд, Митрополија, Царинарница, Офицерски дом, домот за стари лица[168], основни и средни училишта, многу приватни модерни објекти и сл.[169] Во градот од многуте козулатски претставништва останале само францускиот, италијанскиот и романскиот конзулат. Промените во градот ги носеле бројните офицери, трговци, адвокати, службеници, професори итн.

Струмица во овој период ги забележала објектите како: зградата на општината, домот на друштвото „Коло на српските сестри", домот на друштвото „Књегиња Зорка" и домот на грчко-католичката црква.

Со средства од општината градби забележува и Гевгелија. Во овој период на нејзина иницијатива биле подигнати административната зграда, домот на друштвото „Коло на српските сестри", Соколаната, мостот на Вардар и монополските магацини.

Во Штип пак биле изградени општинскиот дом, основно училиште, кланица, парно купатило, два бетонски моста, споменик на паднатите борци на Брегалница.

Охрид исто така забележува поинтензивна модернизација. Се градат неколку хотели, десетина вили со декоративни фасади, се уредува делот на плажата, зградата на Гимназијата посебно се издвојувала итн.

Во Куманово се изградиле погони за преработка на тутунот, магацински простор за ферментирање и управна зграда, Соколана, Занаетчиски дом, градска болница, општинска зграда, ловечки дом и др. Урбанистичкото уредување на градот му било доверено на чехот Карл Брош кој проектирал поголем број станбени објекти со приземје во кое биле сместени дуќаните и локалите со влезови од улица и затворен дворен простор од задната страна.[170]

---

[168] Весник „Вардар" (Потребата за сместување и згрижување на дел од старите лица, сиромашни или богати, управата на Вардарска бановина ја решила со изградување на првиот дом за стари лица во Битола. Во текот на 1933 г. домот имал 30 штитеници, од кои 12 биле женски претставнички. Дел од старите лица го завештувале својот имот на домот, а за дел од нив семејствата плаќале од 300-500 денари месечно. Биле сместувани лица и од другите градови како Охрид, Струмица и др. Некои од нив имале семејства, додека некои немале никој. На располагање имале и еден хонорарен лекар. Во 1934 г. дом за стари лица бил отворен и во Скопје кој исто така бил наменет за лица од скопската општина, богати и сиромашни, лица без или со семејство.).

[169] Трајче Грујоски, *Битола на мојата младост*, Битола 2007, стр. 102.

[170] Кокан Грчев, *Архитектонските стилови...*, op.cit, стр. 315-316 (Ваквата концепција била карактеристична за повеќе градови во Македонија, а на тој начин биле формирани и улиците во кои подоцна се сместувала чаршијата, концентрирајќи голем број содржини на едно место, а

Во Прилеп биле изградени повеќе објекти наменети за основни училишта, парк , Соколски дом, црква, занаетчиски дом, учителска школа, дом за народно здравје со бања, магацини за тутун и др.

Вардарскиот дел од Македонија забележал и споменични градби, реализирани по разни поводи, но сите тие ја одбележувале српската национална историја. Во 1924 г. во Скопје бил подигнат Спомениkот на паднатите војници од 1912-1918 г., на иницијатива на Здружението на демобилизираните војници и доброволци со одобрение на скопската општина, на левата страна на р. Вардар во близина на Камениот мост.[171] Во втората половина на 30-тите години биле подигнати спомениците како: спомениkот на крал Петар во с. Кучково, спомениkот на ученици-борци, подигнат по повод прославата на 20-годишнината од нивното регрутирање во српската војска во 1914-1915 г., спомениkот на крал Александар Први поставен во паркот на воениот магацин, спомениkот на крал Петар Први и крал Александар Први поставени за време прославата на 25-годишнината од „ослободувањето на Јужна Србија" на двете страни при влезот на мостот од страна на плоштадот „Крал Петар", споменичните скулптури во скопскиот парк на значајни личности од српската историја и култура како книжевникот Милош Перовиќ и др.[172] Во Велес биле подигнати споменици за војводите Јован Бабунски и Миливој Диниќ.

Во Битола биле уредени и Српските воени гробишта на загинатите војници и офицери во Првата светска војна. Во овој период доизграден бил Офицерскиот дом, Спомен-чешмата и шеталиштето од Офицерскиот дом до т.н. Александрово Брдо, односно до Тумбе Кафе.[173]

Меморијалниот комплекс на Кајмакчалан започнал да се гради во 1928 г., а од 1929 г. на православниот празник Петровден, започнало да се одбележува учеството на српски и француски војници во борбите кај Кајмакчалан. Спомен комплексот го сочинувале гробница-крипта, спомен капела, Мала камбана, Зграда за сместување и престој на посетители позната под името Црквен дом. Во Битола биле спроведени и архитектонските решенија за француските и германските воени гробишта.[174]

комбинирајќи го функционирањето со занаетчиски, угостителски, трговски и др. објекти. Во овој меѓу воен период, во Куманово биле изградени 488 семејни куќи.).

[171] Крум Томовски, Борис Петковски, *Архитектурата...*, op.cit., стр. 70.

[172] Ibidem, стр. 70-82.

[173] Ѓорѓи Танковски – Лилин, Никола Миновски, *Битола и Битолско во Балканските и во Првата светска војна (1912-1918)*, стр. 196.

[174] Ibidem, (Идејата за уредување Француските гробишта во Битола била спроведена на иницијатива на Франција, за што била формирана Централна комисија во Париз која имала за цел реализирање и собирање на посмртните останки на француските војници и уредување на локацијата за гробиштата. Собирањето на посмртните останки било реализирано со помош на битолчани кои биле распрашувани каде има гробови на француски војници, а потоа се вршело снимање на теренот, раскопување на гробовите и

Позната била капелата на паднатите борци во Брегалничката битка на местото Каленица и капелата на паднатите борци од 1915-1918 во облик на крст во византиски стил во Штип. Украс на градот бил и споменикот на генерал Ковачевиќ, кој претставувал Косовка девојка, која во рацете држи венец на мирот, а над нејзините нозе била поставена бистата на Ковачевиќ.[175]

Посебно внимание власта посветила и на уредувањето на воените гробишта, српските, француските, англиските и германските, споменични одбележја на загинатите војници во Првата светска војна.

Регулационите урбанистички решенија донекаде допринеле за модерните текови и изгледи на градските средини и одговарање на сите потреби на самото население и целокупната власт. Градежната активност иако ја покажува владината доминација, оставила еден забележителен белег на подигнување на нивото на секојдневието на варадарскиот дел од Македонија. Преку нив се овозможило следење на сите модерни текови и случувања во областа на политичките случувања, културно-просветните, социјалните случувања, достигнувањата на кинематографската, театарската и музичката дејност итн.

Архитектура, модерната и традиционалната

Најголем дел од куќите во вардарскиот дел од Македонија на поимотните граѓани биле препознатливи по својата архитектурата во надворешниот изглед, која од традиционална ќе започне да се променува, донесувајќи ги европските достигнувања. Воопшто овој период е познат

идентификација на закопаните војници. Посмртните останки биле собирани во наменски вреќи. Тие биле сместувани во посебни дрвени сандаци и преместувани во изготвените гробови во алејата на гробиштата во која биле сместени 6.128 идентификувани и 7.000 неидентификувани посмртни останки, лоцирани во непосредна близина на Светонеделските градски гробишта. Со учество на соодветни стручни лица било извршено инфраструктурно и хортикултурно уредување.

Церемонијата на свечено отворање на Гробиштата била одржана на 15 септември 1929 г., ден на битката на Добро Поле, за која бил испратен и повик до битолчани за декорирање на домовите со француски и државни знамиња, а забрането било и работењето на сите дуќани. Покрај многуте граѓани и ученици од основните и средните училишта, на свеченоста присуствувале и францускиот маршал Фрнаше д'Епре, францускиот амбасадор во Белград, Клеман Симон, и српски владини пратеници.

Германските воени гробишта во Битола биле изградени во северозападниот дел на градот на површина од 1.441 м^2, земјиште кое германската влада во Битола го побарала мај 1930 г. Уредувањето на гробиштата со 3.406 германски војници, познати како Тотенборг, било завршено и свечено одбележано во 1936 г. со црковен обред извршен од српскиот патријарх Варнава, како и говори од германските државници и конзуларни претставници од повеќе земји.

[175] Јелисавета Фетка Бојаџиска, *Штипска*..., op.cit., стр. 43-44 (Споменикот бил направен од бронза, бил висок над десет метри и тежок повеќе од два тона. Над споменикот имало плато со клупи за седење, каде секоја недела претпладне воената музика свирела наседнатa на столови во полукруг.).

по европеизацијата на градовите, кога најголем дел од градбите ќе започнат да ги следат светските достигнувања. Во овој период интензивни градби имаме во Скопје и Битола. Битолчани се сеќаваат дека токму тогаш од печалба се вратиле многумина, кои своите пари ги вложувале во изградувањето на современи домови. Интензивно се откупувале и поубавите турски куќи, лесно давајќи им христијански белег и дух.

Потребите на интелектуалците, трговците, индустријалците и занаетчиите ќе почнат да се задоволуваат со градењето на плански повеќеспратните станбени објекти, како за сопствените семејни потреби, така и за нивно изнајмување. Најголем број од нив приземјето ќе го адаптираат за помали или поголеми дуќани и магацини, а на спратот ќе го имаат главниот дел или сопствениот приватен простор. Ќе се применуваат разни стилови од западноевропски, средновековни, до најмодерни од кој ќе прозлезат куќи со прави линии, големи прозорци, богати фасади со декоративни елементи, изработките од ковано железо, односно ковани огради на балконите, прозорските решетки, влезните врати, скулптури на самите фасади и сл. Како што споменав и погоре сето тоа било условено и овозможувано од донесениот кадар за просторното уредување, како и новите градежни материјали кои ги овозможувале сите тие градби.

Во првите повоени години биле забележителни домовите со декоративни и богати фасади, во кои доминирало влијанието на средновековната архитектура, додека подоцна се применуваат чисти фасади.

Големи промени ќе се забележат во распоредот на просториите условени од воведувањето на водоводот и канализацијата. Ќе се појават клозетот и внатрешните бањи опремени со кади, шолји и бојлери, како и модерните кујни. Во повеќекатните куќи[176] приземјето било прилагодено за дневен престој, а на останатите спратови спалните соби[177]. Посебно внимание се посветувало на дворниот простор, кој бил уреден со многу цвеќиња и овошни дрва. Овие објекти биле олицетворение на мудроста, сигурноста, приватноста и затвореноста, односно изолираноста. Во нив имало простор за приватност со посетителите од надвор, простор за секој поединец во

---

[176] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 301 (Во централното градско подрачје на Скопје, повеќекатните куќи најчесто во приземјето имале дуќани, а на катот по еден или неколку апартмани кои достигнувале површина до 150 м^2. Големите куќи кои се граделе имале и по 8 луксузно опремени станови од чии приходи сопствениците си обезбедувале удобен живот и сигурност. Проектите за куќите биле изработувани од архитектот Артемушкин, а проектите за конструкцијата архитектот Жерновски. Една од поубавите куќи „Мала Венеција" била изградена во Еврејското маало уредена со мермер, керамички плочки, паркети, калиеви печки, бојлери итн. Сите куќи имале струја, водовод и канализација. Внатрешниот мебел бил купуван од странство, Солун, Виена...).

[177] Ibidem, стр. 303 (Спалните соби почнале да се уредуваат со кревети на федери или пак спални гарнитури. Се почесто меѓу скопските куќи се забележувале и посебните спални соби наменети за децата.).

семејството, брачниот пар, помошниот персонал, односно јавниот и приватниот живот бил целосно поделен и одвоен.

Огромно внимание се посветувало на внатрешното уредување. Изобилувале со најмодерен мебел, убави гарнитури и дрвени големи маси со столови, купувани од странство или правен по нарачка кај домашните дограмаџии и столари, кујнски апарати, украсни предмети, музички инструменти како клавир и пијано, завеси и драпери, персиски килими, фотографии, уметнички слики и сл. Таваните биле високи и украсувани со гипсани фигури. Во овие домови се сретнувале и многу украси изработувани од стакло, керамика, гипс, дрво и камен. Стаклените лустери и порцеланските сервиси за јадење биле вистинска атракција.

Во овој период во Скопје постоеле и неколку салони за мебел. Така Браќата Мацура продавале разновиден мебел - спални гарнитури, трпезарии, салонски гарнитури, ормани, креденци, столови, фотелји, работни бироа, ормани за книги, етажери, корнизи, детски колички, каучи и друго.[178] Работилница и продавница на улицата „Престолонаследник Петар", бр. 12 за модерен мебел поседувал и Андре Живковиќ. Претпријатието пак на Тодор Ѓ. Папатеодоси и фабриката за железен мебел на Данило Тохољ, нуделе разновиден мебел во градот.

Урбанистичките планови наложувале во почетокот уредување и градење претежно во централните делови на градовите. Имотните граѓани ги откупиле најрентабилните парцели.

Ова е периодот кога почнувале да се градат т.н. градски палати, карактеристични за главната метропола, од кои ќе споменам само дел, зашто во градот навистина интензивно се граделе. Посебно привлечни во првите повоени години биле станбените објекти на семејствата Настеви и Икономови, изградени 1922 г. со високо приземје и три ката.

Како модерна градба во Скопје се издвојувала куќата на Димитар Бојаџиев, чија куќа со големи салони и останати простории биле декорирани со специјално изработен мебел и персисики килими. Поседувале електричен шпорет, фрижидер и двотарифно броило за струја.[179] За куќата се грижела посебна послуга, а биле ангажирани и гувернанти за децата кои задолжително морало да го знаат германскиот јазик и да им го пренесат на децата. Куќата на

---

[178] Ibidem.

[179] Марина Апостоловска, *Стари семејства*, Абакус комерц, Скопје 1999, стр. 17. (Димитар Таки Бојаџиев биле еден од најугледните трговци во Скопје, доселеник од Битола, кој во скопската чаршија купил повеќе дуќани. Откако го разработил својот дуќан за бои и го продал на фирмата „Анилин" од Белград, станувајќи директор на нивната филијала во Скопје и акционер на фирмата. Бил еден од иницијаторите за отворање на Скопската извозна банка во која имал 60% од акциите. По ослободувањето бил и политички активен како член на Президиумот на АСНОМ. По 1948 г. кога бил донесен Законот за затворање на приватните дуќани, целиот имот му бил конфискуван, а до 1951 г. бил и во затвор. Починал во 1962 г. и останал да се споменува како остроумен трговец, работлив, праведен и хуман човек.).

трговецот Димитар Бојаџиев била на три ката и секој кат имал по 160 квадратни метри. Секоја соба била наместена со посебно изработен мебел и скапи персиски килими „бухори". За пречек на гостите имало два големи салона. Едниот бил наменет за Владиката и Банот кои редовно доаѓале кај Бојаџиеви за Божик, Велигден и на семејната слава Митровден, како и за странските трговци кои биле чести гости во куќата. Бојаџиеви меѓу првите имале автомобил во Скопје – „Рено" со надворешна сопирачка, а потоа „автобурн", „опел" и „кајзер" со осум цилиндри. Таки донел во Скопје автомобил со радио. [180] Посебна атракција за градот била неговата запалка за цигари.

По својата грамадна убавина и богата фасада не заостанува ниту Ристиќевата палата изградена во текот на 1926 г.

По својата големина и атрактивен изглед се издвојувала палатата на скопскиот стоматолог Емил Рубен, изградена 1927 г., а во која заради исплатувањето на хипотекарнните долгови, сопственикот дозволил сместување на Природнонаучниот музеј се до 1936 г., кога семејството почнало да ја наменува за свои цели.

Трикатната куќа на Стерјо Бурзевски, сопственик на најбогатата златарска продавница во Скопје, била една од најубавите во Скопје уредена со мебел изработен во стилот на Луј XVI.

Куќите на браќата Крангови, најбогатите трговци со текстил до првата половина на 30-тите години, предизвикувале восхитување со убавите бањи опремени со скапи плочки и санитарни уреди. Во кујните имале sидани шпорети на кои готвеле ангажираните готвачи. Позната по градбата била и Кранговата палата или семејната зграда која по неуспешниот обид во неа да се смести скопската пошта, била изнајмувана за приватно сместување и користење на долните простории како атрактивни локации за дуќани.

Како ремек дело на градбите од меѓувоениот период се издвојувала куќата на скопскиот трговец со градежни материјали Михајло Шкаперда, чии потомци биле Власи од Крушево. Проектот за куќата Михајло го добил од неговиот другар архитектот Георге Симота.[181] Посебно се издвојувале специфичните надворешни столбови со декоративни елементи, фасадните обработки на прозорците и металните ковани огради. Имало сопствено парно, а

---

[180] Ibidem, стр. 17-18 (Автомобилот го возел возач, кој заедно со готвачката, собарката, градинарот и гулабарот ја сочинувале послугата на куќата. За децата имале ангажирано гувернанта, која морало или да има германско потекло или одлично да зборува германски јазик. Димитар настојувал неговите синови да го зборуваат германскиот јазик, зашто во тој период Германија како високоиндустријализирана земја, владеела со светскиот бизнис, а нивен деловен партнер бил хемискиот концерн „ИГ фарбен индустри".).

[181] Георге Симота бил роден во Битола, а архитектонски факултет завршил во Букурешт, Романија, каде во периодот меѓу двете светски војни имал свое проектантско биро.

мебелот бил направен од познатата за тоа време белградска фирма „Абонис". Посебно привлечна била градината со уредена со базен и фонтана.

Со едноставни геометриски решенија се одликувала куќата на д-р Здравев, проектирана од чешкиот архитект Јан Дубови, по чиј проект била изградена и зградата на фамилијата Корда.

Уникатно по своето архитектонско решение била куќата на Агоп Дикиџијан, изградена во втората половина на 30-тите години, препознатлив по ориенталното влијание, кое и ќе му го наметне името на објектот „арапска куќа".

Во Охрид се издвојувала модерната куќа на приватниот инженер Ѓорѓи Ѓурчинов, кој по завршувањето на студиите во Париз се враќа во градот, во кој во овој период на барање од неколкумина охриѓани ги проектирал во сопствен и модерен стил нивните куќи, кои и денес се сочувани.[182]

Доста атрактивна била куќата на првиот дипломиран лекар во Струга, Ристо Груев, кому имотната состојба му овозможува да изгради двокатна куќа позната по надворешните столбови украсени со две змии што излегуваат од една чаша и внатрешниот ентериер. Ристо бил и сопственик на првиот форд во Македонија.

Во Битола меѓу најубавите куќи се сметала куќата на д-р Александар Османли, изградена 1930 г. и позната по својот аристократски изглед.[183] На првиот кат била сместена неговата приватна ординација. Внатрешниот ентериер бил изработен од познати копаничари, а на подот за прв пат бил поставен паркет. Реткост преставувал музичкиот кабинет со грамофон на кој семејството Османли слушало музика на грамофонските плочи купувани од странство. По својата убавина во градот не изостанувала ниту куќата на семејството Чакар, позната по големиот двор во кој бил изграден првиот домашен базен. Со исклучително убава и уникатна декоративна фасада се одликувала куќата на д-р Балабанов изградена во 1928 г. Посебно забележителна била влезната врата со карактеристични машки фигури над кои се наоѓал балконот.

Во Куманово пак куќата на Прокопиеви целосно се издвојувала со својот надворешен изглед и внатрешното уредување. Предизвик биле дрвениот резбан мебел, големите лустери и дебелите килими.

Во Струмица со добро избрани декоративни елементи се карактеризирала куќата на семејството Белеви изградена 1930 г., репрезентативен примерок на граѓанската архитектура.[184] Посебно привлечна

---

[182] Марина Апостоловска, *Стари*..., op.cit, стр. 69.

[183] Ibidem., стр. 146-147 (Александар Османли завршил медицински факултет во Чикаго, Америка, од каде ги попримил сите модерни влијанија како еден добро образован човек, кој подоцна сето тоа го пренел и го искористил по враќањето во Битола.).

[184] Кокан Грчев, *Архитектонските стилови*..., op.cit., стр. 329.

била фасадата со комбинација на елементи од вегетабилно и геометриско потекло и машки скулптурни фигури разместени на фасадата.

Куќата на штипскиот трговец Мијалче Каламатија[185] била една од најраскошните во градот со огромен двор и бања до куќата. За современа и модерна куќа важела и куќата на трговецот Митко Чешларов изградена 1930 г. во центарот на градот била една од најубавите во Штип. Се издвојувале и новите куќи на адвокатот Михајловиќ, на семејствата Шеќеринови, Аџи Пецови, Чепреганови, Грличкови, Аџиганеви, Панче Милев, Кукувалиската зграда и др.

Вардарскиот дел од Македонија забележа многу приватни објекти градени во период кога и навистина се имаше потреба од нив. Можноста за изразување на домашниот раскош, вешто била искористувана од многумина имотни граѓани. Поседувањето на дом, функционален, модерен, опремен со сите технички достигнувања, веќе било потреба. Домот се чувствувал како средина каде требало да се задоволат сите потреби и се да биде на едно место. Влијанијата од надвор успешно се пренесувале и на просторите на македонската територија, на која доволно и било од разрушување.

Традиционалната архитектурата како дел од домувањето и секојдневието на граѓаните

Периодот меѓу двете светски војни ќе донесе доста забележителни промени во домувањето и на локалното население, кое се повеќе ќе ја прифаќа идејата за изградување на модерни домови какви и што ги наложува времето обезбедувајќи така посоодветни услови, удобност и поголема приватност за целото свое семејство. Тоа беше она обично граѓанство кое имаше можност само да ја задржи традицијата, но и да ја внесе до одредени граници урбаната и модерната култура на живеење.

Поголемиот дел од куќите на ова граѓанство се состојат од приземје и еден или два ката чиј основен материјал бил каменот, плитарот и дрвото, заменувани постепено со каменот и циглите, додека за кровната конструкција се користеле ќерамиди или камени плочи од шкрилец. Честа била сликата и на убави традиционални куќи со дрвени еркери, кои им давале посебен изглед на куќите градени во Велес и Охрид. Во некои од

[185] Јелисавета Фетка Бојаџиска, *Штипска хроника*, Штип 1995, стр. 5-6 (Трговецот Мијалче Каламатија бил носител на српската власт во градот од која ја добил и улогата на долгогодишен претник во тогашната кралска влада, благодарение на што бил одговорен за целокупната општествено политичката дејност во градот. Важел за човек кој ги донесувал сите одлуки во градот и како таков бил почитуван од највисоките функционери и имотни слоеви, а доста непосакуван од пониските работнички и занаетчиски слоеви. Водел раскошен живот, покажувајќи го целиот сјај на домот за време на домашната слава „Свети Архангел Михаил". Одбележувањето на славата го подготвувал со недели. Во домот биле ангажирани познати декоратери, слаткари, кувари, собари кои се грижеле за се што треба. Се готвеле и послужувале најубавите специјалитети и квалитетни пијалоци послужувани во скапоцени сервиси, посебно декорирани за тој ден.).

градовите како што е Струмица карактеристично било нивното надоврзување со оној на соседите и високите порти кои биле правени во најголем дел заради присуството на камилите на овие простори, користени за превезување на дел од трговските производи.

Се осветлувале со фенери или ламби на петролеј. Со вода се снабдувале од бунарите или маалските чешми, а големо олеснување било воведувањето на водоводот, а со тоа и можноста за изградување на клозети и бањи во склопот на куќата. Вистинска револуција била елктрификацијата на градовите по 1925 г.

Домовите на ситните занаетчии и работници се граделе од камен, плитар, печена тула и дрво. Претежно во куќите, кои биле затворени кон улицата, се влегувало преку дрвени или метални широки порти, која водела кон дворот или пак доста често и кон тремот. За тогашното домување Димитар Димитровски се сеќава: „Не се внатре куќите како во турскиот период. Рано се легнуваше, немаше електрика, на ламби беше. Уште во шест часот ќе помине бозаџијата, кој има пари ќе купи. Идеа и од Призерн со едни дрвени садови опашани со чаши, по литар купувавме. Дома се играше карти, папаски карти, кој ќе изгуби боза ќе части. За нас децата доживување беше да го видиме бозаџијата, баба ми ќе излезеше со ламбата и ќе ни купеше боза".[186]

Дворовите најчесто биле широки, така што децата знаеле да организираат и приредби за родителите, кои се собирале во поголем број. Импровизираните карти се наплатувале со семки, бонбони, леблебија, но и неретко со пари.[187] Тремот секогаш е поставен на приземјето, поплочено со камења. Дел од куќите имале амбари или подруми под нивото на приземјето, користени за складирање на огревните дрва, зимницата, бочви со вино и ракија и домашните животни.

На приземјето во занаетчиските домови се наоѓала работилницата и дневниот престој за целото семејство во зимниот период. За искористување на дневната светлина куќите се граделе со многу прозорци. На некои од нив се ставале и надворешни решетки заради заштита.

Преку дрвени скали различно обработени, со резба на оградата, од тремот се излегува на чардакот кој гледал кон дворот, а околу кој се наоѓаат останатите соби во куќата и како најтопол во топлите период се користел за секојдневните престојувања, седенки, летни вечеринки и сл. Како потреба од приватност, чардакот го збогатуваат миндерите, софрата и дрвените мали троножни столчиња. Собите на горниот кат биле користени за пречекување на роднините и пријателите.

Најголем дел од предметите во куќата, како маси, столови, кревети, долапи, плакари, софи и сл., биле од дрво изработувани од локалните

---

[186] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[187] Јелисавета Фетка-Бојаџиска, *Штипска*...op.cit, Штип 1995, стр. 23.

занаетчии, дограмации и столари. Посебно значаен во овие домови бил просторот за кујната, наменет за домаќинките уредени со дрвени миндери покриени со ткаени прекривачи и со многу перничиња. Неизбежни биле и дрвените вградени плакари за сместување на целокупната постелнина и кујнски прибор, кој најчесто се наоѓал на дрвените полици

Гостинските соби биле најубаво уредените простории со дрвениот мебел, рачно изработен и резбан, украсните огледала со дрвени резбани рамки, дрвени наткасни со многу фиоки, миндери, високи столчиња (коклици) и дрвени големи маси, во округла или јајцевидна форма, дрвени или месингени корнези, покрај кои се спуштале свилени или рачно изработени чипкани пердиња, касели итн. Подовите се прекривале со изработените, рачно исткаените волнени ќилими во најразлични бои.

Декоративен дел од овие соби биле иконата и кандилото секогаш запалено, поврзани со празнувањето на имендените или заштитниот светец на одреден дом. Претежно се негувал култот кон: Св. Богородица, Св. Петка, Св. Ана, Св. Недела, Св. Никола, Св. Арангел, Св. Јован, Св. Димитрија, Св. Ѓорѓи, Св. Стефан, Св. Тројца и др.

Куќите биле затоплувани со бакарни мангали или глинени лакањи, во кои се ставало дрвен јаглен, но подоцна почнале да се вградуваат огништа, еден вид камини или да се поставуваат вградени земјени печки, кои функционирале на дрва.

Клозетот и купатилата биле дел од дворното место или во рамките на самата внатрешност на куќата, која не поседувала дворски простор.

Дворните места биле посебно уредувани и одржувани. Според правилата на велешката општина постоеле одредени места, се разбира во близина на домот, на кои единствено можело да се фрли ѓубрето, за што се наплатувала такса-ѓубретарина во износ од 70 динари годишно.[188] Во ниту еден двор не смеело да постои бара или буриња со застарена вода во летниот период, заради заштита од појавата на комарци и болеста маларија. Во некои дворови имало и бунари или чешми.

Најголем дел од дворовите биле поврзувани со капиџици, преку кои секој можел слободно да помине.

Водоводот и електрификацијата во домовите биле постепено воведувани, зависно од имотната состојба на сопствениците.

Модернизацијата навлегуваше во секој дом, но беше прилагодувана според имотната состојба на сопствениците.

[188] ДАРМ, ПО Велес ф. Општина велешка 1918-1941, к. 1, 9.3.1.1/138.

2.6 Навлегувањето на модернизацијата и промените во културата на живеењето на различните социјални слоеви

Трговците и процесите на модернизација

Секојдневието меѓу двете светски војни во вардарскиот дел од Македонија главно го сочинувало функционирањето на трите таргетни групи, трговската, работничката и занаетчиската. Во овие години соочувајќи се со организацијата на новата власт, тие доживеаја и многу динамични процеси кои оставија траги, позитивни и негативни во нивниот секојдневен опстанок.

Меѓувоениот период забележал многу трговци и индустријалци во речиси секој град на територијата на Македонија, кои со оваа дејност се занимавале уште многу одамна. Меѓу познатите скопски трговци се споменуваат: Александар Тодоров, застапник на германската фирма „Сименс", Стерјо Бурза Димитровски, семејства Трпчановци, Рибареви[189], Попанкови[190], Китинчеви, Калајџиеви[191], Крангови, Јаневи, Кондовци, Стојанови, Кратовалиеви, Шеќеринови, Градишки, Читкушеви, Бојаџиеви, Жунгулови, Икономови и др. Во Гостивар познати биле фамилиите Филипоски, Тримчески, Канчевци, Децески, Ѓорѓиески, Мирчески, Синадиноски, Крстевци итн. Во Штип како познати трговски фамилии се издвојувале: Хаџијаневи, Хаџиголеви, Хаџивасилеви, Влахчеви, Икономови, Гаврилови, Чепреганови, Сурџиски, Зигови[192], Белови, Шеќеринови, Пуздерлиски, Глигорови, Зенделци, Барутчиски,

---

[189] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. (Куќата на Рибареви се наоѓала веднаш до Соборната црква „Св.Богородица", а имала приземје и кат со мансарда на покривот. Особено интересни за оваа куќа биле античките (јонски) столбови на влезот во куќата.).

[190] Куќата била со приземје и кат. Приземјето го издавале, а на катот живееле. На нивниот семеен кат мало 4 соби: спална, детска, дневна соба и библиотека со пијано. Кујната била најголема одделена просторија. Ѕидовите ги краселе уметнички слики кои сопственикот ги купувал од македонските уметници.

[191] Марина Апостоловска, *Стари...*, op.cit., стр. 107-110 (Браќата Никола и Панче Калајџиеви биле едни од најмоќните и најбогати трговци и фабриканти во Скопје. Нивното семејство потекнувало од велешкото Башино Село од каде се преселува во Битола каде купиле сопствен дуќан, но по пожарот кој го зафатил, набрзо се преселуваат во Скопје. И во овој град Панче продолжил со трговската дејност. Купил дуќан во кој се произведувало вино, ракија, оцет, а подоцна почнале и со производство на ликери и коњаци. Набрзо отвориле и фабрика за оцет и алкохолни пијалоци, а својот капитал го вложувале и во купување на многу дуќани во скопската чаршија што ги давале под наем. Панче во центарот на градот изградил и голема куќа со кат и приземје со три локали. Браќата имале изградено и вила на Водно опкружена со огромен двор, со овоштарник, лозје и бунар.
Кон крајот на 30-тите години браќата Калајџиеви ја отвориле и првата стоковна куќа во Скопје која имала 16 одделенија со машка, женска и детска галантерија, парфимерија, кожни преработки и техничка стока. Производи биле набавувани од Париз како парфеми и козметика, и од Германија од каде се купувала кожната галантерија.).

[192] Јелисавета Фетка Бојаџиска, *Штипска...*, op.cit., стр. .38 (Тоде Зигов бил единствениот трговец за сол во Штип, кој со овој производ ги снабдувал и Кочани, Струмица, Виница, Радовиш, Свети Николе и селата од овие региони. Оттаму откупувал афион, катран,

Девиџиски, Паневи, Ѓуркови, Тошанови, Караѓозови, Грличкови, Пењушлиски, Паневи, Филипови, Камчеви, Брашнарови и др. Во Берово, семејството Влашки било најпознато трговско семејство.[193] Охрид ги забележал своите трговци со бисер, браќата Милчо и Ване Талеви, браќата Филеви[194] и др. Од велешките трговци и индустријалци се споменуваат: Милан Војницалиев, Димитрија Крајничанац, браќата Галистојанови, браќата Јаневи, Асен Кртев, браќа Добреви, Јован и Димитрија Киркови, Анѓел Ецов, Хаџи Мишеви, Тодор и Ѓорѓи Алексови, Алексо Ќупев, браќата Весови, Дара Хаџи Панзова, Јован Хаџи Панзов, браќа Ѓоргови, Алексо Шукарев, Алексо Левков, браќата Анѓушеви, Перо Ржарев, Лазар Смилев, Петар Лукаревиќ, Теодор Хаџи Алексов, Мустафа Усеин, Поп Андови, Тефчеви, Лазо Крепиев, Лукарови, Ќупеви, Аџи Ничови, Ванови, Дебарлиеви, Богданови, Машови, Пешеви, Ризови, Борис Ковачев, и многу други.[195]

Тргувале со прехрамбени производи, алкохолни пијалоци како вино и ракија, разни видови на семенски материјал, со разни видови земјоделски и индустриски производи, волна, кожа и други производи од животинско потекло, свилени кожурци итн. Дел од нив купувале и препродавале се што мислеле дека ќе им донесе одредена заработувачка. Покрај со градови од Македонија, врските ги одржувале со трговски фирми од другите делови на Кралството СХС.

Трговските дуќани се наоѓале на главните улици и во делот на чаршијата. Во овој период се посветувало големо внимание на нивниот внатрешен и надворешен изглед. Излозите секогаш им биле привлечни и декорирани со разни натписи. Кепенците се исфрлувале и се ставале модерни решетки. Во поголемите градови постоеле и поголеми трговски магазини од кои се снабдувале трговците од помалите градски и селски средини. Својата професија

тутун, кожи, месо и млечни производи. Караваните на Тоде натоварени со овие производи често оделе за Солун, а се враќале со сол, газија и други трговски производи. Неговиот дуќан кој бил во центарот на градот секогаш бил полн со сол, кибрит, газија, цигари и сл. Тргувал и со злато. Бил еден од најбогатите трговци, но живеел доста скромно во стара турска куќа во Казанџиско маало.).

[193] Марина Апостоловска, Стари...op.cit, стр.28-32 (Ова семејство кое од Крушево се населило во Берово во почетокот се занимавало со кујунџискиот занает. Подоцна неговите претставници почнуваат да се занимаваат со откуп и преработка на сливи, како и со набавка на грозје од Струмица од кои правеле и продавале вино и ракија, но откупувале и катран, и секаков вид на кожи од дивеч и домашни животни. Почнале да ги снабдуваат и граничните караули и големите воени објекти во Берово, а доста вложувале и во недвижности купувајќи овоштарници, дуќани, воденици и други објекти и земјиште. Го земале под закуп и државниот монопол за големопродажба на тутун, цигари и сол. Во центарот на градот отвориле минипродажен центар во кој продавале мануфактурна метража, прехрамбени производи, конфекција, детски играчки и се што било потребно за едно домаќинство. Сите деца од ова семејство биле школувани надвор од Берово. И машките и женските преставници се стекнале со високо образование.).

[194] Браќата Филеви во градот поседувале хотел, многу дуќани, земјиште, а долги години биле и концесионери на Охридското Езеро. Во своја сопственост имале многу влакови кои им ги давале на рибарите кои работеле за нив.

[195] ДАРМ, ПО Велес, ф. Семејни и лични фондови, несредени фондови.

трговците ја афирмирале и преку изработувањето на визит карти и календарчиња кои за време на Новогодишните празници им ги подарувале на граѓаните и блиските пријатели, а на кои се испишувало сето тоа што е карактеристично за трговецот и неговиот дуќан и производите што тој ги понудува. Редовни биле и нивните објави во дневните весници, каде ги рекламирале производите кои ги понудувале на граѓаните. Дел од нивното секојдневие биле и падовите, конкуренцијата, непредвидливите судбини, губењето на имотот, пропаѓањето на трговијата, подреденоста на власта од која зависела и нивната трговска состојба и иднина и сл.

Најголем дел од трговците, индустријалците и воопшто поимотните претставници имале можност за вложување на својот капитал во изградувањето на добро осмислени, проектирани и опремени домови најчесто на два или три ката, кои добивале европски изглед.[196] Во овој период интензивно било продавањето на турските објекти и нивното купување од христијанските трговци. Оваа појава посебно изразена била во Битола кога поголем број печалбари и други имотни лица откупуваат турски куќи, давајќи им модерен и европски изглед, адаптирајќи ги на своите потреби.[197] За таа намена некои од нив добивале и кредити од хипотекарните банки. Во надворешниот и внатрешниот изглед премногу се вложувало. Мебелот рачно се изработувал или купувал по нарачка од странство. Честа била и појавата на носење уникатни предмети за домовите, во кои се сретнувал и мебел од метал како бронза, месинг, сребро и сл. Се купувале часовници, украсни ламби, свеќници, послужавници, чаши за кафе и ракија, пепелници, кутии за накит, табакери, мастилници, кандила, вазни, садови за слатко и за чување бонбони, пудриери за жените, предмети за храна, за затоплување на куќата итн. Посебен интерес побудувале предметите од стакло, порцелан и керамика, кои биле и едни од најскапите, но и најлуксузните. Претежно биле увозни од познати европски и светски фирми, наложувани неминовно од новиот начин на живеење.

Неизбежни биле и музичките инструменти, пред се пијаното, а како најголема новина било воведувањето на санитарните јазли, односно водоводот, кој го наложувал изградувањето на купатила, клозети и кујни со вода и електрификацијата. Ново било и воведувањето на телефонските приклучоци во домовите и самите фирми и дуќани. Покрај своите домови, ќе почнат да градат и викендици надвор од населените места, користејќи ги за одмор и рекреација на семејството и пријателите.

---

[196] Првата повеќекатна куќа во Скопје била изградена од познатиот и богат трговец со жита Стефан Настев, велешанец по потекло, кој од Виена купил готов проект за изградување на сопствената куќа. По добивањето на дозволата од власта, таа била првата куќа на четири ката во градот со европски изглед.

[197] Александар Стерјовски, *Битола...*, op.cit., стр. 272-274 (Како поимотни печалбари се споменуваат Ѓорѓи Бедељов, Коста Василев Прчковски, Вангел Мишев, Коста Р. Тромбев, Павле Трајков и др.).

Целиот раскош со кој располагал домот го покажувале за време празничните домашни прославувања, кои меѓусебно си ги честитале и со украсни дописни картички, напишани со соодветна содржина. Околу домовите на поимотните индустријалци, трговци, лекари и сл., односно во дворните места на оние кои што можеле да си дозволат, често се забележувале и автомобили. „Многу трговци живееја во изобилство, со неограничени права, имаа свои слуги, калфи, чираци и амали, што за малку пари ја извршуваа сета груба и тешка работа во дуќаните и дома. За обработување на лозјата и земјата ангажираа аргати, надничари, добитокот им го чуваа и одгледуваа момци, овчари, а куќите на трговците ги одржуваа слуги и слугинки. Во семејствата на богатите трговци секој ден се носеше полни буриња топла вода од лците за капење и перење. Нивните синови ја наследуваа трговијата или занаетот, а некои одеа во големите градови да се школуваат. Ќерките денот го поминуваа во седенки, правеа чеизи и чекаа стројници. Везеа убави куварици, перничиња, чаршафи, плетеа блузи, шалови, џемпери, на грамофоните слушаа музика, разговараа за тајните на младоста, за љубовта, но некои заминаа и да се школуваат “, се сеќава Фетка Бојаџиска за семејствата на штипските трговци.[198]

За трговците секогаш биле отворени можностите за конзумирање на нови културни навики. Биле големи љубители на убавото и модерното. Постоле граѓани кои можеле да си дозволат да го следат најновиот тренд, најновите модели, бои, материјали и сл. Сакале модерно да се облекуваат во секоја прилика, а користеле и најубави парфеми. Биле пример за раскош и убавина кога поминувале низ чаршијата или седеле во кафеаните и хотелите. Секојдневна била појавата на убаво облечен маж со цилиндар, модерен костум најчесто во црна, тегет или сива боја со лептир машна или кравата, црн или сив капут со низок струк и висока јака, со еден или два реда копчиња или долг и доста широк капут со две и три глокни, кожни *ракавици и намирисан со колонска вода или* француски парфем.[199] Доста модерни биле и панталоните со американски крој, доста широки и долги. Внимание се посветувало и на изборот на чевлите, во еден период најмодерни биле оние со француски крој. Модерни биле црните и полусвилени флор чорапи. Во облеката доминирале едноставните бои, претежно црната, сивата и кафеавата.

Новините често биле и исмејувани, но подоцна применувани. Таков е случајот и со појавата на бастунот како декоративен дел од облеката кај машките претставници. Во Прилеп се сметало за непристојно, смешно и

---

[198] Јелисавета Фетка Бојаџиска, *Штипска*..., op.cit., стр. 36-37.

[199] Во овој период машката облека ја креирале кројачите за машка облека кои биле помногуброjни, за разлика од оние за женска облека, затоа што се сметало дека мажите се тие што работат и имаат потреба од облека за секоја прилика. Таа често се купувала и од европските центри.

срамно да се понесе со себе и бастун додека се обиколува чаршијата. Но полека оваа иновација како и секоја друга во животот на луѓето за кратко се прифаќала, а полека и се омасовувала. Доволно било значи да се помине еден круг во чаршијата, за да им се даде време на граѓаните да го видат деталот, да го разгледаат, да го исмејат и за кратко време да го прифатат како дел од своето секојдневие.[200] Во Скопје модерно било и носењето на очила за сонце кои се купувале од Белград.[201]

Таков бил случајот и со белите пантолони, машките широки пантолони со низок појас, сакоата без јака и со високо откроени ракави за да можат да се гледаат манжетните на кошулата, реверите со изразени шпицови, потоа со машкиот мантил габардин со свилена карирана постава, кој се носел и при суво и при дождливо време.[202] Односот кон облеката се забележува и преку многубројните зачувани фотографии кои велат дека овие луѓе навистина сакале добро да изгледаат да се фотографираат и себеси да се гледаат како навистина изгледаат пред очите на јавноста.

Речникот им бил многу богат благодарение на стекнатото образование и читањето на книги. Најголем дел од нив биле редовни претплатници на големите издавачки куќи од каде купувале книги, весници и списанија, од кои сочинувале и богати домашни библиотеки. Говорел дури и по неколку јазици. Предничеле во слушањето на музика, за која цел купувале разни инструменти на кои и знаеле да свират или грамофони и радија за слушање.

Биле редовни посетители на сите културни манифестации, театарските збиднувања, кинопроекциите, на баловите во градот, вбројувајќи се и меѓу организаторите заедно со своите сопруги. За сите трговци заедничка им била желбата за постојани патувања.[203] Оделе на летни и зимски одмори, посетувале многу градови во Европа итн.

На своите деца им го понудувале најкалитетното образование како дома така и во странство. Уште од мали ги воспитувале да знаат со кого да се дружат, а најчесто и им ги одбирале подоцна животните партнери од своите социјални слоеви.

Во овој период имале можност за стручно образование во Државната трговска школа и Трговска академија во Скопје, како и во Државното трговско

---

[200] Андреја Китановски, *Македонскиот фолклор основа за проектирање современа облека*, Камелеон, Скопје 2008, стр. 36.

[201] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 337.

[202] Андреја Китановски, Македонскиот фолклор..., op.cit, стр. 48 – 49.

[203] Браќата Ралеви од Гевгелија, трговци со свилен конец, биле познати по својата страс за патувања. Тие имале откупено и апартман во Солун во хотелот „Виена" за сопствен престој и потреби. Годишните одмори ги поминувале и во Врњачка Бања, Блед, Дојран, Егејското Море итн. Нивните сопруги и деца често биле носени во Солун од каде ја купувале целата своја облека.

училиште, а од 1928 г. и во Трговската академија во Битола[204]. Во 1920 г. во Скопје била основана и Скопска трговска омладина, училиште кое било наменето за децата по завршувањето на основното образование и траело четири години. Се изучувале предметите како српски јазик, краснопис, математика, книговодство, коресподенција, менично и трговско право, граѓанско право, народна економија, познавање на робата и цариништво и др. стручни предмети. Опстојувало од школаринаша и помошта која се добивала од Трговската комора, Трговското здружение и др. институции. Училиштето функционирало до 1927 г. кога било затворено заради големите материјални трошоци кои неможеле да се обезбедат. Посебен белег оставиле богатата со книги училишна библиотека и стручните предавања организирани на иницијатива на младинскиот отсек.

Познавањата од водење на сметководство, книговодство и законодавство, трговската младина можела да ги стекне и во Државната мајсторско-сметководна вечерна школа во Скопје.[205]

Во текот на 1919 г. во Скопје било формирано трговско здружение во Скопје чија цел била заштита и напредување на трговијата, како и формирање на посебна трговска комора, која и почнала да функционира од следната 1920 година. Нешто подоцна во 1926 г. било формирано и Индустриско здружение.

---

[204] Трајче Грујоски, *Битола на мојата младост*, Битола 2007, стр.63 (Од 1918 г. започнало да функционира Државното трговско училиште во кое наставата траеле две години и биле запишувани ученици со завршен четврти клас гимназија, односно после битолчани најголема група сочинувале учениците од Ресен. Од 1928 г. училиштето добива статус на четиригодишна Трговска академија, која претставувала една хетерогена средина. Се сретнувале ученици од разни места како: Прилеп, Ресен Струга, од Босна, Лика, Црна Гора и Војводина. Била сместена во самостојна зграда од приземје и кат, веднаш зад театарот, а имала заеднички двор со основното училиште „Свети Сава". Наставата ја држеле стручни и добро подготвени наставници и штотуку дипломирани супленти. Најомилен професор бил Арпад Лебл, Евреин дојден од Унгарија, кој пленел со своите предавања. Постоеле четири класа и исто толку одделенија. Од предметите се изучувале: стопанско право, економија, финансии, стокознание, историја, географија, книговодство, трговско сметање, стенографија, француски и германски јазик, српски јазик со книжевност. Во училиштето најактивна била литературната дружина „Иван Гундулуќ", во која се читале ученички состави и се организирале дебати. Членувале приврзаници и на режимот и на напредното движење. Богатата библиотека овозможувала можност за читање на сите актуелни книги, како „Ум царује", книгите на Зигмунд Фројд „Увод у психоанализу" и „Сан и сновиѓење", илегалните „Стварање новог света", „Развитак друштва„ од М.Е. Ленски, „Како је човек постао дивом", „Постанак породице, приватног власништва и државе", „Расе и расизам". Посебно барани биле списанијата „Наша стварност", „Уметност и критика" и „Израз".
Академијата на неколку наврати ја следеле сексуални афери, предизвикани од директорот Обрад Госпавиќ и двајца професори Петар Петровски и Младен Радовановиќ. По покренатото обвинение од ученичката Калирој Николилќ за обид за силување, за кој биле и условно само казнети. Двајца од нив заминале од градот, работата во академијата ја продолжил само Петар Петровски.
Во 1938 г. била организирана и екскурзија до Белград и Земун. Вистинско доживување било патувањето со воз, некои од учениците првпат тогаш ја осетиле удобноста на ова превозно средство. Најнапред сите биле однесени на Опленац во посета на гробовите на српските кралеви.).

[205] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 118.

Трговиските, индутриските капацитети и нејзините претставници ќе доживеат многу промени, но и падови. Неретки биле и неуспесите, посебно во годините на економската криза, кога цели семејства за кратко време го губеле целиот капитал. Сепак ова се годините кога трговците и индустријалците, посебно младите, ќе се обидат да го подигнат нивото на своите внатрешни и надворешни односи, кога сите тие ќе вложуваат во модернизација на своите претставништва, олеснување на производството, патотот на трговските врски, подигнување на квалитетот и квантитетот на производството. Но тие ќе вложуваат и во своето образование, интелектуално и морално издигнување, успешно вклопувајќи се во агендата на европски текови и настани.

Работниците и нивното секојдневие. Печалбарството дел од секојдневието на населението во Вардарскиот дел на Македонија

Како посебна таргетна група која пулсираше во градот е групата на работништвото, вработено во лесната индустрија како постојани или сезонски работници и аргати. Локалното работништво, сезонско и наемно, остана во градовите да се соочува со тековите што ги наметнуваа стопанските промени и владините закони, прописи и решенија. Најмногу се забележуваа во монополските претпријатија и како градежни работници, ангажирани во обновата и изградувањето на железничките пруги, каде се соочуваа со несоодветните работни услови, ниските плати и несоодветниот однос од работодавачите.

Општото незадоволство ќе ги принуди да се приклучат кон редовите на КПЈ обидувајќи се да делуваат за промени во своето секојдневие. Преку партијата и формираните од нив работнички домови, работниците ќе станат дел од сите општествено политички случувања, ќе слушаат, читаат и учат за европските и светските случувања, ќе станат дел од сите синдикални подружници, урсови синдикати, незадоволства изразени преку штрајковите. Неминовно ќе се приклучат и кон работничките друштва, културни, музички и спортски. За нив нема да останат непознати ниту киното и тетарот. Интензивно ќе ги полнат киносалите и локалните театри, каде ќе можат да погледнат еден поразличен живот од својот, и сосема да се опуштат во тие моменти.

Ќе организираат матинеа, заеднички излети и прославувања, од кои би ги издвоила Мајските прославувања, денови кои беа само нивни, исполнети со предавања, песни и ора, за кои ги ангажирале познатите оркестри и чалгаџиски состави. И меѓусебните семејни дружења не изостанувале во вечерните часови или за време празничните одбележувања.

За да го претставам на афтентичен начин секојдневието на работничкиот слој, кое беше подложено на промени, одлучив да го пренесам она на рибарите и печалбарите.

Секојдневието на рибарите во Охрид, Струга и Дојран

Вардарскиот дел од Македонија бил познат и по изобилните со риба реки и езера, познати по својот квалитет пошироко на Балканот и во Европа, кои за Македонецот се важни од економски аспект. Професионалното рибарство било најкарактеристично за Дојран и Охрид, кој кога ќе се спомене, веднаш се помислува на Охридското езеро, кое во периодот меѓу двете светски војни, како најубаво и најдлабоко, ќе биде и економски најважно. Езерото ќе значи секојдневното егзистирање на локалното население, посебно на рибарите, кои ги имало во многу голем број.[206] Во овој период со Езерата целосно управувале Општините, кои по пат на лицитација ги издавале и на одделни лица за одреден период, кои пак потоа им наплатувале на рибарите рибарски такси или им ја откупувале рибата по многу ниски цени.

Најголем дел од населението се занимавало со рибарство, делејќи се на професионални и непрофесионални рибари[207]. Сите биле поделени по рибарските задруги, во зависност од тоа дали живееле во охридскиот или струшкиот регион[208]. Задругата[209] за нив водела и детални списоци, во кои биле запишувани местото од каде потекнуваат, главното и споредното занимање, надополнувани со нивните фотографии[210]. Месечни статистички списоци за риболовот на Охридското се воделе и за видот, количината на уловената риба[211], единечната и вкупната цена, како и износот на риболовната такса. Рибарите ќе го поделат Езерото на месности или скелиња кои лоцирани покрај самото пристаниште ќе бидат познати со многу имиња.[212]

Животот на рибарите бил доста тежок, а уште потежок го правеле и многубројните правила кои со текот на времето ги наметнувала српската власт, посебно карактеристични во триесетите години, кога и задолжително морало

---

[206] Тодор Мировски, Стопанството на...op.cit, стр. 20 (Охридското езеро важело за езеро богато со риби, од која најпозната и најбарана дури и на европските пазари била пастрмката. Квалитетот на оваа риба бил надалеку познат, зашто водата на Езерото била бистра и чиста. По својот квалитет не изостанувале ниту јагулата и белвицата. Езерото било познато и по чистотата на водата и богатството со фауна.).

[207] Риболовот во овој период важел како една споредна дејност на граѓаните, која пред се била потикната од личните потреби, како спорт и рекреација.

[208] Позната била задругата од 1930 г. на рибарите од Струга, Радожда и Калишта, помогната и од Рибарскиот институт во Скопје.

[209] Задругите биле основани заради обезбедување на заедничко набавување и користење на основните средства за рибарење, чунови, мрежи и сл.

[210] ДАРМ, ПО Охрид, ф. Рибарски референт - Охрид 1934 – 1941, к.2 (Според досиејата на рибарите во Охрид покрај христијани имало и многу муслимани рибари.).

[211] ДАРМ, ПО Охрид, ф. Бановинска хидробиолошка станица – Охрид 1934 – 1941, к.1, 4.2.1.18/42-43 (Во текот на целата 1937 г. била уловена вкупно 123.980 килограми риба, од која пастрмка 38.155 килограми, јагула 17.145 килограми, шаран 8.943 килограми, плашица 27.163 килограми итн.

[212] Ibidem, (Во Струга најмногу се ловело во Даљан, Калишта, Радишта, Асамати, Њубојно, Сир Хан, Стење и др.).

да се почитуваат. За нивното однесување била одговорна Хидробиолошката станица, која започнала да функционира од 1934 г. и рибарскиот референт, дел од Земјоделското одделение на Банската управа. Најголема улога во развојот на рибарството во охридско-преспанскиот крај, имала Хидробиолошката станица која со Охридското езеро директно била поврзана со пловен канал. Од градот била оддалечена повеќе од 2 километра. Хидробиолошката станица имала и свој рибарски мајстор – служител, плаќан од рибарскиот фонд, но затоа што тој бил непостојан, а станувало збор за сиромашни рибари, чии семејства биле повеќечлени, истите барале и поднесувале молби да бидат плаќани од редовниот бановински буџет.[213] Овој служител два пати во текот на денот задолжително заминувал во градот, заради земање на поштата или за завршување на било кои други службени обврски. За олеснување на комуникацијата со градот овие вработени на располагање од 1938 г. имале и еден велосипед, купен по цена од 1.500 динари.[214] Не ретко се случувало Хидробилошката станица да организира и по некој рибарски курс.[215]

Под нејзина надлежност биле и рибарските ловишта и мрестилишта, грижејќи се и за зголемување на нивниот број. Не ретко се случувало онаму каде што ќе забележела погодни услови или ретки видови на рибата – пастрмка, да побара од општината отстапување на местото покрај охриското езеро за изградување на ловишта и мрестилишта. Познати биле оние во Канео, Трпезица, Пештани, на Радика и др. од каде се собирала и икрата, за која биле задолжени референтите од риболовните станици, поставувани директно од хидробиолошката станица. За откупот на икрата, станицата добивала одредена сума на пари, одредена од главниот фонд за унапредување на риболовот во Вардарска бановина. По откупот на икрата следувало оплодување и одгледување на пастрмката и нејзино пуштање во Езерото, во моментот кога ќе биде способна сама да се храни.[216]

Според законот за рибарството и неговата заштита во периодот од октомври до март се формирале сезонски мрестилишта наменети за

---

[213] ДАРМ, ПО Охрид, ф. Бановинска хидробиолошка станица – Охрид 1934 – 1941, к. 1, 4.49.1.198/299.

[214] Ibidem., 4.49.1.198/105.

[215] Ibid., 4.49.1.198/75 (Од зачуваната документација се дознава за предвидениот бесплатен курс за раководител на сезонските мрестилишта кој требало да трае од 1 декември 1936 до 1 март 1937 година. Курсот бил наменет за завршени ученици во Нижото земјоделско училиште, односно за 7 момчиња од галичкиот, велешкиот, битолскиот, босилградскиот, масуричкиот, власотничкиот и кочанскиот срез, избрани по предлог на среските земјоделски референти.).

[216] Весник „Глас Југа" (Дел од вработените во станицата биле задолжени за откуп на жива риба, која се чувала во специјални сандаци се до моментот кога се отпочнувало со оплодувањето. Оплодувањето се вршело со истиснување на икрата од женката која ја испушта по триењето на стомакот, која пак се чувала во емајлирани садови внимателно избришани од вода. На истиот начин во истиот сад се истурал и исцедокот од мажјакот, па по кратко промешување икрата се миела и потоа ставала во инкубатори каде се чувала 35 дена. Потоа се префрлувала во помали инкубатори каде се оставала 7 дена. По три недели од овој процес, рибата во специјални садови се носела за порибување на Езерото.).

зголемување на рибниот фонд во Охридското езеро и реката Радика. Биле именувани дури и чувари кои биле поставувани како помошници во собирањето на икрата и чувањето на Радика и нејзините притоки за време на мрестењето на пастрмката.[217] Назначените чувари потпишувале и писмена заклетва за доверената улога. Секој од чуварите добивал паушална награда, а секој фатен рибокрадец во недозволениот период добивал и процент во зависност од запленетото количество на риба.[218]

Секое мрестилиште имало и свој одговорен раководител. Во Охрид рибата се ловела со влакови или мрежи и претежно навечер. Тоа биле долги мрежи, различни за секој вид на риба, која се фрлала во Езерото од чамец на 500-600 метри оддалеченост и најмалку осуммина рибари ја тргале. Најтешко било ловењето во зимниот период кога имало студени зими, а рибарите немале соодветна заштитна опрема за влегување во замрзнатото езеро. Целиот улов го зимал трговецот за кого работеле рибарите.[219] Ним им се давало само мал дел од рибата додека останатата трговецот ја продавал по цена која тој ја наметнувал. Честа била појавата без дозвола да се продава уловената риба по домовите, кафеаните и хотелите. Рибарите се сметале за најсиромашни работници, така што и кога сакале да се оженат тешко и невеста наоѓале.

Риболовните станици во повеќето места имале и свои рибарници. Секое мрестилште имало и свои одговорни лица, рибарски мајстори, надлежни и за хигиената во и околу нив, затоа што чести биле надворешните посети од лица кои се интересирале за нив, односно за начинот на мрестењето и видот на рибата.

До 1937 г. хидробиолошката станица немала електрично осветлување. Подготовките за воведување на електрична инсталација почнале во текот на 1937 г. кога се предвидувало и воведување на осветлувањето во поголемиот дел од градот Охрид. Вработените во Хидробиолошката станица биле поканувани на сите владини случувања и прослави, посебно на денот на „ослободувањето“ на Охрид, кој градот го славел секоја година на 23 ноември во присуство на воените лица и останатото граѓанство.

Хидробиолошката станица во Охрид често добивала барања за посети научници, истражувачи, од средношколците од стручните училишта и многу други заинтересирани друштва надвор од територијата на Македонија, кои во своите екскурзии предвидувале и посети на дел од македонските градови, каде

---

[217] Ловот на пастрмката бил најзабранет и строго казнуван во првите две недели од месецот јануари. Главната сезона за риболовот била различна. Пастрмката најмногу се ловела од октомври до јануари, шаранот од април до јули, плашицата од декември до април, јагулата се ловела во текот на целата година, но најинтензивно во месеците април, мај, јуни, септември и октомври.

[218] ДАРМ, ПО Охрид, ф.Рибарски референт Охрид (1935 – 1941), к.1, 4.2.1.364/734.

[219] Во Охрид семејството Филевци било познато по трговијата со риба. Поседувале влакови кои им ги давале на рибарските работници за ловење од Езерото.

имало институции од нивен интерес.[220] Станицата имала гостински соби кои по потреба биле чистени и одржувани од жена која била плаќана по потреба.[221] Од втората половина на 30-тите години според архивската документација забележани се учества и на изложби на рибни експонати во Скопје и Белград.[222]

Во секоја сезона за рибарите била задолжителна риболовна дозвола, што ја поседувале лица со над 18 години и жители на општината. За добивање на дозвола рибарите поднесувале молба во која наведувале за каков вид на рибарење ја барале.[223] Контролата за поседување на годишните рибарски дозволи била вршена и од вработените во жандармериските станици, кои со моторни чамци ја обиколувале обалата на Охридското езеро, во обидот да имаат што поголема прегледност врз рибарите.

Сите биле задолжително евидентирани од рибарскиот референт или од срескиот началник. Меѓу населението биле познати пак по прекарите кои ги добивале по одредени за нив карактеристики. Ловот на рибата бил овозможуван единствено со дозволените и пломбирани алати. Некои од рибарите поседувале и чамци на кои морало да го испишат јасно своето име, како и бројот на чамецот. Дозволите важеле една година, по чиј истек се заменувале со нови за кои се плаќало соодветна сума, помала за оние рибари кои биле регистрирани во рибарските задруги. Условите во кои живееле рибарите биле и една од најголемите причини за прекршувањето на правилата и ловењето на рибата во недозволениот период за што биле и парично казнувани. Претходно била поднесувана пријава која ги содржела сите основни податоци за самиот рибар и прекршувањето што го направил, како местото каде бил фатен, количината што ја уловил и опремата со која што ловел и која што му била одземена (мрежи и чамец).

Кон крајот на триесеттите години рибарска задруга ќе направи обид за модернизирање на риболовот, развој на рибната индустрија и заедничката продажба на рибата, но со оглед на условите, државните закони и прописи, не се постигнало речиси ништо.

---

[220]ДАРМ, ПО Охрид, ф. Бановинска хидробиолошка станица – Охрид 1934 – 1941, к.1, 4.49.1.73/150 (Во текот на март 1935 г. Хидробиолошката станица добила барање за престојување на двајца англиски научници, хидробиолози и еден универзитетски професор од Белград, Синиша Станковиќ, во текот на следните два месеци, заради престој и истражување во нивната институција. Во текот пак на месец јули 1937 г. била организирана посета од страна на учесниците во екскурзијата на Здружението на Југословенските агрономи.).

[221] Ib., 4.49.1.18-33/47-69.

[222] Ib., (Во месец октомври 1938 г. во Скопје се одржала изложба на која биле застапени повеќе стопански гранки меѓу кои и рибарската гранка. За таа цел риболовните објекти требало да набават 30 килограми формалин од 40% јачина, пакувана во стаклени балони и шишиња, за одржување на свежината на рибата.).

[223]ДАРМ, ПО Охрид, ф.Рибарски референт Охрид (1935 – 1941), к. 1, 4.2.1.102/490.

Најголем дел од нив, својот и опстанокот на семејството го овозможувале единствено преку рибарството[224], за кое дури и не поседувале соодветна опрема. Токму заради тоа најчесто и ловеле во зима, а овој период знаел и да им донесе многу непријатности посебно ако биле доста студени со јаки мразеви. Често знаеле писмено да се обратат и до Банската управа за доделување на финансиски средства од Фондот за унапредување на рибарството во Вардарска бановина, заради купување на мрежи и друга потребна опрема, со која би си го олесниле рибарењето. Такво едно барање е зачувано од месец јули 1939 г., кое го содржи негативниот одговор за барателите како поединци, зашто банската управа единствено ги помагала само рибарските задруги, а за охридско-преспанската сметала дека добивала доволно помош за развојот на рибарството.

Рибата пастрмка, рибарите ја продавале на охридските пазари, на кои се соочувале со многу тешкотии посебно во летните периоди, кога заради високите температури, непоседувањето ладилници, несоодветните услови и непознавањето на начините за сочувување на рибата во свежа состојба, таа се расипувала. Тоа било и една од причините за нивно казнување од санитарната власт, која најчесто им ја забранувале продажбата или им ја конфискувале рибата. За одржување на рибата им биле потребни кеси од мрежа, во кои непродадената риба повторно би ја вратиле во езерото, на одредена длабочина одредена од одговорните и температура од 18°C, но за чие купување немале средства, кои пак се барале од фондот за унапредување на риболовот.[225] Мразот многу полесно бил достапен за рибарниците на задругите во Охрид и Струга, кои дневно трошеле од 30 – 50 килограми.

Охридската риба и јагула била извезувана надвор од територијата на Македонија, најчесто во српските претпријатија кои се занимавале со преработка на рибата, за што потврдува и зачуваната архивска документација, регистрирана како писмени преписки помеѓу охридските рибарски задруги. Охридско-преспанската и дојранска рибарска задруга во втората половина на триесеттите години биле се поприсутни на организираните саеми и рибарски изложби во Белград, каде учествувале со свои производи од чадена риба, рибарски прибор и жива риба. За изложбите често се позајмувале и старите мрежи од рибарите, а се подготвувале и фотографии од нив и Хидробиолошката станица со дворното место. За доставување на инкубаторите била потребна дозвола, со која тие би се доставиле до одделението за изложбите.

---

[224] Рибарите биле обременети со големи давачки. За продадената риба плаќале 20 % од вредноста на рибата која би се добила на пазарот, но од месец август 1936 г. била донесена уредба со која тие сега требало да плаќаат паушална такса за секој вид на уловена риба, со што се зголемиле давачките за сите видови на рибари и се компромитирала и така нивната бедна состојба.

[225] ДАРМ, ПО Охрид, ф.Рибарски референт Охрид (1935 – 1941), к. 1., 4.2.1 – 12/22-23.

Рибарите почитувале три неработни денови во годината. Петровден била нивната слава и ден кога сите се собирале кај кумот. Секоја година од рибарите се бирал кум кој следната година ќе ги почести сите кога ќе се соберат во Канео. Не влегувале во Езерото ниту за празниците Свети Никола и на Павловден.

Развојот на рибарството е тесно поврзан и со развојот на трговијата со охридскиот бисер[226], посебно во текот на триесеттите години, кога странците кои доаѓале во градот давале и по 50 – 60 динари за една низа од сјајни бисери. Зголемената продажба на бисерот значело и зголемена продажба на плашицата, зашто за да се направела една низа бисери долга 40 см, биле потребни околу 2 килограми плашица, од која се стругала ситната крлушка растопувана потоа во разни хемикалии со кои се премачкувал бисерот. Според зачуваната архивска документација во текот на 1936 г. во Охрид постоела само една јувелирница, додека останатите мајстори бисерите ги произведувале во своите домови продавајќи ги потоа по улиците или плажите за време на летната сезона. За производството на бисер бил потребен поголем капитал. Така за време на зимскиот период додека имало плашица се подготвувала емулзијата со која се премачкувало зрното седеф од кој се прави бисерот. Од 1.000 килограми плашица се добивало околу 5 литри емулзија од која се премачкувале пак околу 500 низи бисери.

Седефот се набавувал од Палестина по цена која постојано се менувала и зависела од порачаното количество, а од сето тоа зависела и цената на бисерот, така што една низа од бисери најмалку се продавала за 20 динари.

Охридскиот бисер бил од голем интерес и за Централниот белградски завод за риболов. Собирајќи ги податоците за начинот на искористување на нашите риболовни води, оваа институција пројавила интерес и за изработката на охридскиот бисер, барајќи така од одговорните во Хидробиолошката станица од Охрид детални податоци за начинот на изработка, како и неколку примероци од потребните непрепарирани материјали од кои се подготвувал бисерот за да може да се следи целокупниот процес на изработка. Податоците никогаш не успеала да ги добие затоа што начинот на изработката, емулзијата од која се подготвува и се друго што е поврзано со бисерот е трговска тајна. Познато било само дека од крлушките од плашицата кои се растворале во алкохол и во некои други хемикалии се добивала густа емулзиона маса која пак

---

[226] Никола Јанев, *Маргиналии...*, op.cit., стр. 79 – 80 (За охридскиот бисер се смета дека бил изум на Јово Субановиќ по потекло од Костајница, кој во 1926 г. се населил во Охрид. Првичните успешни резултати ги споделил со трговецот финансиер Михајло Талев, кој набрзо ја прекинал соработката со Јово и отворил своја продавница за злато, благодарение на која и се збогатил. Заради заштита на својот патент Јово покренал и судска постапка која многу се одолговлекувала и го принудила да го напушти Охрид во крајна сиромаштија и да се насели во Белград. Судското решение, позитивно за него, не го дочекал затоа што набрзо ненадејно починал на пат кон Охрид. Михајло со својот брат Ване, свои дуќани во 30-тите години отвориле и во Врњачка бања, Дубровник, Париз и Женева.).

се разредувала со некоја друга течност со која понатаму се вршело премачкувањето на зрната од седеф кои во низи се добивале од Ерусалим или од Грција.

Риболовот како егзистенција бил карактеристичен и за жителите покрај Преспанското и Дојранското езеро, кои исто така биле богати со риба, но не како Охридското. Дојранската риба во големи количини се продавала низ цела Македонија, па дури и во северните делови на Србија.[227] Дојранчани биле познати по зимскиот риболов и единствениот начин на ловење во мандри и со помош на грабливите езерски птици, корморани. До 1928 г. уловот бил многу побогат заради повисоката продажна цена, која подоцна видно се намалила, влијаејќи и на процесите како пласманот и продажбата.[228] Со рибарње се започнувало од најмала возраст. Машките деца биле вклучувани во оваа дејност од осум годишна возраст. Сезоната започнувала некаде од октомври или ноември кога и доаѓале птиците од скандинавските езера, зашто Дојранското езеро не смрзнувало и било погодно за нивната исхрана. Со доаѓањето на овие птици рибите се концентрирале на едно место барајќи сигурно засолниште од нив, зашто тие биле во состојба да изедат и до десет килограми во текот на денот. Нивното собирање пак го користеле рибарите кои ги чувале тие ловишта и ги оградувале. Кормораните на кои им ги онеспособувале крилата ги пуштале во водите за да предизвикаат страв кај рибата која од поголеми површини преминувала кон помали, од кои рибарите многу полесно ги црпеле. Во овој период од Крстовден до Ѓурѓовден рибарите се групирале во мандри или групи од по пет до шест рибари, зашто начинот на ловењето на рибата не дозволувал секој рибар да делува како поединец.[229]

Секојдневието на рибарите воопшто не било едноставно, напротив исполнето со многу правила, промени, процеси на прилагодувања итн., кои само ќе допринесат за нивното одржување.

Печалбарството дел од динамизацијата во процесите на модернизацијата

За мене најкарактеристични во моментите на спроведеното истражување беа печалбарите, кои мислам дека и од целокупното работништво најмногу ги почувствуваа промените на модернизација, беа директно подложени на тие современи и светски влијанија. Но тоа нема да значи дека и самото локално работништво не беше подложено и не се

---

[227] Тодор Мировски, *Стопанството во...*, op.cit., стр.21 (Дојранското езеро изобилувало со риба како перкија, машкодан, црвеноперка, белвица и др.).

[228] Костадин Кајдамов, *Дојран...*, op.cit., стр. 381-383 (Во периодот до 1928 г. годишно се ловело од 350-600 тони риба, за во наредниот период видно да се намали, резултат на ниските цени и високите даноци. Во рамките на рибарското здружение рибарите се обиделе, но неуспешно, да ги подобрат услови со намалување на таксите за рибарење по Езерото, подобри продажни цени, пласирање на домашните и странски пазари.).

[229] Весник „Наша реч".

соочуваше со современите процеси, кои прострујуваат секојдневно покрај нив.

Најголемите причини за помасовното одење на печалба во овој период се секако последиците од Првата светска војна и обид да се врати тоа што неодамна се загубило. Македонските семејства тешко успевале да се соочат со нивната материјална состојба предизвикана од новите промени на политичката сцена, промените во занаетчиството, индустријата и трговијата, односно влијанието од настапувањето на лошата економско-социјална политика и непланското стопанисување од страна на новата власт.

Во овој период најголем бил бројот на печалбарите од Битола, Преспа, Охрид, Кичево и Гостивар, а најпривлечна била територијата на САД, Романија, Австрија, Србија и Бугарија[230], од каде по 1929 г. и светската економоска криза многумина повторно се вратиле во својата родна земја. Но незначителен бил и бројот на тие кои што заминувале на печалба надвор од границите на Македонија, од каде ретко се враќале заради далечината и финансиските средства. Имало и печалбари кои повремено на одреден број години се враќале во семејството, поминувале некое време, па повторно заминувале. Неповолните услови за стопанисување до 1920 г. принудиле на емиграција 10.244 лица, а само во текот на 1938 г. 26.000.[231]

Откако ќе се донесела одлука за заминување на печалба, Македонците биле должни да извадат соодветни неопходни документи од органите на власта. Начинот за добивање на пасош бил одреден со Правилникот за издавање и визирање на патни исправи за граѓаните на СХС од 1 април 1924 г. и тоа со дозвола од Министерството за социјална политика.[232] Печалбарите плаќале и такса која се движела помеѓу 250 - 1 000 динари, сума која често и не можеле да ја платат. Пасошот го добивале од Белград за чие пополнување понекогаш чекале по неколку месеци. Начинот на стекнување на овој вид документ ќе допринесе за развојот на црната трговија со фалсификувани пасоши, забрзано по ограничувањето на бројот на доселениците во Канада и САД од страна на нивните власти.

Картите за патување во европските и прекуокеанските држави ги купувале во странските сообраќајни друштва или компании кои имале свои агенции во Македонија[233]. Овие компании ја имале и улогата на пропагандни центри, чии излози со рекламниот материјал за понудените

---

[230] *Така се зборува во Гостивар*, Скопје 2000, стр. 116 (Гостиварчани како печалбари се сретнувале и во Египет.).

[231] Александар Апостолов, *Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија*, во Гласник на ИНИ, бр. 1, Скопје 1972, стр. 39-63.

[232] Душко Хр. Константинов, *Печалбарство*, Битола 1964, стр. 17.

[233] Трајче Грујоски, Битола на...op.cit, стр. 94 (Неколку странски фирми меѓу двете светски војни во Битола имале свои претставништва, како: Whitestar, Redstar Line, Hmburs American Line и др. Сите тие се занимавале со транспорт на печалбари од Европа во прекуокеанските земји и назад.).

дестинации изгледале многу привлечно за бедните луѓе во саканиот правец.[234]

За да заминат во печалбарските земји, Македонците задолжително со себе морало да имаат одредена сума на пари, која единствено можеле да ја обезбедат со позајмување од локалните лихвари, за што биле должни да потпишат и писмено барање, документ со кој лихварот си обезбедувал гаранција дека долгот ќе му биде вратен. Најчести дестинации кои македонските печалбари ги бирале за својот престој се Србија, Романија, Франција, Италија, Швајцарија, Германија, Турција, Египет, САД, Канада, Австралија и др. Најмногу се занимавале со градежни работи, полски работи, занаетчиски, биле застапени во индустријата, како и во угостителството и трговијата. Во овој период тие ќе се соочат и со првите културни промени кои позитивно влијаеле на нивниот начин на живеење. Забележителни биле промените во облекувањето, говорењето, готвењето, градењето и уредувањето на домовите, одржувањето на навиките на личната хигиена и сл.

Препуштени сами на себе, македонските печалбари ќе започнат и со организирање во одредени друштва, братства и здруженија каде ќе настојуваат во задржувањето и пренесувањето на македонската традиција, обичаи и фолклор. Бирале свои управи, плаќале членарина, која ја наменувале за разни цели и сл.

Некои од печалбарите успеале да заработат по нешто и да се вратат во својата земја, но некои и засекогаш останале, праќајќи повремено пари до своите семејства, кои ги користеле за купување на земја, отворање на дуќани и сл. Масовно враќање на печалбарите се забележувало кон крајот на триесетите години, по светската економска криза, кога не гледајќи друго решение Македонците одлучиле да се вратат назад кај своето семејство. Но и тоа што го заработиле за нив значело навистина многу. Тоа што го научиле, што го виделе, доживеле, тоа што го примиле успешно и го пренесувале во градовите, кои до некаде ќе започнат во овој период да добиваат и нови модерни трендовски ликови. Така, граѓаните во Битола, Кичево и Тетово сé уште добро се сеќаваат на овие печалбари кои биле главните виновници за најмодерните куќи и фасади во центарот на градот. Своите пари и знаење, велат битолчани и кичевчани овие печалбари ги вложувале во изградба на модерни висококатни куќи кои на градот му дале модерен изглед. На една куќа работеле низа мајстори за да може сето тоа да се постигне. Внатрешниот ентериер пак исто така имал влијание од надвор. Сето тоа што се гледало надвор во еден период интензивно се носело внатре низ градските македонски улици. Овие куќи проследени со комплетни фасади, се одликувале и со модерни прозорци и завеси. Во внатрешноста видливи и забележителни биле многубројните уметнички слики и репорудкции.

---

[234] Душко Хр. Константинов, *Печалбарство...*, op.cit., стр. 26.

Плановите за нивно sидање главно биле проектирани во некоја западноевропска држава или во САД. Околу големите куќи забележителни биле и уредените дворни места и градини, обградени со дрвена или бетонска ограда. Димитар Димитровски Такецот се сеќава: „мојот чичко Пецо Димитровски, познат како Пецо Пит Американо, беше печалбар од Америка, кој во 1926 г. кога се вратил донесол хармоника за која битолчани раскажувале како Пецо донел пијано за на рамо. Тој донесе нови песни и валцери“. [235]

Често со заработените парични средства знаеле во родните места по враќањето да купат дуќани, современи агротехнички средства и машини за обработка на земјата, за преработка на млеко, воведувајќи го така новиот начин на производство кој им ја олеснувал работата и зголемувал приходот во семејството. Андон Димитров и Трајче Филипов од Кавадарци, кои биле печалбари во Америка, по враќањето со заработените пари купиле фотографска опрема и ги отвориле првите фотографски студија во Кавадарци.

Голем успех забележале оние кои одлучиле да се занимаваат со трговија, во што многу им помогнало познавањето на странските јазици. Ретки биле тие што се враќале од европските или прекуокенаските земји без да го совладаат нивниот јазик.

Иселениците по враќањето најчесто носеле со себе дел од најмодерната облека, обувки, накити, украси, миризливи сапуни, но и многу рецепти од тамошните специјалитети, кои домаќинките со задоволство ги подготвувале. Процесот на нивното економско јакнење влијаел на нивниот културен развој. Овие македонските семејства полесно се запознавале со најновите и најмодерните светски трендовски фирми како на пример со оние кои произведувале козметички средства, рачни часовници, будилници, облека, обувки, накит, радио преносители, грамофони и сл. Декоративната козметика за сопругите и девојките била неизбежна. Карминте, помадите, пудрата за лица, лаковите за нокти, глицерин за нега на лице и раце, пастата за заби, модерен долен веш станале дел од нивното секојдневие. Дел од машките припадници интензивно ќе ги прифатат промените кои наложувале употреба на колонска вода.

Работничкото секојдневие во меѓувоените години беше доста динамично исполнето со многу негативни и позитивни случувања. Покрај сите притисоци од власта и работодавците, оваа група на граѓанство беше затекната и од многу напредни процеси, кои им овозможија етичко и морално изградување на нивната личност. Тие едноставно имаа и добија можности за изразување како личности кои сакаа да го променат својот и животот на семејството.

---

[235] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

Животот со партијата и во партијата

Секојдневието во меѓувоениот период било обележано и со настаните кои ги наметнувала тогашната политичка состојба. Од тие настани било засегнато целокупното население, посебно работничкиот слој, кој премногу ќе биде таргетиран и обележан, така што слободно можам да речам дека ова беше периодот кога токму тој слој ќе почне да размислува за се околу себе, ќе почне културно да се надоградува, превземајќи ја улогата на пресудувач за своето секојдневно функционирање.

Во овој период на територијата во вардарскиот дел од Македонија главно делувале владините партии како Радикалната, Демократската, Републиканската и муслиманската Џемиет, чии претставници, единствено биле заинтересирани за кариеризмот и збогатувањето. Главно биле поддржувани од колонистите, чиновниците и доселениците. Нивната активност била позабележителна само пред општинските и парламентарните избори.

Интензивниот политички живот и изразувањето на јавното мислење, започнува со дејност на КПЈ, чии огранoци најнапред ќе се формираат во Скопје, Велес и Битола, а за краток временски период и во Штип, Куманово[236], Кавадарци, Гевгелија, Струмица[237], Прилеп и Охрид.[238] За сите нив е карактеристично тоа што основачките собранија биле одржани во локалните кафеани во присуство на многубројно граѓанство, кое и масовно ќе влегува во членството на сите формирани Месни комитети на КПЈ изразувајќи го јавно своето незадоволство[239]. Сите тие биле независни едни од други, но секогаш работеле со заедничка помош и комуникација.

За да може легално да делуваат во самите главни центри се формирале работнички домови со свои управни и надзорни одбори, чија

---

[236] Кумановската партиска организација почнувајќи од 1919 па се до 1941 г. била една од најактивните и најборбените организации, стоејќи секогаш зад работничкото и напредното движење.

[237] Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев-Трнката, *Струмица и Струмичко низ историјата*, Струмица 1969, стр. 325 (Партиската организција во Струмица била формирана во 1926 г. на иницијатива на велешанецот Тодор Зографски, кој во тој период отворил часовничарски дуќан во градот. Успела да делува само една година иако развила широка пропагандна дејност меѓу локалното население. Под притисок на власта, Тодор Зографски ја напуштил Струмица, преселувајќи се во Скопје. Нов партиски актив во градот бил формиран дури есента 1939 г. предводен од Јосиф Јосифовски-Свештарот, тогаш завршен студент од Белград).

[238] За сите нив е карактеристично тоа што основачките собранија биле одржани во локалните кафеани.

[239] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје 1969 г., стр. 15 (Масовно незадоволство од партиското членство било покажано во Битола насочено против регрутацијата што ја вршеле воените власти во почетокот на декември 1919 г. Големата демонстрација во Битола опфатила околу 5.000 учесници – повикани регрути како од Битола така и од Охрид, Кичево, Ресен и Дебар, кои низ градот јавно протестирале со црвени знамиња и пароли против милитаризмот и монархијата.).

цел била создавање услови за формирање младински организации, синдикални подружници, културно просветни секции, ширење на напредниот печат и сл. Со тоа се означил и активниот живот на работничкото граѓанство, односно на целокупното незадоволно население, во рамките на КП и нејзините цели.

За Работничките домови набрзо се нашле и соодветни простории, кои станале свртaлишта на работниците, младината и занаетчиите, каде имале можност да биде во тек со сите случувања. Имале и можност за читање на напредна литература, пред се марксистичка, весници и списанија, како „Радничке новине", „Социјалистичка зора", „Искра" и др. Редовно се одржувале и предавања насочени кон воспитување на работникот за неговите права и текот на светските случувања, разни курсеви и сл., насочени кон подигнување на работничката свест. Од самото членство набрзо се формирале и драмски, музички и спортски секции, кои покрај примарната дејност, го користеле секој момент за непрестано состанување, комуницирање и разменување на идеи и мислења.

Работничкото незадоволство се изразува и со формираните синдикални подружници уште од првата година на новата власт, кои ќе го изразат преку штрајковите. Законските обврски во целиот меѓувоен период ќе бидат одбегнувани и непочитувани. Се работело за ниски надници, а работниот ден завршувал по 12 часа. Сигурноста не постоела, работниците и занаетчиите многу лесно биле отпушани од работа, а карактеристично е поброjното вработување на чираците, со што на сопствениците им се овозможувало одолговлекување на вработувањето на лицата кои се стекнувале со мајсторко право.

Посебно активни биле и младинските организации[240] дел од работничките домови, чија дејност се изразувала преку постојаните агитации, работата меѓу селското население, ширење на илегалниот печат и сл. Опфаќањето на селото била една од примарните задачи на Партијата. За партиското воспитување на членовите голема улога одиграл и Социјалистичко марксистичкиот курс во Скопје, наменет за слушатели од цела Македонија.

Во текот на целиот меѓувоен период работничкиот слој имал можност да го прославува и празникот Први мај, но само во рамките на просториите на работничките домови, кои за тој ден посебно се декорирале и украсувале во знакот на црвената боја, се подготвувале

---

[240] Боро Чушкар, *Борбено Куманово 1919-1941*, стр. 154 (Младинската организација во Куманово уште од самите почетоци забележала 250 членови. Како носители на активноста на Партијата целосно се занимавале со нејзините проблем и решавање преку разни форми. Формирале и културно уметничка група која била целосно посветена на просветување на младината, организирање на курсеви, приредби, предавања на разни теми, толкување на печатот, соработка со младината од другите македонски центри и сл.).

наменски програми за посетителите кои доаѓале во голем број и во најсвечената облека што ја имале. Подоцна се организирале излети во блиските околни места, каде до вечерните часови се играло и пеело. Во овие манифестации секогаш учествувале и жените. Поголем дел од печатарските работници во Битола биле дел и од Графичко-туристичкото друштво, со цел организирање на повеќе посети на блиските туристички и излетнички места во околината на градот.[241]

Најзабележителен ќе биде успехот на локалните партиски подружници за време изборите во 1920 г., парламентарни и општински, на кои кандидатите на КПЈ и нивните листи ќе обезбедат победи.

Општинските избори во вардарскиот дел од Македонија во месец август 1920 г., како предизвик за политичките партии, за локалното население значеле можност за давање на својот глас за прв пат. Гласале само полнолетните припадници на машкиот пол, чии имиња биле внесувани во посебни списоци, проверувани од младинците за време на изборните денови.

Во предизборниот период секојдневието било целосно организирано и подредено на правила и законите носени од српската власт. Точно се знаеле изборните места по маалата, гласачките списоци и кандидатските листи.

Гласањето било тајно, а гласале сите без разлика на својот хендикеп, односно за инвалидите постоеле соодветни правила, според кои за време на гласањето биле должни да поведат со себе уште едно лице. Ваквите лица комунистите на денот на изборите во Велес, ги носеле дури со пајтони за само да успеат да го дадат својот глас. Убедувања со најразлични начини постоеле и од владините партии.

Секоја кутија за време на гласањето била обележана со соодветна кандидатска листа, на кој начин можело да се изврши полесно препознавање на листата за која треба секој да гласа, обезбедувана од лица, одредени од самите претставници на Партиите.

Српската власт во периодот на изборите ја забранувала работата на сите дуќани, кафеани хотели и др. вид на вакви институции. Во текот на три дена, пред и после изборите, се забранувала продажба на било каков вид алкохолни појалоци, во спротивно следувала казна според чл.113, односно затвор до 6 месеци и парична казна од 500 динари.[242] Писмено известување се доставувало до сите кафеани, хотели и сл. објекти, а јавни огласни натписи се ставале и на сите видни места во градовите и на главните улици. Продавањето на алкохолни пијалоци било забранувано и во деновите од сабота до понеделник, како и за време на празничните

---

[241] Во Битола од 1936 г. печатарските работници започнале и традиционално да го одбележуваат Гутенберговиот ден, со организирани музички и театарски претстави, изложби на графички трудови и предавањата за улогата на графичките работници.

[242] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941, к. 3, 9.3.39/23.

одбележувања, законски прописи до кои сопствениците и не се придржувале.

После завршувањето на претстојното гласање, целокупниот гласачки материјал-кутиите со гласачките топчиња, катанци и клучеви се испраќале со посебно наменета придружба во Скопје, каде се средувале доставените материјали.[243]

Првичните успеси на Комунистичката партија за кратко ќе бидат запрени, а српската власт нема да може да се справи па ќе ја воведе Обзнаната, Законот за заштита на државата и Видовденскиот устав со кои се забранувала работата на најсилната општествена народна сила, партиските и синдикалните организации, затворање на нивните домови и простории, забрана на издавачката дејност итн. Во овој период биле спроведени и првите затворања и интернации. Успесите на првите избори до крајот на 1941 г. нема да се повторат. Сите наредни избори, општински и парламентарни, Партијата ќе се обиде да ги негира, да ги бојкотира, а од 30-тите години да делува преку одредни претставници и кандидатските листи на единствено легалните партии како Југословенската национална странка и Здружената опозиција за кој сметала дека можат да и понудат определно влијание на политичката сцена.[244]

Набрзо ќе се прифатат новите начини на делување, работата на НРПЈ и младинската синдикална организација СКОЈ. Работата на Синдикатот и неговите подружници од разни профили на занаетчии од 1922 г. интензивно ќе се засили со штрајкувањата и барањата на работниците за намалување на работното време, зголемување на надниците и подобрување на условите во самите работилници и фабрики. Од 1923 г. повторно како дел од НРПЈ ќе се формираат работнички домови, кои околу себе ќе го соберат напредното локално население, посебно младината од која се формирале Младинските секции, односно работни групи од младинци или читачки групи. Повторно се формирале културно просветни друштва кои во тој период на доминација на режмската власт ќе се обидат да навлезат во секојдневието на локалното население. И оваа активност и обиди на НРПЈ за легално делување завршиле набрзо со нејзино забранување. Власта повторно била иритирана и загрижена од размерите на штрајковите, демонстрациите и изразувањето на работничкото незадоволство, организираното делување на младината и успесите посебно во селската средина. Во периодот од 1925 до 1929 г. Партијата ќе се обиде да делува преку поединечни граѓански и режимски друштва, превземајќи ја нивната управа и манифестирајќи разни активности. Посебно активни и со очекувани резултати биле друштвата „Коста Абрашевиќ" кои се

---

[243] Ibidem, 9.3.3.85/67-69.

[244] Животот во овој предизборен и изборен период се одвивал меѓу многу конференции, во чаршијата, на пазарите, кафеаните..., секаде каде активистите имале можност да се соберат да зборуваат и да агитираат.

формирале во речиси сите поголеми градови.[245] Скоевската организација, синдикалното движење и младинската организација до 1929 г. ќе бидат најактивни во Велес, Куманово, Штип, Скопје и Тетово.

Посебен белег во секојдневното живеење од почетокот на 20-тите години оставила дејноста на ВМРО (автономистичка) чии четнички организации се почесто ќе навлегуваат во македонските градови[246], вонемирувајќи ја српската власт, која пак возвраќала на обичното граѓанство. Во еден дел од градовите во источниот дел од вардарскиот дел од Македонија, посебно во Малешевијата интензивно ќе започне да се чувствува влијанието на соседна Бугарија, преку вооружените терористички чети кои со своето делување ќе остават видливи негативни траги меѓу населението, засилени со многу атентати[247], убиства и

---

[245] Боро Чушкар, *Борбено...*, op.cit., стр. 258 (Најзабележителна била активноста на друштвото „Коста Абрашевиќ" во Куманово формирано во текот на 1926 г. кое имало свои правила на делување, а било и одобрено од општинската управа. Била предводена од активни младинци како Страхил Бајловски, Љубица Живковиќ-Мијалковиќ, Трајко Илиевски и др. Дрштвото имало хорска, драмска, рецитаторска секција и тамбурашки оркестар. Членството активно работело на поврзување со активистите од другите градови, така што се обидувало и да престојува во одредени градови како Скопје и Велес. Доста добро членовите се снаоѓале во драмските изведби, преку кои сакале да го прикажат реалниот живот на граѓанството. Напоредно со ова друштво работело и спортското друштво „Работнички" кое било еден вид замена во моментите кога членовите на друштвото „Абрашевиќ" ќе бидат оневозможувани во своите активности. По ударот и забраната со дикатурата, работата на друштвото ќе се обнови во текот на 1935 г., работејќи на политичко и теоретско издигнување на локалното население. Во овој период друштвото организирало и посета на многу села, посветувајќи внимание на подигнување на културно забавниот живот. Друштвото водело свои записници, имало свој печат, членски карти, а во својата архива и многубројни фотографии од членството.).

[246] Зоран Тодоровски, Надежда Цветковска, Велес меѓу двете светски војни 1919-1941, Менора, Скопје 2007, стр. 105 (Целосно реорганизирана од Тодор Александров, ВМРО почнала да создава главни реони во поголемите места, со свои комитски чети и пропагандни центри, насочени кон придобивање на населението и негодување против режимот на државата. Доживувајќи неуспех со уфрлувањето на четите, раководството на ВМРО ќе започне со менување на формите и методите за организираното пропагандно делување. Новата оружена стратегија се состоела во организирањето на населението во мали јадра во секое населено место, опфаќајќи ја младата интелегенција. Така ЦК на ВМРО започна со формирањето на тајни младински и студентски организации познати како „Македонска младинска тајна револуционерна организација" (ММТРО). Мрежата на ММТРО во вардарскиот дел од Македонија била организирана на четири окружни пункта во Скопје, Битола, Охрид и Штип. Во овој дел биле создадени вкупно 40 „петорки" со оклу 190 организирани членови во сите градови, освен во Дебар и во Гостивар. Дејноста на ММТРО се забележува се до 1927 г. кога ќе биде и ликвидирана.)

[247] Кирил Цацков, *Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1941*, Штип 2002, стр. 94-95 (Големи последици врз штипјани оставил атентатот врз генарлот Михајло Ковачевиќ, кој во 1922 г. станал командант на Пешадиската бригада на Вардарската дивизиска област во Штип. Својот престој во градот го искористил за многу хуманитарни дејности. Со сопругата Зорка го формирале друштвото „Коло на српските сестри". Ги помагал земјоделците, лозарите, а бил еден од основачите на пчеларското друштво. Забележителна била неговата активност во Соколското друштво и просветното издигнување на локалното население. Го помагал образованието на талентирани и сиромашни ученици и ученички од Работничкото училиште. Секоја година најдобрата ученичка била наградувана и со машина за шиење Сингер. По неговото убиство во 1927 г.

злоставувања, на кои се надополнувал и жадармерискиот и воениот режим на српската власт, чија контрола била посебно засилена на граничните и пограничните места. Така во Струмичко била позната активноста на четите на Димитар Димашо и на Ѓорѓи Вндев[248], а во Штипско дејноста на четата на Јован Брло, во Малешевијата постојано делувале четите на Борис Тиков, Ефтим Цеков, Стефан Карацов и др. Многумина верувале дека од формираните четнички организации ќе добијат соодветна заштита, но наместо тоа се почесто започнувале да се соочуваат со гневот на режимската власт.

Како одговор на терористичките акции на ВМРО, во 1921 г. власта создала посебна воено-четничка организација, позната како „Здружение против бугарските бандити" со седиште во Штип, мрежа што за кратко се проширила во сите краеви источно од Вардар. Здружението имало своја организациона поставеност, одбор, правилник, воена и цивилна формација, која се користела за соочување и пресметување со носителите на прогресивните и општествени сили. Биле направени невидени штети, многу злодела, убиства, грабежи, малтретирања, дел од јавното секојдневието на македонското население до крајот на 30-тите години на XX век. Големи промени ќе се почувствуваат од втората половина на 30-тите години кога терористичката ВМРО на Ванчо Михајлов ќе биде забранета.[249]

Во овој период секојдневито ќе го креираат и формираните Обласни организации на ВМРО (обединета), која ќе делува напоредно со КП превземајќи дел од нејзиното членство. Нејзиното влијание се следи до 1930 г. кога со воведувањето на диктатурата ќе и биде задаен силен удар, од кој најмногу ќе настрадаат приврзаниците во Велес, каде истата година со разни казни ќе бидат осудени 19 велешани.

Општествено политичкиот живот повторно ќе доживее уште еден силен удар со воведувањето на Шестојануарската диктатура од 1929 г., кога било потврдено монархистичкото владеење на кралот Александар I. До 1931 г. во целост запрел јавниот и политичкиот живот. На удар се нашле независните синдикати и партиски членови кои во голем број ќе бидат затворани и ликвидирани. Сите културно просветни друштва биле забранети, нивните домови и простории запленувани и затворани. Новововедениот Законот за заштита на јавната безбедност и на поредокот во државата имал за цел да ги спречи делувањата на сите напредни елементи во државата пред се на работничкото движење и националните определби на македонското граѓанство. Била воведена и нова поделба на Кралството Југославија на девет бановини, околии и општини. За

во центарот на Штип бил подигнат негов споменик. Неговото убиство било проследено со многу затворања од локалното население.).

[248] Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев-Трнката, *Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица 1969*, стр. 310-313.

[249] Даринка Петреска, *Малешевијата низ историјата 1912-1945*, Берово 2003, стр. 145.

потребите и одржувањето на кралската власт биле воведени и донесени низа кралски и владини закони, укази, уредби, акти и сл. Парламентаризмот донекаде се враќа веќе во септември 1931 г., со донесувањето на Октроираниот устав, како резултат на незадоволството од појавата и владеењето на диктатурата во земјата, како и од се поострата економска криза. Парламентаризмот се користел како маска за одржување на централизмот и диктатурата на кралот. Новопоставениот бан на Вардарска бановина Жика Лазиќ ќе се обиде да ги привлече младите со давање стипендии за школување, настојувал да се склучуваат мешани бракови, политички да се активираат трговци и интелектуалци, противници на режимот.[250] Политичкиот живот ќе имаат можност да го предводат само Југословенската радикална заедница и Здружената опозиција. На прогресивните политички сили, кои се повеќе ќе се омасовуваат и организирано делуваат, ќе им биде одземена можноста за учество на парламентарните избори до крајот на триесеттите години, по кој период власта се обидела да ги привлече интелектуалните и политичките сили од земјата и да ги инволвира во општествено политичките случувања, чувствувајќи го растот и силината на КПЈ.

Понатамошниот период бил обележан со интензивирање на општествениот живот предводен од новоформираните и обновени Скоевските организации во Скопје, Куманово, Велес, Прилеп, Тетово, Штип, Гевгелија, Битола[251] и др. градови, во кои бројноста на членството секојдневно се зголемувало. Триесеттите години познати биле и по бројните синдикални подружници, демонстрации, штрајкови, односно по борбеноста на македонските работници и нивните застапувања за граѓански, политички и социјални права, предводени се разбира од партиската и синдикална организација. Пресметките на власта нема да изостануваат, секојдневни биле провалите во партиските редови, затворањата на партиски сомнителни членови, обични граѓани, малтретирани, тероризирани, затворани под разни лажни обвинениja и осудувани со повеќегодишни затворски казни.

Тоа биле и годините на растот на улогата и влијанието на УРС-овите синдикати со кои власта како и со секоја друга напредна појава ќе се соочи и справи со за неа само применливите начини, забраната и укинувањето.

---

[250] Ibidem, стр. 113-114 (На иницијатива на банот Лазиќ за собирање на младината во 1930 г. била формирана организацијата „Југословенка младина на Вардарска бановина" со цел да се наметнува тезата за создавање на една нација – југословенска, која свои подружници имала низ повеќе градови во Македонија.).

[251] Борис Ставрески, *Пресѓанци во Трѓовската Академија во Бѓола*, во Прилози 32-33, Битола 1980, стр. 218 – 221 (Скоевската организација во Трговската академија била една од најактивните. Меѓу најпознатите ученици се споменуваа Мите Богоевски, Јосиф Христовски – Звончарот, Ѓуро Дукиќ, Милорад Зарубица, Илија Спировски, Славе Љапчовски, Петар Чаушевски и др., на чија иницијатива биле формирани повеќе воспитни групи. Од доброволните прилози се купувале книги, наменети за политичко образование, а за кратко било формирано и литературното друштво Иван Гундулиќ.).

Зголеменото влијание на Партијата, стабилизацијата и косолидацијата се почувствувале во периодот од 1936 г., кога нејзината сила веќе била и несовладлива, за што допринесувала и бројната состојба на привржаниците. Не се одразувале ниту големите провали кои посебно ги тангирале членовите од Велес и Куманово. Во нејзин интерес била и работата на локалните Народни читални и Народни универзитети, активноста на младината преку читачките групи, илегалната издавачка дејност, културно просветните и спортски друштва и сл. Во Струмица бил формиран и партискиот актив во 49 пешадиски полк, во кој најголема активност имал Миољуб Кичиќ, кој во 1936 г. бил поставен за лекар во овој полк.[252] Во 1937 г. д-р Кичиќ во својата амбуланта го земал Милан Варичак, графички работник од Загреб, член на КПЈ и активист во синдикалната организација на графичките работници на УРС.[253] Варичак започнал да ги собира во амбулантата левоориентираните војници, разгледувајќи и разговарајќи за различни прашања за работничката класа. Во текот на 1937 г. Варичак бил демобилизиран, а на негово место го доведува загребскиот артист Јожа Рутиќ, кој бил доведен во тој период заедно со група на регрути од Белгард, Загреб и Војводина. Во текот на 1938 г. тој го формирал активот на КПЈ кој постоел се до април 1941 г. Иако броел мал број на членови, 7-8, се покажал како доста активен. Во амбулантата редовно пристигнувала напредна литература, под изговор дека се работи за содржина потребна за војничката служба, која пак била предавана на работничката младина. На војниците на Кр. Југославија им било забрането читањето на дневниот печат. Во втората половина на 1938 г. членовите на активот добиваат задача да формираат група од војници врз кои можат агитационо и пропагандно да делуваат, односно да допринесуваат за идејно политичко воспитување на дел од војниците. Активот ги организирал војниците за давање на отпор за нечовечките постапки кон нив од страна на раководниот кадар. Истата година тој се поврзува со партиската организација и неговите членови во градот, дејствувајќи понатаму според нивните правила и инструкции.

Пресметката со комунистите продолжувала, се одело до таму да се формираат и концентрациони логори во кои младите комунисти биле испраќани под изговор дека биле сместувани во воени единици. Во логорот во Иванѣица се сретнувале комунисти од Скопје, Велес, Куманово, Прилеп и др. места. Сепак тоа биле годините кога политичкиот живот кој го креирала Партијата не можел да се измени, власта немала ниту сили, ниту можности да се спротвстави на масовното членство, односно на целокупното локално насление.

---

[252] Во овој полк најголем дел од воениот кадар бил доведен да служи по казна, односно се сметале како казненици или политички противници на режимот.

[253] Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев-Трнката, *Струмица и Струмичко низ историјата*, Струмица 1969, стр. 337.

Во обидот за неутрализирање на се поинтензивната комунистичка дејност, српската власт ќе почне да организира и предавања на кои најчесто ќе се говори за српската културна и историска традиција. Но тоа биле и годините кога КПЈ била толку многу јака и со раширена мрежа, против која власта и не можела едноставно да се спротивстави. Народните маси биле се посигурни во своите барања и своите успеси. За да дојдат до таа силина, нивното секојдневие не беше така едноставно, напротив исполнето со многу бурни периоди на казнувања, илегални делувања и организирања, штрајкувања итн. Партијата стана организатор на нивните обиди за подобра егзистенција.

Занаетчиството, занаетчиите и нивното секојдневие

Првата светска војна оставила непоправливи и трајни белези врз занаетчиството во Македонија, една од гранките кои предничеле на овие простори. Тоа беше гранката со која се занимаваа најброен дел од населението, за што потврдуваат бројот на регистрирани занаетчии и бројот на занаетчиски дуќани во секој град. Економската криза, трката со индустријата, иселувањето на турското население[254] биле само дел од причините за почетокот на изумирањето и заборавањето на многу занаети, така што наоѓајќи се на ударот на времето многу занаетчии ќе бидат оставени сами на себе во изборувањето со секојдневието. Судирот со селекцијата не бил едноставен, а новите времиња, потреби, барања, не оставале никој рамнодушен. Занаетчиите ќе мора да го прифатат новиот начин на живеење и ориентираат кон новите потреби, кои пак допринеле за појава на нови занаети. Економската криза допринела и за намалување на квалитетот на занаетчиските услуги, како и бројот на вработени, така што најчести биле работилниците во кои работеле само членовите на семејството.

Нивна најголема конкуренција биле трговците-концесионери, кои откупувале домашна и странска стока продавајќи ја директно на потрошувачите по градовите и селата по многу пониски цени за да ги избегнат даноците. Нивните добро снабдени трговски дуќани ги потиснувале занаетчиските, чиј број само се намалувал. Модерните ресторани, кафеани и хотели ја намалиле дејноста на ановите во поголемите градови, а најголем дел од нив биле и затворани.[255] Секој занает ќе подлегне на многу промени, прилагодувања и

---

[254]ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина Велешка 1918-1941, к. 2, 9.3.2/1-34 (Турското население на овие простори во најголем број егзистирало токму од занаетчиската дејност. За сите иселени семејства велешката општина водела прецизна и комплетна евиденција од која се дознава за бројната состојба на секое иселено семејство, потоа дејноста од која опстанувало, целокупниот подвижен и неподвижен имот, како и местото каде се иселувало ова население.).

[255] Милош Хр. Константинов, *Занаети и еснафи во Битола и околијата*, Битола 1961 (Намалувањето на бројот на занаетчиите било интензивно. Во 1931 г. во Битола функционирале

отстапувања. Многу занаети ќе станат непотребни, наполно ќе исчезнат со иселувањето на турското население, кое функционираше многу поразлично од христијанското, различно се облекуваше, прехрануваше, носеше фесови и сл. Останатите занаетчии за да го стигнат чекорот на времето мораа да се прилагодуваат, да се модернизираат, да се усовршуваат. Највидно напредување забележале берберскиот, кројачкиот, чевларскиот и столарскиот занает. За кратко време почнале да се рекламираат отмени фризерски салони, продавници за модерна облека, работилници за парно чистење и пеглање на облеката и сл.

Голема улога во развојот и заштитата на оваа стопанска дејност ќе покаже Занаетчиската комора во Скопје, која ќе биде ставена во надлежност на задоволување на потребите на занаетчиите, организирана на иницијативата на самата власт. Таа ќе биде задолжена за борбата со бавната но сигурна индустријализација, која се појавува како главен конкурент, намалувањето на даноците, примена и промена на законските прописи, регистрирањето на законски легалните мајстори, угледот и формирањето на еден квалификуван занаетчија итн. Организирани во еснафи, занаетчиите го креирале своето секојдневно егзистирање. Се грижеле за се што допира до нив, од заштитата, конкуренцијата, снабдувањето, дистрибуцијата, кредитирањето, изградувањето и отворањето на дуќани, нивното место во чаршијата, квалификуваноста, воспитувањето и сл. Видна улога земале во креирањето на културно-просветниот живот, приклучувајќи се кон веќе формираните друштва или пак новоформираните на нивна иницијатива. Во Прилеп и Куманово во триесеттите години занаетчиските еснафи биле потикнувачи за изградба на занаетчиски домови, како центри каде ќе се развива културната дејност.

Занаетчиите биле главната одлика на градовите, кои во овој период ќе функционираат како работници, организатори и трговци во својата дејност. И покрај промените опстојувале и забележани се дејностите на: којунџискиот, коларскиот, казанџискиот, калајџискиот, лончарскиот, берберскиот, ковачкиот, чевларскиот, ќурчискиот, слаткарскиот, леблебиџискиот, кројачкиот, шапкарскиот, абаџискиот, самарџискиот, јажарскиот, мутавџискиот, сарачкиот, лимарскиот, златарскиот, којунџискиот, бојаџискиот, механичарскиот, браварскиот, јорганџискиот, цигларскиот, кожарскиот, дограмаџискиот, часовничарскиот, фурнаџискиот, грнчарскиот, месарскиот, фотографскиот, цреварскиот, пушкарскиот, наланџискиот и други видови на занаети.

Биле распоредени по целата должина на градовите, посебно во делот на пазарот и чаршијата. Точно се знаело кое еснафско здружение каде било лоцирано, па и тој дел дури и така бил именуван и познат меѓу

1.700 занаетчии од кои во 1934 г. останале 841. Слична била состојбата и во сите други градови.).

локалното населние. Бројот на занаетчии може да се потврди од евиденцијата која ја водела секоја општина, регистрирајќи ги сите занаетчии според видот на занаетот. Во Велес според тие податоци имало повеќе од 720 занаетчии, во Штип имало околу 500, во Битола постоле помеѓу 1.000 и 2.000 занаетчиски дуќани лоцирани во старата чаршија со околу 72 занаети и над 1.700 мајстори и чираци итн.

Занаетчиите биле претежно ситни стокови производители. Поголемиот дел од нив најчесто работеле сами, потпомогнати од членовите на својот потесен семеен круг. Но, ќе постојат и такви занаетчии, кои ќе можат да си дозволат еден до двајца помошници, односно присуство на калфи, чираци и ученици.

Се карактеризираат како необразовани луѓе, на кои важно им било само да ги задоволат потребите на своето семејство. Мал дел имале можност да стекнат било какво образование или посетат некој курс со кој би напредувале во своите вештини. Потребата од стручноста станала видна. Теоретската и практичната подготовка била спроведувана преку отворените занаетчиски училишта, преку кои се настојувало да се оформи занаетчија запознат со современиот начин на производство во својата определба. Доста чести уште од почетокот на дваесеттите години биле организираните кројачки и чевларски курсеви, чие спроведување било ставено под надлежност на Министерството за трговија и индустрија. Во помалите градови како Кочани, Виница, Штип и др., за зголемување на посетеноста се информирало и начелството на општината.[256] Во Струга било познато зидарско-каменоделското училиште, отворено 1922 г. во согласност со Заводот за унапредување на занаетчиството од Белград, со цел да се дојде до било каков образован кадар со кој би се задоволувале тогашните потреби.

Односите меѓу вработените и работодавачите, биле уредувани со законските одредби донесени од Министерството за Социјална политика, односно со законот за работилниците. *Според нив во градовите од 1922 г.* ќе биде обновена работата на „Судот на Добрите Луѓе"[257], кој се грижел за правата на занаетчиите и нивната заштита, решавање на нивните спорови и сл. Судот на добрите луѓе располагал и со свој печат.

Според Законот за осигурување од 1922 г. мајсторот бил должен целокупниот свој кадар да го осигура заради безбедност од непосакувани случувања, но, ретко кога истиот и се почитувал во целост. Според архивските документи во Велес од 13 март 1924 г. започнало да функционира Окружното биро за осигурување, сместено во улицата

---

[256] ДАРМ, ПО Штип, ф. Суд на општина Виница, несреден фонд.

[257] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941), к.3, 9.3.3.71/214-215 (Од 1922 г. Судовите на добрите луѓе ќе започнат да функционираат, односно ќе се формираат во 26 окрузи и 50 градови, меѓу кои и Скопскиот округ и градовите Скопје и Велес.).

„Инвалидска" бр. 6.[258] Истата оваа институција, имала за цел да ги извести сите занаетчии за нивната должност на пријавување на сите свои вработени, без разлика дали се стални, привремени, односно без разлика на тоа дали се работи за калфи, чираци или пак ученици, во спротивно следувало казнување според член 194 од погореспоменатиот закон. Како дел од оваа биро биле тогаш отворената амбуланта и забното ателье наменети за сите нови занаетчиски осигуреници.[259]

Од списоците на осигурениците, калфи и чираци се дознава за нивните лични податоци, возраста, видот на занаетот со кој се занимаваат, мајсторот и работилницата каде работат, годината на нивното стапување во истата, дали се постојано или повремено вработени и како и колку им се исплатува.[260]

Работодавачите не се однесувале според пропишаните правила. Во занаетчиските дуќани се работело до 16 часа дневно, а се заработувало мошне малку. За спроведување на законските одредби, посебно наменети на Законот за осигурувањето, тогашното окружно биро во Скопје, во соработка со Комората предложила формирање на суд за работничкото осигурување, составено од 20 членови, од кои 10 предложени за поротници, а другите 10 за нивни заменици. Првиот ваков орган бил избран во 1933 г. кога меѓу неговите членови се наоѓале и Јосиф Гајдовиќ-сидар и Тодор Мајсторовиќ-механичар, како негов заменик.[261]

Занаетчиските здруженија, од триесетите години ќе бидат дел од Занаетчиската комора со седиште во Скопје, организирана со цел да ги застапува, штити и унапредува занаетчиите на своите простори, односно истата се смета како правно лице кое има обврска за целокупното занаетчиство.[262]

Од 1932 г. еснафите биле претворени во принудни занаетчиски здруженија, во кои ќе важат законите кои ќе бидат донесени од тогаш формираната занаетчиска комора, преку која занаетчиите добивале помошнички и мајсторски сведителства, а со тоа и можност и да отворат свои сопствени дуќани. Од овој временски период за првпат законски се барало од занаетчиите да имаат одредена стручна подготовка, односно се отворило државно занаетчиско училиште. За полагањето на мајсторскиот испит била формирана и соодветна комисија за секој занает, која се состоела од три или четири члена, мајстори регистрирани во комората. Се полагало во просториите на Занаетчиското здружение во Скопје во време одредено со писмено известување до кандидатите.[263] Според правилата на

---

[258] Ibidem., к.2, 9.3.2.86/144.
[259] Ibid.
[260] Ib., 9.3.2.87/158180.
[261] Часлав М.Никитовиќ, *Занаѓство Јужне Србије*, Скопје 1934, 153-154
[262] ДАРМ, Скопје, ф. Занаетчиска комора, Скопје, к. 1, 1.927.1.1/1-26 (Занаетчиската комора во Скопје ја опфаќала цела Вардарска бановина, имајќи свој одбор, статут и печат.).
[263] ДАРМ, ПО Струмица, к. 1, 7.1.59/117.

занаетчиската комора од пријавените за полагање се наплатувала и одредена такса на име дневница за комисијата и такса за окружниот одбор на комората.[264] Испитот се состоел од теоретски и стручно практичен дел.[265] За стекнувањето со мајсторско право се добивало и мајсторско сведителство од Еснафската управа и окружниот одбор на Занаетчиските здруженија во локалните градови.[266] Во 1932 г. на иницијатива на училиштето бил организиран курс за мајстори за модерно технички занаети како електромашински, електротехнички, браварски, дреарски, градежно столарски, столарски и др., кој понудувал еднаков степен на образование како и нижите занаетчиски училишта. Вечерната настава се изведувала во текот на три години, по што се добивало право на квалифукуван мајстор по положениот мајсотрски испит и практичната работа од една година.

Занаетчискиот опстанок бил тесно поврзан со задолжувањето кај банките и локалните лихвари.

Во периодот меѓу двете светски војни веќе споменав постоеле голем број на занаети. Најзастапен и најброен бил чевларскиот занает, во кој спаѓаат уште опинчарскиот и влечкарскиот. Во овие работилници се изработувале и влечки, чизми, сандали, гојзерици и сл. од разни материјали како кожа, лак, антилоп и ѓон. Се делеле на модерни градски занаетчии, чевлари за селското население и чевлари-крпачи, кои само поправале чевли. Материјалите се купувале од Скопје, каде пак ги носеле трговците од Словенија. Рачната изработка на чевлите долго време била актуелна и достапна за многумина. Чевларите во Штип биле надалеку познати мајстори по изработувањето на најудобни и модерни чевли од кои купувале многу млади и имотни луѓе и од соседните градови.[267] Штипјанецот Симо Кожухаров вели: „чевларите правеа чевли по моделите од весниците, а жените на офицерите доаѓале и си бирале модели".[268]

Процесот на модернизација ќе биде најголемиот проблем на овие занаетчии. Со појавата на готови и поевтини производи, како и со отворање на нивни претставништва во повеќе градови од Вардарска Македонија, чевларите почувствувале голема опасност од нивно

---

[264] ДАРМ, ПО Струмица, к.1, 7.1.136/1110.

[265] Ibidem, к.1, 7.186.1.3/871.

[266] Ibid., к.1, 7.1.106/197 (Сведителствата биле доказ за стручната подготовка за извршување на соодветниот занает, се потврдувало и правото на стекнување титулар мајстор и право на отворање работилница.).

[267] Јелисавета Фетка Бојациска, *Штипска...*, op.cit., стр. .51 (Донче Шеќеринов бил доста афирмиран мајстор за обувки. Неговиот дуќан бил модерен, а во него секогаш имало квалитетни материјали како кожа, лак, антилоп, ѓон, како и добри алати, калфи и чираци. Во 1938 г. тој отворил и дуќан за продавање на готови обувки. Имал земено кредит од Брегалничката банка, од каде за кратко, без најава му биле конфискувани машината и сите материјали, алати и обувки од новоотворената продавница. Генералот Тоскиќ ја познавал суровоста на Каламатија и неговите соработници од банката, но и чесноста и надареноста на Доне, па затоа му помогнал во купувањето на машина, алати и материјали, а на целокупниот офицерски кадар му препорачал да прави и купува чизми и чевли од овој мајстор.).

[268] Сеќавање на Симо Кожухаров од Штип.

намалување и осиромашување. Од триесеттите години, чехословачката фабрика „Бата" отворила отворила повеќе продавници на видни места низ градовите, понудувајќи ги своите модерни производи. Готови производи понудувала и фирмата „Босанац". Мерките за преместување на продавниците се покажале несоодветни и неефикасни, заради што многумина чевлари ќе почнат да го напуштаат занаетот, но и родните места. Димитар Димитровски вели: „по светската економска криза од 1929 г. заминаа многу чевлари од Битола. Бата затвори многу дуќани, селаните се свртеа кон опинците на Бата кои беа поквалитетни и не се кинеа".

Казанџиите биле доста актуелни во овој период и заштитна карактеристика на градот Штип, каде се изработувале разновидни предмети како казани, котли, ѓумови, тепсии, арании, мангали, ѓезвиња, тенџерињa и сл., продавани на пазарите низ Македонија.

Доста актуелни биле кројачите, терзиите или шнајдерите. Најголемиот дел од нив биле припадници на машкиот пол делејќи се на дус и френк терзии, во зависност од влијанието, како и изучувањето на својот занает. Дел од овие занаетчии ќе имаат можности да престојуваат во некои од европските градови, така што пред нивниот дуќан меѓу натписот ќе се наоѓа и зборчето френк. Тоа ќе бидат всушност и луѓето кои во градот ќе ги внесуваат и промените во модата, правејќи ги поразлични со текот на годините, зашто од нив зависеше и можноста дали промените ќе бидат успешно наметнати и прифатени. Модните трендови ги прателе и во странските списанија, од каде ги земале терковите. Познат модерен кројач во Битола бил Кочо Димитровски Фрнацузо. Димитар Димитровски за него се сеќава: „Кочо Фрнацузо го изучи францускиот јазик, тој ги читаше Ги де Мопасан и Виктор Иго во оригинал. Од весникот Правда се собираа и правеа романи, исечоците излегуваа во продолженија".[269]

Дел од нив имале и помош од своите сопруги.[270] Шиеле и женска и машка облека, капути, костими, невестински фустани, свештеничка облека, облека за воениот и жандармериски кадар, како блузи, пелерини, генерални униформи со ширити, гајтани и еполети и сл.[271]

---

[269] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[270] Познат штипски кројач бил Трајчо Патраклиски кој во 1936 г. во чаршијата отворил моден салон. Во работата му помагала неговата сопруга Галаба, која ги вадела терковите од модните списанија, цртала и кроела. Во Битола на Широк Сокак дуќан отворил Душан Цекиќ со сопругата Драга. Свои дуќани отвориле и Зора Цветкова, позната како Зора Капелу по изработката на женските шапки - капели и Тодорка Зајкова.

[271] Јелисавета Фетка Бојациска, *Штипска*..., op.cit., стр.52-53 (Петре Наков бил најпознат шивач, моделар во Штип, во чиј дуќан се шиела и облеката за свештеничкиот и офицерскиот кадар. Неговиот дуќан бил пространо со повеќе машини, маси, пегли, ножици и друг прибор, а во кој работеле добри калфи и чираци. Петре бил доста креативен и енергичен и успеал да се вклучи во целокупниот општествен живот во градот. Долги години бил почесен претседател на градот. Бил редовен гостин на театарските претстави и другите културни манифестации во Штип, Скопје и Белград. Во 1936 г. како претставник на градот, заедно со други делегати престојувал во Париз, заради размена на искуства во модата-занаетчиството и лозарството. По враќањето

Иако во помал број сепак се издвојувале и женските кројачи. Девојките занаетот имале можност да го изучуваат единствено во женското занаетчиско училиште. Немајќи ја можноста да работат во градските дуќани, најголемиот дел од нив стекнатото знаење ќе го применуваат во своите домови. Неизбежни за нив како и за останатите терзии биле машините „Сингер", кои во почетокот ги носеле трговците, за подоцна во дел од градовите да се отвори и претставништво на оваа фирма. Од 30-тите години најголема конкуренција за кројачите било претставништвото на фирмата „Тивар" за готова облека, која низ градовите во вардарскиот дел од Македонија отворила низа продавници.

Тогашната мода ја условувала и појавата модерните шапкарски салон и работилници каде се изработувале шеширите или паларии, масовно користени од возрасните и младината. Каскетите тогаш биле забранувани заради наликувањето на комитските капи кои српската власт ги потсетувала на бугарските комити. Постоеле посебни дуќани за машки и за женски шешири. За летно време зе изработувале шапки од слама, бела или обоена, додека за зимно време се изработувале од потопли материјали во најразлични форми и бои. Капите станале составен дел и од женската мода. Тие се почесто биле носени и за време на свадбените церемонии, кога невестата наместо невестински превез носела бела капа изработена по најновите европски модели.

Секојдневните потреби биле задоволувани и од фурнаџискиот или пекарскиот занает. Во секој град фурни имало навистина многу, во сите маала, главните улици и чаршиите. Биле именувани според имињата на сопствениците. Работеле со претходно добивање на посебна дозвола од општината каде и се регистрирале како посебни фирми. Посебен белег оставиле во Штип.

Најголем дел од фурните биле во склопот на домовите, во приземните или подрумски делови. Работеле на дрва, а во нивната внатрешност неопходно било присуството на хигиенските услови. Според донесените одредби за пекарите, лебот поставен за продавање морал да се прекрие со чаршав, заради заштита од разни инсекти и прашина.[272] Вработените калфи, чираци или ученици задолжително требало да поседуваат лекарско уверение за нивната здравствена состојба, коса кратко потстрижена, секогаш чисти раце и кратки нокти, како и да имаат околу градите чиста бела престилка.

Фурните се сметале како домашни готвачи, во нив секоја домаќинка печела се што ќе подготви: разни манџи, пити, леб, баклава, гурабии, бурек, симити, ѓевреци, зелници, семки од тикви и сл. За секој фурнаџија организираноста била голема карактеристика. Тој точно знаел кое јадење

пренесеува многу модни новини во облекувањето, а носи и нови сорти – калеми, темјанка, нов начин на обработка и осовременување на лозарството.).

[272]ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941), к. 2, 9.3.2.117/495.

или леб кому припаѓа, колку треба да се пече и со која силина треба да биде огинот. Фурните биле местата и каде се правеле и продавале леб, симите, ѓеврески, бурек, баници, пити пастрмајлии, гурабии-ермилии, семки од тикви, кои најмногу ги купувале учениците и многу други тестенини. Фурнаџиите така ги учеле и сите подготовки на храната, голем срам било да не се научи по некој рецепт. Но важеле и за големи мераклии на храната. Најактивни и најраздвижени биле за време на славите и празниците, Велигденските и Божиќните кога се печеле и прасиња и јагнишња. Постоеле и фурни кои во Штип печеле леб само за потребите на војската.[273]

Биле места каде се имало можност и за средби, разменувања на мислења, дознавање на сите новини во средината каде се живеело, можност за домаќинките да заштедат време и сл. Често со граѓаните знаеле и да се пошегуваат заменувајќи им ги веќе испечените тави.

Дограмаџиите или изработувачите на мебел биле потреба во овој период, кога власта започнала со многу градби во општините, но и кога поимотните граѓани започнуваат да посветуваат поголемо внимание на внатрешното уредување во домовите, хотелите и сл. Штипјани биле познати по овој занает. Во овие години биле испраќани дури и на курсеви за усовршување во Скопје, Србија и во Словенија. Штип интензивно се градел, се подигнувале убави домови, хотели, административни згради, офицерските станови, кои пак имале потреба од рачно изработен мебел. Најпознат бил дуќанот на Петре Варадинов, кој занаетот го изучил во Белград, а по враќањето започнал да работи опремувајќи ја својата работилница со најмодерната механизација.[274] Во Битола, Димитар Димитровски Такецот вели: „мојот дедо Спиро Димитровски Зимбило беше познат дограмаџија. Кај него во петок доаѓаа свадбарите, тој им изнајмуваше плетени столици, сандалии, за половина динар. Во понеделникот ги враќаа. Имаше околу 100 сандалии и ги чуваше во горниот дел од дуќанот. Ги ставаа во дворовите. На свадбите се случуваше да дојдат и по 200 луѓе. Мојот татко Вангел Димитровски во 1930 г. прв отворил работилница за лесен модерен мебел по чехословачки каталози на Широк сокак со 15 работници. Фирмата се викаше „Сонце", за да ги привлекува купувачите, метафоричен наслов имаше фирмата, убав лесен мебел, како сонце. Дотогаш Таки Димитровски во Битола работел длаборез, правеше огромни маси од орев со крокодилски нозе со канџи – тежок намештај. Браќа Додевци исто правеле полумебел за училишта – дограма, клупи, столици порачувани од власта за училиштата".[275] Кон крајот на

[273] За потребите на војската во Штип исклучиво работеле Бресклиска фурна и Фронта фурна во која дури и работеле војници-фурнации.
[274] Во дуќанот на Петре Варадинов работеле познати мајстори. Соработувал со познати инженери Руси доселени во Штип во тој период.
[275] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

30-тите години дограмаџиите започнале да го користат и циркуларот со три операции, кој заменувал многу работници.

Шумските предели во Малешевијата биле предизвик за чарковите или пиланите на вода, наменети за примарна преработка на дрвото. Во Берово и околината имало околу 20 чаркови претежно на реката Брегалница.[276] Присуството на дрвото го овозможил и текот на качарите и кацарскиот занает со кој се изработувале каци и буриња.

Касапскиот занает бил многу застапен. Касапите работеле според одредени правила, наметнувани од општинската власт[277], според кои редовно требало да се грижат за големината на внатрешниот простор, каде биле сместени тезгите, касапскиот трупец каде се сечело месото и големиот број на еден вид чингели на кои истото се закачувало[278]. Соработувале со општинските кланици[279], каде стоката се носела за колење. Месото можело да се изнесе само со одобрување на општинскиот ветеринар[280], но колење на добитокот се вршело и пред самите дуќани, пред кои и се чистело и продавало. Работата пак им се олеснувала на оние касапи во чии населени места имало реки, чии води директно ги користеле за миење на месото, со што директно ги загадувале оставајќи ги непотребните делови. Како посебни загадувачи на водите се сметале цреварите чии работилници задолжително се наоѓале во близина на речните води, заради нивно неизбежно користење во обработката на цревата, по нивното транспортирање од кланицата. „Дуќанџиите чекаа да

---

[276] Даринка Петреска, *Малешевијата*..., op.cit., стр. 158.

[277] Весник „Скопски гласник", (Месарите и колбасичарите имале право да произведат сапун од отпадоците од месните производи. Немаат право да ги откупуваат овие отпадоци од други лица. Лојот не се смета за отпадок. Месарите и колбасичарите немаат право во своите работилници да воведуваат модерна техника која се употребува во сапунџискиот занает.)

[278] Посебни правила постоеле за местата каде биле сместени месарските и колбасичарските работилници. Зради избегнување на заразните болести, банската управа со Закон од 1931 г. *издала посебни правила за уредувањето на просториите и работилниците каде што се* сместувале месарските производи. За таа цел била формирана и комисија од стручни лица во која влегувале и ветеринарни референти, зарди утврдување на спроведените правила во самите работилници. Овој закон предвидувал за затворање на работилниците доколку не се почитувала наредбата од власта или пак доколку комисијата потврдела дека одредени локали не се наменети за извршување на таа дејност. Така меѓу другото се барало сопствениците на работилниците да поседуваат доволен простор, доволно куки за закачување на месото, доволен број на потребен алат, вага, да имаат патос од бетон, бели и чисти ѕидови, предната страна кон улицата да биде од стакло, да поседуваат ладилници за ладење на месото, чисти прозорци, табла со означена фирма и вработени лица кои ќе имаат чиста облека, бела престилка и капа на главата.

[279] *Алманах*..., op.cit., стр.51 (Според правилата, општинската кланица задолжително се наоѓала најмалку еден километер надвор од градот, заради миризбата која што ја шири околу себе, и во близина на река, заради одржување на нејзината хигиена. Секоја кланица поседувала штала, во која се сместувала донесената стока, кланица и комори за ладење.)

[280] Ibidem, стр. 53 (Општинската ветеринарна служба била задолжена за вршење контроли по пазарите, месарниците и останатите дуќани, општинската кланица, со цел отстранување на заразните болести кај домашните животни и добивање на производи од нив, кои не би биле ризични по здравјето на локалното население.).

зврне обилен дожд и тогаш се сé фрлаше во Драгорот, тогаш реката носеше се, инаку се казнуваше доколку фрлаш ѓубре", се сеќава Ѓорѓи Димовски Цолев.[281]

Потребата од мраз ја задоволувале од водите доколку ги има во близина на градот кога зимно време замрзнувале или копајќи големи дупки во кои се собирала вода и снег па потоа замрзнувала. Во Штип месарите и другите занаетчии мразот го користеле од замрзнатата река Брегалница. Скопјани само ја имале таа привилегија да ја користат комората во кланицата, со што за многу подолг период можеле да ги заштитат своите производи од расипување.

Којунџискиот занает бил карактеристичен за гостиварчани и охриѓани. Занаетчиите претежно биле Македонци и изработувале разни работи како: пафти, народни носии, накит, прстени, обетки, биле задолжени за украсувањето на икони, кандила, крстови и сл.

Културата на носење часовници одамна била позната меѓу поимотните граѓани во Македонија. Како занает почнува да се изучува многу одамна, но во самите поголеми градски центри часовничарските дуќани ги имало во мал број. Во Скопје имало 11 часовничарски работилници, а најпозната била златарската продавница на Стерјо Бурза Димитровски на главната улица „Крал Петар", а во која можеле да се купат часовници од фирмите „Зенит", „Омега" и „Шафхаус". Во Велес имало 4 часовничари, најпознати часовничари биле претставниците на семејството Зографски. Во нивниот дуќан овој занает го изучиле многумина. Еден од поталентираните ученици бил Стефан Салџиев кој по изучувањето на занаетот се сели во Струмица каде го отворил првиот часовничарски дуќан. За кратко време станал познат мајстор во источна Македонија и Бугарија. Излозите на часовничарските дуќани биле најдобро украсени во чаршијата, а нивните сопственици важеле за личности со посебна елеганција и лесна заработувачка. Часовничарите, во овој временски период, истовремено се занимавале и со оптичарскиот занает.

Доста актуелен бил и берберскиот занает. Во некои од градовите како на пример Штип имало и женски фризери. Позната фризерка била далматинката Елена Велкова, кај која многу девојки започнувале да го изучуваат занаетот. За берберите во Битола Димитар Димитровски се сеќава: „Се работеше од понеделник до сабота. Мажите одат на бербер во сабота навечер, се бричеа надвор и ќе си дојдеа касно. Кај берберите имаше многу луѓе. Берберите даваа картици и ако купиш ќе имаш поевтино стрижење и бричење. Така знаеја колку луѓе ќе имаат во сабота и ќе ангажираа уште двајца калфи, ќе ги држат како сезонци. На Широк сокак доаѓаа капетани, мајори, луѓе од војската, богати луѓе. Дедо ми ќе се избричеше, па ќе купеше алва и ќе си дојдеше дома. Како алфелова кула беше алвата и секој купуваше за колку пари

[281] Сеќавања на Ѓорѓи Димовски Цолев од Битола.

сакаше. На 13 јануари спроти Стара Нова година берберите ги почестуваа своите муштерии со желе бонбони и коњак.[282]

Штипјани биле познати како најдобри винари и лозари. Речиси и да немало куќа која не одгледувала винова лоза, од која понатаму правеле ракија и вино, што ќе биде предуслов за развојот на казанџиството во овој град и постоењето на многу казанџиски дуќани. Казанџиите изработувале казани за печење ракија, лули за казаните за ракија, котли, арании, ѓумови и други бакарни садови.

Постарите Штипјани сé уште се сеќаваат на времето кога во штипските казаници[283] се подготвувале ракијата и виното во придружба на песната од музичките состави и чалгаџии. Казаниците се наоѓале во составот на самата куќа и неопходно било да бидат во близина на маалските чешми и бунари, заради искористување на водата и миење на казаните, буриња и сл. Во секоја казаница се повикувале најблиските пријатели и во тие неколку дена секојдневието течело како и ракијата, бавно со музика, песна и многу анегдоти.[284] За присутните се подготвувала разновидна храна, туршија, пиперки, зелка, месо, колбаси, се печеле, компири, тиква и сл. Често знаеле да се случат и незгоди, заради конзумирањето на ракијата, огнот кој постојано горел и сл.

За подготовката на ракијата се плаќало и одреден данок на општината од каде секој задолжително пријавувал колку казани ќе вари ракија, во спротивно следувала парична казна. Количината на добиената ракија се контролирала од финансиската контрола за која во Штип биле задолжени Иљо Биков, Мијалче Бутнејски, Тодор Попов и др., кои ги обиколувале казаниците дење и ноќе во периодот кога се варела ракијата.[285]

Во Велес меѓу најстарите и најпросперитетните занаети бил грнчарскиот, условен од изобилието на основниот потребен материјал-глината во негова непосредна близина. Велешките грнчари групно оделе *на овие места, од каде се ископувала и товарала на магарења.* Од грнчарството во Велес живееле 20 семејства на мајстори грнчари со своја работилница, потоа голем број на поситни грнчарски работници, но и еден дел од трговците кои грнчарските производи ги продавале во разни градови и панаѓури, истовремено популаризирајќи го како занаетот така и градот. Грнчарите ги произведувале сите потребни предмети за во

---

[282] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[283] Штип бил познат по големиот број казаници од левата и десната страна на реката Отиња именувани според сопственикот односно домаќинот на куќата и казаницата. Некои од нив и ги изнајмувале на други граѓани, кои имале грозје, но немале казаници. Мошне важен бил коректниот однос кон казаницата, садовите и одржувањето на хигиената, пред се чистењето на казаните. Изнајмувањето било наплатувано, најчесто со одредено количество ракија.

[284] Штипјани, како и останатите лозари, подготвувала два вида ракија грапа и анасонка, позната заради одреденото присуство на анасон.

[285] Душко Стојанов, *Белег на едно време*, Штип 2007, стр. 242.

домаќинството, задоволувајќи ги потребите како во градот така и во селските подрачја, како: разни видови на грнинја, бардачиња, тави, тенџерињa, глинени претмети за чување на вино и ракија итн. Поголем дел од грнчарите работеле во своите домови, каде се наоѓала нивната соодветна работилница и печката каде се печеле готовите производи. Финалниот производ се сушел на отворените чардаци, а потоа се продавал на пазарите.

Во Вардарскиот дел од Македонија постоеле две работилници за изработување на музички народни инструменти како гајди, кавали, шупелки, дудук, зурли и сл. Поточно во Скопје и Прилеп имало само по еден мајстор гајдаџија кои изработувајќи ги народните инструменти од дрво и рог од бивол и вол ги задоволувале сите потреби.

Со купувањето и примената на радијата, телефоните, машините за пишување, воведувањето на електричните инсталации, се појавила и потребата од електротехничари. Како познат занаетчија од овој вид во Штип се споменува Борис Пехливанов, доселеник од Велес, кој по враќањето до Австрија после 19 години каде го завршил и средното техничко училиште отворил своја фирма Прецизна механика, понудувајќи ги своите услоги за поправка на сите споменати апарати во тој период.

Користењето на превозните средства како автомобилите, автобусите и камионите биле услов и за појавата на првите автомеханичари по градовите, односно вулканизери.

Воведувањето на водоводот го условува и појавувањето на водоводџиите, уредувањето на улиците пак биле услов за калдрмаџиите итн. Тоа биле новите занаети кои со новите процеси на модернизација ќе се појават за да ги задоволат секојдневните потреби.

Во 1922 г. во Битола се појавил и првиот оптичар, со што била прекината практиката очилата да ги продаваат трговците, без стручно видување.[286] Во овој период градот забележал и појава на мајстор за поправка на музички инструменти, машини за пишување и мајстор за поправка на чадори. На улица „Крал Петар" бр. 22 во Скопје имало оптичарска работилница, единствената во Вардарска Македонија. Наочарите ги изработувале со стакло од „Цајс Пунктал".[287]

Развојот на туризмот барал и промена на работилниците. Ќепенците почнало да ги снемува, се заменувале со модерни излози кои ги привелкувале туристите.

Најголемиот дел од занаетчиите биле сконцентрирани во главната улица и околу пазариштето. Поголем дел од дуќаните биле во општинска сопственост или пак во рацете на поимотните претставници во градот, кои им ги издавале на занаетчиите, наложувајќи им огромни кирии во однос на она што го заработувале.

---

[286] Милош Хр. Константинов, *Занаети и*..., op.cit., стр. 95.
[287] Весник „Вардар".

По воспоставувањето на српската власт, истата преку судовите ќе спроведе одредени законски правила, од кои дел ќе се однесуваат и на занаетчиите.[288] Според нив се забранувало било какво нарушување на редот и мирот меѓу занаетчиите. За сите дуќани имало одредено работно време кое требало целосно да се почитува. Во истите хигиената била неизбежна како во внатрешноста така и во просторот околу нив, на самата улица, каде секое утро треба да се собере ѓубрето во соодветна канта, изнесена на улицата, која потоа ја превземал градскиот општински чистач. Сите предмети како на пример клупите, масите и столчињата, од страна на занаетчиите, според овие правила требало два пати во неделата да се мијат со врела вода. Пред секој од занаетчиските дуќани, нивните поседници морало да обезбедат и соодветно осветлување, преку цела ноќ, со помош на фенери или електрични ламби.

Самата близина на дуќаните им овозможувала на занаетчиите во времето кога не работат, да се соберат и поразговараат пред дуќаните или блиските кафеани, пиејќи кафе, ракија или летно време ладна боза купена од уличните продавачи. Се пееле и песни, кои власта знаела и да ги забрани. Штипските занаетчии долго ја пееле песната за полковникот Драгов, „Има Драгов има леб, нема Драгов нема леб", опишувајќи го така своето мачно опстојување и секојдневие. Овие луѓе своето секојдневие, знаеле да го збогатат и со многу меѓусебни натпревари, како на пример во јадење на пити пастрмајлии, лубеници, пиење боза и тн.

Занаетчиите ќе бидат познати и како добри шегаџии, така што поголемиот дел од нив ќе имаат и свои прекари. Се шегувале со селаните и со чираците.

Секој занаетчиски еснаф имал свој заштитник кој еднаш во годината го одбележувала како своја слава. Се славеле Св. Јован како ден на фурнаџиите, Св. Атанас на свеќарите, Св. Трифун на анџиите, меанџиите, гостилничарите, Св. Петар и Павле пајтонџии, арабаџии, Св. Лука железарите, јажарите, тенекиџии, Св Арангел касапите, Св. Спиридон грнчарите, налбатите, кондураџиите, кожарите, ковачите, самарџиите и други празници.

Токму за тој ден, занаетчиите кои славеле претходно собирале пари наменети за подигнување и светење на лебче, панагија, во некоја од црквите, а потоа заедно се веселеле знаејќи и да запеат, придружувани од велешката чалгија и заиграат по некое македонско оро.

Поголемиот дел од занаетчии не можеле да егзистираат само од остварувањето преку својот занает. Затоа и биле принудени да се занимаваат напоредно со земјоделство, обработувајќи ја сопствената земја или работејќи како наемни работници по туѓите ниви и полиња.

---

[288] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина Велешка 1918-1941, к. 2 , 9.3.2.117/488-499.

Фотографите, фотографијата и нивното влијанието во секојдневието

Зачувувањето на своите портрети и секојдневни случувања од одреден временски период или значаен настан и момент, ќе биде поттик за развојот на фотографскиот занает во вардарскиот дел од Македонија, кој секогаш ќе забележува постоење на едно време. Желбата и навиката за фотографирање во почетокот била секојдневие само за поимотните, но со носењето и можноста за купување на фотоапарати, оваа можност ќе стане блиска речиси за секого кој сакал да има свои фотографии. Фотографијата почнала да ја означува позицијата на семејството, неговата внатрешна структура. Потребата за фотографирање веќе рековме дека најмногу се задоволувала од поимотните, кои патувајќи во поголемите европски и светски градови имале можност да се запознаат со оваа уметност. Определени влијанија носеле и македонските печалбари по нивното враќање во македонските градови. Во градовите како Париз, Букурешт, Цариград, Виена, Чикаго и др. Некои Македонци дури завршиле и фотографска школа, следејќи го понатаму во континуитет техничкиот развиток на фотографијата. Развојот на фотографијата имале можност да го следат и на саемите за фотографија организирани во европските градови, на кои дел од македонските фотографи имале можност да присуствуваат.[289] Кон крајот на 30-тите години поточно во 1939 г. во Скопје била организирана и првата самостојна фотографска изложба.

Отворањето на фотографските работилници било регулирано со Законот за трговски дуќани од 1920 г., кога и фотографите морале да полагаат мајсторски испит пред комисија во Скопје и да добијат дозвола за работа. Фотоапаратот за нив ќе биде можност за лично, субјективно изразување и толкување на сето тоа што го опкружува. Фотографите биле организирани во свое здружение имајќи и своја еснафска слава, „Св.Лука" (31 октомври). И тие како и останатите занаетчии во овој период се соочувале со економската криза, која во голема мера влијаела на нивното опстанување, заради што морале напорно да работат, да се афирмираат, нудејќи ги своите услуги од место до место. Фотографските дуќани[290] не биле толку модерни, без вода и струја, користејќи ги само најнеопходните материјали за изработување на фотографиите. Фотоматеријалите биле купувани од белградски или странски фирми. Кон крајот на дваесеттите години во Скопје бил отворен и наменски дуќан за фотоматеријали, „Фотоаматер", од кој се снабдувале тогашните

---

[289] Роберт Јанкуловски, *Преглед на фотографијата во Македонија 1885-1945*, во сп. Фотографијата и филмот на почвата на Македонија, книга 16, стр. 31 (На еден саем за фотографија организиран во Прага 1930 г. од занаетчиското здружение бил испратен стружанецот Ставре Попоски.).

[290] Фотографските дуќани најчесто се наѓале во самите домови на фотографите, каде приземните делови биле приспособувани за потребите на фотографот, а дел од дворното место било користено и како позадина за фотографиите.

фотографи. Во месец октомври 1933 г. фотографското одделение од Скопје во весникот „Вардар" огласило дека во својот склад ги има сите видови фотографски плочи, листови, филмови, карти: Пиргиљ, Кодура, Лабо, Село Целофикс, Верона и др. како и целокупен фотографски материјал од познатите светски фабриканти: Агфа, Перуц, Кодак, Илфор, Лумејер, Барнет, Гиљумино и др. Разни апарати од најскапи до најевтини. За докторите имале и рентген плочи и рентген филмови од најнова емулзија.

Фотографите важеле за комуникативни луѓе со многу пријатели, познаници, стекнати благодарение на својата професија. Никаде не оделе или патувале без својот фотографски апарат, кој станал средство за нивно лично, субјективно изразување и толкување на светот.

Во дваесеттите години фотографирањето се правело заради лични потреби, најчесто се правеле групни семејни фотографии или нечии портрети, но од триесеттите години веќе почнуваат свесно да се фотографираат мотиви наменети за изложување. Луѓето почнуваат да се фотографираат за време на семејните прославувања, свадби, екскурзии, седенки, излети, приредби, школски свеченост и случувања, панаѓури, патувања, верски и државни празнувања итн. Несвесно фотоапаратот почнува да се насочува кон надворешниот свет, прикажувајќи го семејниот живот во секој момент и прилика. Тие моменти ќе им наметнат и нови правила како зачувување на сите фотографии во семејни албуми и нивно поставување, односно јавно изложување на ѕидовите од дневните соби и сл. Од фотографиите се изработувале и разгледници печатени во локалните печатници и продавани во книжарниците, од кои и денес се зачувани многу. На секоја од нив е забележана годината, фотографот и она што е фотографирано. Во Битола било формирано и „Туристичко фотоателје" од страна на браќата Папакоч, во кое можеле да се нарачуваат слики од разни делови на градот снимени од фотографите.[291] Се продавале и албуми од разгледници користени како подароци.

Во периодот меѓу двете светски војни се појавуваат професионални и аматерски фотографи. Покрај домашни, забележителни биле и странските фотографи. Така во 1930 г. издадена била една од најбогатите книги со фотографии од Македонија, позната како „Скопје и неговата околина" на Јован Хаџи Николов. Во Берлин пак во 1940 г. била издадена книгата „Македонија – живот и форма на една покраина", во која фотографиите биле направени од Лаиф Гајгес.

Битола во овој период се карактеризира како главно културно средиште каде се појавиле најголем број љубители на фотографијата и фотографски дуќани. Најпознати фотографи уште од турскиот период биле браќата Манаки кои поседувале и свое фотографско ателје. Во дваесеттите години почнале со

[291] Александар Стерковски, *Битола*..., op.cit., стр. 397.

објавување на фотографии во повеќе југословенски весници и списанија. За разни цели нивните фотографии биле користени и од многу организации и институции. Нивните фотографии го забележале видливо тогашното секојдневие. Во тој период Милтон бил и дел од многу организации, активност која и му овозможила забележување на нивното делување.[292] Ги забележале панорамата на градот, течението на реката Драгор, обичните граѓани, познатите семејства, војниците, офицерите, службениците, учениците, студентите, изгледот на домовите, чаршијата, битолската калдрма, хотелите, занаетчиите, трговците и индустријалците, битолската жена, модата, старите и модерните дуќани, пазарот, превозните средства низ градот, клубовите и друштвата и нивните активности, изградувањето на дел од значајните објекти, како училишта[293] и фабрики, свеченостите, посетата на познати личности во градот[294], убиствата во градот, погребите, црквите, околните села, планинските предели, туристичките места и сл. За полесно извршување на фотографската дејност Милтон во 1926 г. купил и моторцикл со приколка. Во нивната работилница неколку фотографи го изучиле фотографскиот занает, отворајќи подоцна и свое сопствено ателје. Еден од нив е и Михајло Зега, кој фотографскиот занает од браќата Манаки го изучувал до 1933 кога се пријавил за фотограф во Военото воздухопловство во Скопје, каде останал се до 1941 г.[295]

Од 1918 г. во Битола доста познат бил и фотографскиот дуќан на Сотир Пинза во центарот на градот. Од 1920 г. пак функционирала фотографската работилница и на браќата Ошавкови, дојденици од Дебар, на главната улица на Пекмез Пазар, познати по обработката на самите слики, посебно на позадината на која посветувале големо внимание. Оставиле доста фотографии од чаршискиот живот во Битола, фотографирајќи во нивно време многу занаетчии низ чаршијата.

---

[292] *Творештвото на браќа Манаки*, Скопје 1996, стр. 38 (Милтон Манаки членувал во разни организации во Битола како Југословенко францускиот клуб, Црвениот крст, Велосипедскиот клуб, Здружението на ловџиите, Занаетчиската комора и др.).

[293] Браќата Манаки фотографирале многу генерации во училиштата, кои на крајот од годината се фотографирале групно по одделенија.

[294] Павле Константинов, *Браќа Манаки*, Млад борец, Скопје 1982 г., стр. 114-115 (Браќата Манаки биле секогаш дел од годишните почести организирани на Кајмакчалан во чест на загинатите српски и француски војници, а на кои покрај ветерани од Србија, присуствувале и членови на француската организација „Поали дориан", питомци од Воената академија во Белград, како и гости од други градови на Србија и Битола. До 1934 г. браќата успеале во неколку прилики да го фотографираат и српскиот крал Александар Карађорђевиќ и неговата сопруга, кои во 1928 г. го посетиле Кајмакчалан, а во подоцнежните години пак го посетил битолскиот гарнизон, Охрид, Свети Наум, Пелистер каде бил организиран лов во негова чест и сл.).

[295] Роберт Јанкуловски, *Преглед на фотографијата во Македонија 1885-1945*, во сп. Фотографијата и филмот на почвата на Македонија, книга 16, стр. 24 (Работејќи со браќата Манаки, Михајло Зега изработил многу фотографии од значајни настани каде тие биле задолжени за снимање. Во военото воздухопловство во Скопје работел како наставник по фотографија, но вршел и авионски снимања за потребите на војската.).

Од скопските фотографи најпознат бил Благој Дрнков[296], кој се занимавал и со трговија на фотоматеријали и оптика. Од 1931 г. работел како раководител во дуќанот „Фотоаматер", сопственост на Теодосие Вучидолац, од кој се снабдувале со материјали повеќето фотографи. Познат е по неговото учество на изложбата во Белград во 1935 г. со фотографијата „Тишина".

Прилеп со Пане Напески покрај киноприкажувачката дејност ќе има можност да ги запознае убавината и значењето на фотографијата. Како фотограф работел од 1925 г. Во 1932 г. во градот фотографско ателје отворил и Михајло Тодорчевски, кој завршил фотографска школа во Америка, каде и работел шест години како фотограф. Во Куманово најпознат фотограф бил богатиот трговец Георги Малински, кој материјалите за дуќанот ги набавувал од Виена, каде се смета дека и го изучил фотографскиот занает. Бил еден од ретките фотографи кои често патувале, фотографирајќи се околу себе, објавувајќи ги подоцна во весникот „Илустрирани лист" од Белград. Во Куманово како фотографи биле познати и Сигфрид Трајков Миладинов, Мико Трајковски и Александар Јовановски. Во Крушево функционирале дуќаните на Кочо Николаидис и Димитар Берберу-Таќа. Во Лазарополе и околината доста познат бил Евстатие Јолевски од кого до денес се зачувани многу фотографии, од кои се гледа дека доста патувал и фотографирал разни настани од секојдневието во неговата околија. Често групни фотографии изработувал во дворот на својата куќа, користејќи се што можело да се искористи како позадина на фотографијата.

Како професионални фотографи во Охрид биле познати со своите работилници Панде Василев Дајов, Димитри Митан, Мирослав Бељан, чие студио било опремено по примерот на ателјеата во поголемите европски центри и Благоја Поп Стефанија со неговото фото студио „Фото турист", лоцирано покрај самиот езерски брег[297]. Во Струга пак најпознато било ателјето на Ставре Попоски во сопствената куќа. Попоски бил еден од пообразованите луѓе во Струга, кој говорел и неколку странски јазици.[298] Во 1928 г. тој отворил фотографски дуќан и во Охрид.

Како први фотографи – хроничари во Штип се спомнуваат Коле Џидров, Ристо и Панче Мировски. Крсте Џидров долго бил и претседател на

---

[296] Благој Дрнков во периодот меѓу двете светски војни снимил и неколку аматерски документарни филмови во Скопје и околината со сопствената кинокамера, забележувајќи секојдневни настани, обичаи, занаети и сл.

[297] Благоја Поп Стефанија бил внук на фотографот Ставре Попоски, од кого и го изучил занаетот. Одредени познавања стекнал по заминувањето во војска во 1929 г., каде бил дел од фотографската секција со која направил многу фотографии. Често патувал по околните охридски села снимајќи портрети, групни фотографии, свадби, погреби и други настани.

[298] Илинденка Петрушевска, На езерскиот берг – Книно! (За старите кина во Охрид и Струга), во сп. Кинопис, год.XVIII, бр.33-34, 2006 (Ставре Попоски бил еден од најктивните во занаетчискиот еснаф. Многу патувал низ Македонија и странство, често бил избиран за член во мајсторските комисии за охридскиот регион. Во 1930 г. занаетчискиот еснаф му овозможил и присуство на меѓународниот саем за технички достигнувања во Прага.).

Занаетчиската комора во Штип, за кој период водел и евиденција за сите занаетчии во градот и околијата.

Поседувајќи фотографски апарати, многумина македонски интелектуалци и богати македонски семејства во овој период започнале и аматерски да се занимаваат со фотографскиот занает. За тоа потврдуваат многу зачувани семејни фотографии. Така, фотографијата се негувала во прилепското семејство Жежоски, прилепчанецот Кирил Миноски бил исто така еден од фотоаматерите кои забележале многу секојдневни мотиви, патувајќи, следејќи и забележувајќи ги тогашните случувања.

Од меѓувоениот период зачувани се многу фотографии, дел од ДАРМ и неговите подрачни одделенија, но и во приватните семејни архиви. Сите тие се значајна потврда за овие години. Се направил обиди и тоа успешен да се продре до функционирањето на семејството и целокупното население. Визуелниот поглед за многумина значел задоволство и можност за продолжување на што тие значеле, работеле итн.

2.7 Кафеаните и хотелите

Граѓанството во вардарскиот дел од Македонија во периодот меѓу двете светски војни се покажало како голем љубител на кафеанскиот живот, односно како редовен посетител на угостителските објекти како кафеани, хотели, меани, анови и сл. Многу од нив или биле изградени по војната или пак реновирани и адаптирани за користење. Најдобро се рекламирале преку дневните весници, каде секојдневно излегувале написи која кафеана каде се наоѓа, што понудува, колкав капацитет има, кој гостува и сл.

Сопствениците на кафеаните биле организирани во посебно Меанџиско-кафеанско здружение, а за нивната работа постоел и правилник, кој ги регулирал и работните односи на вработените во објектите. Угостителски работник можел да биде само оној кој поседувал соодветно уверение издадено од општината и Здружението и лекарско уверение за здравствената состојба која се продолжувала на секои три месеци. Во секоја работилница, кафеана, гостилница и сличен објект, контролорањето на работењето и вработените било регулирано со одредни прописи. Бил обврзан на видно место на локалот да истакне список со личните податоци на вработените, временскиот период на нивното доаѓање и заминување, како и бројот и датумот на писменият договор.[299] Со закон работното време било ограничено на 8, односно 10 часа. Задолжителна била и чистата униформа и кујнскиот прибор за послужување.

[299] ДАРМ, ПО Штип ф. Суд на општина Виница, несреден фонд.

Неоспорен е фактот според кој во секој град бројот на угостителските објекти бил голем со оглед на нивната големина, населеност и временскиот период. Скопје како најголем град ќе предничи со бројката од 300 објекти[300] до средината на дваесеттите години. Тоа биле местата каде се водел еден интензивен секојдневен живот[301], места каде на едно место можеле да се сретнат многу луѓе, да се дознаат многу новини, да се видат процесите на модернизација донесени преку киното, театарот, музиката, спортот и сл. Многу семејства во попладневните или вечерните часови знаеле да излезат во кафеаните и да поминат дел од своето време. Во некои од нив чести гости биле видни луѓе, занаетчии, трговци, индустријалци, претставници на власта, војници, офицери, уметници итн. Дури и кафеаните како да биле поделени според посетителите, точно се знаело кој профил на луѓе каде излегуваат и која кафеана ја посетуваат. Дел од нив облечени во најновите и модерни облеки знаеле да поминат само за да не бидат заборавени, да дознаат за најновите случувања, да се видат со познаниците, пријателите и сл. Сите тие обожавале да се фотографираат и овековечат за тие посебни моменти на дружба и пријателство. Мода станало вечерното шетање во кафеаните на идниот младоженец со своите другари, одбележувајќи ја последната ергенска вечер. Во кафеаните често знаеле да се случат и многу караници, тепачки, убиства и сл.

Според големината кафеаните биле претежно мали објекти, дел од нив имале и свои летни бавчи, а сопствениците на кафеаните што не поседувале знаеле да изнесат на калдрмата пред кафеаната столови и по некоја маса. Секоја кафеана подлегнувала и на правилата и законите на општината, донесени од српската власт. Одржувањето на хигиената било строго наложувано и контролирано од општинските лекари назначени со посебни овластувања од општинските одбори во градовите. Се вршело контролирање на продавањето на пијалоците, посебно за време на празниците и изборите, контролирањето на работното време, вработените и сл. Во помалите градови *како Виница, во почетокот на дваесеттите години* честа била појавата на продавање на пијалоци и храна од луѓе кои немале кафеанско право, а вршеле таква дејност. Биле сместувани во приватни куќи за кои власта неможела да води контрола, па затоа се обидувала со соодветни казниви закони и прописи тоа да го реши.

---

[300] Најпознати и најдобри скопски кафеани биле: „Маргер", „Москва" „Зрински", „Метропол", „Аполо", „Брегалница", „Париз", „Балкан", Идадија" и др. Благодарение на својата добра местоположба кафеаната „Маргер" била една од најпривлечните кафеани која понудувала боемски живот, а била сврталиште на уметничката елита во Скопје. Кафеаната „Париз" била ноќно сврталиште на скопските трговци, пред се Евреи и останатата еврејска елита. Во кафеаната „Москва" се собирала бирократијата, односно чиновничкиот кадар од градот наоѓајќи забава со добра музика.

[301] Во помалите градови каде се чувствувал недостатокот од културни објекти, кафеаните биле единствените места каде се одвивал забавниот живот.

Најголем дел од нив понудувале убава храна, традиционална и домашна или странска, како и разновидни пијалаци. Одредено влијание оставиле поимотните трговци и индустријалци кои патувајќи по европските градови имале можност да вкусат многу нови специјалитети. Секој сопственик гледал да воведе по некоја новина за да може да привлече што поголем број посетители. Во Охрид пак според сеќавањата на постарите охриѓани, во понеделник кафанџиите ќе испечеле по две-три јарињa, ќе подготвеле и испечеле во фурна по неколку тепсии со ориз и полжави, така што сите што доаѓале на пазар од селата добро ќе се изнајаделе и изнапиеле домашно охридско вино.[302]

Се уредувале салите, дворовите, внатрешниот ентериер, се купувал модерен мебел, уметнички слики[303] и сл. Се ангажирале музички состави, во поголемите кафеани редовно се приредувале забави, вечеринки, балови, свадби, новогодишни вечери[304], маскембали, лотарии, избори на најубави девојки и сл. Дел од нив летните бавчи ги понудувале за кино и театарски претстави. Сепак голем бил бројот на кафеаните кои не можеле да понудат луксуз, биле едноставни, подготвени да понудат престој на секој кој е дојден да го промени за кратко своето секојдневие.

Дел од кафеаните имале и свој музички репертоар, кој го најавувале во дневните весници.[305] Се понудувале и забави во вечерните часови со девојки, проститутки кои се носеле од сите делови на Кралството СХС.[306] Карактеристичен е бројот на јавните куќи во секој град, каде биле препознатливи по својот надворешен и внатрешен изглед. За проститутките и нивното здравје се водела посебна контрола, важеле посебни правила, според кои тие редовно морале да бидат носени на прегледи. Димитар Димитровски

---

[302] *Така се зборува во Охрид*, Скопје 1999, стр. 2-3.

[303] Крум Томовски, Борис Петковски, *Архитектурата меѓу двете светски војни во Скопје*, Скопје 2003, стр. 101-103, (Скопската кафеана „Океан" била позната по уметничките решенија на Никола Мартиновски, преку кои се изразувала слободната љубов и радоста од живеењето. Провокативните еротски мотиви предизвикале голем интерес и разни реакции, некои и непријатни за самиот автор. Власта ги оценила како провокација на „јавниот морал", појава која сметала дека треба да се поправи или санкционира. Никола Мартиновски бил еден од македонските уметници кои многу често имале изложби надвор од територијата на Македонија, посебно во Белград и Загреб, каде на пример во текот на месец март 1936 г. во просториите на салонот „Улрих" биле поставени повеќе од 70 негови дела, меѓу кои и „Мајка со дете".).

[304] Организираното дочекување на Новогодишната вечер било се поинтензивно прифатувано од локалното население. Како новина која започнала во периодот меѓу двете светски војни, понудувала можност за собир и забава надвор од домот и семејната атмосфера. Се повеќе се наметнувало и одбележувањето на Православната нова година, за која кафеаните исто така понудувале богата програма.

[305] Весник „Вардар" (Според една објава од 3 октомври 1933 г. во кафеаната „Париз" ќе се свирела салонска музика, во „Маргер" - севдалинска музика, „Маврово", „Империјал" и „Јанче ан" - ориентална музика и чочеци, во „Москва" пеела омилената интерпретаторка меѓу скопјани на народни и модерни песни Татијана Белова.).

[306] За проститутките во вардарскиот дел од Македонија санитетската служба во Скопје имала пропишано строги правила во однос на одржувањето на нивната здравствена состојба преку редовните контроли. Но тоа не значи дека и во целост се почитувале.

се сеќава: „Во Битола имаше 10 јавни куќи. Имаше и поелегантни, но таму поскапо се плаќаше. Низ градот ќе процуреше – дојдоа нови пејачки, нов оркестар, нов материјал, нови женски за поскапо да ги продадат. Беа лоцирани насекаде низ градот, кога некој ќе ожеднеше за секс, ќе тркнеше во некоја од нив и среќен ќе се вратеше на работа. Во кафеаната„ Бумс" секогаш се носеа поелитни, поарни оркестри. Од цела Југославија се носеа. Сите кафеанџии беа поврзани со организација од Белград од каде можеа да побараат проститутки и да се договорат да ги донесат во градот. Секој четврток проститутките одеа прво со пајтон да се бањаат во турскиот амам, а потоа на преглед. Поминуваа во чаршијата и го привлекуваа вниманието на луѓето. Викаа низ чаршијата и така се рекламираа. Ќе излезеа калфите од чевларските дуќани и тие со дрвените калапи ќе удираа, цела чаршија бучеше".[307]

Кафеаните биле и местата каде не ретко се случувале и многу незгоди, убиства, тепачки и сл. Дел од кафеаните кои се наоѓале на периферијата, излезот или влезот на градовите биле одлична можност за престојување на патниците и пазарџиите. Кафеаните биле места каде се покажувале коцкарските способности. Во кафеаните од 13 јануари попладнето до 14-ти исто така попладне, коцкањето било легално дозволено. По 24 часа коцкање некои го губеле дури и домот.

Кафеаните биле и местата каде се организирале многу состанувања на приврзаниците на напредното движење. Се одржувале состаноци, се донесувале многу значајни одлуки, се поставувале темелите на месните одбори, се дебатирало, се организирале прослави, мајски одбележувања, за кои биле специјално декорирани и украсувани со црвени знамиња и сл.

Во Битола се споменуваа кафеаните „Таково", „Ројал"[308], „Каваци", „Турска кафеана"[309], „Шумадија", „Париз", Бела чешма", „Каваци", „Симе"[310] и др. Најголем дел од нив биле наредени покрај реката Драгор и главната улица Широк сокак. Постоеле и десетина јавни куќи како „Бумс", „Плуг" и др.

Штип располагал со 11 кафеани меѓу кои: кафеаната на Митко Кукавалиски, кафеаната „Пролет"[311], „Вила Пролет", „Ослободување", „Зајкова кафеана", „Шумадија", „Svезда", „Бргалница", „Лепи изглед" и др. Штип имал и многу крчми. Најпосетен бил „Пиринч ан", познат и како јавна куќа, каде се понудувала добра забава. Според кажувањата на штипјани најинтересно било кога ќе се донеселе нови проститутки, привлекувајќи им го вниманието и на

---

[307] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[308] Кафеаната „Ројал" била препознатлива по билијардската сала, заради која бил и забранет од властите за учениците, и летната бавча на главната улица.

[309] Александар Стерјовски, *Битола*..., op.cit., стр. 308 (Јавна тајна било дека во оваа кафеана се конзумирало хашиш и опијум. Била посетувана и од турското и од христијанското население.).

[310] Сеќавања на Ѓорѓи Димовски-Цолев од Битола, (Во Гени мале имаше една кафеана „Симе", одевме да слушаме радио, доживување за нас беше да слушнеме како зборува една кутија.).

[311] Во дворот на оваа кафеана имало куглана, а во самата внатрешност и билијард.

женетите и на ергените.[312] Во Тетово функционирале „Бомбај", „Бар", „Бело јагне", „Папас Ќуприја", „Америка", „Стамболија", „Шарена кафеана", „Русија" и др.

Според архивските документи во Припел во 1919 г. забележани се 25 сопственици на ресторани, меѓу кои: Филип Тошевиќ, Нуне Димевиќ, Ѓорѓе Јовановиќ, Димитрије Стојановиќ, Нуне Симоновиќ, Милан Јовановиќ, Ицко Трајковиќ, Ѓорѓе Крнчевиќ, Никола Дамевиќ, Петар Мирчевиќ, Лазар Поп Ристиќ, Фидан Илиќ, Диме Трајковиќ, Браќа Ристиќ, Браќа Чесновиќ и др.[313]

Од сите кафеани во Велес посебно се издвојувала кафеаната „Атина", во која правило било да се влезе само со смокинг одело и кравата.

Во помалите градови побројни биле ановите кои со своите услуги од храна и сместување ги потиснувале кафеаните.

Голема белег со својот развој оставило хотелиерството. Како и сите објекти биле именувани во насока на изразување на српскиот национализам, докажувајќи го така српското обележје и доминација. Најчесто биле еднокатни или двокатни со поткровни простории, со минимум 10 соби. Се граделе претежно на главните и прометни улици. Во втората половина на 20-тите години во Скопје се изградиле два модерни хотели со 30 соби.[314] Дел од хотелските објекти изградени во овој период импресионирале со своите цврсти градби и западно-европски влијанија, неокласицистички и необарокни карактеристики. Во Скопје еден од најубавите и најстарите хотели бил „Бристол", изграден од браќата Караџа во 1924 г.[315] За првокласни хотели важеле и хотелите „Балкан", „Париз" и „Турати" зад кој биле лоцирани повеќето конзулати како: англискиот францускиот, италијанскиот, белгискиот и др.

За секој хотел многу важни биле одржувањето на хигиената и понудувањето на услугите, што нема да значи дека сите биле доволно чисти. Сопствениците на хотелите имале голем проблем со неразвиента водоводна мрежа, па морале да даваат огромни суми на пари за редовно чистење на јамите. Важеле и одредени правила и прописи според кои и се работело и развивало хотелиерството. Заради нерегуларноста во цените, сопствениците биле обврзани да истакнат ценовници за изнајмувањето на собите по човек,

---

[312] Димитар Биков-Мики, *Штипјани*, Штип 2002, стр. 82.

[313] ДАРМ, ПО Прилеп, к. 3, 1.6.3/2.

[314] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 153-158 (Најпознати скопски хотели биле „Српски крал", „Москва", „Цар Душан", „Сплендид", „Бел орел", „Гранд хотел",„Слобода", „Балкан", „Бечар", „Крагујевац", „Пансион Карасо", „Лондон", „Париз", „Круна", „Русија", „Брегалница", „Јелен", „Ориент", „Цариград", „Шар Планина", „Сарајево", „Београд", „Централ", „Кавадар", „Солун", „Америка", „Љуботен", „Бела кафана", „Телеграф", „Мисир", „Херцеговина", „Брзи воз", „Загреб", „Станица", „Битољ" и др.).

[315] Браќата Караџа биле трговци на големо, кои дел од својот капитал го вложиле во изградувањето на хотелот „Бристол", изнајмувајќи го на други хотелиери за работа, од кој имале големи приходи.

наметнати според одредбите на Министерството за социјална политика и народно здравје и Министерството за трговија и индустрија.[316] Сопствениците на хотелите своите услуги ги објавувале преку дневните весници. Често знаеле и да се сменат, па затоа и секоја промена била редовно објавувана. За да го привлечат локалното население редовно објавувале што се случувало, кој гостува во нивните простории[317], односно која група, во кој состав, објавувајќи и нивни фотографии, како се уредени тие, што нуди нивното бифе и кујна, по која цена и сл.

Дел од хотелите, просториите во приземјето ги користеле за кино проекции, за што задолжително било добивањето на согласност од Министерството за трговија. Во штипскиот „Гранд" хотел во дел од просториите биле донесени и гимнастички справи.

Битолските хотели „Гранд" и „Босна"[318], изградени на Широк сокак еден спроти друг биле најубавите, најголемите и најмодерните во градот. Доста користен бил и хотелот „Јефтиќ" во кој секој четврток се собирале највидните битолски претставници. Хотелот „Белград" пак станал собиралиште на српската колонија.[319]

За хотелите доста важно било и воведувањето на водоводот и електрификацијата. Хотелот „Српски крал" во Штип располагал со сопствено осветлување. Во хотелот „Сплендид" од Скопје од почетокот на 30-тите години се вовело и централно греење.

Хотелите биле места каде се организирале и разни настани како забави, балови, кино и театарски претстави. Неминовно било ангажирањето на музичките оркестри заради забавување на гостите, зашто не биле користени само за престој. Познати биле и многу немили случувања, како самоубиства, за кои информирале и дневните гласила.[320]

---

[316] Весник „Глас Југа".

[317] Во 1933 г. големо внимание во хотелот „Балкан" привлекол престојот на хавајското трио, Себастијан Брукил, Мелеса Кендрик и Немисијо Салјуан, кои во зимскиот период го прикажувале својот репертоар од оригинални народни хавајски песни. Претходно триото во период од 16 месеци крстосувало низ останатите делови на Кралството.

[318] Димитар Димитровски-Такец, Перформансите..., op.cit., стр. 233-234 (Во хотелот „Босна" гостувале квалитетни оркестри од југословенскиот простор и од Австралија, кои изведувале фрагмети од класичната музика, опери и оперети и романси на унгарски и српски јазик. Се слушале Шубертовата и Тозелиевата серенада, Шумановото „Мечтаење", Бизеовата „Кармен" Листовите унгарски танци и унгарска рапсодија и др.).

[319] *Печатарство и издаваштво во Битола*, книга 2, стр. 60 (Во овој хотел се слушала српската песна, се јаделе српските специјалитети, се среќавале и договарале српските агенти, четници и симпатизери, таму можело да се сретне и по некој српски научник, книжевник или репортер кој дошол да истражува и да пишува за тогашните прилики.)

[320] Весник „Вардар" (Дел од поставеното чиновништво по градовите често останувало и без работа, односно било заменувано со други лица, западнувајќи така во финансиски кризи, пресудни за нивниот понатамошен живот, кој не ретко и си го одземале. Познат бил случајот со Бела Кацур, чиновник донесен од Панчево, кој откако останал без работа во 1933 г., по три месеци неуспешно барајќи друга, решил да се самоубие, престојувајќи во скопскиот хотел „Српска Кралица".).

Некои од хотелите како на пример струмичкиот „Српски крал", охридскиот „Велика Србија" и многу други се користеле и како бордели и места за коцкарските игри. По својата убавина во Охрид се издвојувале и модерните хотели на неколку спрата „Турист" и „Српски крал".

Во Штип се споменуваа хотелот „Круна", „Краљ", „Авала", „Савин хотел"[321], „Белви" и др. Во Охрид почетокот на хотелиерстовото се означува со градењето на хотелот „Сплендид", за кратко преименуван во „Српски крал" на Андон Радич, во кој се оджувале многу игранки и забави, но и состанувања на напредната младина во градот.[322] Хотелиерството во Охрид ќе биде поврзано и со развојот на туризмот. Во текот на 1936 г. зградата на хотелот „Белви" била речиси при крај. Зградата се состоела од приземје, два спрата и посебна сала за ресторан и вкупно 30 соби. Во секоја соба била воведена топла и ладна вода, електрична инсталација, затоа што се очекувало многу брзо осветлување на Охрид. Секој спрат имал посебни купатила. Охрид за време на летната сезона бил посетуван од многу туристи, станувајќи така познато летувалиште. По улиците и плажите можеле да се забележат туристи во модерни костими за капење и наметки и покрај тоа што не понудувал добри плажи, а и долго време бил без електрификација.

Во Тетово најпознати биле хотелите „Јадран", „Југославија" и „Белград". Со развојот на туризмот се интензивирала и нивната дејност. Во Куманово во 30-тите години Стеван Радованин по потекло од Срем отворил еден модерен хотел „Сремац", кој располагал со девет соби и 18 кревети и ресторан за задоволување на локалните потреби од храна и сместување. Во Кичево функционирал хотелот „Крагујевац".

Велешкиот хотел „Круна", подоцна хотел „Македонија" изграден бил од тројца ортаци. Едниот од нив бил познат под прекарот Менката, чија жена имала љубовна врска со еден офицер. Оваа жена за да се ослободи од својот маж го убедила да ги убие ортаците кои наводно сакале да го прекинат договорот со нив. По убиството се самоубил и тој самиот.

---

[321] Јелисавета Фетка Бојаџиска, *Штипска*..., op.cit., стр. 41 (Савин хотел бил на спрат и доста пространи. Имал голема сала, кујна и други простории. На спратот се наоѓале собите за ноќевање, кои најчесто се користеле за комар и договори, бидејќи сите гости што доаѓале од страна престојувале во овој хотел. Пред хотелот имало голем двор – парк, а над него две големи пумпи кои постојано имале вода во изобилие. Сопственикот Саво ги вршел сите набавки и пресметки за потребите на хотелот, а неговата сопруга готвела, перел и го одржувала хотелот. Пред хотелот постојано доаѓале сиромашни деца кои редовно добивале полни чинии со јадење. На празниците Велигден, Божик, Свети Сава и др., децата добивале разни подароци, како нова облека и обувки. Во хотелот се хранеле и сите српски чиновници и офицери. Секој ден на кафе и чај доаѓале и шпиони на власта на опозицијата. Каламатија, Гвозден Матиќ, Ќириќ, Орловиќ и сите други богати гости кои доаѓале биле убаво облечени, секогаш во црни костуми, бели кошули, со кравата и лакирани чевли. Кога врнело дожд и снег се носеле калоши и англиски „бомбе" паларии. Во хотелот пиеле кафе, играле карти и комар. Разговарале за многу политички и економски проблеми, решавале многу судири и затворања, донесувале решенија кому да му се помогне, кој да се поддржи и издигне, а кој да се уништи.).

[322] Никола Јанев, *Маргиналии*..., op.cit., стр. 22-23.

Во оваа кафана најчесто се организирале матинеа, игранки, се бирале најубави и најсимпатични девојки и сл.

Процесите на модернизација неминовно навлегувале и меѓу кафеаните и хотелите. Брзајќи да ги задоволат потребите на населението, овие објекти подлегнувале на многу промени, се вложувале поголеми инвестиции за да го привлечат вниманието како однадвор така и одвнатре. Затоа и ќе бидат места означени како забележувачи на сите тековни случувања, места каде се можело да се види, слушне, рашири, примени и сл.

2.8 Друштвениот живот и излетничките места – нов начин на живеење. Семејни патувања, прошетки, излети, посети на бањи, летувања и зимувања

Населението во вардарскиот дел од Македонија интензивно во својот начин на живеење ги применувало сите промени кои можеле да продрат на оваа територија меѓу нив. Секој морал да научи да живее и да се прилагодува на новонастаната состојба, која со себе воведувала свои правила. Секој се обидувал да го искористи и соодветно најдобро што може да ја примени состојбата во своето секојдневие. Ова е временскиот период кога се излегува од затворениот семеен живот и се оди надвор меѓу природата. Локалното население сватило дека прошетките, дружењето и забавите се дел од нивниот живот, каде можеле да се покажат самите себе и она што допрва го учеле во секојдневието.

Друштвениот живот најчесто се темелел и се одвивал на попладневното корзо, во кафеаните, ресторaните и хотелите, во офицерските домови, соколаните, места каде се заборавале секојдневните проблеми и се покажувала стекнатата култура на живеење. Матинеа се одржувале секоја недела попладне. Посетата на театарот и киното била редовна, а излетите биле посебна разонода на население во овој дел од Македонија. Секој според својот социјален статус знаел каде може да го оствари своето место за забава.

Корзото се менувало така како што се менувале и граѓаните. Овде важеле непишани правила, така што тоа станало место каде се лансирале модата, културата, доброто воспитание и образование. За кратко прошетките по корзото наложувале задолжителна модерна облека. Најисполнети биле во неделите кога и најчесто се имало можност да се издвои време за прошетка и одмор. Со својата убавина посебно пленело корзото во Битола. Секоја вечер младите во долг ред шетале од зградата на Офицерскиот дом до театарот. Привлечно место за прошетка, седенка и почестување во вечерните часови било познатото Тумбе Кафе на јужниот дел од градот, каде се продавал најубавиот локум и се пиело најубавото пиво.

Омилени места на младите биле и офицерските домови. Најмасовно се собирале во саботите, неделите и за празниците, вешто покажувајќи ги своите способности за танцување. Во домовите, многубројните културни, уметнички и спортски здруженија често организирале разни културни настани, балови,

маскенбали, успешно прилагодувајќи го просторот за своите потреби. Домовите располагале и со свои клубови, во кој секој можел да биде член по поднесувањето на задолжителна пријава и добивањето на членска карта. Офицерскиот дом во Скопје располагал и со читална со домашни и странски весници и списанија, така што со право офицерските домови биле означувани како места каде се собирале носителите на новото, модерното и напредното во градот.

Сепак кафеаните во овој период се сметале како најомилени места за дружење. Во секој град ги имало во голем број, а дел од нив успевале да се рекламираат и во дневните весници и списанија. На овие места се понудувале добра храна, пијалаци, забава, музика, дружење и сл. Многу семејства уживале во вечерните семејни вечери. Кафеаните биле места и за уметнички и книжевни разговори, така што се знаело која кафеана кој ја посетува и што може таа да понуди. Во дел од нив престојувале познати оркестри како забава за посетителите, но и начин да се привлечат гости од сопствениците. Гостувале и многу хорови, театарски и балетски групи, се прикажувале филмови и сл. Дел од кафеаните располагале околу себе и со летни бавчи, кои во летните периоди биле преполни со гости. Посебно привлекувале кафеаните во градовите со летните бавчи покрај реката Вардар. Кафеаните почнале да понудуваат и забави за време на новогодишната ноќ. Традиционално граѓаните Новата година ја дочекувале во своите домови, но како една новина дочекот во кафеаните започнал интензивно да се применува посебно од скопјани.[323]

Одреден вид на забава во втората половина на триесеттите години скопјани можеле да добијат и во тогаш постоечкото казино „Тип-Топ", сместено во Кранговата палата. Казиното располагало со пространа сала со сепареа, ложи и сала за вариете, а во него гостувале многу артистички трупи и салонски оркестри.[324]

Посебна модернизација и уредување забележале кејовите на реките, кои станале омилени шеталишта на локалното населние.

Во поголемите градови, но и секако во помалите, одржувањето на годишните панаѓури биле можност за одредени промени во секојдневието и излегување од домашната средина. Најчесто се одржувале од еден до три дена, понудувајќи можност за дружење, запознавање на нови луѓе, купување на одредени производи и сл. Според правилата на српската власт, секоја општина била претходно известувана за временското

---

[323] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 229 (За време на дочекот на Нова година кафеаните понудувале богата забава, се организирале лотарии, игранки, ревии на убавици, се бирале кралици на вечерта и сл.).
[324] Ibidem, стр. 228.

одржување. Била обврзана во текот на тие денови да одреди и соодветно лице за одржување на редот и мирот.[325]

Тогашниот живот наложувал и масовно посетување на градовите низ Македонија и нивната околина од оние граѓани кои што тоа можеле да си го дозволат, претежно за време на викендите, како и за зимските и летните одмори, за празниците и сл. Речиси не постоело место низ Македонија каде не се организирале подолги или пократки излети, екскурзии, посетувања, престојувања и сл. Културно-историските споменици, црквите и манастирите, пештерите, планинските места, селата, изворите и бањите и сл. биле неодолив предизвик на кој многумина се одзивале.

Битолчанецот Димитар Димитровски-Такецот се сеќава: „Луѓето тргнуваат колективно на секаква прослави, слави, во манастири, со коли, со пајтони, со музики, носеле сопствени инструменти. Богатите одеа во Трново на летување. На 28 август се празнуваше Голема Богородица, се качуваа во манастирот „Св. Ѓорѓија", се правеа приредби, свиреа музички оркестри. Свиреше и чичко ми Пецо Американо со хармониката. Се одеше по две три недели претходно. Се одеше и во Буковски манастир, имаше конаци таму, со баба ми седевме по две-три недели во месец август. Се даваа сертификати од свештените лица за да се летува, секој неможеше да престојува.

Мажите излегуваа и во неделата претпладне во лето, а жените го готвеа неделниот ручек, кој беше ритуал. Некои одеа во Гургур чешма, на 1 километар од градот на пат кон село Поешево, еден прашлив пат, ќе се костимосаш и кога ќе стигнеш целиот си во прашина. Се одело и по Драгорот до Гургур чешма од турски период. Во коритото од чешмата се ладеа лубеници и дињи, ракија и пиво. Имаше една кафеана и ќе се јавиш кај келнерот на шанкот, Евреи во сабота, муслиманите во петок, христијаните во недела доаѓаа. Треба да се дојде порано во недела некаде околу 9 изутрина до 12 часот ќе дојдат многу луѓе. Но, пред еден часот дома треба да се биде. Овде се јаде само мезе и салата. *Жените послабо доаѓаа. Локуми се јадеа. Некогаш богати луѓе ќе дојдеа со* оркестри со јавни женски, па ќе задоцнат дома, па ќе се караа дома со жените. Драми се случуваа во Битола заради Гургур чешма".[326]

Како излетнички места Скопје ги понудувал Нерези, Матка, Треска, падините на Водно, Скопска Црна Гора, Ханриево, Марков манастир на Маркова Река, Водно[327], Катлановска бања, планината Китка, селата како

---

[325] Во текот на овие денови продавањето на алкохолни пијалоци било легално, но со закон пропишано. Според законите на финансиската управа за продавањето се наплатувала соодветна такса, нелегалниот начин било строго забранет и казнуван. Законот за продавање на алкохолни пијалоци бил пропишан не само за време панаѓурите, туку и за време одржувањето на селските собири, црковните и манастирските слави.

[326] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[327] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 171 (Во 1932 г, на Водно било подигнато и детско одморалиште со два павилјона за спиење, трпезарија, кујна и споредни простории. Функционирало во летниот период и најмногу

Бразда, Мирковци, Кучевиште, Љубанци, Раштак и Булачани, селата на Скопска Црна Гора, како Бањани, Чучер Сандево, Св. Никита, Љубанци, Побожје и др.; Битола местата покрај Драгорот, Пелистер, Буковскиот манастир, Дихово, манастирите во село Ореово; Велес долината на Вардар, по која велешани често можеле да се видат како пловат со гемија, и околните села пред се познатото Башино село; Штип ја понудувала бањата Кежовица[328], Ново Село, Суитлакот, Каваклија, Рибнички чешми и останатите околни села; Кратово ги понудувал своите стари знаменитости како шестте камени кули, Радин мост и Лесновскиот манастир; Куманово селото Матејче, Старо Нагоричане, а Крива Паланка пак Осоговскиот манастир; Тетово, покрај својата стара архитектура и значајните христијански и муслимаснки објекти, од кои се издвојувале Хаки-пашин конак[329] и Шарена џамија, ги понудувал своите Љуботен и Шар Планина[330], неколкуте глечерски езера, бачилата околу неа, манастирот Лешок, бањата Хисар, Мала Речица и др.

Охрид, Струга и Дојран, покрај своите езера, ги понудувале многуте манастири околу својата околина каде многу семејства ги поминувале своите заеднички одмори итн. Скопските друштва често објавувале повици за организирани екскурзии, понудувајќи ги цените за патувањето и сместувањето.[331] Посебно внимание привлекувал манастирот „Св.Наум", црквите „Св.Софија", „Св.Богородица Перивлепта", Св.Јован Канео". Организираните посети во Охрид во триесетите години биле се почести и од страна на туристи надвор од територијата на Македонија. Охридската плажа била прилично уредена за сончање и капење. Еден дел го користеле Езерото и за крстарење. Така еден од директорите на Народниот театар во Скопје, д-р Брана Воиновиќ, поседувал и свој моторен чамец што го користел за крстосување по Охридското езеро.

За задоволување на туристичките потреби Охрид забележал и градење на десетина вили од кои со својата градба се издвојувале вилите „Меркур", „Сонце", „Венус" и „Германовиќ". Се наоѓале во центарот на градот во близина

можело да се остане 30 дена. Покрај храна, децата добивале и лекарска нега. Имале можнст за многу активности. Одмаралиштето располагало и со игралиште уредено со справи, рингишпил, лулашки, мрежа за одбојка, базени за пливање.).

[328] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип (Штипјани во Кежовица одеа да се бањаат, а потоа во градот се направи парно купатило. Еднаш одевме во две недели, преку ден одеа жените, навечер мажите, се знаеше времето кога кој требаше да оди да се бања.).

[329] Хаки-пашин конак се наоѓал во центарот на Тетово и бил еден од најстарите турски значајни објекти. Се состоел од куќа за писарите и гостите и харем за семејството на пашата, познат по своето внатрешно декоративно уредување и изработки од дрво од дебарските мајстори.

[330] Весник „Вардар" (Во летните периоди чести биле излетите до врвот Љуботен не само од тетовчани, туку и од излетниците од Скопје, Белград, Загреб, а се сретнувале и странски излетници, како Германци, Чеси и др. Траеле по неколку дена.).

[331] Весник „Вардар" (Скопското друштво „Југ" на 15 октомври 1933 г. објавило оглас за организиран излет во Куманово-Крива Паланка за само 100 динари и ручек во Осоговскиот манастир за 10 динари. Заинтересираните скопјани можеле да се пријават на билетарницата „Путник" на ул. „Крал Петар".).

на Езерото и биле оградени со паркови, бавчи и овоштарници. Располагале со добро осветлени соби со балкони, водовод, купатила и англиски клозети. Се издавале празни, но и наместени соби.[332]

Се престојувало во хотелите и приватните станови, живеалиштата на еден дел од локалното население кое често ги изнајмувало по одредена цена која им носела било какви приходи. Позната била посетата во месец септември 1934 г. на излетниците од друштвата „Фрушка Гора" и „Путник".[333] Во Охрид летувале и студентите и средношколците од Белград, членовите на соколските друштва, членовите на подмладокот на Црвениот Крст на Вардарска бановина, белградските скаути и планинари, еврејската колонија од Белград и Скопје, странски гости од разни краеви итн.[334] Туристичките посети на градот биле овозможени и со регулирање и оспособување на патните линии Скопје-Маврови Анови-Охрид-Битола-Велес-Скопје.

До овие места се патувало пешки, со велосипеди со пајтон, чеза, шпедитерски коли, автомобили, автобуси и возови, зависно од местото и можностите на посетителите. Патувале како младите, така и повозрасните, дружења секогаш овековечувани преку фотографиите од кои се доловуваат нивните пријатни моменти и уживање во секојдневието. И посиромашните семејства си ги дозволувале ваквите излети, здружувајќи се за да можат да ангажираат некое од превозните средства и дојдат до посакуваното место. За богатите семејства одморите и посетите биле секојдневие кое одамна го уживале, патувајќи и престојувајќи со денови и недели на местата каде што посакувале, најчесто во некои од европските градови и градовите во Кралството Југославија. Посетите на бањите како Врњачка бања и Липник во Словенија биле најпривлечни. Чести биле и повиците во дневните весници за бесплатен организиран превоз до одредени места. Така друштвениот живот од обични посети на соседите и роднините ќе премине во организирани еднодневни посети на околните блиски места каде слободно до одредена мера се пеело, играло, раскажувало.

---

[332] Вилите и хотелите во Охрид, како туристички капацитети понудувани на посетителите биле најдобро рекламирани преку печатените разгледници, на кои се прикажувале овие градби, а се наведувале и информации со што располагаат, каде се наоѓаат и кого треба да го контактираат за да може да ги изнајмат како престојувалишта за одмор.

[333] Весник „Вардар" (Организацијата била подготвувана во соработка со претседателот на охридската општина. Посетителите кои биле сместени по приватните станови успеале да ги посетат манастирот „Св.Наум" и останатите историски знаменитости. Вечерните часови биле наменети за дружење со членовите на дел од градските владини друштва. Во текот на оваа посета, за прв пат била организирана од туристите т.н. Венецијанска ноќ. Околу 30 чамци полни со туристи и охриѓани, тргнале во вечерните часови кон црквата Св. Јован. Украсените чамци со обоени седефасти лампиони и музиката, му давале неверојатен изглед на Езерото.)

[334] Весник „Јужна Србија" (Средношколците, студентите и останатата организирана младина во разни друштва најчесто била сместувана во гимназискиот интернат кој и бил понудуван по многу пониски цени. Во тие летни периоди во Охрид често се организирале и натпревари во летните спортови како пливање, веслање, ватерполо и сл.).

Посетите биле еднодневни, но со текот на времето се зголемувале. Почнале да се применуваат екскурзиите и посетите и на места надвор од Македонија, организирани од тогашните постоечки туристички друштва и сојузи. За излетничките места во вардарскиот дел од Македонија говореле и бројните репортажи и написи во јавните гласила опишувајќи ја нивната убавина во обидот да го привлечат вниманието и кај странските туристи. Најзастапени биле написите за Охрид, Струга, Дојран и Тетово. Во втората половина на триесеттите години почнал да се развива и школскиот туризам, време кога посетите на учениците ќе почнат да добиваат научно-туристички карактер.

Секојдневните семјени потреби биле задоволувани и од локалните реки и езера, кои посебно во летниот период понудувале вистински уживања за време летниот одмор и дружења на најмладите, начин на модерно живеење, кој полека ги надминувал потребите и навиките. Местата каде што капачите можеле да се разладуваат биле утврдувани со наредба од управата на градовите, која директно влијаела и во донесувањето на мерките, правилата и законите за однесувањето на капачите. Во Битола, реката Драгор понудувала актуелни капалишта кои во меѓувоениот период интензивно се уредувале на иницијатива на општинските власти. За некои од нив како иницијатори се јавувале и обичните граѓани кои имале можности за понудување средства за нивно уредување.[335] Битолчани за капење оделе и во Дихово. Во некои од нив се поставувале кабини и гимнастички справи. Бањањето било задолжително со костими за капење, за сите лица постари од 12 г., во спротивно постоеле казни наменети за родителите чии деца не се придржувале до пропишаните правила. Општинските власти издавале строги наредби кои плажи може да се користат, заради избегнување на заразните болести од нечистите води. Во 30-тите години во Тетово на р. Пена биле подигнати 5-6 капалишта од црквата „Св. Богородица" до електричната централа, од кои најважни биле Момир, Аџи Ило, Брана и Студентското капалиште. Најпосетени биле во неделите и во празничните денови.

Без никаков срам се капеле и мажите и жените. Меѓу скопјани познат бил еден случај на појавата на нудисти, капачи без костими, појава на која остро

---

[335] Александар Стерјовски, *Битола, реката Драгор*, Битола 2009, стр. 66-67 (Коста Котевиќ бил еден од ретките битолчани кој во 1928 г. подигнал драгорско јавно летно купатило под условите кои ги издавала општината. Капалиштето било редовно одржувано и чистено, а кабините биле поставени на левата страна на реката. Присуството на капалиштето се наплатувало. Во Битола како места за капење се користеле и двата базена, посебни за деца и возрасни, подигнати во 1935 г. во месноста позната како Црвен крст. Со базен располагало и детското летувалиште на Пелистер. Постоле и други капалишта, диви и неуредени како Киташ, Пајтончето, Топла Вода, Славија, Бриони и др., користени и како лечилишта и терени за спортски активности. Многу битолчани во овие води ги користеле топлите камења и песок за лечење на коскените и мускулни заболувања. Капалишта имало и во самиот градски дел каде поминувала реката, но тие ретко биле користени за капење заради загаденоста на водата и можноста за кожни заболувања.).

се реагирало.[336] Во 1932 г. во Скопје било основано и првото нудистичко друштво. Во него членувале жени од угледни и богати фамилии. Претседателка на друштвото била Ташана-Шана Виќентијевиќ. Според сеќавањата на тогашните современици, членовите на ова друштво оделе со пајтони во Катлановска Бања, се капеле и се сончале на реката Пчиња, а не ретко и на реките Вардар и Треска на места што не биле посетувани. Заболените од кожни болести не смееле да ги користат водите за капење. Во Скопје плажите покрај реката Вардар се разликувале според своите посетители. Градската плажа кај Идадија била монденска, а на Руска плажа се капеле газдите и побогатиот свет. На оваа плажа се надоврзувала Војничката плажа, па Турската плажа, Циганската плажа и на крај „Мангупската детска плажа" и многу други.[337] Песочната плажа на Островот била една од најубавите места за капење, на која најчесто можел да се види и женскиот свет кој сончајќи се ја добивале модерната боја на кожата „ала Џозефина"[338]. Тие почнале и да се закупуваат за одредени периоди. Така еден дел од плажата кај тогашното тркалиште на реката Вардар во Скопје, го закупиле браќата Пантиќ и во 1929 г. отвориле модерно капалиште. Капалиштето било снабдено со 20 посебни кабини за жени и мажи и 4 големи гардероби за 200 лица. Ресторанот на плажата нудел ладно пиење и мезе, музика, песок за сончање, тераса за одмор и гимнастика.[339]

Секоја плажа задолжително морала да има соблекувални кои се држеле под клуч и постојано биле дезинфицирани. Биле отворени до 20 часот навечер, а влезот за животни бил забранет. На овие места се сретнувале и продавачи на храна, за која постоле одредни правила за цената и нејзината исправна состојба.

Плажите во летните периоди биле вистинска атракција за младите, начин на едноставно дружење и одвивање на богат социјален живот, начин за изјавување на љубов, можност да се видат убавите девојки од локалните места кои одвај чекале да ги покажат своите модерни и трендовски костими за капење, надополнети со атрактивните шешири и чадори за сонце.

Покрај за капење овие места се користеле и како еднодневни масовни излети на младите и возрасните, заеднички или посебни, на мажите и жените.

Во овој временски период актуелно било и капењето во јавните бањи и амами, кои се почесто ги посетувале и мажите и жените. Сите биле опремени со кади, тушеви, поседувале и кревети за одмор и простории за потење. Водата била носена или од бунари или од обични јавни чешми. Влегувањето се наплатувало во зависност од услугата која се користила и била различна за машките и женските преставници. Секој посетител бил должен да носи крпа за

---

[336] Весник „Вардар".
[337] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 233.
[338] Весник „Вардар".
[339] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 234.

бришење и храна, зашто во нив се останувало и по неколку часа. Се одело организирано, посебно од страна на женските преставнички, кои во бањите покрај одржувањето на хигиената, наоѓале посебен начин на дружење, јавни разговори, фарбање на косата и ставање на к'на, некои и овде се депилирале со посебно средство познато како сарик'на. По бањањето продолжувале да се дружат седејќи пред бањите и пиејќи газоза, клакер и кафе. Во зимскиот период често се организирале и седенки со добра гозба и храна. Во Охрид во градската бања жените оделе во четврток и петок, а мажите оделе во сабота и недела да се избањаат по работната недела. Во Гостивар турската бања била со неколку тушеви и со неколку кади. Со пари од некој печалбар од Америка била направена уште една бања во самиот градски парк.

Македонското семејство започнува да води еден современ живот. Настојува да ги следи модерните трендови, појавите и идеите кои ги наметнува текот на времето, да се усогласува со нив и да ги применува, гледајќи позитивно влијание во нив.

Трета Глава

Улогата на новоформираните институции во модерниазцијата на животот

3.1 Новоформираните државно научни институции

Функционирањето на српската власт ќе биде овозможено со воспоставените државни институции, кои ќе значат и модернизација на животот на локалното населние. Соочено со нив, тоа ќе мора и да се прилагодува на нивните потреби и понуди.

Воспоставувањето на целокупната нова институционална власт и нејзиното секојдневно функционирање допринеле за формирана архивска граѓа, која заедно со веќе затечената од изминатиот период, ќе биде само една од причините за формирање на професионална институција позната како Државен архив, кој започнал да функционира од 26 септември 1926 г. на иницијатива на Белградскиот архив.[340] Основната цел на Архивот била концентрирање и чување на целокупната значајна документација, наследена, стекната и тогаш формирана. Собирањето на документацијата се покажало како вистински проблем, зашто не покажало некои поголеми резултати и покрај делувањето на Белградскиот архив со обраќањата до поголемите институции и Министерства[341], како и до жупанот на скопската област, да интервенираат во подигнувањето на свеста за навременото предавање на затечената документација од сите институции на кој и да било јазик и од кој и да било период.[342] Повик бил испратен и до приватните лица кои поседувале значајна документација, како резултат на понудената можност, иако мала, за откуп на материјали[343].

Како прв архивист-управник бил назначен Делимир Лазаревиќ, тогаш професор и во Гимназијата, кој својата работа ја започнал во сопствениот стан.[344] Во Архивата биле вработувани претежно наставници

---

[340] Радмила Поповиќ-Петковиќ, *Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији*, заједница архива Србије, Београд 1972, стр. 143.

[341] ДАРМ, ф. Државна Архива у Скопљу 1928–1939 Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца, необработен фонд (Во 1926 г. Државната архива добила од Министерството за надворешни работи четири пакети разни публикации за кои побарала и потврда за прием.).

[342] Најголем дел од затечените материјали, Архивот ги добивал по теренската интервенција од вработените, поточно од самиот управник Лазаревиќ. Праксата покажала дека само теренската интервенција е единствена ефикасна мерка да се види со што располагаат институциите и што од сето тоа може да стане дел од Државниот архив.

[343] Во буџетот за Државниот архив се предвидувала и ставка за откуп на материјали од приватни лица, кои биле заинтересирани за нивно предавање доколку би добиле неков паричен надоместок од државата.

[344] Vladan Jovanovic, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918-1929*, INIA, Beograd 2002, стр. 141 (Својата должност управникот Лазаревиќ ја вршел се до 1938 г. кога заради несоодветните услови во кои работел и недостатокот на професионален кадар од кого имал потреба, побарал да биде сменет. Должноста управник се до укинувањето на Архивот ја имал Ристо Ѓорѓичковиќ, професор во скопската машка гимназија.).

од Гимназијата. Меѓу документацијата се сретнуваат имињата на Виктор Петриќ суплент во машката гимназија и Злата Олењин.[345]

По неколку обиди за решавање на прашањето за добивање соодветни простории, Лазаревиќ архивските материјали ги сместил во една просторија во Просветниот дом на град Скопје.[346] Државниот архив бил финансиран од буџетот на Кралството СХС, кој се планирал за секоја година. Најголем дел од средствата биле наменети за изнајмувањето на просторијата, осветлувањето и затоплувањето, додека многу мал дел успевал да се одвои за теренски патувања[347], откупување на документи, книги за библиотеката, фотографирање и сл. Така начинот на финансирањето, несоодветните простории за работа, како и недостатокот од архивски работници допринесувале за непрофесионалноста на Државниот архив. За зголемување на професионалноста и сопственото надоградување, управникот Лазаревиќ престојувал и соработувал со архивите во Белград, Загреб и Љубљана

Од 1930 г. управникот Лазаревиќ успеал да изнајми зграда од скопскиот адвокат Ѓ. Паркачев за потребите на Архивот, а до 1941 г. биле изнајмени уште три простории и еден магацин во куќата на Исмаил Хаки, рентиер од Скопје. Архивот функционирал во овие простории се до неговото укинување во 1939 г. и приклучување кон Музејот на Јужна Србија во 1941 г., поточно кон Народниот Музеј во Скопје, каде во сандаци бил спакуван целокупниот архивски материјал.[348]

За да дојде до документација, управникот на Архивот морал писмено да се обраќа до тогашните институции кои ретко совесно се однесувале кон материјалите кои ги имале стекнато од претходниот период. Дел од нив потврдувале дека претходната непријателска власт при повлекувањето ја уништила документацијата или пак ја земала со себе. Според зачуваната документација Архивот во овој период поседувал материјали од годините на Балканските војни, но и од претходниот период[349], односно 104 предмети и 2.381 лист од 1902 до 1911 година.

---

[345] Вработените во Архивот не секогаш биле задоволни од својата работа. Дел од нив, заради архивската дејност морале дури и да ја напуштат својата дотогашна служба. Така Виктор Петриќ, кој од 1921 до 1927 г. работел како наставник во скопската машка гимназија, во 1927 г. бил преместен на службена дејност во Архивот, каде по 6 месеци работење, незадоволен, писмено барал од министерот враќање на претходната дејност. Архивската работа ја опишал како многу досадна и штетна за неговото здравје и професионалното напредување.

[346] ДАРМ, ф. Државна Архива у Скопљу 1928 – 1939 Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца, несреден фонд (Во 1927 г. одговорните на Архивата во обид за самостоен простор побарале од претседателот на Судот на град Скопје простор од 400 м^2 и 500.000 динари. Следната година имале доставено и барање до Филозофскиот факултет за сместување во некои од неговите простории на кое негативно било одговорено.).

[347] Ibidem, (Во буџетот за 1928 г. било предвидено и патување до Цариград за преземање на турската граѓа на српски јазик.).

[348] Радмила Поповиќ-Петковиќ, *Постанак и развој…*, op.cit., стр. 145.

[349] Меѓу најзначајната архива која ја поседувал Државниот архив биле архивските материјали на поранешните бугарски, австриски, германски и други конзулати.

Поседувал и 48 предмети и 5.069 листа од архивата на Скопската епархија и нејзините намесништва во Тетово, Гостивар и Куманово. Заради задоволување на своите потреби од материјали, документи, разни весници, списанија и публикации, управникот на Државниот архив често писмено се обраќал до познатите српски редакции за доставување на познатите и нови научни дела, книги и публикации во кои се пишувало за состојбите во Јужна Србија. Повеќе барања биле поднесени во месец декември 1926 г. до редакцијата на српската летописна матица од Нови Сад, Академијата за наука од Белград[350], Државната штампарија од Белград[351], со образложение дека Архивот како институција не била во состојба од својот буџет да си дозволи купување на публикации наменети за користење од локалното население за изучување на развојот и историјата на овој дел од земјата.

Обемот на архивската граѓа почнал да се зголемува од 1929 г. со новата поделба на Краљаството Југославија, кога и се проширува надлежноста на архивот. Управникот Лазаревиќ посветил големо внимание на одржувањето врски со државните институции и друштва[352], заради зачувување и предавање на целокупната создадена документација, која потоа се средувала и распоредувала во кутии сместени на дрвени полици. Не се обработувале, се средувале само по фондови, нумерирале, а на нив бил ставан и печат. Собраните материјали биле користени од мал број надворешни баратели[353], но како дел од оваа институција допринеле за формирањето и работењето на Архивот како професионална институција во услови кои дозволувале да се работи во периодот меѓу двете светски војни. Архивата добивала публикации и од Српската кралска академија, која според еден документ од 1928 г. и испратила две публикации: Етнографски зборник и Историски зборник. Истата година од Матица српска ги добила книгите: Предавања за народ и Книга за народ.

Нововоспоставени научни институции воспоставиле еден нов систем на професионално работење, со кое на територијата на вардарскиот дел од

Материјалите претежно биле на бугарски јазик опфаќајќи го периодот од 1900 до 1908 г. Следувале и материјали од бугарската окупација од 1915-1918 г., како и материјали од турските општини од периодот 1912-1913 г.

[350] На ова барање негативно било одговорено, зашто според правилникот на Академијата изданијата можеле да се доставуваат само до една институција, а таа веќе своите изданија ги доставувала до Универзитетската библиотека во Скопје.

[351] Од Државната штампарија во Белград со писмено барање од Лазаревиќ испратено на 4 декември 1926 г. се барало доставување на материјали, доколку ги има и се зачувани од 1911 до 1915 г. на што негативно било одговорено. Од овој период не бил зачуван ниту еден број од Службените весници кои излегувале во тие воени години.

[352] ДАРМ, ф. Државна Архива у Скопљу 1928 – 1939 Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца, необработен фонд (Државната архива испраќала известувања до сите владини друштва со кои ги информирала за својата дејност, информирајќи ги за доставување на сите документарни материјали и публикации.).

[353] Ibidem, (Доста чести биле барањата од државните службеници за издавање на уверение со кое би се потврдиле годините на работење.).

Македонија создадена е и зачувана е значајна документација, врз основа на која се добиваат информации за тогашниот начин на секојдневно функционирање на целокупната административна власт секојдневните обврски, задолженија, комуникации и сл.

Свој карактеристичен белег оставило и Скопското научно друштво, формирано во текот на 1921 г. како дел од Филозофскиот факултет, чија цел пак била опфатување на целокупниот студентски кадар собран на едно место од територијата на Македонија.[354] Главната цел на Друштвото се состоела во детално истаражување на Македонија на историски, археолошки, литературно-лингвистички, етнографски, антрополошки, правни, економски, социјални, географски, геолошки, ботанички, зоолошки план, преку организирање научни екскурзии, собирање народни умотворби, ископување историски и археолошки споменици, фотографирање, собирање народни носии, накит и други предмети од народниот живот.[355] Било финансирано од разни донации, предавања и издавачката дејност, од државни самоуправни установи, подароци, од членовите кои задолжително плаќале годишни членарини и сл.

Друштвото се насочувало и кон издавачката дејност. Имало свое гласило кое од 1928 г. започнало да излегува во публикации наменети за општествените и посебно за природните науки, а во сите нив доминирало докажувањето за српската припадност на земјата. Статиите објавени од познати професори и научници се однесувале на периодот кој дотогаш следел. Најголем дел од истражувањата биле финансирани од самото друштво, кое пак за соопштување на резултатите од научната работа свикувало стручни состаноци. Се одржувале врски со домашни и меѓународни научни друштва и установи. Сите теми во Гласникот имале резиме на француски или германски јазик, заради поширок светски публицитет. Гласникот на Друштвото бил доставуван до академии на науки, универзитети и научни институции од многу земји во светот. За својата дејност Друштвото подготвувало и детални годишни извештаи.

Професорскиот кадар од Филозофскиот факултет и наставниците од средните училишта по српско хрватски јазик биле иницијатори за формирање на Друштво за српско хрватски јазик и книжевност во Скопје, со цел опфатување и изучување на јазичните прашања.

Во составот на Филозофскиот факултет функционирало и географското друштво, чии членови истражувајќи во областа на географијата, етнографијата и фолклорот, постојано објавувале свои статии во Гласникот на скопското научно друштво.

---

[354] Скопското научно друштво било формирано во текот на 1921 г., а реорганизирано 1925 г., кога впрочем биле донесени и потврдени условите за работа.

[355] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 277.

Во текот на 1929 г. во Скопје било формирано и Етнолошко друштво. Следната година на иницијатива на Јован Цвиић бил одржан дури и конгрес на познати етнографи и географи. За него се пишувало во сите дневни весници.

По формирањето на високообразовната институција во Скопје со работа започнал и Историскиот музеј, познат и како Музеј на Јужна Србија од втората половина на 20-тите години со четири одделенија: Етнографско-антрополошко, Историско-археолошко, Зоолошко и Геолошко-петрографско.[356] Историско-Археолошкиот музеј во Скопје, како дел од Музејот на Јужна Србија, бил основан 1925 г. со цел да се зачуваат културните споменици во вардарскиот дел од Македонија кои се со историско значење.[357] Основачите настојувале да се соберат на едно место, да се обработат и да се изложат на јавноста како едно значајно сведоштво за нивното постоење. Една од целите на Народниот музеј била и се почестото организирање екскурзии заради запознавање на старите српски споменици низ македонските градови, за што однапред доставувале известување до општините низ кои што ќе поминувале.

Во 1927 г. се јавила и идеја за формирање на Етнографско-Антропогеографски Музеј, во кој би биле изложени сите собрани материјали од теренските истражувања спроведени во селата и градовите во Вардарска Македонија со кои би се прикажала материјалната и духовна култура на земјата и народот. Се предвидувало меѓу другото собирање на стари фотографии, народни носии и сл., за кои активности се барало од општинскиот буџет определена сума финансиски средства, за чие пак одвојување српската власт не била многу заинтересирана, за што сведочат архивските материјали, поточно барања и образложувања, зачувани од 1927 и 1928 г.[358] Во 1933 г. Музејот бил целосно сместен во зградата на Куршумли ан во делот на чаршијата.

До крајот на своето работење Музејот на Јужна Србија успеал да собере и заштити дел од историско археолошките материјали од целосно уништување и разнесување. Музејот располагал и со своја приватна библиотека.

Значајна одлука на српската власта била онаа со која од 1932 г. се потврдувало отворањето на Црковниот музеј сместен во црквата „Св. Мина" во Скопје, кој успеал да собере и зачува значајна збирка од црковната историја на Православната црква во Македонија и да ја пренесе во Београд.

Сите овие друштва придонесувале за поголемо интелектуално издигнување на дел од македонските градови каде постојано се случувале културни манифестации посетувани и поддржувани од познати научници, кои

---

[356] Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и политичка улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, Скопје 1989, стр. 83.
[357] ДАРМ, Скопје, ф. Народен Музеј (несреден фонд).
[358] Ibidem.

пак несомнено секогаш носеле и оставале нешто свое, директно влијаејќи на тогашното секојдневие.

3.2 Културно-просветната политика и промените во начинот на живот на младите генерации

Промените во основното образование

Една од целите во која српската власт најмногу се вложувала била културно-просветната политика, преку која ќе настојува целосно да го промени менталитетот на локалното македонско население, наметнувајќи му српски национални обележја. Според законите на нововоспоставената српска власт, основното образование во вардарскиот дел од Македонија било задолжително четиригодишно образование, кое од 1929 г. било зголемено на осумгодишно вишо образование. Напоредно ќе функционираат виши народни училишта, занаетчиско-трговски, граѓански училишта, домаќински, посебно наменети за девојките не постари од 18 годишна возраст, средни училишта, народни универзитети и една високо образовна институции, Филозофскиот факултет во Скопје.

На територијата на цела Јужна Србија во учебната 1918-1919 г. работеле 697 основни училишта со 1.575 наставника и 23.275 ученика, кој број во наредните години ќе се зголемува, така што својот максимум ќе го достигне во учебната 1936-1937 г., со бројката од 1.260 основни училишта, 3.166 наставника и 145.784 ученика.[359]

Најголем дел од зградите во првите години биле несоодветни, нехигиенски, оштетни од воените години, но сепак задолжителни за децата на локалното население. Подоцна, со изградбата на новите згради од крајот на двесеттите години, условите донекаде се подобриле, но извештаите од училишните просветни надзорници постојано говореле за лошата состојба на зградите на кои сé уште биле видливи трагите од војната, причина за несоодветниот здравствен развој на самите деца кои морале да ги поминуваат задолжителни години во ваквите простории.[360] Според законот за народните училишта, финансиските средства за нивно одржување ги обезбедувале училишните општини, кои не биле во состојба да ги обезбедат во целост.

Најчесто биле едноспратни или двоспратни згради, изнајмени или пак откупени за потребите на Министерството за просвета. Покрај училиниците, кои во најголем дел биле тесни, имале по една до две простории за канцеларии, соби за служителите, мал дел од нив сали за свеченост и приредби, како и училишни дворови. Дел од зградите биле

---

[359] Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и...*, op.cit, стр. 70.

[360] Во почетните години законот за задолжително образование и се игнорирал од самото население, кое одбивало да се образува на српски јазик.

изградени и со парични средства од локалното население, како и со помош од поимотните месни трговци и индустријалци. Не располагале со некој разновиден инвентар, ги поседувале основните наставни средства, како табла, креда, географски карти, сметалки и сл.

Учениците по националност биле запишувани како Срби, учејќи и пишувајќи на српски јазик. Од предметите задолжително се изучувале српскиот јазик, историја, географија, сметање, познавање на природата, цртање со краснопис, гимнастика со детски игри и др. За изучување на српскиот јазик во Битола дури биле отворени и забавишта и припремни паралелки. Според извештаите многу поголем бил бројот на запишаните момчиња, бројот на девојчињата се зголемува во подоцнежниот период, кога најголем дел од родителите почнуваат да се ослободуваат од предрасудите за образованието на женските претставници од семејството. Бројот на запишаните ученици постојано се менувал, дел од запишаните ученици често и се откажувале од наставата заради економската состојба на родителите, како и од потребата за нивно работење и допринесување во семејството.

Најдоминантна улога во развојот на образованието ќе има новоформираното Министерство на просвета и вера при Кралството СХС и неговите просветни инспекторати и околиски училишни надзорници, чија основна задача била надгледување во спроведувањето на културно-просветната политика преку образовниот систем.

За новоотворените и реновирани основни училишни згради, постоечката архивска документација потврдува дека во сите градови во вардардкиот дел од Македонија ги носеле имињата на познатите српски личности од нивната национална историја.[361] Во почетокот запишувањето било бесплатно, но подоцна се вовело задолжително плаќање за школарина, за фондот за здравствена заштита, за ученичката библиотека и по избор за фондот на Црвен крст.[362]

Од 1919 г. во Скопје функционирале 9 основни училишта: „Доситеј Обрадовиќ", „Вук Караџиќ", „Бранко Радичевиќ", „Св.Богородица", „Ѓ. Даничиќ", „Ѓура Јакшиќ", „Св.Сава", „Владимир Кариќ" и „Цар Душан". Но според еден извештај од 1929 г.[363], функционирале 15 основни училишта како „Кралица Марија", „Јован Скерлиќ", „Његош", „Цар Душан", „Владимир Кариќ", „Св.Сава", „Ѓура Јакшиќ", „Св.Богородица", „Мехмед Соколовиќ", „Осман Ѓиќиќ", „Вук Караџиќ", „Доситеј Обрадовиќ" и Српското-еврејско училиште. Во сите овие училишта поголем бил бројот на наставничките кои работеле за разлика од машките преставници, пред се заради лошите услови за работа во образованието,

[361] ДАРМ, ПО Битола, Државна непотполна реална женска гимназија, несреден фонд.
[362] Ibidem.
[363] ДАРМ, ф: Филозофски факултет, к. 6, 323, 1.323.6.1/1.

недостатокот од материјали за работа за кои самите морале донекаде да се снаоѓаат, ниските плати, постојаните преместувања и сл.

Најмодерни биле зградите на училиштата „Цар Душан“ и „Ѓура Јакшиќ“, изградени во периодот 1929-33 г.[364] Единствено во овие училишта од 1933 г. биле отворени и две одделенија за деца со посебни потреби, деца со одреден инвалидитет и глувонеми деца, раководени од посебни наставници и по програма донесена од Министерството за просвета.[365] Во 1937 г. било изградено и училиштето Доситеј Обрадовиќ со најмодерни и современи услови за работа. Зградата имала електрично осветлување, водовод, печки за затоплување и сл.

Од 1930 г. зачувани се извештаите од основните училишта во Битола доставени до градската полиција, наменети за школскиот надзорник, по наредба на Кралската банска управа, во кои се даваат описи за состојбата на зградите, кога се градени, нивната структура, бројот на учителите, одделенијата и учениците и сл. Извештаи имале доставено управниците на училиштата како: „Јован Јовановиќ Змај“[366], „Авдо Карабеговиќ“, „Милојко Веселиновиќ“, „Доситеј Обрадовиќ“, „Вук Караџиќ“, „Јован Гавриловиќ“, „Ѓура Јакшиќ“, „Осман Ѓиќиќ“ и „Кирил и Методиј“[367].

Во Кочани пак основното училиште, кое се наоѓало во центарот на градот во 1930 г. работело со 11 наставници, 11 одделенија и 484 ученици. Школската зграда во Свети Николе градена помеѓу 1923 – 1927 г., во 1930 г. функционирала со 8 одделенија и 256 ученици, 4 канцеларии и кабинети, сала за свечености и школски приредби. Двете српски основни училишта во Крушево во 1930 г. работеле со вкупно 7 учители, 14 одделенија распоредени во 14 училници. Едната школска зграда „Кралица Марија“ се

---

[364] Весник „Вардар“ (Училишната зграда „Цар Душан“ се состоела од висок сутерен, приземје и спрат. Во сутеренот биле сместени ученичката кујна, просториите за школската поликлиника, купатилата со соблекувалните, собите за воспитувачите, чекалните и гимнастичката сала, *просторијата за централното греење*. На приземјето се наоѓале 14 училници, пет канцеларии, собите за службените, клозетите за наставниците и учениците. На спратот се наоѓала свечената голема сала, користена за разни културни манифестации и од други инситуции, како и петте простории за читалните и библиотеката. На таванот било сместено и едно поголемо сликарско ателје за потребите на учениците. Зградат ги задоволувала сите хигиенски услови. Купатилата и ходниците биле поплочени со керамички плочки, а салата и училниците биле паркетирани.).

[365] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во…*, op.cit., стр. 262.

[366] ДАРМ, ф: Филозофски факултет, к. 6, 323, 1.323.6.1/1 (Училиштето започнало со работа во 1921 г., во изнајмена зграда, несоодветна и нехигиенска, наменета да ги задоволува потребите во маалото Баир. Во почетокот работел само еден наставник со една комбинирана паралелка од прво и второ одделение. Во 1928 г. училиштето било преместено во друга исто така несоодветна зграда на улица „Дебарска“, за конечно во 1930 г. да добие нова соодветна зграда со 4 пространи училници кои можеле да соберат и по 50-тина ученици, една сала наменета за забавиште и две помали соби. Новата зграда се наоѓала на крајот од градот кај турските гробишта на местото познато како Ченгел Каракол. Училиштето го посетувале учениците од маалата Баир и Бела чешма. Во 1930 г. работеле тројца учители со 177 ученици распоредени во три одделенија.).

[367] Ibidem, Зградата на ова училиште била градена во 1860 г. на два спрата со 14 учиилници и 2 канцеларии. Во 1930 г. работело со 12 наставници и 589 ученици.

наоѓала на улицата „Св.Сава", бр.52, а другата школска зграда „Престолонаследник Петар" на улицата „Кралица Марија", бр.4. Заради надморската висина, зградите биле градени од цврст материјал.

Државното мешано учителско училиште во 1930 г. работело со 8 одделенија, 4 женски и 4 машки, 320 ученици, 23 наставници квалификувани наставници и 1 лекар. Училиштето имало добро уредена зоолошка збирка, како и хемиска, минеролошка, географска и историска. Архивата на училиштето почнувала од 1919 г., од претходниот период биле зачувани само два извештаи од 1914 и 1915 г. Училиштето поседувало и богата библиотека со 2.500 книги на српски јазик, 543 на германски, 150 на француски и 20 на унгарски јазик.[368]

Кичевското основно училиште имало две згради, 13 училници, 1 канцеларија и сала за свеченост, 9 одделенија, 265 ученици и 7 наставници. До 1925 г. во градот постоело и Вишо основно училиште со гимназиска програма, подоцна заменето со трикласно гимназиско училиште.

Основното училиште во Валандово од 1919 г. било сместено во една мала и несоодветна зграда, сопственост на Кара Хаџи Мустафа. Во месец август 1930 г. била довршена новата наменска зграда со шест училници, библиотека и сала за свеченост.

Во Прилеп според извештаите од 1930 г. функционирале основните училишта „Крал Петар", „Марко Крале", „Св.Сава", „Вук Караџиќ" и „Цар Душан".

Од 1918 г. започнало со работа и основното училиште „Св.Сава" во Крива Паланка, каде истовремено работело и Вишо основно училиште со гимназиска програма. Од 1928 г. работело и Државното граѓанско училиште со 4 класа. Новата зграда на основното училиште била пуштена во употреба од 1928 г. со 8 училници, 2 канцеларии и сала за свеченост, а стариот објект бил срушен во 1929 г. Во 1930 г. имало пет одделенија и 230 ученици, меѓу кои се сретнувале и деца од околните блиски села.

Од 1918 г. во Охрид почнало да функционира четирикласното училиште „Крал Александар", кое од 1922/23 добива статус на полна Гимназија со 8 класа. Во 1929/30 со укинувањето на многу Гимназии во вардарскиот дел на Македонија била редуцирана, добивајќи повторно статус на неполно четирикласно училиште.

Доста карактеристичен бил и режимот на владеење на просветниот српски кадар, кој сакал да воспостави и строг режим, пропратен со постојани казни, правила и прописи. Една од тие казни била и паричната од половина динар за зборување на македонски за време на училишните одмори. Во самите училишта биле поставувани дежурни учители кои внимавале на говорот на децата за време на нивното меѓусебно дружење во текот на неколку минутните одмори. Чести биле и тепањата.

[368] Ibid., к. 6, 1.323.6.10/180.

Штипјанецот Трајко Јованов се сеќава: „ние не можевме да ги разбереме, на српски ни зборуваа, па не тепаа, или клечевме на нозе, на колеици по казна. Одевме со налани, па зимно време најладно ми беше кога снегот ќе се натрупаше на наланите. Немаше учебници имавме само еден буквар, на старо ги купувавме, пишувавме на таблички со креди, кој нема сунѓер, ќе брише со раката".[369]

Начинот на однесување на кадарот бил под постојан надзор од просветната власт, која настојувала да добива редовни извештаи за вработените, посебно за оние кои не биле Срби.[370] Се сретнувале и учители Македонци, но многу поретко и најчесто поставувани во други градови, не во местото од каде потекнувале.[371]

Заради полесно совладување на српскиот устен и пишан збор, учениците постојано биле обременети со разни активности, со учење на стихотворби напамет и нивно рецитирање[372], изработување на ѕидни весници, учество во изложби, конкурси, пишување на семинарски вежби, претежно од националните групи предмети, од историја, географија и српскохрватски јазик, преку кои теми наставничкиот кадар настојувал овие генерации да ги запознае со животот на српскиот народ, вредностите на српската национална култура.[373] Секоја година задолжително биле распишувани и парични награди за најдобро изработените теми, сметајќи дека одродувањето од и заборавањето на своите корени ќе биде купено многу полесно со пари од најмладите македонски генерации. Овозможувајќи им ги сите услови за писмено и усно изразување, учениците се стекнувале со солидни знаења од сите области, давајќи си себеси можност за надоградување, меѓусебно спознавање и цврсто креирање на својот дух. Постигнувањата од предметите по српскохрватски јазик, историја и географија биле проверувани од инспектори на Министерството за просвета, кои ги обиколувале училиштата организирајќи конференции на кои со наставниците се разгледувале поставените прашања, недостатоци и предности во наставата.

---

[369] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип.

[370] Покрај наставниците Срби, кои во првите почетни години биле засилено вработувани во образовните институции, подоцна ќе почнат да се вработуваат и дел од Македонците, во многу помал број. Во овој период значителен бил бројот и на наставниците Руси, за чии морални, особини, наставнички способности и познавањето на државниот јазик, веќе споменав дека се доставувале прецизни документирани записи.

[371] Сеќавања на Фетка Бојациска од Штип (Даница Андонова беше поставена за учителка во Битолските села, а Вера Ченкова во Прилепските села.).

[372] Најголем дел од соговорниците сé уште ги паметат дел од песничките кои ги учеле на памет и ги рецитирале сите до еден ученик во класот. Посебно ја паметат Марсељезата и песната со наслов „Смрт мајке Југовића".

[373] ДАРМ, ПО Битола, Државна непотполна реална женска гимназија, необработен фонд, (Министерот за просвета често знаел во еден ден да одреди заедничко работење на писмени задачи во сите средни училишта на теми како: Одлики на нашиот народ, војнички и морални, Љубовта спрема земјата и должностите на младината кон татковината и сл.)

Големи промени внесуваат и во начинот на одржувањето на хигиената. Чистата облека и обувки биле задолжителни секојдневно проверувани од директорите или задолжените наставници. Се направил и обид за средување на косите и правење фризури.[374] Заради намалување на интензитетот на заразните болести, сите ученици двапати во текот на годината биле носени на прегледи во антималаричните станици каде им било земано крв и им биле правени анализи за присуство на маларијата. Во Прилеп бил формиран и околиски одбор за народно просветување со цел одржувања на предавања за хигиената и заштита од заразните болести.[375] Во дел од скопските училиштата функционирале и кујни каде сиромашните ученици добивале ручек.

Пред запишувањето во средно училиште, се полагало приемен испит составен од неколку предмети како српскохрватски јазик, историја и географија. За да се положат овие предмети неопходно било дополнително посетување на наставниците затоа што како непознати и нови на учениците им биле крајно тешки, посебно говорењето на српскохрватскиот јазик.[376]

Уште поголем проблем за српската власт претставувал училишниот кадар, кој бил застапен во мал број, односно не бил доволен за задоволување на нивните потреби. Веднаш по војната српската власт ќе пристапи кон доведување на кадар од Кралството СХС, сметајќи го како идеален, кој ќе делува на културното и просветното издигнување на „својот" народ и покрај тоа што најголем дел од него дури бил неквалификуван, но во спроведувањето на националистичката програма се сметал за доста успешен.[377] Меѓу учителите покрај Срби, Хрвати и Црногорци, се сретнувале многу Руси, Чеси и Полјаци.

Македонскиот кадар, пак бил најмалку застапен во училишниот систем и ако бил тогаш станувало збор за хонорари наставници или наставници по пеење, цртање, гимнастика итн. Притоа неизбежно било неговото превоспитување. Станува збор за испраќање на организирани училишни курсеви за изучување на национална група предмети, под изговор дека биле дотогашни егзархиско-бугарски пропагатори.[378]

---

[374] Никола Јанев, *Маргиналии за мојот град*, Охрид 1998, стр.16 (Дел од обидите се покажале неуспешни со оглед на економската криза и социјалната нестабилност на многу семејства кои редовно не можеле себе си да си обезбедат купување на основните средства за хигиена.).

[375] ДАРМ, ПО Прилеп, Околиски одбор за народно просветување Прилеп 1921-1933, к. 1, необработен фонд.

[376] Сеќавање на Фетка Бојаџиска од Штип. (Мојот татко сметаше дека е многу лесно да се заврши основното образование тогаш, па се шегуваше со нас рецитирајќи ни една песна за образованието: Први разред сече бере, Втори разред џабе бере, Трети разред топанчаре, Четврти господаре.).

[377] Свет. К.Марковиќ и Јаков Ивановиќ, *Школство Јужне Србије 1912-1937.* Во: Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопје 1937, 918.

[378] Ibidem, стр. 928.

Наставата се изведувала во претпладневните часови и пред истата да започне, секое утро задолжително од страна на учениците се кажувала заедничка молитва.[379] Покрај молитвата, задолжително било и познавањето и пеењето на Марсељезата на српски јазик. За време на сите верски празници, учениците морало да постат, по што следувало нивно причестување во некоја од црквите, носени колективно од тогаш затекнатиот наставнички кадар, без разлика на временските услови, желбата и мислењето на овие деца. Причестувањето за време верските празници, како Божиќ, Велигден и сл. било организирано како за учениците од основното, така и за учениците од средното образование. Точно се знаело кое училиште во која црква ќе има причестување и во колку часот, распоред која им бил наметнуван од црковната управа во секој град.[380]

Учениците биле дел и од секоја друга државна прослава и манифестација. Директорите добивале писмени известувања, покани и сл., за учество со своја програма. Свои програми подготвувале и на крајот од школската година означен со празникот Видовден, кога се бирале најдобрите ученици за рецитирање на српските песни пред сите родители. На најдобрите ученици им се доделувале и книги. Димитар Димитровски се сеќава: „Катерина Стефановиќ-Каја, најубавата учителка во Битола тогаш ми подари како на одличен ученик книга од Кристијан Андерсен, во 1932 г. Книгите ги собиравме, ги чувавме и така се збогатуваа нашите домашни библиотеки".[381] Прославувањето на славата „Свети Сава" била задолжителна. Оваа слава се сметала како слава на училиштата. Се прославувало најнапред со богослужба во локалните цркви, а потоа во училиштата каде се приредувале свечени програми со учество на рецитаторските, музичките, драмските и спортските секции. Во прославувањето било вклучувано и локалното граѓанство.

Учениците ќе бидат приклучувани и во разни други програми. Задолжително било нивното учество во тогаш формираните секции, како музичка, театарска, спортска, хуманитарна како што била организацијата на „Црвениот крст".

Училишните власти биле иницијатори за формирање на училишни библиотеки. Не постоело училиште кое во овој период немало наставнички и ученички библиотеки, за кои посебни простории не се одвојувале, туку се наоѓеле во склопот на самите училници или канцеларии.[382] Нивните фондови уредно се забележувани во годишните извештаи на крајот од учебната година.

---

[379] Сеќавање на Ружица Арсова Нацева од Велес.
[380] ДАРМ, ПО Битола, Државна непотполна реална женска гимназија, несреден фонд.
[381] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.
[382] Во учебната 1932/33 г. гимназиските власти во Битола предводени од наставниците по српскохрватски јазик формирале класни библиотеки, во нижите класови, во кои учениците дарувале книги според својата возраст, најчесто со детска содржина, народни

Независно од својата национална припадност, тоа биле деца, кои само ќе се прилагодуваат на условите, наметнати од тогашното секојдневие, полека учејќи како да ја надминат крајно суровата сиромаштија. Некои од нив, принудени да работат од својата најмала возраст, не ќе ја познаваат можноста за своето едуцирање, односно интелектуално надоградување. Но, сите, единствено и истовремено, после времето поминато во образовната средина, ќе ги поврзува детската игра. Во Гостивар позната детски игра била чекутка. Децата копале дупка длабока и широка околу 25 см., во која се ставале зрна од пченка. Едно дете требало да го внесе внатрешното од пченката, додека останатите со стапови бранеле чекутката да не влезе во дупката. Во Охрид играле ашици, бинек, долга магарица, челик, берење цреши, капење во езерото итн.

Во Битола во неделите поголемите деца редовно организирале трки со велосипеди на Тумбекафе. Се качувале на дрва, спуштајќи се со јаже како пожарникари. Ги следеле и љубовните парови, влегувале во бавчите крадејќи разни зеленчуци и овошја.

Тоа биле вообичаени игри карактеристични за децата. Се играло фудбал со топки од партали, со кукли, криенка, нека бие, камај-индијанци, импровизирана војна, се правеле змаеви за летање, џамлии, се подготвувале театарски претстави прикажувани по дворовите, собирале бакарни предмети кои им ги продавале на калајџиите и казанџиите и сл. Во поимотните семејства забележливо било и купувањето на играчки.

Основното образование внесе многу промени со кои учениците се сретнуваа и соочуваа за прв пат. Учеа нови нешта, зборуваа нов јазик, применуваа многу правила и казни, се стекнуваа со нови навики, членуваа во културни, спортски и хуманитарни организации, одеа на екскурзии, излети итн., промени кои за нив беа нови, но требаше да ги применат и почитуваат.

Гимназиското образование

Значајна одлука на српската власт е можноста за функционирање на средното гимназиско образование, изразено преку нижите и полни гимназии[383]. Биле воведувани нови правила, закони, процеси кои оставиле белег во развојот на средношколците, нивните навики, начини на однесувања, облекување, говорење и сл. Дел од зградите кои биле

песни, приказни, изданија на Златна книга. Книгите биле сместувани во сандачиња или видни шкавчиња, направени од средства на учениците, а издавани од страна на еден одговорен ученик-библиотекар, кој водел прецизна евиденција за се што се случува.

[383] Во рамките на територијата на вардарска Македонија од 1918 г. биле отворени нижи гимназии во Велес, Штип, Охрид, Куманово, Тетово, Прилеп, Гевгелија, Струмица, Кавадарци, Ресен, Дебар, Кичево, Крива Паланка, Кратово и Дојран, од кои последните три за кратко време биле затворени. Првите полни, осумкласни гимназии биле отворени во Скопје и Битола, а нешто подоцна гимназиите во Велес, Штип, Охрид, Куманово, Тетово и Прилеп го добиваат истиот статус.

оштетени само се приспособиле за почетното работење. Подоцна почнале да се градат и нови наменски школски згради.[384]

Гимназијата во Скопје започнала да работи од 1919 г., по извршените неопходни поправки и реновирања, во почетокот одржувајќи само курсеви. По бројното зголемување на учениците од 1925 г. во Скопје гимназиското образование било поделено во Првата машка гимназија и Женска гимназија која добила нова зграда.

Зградата[385] на Машката гимназија според извештајот доставен до Филозофскиот факултет во месец декември 1930 г., се до 1925 г. функционирала како едноспратна, кога повторно бил доизграден уште еден спрат, така што во овој формат таа поседувала 15 училници, 1 сала за цртање, 1 училница за пеење, 1 кабинет по физика, 1 наставничка канцеларија, 4 кабинети, (за физика, хемија, минерологија и геологија и за цртање), наставничка библиотека, ученичка библиотека „Дојчин". За нејзиното работење во овој период сведочат и годишните печатени извештаи.

Од големо значење за училишната младина во Скопје бил и детскиот дом „Крал Александар I" изграден 1926 г. Зградата се состоела од сутерен, приземје и спрат. Во делот на сутеренот биле сместени соблекувалните, купатилата, трепезаријата, кујната и магацините за храна и облека. На приземјето се наоѓале училниците за дневната и вечерната настава опремени со модерни клупи столици, свечената сала и библиотеката, а на спратот биле сместени спалните соби за учениците.[386]

Битолската гимназија започнала со настава од 1918 г. и се до 1941 г. важела за една од ретките образовни институции кои давале квалитетно образование. Бројната состојба на учениците била и повеќе од

---

[384] Можноста за образование власта гледала да им ја понуди и на дел од сиромашните ученици кои се истакнувале со своите способности. Нивната потреба била задоволувана и олеснувана со отворањето на училишните кујни и интернати како дел од самите средни училишта, за кој се плаќало одредена минимална сума или воопшто не се плаќало. Тие понудувале прилично добри хигинески услови, а биле обезбедени и со амбуланта и лекар.

[385] ДАРМ, ф.Филозофски факултет, к. 6, 1.323.6.17/388-399 (Првобитно зградата била изградена во 1904 г., како најголема двоспратна школска зграда во Скопје, која ги задоволувала потребите на српската гимназија и учителското училиште. Настрадала во пожар во 1907 г. Во 1925 г. била адаптирана за потребите на Српската машка Гимназија.).

[386] Весник „Скопски гласник" (Бил наменет за децата од Вардарска бановина запишувани во основните училишта, гимназиите и стручните училишта. Функционирал според Правилник изработен од државните власти според кој домот бил наменет само за машките деца од 7 до 18 годишна возраст. Домот имал свој Управен совет, кој ги донесувал сите одлуки поврзани со ителектуалното и физичко подигнување на децата, управник, воспитувачи, кои се грижеле за подучување на послабите ученици и лекар, за кого имало опремено една просторија за амбуланта. Зградата имала модерна електрична и водоводна инсталација. Во домот биле сместувани околу 130 питомци, од кои дел плаќале за понудените услуги, а дел, како сиромашните и децата без родители, биле ослободувани од платежната обврска. Сите биле облечени во соодветна и иста униформа. Активностите на домот биле објавувани на годишни собранија. Домот бил финансиран од сопствените средства, општината, средствата од прилозите на поедини лица и институции.).

очекуваното, така што од втората половина на 30-тите години било одлучено да се овозможи функционирање на нова институција односно женска Гимназија. Државната непотполна женска реална гимназија во Битола била отворена со Указ бр. 1055 од 3 јануари 1939 г. по наредба на Министрството за просвета и Кралската банска управа на вардарска бановина.[387] Од женските одделенија, биле формирани 4 класа и 7 одделенија со 306 ученички. Гимназијата била сместена во зградата на општината и имала седум училници во добра состојба со клупи катедри и табли, канцеларии за директорката Зорка Симиќ и наставниците[388], две одделенија за кабитети и едно за служителите. Ѓорѓи Димовски Цолев за средното образование во Битола се сеќава: „се полагаше приемен испит, основни работи се полагаше, една песна се кажуваше, три работи не прашуваа. Се запишуваа по 60 ученици во еден клас, на полугодие се преполовуваа, со три слаби се отстрануваа. Гимназијата беше позната по својата строгост. Во 1940 г. се донесе закон да се пребројат евреите во школите и ако ги имаше многу се отстрануваа, селекција се правеше. Книгите се купуваа, јас ги чував да не ги шкртнам за да можам да ги продадам".[389]

Битолската гимназија забележала многу напредни интелектуалци како Стив Наумов, Трифун Пановски, Мирче Ацев, Анастас Ристо Трајков, Елпида Караманди, Кузман Јосифовски-Питу, Тодор Ангелевски, Анастас Теохаревиќ, Димче Лахчански, Киро Димитровски-Дандаро, Димитар Николовски – Таки Даскалот, Јорго Османли, Нико Стерјо Фундали, Рампо Левков, Никола Љачевски, Атанас Милошевски, Томо Димитровски, Борко Талевски, Михајло Бојациевски и др.

Велешката гимназија била една од најубавите објекти, во која се запишувале и ученици од соседните околии за кои бил изграден интернат и кујна.[390]

Штипската нижа гимназија започнала со работа од 1918 г., но две години подоцна го добила статусот на виша, во која се запишувале ученици не само од градот туку и од блиската околина. Бројната состојба на учениците постојано се менувала во зависност од волјата и имотната сосотојба на родителите. Во наредниот период таа го променува својот статус, неполна, па повторно полна, во согласност со политичките и општествени промени. За гимназијалците трајни впечатоци оставале екскурзиите, организирани низ градовите во Македонија, но и останатите поголеми и значајни градови низ Кралството како Сараево, Приштина,

---

[387] ДАРМ, ПО Битола, ф. Државна непотполна женска реална Гимназија – Битола, 1939-1941, несреден фонд.

[388] Ibidem, (Наставниците од Гимназијата имале можност да работат хонорарно, подготвувајќи ги учениците по наставата, за што се поднесувало барање до директорот на Гимназијата.).

[389] Сеќавање на Ѓорѓи Димовски Цолев од Битола.

[390] Види Јасмина Најдовска, *Историја на секојдневниот*..., op.cit. стр. 208-226.

Косовска Митровица и др. Секогаш биле пропратени со одредени настапи, приредби, концерти, дружења со тамошните ученици и сл.[391]

Гимназијата во Штип од 1930 г. имала и свој Ученички дом „Крал Александар I", наменет за сместување на сиромашните и надарени ученици. Работел според одредени пропишани правила, а одржувањето било од средствата добиени од кралската власт, општината, доброволни прилози од друштва, поединци и сл.[392] Во домот можеле да се сместат најмногу 90 ученици, кои за да останат биле условени со покажување на добар успех. Плаќале само поимотните, додека останатите добивале бесплатно храна, униформи итн.

Кумановската гимназија како полна осумкласна започнала со работа од 1922 г., за веќе од 1929 г. повторно да го добие статусот на непотполна Гимназија. Зградата била изградена за потребите на Турците и имала 12 училници, 2 кабинета, библиотека и 2 канцеларии. Во 1930 г. имало 9 одделенија, 18 наставници и 285 ученици. Гимназијата поседувала и збирките како: хемиска, физички, зоолошки (анатомски слики, скелет, животни во течност, препарирани животни, микроскоп и други помошни апарати), ботанички, минеролошки, геолошки, историски, географски, музички (клавир, хорски партитури и сл.), цртачки кабинет. Библиотеката поседувала 858 книги.

Во 1924 г. во Струмица започнала да функционира и неполната гимназија, сместена во почетокот во една стара и доста оштетна турска куќа, укината во 1929 г. по донесувањето на Шестојануарската диктатура. На нејзино место била отворена нижа граѓанска гимназија за која локалното население покажало голем интерес заради неможноста да ги школуваат своите деца во полните гимназии лоцирани најблиску до Струмица. Од работата на граѓанското училиште зачувани се извештаите од 1934 до 1940 г. Запишувањата во училиштето се вршеле во почетокот на септември[393], а годината завршувала кон

---

[391] ДАРМ, ПО Штип, ф. Државна реална гимназија Штип, к. 2, несреден фонд (Според извештајот од 1939 г. Гимназијата располагала со повеќе збирки како збирка по цртање, математика, историја, географија, гимнастика која се состоела од топка за ракомет, фудбал, 20 чунови, копје, топка за куглање, збирка по хемија, зоологија и ботаника. Збирката по музика се состоела од клавир, хармоника, контрабас, виола, тапан, хавајска гитара, дајре итн. Наставничката библиотека се состоела од 1.154 книги, а ученичката од 1.361 книга.).

[392] Кирил Цацков, *Просветата и културата во Штип и Штипско меѓу двете светски војни*, Скопје 1995, стр. 71-72.

[393] ДАРМ, ПО Струмица, (За запишување на учениците се поднесувало сведителство за завршено основно училиште, крштеници, пријава за запишување, уверение за сумата на данокот кој го плаќало семејството врз основа на кој се одредувала висината за плаќање на школарината и уверение за образованието на браќата и сестрите доколку ги има пријавениот ученик. Родителите кои школувале повеќе деца истовремено плаќале полна школарина за првото, а половина за останатите деца. Од школарината биле ослободени родителите кои плаќале данок под 300 динари, односно најсиромашните.).

крајот на јуни, на празникот Видовден[394]. Во август биле спроведувани полагањата на поправните испити. Во извештаите забележани се и бројната состојба на наставничкиот кадар, како и нивните лични податоци, предметите кои ги предавале и учебниците кои ги користеле. Забележани се и сите тековни активности како присуствувања на предавања, црковни служби, комеморативни седници, Светосавски прослави, празнични одбележувања, причестувања во црквите, екскурзиите кои најчесто се изведувале во околината на Струмица и блиските градови како Валандово, Дојран итн. Мешовитото граѓанско училиште поседувало и доста сиромашна ученичка и наставничка библиотека. Учениците биле единствено организирани во друштвото на „Црвениот крст", Подмладокот на Јадранска стража и подмладокот на аеро клубот „Наши крила" основан учебната 1936-37 г. и моделарската секција. На крајот и почетокот од школската година за учениците и наставниците биле споровedувани контролни и систематски прегледи.[395]

Граѓанското училиште во Кавадарци било отворено како надоместување за укинатата Гимназија, која започнала со работа од 1919 г. со пет класа. Училишните гинмазиски простории биле сместени во двоспратна зграда која припаѓала на Усни-бег Алиризовиќ, но подоцна откупени и наменети за гимназиското образование.[396] Гимназијата била укината во учебната 1928/29, за веќе од следната 1930 г., поточно од 15 февруари да започне со работа Граѓанската школа со 4 одделенија и 75 ученици.

Гимназијата во Дебар започнала да функционира во учебната 1926 г., кога било одлучено да се укине Вишото основно училиште, со запи шани 56 запишани ученици.[397] Во 1930 г. имало 4 одделенија, 5 наставници и 39 ученици.

Бројот на учениците и наставниот кадар во гимназиите постојано ќе се менува, за што сведочат подготвуваните и печатени годишни извештаи, кои од почетокот на српскиот образовен систем во 1918 па се до 1941 г. прецизно се водени. Во почетните години биле вработени многу Руси, интелектуалци кои по Октомвриската револуција останале на овие простори. Многу наставници биле донесени од другите краеви од Кралството, а за предвањата биле користени и луѓе со пониски

---

[394] Ibidem, (Крајот на школската година бил свечено одбележуван со разни свечености и изложби од ученичките цртежи, рачните женски изработки и машките изработки од дрво, како и моделите изработени од членовите на аеро клубот.).

[395] Ibidem, (При овие прегледи најчесто здравствената состојба на учениците била средно оценувана. Родителите биле советувани за одржување на повисок степен на хигиена, значајна за здравствената состојба. Локалниот лекар и сестра понудувале и посета по домовите на учениците заради подучување на семејството за хигиената во домовите.).

[396] ДАРМ, ф.Филозофски факултет, к. 6, 1.323.6.13/238-244 (Зградата имала лик на богата турска куќа на спрат).

[397] Ibidem, к. 6, 1.323.6.2/2.

квалификации кои можеле до некаде да ги задоволат потребите за образованието на средношколците.

Забележувани се почетокот и крајот на годината, бројната сосотјба на учениците и наставниците, сите промени поврзани со нив, отсуства, казни, преместувања, стручната подготовка, наградите, курсевите, ученичките организации, екскурзиите итн.

Учебната година редовно започнувала во месец септември, а завршувала во месец јуни, односно со доделувањето на сведителствата за завршено образование, речиси секогаш на празникот Видовден, како и книги за одличните ученици. Дел од тие книги, често биле донација од друштвото „Св.Сава", кое секогаш било расположено за доделување на своите гласила.[398]

За запишување во Гимназијата се полагале приемни испити за кои биле поднесувани молби во месец јуни, период кога се вршеле и полагањата, евидентирани од просветните општински власти. Право на полагање имале учениците со завршено четиригодишно, основно училиште, без ниту една слаба отценка. Запишаните ученици задолжително плаќале за школарината според висината на данокот, за фондот за здравствена заштита на учениците, за ученичка книшка, за школските збирки, за друштвото на Црвениот крст и тоа само од учениците кои самоиницијативно станувале членови, за фондот за сиромашните ученици, фондот за екскурзии итн.[399] Завршен испит или матурски испит се полагал и на крајот од гимназијалното образование, за кој се формирала посебна комисија, која подоцна од покажаните резултати одлучувала за крајниот успех на ученикот.

Уште на почетокот била изработувана училишна програма од Министерството за просвета, според која, српскиот јазик бил задолжителен[400], официјален како и изучувањето на веронауката, предмет кој го предавале српско ориентирани свештеници. Верската настава била задолжителна за сите вероисповести, а ја изведувале свештени лица или нивните заменици, одредени од надлежната верска власт, за кои пак Општината одделувала одредена парична сума, наменета за задоволување на сите нивни потреби, како еден вид на стимулативно средство.[401] Како дел од тогашната настава биле и следниве предмети: француски, руски, латински и германски јазик, географија, историја, зоологија, физика, хемија, математика, цртање, пишување, гимнастика, пеење и други. Секое

---

[398] ДАРМ, м.ф. Друштво „Св.Сава".

[399] ДАРМ, ПО Битола, Државна непотполна реална женска гимназија, несреден фонд (За сите наплатувања бил задолжен благајник кој евиденцијата ја водел во посебни книги и со соодветни документи.).

[400] ДАРМ, ПО Штип, ф. Државна реална гимназија Штип, к.2, несреден фонд (Најдобрите ученици по предметот српскохрватски јазик и за рецитирање биле и парично наградувани од фондот Пијаде-Алексиќ-Пупин, фондот Св. Сава и општинскиот суд.).

[401] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1942, к. 2, 9.470.2.121/152.

училиште имало и свој наставнички совет кој одлучувал за сите преземени активности.

Причестувањето во неделите и за време на празниците во локалните цркви било задолжително и однапред најавувано од училиштата за да се знае кои ученици и од кое училиште во кое време ќе доаѓаат за причесна.[402]

Покрај учебниците, за учениците задолжителни биле униформите, зимските и летни одела и капите, кецељите со бели крагни и беретки, кои најсиромашните ги добивале како помош или донација од разни хуманитарни друштва за време разни празници, слави и други одбележувања.[403]

Изучувањето и говорењето на српскиот јазик било наметнувано и преку читањето на литературата надвор од училиштата. Наставниците по српски јазик покрај четивата кои се читале на часовите, наметнувале и читање на слободни лектири кои потоа се раскажувале на самите часови. Наставниците пак по национална географија и историја многу поголемо внимание посветувале на случувањата на српската територија, а со тоа настојувале по научен пат со лингвистички, обичајни, монументални, традиционални и историски податоци да ги убедат учениците дека во Јужна Србија денес живее составен дел од српскиот народ, и дека секое друго национално наметнување се темели на фалсификувани документи и факти на шовинистичките пропаганда.[404] Многу често се применувале конкурси за изработени теми од областа на историјата, книжевноста и сл., од кои најдобрите биле парично наградувани.

Во населените места кои биле блиску до источната граница, односно до Бугарија, Министерството за просвета донело одлука за засилено просветување на тие области, преку формирање на што е поголем број на училишта, читални и држење на што поголем број на јавни предавања, наменети за засенување на бугарската пропаганда.

Посебно внимание се посветувало на државните празнични одбележувања како празникот „Св.Сава", заштитниот школски патрон, проследен секогаш со свечени манифестации. Учениците биле дел и од прославите за празникот Ѓурѓовден, кога се организирале масовни поворки во кои учествувале и членовите на националните, културните, хуманитарните и спортски друштва. Писмените известувања и повици за

---

[402] ДАРМ, ПО Штип, ф. Државна реална гимназија Штип, к. 21, несреден фонд.

[403] Јасмина Најдовска, *Историја на секојдневниот живот...*, op.cit., (За сиромашните ученици, гимназиите имале оформено посебен фонд, преку кој еден дел од нив можеле да добијат одредена помош во учебници и прибор, облека, обувки, на секои три години, како и храна, месо и леб, за време на празниците како Божиќ, Велигден и други. Правото на помош било трајно, но се губело доколку ученикот покажел слаб успех. Добивањето на ваквата помош, фондот за сиромашните ученици во градот често ја овозможувал преку соработката со владините хуманитарни друштва, како „Кнегиња Зорка", „Пододбор на Јадранска стража" и др.).

[404] ДАРМ, ПО Битола, ф. Гимназија Ресен, несреден фонд.

учество се доставувале до надлежните на сите одделенија како: општината, училиштата, црквата, судот, друштвата итн.

Членувањето во средношколските здруженија било неизбежно. Литературните[405], спортските, драмските, музичките, соколските, аероклубовите, хуманитарните и други друштва биле карактеристични за сите училишта. Учениците биле дел од друштвата на Црвениот крст, кој водел евиденција за своите членови и платената месечна членарина, од која биле ослободувани само сиромашните, подружинците на Феријалниот сојуз чии активности биле насочени кон афирмирање на летувалиштата во Кралството Југославија, понатаму Антиалкохоличарските или друштвата на Трезвената младина, Планинарските и сл. Сите тие имале големо влијание во изградувањето на етичките норми кај учениците, поширок видувања за сето тоа што ги опкружува, за средината во која постојат и функционираат.

Со учениците се постапувало строго и селективно. Доста често се случувало да дојде до нивно исклучување уште во првото полугодие поради слабиот успех или заради три слаби оценки на крајот од годината. Лесно можело да се добие укор за неодржување на хигиената, несоодветно однесување итн., од страна на наставничкиот кадар, забележувани во ученички дневници, во делот за забелешки, каде често се сретнувале и недостојни критики за способностите на гимназијалците.

За учениците најатрактивни биле екскурзиите во околината на градовите каде живееле и во други градови низ Македонија, но и надвор најчесто во Белград, за кои навремено било известувано Просветното оделение. Сите гимназии добивале писмени известувања за дел од институциите каде учениците можеле најповолно да престојуваат[406]. Посетите секогаш се проследувале со концерти од ученичките оркестри и хорови, театарски претстави како и посета на најзначајните места во тие градови. Заради поголем успех во запознавањето на српската култура, историја и традиција, односно во прифаќањето на идејата за големото народно обединување, со што би биле достојни наследници на српското име, режимската власт одобрувала ученички екскурзии во блиските српски градови. Неретко се случувало да биде донесено некое од културно

---

[405] Виолета Карагунова, *Ванчо Прке – Сермен 1921-1943*, Штип 1989, стр.81 - 82 (Литературните дружини биле насочени кон изучувањето на српскиот јазик, за што се организирале и поголем број на курсеви од наставниците кои предавале српски јазик и литература. Друштвата располагале и со свои библиотеки, со доста богати библиотечни фондови за кои се одвојувале големи финансиски средства. Едно од понапредните друштва било Штипското друштво „Напредок", за кое постојат податоци дека во 1935 г. располагало со 300 членови.).

[406] ДАРМ, ПО Битола, Државна непотполна реална женска гимназија, необработен фонд (Според еден документ од 21 март 1939 г., се вели дека Војводинската академска трпеза во Белград доставува писмено известувања за понудување на своите капацитети во интерес на учениците за време на нивниот престој при организирањето на екскурзиите. Понудуваат поволни цени за престојување и исхрана.).

просветните друштва на Кралството Југославија (надвор од границите на Македонија).

Учениците биле контролирани и надвор од училишните објекти. Им се забранувало шетање по улиците во доцните вечерни часови, се котролирала нивата посетеност во кината[407] и останатите културно просвтени институции каде посебо средношколците можеле да имаат допир со влијанието на КП.

Најголемо назадување гимназиите ќе доживеат со диктатурата од 1929 г. кога биле укинати гимназиите во Струмица, Ресен, Кавадарци, Кичево, Гевгелија, Кочани, Струга, Дебар и Гостивар, а гимназиите во Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип добиле статус на непотполни нижи гимназии. Како причини биле наведувани неисполнувањето на законите по кои овие образовни институции можеле да работат. Големиот интерес за образованието и постигнатиот успех биле збунувачки за самата власт, која во наредниот период ќе се насочи кон ограничување на македонската интелегенција и намалување на можноста за нивно културно образование, со укинување на гимназиите или нивно преименување во нижи средни училишта.[408] Во овој период бројот на учениците видно се намалува, а најголем дел од родителите немале можности да ги испраќаат своите деца во најблиските полни гимназии.

Еден дел од младите средношколците, своето образвание имале можност да го стекнат и надвор од територијата на вардарскиот дел од Македонија, но за сите нив српската власт предвидувала издавања на патни листови одобрени од Министерството за просвета. Само така можеле да се здобијат со информации за местата каде овие Македонци се образуваат, времето кое го поминуваат таму и периодот кога се враќаат во своите домови.[409]

Средните училишта во меѓувоениот период ќе бидат институциите каде засилено ќе се одвива напредното движење предводено од КПЈ, чиј претставник ќе бидат понапредните ученици[410] заради што власта ќе

---

[407] Димитар Димитровски-Такец, *Перформансите на...*, op.cit., стр. 155 (Ние како ученици со униформирана капа на глава, на која мораше да стои класот, бевме маркирани од училишните власти и затоа на корзото можевме да се движиме во лето најдоцна до 8 часот, а во зима до 7 часот. За контрола дека учениците така ќе постапуваат, секој ден беа ангажирани еден или двајца наставници, кои не само што водеа сметка дали некој ученик ја пречекорил саатнината, туку влегуваа во кината „Гранд" и „Корзо", за да откријат дали некој ученик се дрзнал да гледа забранет филм за кој претходно беше читана наредба пред класовите. Така се случи за филмот „Ноќите во Париз", проектиран во киното „Гранд" да бидат казнети со укор пред истерување неколку ученици.).

[408] Од 1930 г. гимназиите во Велес, Прилеп, Куманово, Охрид и Штип на нивна интервениција до Министерството за просвета биле преименувани во самоуправни гимназии, финансирани од општината, односно локалното население.

[409] ДАРМ, ПО Битола, ф. Гимназија Ресен, необработен фонд.

[410] Виолета Карагунова, Ванчо Пркев...op.cit, стр. 82 (Гимназијата во Штип ќе биде место каде средношколците ќе учат и за партиската активност, водени од понапредните ученици, благодарение на кои организацијата ќе ја зголемува својата членска бројност. Од втората половина на 30-тите години интензивно ќе се формираат помали воспитни групи со кои ќе се

воведе многубројни ограничувања и закони. Ограничување на активностите на учениците ќе се обиде да го спроведе со нивно исклучување, во согласност со Правилата за казнување на учениците.[411] Одлуката за исклучување се донесувала од наставничкиот совет. Власта била свесна за размерите на напредните идеи меѓу учениците, идеологија која најмасовно и најбрзо се ширела по усмен и писмен пат, забранета литература, пропагандни летоци и сл. До сите училишта биле доставувани постојано предупредувања за поголема контрола над учениците, купувањето и користењето на литературата, казнување на учениците и нивно исклучување со неможност за запишување во други училишта и сл.

Голема поддршка, гимназијалците ќе имаат од локалните студенти, за време на нивните престојувања во градот, кои најмногу ќе помогнат во организирањето на младината во ученички групи, наменети за теоретско воспитување на членовите. Активни биле за време одржувањето на разни предавања, митинзи другарски средби, вечеринки одржувани на разни места и покрај забраните и казните од страна на директорите, кои најчесто се искористувале за дискутирање. Често се случувало да бидат и откриени од страна на надлежните власти.

Речиси и да не постоеле средства и методи кои можеле да ја ограничат работата на оваа младина, која токму тогаш се наоѓала во еден развоен период на својата личност, во кој покрај влијанието на силниот национален развој ширен од идеите на КПЈ, не постоело место за друго влијание, посебно ако тоа е наметнувано од туѓа, за нив власт.

Граѓанските училишта

Образовниот систем по Шестојануарската дикатура и затворањето на дел од Гимназиите, ќе функционира преку граѓанските стручни училишта во кои била застапена занаетчиско-индустриската, трговската и земјоделската насока. Биле отворени нижите трговски училишта во Скопје и Битола, нижите земјоделски училишта во Битола и Тетово, трговско-занаетчиските училишта[412] во Велес, Куманово, Штип, Охрид,

---

работи на нивно идеолошко и политичко издигнување. Главен активист и организатор на младината во градот бил Ванчо Прке. Интензивно работел на формирањето скоевски актив во Гимназијата, како и литературни дружини. За неговото име се поврзувале и многуте курсеви за теоретско-марксистичко воспитување одржувани на планината Плачковица. Најпознат бил курсот кој Ванчо го организирал летото 1939 г. на Лисец, на планината Плачковица. Во период од две недели, во напуштена жандармериска станица, 11 млади штипјани интензивно работеле на своето комунистичко осознавање и воспитување, разработувајќи соодветна литература и списанија.).

[411] ДАРМ, ПО Прилеп, к.1, 5.94.1.25/36.

[412] Според законот за занаетчиските училишта од 30 март 1922 г., наставата во овие училишта траела три години, наменета за ученици помлади од 18 г., кои понатаму се обврзани да полагаат помошничкиот испит, пред одредена комисија, која барала и изработка на соодветни производи од својот занает. За испитите се плаќала и извесна парична сума. Училиштата биле одржувани од страна на општината, но доколку истата не

Кочани, Берово, Кратово, Крива Паланка, Струмица, Кавадарци, Ресен, Свети Николе, Дебар, Гостивар и Радовиш, градежно-техничкото училиште во Скопје и низата женски работнички или домаќински училишта за вршење практични дејности во најголем број од градовите.

Предавањата занаетчиските училишта претежно се одржувале навечер, а право на запишување имале и христијанските и муслиманските претставници, за кои просветните власти воделе евиденција за занаетот што го изучувале и мајсторот каде подоцна работеле запишаните ученици.

Во Охрид доста позната бил уметничко-дрворезачката школа, која кон крајот на 20-тите години своите курсеви ги одржувала во просториите на црквата „Св. Климент", а меѓу кадарот се наоѓале и учители од Тирол, Австрија. Ја посетувале ученици од Дебар и Галичник. Од 1932 г. добила статус на средно училиште и своја сопствена наменска зграда, произведувајќи успешни зографи и копаничари, познати по своите изработки во дрво како иконостаси, крстови, ормани и друг вид на дрворез, кој интензивно почнале да ги красат кабинетите на кралските министри и домовите на поимотните семејства од Белград.[413]

Француско-српското училиште во Скопје започнало со работа од 1919 г., како приватно училиште на францускиот офицер Шарл Дер, признато и од француската влада. Училиштето наставата ја започнало во една скромна просторија, за веќе од 1920 г. да добие две згради опкружени со добро уредена градина, сместени во центарот на градот. Училиштето било изедначено на нивото на народните училишта во Кралството СХС. Постигнало значајни резултати, образувајќи кадри на француски јазик од децата на поимотните граѓани во градот кои и можеле да им го дозволат школувањето во ова училиште. Училиштето вршело запишување и на деца во забавишната група од 4-6 годишна возраст, како и на ученици кои веќе имале завршено четири класа основно образование. Знаењето на учениците на крајот од школската година било оценувано од официјална Француска комисија[414], а по завршувањето се добивале дипломи одобрени од академијата од Гренобл во Франција.[415]

Училиштето од 1927 г. располагало со зграда на модерен интернат наменет многу повеќе за ученичките, отколку за момчињата, кои биле и многу побројни во запишувањата.

За учениците од Гимназиите и другите училишта, Француско-српското училиштето организирало курсеви по француски, англиски и

можела да најде начин за нивно издржување, обврската ја превземало Министерството за трговија и индустрија. Во Вардарска Бановина од 1933 г. постоеле 31 трговско-занаетчиско училште со 4.345 ученици и 230 наставници.

[413] Весник „Вардар" (Во периодот од 1936 до 1940 г. во училиштето завршувале по околу 30-тина ученици, меѓу кои имало и доста напредни носители на прогресивните револуционерни идеи.)

[414] Весник „Вардар" (Првата официјална комисија во училиштето била испратена од француската влада на 11 декмври 1922 г. и под директен надзор на академијата од Гренобл.).

[415] ДАРМ, ф. Филозофски факултет, к. 6, 1.323.6.19/441.

германски јазик. За возрасните исто така се организирале приватни часови или часови во групи. Познати биле и курсевите по музика[416], везење и готвење одржувани од сопругата на сопственикот на училиштето, Јел Дер, која истовремено се водела и како надзорник на забавичните групи во училиштето. Преку курсевите, односно наставата за женски труд многу девојки се стекнале со одредени вештини користејќи ги понатаму во семејните и пошироки кругови.

Во овој период соодветно образование понудувале и двете верски училишта Православната богословија во Битола и Медресата „Крал Александар I" во Битола.

Средното образование и многуте тогаш формирани институции од власта подготвиле кадар кој понатаму можел да извршува одредени соодвтени функции или пак да продолжи во високообразовните институции. Несвесно ја развивала нивната национална свест и потреба за усовршување, што било спротивно од намерите и целите на власта, заради што секогаш ќе посегнува по укинувањето и ограничувањето на институциите. Сепак неспорен е фактотот за произлезениот стручен кадар.

Улогата на Народните универзитети

Обиди за просветување и воспитување на возрасните, српската власт ќе направи преку Народни школи или Народни универзитети, чии почетоци датираат од 1920 г. Првиот од 11-те вакви универзитети во Македонија[417], меѓу двете светски војни, бил формиран во Скопје, како дел од Скопскиот филозофски факултет, кој од 1925 г. претставува посебна институција.[418] Непосредно потоа започнуваат да се формираат Народни универзитети и во другите градови како Тетово, Куманово, Велес, Берово, Дебар[419], Прилеп, Битола[420], на иницијатива и непосредна помош на

---

[416] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиева, *Животот во...*, op.cit., стр. 285 (Училиштето располагало со свој хор и виолински оркестар.).

[417] Секој Универзитет имал свој управен одбор кој ги изработувал статутот, правилата и програмата за работа.

[418] Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и политичка улога на...*, op.cit., стр. 75.

[419] Весник „Вардар" (Народниот универзитет во Дебар започнал со работа во 1935 г. во чија организација биле одржани предавања од стручни лица, лекари и просветни работници. Читалната и библиотеката на универзитетот биле сместени во просториите на Соколскиот дом, кој бил истовремено користен и за предавањата. Една од целите на универзитетот била и културно воспитување на селското околно население.).

[420] Меѓу најактивните се споменува Универзитетот во Битола, кој започнал со работа од почетокот на 1930 г. со ангажираните професори од Гимназијата, Трговската академија, Богословијата и од другите културни јавни институции како театарот, болницата, општината, судот, ветеринарната станица и други места. Универзитетот во периодот на своето постоење до 1940 г., организирал многу предавања наменети за широките народни маси од областа на психологија, филозофија, педагогија, религија, книжевност, музика, културна историја, археологија, астрономија, ветеринарство, етнологија, економија, техника и стопанство, медицина, хигиена, спорт, биологија и сл. Народниот универзитет

скопскиот. Биле финансирани од Министерството за просвета, па нивната активност директно била поврзана и од средствата кои ги добивале.

Основната задача се состоела во ширењето на културата и образованието на народот во Јужна Србија и негова покорност и послушност, како по градовите така и по селата. Неизбежни биле и поврзувањата со најнапредните организации во градовите, раководени од КПЈ и СКОЈ-евската организација и навлегување на кадрите во раководството и Управните одбори.

Според правилата на Народните универзитети, било предвидено, нивните цели да се остваруваат преку предавања, семинари и организирање курсеви од практична примена на одделни науки, курсеви од областа на описменувањето или аналфабетски курсеви, курсеви по српско хрватски јазик[421], домаќински курсеви за жените и девојките, проектирање на филмови, прикажување театарски претстави, здравственото и хигиенско запознавање за подобрување на истото, преку соопштенија и ширење на литературни дела, музички концерти, приредување на сликарски изложби, печатење на одделни предавања, одржани на овој вид универзитети или на други научно-популарни или практично-научни дела, а исто така и со основање на читални и библиотеки, во кои редовно била испраќана литература издадена од скопскиот народен универзитет.[422]

Работата на Универзитетите најчесто се одвивала во неделите, односно во деновите кога локалното населние и можело да присуствува и биле дел од сите тие активности, но тоа нема да значи дека курсеви не се организирале и во останатите работни денови[423]. Интензивно се користеле училишните распусти, време кога предавачите можеле целосно да се посветат на одржувањето на предавањата и курсевите. По секој завршен курс се издавале сведителства или уверенија.

Националното, социјалното и културното подигнување на народот било пренесувано преку дел од наставниците кои покрај со работата во училиштата, активно се вложувале себе си и преку работата во Народните

одржувал приредби, организирал изложби на уметнички дела, проектирање на филмови, академии, литературни вечери, музички приредби и сл. Предавањата се држеле во неделите или за време на празничните денови за да може јавноста помасовно да учествува. Во програмата биле предвидени и прикажување на филмови заради што тогашната Бановина му доделила на Народниот универзитет 8.000 динари за набавка на филмска камера. Во десетгодишната предавачка дејност на Народниот универзитет во Битола зеле активно учество 101 предавач од сите профили.).

[421] Весник „Скопски гласник" (Народниот универзитет организирал и тримесечни курсеви руски, чешки и германски јазик, одржувани во вечерните часови во просториите на училиштето „Цар Душан").

[422] Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и политичка улога на...*, op.cit., стр. 87.

[423] Весник „Вардар" (Во 1936 г. Скопскиот Народен универзитет во соработка со Хигинескиот завод во Скопје организирале неколку курсеви за одбрана од отровни гасови. Секој од курсевте траел по три часа, одржувани во салата на основното училиште „Цар Душан", секој понеделник, среда и петок во поладневните часови. Предавањата биле посетувани од страна на средношколци, пожарникари, полицајци, општински службеници, но и од обичните граѓани кои покажале интерес за овие курсеви.).

универзитети. На крајот од секоја година се доставувале и наративни извештаи. Дел од нив говорат дека покрај теоријата, се применувала и практичната работа, се организирале екскурзии, хуманитарни акции, предавања, помош за сиромашните ученици и сл.[424]

Предавања биле одржувани од страна на видни професори од Филозофскиот факултет, Гимназиите и другите стручни средни училишта во градовите. Тие биле од областа на психологија, филозофија, педагогија, религија, книжевност, музика, културна историја, археологија, астрономија, ветеринарство, етнологија, економија, техника и стопанство, медицина, хигиена, спорт, биологија и сл. Така се држеле предавања за значењето на домашните слави, за одржувањето на мирот меѓу народот, за пробивањето на Солунскиот фронт, за состојбата на училиштата, за значењето од плаќањето на даноци, донесувањето на нови правила и закони, за начинот на одгледувањето на свилената буба, дел од домашните животни, за одржувањето на градинарските и земјоделски култури, за плодноста и обработувањето на земјата, практични предавања за пчеларството, за безалкохолната преработка на овошјата, за сточните заразни болести, за должностите на граѓаните кон државата, за модата и начинот на облекувањето, за начинот на подготвувањето на храната, за половите болести, за маларијата, за бракот, за воспитувањето на децата од страна на родителите, за психолошкиот профил на средношколската младина, за многуте заразни и смртоносни болести и заштитата од нив, за одржувањето на хигиенските услови, за улогата на војникот во воените редови, за значењето на црквата итн. Се држеле и предавања за животот и делото на одредени личности забележани од српската национална историја.

Сите предавања биле одобрувани од тогашните власти. Годишната програма ја изработувал Извршниот одбор на Универзитетите, потоа одобрувана од Советот на предавачи.

Со навлегување на кадрите на партиската организација, предавањата на Народните универзитети забележуваат извесна трансформација, насочувајќи се кон темите со прогресивна содржина, наменета пред се на работничкиот слој од државата. Заради таквата дејност дел од Универзитетите и ќе се укинат.

И покрај својата првобитна денационализаторка и асимилаторска улога Народните универзитети имале позитивна улога со своето функционирање. Не може да се негира фактот кој покажува на големиот број курсеви за описменување, предавања насочени кон подигнување на свеста на населнието од градската и селската средина, работата со видни стручни лица, свеста за хигиенско здравствената култура и сл. Биле обид за запознавање на градското и селското населние со сите актуелни

[424] ДАРМ, ПО Битола, Гимназија Ресен, несреден фонд.

процеси и промени, кои значеле подигнување на повисок степен и олеснување на нивното секојдневие.

Влијанието и улогата на напредното учителство

Голем проблем за новото Кралство во организацијата на образовниот процес бил недостатокот од кадар, а за кој било задолжено Министерството за просвета. Во овој период биле донесени многу квалификувани учители преку кои требало да се спроведе денационализаторско-асимилаторската политика, распоредувани во местата кои нуделе подобри економски услови. Меѓу југословенското учителство се наоѓале и кадри кои по казна биле поставувани на служба. Тоа биле напредните учители-комунисти, кои во Вардарскиот дел на Македонија, поточно по македонските села биле донесувани за да се вразумат и откажат од комунистичката идеологија, заради која и по одреден период на работење заминувале од Македонија.

Напредното учителство во целиот период на своето работење се соочувало со суровото секојдневие, кое во најголем дел било креирано и поттикнувано од самата власт. Ниските плати им ја овозможувале само основната егзистенција, што ќе биде само една од причините за нивното откажување и напуштање на службата. За да ги задржи Министерството за просвета донесува одлука за одредени бенефиции кои се однесувале на зголемување на работниот стаж заради работа во отежнати услови, укинати со Шестојануарската дикататура.

За отежнувањето на состојбата многу придонесувала средината каде работеле. Веќе споменав дека биле поставувани во позаостанатите селски средини оддалечени со километри од градовите, каде се судрувале со неписменото население за кое српскиот јазик бил сосема неразбирлив. Голем револт предизвикувале и школските згради, кои не ги понудувале основните услови за работа, како и недостатокот од школски материјали.

Со формирањето на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) во Вардарскиот дел од Македонија[425] како негови ограноци ќе почнат да функционираат окружните учителски здруженија со своја управа и надзорен одбор, преку кои ќе се застапуваат и бранат интересите на учителите, како и нивните напредни идеи, а спротивставувајќи се остро на сите злоупотребувања и занемарувања на нивните права. Здруженијата имале свои правила, а едни од нив се однесувале и на стручното усовршување на овој кадар. Било познато дека само добро изградена личност може да ги постигне сите свои цели.

---

[425] Во самото здружение функционирале реакционерни учители, реализатори на власта и напредни учители. Самата управа на здружението често се менувала, така што активностите и нивните насоки зависеле од групата кон која припаѓале учителите. Здруженија биле формирани во повеќе градови како Скопје, Битола, Прилеп, Радовиш и во други места.

Училишниот систем што го воспоставувала српската власт бил контролиран од училишните надзорници, кои често пати биле и нестручни во извршувањето на својата улога, заради што пак настрадувале и многу напредни учители. Со изговор дека биле неспособни или неподобни за задоволувањето на потребите, на голем број учители им било одземано правото на работа или пак биле преместувани во места каде ограноците на КПЈ биле слабо развиени, во места кои биле оддалечени од главните административни центри.

Учителските здруженија голема улога имале и во застапувањето на своите интереси од правна и економско-социјална природа, како што биле постојаноста на местото на работењето, преместувањата, исплатувањата на личните доходи, станарините, должината на пензискиот стаж и др., заради што биле поднесувани барања со кои требало да се регулира секојдневното работење на овој кадар.[426]

Дел од здруженијата располагале и со богати подвижни библиотеки сочинети од илегална литература, весници и списанија, фонд кој се давал на користење на заинтересираните. Библиотеките си имале свои правила во однос на земањето, задржувањето и враќањето на книгите.

Меѓусебната комуникација ја презентирале на меѓуколиските учителски конференции, заемните посети, илегалните состанувања, заедничките екскурзии, летувања, педагошки недели, предавања[427] и сл. Познати биле конференциите одржани во Куманово, Прилеп, Битола и Гостивар, на кои биле читани подготвени реферати наменети за местото и улогата на учителите, но секогаш следени од околиските началници и полициските писари заради силното влијание на ограноците на КПЈ. Одржувањето на конференциите било под контрола на власта, која често и не дозволувала нивно одржување зашто значеле пресметка со кадарот кој ги застапувал владините интереси.

Често биле присутни со дописи во некои од дневните весници и списанија, пишувајќи за состојбата на школството во Вардарскиот дел од Македонија и покрај тоа што речиси сите гласила биле во функција на режимот. Пишувале во весникот „Социјалистичка зора", „Учитељски покрет", „Наша реч", раководен од Покраинскиот комитет на КПЈ, „Скопски гласник" и др. Објавувале

---

[426] Светозар Наумовски, *Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941)*, стр. 49-57.

[427] Ibidem, (Меѓу предавањата кои оставиле посебен впечаток се вбројуваат оние кои се однесуваат на: „Воспитното значење на детските игри", „Законот на народните школи", „За учителскиот авторитет", „Располага ли детето со интелигенција", „Дали се потребни учебници во основните школи", „Како може учителот да влијае на економскиот живот на село", „Значењето на учителската организација", „Значењето на воспитувањето на женските деца за иднината на нашите народи", „Судбината на апстинентските движења", „Дали можат и лошите примери да воспитуваат", „Смеат ли културните средства да се употребат за некултурни цели", „Од теорија до практика", „Напомени од методика за учителскиот авторитет", „Што можеме да направиме за учителскиот авторитет да биде поголем", „Разочарувањето во првите денови на учителскиот живот", „Слободно воспитување".).

прилози во весници и списанија кои излегувале надвор од Македонија како: „Учитељска искра", „Учитељска стража", „Југословенски учитељски глас", „Савремена школа", „Учитељ", „Народна просвета", „Народни подмладок", „Слободна мисао" и др.[428] Се пишувало за учителскиот кадар и недостатокот од овој кадар, за училишните згради, за судирот и притисокот од власта, за нестручноста на школските инспектори, за учителските здруженија, состаноците и годишните собранија, за просветните прилики во градовите и селата и сл. Прилози биле испраќани и во дневните весници кои излегувале надвор од Македонија, а дел од учителите се занимавале и со пишување и објавување на книги.

КПЈ во текот на целиот меѓувоен период ќе наоѓа начин за легално делување меѓу напредното учителство, кое пак ќе се покаже како составен дел од неговите прогресивни сили, развивајќи го револуционерното движење. За таа цел во 1937 г. биле формирани повеќе културно-просветни учителски задруги. Симпатизерите и членовите на КПЈ од Македонија, Србија, Црна Гора и Војводина ја формирале културно-просветната задруга „Вук Караџиќ" со седиште во Белград. Според нејзиниот Правилник членовите требало да се заложуваат во издавањето и продавањето на списанијата и стручната литература, изработување на наставни помагала и учебници, основање библиотеки, читални, организирање на курсеви, предавања, екскурзии, феријални колонии, планинарско-туристички секции, музички и фото секции, односно секции кои би биле од интерес на самото членство. Во обидот да создадат учител кој ќе одговара на тогашните економски, општествено-политички состојби, задругата изнаоѓала разни форми на активност меѓу кои како најзначајни и најпродуктивни се покажале групните летувања на членовите во планинските краеви, реките и езерата и педагошките недели. Во Македонија летото 1939 г. задругата организирала заедничко летување на членовите во селото Асамати покрај Преспанското езеро кои во текот на едномесечното престојување, работеле на своето идеолошко и политичко изградување. Сите тие форми на делување ќе водат кон прогресивното функционирање на напредното учителство, нивното поврзување, политичко активирање, омасовување и проширување меѓу локалното население.

Напредните учители имале и покажале голема улога во местото на делувањето, успешно организирајќи ги народните маси, делувајќи така надвор од училишните активности. Биле познати по организирањето на курсеви за описменување на населението, формирање на читачки групи, народни библиотеки, пренесување на новите вештини во начинот на обработување на земјиштето, пренесување и хигиенските навики, здравствено просветување на населението, формирање на здравствени задруги, набавни задруги, организирање на акции за изградување на училишните згради, подучување на

[428] Ibid., стр.106.

младината на корисни игри и активности како шах, фудбал, велосипедизам, организирање на културно-забавни активности и секции. Ги пренесувале и познавањата од музиката, нивниот потенцијален мелос на слушање, кулинарските специјалитети од местата каде потекнувале и сл.

Успешното делување со засилувањето на влијанието на КПЈ не останало незабележано од власта која изнаоѓала разни начини за попречување како разни тортури, ограничување на слободата на движење надвор од местото на работење, често преместување од работните места, посебно во предизборните периоди, отпуштање од државната служба и протерување во нивните родни места. Поголем дел од овие напредни учители периодот поминат во Вардарскиот дел од Македонија го доживувале како еден од најдобрите, задоволни од својата служба, која пак не ја сметале како казна, како и од секојдневието и соживотот со локалното население.[429]

Студентската младина

Иницијативата за формирање на Филозофскиот факултет, како повисока институција во вардарскиот дел од Македонија од основните и средните училишта кои ги имало до тој период, се појавила по самото воспоставување на српската власт, која била заинтересирана за создавање на образован кадар и собирање на младата интелегенција околу своите институции и нивно вработување во истите. За самата власт Скопје бил значаен трговски, економски, политички, национален и културен центар. Потенцијалните студенти од Македонија имале право да се запишуваат само во земјите сојузнички на Србија во Првата светска војна, но со посебна дозвола издадена од српската власт.

Оваа високообразовна универзитетска институција почнала да функционира од месец февруари 1920 г., на иницијатива на тогашниот министер за просвета Павле Маринковиќ, работејќи според законите на универзитетот во Белград, чиј ректор во тој период бил Јован Цвијиќ.[430] Скопскиот филозофски факултет имал свој годишен буџет, самостојна администрација и Совет на чии седници биле донесувани сите поважни одлуки, решенија и други правни прописи. Неговата дејност била целосно под надлежност и во согласност со Министерството за просвета.

---

[429] Јелисавета Фетка Бојаџиска, Штипска...op.cit, стр.29 (Штипската учителка Викторија Релиќ, која била донесена од Хрватска, по нејзиното распоредување и заминување од градот изјавила дека со семејството ги поминала најубавите години, без да и недостасува нешто.).

[430] ДАРМ, ф. Филозофски факултет, 323, к.1, 1.323.1.48/133-137 (Според владините цели, оваа институција била наменета пред се за национални и хуманистички науки, за истражување на потеклото на народот, земјата и сл. За сите потреби на Филозофскиот факултет, како изборот на наставници, донесување на одредени закони и сл. одлучувал Белградскиот универзитет. Прашањето за осамостојување на факултетот, било акцентирано за време протесната манифестација во 1933 г. од страна на студентите, професорите и деканот по наредбата за укинување на оваа високообразовна институција. Факултетот ја прекинал својата работа на 1 април 1941 г.).

Во почетокот почнал да функционира историско-филолошкиот отсек[431], односно семинарите по југословенска книжевност, класични јазици со книжевност, археологија, историја на Србите, Хрватите и Словенците, општа историја, поделен пак на историја на стариот век, историја на средниот век и историја на новиот век, византологија, помошноисториски науки, германски јазик со книжевност, француски јазик со книжевност, филозофија, педагодија, експериметална психологија и географија.[432] Во периодот од 1920 до 1941 г. факултетот водел извештаи за сите одржани предавања по семестри. Евиденција се водела и за сите запишани студенти[433], кои имале и досиеја, со сите нивни лични податоци и фотографија. Досиеја биле подготвувани и за наставниот кадар кој се бирал според прописите и законите на Белградскиот универзитет од Академскиот совет и Советот на матичниот факултет.[434]

Секој семинар се посетувал најмалку по два семестра, зимски и летен, односно целокупното образование траело три години или шест семестри. На крајот од секој семестар се предавале писмените изработки на студентите, кои биле обременети и со задолжителни практични задачи. Дел од тие семинарски теми биле и јавно објавувани. Факултетот имал и централна библиотека со повеќе од 50.000 книги.[435] Библиотеката поседувала посебна читална за студентите која била јавна наменета и за останатото граѓанство. Работела од 8-12 часот и од 15-18 часот. Библиотеката добивала изданија од разни научни друштва од сите краеви на Кралството, изданија од Српската Кралска академија, изданија подарени од приватни лица итн.

Власта знаејќи дека Белград е далеку и недостапен како културен центар за многумина, го дозволила формирањето на Филозофскиот факултет во Скопје, сметајќи ја оваа институција како центар на нивната српска цивилизација. Таа требало да ги привлече и соедини младите студенти од Македонија, Стара Србија и Црна Гора. Властите сметале дека со Филозофскиот факултет ќе успеат кај многу млади генерации да го променат мислењето за студирање во Софија. Студентите кои покажувале успех во учењето биле наградувани од владеачките кругови со стипендирање, вршено од Министерството за просвета на предлог од Министерството за внатерешни работи и со согласност на Министерскиот совет.

---

[431] Ibidem, (Во учебната 1925/26 година на Филозофскиот факултет биле запишани вкупно 144 студенти, од кои 139 редовни и 4 вонредни.).
[432] Ibid., к. 3, 1.323.3.22/142-144 (Секој семинар имал свој управник, вонреден или редовен професор и посебни семинарски библиотеки.).
[433] Ib., к. 9, 1.323.9.56/180-183 (На скоспскиот филозофски факултет се запишувале студенти од сите краеви на Кралството.).
[434] Ib., к. 1, 1.323.1.3/4 – 9.
[435] Ib., к.1, 1.323.1.39/97-98.

На факултетот биле вработени многу познати професори, Срби и Руси.[436] Сите тие биле активно вклучени во процесите на максималното национално запознавање и истражување на историскиот и јазичен развој на земјата во рамките на Кралството СХС. За тоа говорат и писмените теми од студентите пишувани на теми од интерес на српската историја и јазик. Најпознати пак биле Светосавските темати, за кои најдобрите студенти добивале и парична награда. Наградите за светосавските теми често биле доделувани и од надворешни организации, кои за своите потреби наметнувале теми за истражувања.[437] Своите интереси ги штителе преку Здружението на универзитетски професори, во кое влегувале научните и просветни работници од Белградскиот и Скопскиот факултет.[438]

Наставниците биле дел од многу тогаш организирани семинари, како и од познатото Скопско научно друштво и неговото гласило Гласник на скопското научно друштво, списание кое и денес сведочи за објавените истражувачки записи на познатите професори.[439] Било формирано со цел истражување на Јужна Србија на сите полиња и во сите правци, собирајќи ги околу себе и своето гласило сите познати научници од Белград, Загреб, Љубљана, но и однадвор. Списанието било наменето и за користење надвор од границите на Кралството, затоа што секоја објавена статија била придружена со заклучен дел преведен на француски јазик. Наставничкиот кадар бил дел и од работата на разни здруженија како Јадранска стража, Соколското друштво, пеачките и други друштва, Францускиот клуб, Југословенско-Чехословачката лига и др.

Според еден извештај од 1933 г. на факултетот функционирале следните студентски здруженија со претежно националистички карактер: Југословенски студентски потпорен фонд со 179 членови ученици, Југословенски академски клуб со 103 членови, Југословенското пејачко друштво „Обилиќ“ со 56 членови, Студенстското историско друштво со 10 членови и Географското-етнографско друштво „Јован Цвииќ“ со 37 членови, Литературно-уметничката секција „Његош“. Во рамките на историското и географското друштво биле организирани и екскурзии во околните локалитети. Стоби бил еден од локалитетите каде често се

---

[436] Ib., 1.323.1.53/151 (Според архивски документ од 30 август 1929 г. на факултетот биле вработени 5 редовни професори, 6 вонредни, 4 доценти, 2 хонорарни професори и 2 лектори за странски јазици.).

[437] Ib., 1.323.18.12/417-425 к.18 (Трговско-индустриската комора често доделувала награди од 1.000 динари за изработување на теми од студентите поврзани со развојот на економијата и стопанството.).

[438] Ib., 1.323.1.51/210-212 (Здружението со седиште во Белград, со свој управен и надзорен одбор, се заложувало за Заштита на материјалните интереси, подобрување на животните услови и сл. За подобро функционирање биле поврзани со здруженијата од останатите краеви, постојано биле активни преку печатот и сл. Се одржувало преку годишните членарини и добротворни прилози.).

[439] Ib., (Дел од професорите редовно соработувале и со дневните весници, каде објавувале свои истражувачки написи.).

носеле студентите. Неспорни се и активностите на спортските друштва. Друштвата на студентите со изразени напредни идеи биле негирани и забранувани.[440]

Познат бил и професорскиот придонес во работата на тогаш формираниот Народен универзитет во рамките на факултетот.[441]

Филозофскиот факултет имал и свој студентски дом „Крал Петар", каде можеле да престојуваат 25 студенти, отворен 1931 г., а за чие одржување Министерството за просвета подоцна требало да одделува посебен буџет, зашто финансирањето со сопствените приходи се покажало како недоволно. Меѓутоа во почетните години, престојувањето на студентите од другите краеви било решено со еден заеднички стан во кој можеле да се сместат најмногу 12 и тоа најсиромашни студенти. Дел од посиромашните студентите добивале годишни стипендии и помош за плаќање на станот и храната, избрани од Советот на факултетот.[442]

Престојувањето во домот за најсиромашните биле бесплатно, додека останатите плаќале минимални суми. Бил составен од две крила, посебни за момчињата и девојките, со вкупно 15 добро уредени простории, кујна, трпезарија и купатила. Одржувањето на редот било регулирано со писмени правила.

Правилникот за доделување државна помош се објавувал во јавните гласила, каде и подоцна јавно биле објавувани имињата на избраните

---

[440] Студентите вклучени во напредното движење ќе бидат и активните носители и предводници на сите културни збиднувања, организации, друштва и сл. Кон нив се приклучувале и студентите од останатите земји, за што потврдува и групата студенти-комунисти со која раководел Тодор Шоптрајанов од 1921 г., а се споменуваат имињата на студентите Илија Панов Пепелков од Велес, 2 студенти од Црна Гора и 1 од Ваљево. Набрзо се основало и Академското потпорно друштво во 1927 г., прва студентска организација во Скопје и литературниот кружок ЛИПИК-Литература, Поезија и Критика во 1927 г.).

[441] ДАРМ, ф. Филозофски факултет, к.1, 1.323.1.62/174 (Со народниот универзитет управувал Советот, Управен и Надзорен одбор. Советот, како најзначајно управно тело, кое и ги донесувало сите одлуки поврзани со работата на универзитетот го сочинувале претседателот на општината на град Скопје, два одборника, шефот на Санитетско-социјалниот отсек, началникот на Просветното одделение, еден од професорите на Филозофскиот факултет, еден член на Скопското научно друштво, еден член од машката и женска гимназија, учителската школа, трговска академија и големета медреса, директорот на Хигиенскиот завод, претседателите на трговско-индустриската, занаетчиската, адвокатската и лекарска комора, претставник од југословенскиот женски сојуз, како и сите предавачи на овој универзитет. На иницијатива на Скопскиот народен универзитет биле формирани Универзитети и во Тетово, Куманово, Велес и други градови, наменети токму за народно просветување, за презентирање на теми, актуелни или пак недоволно говорени.).

[442] Ibidem, 1.323.1.17/33-41 (Правилникот според кој се доделувале студентските стипендии, истовремено важел и за учениците од машката и женска гимназија, Трговската академија, Учителската школа и Големата Медреса Крал Александар. Според Правилата за доделување државна помош, истата изнесувала 500 динари месечно. Помошта се доделувала на сиромашните и примерни студенти, но се губела кога: студентот го губел правото на редовен слушател, кога бил дисциплински казнуван, при добивањето помош од друга страна, доколку не ги положел навреме испитите со добар успех, доколку пројавувал противдржавно однесување или пак кога имотната состојба на родителите видно ќе се подобрела.).

студенти.[443] Таа се доделувала во зависност од имотната состојба на родителите и успехот кој го имале во понатамошното студирање. Секоја година се поднесувале документи и барања во кои се наведувале занимањата на родителите, нивната имотна и семејна состојба, податоците за браќата и сестрите, нивната возраст, како се издржуваат и нивниот степен на образование. Меѓу документите се поднесувала и изјавата дека стипендираниот студент по завршувањето на образованието ќе остане и прифати државната служба која ќе му биде доделена, во спротивно требало да се врати дотогашната дадена сума како помош и стипендија. Државата стипендирала браќа и сестри кои истовремено се запишувале на Филозофскиот факултет.

Поднесувањето непотполни или неточни документи за државната помош било строго казнувано, како и понатамошното несоодветно извршување на службената дејност за која и рековме дека потпишувале изјави дека совесно ќе ја извршуваат.

Влијанијата на напредните движења и КП нема да бидат табу тема за самите студенти, кои активно ќе се вклучат во сите актуелни настани насочени против српскиот режим на владеење. Филозофскиот факултет редовно добивал писмени информации од полицијата за затворените студенти заради нарушување на Законот за заштита на јавната безбедност и поредок во државата.[444] Редовно се добивале и барања од Министерството за внатрешни работи за добивање информации за студенти под сомнение дека се дел од прогресивното народно движење. Актуелните декани постојано биле предупредувани за напредокот и влијанието на комунистичкото движење меѓу студентите. Не изостанувале ниту информациите за штрајковите од кои биле дел и студентите, растурањето на пропагандниот материјал. Протесни манифестации биле одржани по донесувањето на одлуката за укинување на факултетот во текот на 1927 г. Во април 1936 г. се приклучиле на генералниот штрајк на југословенската универзитетска младина за одбрана на автономијата на универзитетот, прв генерален штрајк на југословенските студенти кој завршил со успех.[445]

Заради својата активност дел од студентите биле исклучувани од наставата или губеле право на полагање на семестралните испити, но нема да биде мал бројот на оние кои ќе успеат да дипломираат, за што сведочат и нивните завршни дипломски теми, најчесто со содржина од српската книжевност, култура, историја, географија.

---

[443] Ib., 1.323.1.55/153, (Имињата на стипендистите задолжително се објавувале и за време свеченото одбележување на прославата за „Св.Сава".).

[444] Ib., к.5, 1.323.5.55/111-112, (Според овој документ во месец ноември 1934 г. биле затворени Петар Икономовиќ, Антон Колендиќ и Алија Авдовиќ, студенти на Филозофскиот факултет и активни членови на организацијата на Младинската револуционерна младина.).

[445] *Историја на македонскиот народ*, книга трета, Скопје 1969 г., стр. 97.

Во периодот помеѓу 1920 г. и 1930 г. српската власт ќе формира голем број здруженија во кои би требало да бидат опфатени македонските младинци, посебно студентите, со што на еден начин би имале контрола во текот на нивното воспитување. Познати се: „Здружението на Јужно србијанците", „Здружение на националистите на Јужна Србија", „Српска национална младина", „Организација на здружените југословенски националности" и др.[446] Во втората половина на 30-тите се формирал Студентски сојуз на Југославија, на чија иницијатива биле формирани повеќе студентски друштва низ поголемите градови на Македонија. Во Битола студентското друштво имало две простории на Широк сокак, спроти Офицерскиот дом.[447]

Кон крајот на 30-тите години во Охрид била формирана студентска колонија во основното училиште „Св. Климент".[448] Нејзиното членство интензивно работело на контактите со локалното население. Во дворот на училиштето се организирале многу вечеринки, седенки, свечени приредби, коиристени за целите на напредното движење. До крајот на 1939 г. во Охрид имало околу 25 студенти.

Во Куманово студентите од 1936 г. биле организирани во Академско друштво, чија активност најзабележителна била во летниот период, кога студентите биле во најголем број. Работело преку целата година поврзувајќи се со останатите друштва во градот, Народниот универзитет и Народната библиотека каде и било седиштето на здружението. Во согласност со работничкото движење биле организирани и многу предавања, аналфабетски курсеви и сл. Бил формиран и дебатен клуб за младите комунисти со активно учество на присутните. На нивна иницијатива биле организирани и многу излети надвор од градот, по околните села и манастирите. За своите активности и драмски прикажувања ги користеле синдикалните подружници и Соколаната. Секоја година во септември бил вршен и прием на нови членови од завршените матуранти во градот.

Младите од вардарскиот дел од Македонија своето право на образование ќе го искористат запишувајќи се на Универзитетот во Белград, каде посетата на редовната настава не била задолжителна, па поголемиот дел од нив не биле обврзани да престојуваат во градот, така

---

[446] Ibidem, стр. 186.

[447] Во просториите имало маса за пинг-понг, маси за шах, библиотека, а на ѕидовите и ѕиден весник составен од вести пишувани на машина, фотографии, цртежи, коментари со напредна содржина и сл. Друштвото било отворено за сите заинтересирани. Се организирале многу излети надвор од градот. Се организирале и курсеви во кои посебно активни се споменуваат студентите Стив Наумов и Трајче Грујоски. Се дискутирало за политичката сосотојба, за студентските демонстрации и сл.

[448] Никола Јанев, *Маргиналии...*, op.cit., стр.48-49 (Меѓу членовите на колонијата се споменуваат: Кузман Јосифовски, Страшо Пинџур, Јосиф Јосифовски, Киро Глигоров, Петре Богданов-Кочко, Јован Пановски, Александар Цанов-Христов и др.).

што можноста за побрзо завршување на студиите, со помали финансиски средства, била поголема. За да ги завршат студиите многу од нив истовремено и работеле. Битолчанецот Трајче Грујоски по завршувањето на Трговската академија во Битола се запишал на студии во Белград каде и истовремено работел во една приватна фирма како книговодител, а како него имало многу студенти.

Студиите во Загреб не биле спорни како и запишувањата надвор од границите на Кралството, во дел од европските држави како Франција, Англија, Швајцарија, Германија, Австрија, Бугарија итн. Заминувале на Запад, каде ја гледале иднината и можноста за стекнување академски титули. Се насочувале кон Париз, Монпелје, Кан, Нанси, Берлин, Брисел, Лозана, Женева, Берн, Грац, Лиеж, Прага, Петроград, Кив, Москва итн. Токму во овие градови, студентите ќе можат да ги почувствуваат најсилно сите модерни и трендовски текови. Ќе се соочат со урбаните средини, еманципацијата на жената, модните текови, употребата на декоративната козметика, новите начини на размислување, нови традиции, празнични одбележувања, новите градби итн., кои понатаму ќе ги понесат и ќе ги пренесат во своите средини.

За сите овие студенти во архивските документи постојат прецизни податоци, кои српската власта ги водела не само за нив туку и за целото нивно семејство, времето и местото каде студирале и начинот на нивното издржување. Посебно голем интерес се покажувало за студентите кои студирале во Загреб. Токму затоа и тогашното Министерство за просвета од сите општини барало подготвување на списоци[449] за студентите кои студирале надвор од Македонија, како и податоци за нивните врски со Македонскиот комитет, врските со било какви илегални организации поврзани со државни, терористички пропаганди, известувачки служби, местото на нивното привремено престојување итн. Во споменатите земји најголем интерес се појавувало за правните науки, медицината, техничките и земјоделските науки.

Покрај делувањето на факултетите, студентите успешно се организирале и во надворешната средина помагани од работништвото, меѓу кое имало и многу напредни младинци, посебно во Белград и Загреб каде биле дојдени на работа. Македонските напредни студенти, членови на КПЈ во 1936 г. во Загреб, а потоа и во Белград го формирале МАНАПО, чии македонски приврзаници ја ширеле идејата за национална слобода и рамноправност на македонскиот народ во рамките на Југославија. Тие студенти ќе бидат и контактите на МАНАПО во македонските градови.[450]

---

[449] ДАРМ, ф. Филозофски факултет, к.4, 9. 3. 4.24/192.

[450] Штипските студенти кои учеле и живееле во Скопје, Белград, Загреб, Љубљана како, Тошо Арсов, Киро Глигоров, Димо Кантарциски, Љупчо Ефремов, Михајло Апостолски, Исак Сион, Тодор Деспотов и др., активно учествувале во формирањето на МАНАПО, а биле и главните преносители на сите струења и реагирања на прогресивното и работничко движење. Тие со себе во градот донесувале и разни прогласи, одгласи, марксистичка литература, написи за македонското национално прашање и сл.

Во Белград и Загреб активно функционирало и друштвото „Вардар", во чии рамки се организирале предавања, дискусии на актуелни политички теми за актуелни случувања, биле давани приредби со македонски народни песни и ора.[451]

Филозофскиот факултет во Скопје во меѓувоениот период овозможил високо образование на повеќе од 300 студенти, подигнувајќи го културно-просветното ниво на македонската младина, иако оваа бројка е занемарлива за еден период од две децении, сепак е многу значајна како почеток за стекнување на овој вид образование. Голем број студенти ќе завршат и на факултетите надвор од границите на Македонија. Студентите ќе покажат неверојатен интерес за интерпретација на се она што успеале да го восприемат во себе. Процесите на модернизација одлично ќе ги акумулираат. Модата, говорењето, однесувањето, културната наобразба, сето тоа што тие го имале прифатено во своето лично и професионално однесување, тие одлично ќе го пренесат на средината околу себе. Ќе отвораат свои трговски фирми, приватни ординации, санаториуми, ќе работат во околиските болници, во локалните основни и средни училишта итн.

Влијанието на библиотекарството

Развојот на библиотекарството како дел од културнопросветната политика спроведувана во разни облици од режимската власт ќе доживее значајни успеси. Во Македонија има длабоки корени со оглед на тоа што еден дел од македонските градови со векови и децении имале традиција на главни административни, воени, трговски и културни центри. Неоспорен е фактот според кој се вели дека Македонците ги заземале водечките места во пројавувањето на интерес кон словенската книга, така што немало издадено книга во тоа време, за која не постоеле претплатници. Се купувале од Белград, Будимпешта, Виена, Русија, Цариград и др. места станувајќи дел од позначајните литературни и книжевни случувања. Со тоа ненамерно овие личности станале и носителите на процесите на модернизација, ширејќи ги и меѓу оснататите народни маси.

Во овој период речиси и да не постоело место кое не било обележано со развојот на библиотекарството чии почетоците ќе бидат означени од владеачкиот режим[452] и Комунистичката Партија, на чија

---

[451]ДАРМ, ПО Битола, ф. Гимназија Ресен 1921-1929, необработен фонд (Во секој град, одговорните на просветните одделнија, заради контрола на студентите и нивните активности, подготвувала списоци со основните податоци за секој студент, семејното потекло, местото на живеење, местото каде студира и студиите на кои се запишува. Според списоците зачувани за студентите од Ресен, најголем дел од нив студирале во Виена и Загреб, запишувајќи се на медицински, правен и технички факултет.).

[452] Михајло Георгиевски, *Развој на библиотекарството во Македонија од почетокот до денес со посебен осврт за библиотекарството во Битола и Битолско*, во: *Библиотекарството во Битола и Битолско*, зборник на материјали од научниот собир

иницијатива пак ќе почнат да се формираат и првите клубови, еден вид читалишта, темели на народните комунистички односно работнички домови. Со свои библиотеки располагале сите поголеми клубови во градовите како Скопје, Велес, Штип, Охрид, Тетово, Куманово, Струмица итн. Во нив била сконцентрирана само марсистичка и напредна литература, користена од членовите за нивно комунистичко воспитување. Сите тие со донесувањето на Обзнаната ќе бидат забранети, а нивната литература пренаменета за користење од синдикалните организации и домови.

Од почетокот на 20-тите години започнале да функционираат и народните библиотеки и читални со режимски карактер, кои ќе имаат многу подолг период на функционирање. Биле формирани според правилата од Министерството за просвета, а основната цел им била ширење на српската културно национална дејност преку набавување на соодветна литератира, весници, списанија, организирани предавања со разни теми, курсеви за описменување и подучување, литературни читања, изложби, видни весници, приредби и сл.[453] Нивниот број постојано се менува во зависност од политичките услови на делување и случувањата во земјата. Бројот на народните библиотеки со читални нешто повеќе за зголемил по 1930 г.

Народните библиотеки биле сместувани или функционирале како дел од просториите на училиштата, приватни куќи или во рамките на некои државни објекти. Ретко се граделе наменски згради, а со најмодерна зграда располагала библиотеката во Велес.[454] Со својата дејност не заостанувале ниту народните библиотеки во Радовиш, Штип, Куманово, Тетово и Гостивар. Правилата им наметнувале своја Управа и Одбор, библиотечен кадар задоволуван од редовите на тогашните локални учители или напредните младинци и студенти. Тоа ќе бидат местата каде напредната младината масовно ќе се собира желна за дообразование и дебатирање, така што за кратко време организационата поставеност ќе премине во рацето на партиската структура. Во одреден период власта

одржан на 6 и 7 декември 1994, Битола 1995 г., стр. 35 (На иницијатива на српскиот режим библиотеките во овој период биле именувани како граѓански читални, граѓански клубови и граѓански касина. Сите тие биле финансирани од министерството за просвета во Белград, така што литературата од областа на српската книжевноста била една од најприоритетните. Повици за зачленување, власта испраќала и преку дневните весници.).

[453] До 1928 г. во Скопската, Битолската и Брегалничката област биле отворени 82 народни библиотеки со читални. Опфатени биле поголемите градови и селата, но во сите места немале подеднакви успеси и интензитет во работењето, како и задоволување на потребите на населението.

[454] ДАРМ, ПО Велес, ф. Просветно одделение 1918-1939 , к. 4., 9.3.4.6/10-11 (Трикатната зграда во центарот на градот била изградена во текот на 1931 г. Библиотеката располагала со читалната сместена на вториот кат, која пак имала своја соба, повеќе одделенија за канцеларии за библиотеката, сала за пејачки хор, бифе, гардероба и уште некои споредни одделенија. Нејзиниот книжевен фонд бил достапен за сите граѓани, но, само редовните членови ја имале можноста, два дена во седмицата за нејзино изнесување надвор од читалиштето.)

немала ниту контрола ниту моќ да го спречи нивното напредување и преадаптирање на потребите на партијата.

За мошне краток период поголем број народни библиотеки и читалишта ќе се стекнат со напредна литература, книги и списанија преку која ќе ја шират својата идеја за социјална и национална борба за слобода. Така младината се здобила со можности и простории во кои легално можела да се состанува и работи. Истовремено се запознавала со сите издавачки куќи, странски автори, најнови изданија, списанија и весници, разни друштва кои се појавувале како издавачи, но и со јазикот на кој биле пишувани, поточно преку нив доаѓале до таа ретка можност да почнат да ги изучуваат и другите странски јазици како англискиот, францускиот, германскиот и рускиот, покрај задолжителниот српски јазик. Тоа е периодот кога несомено многу ќе се чита. Покрај книгата, значајно место ќе заземат и дневните, неделните и периодочните весници кои задолжително се носеле и по библиотеките, така што целокупната јавност секогаш имала пристап до сите нив.

Фондовите на библиотеките се зголемувал како резултат на финансиите и подароците од Министерството за просвета кои не биле подеднакви за сите библиотеки, членските влогови, приходите од предавањата и приредбите, подароците на книги испраќани од разни институции и режимски друштва[455] или донесени од други градови и партиски личности. Тие ќе се користат и како простории каде ќе се одржуваат разни предавања, курсеви и слични вакви активности, наменети за подобрувањето на секојдневниот живот, гледан преку призмата на општествено-економскиот, политичкиот, културниот домен, како и промените кои настануваат во здравството и одржувањето на хигиената.

Големи промени во развојот на библиотекарството ќе бидат забележани во Битола, каде темелите веќе биле поставени од 19 век, кога овој град ќе претставува значаен трговски и дипломатски центар, во кој интензивно ќе се испреплетуваат струењата на разните европски култури. Во дваесетите години во овој град ќе бидат отворени повеќе библиотеки како оние во Богословијата „Св.Јован Богослов", Државната реална Гимназија[456] и Државната трговска академија.[457]

---

[455] Најголем дел од библиотеките своите фондови ги збогатувале благодарение на книгите кои ги подарувале Министерството за просвета, Министерството за внатрешни работи, Народната библиотека во Белград, Српската кралска академија, Географското и Етнографското друштво. Овие институции дарувајќи популарни изданија на српскохрватски или англиски јазик, настојувале да пронајдат начин за да допрат до младите Македонци и успешно да делуваат.

[456] Битолските гимназисти ја имале таа среќа да ја поседуваат најбогатата библиотека со книжевен фонд. За време српската власт во Гимназијата постоеле: Наставничка и ученичка библиотека, класни библиотеки, училишна библиотека на учебници, библиотека при Литературното друштво „Св. Кирил и Методиј", библиотека на Дружината на Коло на Трезвена младина „Св. Кирил и Методиј", библиотека на Подмладокот на Аеро-клубот „Наши крила" и библиотека на Друштвото „Подмладок на Јадранска стража".

Најголем институционален фонд на книги поседувала Богословијата, во која имало три библиотеки: професорска, богословска и библиотека на гимназиските стипендијанти. Во сите нив можело да се дојде до книги со теолошка и ораторска содржина со која се воспитувал младиот и иден свештенички кадар.

Посебни промени ќе внесат еврејските библиотеки, сместени во просториите на синагогите и еврејските друштва и организации[458] како „Цереле дес Интемес",[459] „Хатехија" (Преродба), „Хашомер Хациар (Млад стражар)", „Техелат Лаван" (Сино-бело)[460] и др. Битола можела да се пофали и со многубројните домашни библиотеки на еврејските интелектуалци кои изобилувале со доста стари оригинални ракописи на пергамент, стручна литература и раритетни изданија.[461]

Кога се пишува за промените кои ги доживеала Битола во периодот меѓу двете светски војни не може, а да не се проговори и за богатата културна традиција која ја покажале руските емигранти, кои својот живот по Првата свтески војна на овие простори ќе започнат да го организираат во Руските колонии, од кои најпознати биле оние во Битола, Скопје и Велес. Во рамките на овие колонии емигрантите, сега жители на македонската територија, гледале наједноставен начин за ширењето, обновувањето и зачувувањето на знаењето за Русија, нејзината историја и

---

[457] Почетокот на 20-век Битола ќе го дочека со бројка која се движела од 5.000 до 14.000 Евреи, доселени во градот од првата половина на 16 век. Меѓу Евреите кои се населиле во Битола имало многу образовани луѓе како лекари, аптекари, трговци, свештеници-рабини и сл., кои за своите потреби при протерувањето од Шпанија и Португалија, донеле и многу ракописни книги пишувани на еврејски, шпански и португалски јазик.

[458] Ѓорѓи Димовски Цолев, *Еврејските библиотеки во Битола*, во: *Библиотекарството*..., op.cit., стр. 72-73 (Битолското население во овој временски период ќе се соочи со развојот на еврејските друштва и организации, чија основна цел била ширењето на ционизмот, како дел од својата културна традиција. Од сите нив посебно се издвојувало културно-просветното друштво „Хашомер Хациар", сместено во еврејското маало Ла калежа. Тоа ги опфаќало младите Евреи и Еврејки на кои целосно на располагање им била достапна библиотеката со најбогат книжевен фонд во градот. Фондот кој изобилувал со литература од областите на белетристика, науката, марксизмот, филозофијата, науката, историјата политичката економија и сл., бил користен дури и од останатите битолчани кои се дружеле со Евреите, претежно гимназијалците, кои преку овој начин на дружење, доаѓале до сознанијата за потеклото и развојот на еврејската заедница.).

[459] Ibidem, стр. 73 (Друштво било формирано во 1920 г., но произлегло од првобитното друштво „Бене Цион" формирано во 1880 г. Библиотеката на друштвото располагала со книжевен фонд кој забележувал книги на српскохрватски, француски, но и на латино или јудео-шпански јазик, пишувани од најпознатите светски класици.).

[460] Оваа ционистичка организација била формирана во 1933 г. од страна на младите работници, трговски помошници, зарзаватчии, чистачи, тенекиции и сите други останати занаетчии. Членовите на организацијата, повеќе од 300, имале на располагање и библиотека која поседувала стручна литература од областа на стопанството, земјоделството и сл.

[461] Меѓу еврејските интелектуалци со своите познати библиотеки се издвојувале Аврам Романо, д-р Моша Ѓераси, професорот Арпад Лебл, д-р Барух Давид, д-р Мирјана Попадиќ и др., чии книги биле уништени за време депортацијата на Евреите од Битола во текот на 1943 г.

култура. Во текот на 1929 г., руските емигранти во Битола ја отвориле „Руската библиотека" како дел од истоименото културно-просветно друштво, кое располагало и со своја читална, користена за приредување на предавања, музичко-литературни забави и сл.

Библиотеката била сместена во просториите на хотелот „Босна", а подоцна била преместена во една стара куќа на местото на сегашната матична библиотека во градот.[462] Се одржувала од собраните членски парични средства, како и од подарените книги од други институции. Нема сомнение дека најголем дел од оваа литература се наоѓала и во рацете на младите битолчани жедни за нешто ново и поинтересно, жедни за нешто кое ќе ги одведе подалеку од рамките на српската асимилаторска и денационализаторка политика.

Големите културни промени во Битола ќе започнат да навлегуваат и со се посилното влијание на француските библиотеки, дел од културни институции во градот како Клубот на пријатели на Франција[463], Француските училишта[464], Француската католичка мисија и домот на милосрдните сестри „Св. Винцент и Пол", чија библиотека располагала со

---

[462] Павлина Жежова, *Руската библиотека во Битола*, во *Библиотекарството...*, op.cit., стр.75 (Руската библиотека располагала со дела од српската и руската литература. Според еден непотпишан и недатиран машинопис што се чува во документацијата на НУБ „Св. Климент Охридски" во Битола се вели дека фондот на библиотеката се состоел од делата на руските класици како Толстој, Достоевски, Тургењев, Лесков, Чехов, Пушкин, Лермонтов, Мерешковски, Ремизов, Куприн, Буњин, Цветаева и др., но имало и поголем број списанија-месечници кои излегувале во Париз, Прага и други европски градови. Овој документ потврдува дека во Прага постоело друштво на Руси-емигранти под името „Земгор", кое секоја година и испраќало на Руската библиотека во Битола по 100 книги кои, откако ќе се прочитале во библиотеката биле испраќани во другите градови каде имало поголем број на руски емигранти.

[463] Доне Пановски, *Француските библиотеки во Битола*, во Библиотекарството..., op.cit., стр. 88 (Француско-југословенскиот клуб бил формиран на иницијатива на францускиот конзул во Битола Марсел де Вос, заедно со група битолчани, пријатели на Франција во текот на 1923 г. Во својот состав клубот поседувал и своја библиотека, која содржела книги испратени дури и од францускиот претседател Е. Рио, од министерот за надворешни работи, од Европскиот центар на Карнегиевата дотација во Париз, од Францускта алијанса во Париз, како и од француските козули во Скопје и францускиот амбасадор во Белград. Во 1937 г. клубот се преименувал во Клуб на пријатели на Франција, кој имал и свој статут. Во библиотеката книгите се издавале два пати во неделата, кои од читателите можеле да се задржат само до 15 дена, рок по кој следувало писмено предупредување до корисникот. Со фонд од 2.000 книги оваа библиотека спаѓала меѓу најбогатите во градот. Библиотеката на своите читатели им овозможувала и користење на грамофонски плочи и филмски журнали. Клубот поседувал и добро опремена читална, во која биле достапни разни весници и списанија, но и била простор каде се организирале многу предавања од затворен тип за членовите и нивните блиски роднини.).

[464] Ibidem, (Француското женско училиште поседувало и своја библиотека, која на своите ученички им овозможувала пристап не само до донесената француска литература, туку и претплата на сите најнови изданија на многуте младински списанија што се публикувале во Франција. Библиотеката располагала со богата детска литература во вид на сликовници, стрипови, ученички лектири, книги со верски и световен карактер и сл.).

повеќе од 2.000 книги.[465] Библиотеките на овие институции имале свои печати и правила за користење на расположливиот книжевен фонд. Во некои од нив книгите можеле да се задржуваат по 15 или 7 дена од страна на корисниците. Во еден град како Битола со богато културно наследство, француското влијание не беше нешто непознато, меѓутоа и во овој период тоа овозможи многумина битолчани да воспостават врски со француски интелектуалци, трговци, мисионери, внесувајќи промени во семејните односи. Несомнено во Битола француската литература била дел од домашните библиотеки на многу битолчани, а низ градските улици често можел да се слушне изговорот на францускиот јазик од страна на средношколците и интелектуалците. На дофат им биле и најновите списанија од Париз, такашто забележителна била појавата на надворешните и внатрешните промени на самите битолчани, кои интензивно ги впивале без предрасуди, недвоумејќи се да се придружат и приближат кон европската култура и уметност. Тие себеси се преобразиле во културни луѓе кои посветуваат големо внимание на изгледот на своите домови, внатрешниот ентериер, односите во семејството, на својот надворешен изглед итн.

Во овој период за првпат во историјата на библиотекарството во Македонија во 1920 г. е отворена универзитетската библиотека при Скопскиот Филозофски факултет со книжевен фонд во почетокот со повеќе од 30.000 изданија, за да во 1936 г. билбиотеката достигне бројка од над 60.000 семинарски специјализирани дела.[466] За збогатување на библиотечниот фонд уште во текот на 1921 г. надлежните од Филозофскиот факултет испратиле писмен повик до сите општини за доставување на информации за оставени книги од бугарските власти за време нивното управување во тие градови. Власта била свесна дека по повлекувањето на бугарските власти со себе не би биле во можност да ги понесат и сите книги, па затоа и го доставуваат тој повик за пренесување на тие материјали во Универзитетската библиотека на Филозофскиот факултет. Биле обезбедени кредити за купување на книги, а неколку професори биле и испратени во Чешка, Австрија и Бугарија за

---

[465] Ibidem, (Во домот на милосрдните сестри од редот „Св. Винцент и Пол" биле згрижени многу битолски сирачиња, кои благодарение на богатиот библиотечен фонд успеале да се соочат со францускиот јазик, историја, култура и музика. Фондот на библиотеката бил поделен на три дела: детска литература, книги за повозрасни ученици и книги од француските класици како Расин, Молиер, Буало, Жан Жак Русо, Волтер, Виктор Иго, Стендал, Ламартин, Анатол Франс, Оноре де Балзак и др. Милосрдните сестри поседувале и сопствена збирка составена од верска содржина и учебници користени од учениците. Секој ученик бил должен неделно да прочита по една книга, а секој кој бил згрижен во домот задолжително го употребувал францускиот јазик. На ученикот кој ќе се обидел да зборува на македонски јазик, му била ставана лента преку вратот која морал да ја носи како казна. Домот поседувал и свој клавир, благодарение на кој многу деца научиле да го користат овој инструмент.).

[466] Михајло Георгиевски, Равојот на библиотекарството во Македонија од почетокот до денес со посебен осврт за библиотекарството во Битола и Битолско, статија од: Библиотекарството во Битола и Битолско, Битола 1995, стр. 30.

задоволување на потребите на Институцијата од стари и странски изданија. Од 1921 г. библиотеката добила статус и на јавна библиотека, така што до нејзините фондови имала достап целокупната јавност, уредувани и обработувани според најмодерните и најпрактичните библиотечни системи.

Вработените во библиотеката со закон од 1933 г. морало да имаат положено државен стручен библиотекарски испит.[467]

Во 1935 согласно законите на Општината започнала да работи и Скопската народна библиотека позната како Јавна библиотека на град Скопје, сместена во просториите на училиштето „Цар Душан" со книжевен фонд во почетокот од 5.346 книги и поголем број наслови од актуелните периодични публикации, весници и списанија. Фондот кој постојано се зголемувал, бил средуван според библиотекарски правила прифатени однадвор, со што се постигнало значително осовременување во библиотекарското работење. Јавната библиотека во 1937 г. го издала и својот каталог во посебна публикација што претставува прв печатен каталог во Македонија од тој период со целосна обработка на книжниот фонд.

Свои библиотеки поседувале и многубројните културно просветни друштва[468] и училишта, средни и основни, кои пак се делеле на наставнички и ученички.[469] Библиотеки од 30-тите години почнале да се формираат и во верските инсититуции. Значајни за споменување се Централната црковна библиотека, Вакуфската и библиотеката на Католичката бискупија во Скопје.

Формирањето на лични библиотеки било општо прифатена појава меѓу поимотните љубители на книгата, посебно трговскиот слој од кој имало многумина со прилично богат книжевен фонд. Во Штип како иматели на богати библиотеки се споменуваат семејствата Тошанци, Муфтисци, Пенушлисци, Гаврилци, Гочевци, Аџикимци, Караѓозовци, Момчеџиковци, Аџидимитревци и др. Се сретнувале книги на повеќе

---

[467] ДАРМ, ПО Скопје, ф. Библиотека на Филозофски факултет, кн. 10; 323 (несреден фонд).

[468] Ѓорѓи Димовски-Цолев, Библиотеките при Битолската гимназија 1914-1944, во Библиотекарството..., op.cit, стр. 107-108 (Една од најактивните библиотеки била таа на Литературното друштво „Св. Кирил и Методиј" при Битолската Гимназија, која постоела од 1914 г., активност која продолжила и во периодот по 1918 г. Фондот на библиотеката членовите на дружината го обновувале и одржувале преку плаќањето на членарината, организирањето на претпладневните игранки или матинеа, одличните театарски и балетски претстави. Приходите кои ги собирале биле наменувани за обнова на библиотечниот фонд, купување на соодветна опрема како шкафови за сместување на книгите и нивно подврзување.).

[469] ДАРМ, ПО Штип, ф. Државна реална гимназија Штип, к. 21, необработен фонд (Во 1940 г. според архивските документи наставничката библиотека во Штипската гимназија имала 1.154 книги и 965 разни весници, а ученичката библиотека имала фонд од 1.361 книга. Книгите се добивале како донација, се купувале од парите добивани за запишување на учениците или пак самите ученици ги носеле како една обврска наметната од училиштето. Биле сместувани во самите училници на соодветни полици.).

јазици, француски, руски, бугарски, англиски и турски. Познати битолчани по своите домашни библиотеки биле Ѓорѓи Балабанов, Александар Османли, д-р Михаил Христов Попов[470], д-р Александар Дума, адвокатот Јован Алтипармаков[471], Михаил Папазоглу, адвокатите Воислав Протиќ, Атанасие Сотировиќ, Буда Борисављевиќ, Димитар Поп Димитров, печатарот Ристо Кирјас, раководителот на руската библиотека Сергеј Наумов и др.

Со развојот на библиотекарската дејност се создале и условите за библиографската дејност и забележувањата за сите дотогаш излезени наслови, книги статии на територијата на Кралството.

Сепак едно е сигурно, на сите културно-просветни институции формирани со одобрување на власта најважен им беше процесот на денационализација и асимилација на македонското население, токму затоа и го дозволуваа влијанието и развојот на библиотекарството. Неоспорен е и фактот кој ја потврдува модернизацијата на библиотекарството и неговото издигнување на повисок степен во однос на работењето, средувањето на фондовите, градењето на објектите и внатрешното уредување.

Печатарството и издаваштвото

Процесите на модернизација во Вардарскиот дел на Македонија ќе значат и интелектуален развој помогнат и овозможен преку книгата, весниците, списанијата, дробниот печат и сл., односно сето тоа што ќе го овозможи техниката на новото време и развојот на печатарската и издавачката дејност, која посебна улога ќе одигра во градовите како Скопје и Битола, но не заостанувале ниту помалите печатници во Прилеп, Тетово, Охрид, Велес, Куманово и Штип. Печатарската дејност била навистина една секојдневна потреба, за која локалните печатници се опремувале со соодветна техника, купувана од европските центри. Во печатниците се печателе не само публикации, туки и сите весници и списанија, општински материјали, билтени, извештаи, се задоволувале и потребите на сите министерства, војската и сл. Во Скопје како први сопственици се споменуваат Милан Илиќ, Давид Димитриевиќ, Драгољуб Костиќ, Душан Младеновиќ, браќата Крајничанац, Васил Пупков познат по неговата модерна и добро опремена печатница и др.

---

[470] По завршувањето на гимназијата Михаил своето образование го продолжил во Стразбург каде студирал медицински науки. Како лекар се занимавал со белодробните болести, така што најголем дел од библиотеката се состоела од литература посветена на медицинските науки.

[471] Јован Алтипармаков како адвокат, поседувал богата библиотека составена од книги од правните, економските и медицинските науки на француски, грчки, турски јазик, јазици кои и течно ги говорел.

Печатници поседувале и помалите градови, но доста значаен белег оваа дејност оставила во Битола, каде истовремено се развивала и издавачката дејност, едни од најсигурните докажани елементи кои најбрзо ги доближуваат постојаните и драстични промени во секојдневното живеење на граѓаните. Основите веќе биле поставени[472], така што понатамошното усовршување на оваа дејност не претставувало нешто непознато, но и потребите на новата административна власт го наложувале сето тоа.

Оваа дејност се покажала како доста ризична, па сопствениците свесно подлегнувале на многу ризични потфати, кои понекогаш им носле успех, но често пати знаеле да донесат и неуспех. Свесно се вложувале себе си и својот капитал, кој понекогаш го ставале и во рацете на хипотекарните банки и големите фирми со надежи и мисла дека вложеното многу брзо ќе им се врати. Тие се обидувале да донесат битни промени во својот и во животот на битолчани, но во потрага по новото и модерното судрувајќи се со новата власт, некои од нив завршувале и трагично, оставајќи само сиромаштија за потомците во семејството.

Најголем дел од сопствениците биле образовани личности и добри познавачи на повеќе јазици и култури. Како такви имале и можност да прошетаат во дел од европските градови од каде примале, носеле со себе и се запознавале со сите промени. На дофат им бил и напредокот во печатарската дејност. Токму таму ги барале погодните решенија и ги набавувале и машините и материјалите потребни за непрестано работење во нивните печатници, секој нареден пат поголеми и поусовршени. Конкуренцијата наложувала и набавување на разни видови хартија и на букви со кои можеле да печатат текстови на повеќе јазици.

За да можат себеси да се наречат сопственици задолжително морале да го положат мајсторски испит и да добијат дозвола за работа од Кралската банска управа на Вардарска бановина. За оваа дејност, секој морал да добие дозвола од Занаетчиското здружение, пред чија комисија се полагало заради стекнување со мајсторското право. Нивните услуги и понуди ги користеле не само битолчани, туку и граѓаните од другите места на Кралството СХС. Едноставно биле пример со својата појава на убаво облечени граѓани, европски воспитани како надворешно така и внатрешно. Своите познавања ги истакнувале и во начинот на живеење и изградување на своите пространи домови. Се издвојувала и појавата на нивните сопруги, кои морале да им прилегаат спроти нивната појава.

---

[472] *Печатарството и издаваштвото во Битола*, Друштво за наука и уметност-Битола, Бтитола 1998, 70 (Како седиште на административната и воената управа на Битолскиот Вилает, како голем и значаен дипломатски центар, во Битола неизбежна и неопходна била потребата од печатење и издавање на книги и весници на турски јазик.).

Печатниците во Битола неизбежно биле надополнувани со книжарница[473] и печаторезница, односно во предниот дел се наоѓала книжарницата каде можело да се дојде до сите потребни производи, додека во позадина била сместувана печатницата каде се изработувале потребните материјали. Се користеле раскошни и повеќекатни изданија во центарот на градот и на Широк Сокак, пред кои се наоѓале видливи рекламни натписи, редовно објавувани во тогашните дневни весници и списанија. Своите институции, сопствениците ги именувале во зависност од наложувањата на властите. Иако фукционирале како мали, приватни претпријатија, во нив по потреба се вработувале и извесен број работници, кои доаѓале со научен занает. Доста често се сретнувале и оние кои го учеле занаетот, како чираци чиј стаж траел две години и калфи чиј стаж траел три години. Подоцна властите вовеле нови правила, според кои сопственикот можел да прими кандидат за изучување на занаетот доколку тој има завршено три класа средно училиште и да има наполнето 14 години. Чираците со закон морале да го посетуваат училиштето, за што сопственикот бил должен да го пушти половина час порано од работа, пред да почне наставата.[474]

Како и да овие личности им овозможувале на сите битолчани да дојдат до сите светски и европски случувања. Околу нив и за нив биле поврзани најголем дел од културните случувања во градот, зашто тие на еден начин биле директните субјекти кои знаеле како пишаната страница треба да и се достави на јавноста, за која и единствено работеле.

Битола запаметила неколку имиња од кои на почетокот ќе ги споменам браќата Пили и нивната печатница која почнала со работа во последната деценија од 19 век. Во печатарскиот дуќан повремено се ангажирале работници од градот, но најголем дел од работата браќата сами ја завршувале. Биле користени и лектори заради дотерување на текстовите кои се печателе на српски јазик. Се печателе најновите списанија, дела од религиозната и научната литература, научни студии,

---

[473] Миле Милошевски, *Книжарството во Битола во периодот 1932 – 1941 г.*, во Прилози, 32-33, Битола 1980, стр. 212-213 (Битола во меѓувоените години забележала чисти книжарници, наменети само за книги, мешовити книжарници и книжарници-трафики во кои покрај книги се продавале напоредно и други работи. Една од најдобро опремените книжарници во Битола била чистата книжарница на Анастас Константиновиќ, кој во 1918 г. од Чачак се доселил во Битола. Најредовни посетители биле еврејските и влашките семејства кои важеле за најситуирани во градот. Во тој период формирал и читачко друштво „Ружа". Не заостанувала ниту книжарницата на Дијаманди Османли каде се продавале и најубавите разгледници за Битола. Дијамнади бил главен дистрибутер на машините за пишување „Ерика". Во неговата книжарница се продавал по многу ниски цени и божиќен накит, па така на сиот материјал за божиќните празници нудел попуст од 10%.).

[474] Најголем дел од работодавачите наоѓале начини како да ги избегнуваат правилата за вработување и работното време. Во печатниците многу повеќе биле вработувани чираци, отколку мајстори. Тие биле и причините за справување на сопствениците со процесите на штрајкови, отпори, односно со борбата за осум часовниот работен ден и повисоките и навремени дневници.

формулари, соопштенија, визит-карти, соопштенија за смрт, помени за познати лица, распореди за богослужбите за време на празниците во битолските цркви, покани за свадби со различни технички решенија, покани за свршувачки итн, за што потврдуваат многубројните архивски документи за овој период. Како говорници на грчкиот и францускиот јазик, браќата Пили ја имале здобиено и наклонетоста на битолско-француското здружение, соработка која им ги донела за печатење нивните изданија. Во печатницата од 1914 г. до 1940 г. се печателе и сите годишни извештаи на Гимназијата, списанијата како „Благовест" на Битолската католочка врква, „Нови сјај" на Коста Догу и др. Печатницата го издавала и периодичниот весник „Мали мисионар", издание кое бесплатно се делело на територијата на Кралството Југославија, каде што живеело христијанско население.

Во културниот живот на Битола посебно место зазема печатарот Ристо Кирјас, човекот кој бил вистински полиглот, говорел на 7 јазици. Својата љубопитност за новото и невиденото ја задоволувал преку честите патувања на долги релации, кои најчесто го воделе кон Солун, Виена, Египет, Индија и други места. Неговото богатство се согледувало и преку домот кој се наоѓал во најелитниот дел од градот, во кој можело да се видат скапите вазни, раскошните ќилими, златото и среброто, уметничките сликарски експонати на неговата сопруга и сл. Својата солидна заработувачка ја надополнувал и преку трговијата, така што под фирмата на својата книжарница увезувал електромотори и каси од разни величини.

Во првата половина на дваесетите години Ристо Кирјас бил и единствениот овластен печатар кој ги снабдувал војската и општината со целокупниот потребен административен материјал, како регистри, обрасци, лични карти, легитимации, избирачки списоци и сл. Во неговата печатница работеле многу битолчани.

Неговата печатница била специјализирана за издавање весници и списанија. Во периодот помеѓу 1920 - 1929 г. Кирјас се потпишувал на најголемиот дел од весниците кои излегувале во Битола. Ристо Кирјас се појавува и како печатар на многу книги, училишни извештаи, разни правила и правилници на здруженија и сојузи, поточно научни дела, учебници и дела од убавата литература.[475] Печател и дробен печат, посмртници, покани за свадба, билети и објави за кино и театарски петстави, предизборни материјали и плакати. Печател не само за потребите на Битола, туку и за други места. Дел од своите парични средства ги донирал на разни фондови. Позната е неговата донација за реконструкција на зградата на театарот во 1926 г., кога напечатува разгледница со изгледот на зградата во огромен број подарувајќи им ја на

[475] Ibid., стр. 102 - 103 (Посебен впечаток оставило печатењето на комедијата „Школа за жени", чие издавање Кирјас го најавувал и рекламирал во месечниот печат.).

Одборот за обновување.[476] Во својата книжарница имал специјална касичка за собирање на пари во која вложувал најмногу тој, а се отворала секоја сабота. Парите биле наменети за сиромашните во градот.

Но 1929 г. била погубна за него и за империјата којашто ја изградил, а во тоа најголема улога имале српските воени власти, кои во овој период ја порачале книгата „Прирачник за војската и морнарицата", со барање таа да биде испечатена на скапа и несекојдневна хартија. Таквата хартија Кирјас ја набавил од Виена по многу висока цена. Во истиот момент кога излегла од печат книгата била насилно конфискувана и одземена под изговор дека договорот не бил целосно исполнет, а сето тоа водело кон крахот на Кирјас. Тој банкротирал, книжарницата и печатницата биле ставени на јавна распродажба. Му било одземено се за тоа што дотогаш живеел и работел. Од преголемиот стрес кој го доживеал претрпел мозочен удар, така што никогаш повеќе не продолжил да се занимава со печатарската дејност.

Со својата животна и професионална врвица во Битола посебно ќе се издвои името на печатарот Илија Иванов, кој потекнувал од Плевен, Бугарија.[477] Во почетокот на дваесетите години, поточно во 1921 г., благодарејќи на богатиот мираз на неговата сопруга, во најелитното градско подрачје на Битола купил голем плац на кој изградил повеќекатна куќа. На приземјето биле сместени книжарницата и печатницата „Просвета". Во текот на своето работење доживеал многу подеми и падови, предизвикани од општинската српска власт. Така во 1929 г. власта му порачал изработување на лични карти за сите општини во Битолската област, кои пак по нивното издавање биле одбиени и вратени. Штетата била неповратлива, како и долговите од истата власт, која често знаела од книжарницата на реверс да подигне бесплатно материјали за кои никогаш и не платила. Сепак неговото разумно делување го продолжувал векот на материјалната сигурност за неговото семејство. Плашејќи се за него од својата национална припадност, Илија Иванов сиот свој имот го препишал на име на својата сопруга, сепак имајќи надлежност да ја води работата во фирмата.[478] Успехот што го доживела во периодот меѓу двете светски војни бил неповторлив.

---

[476] Ibid., стр. 92.

[477] Печаторезничката работа ја научил од врвните мајстори во Бугарија. Со печатарската дејност се запознал од 1900 година кога почнал да работи во солунската печатница на браќата Самарџиеви од Прилеп, каде и случајно се запознал со Ристо Кирјас на чија покана доаѓа во Битола да работи во неговата печатница. За кратко врме се оженил со Стефка Челоска, ќерка на богат трговец од Прилеп.

[478] Разумната загриженост се покажала во наредниот период, посебно во периодот од 1944 г., кога обвинет како соработник на бугарската власт, бил доведен до работ на банкротство. Во текот на оваа година го завршил и својот животен и професионален пат. Во текот на 1948 г. на неговото семејство му било се одземено. Битолачани не паметеле друго такво насилно иселување во градот.

Печатарската и издавачката дејност во градот била надополнувана и со развојот на печаторезничката и книгоподврзувачката дејнос. Секоја печаторезница имала свои тефтери, во кои биле втиснувани изработените печати, зарди избегнување на масовните злоупотреби. Во градот се појавиле дуќани специјализирани за изработка на печати, рекламирани во сите дневни весници, преку впечатливите наслови, цртежи и сл. Еден од најпознатите дуќани се наоѓал во Пекмез чаршија, на улицата Крал Петар, сопственост на Петар Османли, во кој покрај злато, накит, очила, според рекламата се правеле и печати, изработувани од сопственикот, кој бил човек со широка култура и активно познавање на 7 јазици.

Во убавото обликување на книгата најмногу ќе се истакне Трајко Цветановски, кој преку својата работилница „Кајмакчалан" сместена на главната улица во градот, вршел подврзување на протоколите, книгите, албумите во кожа, полукожа, платно и полуплатно. Изработувал и секакви видови кутии, ученички картонски торби за на рамо, акт ташни и сл.

Независно од животниот успех или неуспех на сите овие имиња кои го обележуваат печатарството, граѓаните во Битола во ниту еден момент не биле лишени од пишаниот збор, како и од сето тоа што се случувало во Вардарскиот дел од Македонија, но и многу пошироко. Овие граѓани со своето битисување оставиле траги на своето време. Со својата работа придонеле да се создава и да се напредува, секако во рамките на нивните можности. Без нивните сопствени работилници и зданија Битола не ќе го имаше така убавиот изглед, кој сé уште можеме да го видиме на многубројните фотографии кои велат дека овие граѓани уживале да се овековечуваат себе си и своето време.

Ова време било сведок на многу обиди за воведување на модерното, на воведување на техничките достигнувања, кои на свој начин вовеле и многу промени во секојдневието на граѓаните во Македонија. Да се чита и да применува наученото врдело навистина многу.

Издавачката дејност - дневните весници и списанија и новинарството во периодот меѓу двете светски војни

Периодот меѓу двете светски војни ќе биде карактеристичен и по развојот на новинарството. За првпат може да се рече дека во вардарскиот дел од Македонија се застапени голем број на гласила, весници и списанија, дневни, неделни, месечни и годишни, домашни и странски, и покрај тоа што тие се само дел од осмислената политика на српската власт. Точно се знаело дека гласилата се најадекватниот, најнаметливиот и наједноставниот начин за воведување на својата пропаганда. Затоа и ќе се настојува да се пишува, да се чита, но овој начин на размислување и реализирање на своите цели и активности од страна на српската власт имале и многу позитивно влијание. Пред се таа ќе го овозможи развојот на

новинарството, како и појавата на многу млади локални дописници, кои пак ќе почнат да се запознаваат со основите на новинарскиот занает и принципи, со значењето на новинарскиот извештај, запис, репортажа, рецензија, дописка, критика и сл. Се работи за најголем дел на образовани луѓе, кои себе си се нашле во овој дел од тогашното секојдневие. Неспорен е и фактот според кој во овој период печатот масовно ќе почне да се чита од локалното население, а со тоа да се овозможува и негово информирање за се она што се случува околу него. Таквите информации пласирани на едно место можеле да се добијат само од весниците и списанијата. Сетоа тоа што било ново, несекојдневно, модерно, актуелно се пренесувало до читателите со многу голема брзина.

Зачуваните весници и списанија денес говорат за тоа што тие значеле и понудувале во периодот меѓу двете светски војни. Биле во голем формат, во црно-бела боја, содржеле повеќе рубрики уредени според содржината и актуелностите, опфаќајќи ги општествено економските, политичките, културните и спортските прилики и случувања. Секој весник има свој период на печатење. Излегувале еднаш или три пати во неделата, но имало и весници кои излегувале како дневни весници. Професионалноста станува прв принцип во работата, а тоа значело и поседување на одредени вештини во пишувањето. Најголем дел од оние кои што пишувале и објавувале биле припадници на машкиот пол, женските имиња многу ретко се сретнуваат.

Речиси во секој град се јавуваат месни и специјални дописници, кои за српскиот печат известуваат за настаните кои се дел од тогашното секојдневие во сите населени места во Македонија како разни културно-уметнички настани и спортски случувања, тетарски изведби, јубилеи, се даваат податоци за градовите, чаршиите, новите градби, политичките партии, изборите, пишувале за секојдневните излети, манифестации, екскурзии, посети, изложби, комеморации, јубилеи, се опишуваат духовната и материјалната култура, образовните процеси, текови и постигнувања, развојот на библиотекарството, развојот на здравството и медицината, трговијата, туризмот, разни несреќни доживувања, се опишуваат природните убавини, животот на луѓето од различни религии, професии и социјални статуси и сл. Се презентираат и личности и настани од историското минато, но и од тогашното секојдневие. Впрочем текстовите од историјата, литературата, уметноста, науката, медицината и религијата биле најзастапени, а биле пишувани од видни српски професори и истражувачи.[479] Текстовите редовни биле пропратувани и со соодветни фотографии, кои пак денес се сведоштво за тогашниот изглед на дел од македонските градови. Тие го забележале тоа што времето го

[479] Меѓу имињата со голем број на свои текстови, статии, написи, се забележуваат: Харалампие Поленаковиќ, Првош Сланкаменац, Јован Хаџи Васиљевиќ, Мил. С Филиповиќ, Глиша Елезовиќ и многу други.

уништило, срушило, изменило. Весниците биле највидното место за рекламирање на многу организации, друштва, фирми и објекти кои се занимавале со различни дејности, како и сите видови на производи, прехрамбени, медицински, фармацевтски, козметички и сл. Се пишувало за сите домашни, европски и светски минати и актуелни случувања. Весниците и списанијата ги опфаќале сите случувања и промени во полето на општествено-политичките прилики, економијата, здравството, стопанството, индустријата, просветата, образованието, науката, културата, фолклорот, туризмот, спортот, земјоделието, социјалниот, црковниот секојдневен начин на живеење.

Весниците пишуваат и за многу видовити луѓе, чаршиски луѓе, за девојките и жените, ја опишуваат традицијата на продавањето на девојки за сопруги, забележувајќи дека овој начин е традиционален во Македонија. Многу тогаш актуелни теми оставиле трага со своите наслови.

Весници и списанија биле осмислен дел на српската политика, наменети за величење на благодетите од српската управа во Македонија. Преку нив сакале да ја наметнат својата култура, одбележувања, историја, јазик, се она што таа мислела дека треба да се пренесе за да се стане добар и лојален Србин, односно Југословен. Меѓутоа непобитен е фактот според кој се потврдува улогата на списанијата за развојот на книжевната мисла во Македонија. Низ нивните страници со своите дела почнуваат да се појавуваат имињата на Бранко Заревски, Мите Богоевски, Кире Димов, Волче Наумчевски, Гојчо Стефковски, Антон Панов, Васил Иљоски, Ристо Крле. Засилено било влијанието на поетското и драмското народно творештво.[480]

Дел од овие весници успеале да се одржат подолг период благодарејќи на нивната политика на останување на органи на искрените пријатели на културниот напредок и целосно обединување на српскиот народ. Така ќе ги споменеме весниците и списанијата кои излегувале во Скопје, Битола, Штип и Тетово, како: скопските „Стара Србија“[481], „Вардар“[482], „Политика“, „Јужна звезда“, „Луч“, „Вардарски глас“, „Бела врана“, „Скопски гласник“, „Социјалистичка зора“, „Работничка зора“, „Демократ“ и др.; тетовските „Полог“, „Тетовске новине“, „Глас

[480] Душко Цацков, Социјалниот и фолклорниот карактер на македонската драма меѓу двете светски војни, Штип 1976 (магистерски труд во ракопис), стр. 156 (Списанието „Луч“ било едно од ретките во кои редовно се објавувале написи од македонскиот народен фолклор.).

[481] Весникот „Стара Србија“, подоцна преименуван во „Наша Стара Србија“ бил првиот весник кој започнал да излегува непосредно по воспоставувањето на српската власт. Функционирал како неделник излегувајќи така се до 1929 г.

[482] Во весникот „Вардар“, Јован Костовски се забележал како прв македонски театарски критичар, целосно посветувајќи и се на театарската игра.

Пологa"[483], кумановскиот „Наша узданица" и штипскиот „Брегалница"; битолските „Нови сјај"[484], „Грацевинар", „Аграрни преглед", „Бич" (сатиричен весник), „Глас пољопривреде", „Народна слога", „Земљорадник", „Глас југа", „Завичај" (детски весник), „Вардарче", „Трезвена деца", „Бела Врана", „Глас омладине с југа", „Гласник битољских планинара", „Глас незапосленика", „Јужна страна", „Мали мисионар", „Мисионарска писма", „Самоуправни гласник", „Траг"[485], „Битолска обласна самоуправа", „Битолске новине", „Битолски весник", „Битолски гласник", „Битолски радикал", „Зора", „Кајмакчалан", „Културна Македонија", „Пелагонија", „Радикал", „Развитак", „Јужна звезда"[486].

Од списанијата кои ги читало македонското население се споменуваат: „Јужна Србија", „Гласник Скопског научног друштва", „Годишњак скопског филозофског факултета", „Дувански гласник", „Етнологија", „Јадранска стража", „Јадрански преглед", „Луч", „Завичај", „Општина", „Учитељски покрет", „Црква и живот" и др. Од големо значење за припадничките на понежниот пол било излегувањето на списанието „Жена данас", кое претставувало навистина најдобар

---

[483] Бранислав Светозаревиќ, *Тетово...*, op.cit., стр. 11-112 (Неделникот „Глас Пологa" кој започнал да излегува од 1933 г. и функционирајќи се до 1941 г. бил главниот афирматор во градот, пишувајќи за урбаниот развој, културата, спортот, туризмот, здравствената култура и сл. Негов главен уредник бил Кузман Најденовски.).

[484] Во овој весник биле презентирани дел од литературните достигнувања на битолските средношколци. Познати биле дел од објавените збирки поезија на средношколецот Радослав Петковски.

[485] „Траг" бил гласило на скаутите, преку кој се пренесувале личните искуства на раководителите и извидниците, кои преку игра и забава се оспособувале за стрелање со лак, движење во природа, одредување далечина, мерење височина и сл. во текот на организираните излети и логорувања во околината на Битола и други места.

[486] Димитар Димитровски-Такец, *Перформансите...*, op.cit., стр. 64 (Директор и сопственик на „Јужна звезда" бил Спасе Хаџи Поповски, родум од село Буф, Леринско, кој по Првата Светска војна прво доаѓа во Прилеп, а потоа во Битола. На 13 септември 1924 г. во неговата куќа се одржал прием по повод неговата 20-годишна активност и свршувачката на ќерка му со пешадискиот поручник Сима Плевљаник. На приемот на кој биле поканети сите видни претставници, служеле четири девојки облечени во носии од Егејскиот дел на Македонија. Бил убиен на 3 јули 1926 г. на Широк Сокак;
Д-р Стојан Ристески, Придонесот на Јужна Звезда за македонската фолкористика, во Прилози 32-33, Битола 1980, стр. 189-202 (Во периодот од 1922-1926 г. во Битола неделниот весник Јужна Звезда, иако режимски весник, имал своја рубрика преку која се зачувале од заборав многу народни песни, лирски, љубовни, свадбарски, коледарски, ајдутски, овчарски, приказни, детски броеници, легенди, обичаи и народно суеверие, дел од македонската фолклористика. Уште во првиот број била објавена песната Излези моме на двори, а веќе од вториот број редакцијата на весникот започнала да се обраќа до читателите со молба за собирање и објавување фолклорни материјали. Рубриката немала постојан наслов, материјалите се среќавале под насловите: Народне умотворине, Наше народне умотворине, Народни обичаји, Народно сујеверје и сл. во кои биле пренесени насловот на предадениот материјал, местото и времето на забележување. Забележувачи на објавените прилози биле ученици, учители, трговци, лекари и сл. И тие најчесто потекнувале од Битола, Охрид, Велес, Прилепско, Кичевско, Костурско, Леринско и Воден. Објавувани биле на македонскиот народен говор од местото на запишувањето.).

информатор за една жена која треба да биде во тек со се она што е наменето за неа, а е дел од нејзиното секојдневие. Содржело актуелни и современи теми, понудувало решение за многу проблеми и сл. Од легалните напредни весници излегувале „Социјалистичка зора", „Наш дом", „Наша реч", додека од илегалните „Работничка зора", „Искра", Билтен на покраинскиот комитет на КП за Македонија и Билтен за младите.[487]

Повремени весници и списнаија издавале и културно просветните друштва како Соколската организација, организацијата на Народна одбрана, друштвото „Свети Сава", Коло на српските сестри, друштвото „Просвета", Матица српска и др.[488] Покрај домашните весници и списанија, доста актуелни биле и странските, кои биле носени однадвор и продавани по трафиките, или пак доставувани во градските библиотеки. Така Француското училиште и библиотека во Битола располагале со многу весници и списанија на француски јазик, продавани во дел од трафиките во градот и купувани од многумина битолчани.[489] Во добивањето на пишани материјали не заостанувала ниту Руската библиотека во која се доставувале многу руски весници и списанија.[490] Постоењето на еврејската заедница ќе биде услов и за приливот на книги, весници и списанија на еврејски јазик, но и на српскохрватски јазик, издавани во Истамбул, Софија, Солун, Белград, Сараево и др. места каде што еврејската заедница била посилна и побогата. Сите тие ги третирале животот и проблемите на оваа заедница.

Од самите наслови може да се види дека дел од овие весници биле гласила на општинската самоуправна власт, презентирајќи ги настаните од случувањата во самите општини, политичките настани, улогата, појавата и идеите на политичките партии и сл. Презентирани се погледите на радикалната младина, општествениот, културниот и политичкиот живот на општината, содржините од областа на финансиите, берзата, пазарот, цените, телекомуникациите, водоводот и комуналните проблеми, електрификацијата, трговијата, занаетчите, фолклорот, традицијата,

---

[487]Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и* ..., op.cit., стр. 98.

[488] Ibidem, стр. 100.

[489] Од француските весници и списанија кои доаѓале во допир со граѓаните во Битола може да се споменат Време, Лектира за сите, Преглед, Lin de pandom, Annales de la Congeragation de la Mizzon (Lazaristes) - Париз во кое биле публикувани писма и извештаи од претставниците на католичката мисија за состојбата во нивната куќа и во градот, понатаму списанието Bernadette наменето за деца од 8-12 години, во кое имало раскази, сликовници, игри, ребуси и крстословки, неделното списание Божиќна ѕвезда наменето за деца до 16 години во кое најкарактеристичн бил делот за коресподенција. Постоела рубрика со адреси на ученички што сакале воспоставување врски по писмен пат. Имало адреси и со лична фотографија на ученичката, начин на кој многумина можеле да пишуваат писма на француски јазик.

[490] Од руските весници списанија се споменуваат Бодрост, Воля Росий, За Церковъ, Мир Божий, Перезвони, Руская Заря, Современия Записки, Святая земля и др.

зачувувајќи ги од заборавот многу народни песни, приказни, детски броеници, легенди обичаи и народно суеверие.

Во овој период забележителни се и sидните училишни весници и списанија. Така во текот на 1927 г. е покренато списанието „Глас омладине с Југа" како орган на училишната дружина „Св. Кирил и Методиј" основана во Битолската гимназија. Во Битола актуелни биле и скаутско забавниот весник „Траг"[491] и младинското списание „Јужна стража".

Издавачката дејност во меѓувоениот период забележала и печатење на повеќе од 500 книги и монографски публикации на српски јазик со различна содржина.[492]

Иако дел од осмислената политика на српската власт за што погласно ширење на својот глас, овие весници и списанија биле дел од секојдневието на граѓаните во Вардарскиот дел од Македонија. Пренесувале многу настани, новости, воопшто животот кој течел покрај нив во тие години. Тие биле можност да се чита, да се види, да се дознае, да се купи, можност да се пишува и сл.

Културно-просветните и хуманитарни друштва и организации во динамизацијата на процесот на промените во начинот на живот на младите генарации. Режимски и иницијативи на локалното население.

Развојот на науката и уметноста како дел од културно-просветните процеси биле од голем интерес за српската власт во реализирањето на идејата за побрза и поефикасна асимилација на вардарскиот дел од Македонија. Сепак во реализирањето на овој свој интерес, таа несвесно ги поттикнувала процесите на модернизација во овој регион, затоа што активноста и делувањето на многубројните културни, научни и хуманитарни организации за кратко време ќе го засилат напредувањето на градовите во интелектуална и во уметничка смисла. Најзабележителни биле ограноците на: „Коло на српските сестри", „Реља Крилатица", „Свети Сава", „Књегиња Зорка", „Јефимија", хуманитарното друштво „Тетовска јабука" и др.[493], кои биле и финансиски доста стабилни.

---

[491] Од двата примерока кои се чуваат во библиотеката „Св. Климент Охридски" во Битола, може да се види дека низ самата содржина на списанието се негувале и пренесувале личните искуства на раководителите, се настојувало извидниците преку игра и забава стручно да се оспособат за стрелање со лак, движење во природа, одредување далечина, мерење височина и пруги практични нешта преку организираните излети и логорувања во околината на Битола и други места.

[492] Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и* ..., op.cit., стр. 104.

[493] Фонд Јефимија, МАНУ, Скопје, несреден фонд (Според еден документ од 15 февруари 1938 г. Скопје ги имало следните културни друштва: Друштвото на пријателите на уметноста „Јефимија", Пејачкото друштво „Вардар", Пејачкото друштво со својата Музичка школа „Мокрањац, Еврејското пејачко друштво, Скопското музичко друштво, Народниот универзитет, Друштвото „Просвета", Здружението на ликовните уметници на Вардарска бановина, Културната лига и многу други. Според овој документ до претседателот на градското

Меѓу најактивните културни и хуманитарни организации, со зачувана документација како потврда за својата дејност во текот на своето постоење, се истакнувало **Друштвото на пријателите на уметноста „Јефимија“**. Формирајќи се во 1930 г., друштвото имало за цел да го поттикнува развојот и истовремено да ја афирмира, популаризира и наметнува српската уметност.

Друштвото со седиште во Скопје имало своја целосна организациона поставеност составена и предводена од собранието на членовите, работниот и надзорниот одбор, кои навремено секогаш добивале писмено известување за било каков вид на средба, што најчесто се одржувала во просториите на Офицерскиот дом, заедно со претходно разработен план. Основната задача на друштвото се состоела во негување и популаризирање на уметноста преку разни приредби, концерти, забави, чајанки, балови, маскенбали, самостојни и колективни изложби, секојдневниот печат, предавања организирани во соработка со Народниот универзитет, морално и материјално помагање на уметниците[494], како и подигнување интересот за уметничките споменици и уметнички творби на територијата на вардарскиот дел од Македонија за кои постојано ќе се говори и ќе се создава смислата за националната традиција и чистиот стил.[495] Член на друштвото можел да биде секој еден љубител на уметноста без разлика на полот, возраста, верата и националната припадност, но кој истовремено ќе биде примен и од месниот одбор. За кратко време Друштвото можело да се пофали со видни граѓани и интелектуалци од градот.

Најголем дел од активностите, Друштвото ги организира во просториите на Офицерскиот дом, до чија управа за секој одржан настан поднесува и бара писмено одобрување и согласност. Друштвото има и свој печат, штембил кој се наоѓа не секој писмен документ. За краток временски период од само една деценија успеало да доведе и многу значајни личности, запознавајќи ја јавноста со тоа што се случува на полето на науката и уметноста. Воведува и големи промени преку многуте попладневни и вечерни настани, променувајќи го така начинот на живеење и размислување на дел од видното граѓанство, кое било привлекувано во редовите на членството на Друштвото, така што резултатите биле неминовни. Така на едно место можеле да се соберат и видат значајните интелектуалци и обичното граѓанство, кое со задоволство и мошне брзо ги

поглаварство било испратено барање за подигнување на еден заеднички Дом на културата, заради национално и културно-просветно подигнување, кој пак би требало да има една голема сала со платформа, сала за конференции и најмалку 15 канцеларии за работа на сите овие споменати друштва.).

[494]Ibidem, (Интересот за младите културни дејци бил навистина голем. Од зачуваната архивска документација може да се види дека одговорните на Друштвото знаеле писмено да се обратат до Банот со молба да се стипендираат талентираните студенти независно од кој крај потекнуваат. Меѓу бројните документи зачувано е едно барање до Банот за стипендирање на младиот Петар Костиќ, скопјанец студент по музика и филозофија, зашто помошта која ја добива од друштвото, преку организирање музички вечери на кој настапува Петар, е многу мала за да овој студент постигне уште поголеми резултати.).

[495] Ibid.

апсорбирало сите новини од областа на уметноста, културата, модата, секојдневното однесување и живеење, наметнувани од различните влијанија што прострујувале од понапредните.

Организирањето на настаните започнуваат непосредно по неговото формирање, секогаш атрактивно најавувани во дневниот печат и преку добро осмислени плакати поставувани на видните места во градот и масовно посетувани, иако влезницата за секој настан се наплатувала посебно за возрасни, посебно за ученици и деца. Се избирале и најубавите сали со цел посетеноста од јавноста да биде што помасовна, а се бирале разни поводи, прослави и одбележувања во спомен на значајни личности од српската историја. Според постоечката зачувана документација, Друштото „Јефимија", најчесто, но и најмногу изложби има организирано за Друштвото на најпознатите уметници „Обилиќ" од Белград, за кои воделе прецизна евиденција за бројната посетеност и продадените слики, скулптури и други уметнички изработки. Секоја нивна изложба завршувала со забава, за која исто така од одговорните во Офицерскиот дом, зградата на Друштвото на пријателите на Франција или пак Народниот театар, морале да добијат писмена согласност. Колективните изложби траеле по десетина дена во попладневните часови. Свеченото отворање било пропратувано и со соодветно предавање за секој од изложените трудови. За продадените трудови (слики и скулптури), купувачите добивале сметка од претседателот на Друштвото кое и било задолжено за продажбата и собирањето на средствата.[496]

Карактеристична е застапеноста на жената во Друштвото, посебно на таа од високите кругови, која пак знаела како да делува, наоѓајќи се секогаш на врвните позиции во организацијата на друштвото и најголем дел од настаните и нивното афирмирање. Сите членки на друштвото биле обединети околу Женското движење од Скопје, кое полека настојувало да се наметне врз сите останати женски организации.[497] Духовното збогатување на жената го постигнувале преку многубројни предавања на кои поканувале и познати женски претставнички надвор на границите на Кралството. Позната била посетата на Надежда Мељников - Палоушкова од Чешка која меѓу другото говорела за чешкото сликарство и улогата на жената во чешката книжевност.[498] Членовите на друштвото на располагање ја имале и централата на Народниот универзитет, салите на основните училишта „Цар Душан", „Ѓура Јакшчиќ" и

[496] Ib., (Сликите на македонските уметници во почетокот се продавале по многу пониска цена. Така на пример сликата „Битола со Пелистер" на Лазар Личеноски чинела 2.000 динари за разлика од сликите на другите уметници кои се продавале многу поскапо.).

[497] Ib., (Според еден документ од 4 ноември 1930 членките на Женското движење настојуваат да ги информираат сите женски организации за изнаоѓањето решение за признавање и почитување на трудот на жените. Писмената иницијатива била поднесувана до сите друштва и организации.).

[498] Ib.

„Доситеј Обрадовиќ", каде бесплатно можеле да организираат предавања во попладневните часови.[499]

Членките на Друштвото редовно го добивале и весникот „Женско движење", во издание на истоименото Женско движење од Скопје, Друштвото за културно издигнување на жените кое излегувало секој 15-ти во месецот.[500]

Знаеле да организираат и натпревари, познати како костимирни балови, на кои се прикажувале рачно изработени народни носии, оценувани од комисија, која најоригиналните костими богато ги наградувала.[501] Собраните средства од баловите биле користени за хуманитарни цели. Во нива организација се споменуваат и настаните за најмладите, пропратени со театарски претстави, со опери за деца, балет, народни игри, изложби, промоции на списанијата за деца и сл.

Друштвото „Јефимија" било познато и по организирањето на фотоаматерски изложби, изложби на зографи, промоции на книги, литературни вечери[502] и книжевни попладнија со чајанка во Просветниот дом, каде што учествувале млади книжевници и други познати имиња од областа на културата и уметноста од сите делови на Кралството Југославија[503], меѓу кои се споменуваат имињата на: Душан Недељковиќ, Првош Сланкаменац, Костадин Ѓорѓевиќ, Живоин Петровиќ, Светозар Максимовиќ и др.[504] На таквите настани се одржувале предавања на разни теми, се читале делови од романи, песни и сл. Во организација на Друштвото скопјани и останата јавност имала можност да присуствува и на многу музички концерти, опери и балет изведувани од познати странски и домашни дејци.

Во организација на Друштвото во просториите на Офицерскиот дом биле приредувани и најатрактивните балови во Скопје. Познати биле Светосавските балови, но еден од најдолго запаметените бил црвено-црниот маскембал организиран во текот на месец февруари 1931 г.[505] Салата на домот за таа

---

[499] Народниот универзитет давал можност неговите седишта и предавачи бесплатно да се користат за разни цели и предавања. Доволно било само писмено барање за тоа каде и кога треба да се организира настанот, кои предавачи ќе присуствуваат и која тема ќе се обработува.

[500] Друштвото „Женско движење" легално било регистрирано, имајќи и свој печат. Во текот на 1938 г. според зачуваната архивска документација од фондот Јефимија претседателка била Славка Рогановиќ.

[501] Изложба од таков карактер била организирана во месец февруари 1931 г, во една од салите на Офицерскиот дом, со што доаѓало до израз подигнувањето на чувството за поседување на уметничка карактеристика или дарба.

[502] Фонд: Јефимија, МАНУ, Скопје, несреден фонд, (Членовите на друштвото во месец јуни 1935 г. на предвидената литературна вечер на која свое претставување имале Вељко Петровиќ, Исидора Секулиќ и Десанка Максимовиќ, се обиделе да го придобијат и Иво Андриќ.).

[503] Ibidem, (По повод одбележувањето од своето петгодишно постоење во текот на 1933 г., Друштвото на Сараевските книжевници одлучило да го посети Скопје и да организира литературна вечер. Организацијата му била доверена на Друштвото „Јефимија". Така Скопје би го посетиле помеѓу 12 – 15 различни сараевски книжевници, музичари, сликари и скулптори.).

[504] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 284.

[505] Фонд: Јефимија, МАНУ, Скопје, несреден фонд.

прилика била декорирана во црно-црвена боја чиј амбиент бил збогатен и со концертен дел пропратен со учествуво на видни литерати, книжевници и артисти.[506] Управата на Друштвото донело и одлука да ги поттикнат нивните членови, уметници, за изработување на црвено-црни слики наменети пак за организирање на лотарија во рамките на балот.

За скопската публика Друштвото организирало и вечери на српските народни ора и песни со цел нивно поблиско запознавање, доближување и наметнување.

Во текот на 1932 г. запаметена останала и изложбата на целокупниот печат на Јужна Србија од „ослободувањето до денес", сместена во просториите на Просветниот дом од 17 до 24 април. Подготовките започнале уште во месец февруари, а со цел што подалеку да се афирмира општиот културен и книжевен развиток организаторите поднеле дури и барање до тогашната железница за издавање одобрување за посетителите кои доаѓале надвор од Скопје. На самата изложба биле претставени и промовирани весници и списанија, книги со белетристичка содржина (алманаси, збирки песни, книги за деца) или со научен карактер, брошури, летоци, покани, огласи на културните и просветните институции, доставувани од соодветните институции.[507] Во 1934 г. организирале многу успешна вечер по повод стогодишнината од раѓањето на Јован Јовановиќ Змај, а на нивна иницијатива истата година концерти одржале полската оперска пејачка Ванда Верминска и полската сопранистка Пининска.[508]

Незаборавни биле и екскурзиите[509] и излетите по разни манастири за време на празниците, збогатени најчесто со предавања од стручни лица. Друштвото „Јефимија" соработувало со речиси сите културно-уметнички и музички друштва од целото Кралство Југославија, во чија организација на настаните во Скопје било вклучувано и нејзиното членство. Писмените дописки покажуваат дека друштвото „Јефимија" парично си ги покривало сите трошоци околу организацијата по одржувањето на настаните, откако ќе го собереле целокупниот приход, зашто било кое друштво во периодот меѓу двете светски војни ретко имало можност само да си го финансира своето постоење и делување.[510] Имено оние уметнички друштва кои немале доволно парични средства за целосно покривање на настаните, писмено се обраќале до

---

[506] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр.284.

[507] Фонд: Јефимија, МАНУ, Скопје, несреден фонд.

[508] Весник „Вардар".

[509] Ibidem, (Користејќи ги услугите кои ги понудувало автомобилското претпријатие на браќата Поповиќ од Скопје (ваквиот вид на превоз се наплатувал по 10 дин. од километар), членовите на друштвото си организирале екскурзии посетувајќи многу места низ вардарскиот дел од Македонија. Во месец јуни 1935 г. организирале и една дводневна екскурзија обиколувајќи ја Скопска Црна Гора.).

[510] Фонд: Јефимија, МАНУ, Скопје, несреден фонд, (Друштвото најчесто соработувало со уметничките друштвата од Марибор, Загреб, Здружението на југословенските ликовни уметници од Белград и сл.).

друштвото „Јефимија“ со молба за парични средства потребни за покривање на трошоците околу подготовките на изложбите, кои пак од страна на барателите им биле враќани по завршувањето на настанот.

Доста актуелни, ако не и најактуелни биле самостојните и колективните изложби на македонските и уметниците од надвор кои делувале во периодот меѓу двете светски војни како Вангел Коџоман, Никола Мартиновски, Лазар Личеноски, Томо Владимировски Шајка[511] и други, пропратени со добро изработени каталози, свечено отворани од страна на видни интелектуалци од просветно-културните институции во градот. Често пати одговорните на друштвото испраќале писмени барања до уметниците за да учествуваат на планираните изложби со своите дела, кои по доставувањето биле прегледувани и оценувани од специјално формирана комисија за таа цел, зашто секоја изложба била наменета за различни уметници и со различни мотиви. Успешна била соработката и со Управниот одбор на Здружението на сите југословенски ликовни уметници, со Здружението на ликовните уметници од Вардарска бановина, со Здружението на ликовните уметници од Битола, со Здружението на ликовните уметници од Сплит, Сараево, Белград и др. Сите уметници, членови на Друштвото редовно биле известувани за изложбите кои се случувале надвор од границите на Кралството, за да бидат во тек со сите новини, случувања и достигнувања во светските размери.[512] За посредувањето во продажбата на сликите, друштвото барало 10 % од целата сума. Секој уметник си ги сносел трошоците за доставување на сликите, додека Друштвото, трошоците за враќање на сликите. Како дел од активностите на Друштвото се вбројувало и изработувањето на печатени каталози од изложбите на академските сликари, во кои посебно за секој учесник имало информации за самиот уметник, податоци за нивната дејност, за самите слики, како се именувани, како и од што се изработени и колку чинат.

Секоја работна година Друштвото издавало и извештај за својата работа за тоа што се направило и што се постигнало, а секој извештај бил пропратен со информации за годишните приходи и расходи.[513] Се сретнуваат прецизни податоци за бројот на одржаните седници, за дневниот ред и донесените одлуки. Во текот на 1931/32 година заради поефикасно работење членовите на друштвото се обиделе, но безуспешно да го поделат на ликовна, музичка,

---

[511] Ibidem, (Томо Владимировски, познат академски сликар роден во Скопје, завршил сликарска школа во Белград и две години поминал на доусовршување во Чехословачка.).

[512] Друштвото добивало и специјални покани за учество на тие настани како на пример изложбата во Солун под заштита на Министерството за просвета во соработка со сите организации од областа на уметноста во Грција.

[513] Фонд: Јефимија, МАНУ, Скопје, необработен фонд (Друштвото својата егзистенција ја овозможувало преку приходите од организираните настани, разните доброволни прилози и членаринаата на активистите, но имале и многу трошоци наменети за организирање на разни книжевни и музички секции, забави и сл.).

книжевна и финансиска секција. Безуспешен бил и обидот да го организираат и работењето на музичкото училиште.

Членовите на друштвото „Јефимија", често распишувале конкурси за натпревари за песни, приказни, книжевни есеи, романи, збирки и сл. Учесниците на конкурсите морало да потекнуваат од Јужна Србија. Избраните од комисијата, најдобри песни, приказни и есеи биле парично наградувани, додека авторите на романите, збирките песни и збирките приказни биле наградувани со печатење на нивните дела од страна на Друштвото како книги на библиотеката на Друштвото на пријателите на уметноста, со цел да се создаде сопствена библиотека која би ги издавала најдобрите книги од областа на книжевноста.

Во втората половина на триесетите години, македонските сликари и уметници почнале да добиваат многу поголеми привилегии, признанија, како и можност за прикажување на своите дела кои биле еден од показателите на развојот на уметноста на македонскиот народ. Значајни се изложбите на Никола Мартиновски и Лазар Личеноски од 1936 г.[514] во Клубот на пријателите на Франција, колективните изложби во 1937 г. на Вангел Коџоман, Нихат Аџем од Штип, Дејан Богдановиќ од Маврово, Хајрула Сабри кој бил прв сликар муслиман во Скопје, ученик на француската и италијанската школа кој работел во своето ателје кај Саат-кула и др. Во овој период посетеноста била видно зголемена, како и продажбата на изработените и прикажаните дела, со што доаѓала до израз уметничката наобразба на скопската јавност. Во текот пак на 1940 г. во просториите на Офицерскиот дом била организирана заедничка изложба на македонските академски сликари и карикатуристи: Никола Мартиновски, Лазар Личеноски, Василие Поповиќ - Цицо и Томо Владимировиќ, за што бил изработен и каталог со податоци за секој уметник поединечно, од кои наслови може да се види дека најчести мотиви биле градовите како Охрид, Битола, Прилеп, Кратово, Скопје и нивните стари чаршии и занаети.

Во овој период свои траги ќе остави и друштвото „Свети Сава", чија пропагандна цел на територијата на Македонија се чувствувала уште со самото формирање на друштвото во текот на 1886 г. Друштвото со седиште во Белград имало своја Управа, која се состоела од Претседател, Управни и Извршни одбори, Совет, Надзорен одбор и Пододбори. По своето формирање тие биле под контрола на Министерството за надворешни работи, најголемиот финансиски поддржувач на Друштвото.[515] Својата интензивна дејност ќе ја

---

[514] Ibidem, (Според зачуваната документација се гледа дека посетеноста на изложбите била навистина бројна. Организаторите секогаш поставувале поволни услови доколку уметникот одлучи изложбата да биде организирана под нивно покровителство.).

[515] По само три години од формирањето, Друштвото ќе потпадне под Министерството за надворешни работи. Поддржани од ова тело Друштвото како културно-просветна и пропагандна организација на територијата на вардарскиот дел од Македонија, интензивно ќе започне со формирањето на училишта, религиозно-просветни организации, со издавачка

продолжи и во периодот меѓу двете светски војни. Така за кратко биле формирани и пододбори распоредени во градовите на Кралството СХС, што ќе значи и на територијата на Македонија, како Охрид, Струмица, Велес и др. Членовите познати како редовни, помагачи и основачи, биле обврзани со одредена членарина. Одреден прилив на средства се добивале од доброволните прилози, подароци и од редовно организираните предавања.[516]

Најдобар начин за делување, Друштвото ќе пронајде меѓу гимназиските редови, средината каде се движела младината, која многу полесно можела да ја контролира и манипулира. Уште од учебната 1921-22 година, во согласност со Министерството за просвета, директорите на гимназиите, водени од идејата за ширење на просветата и националните чувства, ќе ги воведат познатите Светосавски теми, за чие изработување учениците биле поттикнувани со доделувањето на парични награди, 300 динари за првата награда, а 200 динари за втората награда. Најчесто се пишувало на теми од српската историја, географија, книжевност и сл. Дел од тие изработени писмени теми зачувани се и денес, како дел од архивската документација за работењето на ова друштво.

Во дваесет гимназии во вардарскиот дел од Македонија друштвото формирало ученички библиотеки кои постојано ги снабдувала со свои изданија и литература наменета за учениците кои биле нејзина цел за опфатување и ставање во рамките на српското делување преку ширење на просветата и националните чувства.[517] Главниот одбор на Друштвото настојувало разделување на сопствените изданија во што поголем број меѓу народните маси. Покрај училиштата, книги добивале црквите и манастирите. Во нив биле застапени имиња на видни научни српски истражувачи најчесто од областа на историјата, литературата, географијата и сл.

Од својот фонд одговорните на Друштвото одделувале и средства за сиромашни, но одлични ученици, покривајќи им ги сите трошоци во текот на образованието, се до завршувањето на факултетот. Биле избрани ученици и

дејност, опфаќајќи ги така и најмладите и највозрасните. Основачите настојувале преку Друштвото успешно да се спротистават на бугарската и грчката пропаганда на територијата на Стара Србија и Македонија. По училиштата, веднаш по војната, биле праќани дури и икони со ликот на Св. Сава, така што празникот на овој светец редовно се славел.

Финансиски било добро осигурано, благодарение на имотната состојба, која во почетните години се повеќе се зголемувала. Некои граѓани во својот тестамент еден дел или целиот свој имот го оставале на располагање на Друштвото. Според податоците од 1939 г. Друштвото располагалао со недвижности и во Гостивар. Добрата финансиска состојба била и причината за неговото успешно културно, образовно и хуманитарно делување.

[516] За својата дејност Друштвото подготвувало месечни и годишни извештаи од кои може да се дознае по години за сите членови кои влегувале во Друштвото, претседатели на пододборите во сите краеви, финансиските трошоци, делувањата на културно-просветно поле, организираните предавања, забави, прослави и сл.

[517] Во периодот од 1886 до 1935 г. друштвото „Свети Сава“ имало издадено 45 книги, категоризирани како редовни и посебни. Меѓу нив се споменуваат книгите: „Братство“, „Друштво Свети Сава“, „Историја бугаризма“, „Споменица Светосавског дома“, „Нова Србијанка“ и др.

студенти од поголем број на македонски градови и села како Охрид, Штип, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Дојран, Кратово, Струга, Дебар, Куманово, Велес, Скопје, Крива Паланка, Крушево, Битола, Кавадарци, Кочани итн. Биле поддржувани студенти од областа на медицината, техниката, правото, филозофијата, земјоделството, фармацијата, музиката, теологијата, ученици од редовите на гимназиите, техничките училишта, учителските училишта, занаетчиските и сл.[518] Во секое училиште биле ставани фотографии од заштитникот Св. Сава, кој се славел на 25 декември секоја година со свечени одбележувања на кои задолжително морале да присуствуваат учениците и возрасните.

Со литература ги снабдувала и другите образовни институции како што е Филозофскиот факултет во Скопје, за што сведочат и писмата испратени од овие институции во знак на благодарност. Дел од нив добивале и финансиска помош, од која не изостанувале ниту студентите. За најдобриот студент на годината било предвидено и награда, златен прстен. Финансиска помош добивало и Скопското научно друштво, а според зачуваната документација помагани биле и Занаетчиското училиште во Охрид, Соколското друштво од Куманово, Здружението на домаќинки и мајки од Охрид, како и многу цркви и манастири чии библиотеки биле снабдувани со изданијата на друштвото „Св.Сава“ и др.

Во текот на 1925 г. на иницијатива на Друштвото во Скопје било отворено Светосавско вечерно училиште, кое постоело две години. Училиштето било под надзор на Просветниот инспекторат, а за неговото делување биле отстапени простории во училиштето кај Соборната црква. Во почетокот имало поголем број на посетители, околу 200 ученици распоредени во пет одделенија и 6 наставници[519], но подоцна нивниот број се намалил и ограничил само на муслимански претставници, кои не биле цел на претпоставените на училиштето заради што и се затвора. Ова Друштво било иницијатор и за формирањето на Скопското пејачко друштво „Обилиќ“.

Интензивна активност од почетокот на дваесеттите години забележало и хуманитарното друштво **„Коло на српските сестри“** во Скопје, а нешто подоцна и нејзините одбори во градовите како Штип, Струмица, Прилеп, Велес, Охрид, Тетово, Неготино, Гевгелија[520], Гостивар[521] и др. Нивната активност била позната уште многу одамна од почетокот на 20-от век. Главно ги помагале болните и

---

[518] Споменица Друштва „Светога Саве“ (1886 – 1936), Београд 1936, стр.344 – 368 (Друштвото водело прецизна евиденција, забележувајќи ги имињата на сите ученици и студенти кои финансиски ги помагала во стекнувањето на образованието.).

[519] Споменица Друштва „Светога Саве“ (1886 – 1936), Београд 1936, стр. 281.

[520] „Коло на српските сестри“ со девојките од Гевгелија подигнале свој дом на улица „Крал Петар“, каде се планирало и сместувањето на женското занаетчиско училиште.

[521] Почетоците на друштвото во Гостивар датираат уште од 1919 г. станувајќи моќен столб на српските власти, околу кој се собирале сите гостиварски жени, работејќи на културното и просветното издигнување на градот. Голем успех за друштвото претставувало отворањето на Женското занаетчиско училиште и новата зграда осветена во 1934 г.

сиромашните, купувале и донирале храна и облека за учениците, организирале многу хуманитарни балови[522], а секоја нивна активност била забележувана во дневните весници и списанија. На иницијатива на друштвото во речиси секој град биле формирани женските домаќински училишта, финансиски одржувани и од Министерството за трговија и индустрија.

Секое друштво имало свој одбор со кој се донесувале одлуките за делување во општините. Поголем број од друштвата иако имале свои простории, сепак зградите биле несоодветни, заради што често се поднесувале барање за доделување одредени средства за изградување на нови објекти. Во Скопје новиот објект бил изграден во 1925 г., а во Прилеп друштвото добило дозвола за градење во текот на 1929 г. на улицата Крал Петар.[523]

На територијата на Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, како една од повеќето владини хуманитарни организации своја трага ќе остави и друштвото **„Кнегиња Зорка"** и неговите пододбори во дел од македонските градови како Велес, Битола, Штип, Скопје, Крива Паланка, Кратово, Дебар, Струмица, Гевгелија и Куманово. Започнуваат да се формираат во втората половина на дваесеттите години, поточно од 1928 г. и за својата работа имаат оставено видна документација се до втората половина на триесеттите години. Поседувале свој печат, кој стоел на секој писмен документ. Имале и своја слава, Св.Андреја[524], но и свој ден на „Кнегињата Зорка", кој го прославувале на 4 односно 17 март .[525]

Сите овие пододбори, како дел од основното друштво со седиште во Белград, имале за цел морално и материјално помагање на „српскиот народ", за да истиот се одржи и воспитува во рамките на Кралството, станувајќи негов корисен граѓанин. За да го постигне тоа друштвото имало голема улога во помагањето на културните и сите други национални организации, а видна улога земало и во отворања на училишта интернати, занаетчиски училишта, домаќински, килимарски, плетачки и сл., каде ќе ги згрижува сиромашните ученици, од кои ќе се обидува да создава свои лојални граѓани. Од позначајните резултати на територијата на вардарска Македонија се издвојуваат отворањето на забавиштето во Штип, домаќинското училиште во Велес, работилницата за изработување на облека во Битола и др. Пододборот во Скопје од 1930 г. имал и своја сопствена зграда, која пак служела како интернат за средношколци од машката гимназија, чии родители живееле

---

[522] Во организација на „Коло на српските сестри" чести биле костимираните балови, односно баловите на кои се претставувала женската народна носија.

[523] ДАРМ, ПО Прилеп, 5.94.1.35/62.

[524] Споменица друштва „Књегиња Зорка" са извештајем о десетгодишњем раду Главног одбора и свих пододбора, Белград 1934, стр. 280-81 (Одбележувањата на славата на пододборот во Скопје биле организирани најчесто во просториите на Офицерскиот дом во присуство на видно граѓанство, претставници на воената и цивилна власт.).

[525] Датумот 4 односно 17 март го означува починувањето на Књегињата Зорка, по која и ова друштво го носело името.

надвор од Скопје. Претходно зградата на интернатот била сместена во просториите на една приватна зграда земена по закуп за што се плаќало поголема сума на пари.[526] Новата зграда можела да собере вкупно 21 ученик од кои еден дел плаќале за своето сместување, додека дел од нив го посетувале бесплатно.[527] Сместувањето се вршело по претходно поднесување на писмени молби. Издржувањето на учениците, покрај со нивните ученички уплати, се овозможувало и преку државните финансиски средства. Најсиромашните ученици добивале бесплатна облека, обувки и школски материјали. Надзорот над учениците бил воден преку двајца воспитувачи.

Секој од пододборите имал свои редовни членови (офицери и нивните сопруги, учители и учителки, чиновници, свештеници, трговци и сл.) основачи, помагачи, втемелувачи, почесни и големи добротвори, кои на свој начин ги помагале пред се финансиски, основното друштво и неговите пододбори. Најголем дел од нив биле припадници на понежниот пол, жени на подобро ситуирани граѓани, за кои постојат и фотографски материјали, направени од тогашните фотографи, од кои пак се гледа дека секогаш биле убаво облечени и модерни фризури. Членовите на пододборите редовно одржувале тековни седници на кои одлучувале за понатамошните активности.

Од буџетот на друштвото се собирале и издвојувале најмногу пари за помагање на бедните семејства, разделување на основните прехранбени артикли, како леб, шеќер, брашно, масло, но и за купување на облека за сиромашните ученици, поклонувана за време на верските празници Божик и Велигден. Заради собирање на материјални средства членовите на пододборите во вардарскиот дел од Македонија често организирале дневни и вечерни забави, матинеа, приредби, чајанки, маскембали[528] и друг вид на јавни собирања, пропратени со лотарии, а на кои никогаш не заборавале да го величат својот крал и неговите заслуги.

Организирале и домаќински курсеви. Познат е курсот организиран во текот на 1930 г. во Велес, кој го посетиле 25 ученички. На тие курсеви ученичките ги запознавале основните чекори за шиење на облека, која од тие работилници така подготвена им се разделувала на најсиромашните. Во Крива Паланка, членовите на пододборот превземале иницијатива за основање на Народен универзитет, чија работа започнала на 16 февруари 1930 г., благодарение на кој биле организирани неколку предавања, преку кои граѓанството се запознавало со теми од српската култура и историја.[529] Во

---

[526] Фонд: Јефимија, МАНУ, Скопје, несреден фонд.

[527] Споменица друштва „Књегиња Зорка" са извештајем о десетгодишњем раду Главног одбора и свих пододбора, Белград 1934, стр. 278.

[528] Весник „Вардар" (Првиот маскенбал во Штип бил организиран во месец јануари 1934 на кој учество земале воени претставници, општински службеници, претставници на културно-просветните друштва итн.).

[529] Споменица друштва „Књегиња Зорка" са извештајем..., op.cit., стр. 290-91.

Струмица пак Главниот одбор на пододборот на друштвото во текот на 1931 успеал да отвори скромен Дом за народот и болните.

Покрај работата во друштвото, членовите, посебно членките земале активно учество во работата на другите хуманитарни друштва. Собирале често прилози за Русите, продавале карти чии средства се наменувале за разни хумани цели, редовно се одгласувале на повиците на Црвениот крст за собирање на доброволни прилози и сл. Присуствувале и на разни прослави и свечени одбележувања. Сите нивни активности редовно биле објавувани и во тогашните дневни весници и списанија.

Со своето функционирање од 1929 г. забележително било и скопското друштво **„Фиданка"** на иницијатива на здружението на воените офицери и војници. Како дел од онего била и формираната женска секција. Нивните цели биле помагање на сиромашните сирачиња и ученици, сметајќи дека така ќе допринесат за создавање на младина наклонета кон државните интереси. Учествувале во собирањето на многу донации за Црвениот крст, за настрадaните во земјотресите и други непогоди. Покажале голем интерес за одржување на воените гробишта не само во Скопје туку и во градовите каде имало вакви спомен обележја, па секоја година на 11 ноември, кој се славел како ден на мирот, организирале свечен помен во присуство на позначајните општински владини претставници и локалното население. Во вечерните часови женската секција организирала и концерти во просториите на Народниот театар, пропратени со предавања и рецитации од средношколците и студентите.

Од 1919 г. функционирало и **Здружението на жените во Јужна Србија** со цел прифаќање и воспитување на децата воени сирачиња и инвалиди, од кое дел било и тогаш формираното Работничко женско училиште за кроење и шиење. Според архивските податоци здружението во 1920 г. имало 500 членови.

Во 1929 г. на иницијативата на професорката Емилија Јовановиќ во Скопје било формирано и **„Здружението на универзитетските образовани жени"** со три секции: културно-просветна, хумано-културна и политичка секција. Имало за цел да им овозможи јавно организирање на едуцираните жени и нивно јавно истапување кога тоа ќе го побараат нивните интереси, полесно вработување на жените, политички права, должностите на современата жена, нејзино економско и културно издигнување и соработка со студентките кои би ги помагале морално и материјално. Членките на здружението одржувале и предавања со теми од социјален и здравствен карактер како во градот така и по селата, запознавајќи ги со моменталната состојба на жената.

Кон крајот на 20-тите и првта половина на 30-тите години во интерес на заштита на децата и жените функцинирале друштвото **„Српска мајка“**[530] и институцијата **„Општинска заштита на деца и мајки“**.[531]

Од 1931 г. во Скопје на иницијатива на Учителската школа, започнало да функционира и женското друштво **„Хајрие“** (Среќа), кое ги обединувало со своето членство муслиманските и христијанските жени во своите хуманитарни цели и активности.[532] Друштвото имало за цел описменување, културно и економско подигнување на селото и помагање на сиромашните муслимански деца. Ги користело просториите на училиштето „Кралица Марија“, во чија кујна се хранеле околу 60 сиромашни муслимански деца.

Хуманитарното друштво **„Тетовска јабука“** било под Сојузот на хуманите друштва на Кралството Југославија со седиште во Белград.[533] Неговата цел била помагање на сирачињата и незгрижените деца и помагање на сиромашните деца во Тетово. Имало и своја слава одбележувана на 1 декември.

Во 1930 г. броело 172 члена, меѓу кои се сретнувале трговци, адвокати, учители, рентиери, инжењери, земјоделци, домаќинки, учителки итн. Секој член имал членска карта на која се забележани износите за чланаринатa за одредени месеци. Друштвото се одржувало и од доброволни прилози, приходи од организирани предавања, концерти, лотарии, државна и општинска помош. За децата без родители над шест годишна возраст, друштвото предвидувало екскурзии и летувања на Јадранско море.

Членовите на добротворното друштво **„Пастир“**, неколку години се грижеле за сиромашните битолчани, организирајќи им бесплатна трпеза

---

[530] Весник „Јужна Србија“ (На 2 јуни 1939 г. Хуманото друштво „Српска мајка“ од Тетово на чело со претседателката Мила Ѓорѓевиќ, приредиле награден конкурс за најдобро одгледани деца. Поделени биле 26 награди. Првата награда од 100 динари (подарок од претседателката Мила Ѓ.) ја добил двегодишниот Трајче Евковиќ, односно неговата мајка, заради неговата зголемена тежина. Втората награда ја добила мајката на Душко Митиќ (75 динари, подарок од хигиенскиот завод во Скопје) и третата награда ја добила мајката на Михајло Атанасовиќ (75 динари, подарок од хигиенскиот завод во Скопје). Поделени биле уште 7 награди по 50 динари, 6 по 30 динари и 10 награди во комплетен долен веш. Со дипломи биле наградени и четири имотни мајки. Останатите деца кои земале учество, а не добиле награди, добиле помош од друштвото во грис, шеќер, сапун и чоколада.).

[531] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 170 (Од 1931 г. друштвото Српска мајка отворило и свој дом за деца со забавиште и интернат, диспанзер и советувалиште за трудници, родилки и мајки. Познати биле многуте забави и поворки што ги организирало друштвото низ градот за најнегувани деца, во кои учествувале со мајките. Во составот на Општинското здружение функционирало исто така советувалиште за мајки, за млади пред стапување во брак, детски диспанзер, детска колонија за сместување на деца без родители, породилиште со дом за незгрижени мајки. Друштвото делувало на решавање на здравствените проблем на децата и жените, одржувало предавања и подучувања за начинот на задоволување на хигиенските потреби, укажувало материјална, морална и правна помош за децата и мајките итн.)

[532] Весник „Вардар“.

[533] ДАРМ, ф. Хуманитарно друштво „Тетовска јабука“ – Скопје, (необработен фонд).

посебно за време на зимските месеци. Финансирањето било во најголем дел од членаринатa на редовните членови, основачите, добротворните членови и оние кои што помагаат. Организаторите редовно испраќале и повици до дел од населението кое било во можност да стане дел од членството и финансиски да го поддржи друштвото во неговата дејност.

Во Струмица поактивно делувало културно-просветното друштво **„Реља Крилатица"**[534] основано во текот на 1927 година, за што говори и зачуваната архивска документација. Целта на друштвото се состоела во подигнување на друштвениот, просветниот и културниот живот во Струмица преку книгата, уметноста и пишаниот збор. Организаторите се обидувале да ја обединат струмичката младина околу своите редови, цел што се реализирала потешко, токму заради предводниците кои биле владини луѓе.[535] Реализирањето на поставената цел основачите го гледале преку: формирањето на пејачки мешан и црковен хор од своите членови, кои би ја негувале народната, странската и црковната музика; основање на театарска дружина која би приредувала уметнички и национални претстави со помош и соработка на Народниот театар; организирање на многу разновидни предавања преку Народниот универзитет, но во соработка со останатите локални Народни универзитети; организирање на многу екскурзии и излети за членовите на друштвото; соработка со останатите културни и национални организации и корпорации и морално и материјално помагање на сите талентирани млади уметници, односно преку формирање на две секции и тоа: музичка и драмска и Народен универзитет. На чело на секоја од овие секции стоел начелник потврден и избран од управниот одбор на друштвото. Финансиски друштвото опстојувало благодарение на членските влогови, доброволните влогови, помошта од државната, општинската, среската и обласната самоуправа, приредените забави и представи, како и од подароците и завештаите од приватните лица во градот.

Членовите на друштвото се делеле на редовни, извршни, втемелувачи, домашни, големи добротвори, добротвори и почесни. Нивната должност се состоела во беспрекорно извршување на своите функции, што би резуртирало со загарантиран успех. Секој од членовите имал право со своето семејство да присуствува на сите збиднувања, неограничено да го користи фондот на библиотеката, да бидат бирани во управниот одбор и така да одлучуваат по сите прашања на редовните и вонредните седници, да поднесуваат предлози што се однесуваат на правилата на друштвото и сл., но не ретко се случувало да дојде и до исклучување на некој од членовите заради одредени отстапувања.

Друштвото имало и своја Управа составена од собрание, управен и надзорен одбор. Собранието се состанувало еднаш месечно, додека управниот одбор се состоел од претседател, потпретседател, секретар, благајник,

---

[534] Друштвото го носело името на средновековниот српски феудалец во Струмица.
[535] ДАРМ, ПО Струмица, ф.Реља Крилатица, к. 1/7.188.1.1/1-4.

библиотекар, како и претставници на сите начелни секции кои се грижеле за нивното секојдневно и интензивно функционирање во градот.[536] Секоја година подготвувале и шестмесечен извештај за своето работење до Управата на Кралскиот фонд во Белгрд, кој настојувал на редовно доставување со сите потребни информации за бројот и профилот на членовите, реализираните и планираните идни активности.[537] Овој управен одбор одлучувал за се што се случувало и се однесувало на друштвото.[538] Друштвото би престанало со работа само со одлука на 3/4 од присутните членови и во тој случај целокупниот поседуван инвентар би преминал во сопственост на локалното Соколско друштво.

Зголемени активности на друштвото се забележуваат во средината на триесетите години, почнувајќи од 1935 г. Според извештајот од 1935 г. Друштвото ја имало сé уште првобитната конструкција од двете секции и Народниот универзитет, кои работеле секоја засебно, но во согласност со управниот одбор. Функционирала и скромната библиотека од која на реверс се издавале книги.

Друштвото имало околу 100 членови, од кои 50 и припаѓале на музичката секција, најголем дел припадници на домашното локално население, но интерес се појавувал и кај дел од чиновниците. Од содржината може да се види дека голем успех постигнал црковниот хор, кој се претставувал себе си и своите способности секоја недела, како и за време на црковните и државните празници. Мешовитиот хор[539] приредувал и многу други концерти со добро избрана програма, од која сите секогаш биле задоволни и импресионирани од музичките способности на струмичани. Секој понеделник, вторник, четврток и

---

[536] Ibidem.

[537] Ibid., к.1/7.188.1.55/165 (Од зачуваната архивска документација посебно се издвојуваат финансиските извештаи за приходите и расходите на друштвото за одреден неколкумесечен период, според кој најголем дел од паричните средства се трошеле за хонорари за хороводителот, за државната такса, за кирија за изнајмениот локал – седиште на друштвото, за потребните административни и канцелариски материјали, за објави, плакати, покани, свадбени поколни за членовите на друштвото, огревни материјали за зимските месеци, трошоци за одржување на забавите и игранките и за разни други потреби. Наведени се приходите на друштвото од доброволните приходи, приходите на членовите – членариниte, одржаните концерти, претстави, турнеи и сл.).

[538] Ib., к.1, 7.188.1.81/284-285 (Членовите на управниот одбор одлучувале за задачите на друштвото, за приходите и расходите, за примањето на новите членови, како и за исклучувањето на некои од нив, се грижеле за спроведувањето на правилата и сл.).

[539] Ib. к. 1, 7.188.1.101/314-315 (Речиси секогаш хорот се состоел од приближно исти број на женски и машки вокали. Често се случувало да им бидат наметнувани песни со големосрпска содржина заради што тој се одлучува само на изведување на црковни песни. Најголема заслуга за постигнатите успеси на хорот имал наставникот по музика, Богољуб Цвијановиќ од с. Куклеш, под Беласица, оддалечено 5 километри од Струмица од каде за во градот патувал секој ден. Во текот на 1936 г. според архивската документација може да се види дека управата на друштвото неколку пати доставувала барање до кралската управа за негово преместување во основното училиште во градот, во што не се успеало. За неговото раководење со хорот добивал и месечен хонорар, сума што била предвидена од власта во текот на основањето на друштвото, а од која добивал само половина износ.).

недела, членовите ги посетувале часовите по пеење. Често патувале по другите градови и села заработувајќи дури и по некој динар од влезниците[540], а во својот град поканувале и музички друштва, како на пример пејачкото друштво „Братство“ од Кавадарци кое во текот на 1935 г. се претставиле со успешен концерт и претстава со пеење. Во текот на 1937 г. пак била спроведена успешна турнеја во Радовиш, Штип, Велес, Кавадарци, Прилеп и др. места, одржувајќи забавни програми со музичката и театарската секција. Друштвото присуствувало и на многу разни национални и хуманитарни свеченост, приредби и забави. Познати биле нивните настапи на забавите и прославите по повод 15 септември, денот на српската војска и победата на Солунскиот фронт, организирани од страна на Здружението на резервните офицери и војници.[541] Хорот бил дел и од славењето на празникот Свети Сава.

Истата година, 1936 г., управата на друштвото донела одлука за прославување на десетгодишното постоење и делување на „Реља Крилатица“, по чиј повод за прв пат на 7 ноември во просториите на тутунската станица била изведена премиерно драмата „Печалбари“ од Антон Панов.[542] Во текот на 1938 г. постоењето на хорот било доведено во прашање, заради што управата на друштвото одлучило недостатокот на членови насилно да го пополни од работниците во Монополот, кои заради стравот од отпуштање од работното место ја прифаќале понудата.

Интензивно работела и секцијата на Народниот универзитет, преку одржувањето на многуте предавања за локалното население во целокупниот Струмички срез. Во триесетите години често се организирале и екскурзии низ градовите на вардарскиот дел од Македонија, ширејќи ја музичката традиција. Од извештајот поднесен во текот на 1938 г. од одговорниот на Народниот универзитет во Струмица може да се заклучи дека друштвото не ги опфаќало сите млади во градот, кои не биле заинтересирани заради режимските наклоности за влегување во неговите редови, но веќе формираното друштво ќе го искористат за постигнување на своите цели. Така на еден состанок на група напредни младинци предводена од Благој Јанков-Мучето било решено во Струмица да се формира друштво кое ќе ја обединува работничката младина во

---

[540] Ib., к. 1, 7.188.1.80/273-275 (Во текот на месец мај, друштвото приредило доста успешен концерт во Валандово, на кој присуствувало и население од речиси сите околни валандовски села. Во Нов Дојран пак приредиле и бесплатен концерт за кој во самиот документ од 1935 г. се вели дека бил од чисто пропагандна и национална побуда, зашто имал за цел запознавање на локалното население со песните од Северна Србија. Познати биле посетите на друштвото во селтата што се граничат со бугарската граница како Смолари, Ново Село и сл. Патувањата ги организирале со некој повод или пак за време на некои од државните и националните празници.).

[541] Ib., к. 1, 7.188.1.81/284-285.

[542] За секое изведување на драмата на „Печалбари“ од Антон Панов, друштвото имало обврска да плати 10% од бруто приходите на секоја изведба, на овластеното авторско-правно посредништво за право на прикажување од Белград. Ова правило важело за секое друштво кое сакало да изведува било каква претстава ставена под нивна заштита.

градот. Го искористиле искуството на другите градови со формирање на Друштво на есперантисти, нешто што се покажало како добра алтернатива за ширење на партиските активности. Знаејќи дека власта нема да дозволи формирање на друштвото, иницијаторите барале други можности, така што го го искористиле постојното друштво „Реља Крилатица“, барајќи секцијата Есперанто да работи самостојно, но под контрола на Управата на друштвото. Васил Цилев бил првиот претседател. Така Управата на „Реља Крилатица", на својата седница од 4 јули 1938 година, решила да се организира есперантски курс, под услов, есперантската секција да работи исклучиво на изучување на овој меѓународен јазик, и тоа на сопствено материјално издржување.[543] Во текот на 1939/40 г. секцијата вложила голем труд во организирањето и изведувањето на курсот, за што претходно одговорните на секцијата ја закупиле салата „Балкан“ во која организирале забави, игранки, матинеа и „другарски вечери“[544] во саботите и празничните денови, подобрувајќи си ја така финансиската состојба. Курсевите ги одржувал учителот Кирил Минанов, шивачки работник од Струмица, кој во тој период работел во Белград, три пати во текот на неделата. Секој од курсевите траел по три месеци. Низ струмичката чаршија често можело да се слушне говорот на есперанто од страна на младите работници и занаетчии.

Есперантистите биле познати и по организирањето на излети по селата, како Вељуса, Пиперово, Смолари, Банско, Куклиш и други околни места, цркви и манастири, каде редовно се одржувале предавања преку кои се зближувале со месното население поодблизу запознавајќи ги со актуелната политичка состојба.

Секцијата поседувала и богата литература, носена од студентите или работниците од Белград, преку која вршеле политичко образование на струмичани. Се добивал и дневен печат, а речиси сите членови биле претплатени на есперантскиот весник „Ла суда стело“ кој излегувал во Кралството Југославија. Од 1939 г. управата на есперантската секција ја преземала подружницата на КПЈ во градот.

Поединечните детални извештаи за работата на друштвото „Реља Крилатица“ од Управниот одбор, од секретарот, од благајникот, од одговорните на музичката и драмската секција датираат и се сретнуваат се до 1940 г. оставајќи трајни белези меѓу струмичани и покрај тоа што било едно од поактивните режимски друштва. Од тој период се одделува и секцијата на есперантистите чии членови формираат свој клуб, кој со својата интензивна активност ќе продолжи се до април 1941 г. непосредно и индиректно донесувајќи многу промени меѓу малдите, пред се во нивниот степен на

[543] Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев Трнката, *Струмица и Струмичко низ историјата*, Струмица 1969, стр. 371.
[544] ДАРМ, ПО Струмица., к. 1, 7.188.1.83/287-288.

образование, размислување, говорење, во постигнувањето на нивните цели и сл.

Така за еден краток период, кога власта ги диктирала здружувањата како погореспоменатите женски здруженија, рзвојот и достигнувањата на уметноста сé повеќе навлегувале во секојдневниот животот на население во Вардарскиот дел од Македонија. Непречено се овозможувало навлегувањето на новото и модерното, интензивно се развивало и чувството за естетиката и убавината. Животот во граѓанското општество во дел од македонските градови почнал да наликува на оној во поразвиените европски градови каде се што било ново, модерно и прогресивно се впивало со големи апетити.

Иницијативите на локалното население

Напоредно со режимските, доста интензивни биле и иницијативите за граѓанско здружување на локалното население. Во овој период започнале да функционираат многу аеро клубови, ротари клубови, стрелачки и ловечки друштва и сл., кои привлекувајќи го интересот на граѓанството, ќе го променат и неговото секојдневие, наведувајќи го на многу активности и преокупации, со кои се добивало навика за делување надвор од професијата, пополнување на своето слободно време и целосно духовно и културно надградување.

Интересот за воздухопловството како нешто ново, модерно и необично во тогашното секојдневие бил доста раширен, за што потврдуваат многубројните аеро-клубови. Првите од нив се формирале во Скопје[545], Штип, Струмица[546], Кочани, Радовиш, Охрид, Дебар, Тетово, Крива Паланка, Велес, Битола и Прилеп во текот на 1923 - 1925 г. Клубовите најнапред биле претставени преку моделарските секции, кои интензивно работеле на популаризирање на воздухопловството со изработувањето на авионските модели, прикажувани на јавните часови за време аеро-деновите, преку разни написи, изложби со фотографии, организирање аеромитинзи, летечки денови,

---

[545] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...* op,cit., стр. 295 -296 (Основач на скопскиот аеро-клуб бил мајорот Драгутин Мишиќ, во чие членство се вброиле видни авиоинжењери и др. љубители на моторното пилотирање. Големиот жупан на Скопје Антонио Вилдовиќ, во 1925 г. купил и еден француски авион „Каљдран" со кој бил одржан и првиот аеромитинг. Во 1934 г. одборот добил на подарок и нов авион „Косово", со кој исто така се организирале многу аероденови не само во Скопје, туку и во останатите градови каде функционирале аероклубовите.).

[546] Весник „Наша Стара Србија" (Првиот аероден во Струмица бил одржан летото 1925 г. на иницијатива на предводникот на аероклубот во градот, капетанот Никола Алексиќ. За спуштање на скоспкиот авион „Каљдран" бил подигнат и привремен аеродром на источната страна во Струмица на патот кон Ново Село. Настанот го привлекол вниманието и на возрасните и на младите од градот и околината. Присуствувале и членови од клубовите во Штип, Велес, Радовиш, Кавадарци и Гевгелија. Истиот ден биле одржани предавања за војниците од 49 пешадиски полк и за присутните граѓани за нивната должност и обврска кон државата. Во вечерните часови била организирана и забава во кафеаната „Југославија".).

предавања во градските маала и сл. Интересот за воздухопловството се повеќе се појавувал меѓу женските претставнички и селското население, кое во голем број ќе биде присутно на секој аероден.

Секој клуб имал свој Управен одбор и месни одбори кои ги сочинувале симпатизери на воздухопловството и видни воени претставници.[547] Опстојувале од финансиите од членариниte и доброволните прилози. Клубот во Штип бил еден од најактивните, формиран на 3 март 1924 г., во чии редови се нашле познати занаетчии, како најприврзани симпатизери поттикнати од желбата и предизвикот за летање со тогашните модели на авиони. Членството секојдневно се зголемувало. Во средината на триесеттите години биле организирани и моделарски курсеви во Скопје, Штип, Битола, Кочани и Струмица.[548] Моделарските секции биле мошне популарни и се повеќе напредни.

Голема улога во популаризирањето на штипскиот аеро клуб имале првото надлетувањето на градот од страна на Украинецот Михаило Јарешченко во 1925 г. и големиот аеромитинг во август 1927 г. кај месноста Ежов Рид на кој присуствувале повеќе од 7.000 граѓани од Штип и соседните градови. На овие митинзи можело да се види и слушне се, од предавања, изработени модели, фотографии, егзибициони летови на пилоти од повеќе типови на авиони како „Поликарпов По – 2“, „Потез“, „Физир“, „Потез А-1“ и др. На овие денови присутните можеле да ја задоволат и својата желба за летање, за што плаќале и голема сума, споредувана со месечна чиновничка плата. Аеромитинзите одржувани со авионите „Призрен“ и „Косово“, биле највувани во дневните весници.[549] Тие ја забележувале секоја активност на клубовите.

Летото 1928 г. во Македонија пристигнал и првиот патнички авион „Потез – 20“, односно во Вардарска Македонија се случил првиот комерцијален лет со кој се промовирале скопскиот аеродром и штипскиот помошен аеродром. Во 1930 г. пак членовите на македонските поголеми аеро-клубови имале можност да се сретнат со Еми Џонсон, првата жена пилот, која во овој период во период од 19 дена извела самостојно летање од Англија до

---

[547] Весник „Вардар“ (Често се случувало некој авион од европските земји да прелета над некој од градовите спуштајќи се и предизвикувајќи сензација за локалното население. Таков бил случајот во месец јануари 1936 г. кога над Гевгелија прелетал младиот германец авијатичар Фриц Нитриш, кој летајќи за Атина каде требало да го однесе и продаде авионот, се спуштил над Гевгелија, зашто сакајќи да купи чист бензол од Скопје, добил од трговецот помешан бензол со бензин, нешто што предизвикало прегрејување на моторот и принудно слетување во овој град. Сепак тоа било и можност за гевгеличани да видат еден модерен авион.).

[548] Тодор Кралев, Сините момчиња од Штип – 85 години Аеро-клуб од Штип, Скопје 2009, стр.39. (Моделарските курсеви биле одржувани од Благој Кралев од Кочани, Лазо Малински и Михајлче Влахчев од Штип, Душко Крстевски од Битола и Љупчо Стевчев од Скопје. Душко и Љупчо во 1936 г. во Земун го завршиле курсот за наставници по воздухопловно моделарство.)

[549] Весник „Вардар“ (Успешен аеромитинг во Штип бил организиран летото 1936 г. на кој присуствувале повеќе од 2.000 лица, а биле извршени и 50 воздушни крштевања, меѓу кои имало и 10 жени и 10 селани.).

Австралија. Во текот на 1936 г. во Скопје и Штип бил изведен и првиот падобрански скок од страна на Александар Трајков.

До крајот на триесеттите години аеро-клубовите доста се модернизирале. Постигнале голем напредок во своето функционирање, омасовување, устручување, подобрување на полетно-слетните стази и сл. Во 1939 г. во Скопје била организирана и првата обука за моторни пилоти на која учество земале ученици и студенти од Скопје, Штип, Битола и Куманово.[550] Во 1938 г. во Скопје била отворена воздухопловната едриличарска школа, во која посетителите имале можност да соработуваат со познати инструктори од Словенија. Практичната настава ја изведувале на леталиштето „Зајчји Рид" со модерни и современи едрилици.[551]

Свој аеро-клуб имала и академската студентска младина, која своето крштевање го имала во текот на 1935 г., избирајќи целосна своја управа.[552] Во својот состав ја имала и едриличарската секција во која членувале и неколкумина со завршен курс за безмоторно летање. Оваа секција со парична помош од скопската општина и Народната одбрана, успеала да ја донесе и првата едрилица во Скопје. Во месец април 1935 г. аеро-клубот земал учество на конгресот на академските организации во Љубљана, а во ноември истата година пак во Белград.

Дел од аеро-клубовите поседувале и свои библиотеки во кои книжниот фонд бил наменет кон запознавање на воздухопловството. Така подмладокот на аероклубот „Наши крила" во состав на Битолската гимназија имал своја библиотека, чиј фонд бил скромен. Покрај книгите клубот добивал и списанија како „Млади крила" и „Наши крила", активно користени од членовите - гимназијалци, кои кон овој спорт пројавувале големи афинитети, со оглед на тоа што летањето со авиони понудувало задоволство, инспирирано од потребата за запознавање на небесниот свод и големите височини.

Кон крајот на 20-тите години почнале да се активираат и тогаш формираните **Стрелачки дружини**. Ги имало низ другите градови како Скопје, Велес, Радовиш, Ресен[553], Куманово, Битола, Охрид, Пехчево, Дебар и др., во кои можност за членување имале сите граѓани без разлика на својата професионална определба, а во самите управи присутни биле воените и жандармериски претставници. Своите собири најчесто ги

---

[550] Тодор Кралев, *Синиште момчиња*, стр. 47. (Обуки за авиомеханичари и моторни пилоти се организирале во Земун и Загреб, каде завршувале и дел од македонските љубители на воздухопловството. Така Борис Бојаџиски од Штип завршил обука за авиомеханичар и моторно летање во Земун, Киро Хаџи Арсов и Тодор Михаилов исто така од Штип, завршиле воздухопловна академија во Загреб итн.).

[551] Ibid., стр. 60.

[552] Весник „Вардар".

[553] Весник „Вардар" (На 26 јуни 1932 г. во Ресен била формирана сојузната стрелачка дружина „Караѓорге". Претседател бил Чедо Дулбешиќ, потпретседател Крум Поповиќ, секретар Ѓорѓе Стрезовиќ - лекар, благајник Илија Димитриевиќ, а членови: Видак Јелиќ, Никола Петровиќ, Исмаил Јумер и Павле Остоиќ-монополски чиновник.).

одржувале во дел од локалните кафеани. Стрелачката дружина во Охрид била формирана во текот на 1929 г., но немала некоја активност поради малиот број на членови. Во втората половина на 1933 г., ја обновила работата и имала 80 членови. Секој ден биле вршени наградни стрелања на местото познато како „Бербунар". Во Битола доста активен бил и Стрелачкиот сојуз „Вук Мандушиќ", кој според еден зачуван архивски документ броел околу 67 членови, речиси сите битолчани со различни професии, од државни службеници, воени лица, офицери, трговци, учители, занаетчии како бакали, фотографи, хотелиери, бербери, шофери, пензионери.[554] Сојузот имал свој печат, а членовите на одборот биле директно назначувани по наредба на Министерството за трговија и индустрија.[555] Друштвото било дел од стрелачкиот сојуз на Кралството Југославија со седиште во Белград, за што плаќало одредена годишна членарина. Струмичката стрелачка дружина била формирана во текот на 1930 г. успевајќи за само две години подоцна да се пофали со членство од 200 приврзаници. На своето стрелиште редовно се одржувале стрелачки натпревари на кои учество земале и лица кои не се вбројувале меѓу членството.

Во поголем број градови меѓу кои Велес, Охрид, Тетово, Битола, Радовиш, Струмица биле формирани и **Ловечки друштва**, чии основни цели биле: заштита и размножување на дивечот, строго казнување за секој оној кој ќе биде пријавен заради недозволено, илегално ловење, уредување на ловечкото стрелиште, подигнување на ловечки дом, забрана на ловот во текот на размножувањето на дивечот и сл. Членовите во Велес имале можност, преку специјално издадени легитимни книшки, само три пати во неделата да да се занимаваат со оваа дејност.[556] Меѓутоа сите оние што поседувале ловџиски кучиња, задолжително за нив морале да имаат ланци со соодветни броеви добиени од Општината, зашто во спротивно следувала казна за сопствениците на кучињата и убивање на истите. Друштвата често организирале и заеднички вечерни дружења во дел од локланите кафеани или хотели, на кои се подготвувала богата храна од дивеч, пропратени со театарски претстави, музика и сл. [557] Друштвата

---

[554] ДАРМ, ПО Битола, Стрелачки сојуз Вук Мандушиќ, несреден фонд.
[555] Ibidem.
[556] ДАРМ, ПО Велес, ф.Мемоарски сеќавања, несреден фонд.
[557] Весник „Вардар" (Во просториите на хотелот „Велика Србија" за своите членови, друштвото од Охрид на 14 октомври 1933 г. организирало вечера на која присуствувале 120 поканети гости. Вечерата била од дивеч и охридско вино. Се играло и пеело до доцна во ноќта. На 19 октомври 1936 г., Ловечкото здружение од Тетово организирало забава во салата на хотелот „Јадран". По театарската претстава била организирана вечера од зајачко и свинско печење. Била организирана и игранка на која се избрала и една девојка за кралица на вечерта. Таа добила и подарок. Во Струмица ловечкото друштво во текот на 1932 г. по повод одбележувањето на својата слава „Св.Евстатиј" организирало свечена прослава во хотелот „Српски крал" на која присуствувале сите претставници на воените и цивилните власти, претставници на културните, просветните и националните институции и голем број на граѓани.).

имале и своја слава, одбележувана на празникот Св. Евстатиј, кој го сметале за нивни заштитник.[558]

Доста активно и современо за својот период на функционирање било и **Здружението на вардарските јавачи „Кнез Михајло“** во Скопје, кое на островот на реката Вардар во близина на Зоолошката градина, спроти Фрнацуските гробишта, редовно одржувал трки со коњи масовно посетувани од локалното население, па дури и од најбогатите. Островот бил граден три години и официјално пуштен за користење во текот на 1932. Само три години подоцна ова излетничко место било целосно поплавено.

На натпреварите присуствувале и претставничките на понежниот пол, за кои биле приредувани на почетокот ревии на женска мода. Се одржувале и фудбалски натпревари, изложби на коњи, а офицерскиот присутен кадар со своите коњи изведувале и разни точки. По натпреварите биле одржувани и забави, за која цел и самото место било целосно украсувано. Присуството се наплатувало, а оние кои не можеле да си дозволат влез, натпреварите ги следеле од спротивната страна на реката.

Во меѓувоениот период доста активни биле и **Ротари-клубовите**. Во Ротари клубот во Скопје членови биле сите видни и први луѓе во градот. Девизата на скопскиот ротари клуб гласела: „Себ' прегорјев највише се може“. Содржината била земена од „Сербијанке“ од Симо Милутиновиќ и значи: Само самопрегорен и човек кој знае да се одрекува, може најмногу да направи. Несебичната служба за другите е главната основа на ротаријанството и токму затоа од неговите членови се бара да бидат хумани, конструктивни и правични.

Во првата половина на триесетите години била забележана интензивна појава на формирање на **пожарникарски доброволни друштва и чети** во поголем број на градови, задолжени и за заштита на својата селска околина. Самите општински власти знаејќи дека најголем дел од куќите се изградени од лесно запалливи материјали, се одлучувале за формирање на вакви доброволни чети, во кои се зачленувале многумина од локалното население. Во овој период познато било формирањето на пожарникарските чети во Скопје, Тетово, Куманово, Гостивар, Крива Паланка и други места. Во текот на 1933 г. во Штип било формирано противпожарно друштво на иницијатива на Костадин

[558] Ibidem, (На 10 октомври 1933 г. ловечкото друштво во Радовиш организирало прослава на „Св. Евстатиј“, нивниот заштитник. Сечењето на колачот било направено во кафеаната „Белград“. Претседател на здружението бил Јован Теокаревиќ, додека домаќин на славата во текот на 1933 бил К. Сусиновиќ, угледен трговец. Во текот на минатата година друштвото организирало неколку хајки на волци и диви свињи.).

Настиќ[559], како резултат на честите пожари во овој регион кои предизвикале сериозни материјални штети.

Иницијативите на здружување биле бројни, давајќи можност секому за делување во ограноците каде се пронаоѓале. Иако формирани со одредена политичка цел, тие на локалното население му дадоа шанса да биде дел од хуманитарни акции, наменски курсеви, културни случувања, првите авионски летови, активности кои му го одземаа и преокупираа времето на населението кое навлегуваше во сите јавни случувања.

3.3 Евреите меѓу двете светски војни

Во периодот меѓу двете светски војни забележително било и присуството на Евреите во дел од македонските градови, оставајќи траги во општествениот живот, организиран преку еврејската општина, синагогата, училиштата и другите нивни институции.[560] Најбројни биле во Скопје, Штип и Битола[561]. Сепак нивниот број видно ќе се намали заради се почестите иселувања надвор од границите на Македонија, барајќи подобри услови за себе и своето семејство.

Секоја од општините водела прецизна евиденција, односно списоци на еврејските семејства со нивните лични податоци, професијата, членовите и статусот во семејството.[562]

Евреите во македонските градови се занимавале со трговија[563] и занаетчиство[564]. За нив познато било дека биле едни од поуспешните трговци

---

[559] Кирил Цацков, *Штипскиот регион...* op.cit, стр. 154 (Штипјанецот Костадин Настиќ своите искуства ги стекнал за време на повеќегодишниот престој во Сталаќ, а успешно пренесувајќи ги и на членовите на друштвото.).

[560] Еврејската заедница не била од интерес за српската власт и како таква не подложела на спроведуваната асимилација и денационализација, што ќе и овозможи поголеми привилегии на јазична и верска основа, кои ќе ги искористи за одржување на својата култура и традиција.

[561] *Во периодот меѓу двете светски војни Битола видно ќе го почувствува* стопанското назадување, посебно со повлекувањето на новите државни граници кои одземаа делови од Македонија, значајни за Битола и се разбира за другите градови како извори на суровини и потрошувачки центри на занаетчиските дејности.

[562] ДАРМ, ПО Битола, ф. Битолските Евреи 1918-1929, к. 1-3, необработен фонд (Според евиденцијата во списоците, најголем дел од Евреите биле занаетчии, наемни работници и трговци, нивните сопруги пак домаќинки, одлични кројачки, продавачки на ленени конци, слугинки и наемни работнички. Меѓу жените познати Еврејки се споменуваат Пардо Ј. Паломба која била масажерка во еврејската бања, Албохер И. Естрија позната шивачка, Албохер Сунхула, продавачка на ленени конци и др.

Евидентиран е и бројот на нивните деца и моменталното образование. Би ги спомнала како пример: Алаџем Соломон Елизер роден 1883 г. во Истанбул. Бил познат шивач на кошули со дуќан покрај саатот. Сопругата му била домаќинка, а двете ќерки ученички во Француското училиште во Битола. Албалак Јосеф Аврам роден 1885 г. во Битола бил носач по професија. Семејството му било сиромашно и помагано од еврејските организации во Битола. Сопругата му била перачка на алишта по куќи, а ќерката слугинка. Дел од децата се едуцирале на товар на еврејската општина. Албалак Моше Беневениста бил трговец на големо со дуќан во Безистенот. Бил познат добротворец. Албалак Исак Јаков бил колар, чие сиромашно семејство му било помагано од еврејската организација во градот. Сопругата му била перачка...).

во градовите, за што сведочат и зачуваните архивски материјали и трговски фондови. Најпознати биле еврејските сарафи, кои во своите дуќани легално им ги менувале странските валути на сите оние кои од странство носеле или добивале чекови или банкноти. Живееле во посебен дел од градот, еврејски маала[565], каде и функционирале нивните општествени институции преку кои го организирале културно-просветниот, спортскиот и забавниот живот. Општините поседувале свои приходи обезбедувани од самите членови кои плаќале извесни суми во зависност од својата материјална состојба, подароци, доброволни прилози, но и од нејзините неподвижни имоти, како куќи, дуќани и други објекти кои ги давала под наем. Поседувале и специјални фондови чии средства биле наменети за хуманитарни цели и помагање на болните и сиромашните припадници[566], кои ги имало во голем број. Евреите се сретнувале како: амали, трговски помошници, кондураџии, бербери, шивачи[567], столари, кожари, пекари, арабаџии, ќумурџии, кафеџии, бавчованџии, ковачи, лимари, ќебапчии, леблебиџии, келнери, метлари и др., но и како трговци, адвокати, лекари, инженери итн. Биле познати како големи економисти. За нив штипјанецот Трајко Јованов се сеќава: „Евреите ги собираа семките од тиквите и ги печеа заедно со леблебијата. Беа големи економисти, ние ништо не научивме од нив".[568] Еврејските жени пак биле познати како модерни кројачки.

Еврејските дуќани работеле од понеделник до петок, имале свои правила кои наложувале саботата да ја сметаат како ден за одмор. Според своите верски убедувања тие дури не го палеле ниту огинот, односно не ставале в рака никакви метални предмети. „Во сабота не работеа, да ги убиеш не

---

[563] Ibidem, Поимотните Евреи во Битола се споменуваат како трговци на големо со жито, со брашно, со овошје и зеленчук, со галантерија, со кожи и сл. Голем дел од нив имале и свои дуќани на видни места низ градот како: Албалак Моше Беневениста кој имал дуќан во Безистенот, Ароести Хаим Тодорос, *акционер во електро-индустријата во Битола кој имал и* дуќан со електро-материјали и радио-апарати лоциран на Широк сокак. Асео А. Израел роден 1896 г. во Солун бил трговец со автомобили, автомобилски делови, алати и бензин. Калдерон Х. Мушан бил еден од најголемите трговци со жито и брашно. Камхи Соломон Моис бил трговец со автомобили и автомобилски делови со дуќан на Широк сокак. Јуда Пардо поседувал работилница за свилени и памучни платна, а Фараџи Пардо, Арон Леви, Јуда Пардо и Витал Фараџи биле сопственици на фабрика за сапун. Штипските пак Евреи биле познати по трговијата со афион, катран, памук, сусам и сончоглед.

[564] Според правилата на еврејската заедница, дуќаните на Евреите не работеле во саботите и неделите. Во многу од нив занаетот го изучувале и македонските деца.

[565] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 27, Еврејското маало во Скопје било познато како Чивутана лоцирано веднаш до Пајко маало. Покрај Евреите, во маалото почнале да се градат и домовите на Македонци, полека менувајќи го неговиот изглед.

[566] Основно правило кај поимотните Евреи било да ги помагаат сиромашните во обидите да успеат со својата работа.

[567] Во Битола имало три дуќани кои се занимавале со изработка само на ученички капи. Во градот само Евреите се занимавале со нивната изработка.

[568] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип.

работеа, дури и печката не ја палеа", се сеќава битолчанецот Ѓорѓи Димовски Цолев.[569]

Во овие денови на одмор, често оделе на излети со своите семејства. Во Штип како излетничко место го сметале местото Лесковица. Во втората половина на 30-тите години Еврејките први почнале да одат на плажа на Чардаклиското езеро, облечени во едноделни костими за капење.[570] Излети организирала и еврејската младина надвор од Скопје, на кои се организирале и предавања со актуелните политички проблеми и прашања. Се почесто организирале и логорувања, како и семејни летувања.

Во овој период еврејските маала ќе доживеат извесни промени, благодарение на поединци кои ќе почнат да градат модерни куќи, дуќани, кафеани со бавчи, училишта и сл. Посебно забележителни биле еврејските заедници во Скопје, Штип и Битола за која сведочат зачуваните фотографии направени во фотографското студио на Милтон Манаки. Зачувани се многу семејни фотографии, фотографии од друштвениот живот, свадби, екскурзии, излети, погреби, активности на разни здруженија, манифестации и сл. Функционирањето на заедницата во текот на 1933 г. било јавно промовирано во публикацијата „Правила јеврејске вероисповедне општине у Битољу".[571]

Верските обреди се вршеле во синагогите[572]. Празниците ги прославувале доста свечено, посебно се радувале на обрежувањето на машките деца и свадбите. За секој празник околу синагогите се организирале и панаѓури.

За стекнувањето на писменоста биле задолжени еврејските училишта, во кои се добивале најосновни познавања од еврејската историја, аритметика, изучувањето на хебрејското писмо, француски јазик и сл. Евреите се запишувале и во државни основни училишта, додека средното образование можеле да го стекнат само во државните училишта каде наставата се одвивала на српски јазик, со што ќе се означи почетокот на нивното помасовно школување. Најчесто завршувале само основно, но доколку продолжувале со средното образование многу повеќе се запишувале во стручните занаетчиски и трговски училишта, отколку во Гимназиите. Доста чести биле запишувањата во приватното Француско-српско училиште, преку кое и го учеле францускиот јазик. Биле дел и од многуте ученички напредни друштва и организации, обидувајќи се заедно со останатите ученици да се спротивстават на режимската

---

[569] Сеќавања на Ѓорѓи Димовски Цолев од Битола.

[570] Јелисавета Фетка Бојаџиска, *Штипска...*, op. cit., стр. 66.

[571] Ѓорѓи Димовски-Цолев, *Битолските Евреи*, Битола 1993, стр. 121-122. Според Правилникот, еврејската заедница во Битола имала своја Општина составена од управни тела и тоа: општински совет, општински одбор, претседателство и претседател. Голема улога имал и Рабинот - главниот свештеник на евреите, односно врховен поглавар и учител во Општината.

[572] Евреите биле познати како верници кои во целост ги почитувале традицијата и верските обичаи посебно кон оние кои биле поврзани со хигиената, раѓањето, стапувањето во брак и умирањето. Одговорните во синагогите биле задолжени за водењето на матичната книга на Евреите.

легитимна власт. Во овој период само тројца Евреи се запишале и ги завршиле студиите на Филозофскиот факултет. Од учебната 1940 г. со закон нивното образование било ограничено.

Евреите во Скопје имале свој клуб сместен во двоспратна модерна зграда, користена како место за деловни состаноци и забава за членовите кои во слободното време играле шах, карти, табла или се забавувале со некој друг вид забава. Во сутеренот се наоѓала голема сала со бина, користена од младите Евреи за одржување игранки, предавања, претстави и слично. Еднаш годишно се организирале и маскенбали, за кои најмладите со недели однапред си подготвувале маски.

И Евреите во Штип имале и свој клуб уреден со неколку маси и столови, каде се одвивал богат духовен живот, а тој располагал и со сите списанија и публикации што излегувале на еврејски јазик.[573] Во рамките на клубот функционирале драмската секција и секцијата за модерен танц. Евреите биле познати и по своите музички способности. Пееле турски, грчки, шпански, српски и македонски песни. Многу Евреи во Скопје свиреле и на различни инструменти, како гитара, мандолина и виолина. Во градот познати биле и Евреи професионални музичари кои свиреле по куќите по повод домашните свеченост.

Културно-просветните активности ги збогатувале и тогаш формираните друштва, како аматерско драмските секции[574], хоровите со кои гостувале во градовите каде имало еврејско население, фудбалски клубови и сл. Се издвојувала работата на друштвото „Хашомер Хасаир" во Штип и Битола, чии што предводници работеле на воспитување на еврејската младина како и на ширењето на идејата за иселување на Евреите во Палестина и Израел.[575] Друштвото организирало многу културно-забавни и спортски активности, излети, заеднички летувања, логорувања, предавања и сл., наменети за средношколската младина. Покрај во чисто еврејските здруженија, Евреите членувале и во други друштва организирани од македонското население. Се вклучувале во фудбалските и планинарските клубови, во „Клубот на пријателите на Франција", во „Ротари клубот", во Меѓународниот филателистички клуб, формиран 1922 г. Биле дел и од многуте хуманитарни акции во градовите и културно-просветните институции. Биле чести посетители на кината и Народниот театар, уживале да ги проследуваат комедиите.

Еврејското женско добротворно друштво во Скопје го предводела Стреја Албахари. Друштвото ги помагало сиромашните Евреи. Секоја година за време денот на детската радост (ханука) облекувало околу 30-

---

[573] Кирил Цацков, *Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1941* (докторска дисертација), стр. 180.

[574] Драмската секција во Штип во периодот помеѓу 1925-1930 г., во зградата на хотелот „Гранд", за своите сограѓани успеала да прикаже неколку драмски претстави на еврејско-шпански јазик.

[575] Кирил Цацков, *Штипскиот регион...*, op. cit., стр. 180.

тина незгрижени деца. Друштвото имало и свој феријален одсек кој секоја година праќал извесен број болни еврејски деца од Скопје во Далмација. Друштвото средствата ги прибирало од доброволни прилози, членарини и приходи од своите јавни приредби.

Познато и доста активно било битолското женско здружение „Вицо", чија основна цел била подготвување на чеиз и школување на сиромашните девојки, односно еманципирање на жената еврејка и нејзино вклучување во сите процеси. Често организирале изложби од женските изработки, лотарии и сл., обезбедувајќи така дел од приходите. Здружението организирало и курсеви за описменување, кроење и шиење, а од втората половина на триесеттите години, млади еврејки биле испраќани во Белград, каде се стекнувале со потребните квалификации.[576]

Евреите биле познати по своето ционистичко движење, пропагирано преку многуте организации и здруженија, чии припадници верувале дека еден ден ќе имаат можност за откуп на својата земја во Палестина.

Меѓу еврејската младина во Битола позитивна улога одиграл Арпад Лебл, кој од 1936 г. па се до 1939 г. бил поставен за професор во Трговската академија во Битола. Често организирал излети на Пелистер, забави и вечеринки каде и ги ширел своите напредни идеи и антифашистичко движење. Неговото влијание го прифатиле многумина, успешно приклучувајќи се кон сите тогашни процеси и промени.

Иако малобројна еврејската заедница била дел од функционирањето во вардарскиот дел од Македонија, успешно вклопувајќи се во процесите кои ги наметнуваше секојдневието меѓу двете светски војни, но наметнувајќи и свои влијанија врз средината каде опстојуваше. Оваа заедница, посебно помладите генерации полека но сигурно ќе ја напуштаа конзервативната средина полека се напуштала, подложувајќи се на процесите на модернизација.

3.4 Културно-просветните прилики меѓу муслиманската заедница

Сите муслимани во Кралството Југославија сочинувале една самостојна верска заедница на чело со реис-ул-улема како врховен верски старешина. Оваа заедница самостојно ги раководела своите верско-просветни и вакафски имотни работи, а основната цел и била изградување на нови џамии, мектеби, медреси и други верски, просветни и хуманитарни организации, подготвување на верски службеници, верско просветни наставници за своите и други

[576] Ѓорѓи Димовски-Цолев, *Битолските...*, op. cit., стр. 129 (Жули Батино Асео била една од најпознатите жени Еврејки во Битола кои раководеле со женското здружение, благодарение на која младите Еврејки многу полесно можеле да се вклучат во секојдневниот начин на живеење, прифаќајќи ги новите процеси на модернизација.).

училишта, грижа за верско и морално воспитување и образование на исламската младина во државните и свои училишта и сл.[577]

За сите муслимански училишта во Вардарскиот дел на Македонија, постоело посебно надзорништво со седиште во Скопје, задолжено за надзор и контрола на целокупниот наставен кадар во овие училишта.[578] Иако основното образование било задолжително, муслиманските деца, посебно женските, не биле редовно запишувани.

Од културните институции со најголемо значење би ја споменала Големата Медреса „Крал Александар I" во Скопје, во која ќе се гледа обид за креирање на високообразован муслимански свештенички подмладок, способен да ги задоволи потребите во нивните верски инситуции. Медресата била комбинација од муслиманска стручна теолошка институција и редовна гимназија. Со одобрување на Министерството за просвета започнала да работи од 1923 г., според чии правила и програма се предавале сите гимназиски предмети, а од стручните предмети се предавале: арапски јазик и книжевност, Шеријатско право, Муслиманска догматика, Исламска традиција, Толкување на Куранот, Муслиманско наследно право, Историја на исламот и др. Како дел од Медресата биле и повеќето тогаш формирани ученички културни, хуманитарни и спортски друштва како: Јужна Вила, Осман Ѓиќиќ, спортскиот фудбалски клуб Јадран, Феријалниот сојуз, Подмладокот на Црвениот Крст и др.

Во текот на истражувањето посебен интерес ми предизвика Потпорно друштво „Хамијет" - муслиманско друштво во Битола.

Муслиманскиот елемент бил доста запоставен во вардарскиот дел од Македонија. Српските власти не биле заинтересирани за нивно културно издигнување, поточно го држеле на степенот на кој и го нашле тогаш. Многу мал бил бројот и на образованите муслимани, како и на оние муслимани кои имале изучено некој модерен занает. Сепак свеста за заедничко помагање и делување меѓу сиромашните Турци била широко развиена посебно меѓу оние кои живееле во Битола. Во текот на 1934 г. била покренатата акција за основање на Муслиманско хуманитарно друштво „Хамијет", сместено во Купут хане, во просториите каде биле сместени, Шеријатскиот суд и вакуф поверенството во Битола како и последната турска библиотека Интифа[579].

---

[577] ДАРМ, ПО Битола, ф.Околиско вакуфско-меарифско поверенство, Битола 1930-1941, несреден фонд.

[578] Марија Јовановиќ, *Просветно-политичките*..., op. cit., стр. 102.

[579]Печатарството и издаваштвото..., op. cit, книга 2, стр. 456 (Во просториите на библиотеката се наоѓале стари книги, вредни ракописи, печатени книги од разни периоди и автори на турски, арапски и персиски јазик. Во неа била сместувана и литература од разрушените џамии, од вакафите и други исламски институции. За нив се до 1936 г. кога библиотеката престанала со работа, се грижело платено лице, библиотекар, а тие единствено можеле да се читаат само во просториите на Интифата, што значи дека оваа библиотека била од затворен тип. Во текот на 1938 г., заради вредните книги кои се наоѓале во овие простории, бил изведен организиран грабеж, по кој многу од

Друштвото имало за цел да ја развива меѓу муслиманите смислата за општествени и хуманитарни дела, одржување на аналфабетски курсеви, материјално помагање на сите сиромашни муслимани, сиромашни ученици, одржување на муслиманските гробишта во Битола, вработување на муслиманите, борба против раширената појава на просјачењето кај муслиманите, цели за кои требало и стабилни финансиски средства.[580]

Најголем дел од финансиските средства друштвото ги обезбедувало преку членските влогови, доброволните прилози во пари и производи, приходи од продадените кожи за врме на Курбан бајрам, приходи од забави и приредби и сл. [581]

Член на друштвото можел да биде секој еден пријателски расположен битолчанец, вбројувајќи се така во редовните, почесните, добротворните членови и помагачите.[582] За сите членски влогови одговорните воделе евиденција, забележувајќи го секое внесување на парични средства. Друштвото имало и свој управен и надзорен одбор, кои одлучувале за сите цели и задачи спроведувани во градот Битола. Нивните активности редовно биле забележувани во годишните извештаи, во кои за изминатата година можело да се видат сите остварени приходи, расходи, цели и сл.

Друштвото „Хамијет" започнало да функционира во текот на втората половина на 1934 г., кога бил избран и неговиот едногодишен Управен одбор, кој пак веднаш си поставил за цел да најде еден подобен локал за сместување на своите канцеларии, за што било поднесено барање до среското вакуфско мерифско поверенство со молба тоа бесплатно да ги отстапи за за потребите на друштвото двете одделенија што се наоѓаат под муслиманската библиотека. Друштвото имало свои правила според кои ја организирало и својата дејност.

Од почетокот на своето работење па се до месец декември 1935 г., друштвото имало 364 членови од различни професии, кои биле задолжени со одредена месечна членарина. Веќе споменав дека друштвото се финасирало и од доброволните прилози, за што биле купени сандачиња и поделени на членовите кои ги собирале овие прилози. Доброволни

литературата била распродадена на Цариградскиот пазар или пак уништена. Во библиотеката се наоѓале и двата часовници со постаменти, во висина на човечки бој. Тие го регистрирале времето, едниот ала-франга, другиот ала-турка и биле толку прецизни што поединци доаѓале да ги проверат своите џебни часовници, од каде потекнува и името интифа, означувајќи точно време.

[580] ДАРМ, ПО Битола, ф. Потпорно друштво Хамијет, несреден фонд.

[581] Ibidem, (Често пати членовите на друштвото се обраќаат до сите подобни институции и личности за кои сметаат дека ќе им помогнат. Една од тие личности е и сопственикот на книжара и печатница, Хамди Копчиќ, за снабдување на друштвото со потребниот канцелариски материјал, за што сведочат и сите зачувани архивски документи, кои друштвото многу прецизно ги водело во текот на своето делување.).

[582] Ibidem, Секој член доброволно можел да го напушти друштвото самоиницијативно или пак да биде исклучен во секој момент. Исклучување следувало и доколку членот го занемарувал плаќањето на членаринатa повеќе од три месеци.

прилози често барале и од иселените битолски муслимани во Турција, наменувани за одржување на муслиманските свети објекти. Финансиските средства се обезбедувале и од битолската општина, од вакуфската дирекција во Скопје и од други места. Членовите на Управниот одбор одлучиле 19 декември да се одбележува како ден на Друштвото, ден кога од сите муслимани се собирале доброволни прилози.

Една од најприоритетните цели на друштвото било помагање на сиромашните муслимани. Во текот на истата година било извршено заедничко бесплатно сунетисување на 66 муслимански сиромашни деца[583] на деца од 3 до 13 годишна возраст[584], на кои им биле дадени по еден пар чевли и чорапи, по една кошула и капа. Сунетисувањето го вршеле битолските бербери. Друштвото помагало и во текот на погребувањето на сиромашните муслимани, давајќи целосна потребна опрема за извршување на чинот, донирало облека, обувки и храна за сиромашните ученици.

Одборот организирал и аналфабетски курсеви за неписмените муслимани во градот. Биле дел и од средувањето на муслиманските гробишта, оградувањето и засадувањето на зеленило.

За сите активности редовно биле изработувани и годишни извешати со сите потребни информации за случувањата во текот на годината.

Во текот на месец февруари 1940 г. членовите на друштвото преземале една хуманитарна активност за собирање на доброволни прилози за настраданите во Турција. За што поголем успех во делувањето управниот одбор на друштвото решило да се формира женска секција за Битола чии членови ќе собираат прилози од битолските жени, потоа да се образуваат селски делегации, како и формирање на одбори за собирање на прилози од христијаните во Битола.

Доброволни прилози друштвото собирало за време позначајните муслимански празници од поимотните муслимани во градот, а пак доделувале одредена помош на сиромашните за време на тие празници, Курбан и Рамазан.

Во Куманово од муслиманската младина било формирано друштвото „Мехаремед", иницијатива на Месниот комитет на скоевската организација. Во 1938 г. биле формирани и првите воспитни групи меѓу муслиманската младина,

---

[583] Чинот на бесплатното обрежување на децата или сунет се вршел по јавен повик до муслиманските семејства, така што секој родител кој не бил во можност да го плати овој чин слободно можел да го пријави своето дете. Децата најчесто се собирале пред Исарија џамија каде организаторите им поделувале нова облека со која биле покажувани низ градот. По обиколката се враќале во џамијата на мевлуд шариф. Подоцна берберите поминувале во секој дом каде имало дете за сунетисување.

[584] Весник „Вардар" (Чинот на сунетисувањето во 1934 г. бил свечено одбележан, со украсување на џамијата и свечена поворка во која учество земале сите повидни муслимани и целата управа на друштвото следени од музиката со зурли и тапани.).

за чија наклонетост партиските членови организирале предавања насочени за нивно афирмирање со моменталната политичка состојба.[585]

Турското население иако бројно многу намалено, продолжи да опстанува на овие простори и да го насочува своето секојдневие онака како наложуваа правилата на српската власт. И понатаму ги одржа своите традиционлани врски и државни одбележувања, многу повеќе се спротивстави на обидите на подигнување на културното ниво и модернизациските процеси, посебно игнорирани од женските претставнички. Формирањето на муслиманските друштва сепак беа потврда дека и ова население се подложи на трансформација и следење на чекорот со времето, кое наложуваше постојани промени.

3.5 Тетарската дејност и промените што доаѓаат со неа

По Првата светска војна театарската дејност доживела значајни промени во Вардарскиот дел од Македонија. Српската власт познавајќи ја силата и значењето на театарот, настојувала да ја стави оваа уметност под своја контрола, која ќе донесе многу позитивни влијанија. Така за кратко време на овие простори ќе се најдат плејада од многу луѓе, артисти, артистки, нови клутури, познавања од светските случувања, промени во однесувањето, модата, начинот на обликувањето на косата, начинот на говорењето, слушањето на музиката, обликувањето на свеста за европската и светската литература и сл.

Тетарската дејност во вардарскиот дел од Македонија веќе ја имала поставено својата основа и се одвивала пред граѓанство кое било подготвено за новините и сознанијата кои ги носи комедијата и трагедијата. Оваа уметност ќе ги доближи до сите исмејувањето на негативното, раскажувањата за вистината, правдата и неправдата. Театарот ќе продре до многу македонски градови и села, но најголем пресврт ќе изврши во градовите како Скопје, Битола и Штип. Со постојаните бројни посети, локалното население покажало голема доверба и блискост, нагласувајќи дека многу повеќе им се допаѓа слушањето на природно изговорениот глас, потег, смеа, движења на телото и сл.

Во Скопје како најголема метропола и најразвиена градска средина, функционирал театарот како еден од шесте професионални куќи, или обласни театри во Кралството СХС, покрај трите централни во Белград, Загреб и Љубљана, предводен од Бранислав Нушиќ. Неговата работата се одвивала според старите правила, односно според законот од 16 мај 1911 донесен за Народниот театар во Белград. Така само министерот можел да

[585] Боро Чушкар, *Борбено...*, op. cit., стр. 532-533.

ја одобри работата на некој од новоформираните театри, воедно определувајќи ја и финансиската сума која ќе му се доделува. Законот важел и за месните и за патувачките театри.

Како што веќе споменав за кратко време на овие простори ќе бидат донесени голем број српски и руски актери и режисери[586] преку чиј репертоар се пренесувало новото национално воспитување, но и европската култура. Руските емигранти покажале сериозна заинтересираност и за правилното изградување на уметничкиот кадар, неговото оспособување за уметноста што ја изведува. Влијаеле и со своите навики на функционирање, применување на модата и сл. Во овој период, во Народниот театар во 1919 г. бил вработен и првиот македонски актер Тодор Николовски, во почетокот како помошник на актерите и подготвување на декорот на сцената.[587] За кратко време станал дел и од актерскиот тим добивајќи улоги со кои секогаш го привлекувал вниманието на управителите.

Почетоците биле многу тешки со оглед на завладеаната економска криза. Театарската уметност била ставена под надлежност на Министерството за просвета и посебниот Репертоарски одбор, составен од началниците на одделенијата и шефовите на отсеците задолжени за духовното и културното наследство. Тие биле задолжени за целокупниот репертоар, за самата театарска сезона. Го одобрувале поднесениот репертоар, а имале право да не одобрат и некоја од нив или пак да додадат некоја за која сметале дека треба да се најде како изведба[588].

Првите театарски изведби во недостаток на сопствена зграда, биле поставени во салата на кафеаната „Зрински", а до изградувањето на новиот тетар и во реновираната театарска зграда „Арена", која наликувала на воена барака која се наоѓала во центарот на Скопје веднаш до обалата на Вардар, потоа во салонот на ресторанот „Палас" и во „Кранговата палата", каде истовремено се одржувале и балови, разни приеми, а било отворено и училиште за танци.[589] Театарските претстави во кафеаните покрај реката Вардар посебно биле пријатни да се гледаат во летниот период. Задоволството било надополнувано со пијалоци и убава скара. Јадењето и пиењето за време претставите било дозволено подолг временски период, се до појавата на тонскиот филм кога биле забранети.

---

[586] Театарот во Скопје имал можност да соработува со четворица познати руски режисери како Јаков Осипович, Александра Лескова, Александар Верешчагин и Јуриј Ракитин, чии изведби мошне добро се манифестирале кај локалното население.

[587] Иван Ивановски, *Тодор Николовски*, Скопје 1991, стр. 14.

[588] Во почетокот театарскиот репертоар се одликувал со национален и пропагандистички карактер, а кои според тогашните критики во дневниот печат немале никакво воспитно дејство, единствено можеле да ја насмеат само публиката.

[589] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op. cit., стр. 205-206.

Во 1919 г. започнала изградба на привремена театарска зграда[590], а од 1921 г. започнала и изградбата на новата современа и модерна зграда, која претрпела многу измени до самото завршување.[591] Поставена била на местото на стариот Турски театар. Отворањето на новата зграда предводена од управникот Бранислав Воиновиќ, во текот на 1927 г. се прославувало четири дена, настан за кој подолго време се пишувало по дневните весници, пропратено со многу настани како изложба на сликари од Јужна Србија, Соколска академија, свечена седница на Скопското научно друштво, предавања за улогата на тетарот, неколку театарски изведби и сл.[592] Така една од најубавите и најсофистицираните згради станала украс на градот, осветлувајќи го во вечерните часови кејот на реката Вардар. Надворешниот изглед неможел да се спореди со внатрешната декорација. Посетителите биле крајно задоволни, оддолжувајќи се со беспрекорното однесување и модерната облека, за која сметале дека е неопходен детал кој мора да се почитува за време одењето во театарот. Заради одржување на хигиената во новата зграда, управата издала специјално наменети правила за вработените.

Одржувањето и реализирањето на квалитетни драмски дела, посебно оние од националистички аспект барале и вложување на одредени финансиски средства кои отсекогаш биле голем проблем за татарот во Скопје, кому му се доделувала недолична сума за опстанок и функционирање. Театарската сезона почнувала во септември и траела до месец мај. Секоја театарска претстава се најавувала преку испечатени плакати на кои покрај насловот и содржината на претставата се давале информации за времето на изведување, името на артистите, цената на

---

[590]ДАРМ, ф. Народен театар Скопје, несреден фонд, Тодор Николовски, Сеќавања, Скопје 1991, стр. 19 (Старата зграда била ниска и неугледна однадвор, но наоѓајќи се во ценатрот на градот била многу привлечна за гимназијалците. Многу од нив статирале во разни пиеси, пееле во хорот, а и редовно го посетувале бифето во самата зграда.
Започнала да работи со многу слаб инвентар донесен од Белградскиот театар. Дел од гардеробата се купувала и од Бит Пазар како турски чакшири, елеци, минтани, појаси, фесови, женски шалвари, кошули, елеци од срма и сл. Во септември 1920 г. театарот како репарација од Германија добил мебел, декорација и гардероба, донесени во 17 возни вагони. Се донеле разни раскошни облеки и костуми, шпански, француски, англиски, чизми, чевли, патики, шлемови, штитови, копја, секири, мечови и др. Костимите ги добивале и како подарок од поимотни граѓани, кои знаеле да дониираат за потребите на театарските претстави женски и машки носии од српската народна традиција и фолклор.)

[591] Ристо Стефановски, *Театарот во Македонија*, Скопје 1990, 127-128 (Зградата, завршена во текот на 1927 г., била со железна конструкција, најдобра електрична инсталација, со парно греење, удобен и декоративен дел за публиката со партер од 16 редови, две галерии - прв балкон со 9 редови, втор балкон со седишта од страна во 5 редови. Од оваа година тетарот има и ново име Скопски народен театар „Крал Александар".)

[592] Лилјана Мазова, *Театар на други јазици (1913-1944)*, во *Тетарот на почвата на Македонија од антиката до денес*, МАНУ, стр. 285.

билетите во зависност од местото на седење[593], како и местото од каде можеле да се купат.

Карактеристично е што од овој театар ќе станат дел многу познати управници, личности кои зазамале видно место во белградскиот културен живот, но и личности кои доаѓале надвор од Белград образувани на најдобрите универзитети како Бранислав Нушиќ, Радивое Караџиќ, Андрија Милчиновиќ, Бранко Цветковиќ, Бранислав Воиновиќ,[594] потоа Велимир Живоиновиќ-Масука, режисер и поранешен управник на белградскиот театар, воедно и драмски писател, театарски критичар, Уредник на списанието „Мисао", поет и преведувач и др. Секој на свој начин ќе се обиде да внесе некои за себе препознатливи промени, кои го издвојувале на пример Андрија Милчиновиќ како театарски управник кој се обидел да организира театарски вечеринки, на кои се прикажувале популарни и евтини водвили и буфонерии, вечеринки на хумор и уметничка сатира, истовремно соочувајќи се со опомените на власта за прикажување на воспитни театарски претстави.[595] Препознатливи белези оставило и седумгодишното управување на Радивое Караџиќ кој успеал да го консолидира ансамблот, да доведе познати и квалитетни режисери, да формира тетарски оркестар и балетска група за изведувачките потреби на оперетите, се организирале годишни турнеи низ целата територија на Македонија, но и надвор од неа. За време неговото управување започнале да се изведуваат и детски претстави, а за секоја сезона се подготвувал театарски весник.

Позитивни белези оставило и предвоеното управување на Велимир Живоиновиќ-Масука, кој посебно внимание посветувал на изборот на прикажуваните претстави, изборот на странските дела, ангажирањето на квалитетни режисери, изгледот на сценографијата, костимите и сл., постигнувајќи го тоа со ангажирање на познати сценографи-сликари како Никола Мартиноски, Тома Владимирски, Василие Поповиќ-Цицо и др. Токму во негово време се поставуваат и македонските битови драми.

Секој од нив ќе настојува да ги донесе на сцена делата на српските и странските автори, репертоар кој континуирано бил следен преку дневниот печат во кој редовно се објавувале тетарските рецензии и критички осврти, но ниту една од нив не била прилагодена на потребите на македонското граѓанство. Руското влијание било се поприсутно меѓу театарските дејци, кои се почесто биле обвинувани дека забораваат на

---

[593] ДАРМ, ф.Народен театар – Скопје, (Најдобрите места во првите редови обично биле претходно резервирани за поважните претставници во градот и пошироко. Често тие резервирања се правеле по предходно писмено барање до управата на театарот.).

[594] Бранислав Воиновиќ бил еден од оние управници кои за време на неговото предводење со театрот во периодот од 1928 до 1934 г. нашироко ги отворил вратите за домашните автори. Подобрувајќи ја финансиската положба, реорганзирајќи го ансамбалот, воведувајќи дисциплина, прикажува дела на македонски, српски, хрватски и словенски автори.

[595] Ристо Стефановски, *Театарот во*...op.cit, стр. 85.

своите националистички дејности. Меѓу познатите руски имиња се споменува и името на Александар Верешчагин, дипломиран инжињер и добар познавач на класиката и историјата на театарот, декоративното сликарство и архитектурата на сцената.

Скопската публика се покажала како доста желна за местото каде можела да ужива и добро да се насмее, односно да се оддалечи од секојдневниот живот, но истовремено и да се соочи со реалноста. Таа сакала вечер исполнета со многу смеа. Нејзините потреби до некаде започнале да се задоволуваат во триесеттите години, кога се посветувало големо внимание на изборот и квалитетот на претставите.

Во текот на една тетарска сезона се прикажувале над 300 претстави на српски јазик во Скопје и другите градови во вардарскиот дел од Македонија, реализирани од 25 актери и исто толку актерки, изведувајќи ги делата на Шекспир, Чехов, Толстој, Горки, Молиер, Софокле, Б.Станковиќ, С.Поповиќ, Б.Нушиќ, М.Глишиќ, Б.Станковиќ, М.Предиќ, С.Сремац, Ј.Поповиќ и др., односно се прикажувале делата на руските, француските, италијанските, германските, англиските и унгарските автори, а од српскохрвтаските автори најзастапен бил Бора Станковиќ.

Вработените во театрот се делеле на привремени, редовни и постојани, но управителот ја имал целата улога во театарот, тој можел да прима, да отпушта, да казнува и сл. Актерите без негова согласност неможеле ништо да менуваат, да патуваат или оддалечуваат најмалку четири километри од градот. Најстрого им било забрането да ја критикуваат играта на другите актери, режисерот, изведбата на делото, управата, да доцнат на пробите[596], да ја надминат границата во користењето на алкохол, несоодветно да се облекуваат и однесуваат пред публиката, неморално да се однесуваат и сл. Секое изостанување од театарот, биле должни писмено да го оправдаат.

Еден дел од актерите биле под заштита на државата водејќи се како државни службеници, но имало и актери кои зависеле директно од управникот на таетарот, добивајќи статус на обласни службеници, а како такви немале право на пензија и биле осигурени преку Уредот за социјални грижи[597]. Токму затоа и нивниот состав многу често се менувал, едни заминувале други доаѓале, надополнувајќи го театарот со млади таленти. Правата на актерите се регулирале преку Здружението на актерите на Кралството Југославија со седиште во Белград формирано во 1919 г. Сепак преку нивната игра јавноста во Македонија несевесно имала

---

[596] Тодор Николовски, *Сеќавања*, Скопје 1991, стр. 106-107 (Меѓу артистите секогаш се сретнувале и многу недисциплинирани, боемски луѓе кои уживале водејќи боемски живот. По бурните поминати вечери доста често доцнеле на утринските проби. Еден од управителите Верешчагин се обидел тоа да го промени и да ги казни. Бил прифатен неговиот предлог до секој актер што ќе задоцни да се испрати пајтон кој самиот ќе си ги плати, ако задоцни по вторпат два пајтони и така се одело до трето задоцнување.)

[597] Иван Ивановски, *Тодор Николовски*, Скопје 1991, стр. 15.

можност многу одблиску да се запознае со светските и домашните класици и нивните културни достигнувања и постигнувања.

Специфичност на скопскиот театар биле брачните двојки. Театарските групи биле составени и од многу руски актери - емигранти[598] кои се труделе одлично да го научат српскиот јазик, но често се случувало заради брзо подготвување на претставите да се слушне и рускиот јазик. Постојано се соочувале со финасиската криза, која влијаела и на нивното добро преставување преку костимите и шминката. Актери доаѓале од сите простори на Кралството СХС, односно Југославија, но најчесто кога требало да го одбележат својот работен јубилеј по повод 25 години играње на сцена од кои 15 години на дотичната сцена и тоа под услов да ги играле главните улоги. На уметникот му припаѓал целокупниот приход од претставата и другите награди и подароци, како еден вид социјална помош за напуштањето на театарот. [599] Актерите секогаш ја следеле европската и светската мода, облечени во најновите модели со фризури како што наложувале правилата на тогашното обликување на косата.

Чести гости во Скопје и театарот биле белградските артисти, Московскиот Художествен театар и театарот „Мала сцена" од Париз. Во сезоната 1932-33 г. во Скопје гостувал еврејскиот театар Хабима од Полска.

Пролетниот и летниот период биле наменети за гостување по градовите. Патувањето на театарските групи со автобуси, камиони, автомобили или запрежни коли навистина било отежнато. Во овој период престојувале во хотелите или по домовите на локалното населние и секаде биле добро пречекувани. Со себе, тетарската група ги понесувала само основните работи за да бидат што поподвижни при патувањето. Претходно се изработувала програмата за изведби по градовите. Со овие гостувања, театарот ги обезбедувал дел од своите постојани приходи.

Театарот опстанувал благодарение на државните приходи и од продажбата на билетите, така што секогаш се појавувале нерешени кадровски, просторни, меѓучовечки прашања, зависни од материјалните, финансиските примања. Трошоците им биле навистина големи зашто покрај редовните актери и останатите вработени (гардеробери, перикери, декоратери, облекувалки, служители, електричари), морало да се најде парични средства за хонорарните актери, лектори, режисери, драматурзи, благајници, статисти, суфлери, хористи, музичари итн.

Пиесите се подготвувале за многу кратко време, еден актер играл и по неколку улоги, но во втората половина на триесетите години

---

[598] Во текот на 1919 г. во Македонија пристигнале многу руски емигратни меѓу кои имало актери, пејачи, балетски играчи и музиканти, кои видно допринеле за развојот и издигнувањето на културното ниво во градовите на вардарскиот дел од Македонија.
[599] Ibidem, стр. 387.

тогашниот управник Велимир Живоиновиќ - Масука[600] воведува нови правила според кои еден актер можел да игра во две пиеси, со што сакал видно да го подобри изведувањето на делата кои навистина барале подолг период за подготвување отколку што дотогаш било предвидено.

Убавината на претставите била дополнувана од драмскиот хор и оркестарот, без кој не поминувала ниту една изведба, а подоцна се направил обид и за вменување на балетски точки, за што била формирана и балетска група. Сетоа тоа покажува дека театарот располагал со стручен и школуван кадар, меѓу кој се сретнувале и артисти со музичко образование. Не постоел актер кој не знаел да пее.

Во почетокот на дваесетите години започнало и стучното оспособување на кадрите, преку новоформираната театарска школа водена од Александар Верешчагин, Ана Дојран и Александра Лескова. Сместена во просториите на Првата машка гимназија, како и на сцената на самиот театар, новозапишаните актери имале можност да ја изучуваат актерската уметност, рецитирање, пеење, мимика, ритам, мечување и гимнастика, сценска игра, практика и др. Театарската школа траела доста кратко, од планираните две само една година. Можност да се образува во оваа школа имал и Тодор Николовски.

Публиката била разнолика, се сретнувале дојденци од разни краеви на Кралството СХС, претежно Срби, војници, офицери, службеници, чиновници, ученици, но и домашното граѓанство од различни националности, но најмногу Македонци, нешто што се покажало како посебен проблем за театарот, зашто сето тоа диктирало и задоволување на различни интереси во однос на прикажувањето на претставите. Тоа покажувало дека публиката поседувала вкус и огромна смисла за литературните вредности. Заради надминување на сите недостатоци започнале да се организираат во одредени денови и поединечни пиеси само за жени, за деца, за ученици, за земјоделци итн. Учениците често биле и дел од самата престава ангажирани како статисти. Привлекувањето на публиката се постигнувало и со намалување на влезниците или пак често пати организаторите на театарот знаеле да распишат и огласи за сезонска многу поевтина претплата, која понекогаш се симнувала и до 40 %, доколку во благајната приложи и пари за следните 10 претстави. Претплатата предвидувала и место по избор за секој поединечен претплатник.

Изведбите редовно биле пропратувани со тетарски критики во најголем дел од дневните весници и списанија, кои се покажале како доста

---

[600] Тодор Николовски, *Сеќавања*..., op. cit., стр.36 -37 (Живоиновиќ бил еден од првите управители на театарот кој дозволил поставување на пиеси од македонски автори и на македонски јазик. Во негово време театарот бил финансиски најстабилен и најпрофитабилен. Бил донесен и вработен многу млад кадар со кој се извеле и многу успешни претстави. Салонот на театарот го изнајмувал и за одржување на концерти од кои се добивал добар приход.).

оригинални во однос на оценувањето на актерската игра, дикцијата, декорот, шминката, креациите, раскошот, сценската поставеност, однесувањето, прифатеноста од публиката и нејзината реакција. Таа била привлекувана преку добро изработените плакати, атрактивни најави, со намалувањето на цената на билетите, но најголема наклонетост од публиката се добивала за време прикажувањето на репертоарот кој го отсликувал народниот живот. Дневниот печат неминовно постојано информирал и за приватниот живот на актерите, за нивните недостатоци, маани и позитивни карактеристики.

Народниот театар бил и место каде со одобрување на управата се подготвувале и прикажувале настани како литературни читања, предавања, концерти, приредби, балет, опери, предавања и сл., организирани од разни друштва, организации и гимназии.[601] Се одбележувале и разни празнични државни и верски прослави, годишнини, роденденi на престолонаследниците итн.

За задоволување и привлекување на македонското население, српаката власт во овој период ќе започне да прави големи отстапки водена и од тогашните политички случувања. Ќе дозволи прикажување на театарски престави на некои од мекедонските дијалекти. Сепак пресудно се покажало културното и книжевното воспитување на македонските народни маси. Да се слушне својот мајчин јазик, да се види изразот на сопствениот живот, она битовото како што се вели, во период кога македонскиот народ не бил признат докажувало дека власта не била во состојба да ги спречи настаните кои воделе кон прифаќање на се што е само свое и сопствено. Така во овој период ќе се појават познатите Васил Аџикимов, Никола Киров Мајски[602], Ристо Крле, Антон Панов, Васил Иљоски, Радослав Петковски со своите драми напишани на македонски јазик[603], доловувајќи го беспрекорно народниот живот, фолклорот, обичаите, верувањата и сите семејни односи и сл. Драмите своите изведби ќе ги доживеат на белградскиот и скопскиот театар[604] на оригинален македонски дијалект, поради што се соочувале со многу проблеми во текот на самите изведби. За одбележување е изведбата на пиесата

---

[601] ДАРМ, ф. Народен театар – Скопје, необработен фонд (Просториите на Народниот театар ги користело и скопското пејачко друштво „Мокрањац". Се одржувале и концерти како што бил концертот, односно балетската претстава Снежана и седумте џуџиња од 20 февруари 1940 г., на женската гимназија „Кралица Марија" во Скопје.).

[602] Драмата „Илинден" на Никола Киров Мајски е првата драма на Македонски јазик, забележана во македонската литература меѓу двете светски војни. Објавена е во 1923 г. во Софија.

[603] Во периодот меѓу двете светски војни забележителен бил и бројот на македонските писатели кои своите драми ги пишувале на српски или бугарски јазик. Ваквиот начин на изразување се разбира проследувал како резултат на тогаш наметнатите услови, прописи, правила, закони од официјалната власт. Се издвојуваат имињата на Анѓелко Крстиќ, Димитар Молеров, Томо Смиљаниќ, Никола Дренков и др.

[604] Дел од овие драмски изведби биле прикажувани и во другите делови на Македонија, каде веќе течел континуирано животот на театарската сцена.

„Македонка“ од Славчо Нетков и Душан Будимировиќ во текот на сезоната 1928/29. Истата година во Штип била изведена и пиесата „Маруша“ на Васил Аџикимов. Покрупни чекори биле направени со изведбата на „Бегалка“ од Васил Иљоски, ракопис предаден од негова страна уште во текот на 1926 г., но премиерно изведена дури на 16 јуни 1928 г. под наслов „Ленче Кумановче“,[605] а истата година „Печалбари“ на Антон Панов[606] била предадена прво на белградскиот, а потоа и на скопскиот театар. Во текот на 1933/34 г. двајца млади скопски литерати на Велимир Живоиновиќ, тогашниот управник на скопскиот тетар, му ја понудиле својата битова пиеса „Билјана платно белеше“, која позитивно ја оценил, дал свои сугестии за можни дообработувања, но пиесата не била изведена, под изговор дека недостасува улогата на оркестарот кој не функционирал во тој момент. Сепак македонските автори не така лесно си го пробивале патот во пронаоѓањето соодветно место меѓу театарската уметност. Следната изведба на пиеса од македонски автор се случила во текот на 1937 г., кога била поставена битовата комедија „Нагазил човек“ или „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски, а во текот на 1940 г. следувало и премиерното изведување на познатите премиери на „Антица“, „Парите се отепувачка“ и „Милион маченици“ од Ристо Крле. Нивната оригиналност била надополнувана и со народните национални костими. Македонските битови драми преполни со обичаите и традицијата, биле едни од најпосетуваните и најпосакуваните. Навлегувале длабоко во психологијата и интимата на мажот, жената, децата, ги отсликувале општествено-економските случувања и соочувања, печалбарството како судбина на семејството и сл. Благодарение па на нив, успеал да се прошири бројот на театарската публика, како од македонската интелегенција, така и од поширокиите народни маси, обичните луѓе, кои за првпат се соочиле со театарската сцена. Изведбите на македонскте драми му носеле и најголем финансиски профит на театарот.

Според зачуваната архивска документација се гледа дека тетарот водел прецизни годишни извештаи во кои има податоци за сите изведби, поединечни и годишни во редовната сезона и за време на турнеите, продадени билети, значи остварени приходи и расходи итн. Од нив се дознава дека често пати заради привлекување на што е можно поголемо внимание, театарот делел и бесплатни билети за војниците, за посиромашните, за учениците, за невработените и сл.

Афирмирањето на тетарската дејност се постигнувало и преку обидите за издавање на свои сопствени списанија. Познато е печатењето

---

[605] Оваа пиеса по вторпат ќе биде изведена дури по 10 години, во месец декември 1936 г.

[606] Својата премиерна изведба на македонски јазик, пиесата „Печалбари“ ќе ја доживее на 3 март 1936 г., спектакуларно најавена преку дневните весници и плакатите во градот. Во тогашните театарски критики по весниците, се пишувало дека оваа пиеса најмногу го привлекла домашното население. Не се паметело на ниту една друга пиеса да доаѓаат и поимотни граѓани од другите градови специјално само за изведбата.

на илустрираното и општествено списание „Скопска сцена", кое започнало да излегува во текот на 1936/37 г. Списанието успеало да ги собере околу себе сите млади писатели како свои соработници, содржејќи содржини посветени за жената и нејзиното надворешно и внатрешно одржување и збогатување, за музиката, уметноста, за театарот објавувајќи ги сите премиерни изведби итн. Друг обид бил направен со гласилото „Позоришни лист", што излегувало секој 1 и 15-ти во месецот запознавајќи ја публиката со сите тековни активности и случувања.

Во овој период во Скопје делувал и Детски театар, како дел од детското друштво „Пчеличка", кое работело во основното училиште „Св. Богородица". Своите концерти и претстави друштвото ги приредувало во просториите на Народниот театар. Работата на детскиот театар била под раководство на г-ѓа Бенсон, руска дама, која се покажала како жена која знае како да се претстави себе си и тоа што го прави за својата професионална определба.[607]

Во градот функционирале и тоа доста успешно и неколку балетски училишта во кои биле зачленети децата на познатите и богати семејства. Сите тие своите изведби ги прикажувале во просториите на Народниот театар и Офицерскиот дом. Во приватното училиште, каде биле запишани околу 15-тина деца, од кои и три машки, предавањата се одржувале на паркет со музика и грамофон под контрола на Софија Михолиќ. Децата вежбале 2-3 пати неделно во попладневните часови со патики, дресови, панталони и блузички. Костимите за изведбите им биле изработувани по нарачка обично во бела боја. Најпозната нивна изведба била „Снежана и седумте џуџиња".

Покрај скопјани привелегиите на театарската уметност ги уживале и битолчани, каде исто така се одвивал интензивен театарски живот, соочувајќи се со многу организациони и финансиски кризи. По пробивот на Солунскиот фронт во Битола се враќа Воениот патувачки театар на Михајло Лазиќ, но преименуван како Градски театар во Битола. Составот често се менувал со заминувањето на актерите кои барале подобри услови од оние кои можел да им ги понуди тогашниот управник. Во почетокот најчести гости биле војниците и офицерите кои во голем број со завршувањето на војната се стационирале во градот. Токму воените влсти и го финансирале во почетокот овој театар, кој подоцна добивал помош и од општинската власт и Министерството за просвета, но не доволно за да може континуирано да работи и опстане. Во текот на своето постоење, битолскиот театар прикажувал дневни и вечерни пиеси наменети за широките народни маси. Во текот на 1924 г. старата театарска зграда била реновирана.

---

[607] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op. cit., стр. 213-214.

Во текот на 1926 г. доаѓа и до обединување на скопскиот и битолскиот театар. По паѓањето на кровната конструкција на стара театарска барака, управникот на скопскиот театар Радивое Караџиќ одлучува да го обедини и подели театарот. Едната половина од актерите да ја продолжи својата дејност во Битола, додека другата да остане во Скопје. Заедничкото делување ги одвело актерите во многу градови покрај Скопје и Битола, но не траело долго, речиси две неполни години, зашто скопскиот театар со изградувањето на новата зграда ја напушта Битола, а со тоа ги остава незаштитени битолските актери. Биле направени повеќе обиди за обновување на тетарот, но неуспешни. Од 1932 до крајот на 1937 г. во Битола работел театар познат како „Добро поле", предводен од Василие Зориќ. Впрочем од дилетанската група на Петар Вељановски бил формиран овој театар, но врз основа на расписот на Театарскиот одбор на битолските граѓани. Финасиски бил поддржан од самата општина.

Така битолчани многу повеќе имале можност да бидат дел од претставите на патувачките театри кои подолго време се задржувале во градот. Се патувало со арабаџиски коли, пајтони, се користела и железницата. Битолчанецот Димитар Димитровски се сеќава: Патувачките театри доаѓаа во хотелот „Босна" на Широк сокак и беа најавувани како хуморни групи кои ќе претстават „Би Ба Бо" претстава. Имаше реклами за нив на влезните врати од хотелот, на стаклата".[608]

Тетарската дејност во Штип се одржувала и развивала преку дилетантски групи во кои членувале учениците, предводени од наставниците и професорите. Во овој град оддалечен од железничката мрежа се појавила иницијатива и за формирање на легален театар во кој претставите ќе ги прикажуваат домашните актери и актерите од скопскиот театар. Најголема заслуга за организираната театарска дејност имал Душан Будимировиќ, професор во Гимназијата, поранешен драматург и главен режисер во театрите во Осиек и Нови Сад, кој започнал преписка со скопскиот театар за негово гостување.[609] Од овој период во градот започнала организираната театарска сезона. Во текот на 1923 г. биле посетени и Кочани, Делчево, Пехчево, Берово и Виница каде биле основани Сојузи за културен развој на левиот брег на Вардар со цел издигнување на културните институции во Брегалничката област каде би се прикажувале дела од класичното и модерното драмско творештво.

Душан Будимировиќ испратил и писмо до уметничкото одделение, дел од Министерството за просвета, во кое дава информации за основањето на театарска школа во градот, во која ќе се школуваат актерите со цел да не бидат дел од дилетанска група. Предавањета ги држел самиот управник и неколку наставници од Гимназијата.

---

[608] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.
[609] Лилјана Мазова, *Театар на други*..., op. cit., стр. 296.

Успеал да отвори и Музичко училиште, кое функционирало две години некаде до крајот на 1926 г., а се изучувало свирење на клавир, виолина и пеење. Театарот имал и свој оркестар составен од ученици и студенти. Познат бил и по обидите за збогатување на театарот со стручна литература, најчесто од Германија, која се користела во изведувањето на претставите. Први прикажани пиеси на македонски јазик биле „Маруша" и „Македонка", битова и фолклорна драма во три чина во која биле потенцирани мешовитите бракови меѓу Македонците и Србите. [610]

Пиесите биле наменети за целокупната штипска јавност, но најголем број од неа ја сочинувале воените претставници со оглед на тоа што Штип бил еден од најголемите воени центри. Театарот имал и свој оркестар, а делата се изведувале понекогаш и бесплатно или со намалени цени во просториите на некогашниот турски театар.[611] Најактивен театарскиот живот бил во периодот од 1925 до 1927 г., кога во градот се изведувале дури и по три претстави неделно.

Актерите имале и 150 костими дел од нив отстапени од белградскиот народен театар, а декорацијата на сцената ја правеле од хартија и ќебиња. Во театарот имало и мала библиотека составена од околу 30 книги, претежно на германски јазик од каде се црпеле идеите за шиење на костимите и за подготвување на предавањата во театарската школа. Тетарот имал и свој оркестар составен од мешовити ученици во Гимназијата.

Јавноста во Штип покажала дека има развиено силно чувство за оваа уметност. Тие ќе бидат и сведоци на развојот на операта, односно сведоци на првата оперска изведба, а најголема улога во развојот на оваа музичка дејснот ќе одигра Благороднна Бурева. Така штипјани имале можност да ги погледнат претставите како „Гроф Мишка", „Кир Јања", „Хасанагиница", „Станое Главаш", „Доктор Робен", „Клуч", „Пороен дожд", „Измама", „Венецијански трговец", „Покондирена тиква", „Смртта на мајката на Југовиќи", „Ревизор", „Стапица за глувци", „Фронсино", „Коштана" „Народен пратеник", „Женомразец", „Хамлет", „Дамата со камелии" и др. будно пратени од тетарската критика застапена по весниците и списанијата.

Во Штип била изведена и првата оперска претстава во Македонија, „Палјачи" на Леонкавало, во режија на Будимировиќ, а под диригентство на Сергеј Михајлов. Во наредниот период следувале подготовките и

---

[610] Димитар Митевски, *Музичкиот живот во Штип меѓу двете светски војни*, Скопје 1995, стр. .54.

[611] Ристо Стефановски, *Театрот*..., op.cit., 327 (Зградата, односно шупата во која се организирале преставите, ја користел сопственикот на гранд-хотелот, кој таму одгледувал свињи и кокошки. Таа постојано прокиснувала, а на сцената се случувало да упаднат и пијани гости, кршејќи ги ламбите и кинејќи ги кулисите. Веќе од следната година зградата била напуштена. Се вложиле средства за изградба на нов објект, а дотогаш претставите се давале во сите околни места.)

изведбите на оперите и оперетите: „Шарл Гуно“ и „Фауст“ од Леонкавало, „Севилскиот берберин“ од Росини, „Травијата“ од Ѓузепе Верди, „Кармен“ од Жорж Бизе, „Слепиот миш“ од Јохан Штраус, „Ружица“ од Сергеј Михајлов и др. Сите тие изведби оставиле несомнено влијание во секојдневието на штипјани и нивното изградување на културните стандарди.

Во 1923 г. театарот во Штип бил бенефициран, добивајќи право на годишна дотација со одобрување на Министерството за просвета, кое било свесно за влијанието на тетарската дејност во средина која премногу е оддалечена од железничката линија и каде доминирало бугарското влијание, заради што српската буржуазија била принудена да спроведува дел од својот хегемонистички режим. До крајот на 1924 г. познати биле многу гостувања на штипскиот театар во источните и западните делови, пропратени од оркестарот, со автомобили позајмувани од воените власти. Со помош на штипскиот театар биле формирани аматерски групи во Радовиш, Свети Николе и Неготино.

Тетарот опстојувал благодарение на продажбата на билетите, дотацијата на државата, помошта од хуманитарните организации, и приходите од населението. Новата зграда на театрот била изградена, односно адаптирана кон крајот на 1925 г. и лоцирана во Гранд хотел Меѓутоа во сезоната 1927/28 престанува неговото работење заради убиството на генралот Ковачевиќ. Целосната државна и самоуправна помош и бенефиции се прекинати во текот на 1931 г. Повторно проработува во почетокот на 1932 г. раководен од Сергеј Михајлов, добивајќи симболична сума само од општината, така што бил принуден својот професионализам да го замени со амтеризам и да се пресели во просториите на Гимназијата, станувајќи така театар во кој учениците биле единствените двигатели, давајќи ги претставите во Соколскиот дом. Многу поголема улога во Штип во наредниот период во развојот на театарската дејност ќе одигра Скопскиот театар, чии гостувања иако биле многу ретки сепак оставале силни впечатоци.

Покрај професионалните театри во Скопје, Битола и Штип, низ градовите на вардарскиот дел од Македонија крстосувале и многу аматерски и полупрофесионални театарски ансамбли, имајќи статус на драмски секции, па како такви биле формирани во речиси секој град како Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица, Струга, Тетово и др. Тетарската уметност допирала во најодалечените места, ширејќи го јазикот кој не им бил мајчин на македонското население, воведувајќи нови правила, промени во секојдневието исполнувајќи им го со многу нови познавања од областа на историјата, географијата, литературата, музиката, подигнувајќии м го националниот и револуционерен дух. Биле поставувани дела од странските и домашните автори, како и содржини напишани на

македонски јазик, контролирани од власта зашто најголем дел се одржувале под отворено небо, во училиштата, ресторaните и кафеаните. Актерите биле главно и припадници на КПЈ и СКОЈ. Се организирале од учениците и рботниците, па така биле едни од најпосетените.

Драмски секции биле формирани во склопот на сите културни друштва и литературни дружини како дел од Гимназиите, а подоцна и како дел од Урсовите синдикати. Најзабележителна драмска активност појавиле литературната дружина „Дојчин" од Скопје и литературната дружина Зора на Трговската академија исто така од Скопје. Познати биле и активностите на литературните дружини во Велес, Штип, Тетово, Куманово, Охрид, Струга[612], Битола, Прилеп, Гевгелија, Струмица и др. Гевгелиските аматери, составен дел од Бенифицираниот аматерски театар, гостувале и по соседните градови. Во текот на 1934 г. дилетанскиот театар прикажал 14 претстави, а со помошта доделена од министерството за внатрешни работи и Бановината, аматерите купиле сопствена гардероба за изведување на националните пиеси. Главните финасии им биле од продадените билети, но еден дел од драмските секции, претставите ги давале и бесплатно. По завршувањето на претставите се организирале и игранки, костимирани балови, шеговита пошта, избори за најубави девојки и сл.

Градовите низ Македонија биле обиколувани и од страна на патувачките театри предводени од поистакнати актери и режисери. Овие тетари биле обременети со многу давачки, па така на плакатите поставувани на видните места низ градовите пишувало дека влезот е слободен, а актерите на паузата собирале доброволни прилози. Така присутни биле патувачките театри на Михајло Лазиќ, Тимочко-Косовскиот на Никола Јоксимовиќ, Театарот на здружените актери, патувачкиот театар на Милан Јовановиќ-Њоња, патувачкиот театар на Роберт Матиевиќ, трупата на Миќо Стојановиќ, Миња Милошевиќ, Милош Рајчевиќ и Петар Христиниќ и Државниот бенефициран варадарски театар „Боем" чиј управник бил Перица Петре Прличко[613], како и трупата на најстариот македонски актер Димче Трајковски.[614] Нивните гостувања и настапувања биле во согласност и со одобрување на околиската власт.

---

[612] Драмската секција во Струга функционорала како дел од културно-просветното друштво Црн Дрим, основано во 1921 г. Во тој период бил органиизран и курс по модерен танц под раководство на Драган Николиќ.

[613] *Македонски Народен Театар Скопје*, Јубилејно издание 50 години уметничка дејност на Петре Прличко, стр. 34 (Од 1939 г. Петре Прличко ја добил можноста да стане дел од Народниот театар привлекувајши го уште повеќе интерест на себе како актер од страна на публиката.).

[614] Димче Трајковски го создал својот Скопски мал театар во 1933 г. и работел се до 1939 г. Дел од него биле и Тодорче Николовски, Петре Прличко и Трајко Чоревски. Ги прикажувал делата на Нушиќ, одземајќи ја најчесто и публиката на тогашниот народен театар, пред се заради сознанието дека пиесите биле изведувани од македонски актери.

Актерите од патувачките театри биле подложени на многу поголеми ризици. Никогаш не знаеле до каде ќе стигнат, каде ќе спијат, дали ќе соберат доволно пари за продолжат понатаму сити и облечени. Настапувале по кафеаните, ановите, манастирските дворови и други места. Преставите на патувачките тестри биле многу популарни, збогатени со шеговити сцени, но животната несигурност секогаш ќе ги прати овие театри.

Тетарската уметност сепак ќе воведе многу нови промени и процеси, навики за посетување и следење на културните настани, таа ќе биде можност за излегување од домот и следење на сите актуелности, познати имиња на актери, режисери и останати соработници, можност да се насмеат и поминат едно различно попладне, да ја облечат својата најнова и најмодерна облека, да примат од сите тие настапи по нешто итн. Театарската дејност ќе овозможи и градење на модерни згради за изведување на настапите, отворање на театарско и музичко училиште за образување на актерите итн. Навиката за следење на модерното, убавото, смешното, тажното ги привлекувало граѓаните, кои и нема да се противстават на сето тоа, туку напротив многу лесно ќе се прилагодат.

3.6 Промените со киноприкажувачката дејност

Во процесите на модернизација секако дека не изостанувала ниту улогата на кинематографската дејност, која на територијата на Македонија започнала да се осознава уште кон крајот на деветнаесеттиот век, условена се разбира од општесвено-политичките и економските случувања.

Речиси и да не постоел град каде киното не допрело, локалното население се покажало како голем вљубеник во филмот, гледајќи во него како на драгоцена можност за запознавање на нешто ново и за нив далечно, можност за чекор со времето. Киното било наменето многу повеќе за градската средина. Населението од селата имале мал допир со запознавањето на оваа дејност, заради оддалеченоста и начинот на функционирањето на сообраќајот во тој временски период. Немите, а подоцна и тонските филмови претставувале голема пресвртница во тогашното секојдневие. Уште од почетокот на дваесеттите години за оваа дејност се изнајмувале под закуп разни простории и сали во дуќаните, кафеаните, ановите или хотелите, соколаните, но дел од кинаџиите поседувале и свои сопствени постојани кина. Некои од кината работеле подолго, но некои имале краток век на постоење. Како најголем проблем за сопствениците се покажало обезбедувањето на електричната енергија, која до воведувањето во градовите морале само да ја произведуваат. Модерните времиња барале и модерна техничка опрема за кината, која се купувала надвор од Македонија. За нормалното секојдневно функционирање задолжителна била и опремата за осветлување и озвучување.

Отворањето на кината било одобрувано од надлежните српски власти, поточно по претходно барање од сопствениците до Министерството за трговија и индустрија за монтирање на киноопрема во соодветните прикажувачки сали или кинобавчи.[615] Согласно Законот за трговија секој сопственик на кино бил обврзан со полагање на испит за киноапаратер или мајсторски испит во Белград за кој Занаетчиската комора издавала и соодветно мајсторско сведителство како потврда за положениот испит.

Од триесетите години сопствениците на филмовите големо внимание посветувале на рекламирањето на целокупниот репертоар, кога ќе започнат и со прикажување на звучните филмови. На видните места низ градовите биле поставувани реклами, печатени плакати и пропагандни летоци. На секој материјал биле забележувани името на филмот, главните улоги, деновите и часот на прикажување, цената на билетите според местото на седење, продажните места, кратка привлечна содржина и сл. Пропагандните материјали ги печателе во локалните печатници за што одвојувале и поголема сума на средства. Често користеле и т.н. живи реклами, односно реклами импровизирани со луѓе користени за привлекување на вниманието на населението.

Прикажувањето на филмовите посебно во Скопје, редовно било објавувано во дневните весници, каде точно можело да се прочита кое кино, кога и кој филм го прикажува. Весниците биле местата каде можеле да се прочитаат состојбите на кината, влијанието на кината, значењето на филмската уметност и сл. Во некои од нив дури постоела и редовна рубрика за филмските критики и рецензии.

Репертоарот бил разновиден, се прикажувале филмови со разновидни содржини, натпреварувајќи се во привлекувањето на локалното население, како комедии, авантуристички, музички, криминални, вестерн, трилери и сл. од американска, француска, советска и германска продукција. Кината биле и местата каде се прикажувале и едукативни, односно здравствено-просветни филмови наменети за социјализација на локалното граѓанство. Како најзначаен филм снимен токму во почетокот на 30-тите години од Стеван Мишковиќ е филмот посветен на земјотресот од 8 март 1931 г. од кој настрадале Валандово, Демир Капија, Струмица и селата околу нив, поточно 45 населби, 31 лице починале, а 83 биле потешко или полесно повредени.[616] Прикажувањата на

---

[615] Доколку се граделе нови згради со поднесувањето на барањата задолжителни биле и архитектонските скици и нацрти за изгледот на зградата и начинот на обезбедувањето на струја во годините кога градовите се уште не биле електрифицирани. По изградувањето објектите биле проверувани од стручна комисија која подготвувала извештај врз основа на кој се добивала и дозволата за работа на кино објектите. Дозволата за работа се добивала согласно почитувањето на Законите за дуќани, за банска управа и законот за такси. Подоцна се објавувал и оглас за работа, а целокупната документација била потврдувана и од локалните судови.

[616] Марко Ковачевски, *Шеесет години од филмската хроника за Валандовскиот земјотрес од 1931 г.*, во сп. Кинопис, год.IV, бр.6, 1992, стр. 17-21 (Филмот „Земјотрес на југот" снимен во

филмовите најчесто било во вечерните часови, дневни проекции се разбира не биле исклучок, а често се прикажувале и филмови наменети само за женската популација.

Филмовите најчесто се купувале од дистрибутерските куќи „Авала" и „Старфилм" од Белград, „УФА" и „Југофилм" од Загреб, кои своите филмови ги доставувале по претходно авансно плаќање и по пошта. Секоја дистрибутерска куќа доставувала годишни каталози, од кои сопствениците си бирале кои од нив ќе ги купат. За доставување на филмовите се користела и железницата. Сопствениците на кината низ македонските градови заради избегнување на овие трошоци вршеле и меѓусебна размена. Со законот за уредување на прометот на филмови сите домашни и странски филмови поминувале низ цензорска комисија, а од 1931 г. филмовите поминувале низ цензурата на тогаш формираната Државна филмска централа.[617] Задолжително било и полагањето за киноапаратери, како услов за киноприкажувачка дејност. Сопствениците на кината биле обременети и со многу давачки, локални и државни даноци, трошоци за закупување на филмови, трошоци за изнајмување и одржување на киносалите и сл., причина за откажувањето од оваа дејност на поголем дел од нив. До крајот на 20-тите години филмовите не биле тонски, заради што при нивното прикажување сопствениците на кината ги користеле редовно локалните оркестри или поединци кои свиреле на пијано, гитара или мандолина. Тонските филмови се појавиле некаде во почетокот на 30-тите години. Во овој период новина во Скопје биле и прикажуваните цртани филмови со „Мики Маус", „Снежана и седумте џуџуња", кои биле во боја.[618]

Во ист временски период во поголемите градови функционирале и по повеќе киносали, така што самите сопственици морале да внимаваат на прикажувачката премиерна дејност, заради самата конкуренција и привлекување на посетителите. Според податоците на Државната филмска централа во вардарскиот дел од Македонија во текот на 1935 г. работеле 18 постојани кина. Посебно внимание се посветувало и на цената на билетите, која се разликувала од местото на седење, како и од прикажуваниот филм. Најкомерцијални периоди се сметале прикажуваните филмови за време верските и државните празници, кога со популарен филм и актери се привлекувало вниманието на посетителите, кои во тој период имале најмногу време за посета на кината. Во почетните години киноприкажувачите морале да

март 1931 г. бил наменет за потребите на Хигиенскиот завод во Скопје, премиерно прикажан на 1 август 1932 г. Во црно-бела техника и без тон, филмот бил поделен на два дела. Одредени негови делови од снимателот Мишковиќ биле испратени и прикажани во странство, како посебни филмски стории во разни филмски хроники и журнали. За потребите на Хигиенскиот завод Стеван Мишковиќ снимил уште четири филма: „Маларија", „На сонце и воздух", „Заразата победува" и „Меѓу идните домаќини".).

[617] Слободан Беличански, *Киноприкажувачката дејност во Прилеп меѓу двете светски војни*, во сп. Кинопис, година III, бр.5, 1991, стр. 5.

[618] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во*..., op.cit., стр. 216.

се соочуваат и со критиките на дел од населението, кое негативно гледало на влијанието на филмовите, посебно врз младите генерации, кои се поинтензивно ги примале новите, модерни европски и светски влијанија. Во дел од кината дозволено било користење на храна и пијалаци, навика која постепено почнала да се забранува. Понекогаш филмското прикажување било привлекувано и со најавите за сензација или чудо. Дел од сопствениците на кината започнале да го применуваат најновиот изум, аудиоскопикот или книжните очила во две бои, доставувани од дистрибутерите како додатоци за тридимензионалните филмски материјали.[619]

Во меѓувоениот период за киноприкажувачката дејност од големо значење биле филмовите за Македонија реализирани од странски и домашни снимателu. Познати биле филмовите „Македонија 1923" по сценарио на Арсени Јовков, „Скопје, Косово и Јужна Србија", „Соколски слет во Скопје" на филмската компанија на Коста Новаковиќ од Загреб, „На капијата на ориентот" во производство на „Адрија филм" од Белград. Посебно значајна била 1932 г. кога на оваа територија престојувале поголем број филмски екипи од светот реализирајќи поголем број документарни, етнографски и туристички филмови. Така снимателот на „Парамунт" Џон Доред снимил филм за Галичката свадба и за бачилата на Бистра, „Централното прес биро" од Белград снимило туристички филм за Македонија, американска и германска екипа снимиле филмови за носиите, обичаите и убавините во Повардарието, за Универзитетот во Стразбур пак бил снимен етнографски филм од Скопско, а од Етнографскиот музеј од Белград биле снимени народните игри „Русалии" во с.Миравци, Гевгелиско.[620] Во 1934 г. Херберт Драер од Цирих снимил туристички филм за Македонија, а „Југословенскиот просветен филм" од Белград ги реализирал филмот „Прослава на ослободувањето на Јужна Србија во Скопје" и журналот „Осветување на Храмот на славата во Скопје".[621] Од домашните филмови познати биле „Католичка процесија" на Благој Дрнков, снимен 1935 г., „Едриличен митинг" и „Бомбардирана Битола" снимени 1940 г. Заедно со Никола Хаџи-Николов, Благој Дрнков го снимил филмот „Борба со петли". Благоја Поп Стефанија од Охрид во втората половина на 30-тите години снимил неколку филмови и тоа „Споменик", „На плажа" и „Слет" посветен на фискултурниот слет покрај кејот на Охридското Езеро во 1940 г. Во 1937 г. Школата за народно здравје од Загреб ги реализирала филмовите „Нашите јужни езера" и „Оризови полиња во Македонија", а екипа на Сојузот на српските земјоделски задруги снимила документарен филм за дојранските,

---

[619] Илинденка Петрушевска, *Тетоо наше ка мау Париз*, во сп. Кинопис, год. XV, бр.27, Скопје 2003, стр. 29.
[620] Борис Ноневски, *Филмско столетие во Македонија*, во сп. Кинопис, год.VII, бр.13, стр.76.
[621] Ibidem, стр. 78.

преспанските и охридските рибари.[622] Прилепчанецот Кирил Миноски бил познат пак по снимањето на кратките филмови „Противпожарно друштво“ и „Деца крај езерскиот брег“. Единствениот филм снимен на филмска лента во колор техника бил филмот „Галичник“ на кумановскиот фотограф Сифрид Миладинов.

Во меѓувоениот период Скопје ќе ги забележи проекциите во првото постојано кино „Вардар“, проекциите во салите на кафеаните „Зрински“, „Палас“ и „Париз“, кината „Уранија“, „Капитол“, „Балкан“, „Авала“, првото модерно кино „Аполо“ и др. Прикажувањето на филмовите со денови однапред се најувало преку печатени материјали. Дел од кината дури имале и свои пунктови за рекламирање на филмовите. Често прикажувањето било најавувано и од самите вработени водени од тематиката на филмот позајмувајќи костими од театарот, а се изработувале и макети поставувани на видни места во центарот на Скопје. Во некои од дневните весници била присутна и филмската критика, но редовно биле забележувани, односно објавувани временските термини и местата на прикажувањата на филмовите.

Киноприкажувачката дејност свој културен напредок ќе доживее и во Битола каде до 1941 г. функционирале повеќе кина како кино „Америка“[623], киното на Чомови, киното на Лазар Сорчев, киното на Пема[624] каде се прикажал првиот 20% тонфилм „Крилја“, киното „Манаки“, киното „Гранд“ и киното „Корзо“. За навлегувањето на филмовите во Битола Димитар Димитровски Такецот се сеќава: „Битола копира странство, идат филмови, Битола копира се од светот, ги гледа Бастер Китон, Чарли Чаплин се омилени, Манаки отвора летно кино 1921 г.“

Еден дел од нив имале краток век на постоење прикажувајќи стари, неквалитетни и веќе видени филмови. Битола ќе биде обележана и позната по работата на киното на браќата Манаки, кои веќе се занимавале со киноснимателска дејност. Со заеднички капитал и соработка со Коста Чому од 1921 г. на главната улица на Широк сокак, во дворното место на хотелот „Ројал“, браќата Манаки по добивањето на дозволата од општинските органи го отвориле своето кино во реновираната зграда, како летна кинобавча и

---

[622] Ibid., стр. 82.

[623] Киното „Америка“ е првото кино во повоениот период, отворено од еден битолски печалбар во Америка, Темелко Трајков, кој во својот хотел со тогаш купениот кинопроектор прикажувал неми и стари филмови во период од околу пет години.

[624] Со одобрение на Министерството за трговија и индустрија и Битолската општина, од 1921 г. во зградата на битолскиот театар почнало да работи киното на Атанас Пема познато како „Белград“. Целокупната киноапаратура ја набавил од Австрија, соработувајќи со дистрибутерските куќи во Белград и Загреб. Во 1933 г. кога киното е во сопственост на Михајло Пема, син на Атанас Пема, добива ново име кино „Балкан“. Покрај немите филмови со разни содржини авантуристички, вестерни, комедии, криминални филмови, мелодрами и сл., во киното од овој период ќе почнат да се прикажуваат и најпознатите тогаш звучни филмови, за кои сопственикот морал да набави и нова киноапаратура. Годишно се прикажувале по околу 100 премиерни филмови.

привремено решение, со капацитет во почетокот од 180, а подоцна и 300 седишта.[625] За зголемување на посетеноста доста често биле прикажувани премиерни филмови титлувани на српскохрватски јазик од кои се издвојувале „Наполеон Бонапарта", „Океанографи", „Жолтиот демон", „Олимписки игри", „Јужен Велс", „Скалила" и др. Истата година со настапувањето на зимскиот период, браќата Манаки за киноприкажувачката дејност ја закупиле киносалата на Лазар Сорчев. За да ги намалат своите финансиски трошоци, браќата Манаки од 1922 г. ќе започнат со изградбата на своја сопствена кинозграда, за која откупиле атрактивна локација во центарот на градот на улицата Крал Петар, во која го вложиле целокупниот свој капитал. За овој објект браќата морале дополнително да се задолжуваат заради паѓањето на кровната конструкција и нејзиното реновирање.[626]

Новото кино почнало да функционира како кино на браќата Манаки, Коста Чому и Димитар Георгиевски[627], оставајќи забележителен белег во културното функционирање и издигнување на градот. Секоја проекција била придружена со музиката на чалгиите или пак некој друг музички состав, а најавувана со виден рекламен материјал и големи транспаренти. „Браќата Манаки имаа необичен начин на рекламирање на филмовите што ги прикажуваа, се сеќава битолчанецот Димитар Димитровски од Битола. Кино претставите се највуваат многу уникатно, на пример за филмот „Загубениот син", на Манаки му дојде идеја – тие донесоа едно магаре и донесоа едно дете Ромче и го шетаа низ градот како загубено дете, загубениот син, така си го рекламираа филмот".[628] Понекогаш рекламите оставале и негативен впечаток, претежно кај посиромашните. Ѓорѓи Димовски Цолев вели: „Не не пуштаа во кино, татко ми ми велеше за апаш ли ќе те учам да бидеш, во филмовите имаше гангстери, а родителите ни беа со старовремски сваќања".[629]

Иако имале солидна заработувачка, заради големите давачки и трошоци што ги имале, конкуренцијата од другите кина во градот, поскапувањето за изнајмувањето на филмовите од претставниците, разните градски такси,

---

[625] Придобивањето на публиката не било воопшто едноставно, но со оглед на продадените влезници забележани од Даночната управа на градот, се констатира заинтересираноста за посета на кинопроекциите. Продавањето на влезниците било оданочувано, односно секоја влезница имала контролен купон кој морал да се чува од страна на сопственикот. Финансиската контрола не признавала билети без соодветен купон, за користење на несоодветни билети сопствениците биле строго казнувани.

[626] За да ја подобрат својата финансиска положба, браќата се занимавале и со киноснимателска дејност. Впрочем, од нивата камера биле снимени свадбите на имотни граѓани, приватно ангажирани токму за таа цел, забележувајќи така доста значајни сегменти од тогашното прославување и текот на градските свадби со сите свои обичаи.

[627] Безизлезната финансиска состојба ги принудила браќата отворањето на новата зграда за киното да ја постигнат со здружување и свртување кон оние кои можеле во тој момент да им понудат пари за завршување и функционирање на самиот објект.

[628] Сеќавања на Димитар Димитровски Такецот од Битола.

[629] Сеќавања на Ѓорѓи Димовски Цолев од Битола.

поскапувањето на билетите, видното намалување на посетеноста и сл., браќата Манаки од 1928 до 1931 г. ќе го дадат киното под закуп на Ристо Зерде, кога повторно ќе станат целосни сопственици, но финансиската криза ќе одигра пресудна улога во откажувањето на браќата од оваа дејност. Впрочем во 1936 г. сопственик на киното ќе стане битолската филијала на хипотекарната банка од Скопје, која го издавала на повеќе сопственици, за конечно од крајот на 1936 г. да му се даде во целосна сопственост на Ристо Зерде[630] кој ја преименувал зградата во кино „Корзо", модернизирајќи го целосно, со што го подобрил и квалитетот на прикажувањето на филмовите, функционирајќи се до 1939 г. кога целосно изгорело.

Значајни белези оставила и киноприкажувачката дејност во Прилеп со кината на Пане Напески, кој со оваа дејност се занимавал уште од годините на Првата светска војна. Своите проекции тој ги започнал во сопствена куќа, а по нејзиното разрушување во локалните кафеани во прилепското корзо. Од 1932 г. киното „Прогрес", преименувано како кино„Балкан", започнало да работи во новоизградената наменска зграда кога и за првпат прилепчани имале можност да го видат и првиот звучен филм. Киното работело само во саботите и неделите, како и за време на празниците, прикажувајќи доста разновиден и богат репертоар, кој Напески го составувал консултирајќи се со прилепската интелигенција. Карактеристично за ова кино било прикажувањето на советските филмови. Културните потреби на градот биле задоволени со изградбата на Занаетчискиот дом во јануари 1935 г. на иницијатива на Општата занаетчиска и кредитна кооперација „Победа", во кој централно место заземала големата свечена кино сала. За целокупната киноприкажувачка дејност се грижела Управата на прилепската занаетчиска кооперација, прикажувајќи познати домашни и странски филмови.[631]

Прикажувањето на филмските проекции во Велес ќе започне од 1919 г. со отворањето на киното „Биоскоп Касина", на Ѓока Михајловиќ и Јоца Димитриевиќ, сместено во општинската кафеана Ада кафези. Од 1923 г. започнало да функционираат кината на Трајко Зиков, во рамките на летната бавча на Офицерскиот дом и затвореното кино „Вардар". Со најдолг век на постоење било киното „Белград", сместено во истоимениот хотел на Милан Војницалиев. Во Куманово од 1921 до 1929 г. функционирало киното „Едисон", во наменски градена зграда со посебна кино сала. За потребите на населението

---

[630] Илија Милчин, *Ице Зерде – прилепскиот Џемс Кегни*, во сп. Кинопис, 3 (2), с. 3-4, 1990 (Ристо Зерде бил првиот македонски актер. Потекнувал од имотно семејство кое му овозможило запишување во првата филмска школа во Загреб формирана во 1922 г. Познат бил по улогата во филмот „Тие двајца" снимен 1927 г. во Загреб. Копијата од филмот која ја донел во Македонија изгорела во пожарот во битолското кино „Корзо" од 1939 г. Во 1932 г. се стекнал со мајсторска диплома за положен мајсторски испит за киноапаратер.).

[631] Илинденска Петрушевска, *Занаетчискиот еснаф и филмот, за кината во занаетчиските домови во Куманово и во Прилеп*, во Кинопис, година XVI, 2004, број 29 – 30, стр. 20 – 22.

од киноприкажувачка дејност забележителни биле и проекциите во Занаетчискиот дом.[632]

Од триесеттите години и тетовчани ќе се соочат со предизвиците од кино-претставите. Кината „Балкан" и „Лешковиќ" ќе се приклучат кон културното издигнување на градот, за кое и локалното население било многу заинтересирано, кое едноставно грабало се што му се понудува. Најголема пропаганда за тетовското кино бил локалниот весник „Глас Полога", во кој се пишувало за сите секојдневни случувања, поминатите и очекуваните кинопроекции, резултатите и влијанијата од нив и сл.

И Струмичани нема да заостануваат во кино прикажувачката дејност. Уште во почетокот на 20-тите години младите струмичани имале можност да ги следат кинопроекциите во просториите на евангелско-методистичката црква.[633] Веќе во 1921 г. започнало да функционира и постојаното модерно кино „Балкан" , сопственост на струмичанецот Гуљап Ахмедов, каде редовно во текот на целиот период на триесеттите години се одржувале кино проекции за локалното население.

Првите кинопроекции во меѓувоениот период охриѓани ќе имаат можност да ги видат во кафеанта на семејството Филеви „Велика Србија", каде Климе Чудо и Ставре Стефаноски за кратко ќе го искористат купениот кинопроектор од Виена. Киноприкажувачката дејност во Охрид ја продолжил трговецот Миле Петковски кој во 1926 г. добил дозвола за работа на првото постојано кино во градот „Охридско езеро". Двокатната зграда до крајот на 30-тите години станала културно средиште во градот, привлекувајќи го вниманието на сите охриѓани. Таа се користела за организирање на концерти, забави, театарски претстави и сл.

Првото постојано кино штипјани го добиле по реновирањето на хотелот „Гранд" на Сава Тодоровиќ, кое од 30-тите години функционирало во рамките на Здружението на трговската младина во градот. Второто постојано кино било сместено во модерниот хотел „Српски крал", сопственост на Тодор Икономов, Лазо Казанџиев и Петар Марковиќ.

Еден дел од помалите и недоволно развиени градски и селски средини со филмските проекции имале можност да се запознаат преку патувачките кина, активност забележана поинтензивно од втората половина на 30-тите години. Во Малешевијата од 1933 г. Димитар Станоев-Факирот од Пехчево често

---

[632] Ibidem, (На иницијатива на Занаетчискиот еснаф на Куманово, со формирањето на „Фондот на Занаетчискиот дом" во месец ноември 1930 била завршена изградбата на Домот, во чија централна сала било сместено модерното кино. Киносалата, кинопроекторот и бифето често се издавале под закуп, за што потврдуваат многуте огласувања за новите закупци по дневните весници.).

[633] Васил Ѓоргиев-Ликин, *Киноприкажувачката дејност во Струмица од почетокот на XX век до 1945 г.*, во сп. Кинопис, 37/38, с. 16, 2009, стр.11.

прикажувал филмски проекции, наплатувајќи ја својата дејност со прехранбени производи. По своето патувачко кино бил познат и Илија Џонов од Богданци.

Во периодот меѓу двете светски војни постоеле и наменски или подвижни кина кои прикажувале филмови наменети за воспитување, односно информирање и пропагирање. Такви кинопроекции имало во Скопје, Велес, Битола и Штип. Од големо значење во градовите биле филмските проекции на Народниот универзитет, Францускиот клуб, Хигиенскиот завод[634], Здружението на занаетчии и сл., се со цел полесно да се приближат и прифатат тековите на времето. Проекциите секогаш биле проследувани и со предавања од соодветни лица.

Одењето во кино за посетителите било вистинско доживување, станало мода да се оди во кино, едноставно значело градско живеење на секојдневието, тек со времето и случувањата. Се облекувала модерна и свечена облека, се правеле фризури како оние на главните и омилени актерки[635], се имитирал начинот на однесување на идолите, вљубените момчиња почнале да се им се додворуваат на девојките на начини кои ги гледале во филмовите, заведувајќи ги со зборовите на главните машки ликови, младината се фотографирала имитирајќи ги ставовите и движењата на своите омилени актери, се слушала музиката од филмовите. Киното било место каде можеле да се видат и сретнат старите пријатели, да се дознае и слушне нешто ново итн.

Киното ќе се покаже како вистински допринесувач за урбаното издигнување на градовите, на кои во голема мера им биле потребни сите тие достигнувања, напредувања, пред се заради личните надоградувања, обогатувања и соочувања со секојдневните предизвици. Локалното население во вардарскиот дел од Македонија успешно се адаптирало на сите промени.

---

[634] Еден од попознатите бил едукативниот филм на Стеван Мишковиќ за маларијата и тифусот снимен во околината на Скопје во 1930 г. Филмот имал за цел да ги научи луѓето како да го препознаат пегавиот тифус, како да ја дијагностицираат маларијата, како да се заштитат од вошките. Дел од сцените биле снимани и во просториите на Хигиенскиот завод, така што била доловувана автентичноста на настаните.

За снимањето на едукативните филмови Хихиенскиот завод добивал финансиски средства во државата, така што за него било мношне едноставно да се одлучи да сними филм, да ангажира соодветни актери и добро да ги плати.

[635] Илиденка Петрушевска, *Со бубикоф фризури како Лиа де пути*, во: Кинопис, год. XVII, 2005, бр.31-32, стр.5 (Во втората половина на 20-тите години, прилепчанки биле познати по бубикоф фризури, именувани по фризурата на нивната омилена актерка Лиа де Пути.).

3.7 Музичкиот живот

Промени во секојдневието ќе внесе и развојот на музичката култура, од која ќе стане дел речиси целокупното граѓанство во Вардарскиот дел на Македонија како од поголемите, така и од помалите градски средини, организирано во многу музички друштва, оркестри, хорови и сл., презентирајќи го македонскиот фолклор. Ќе бидат вклучени заедно и Македонци, Власи, Срби, Турци, Роми, Евреи и други. Секој град во однос на развојот на музичката дејност почнал да наликува еден на друг, со исклучок на градот Скопје, кој како средиште на новата административна власт ќе ги предводи сите нови случувања.

Новата власт и во оваа средина ќе се обиде да доминира. Таа ќе го забрани и казнува слушањето и пеењето на традиционалната македонската музика, која се покажала како отпорна на српското влијание. На власта ќе и биде најзначајно вежбањето на изговорот на српскиот јазик, па затоа музичкото воспитување најнапред ќе го воведе како редовен предмет во образованието. Сепак ќе се случат одредени влијанија. Самото присуство на службеничкиот и воениот кадар, ученичкиот и студентскиот потенцијал од останатите делови на Кралството ќе овозможи запознавање и на нивната музичка култура. Во Битола доста популарно било слушањето на босански севдалинки и далматински песни. Посебна возбуда и чувства предизвикувале песните „Златан прстен имам ја на руци", „Те очи твоје зелене", „О Маријана" и многу други.[636] „Оркестрите од Војводина и Хрватска носеа модерни песни", се сеќава Димитар Димитровски-Такец.[637]

Многу песни доаѓале и од филмовите. Руските емигранти, меѓу кои имало и многу образовани музичари, исто така ќе остават видни траги, оставајќи зад себе музичко образован кадар во градовите каде ќе ги има населено во поголем број. Руските емигранти, интелектуалци, ќе го поттикнат и развојот на музичкиот живот во Струга, кои во градот се населиле некаде во дваесеттите години. Познати биле влијанијата на Соња Незлобинска и Давиденко кој ги предводел хорот и оркестарот во кои членувале многу видни стружани.

Ќе се дозволи и формирање на многубројни музички друштва и инструментални состави, во почетокот како дел од поединечните маала, кои ќе внесат една нова насока во секојдневното живеење на граѓанството, кое преку нив себе си ќе се изразува. Во овој период во градовите како Битола, Велес, Тетово, Куманово, Берово, Штип, Охрид[638], Крушево, Кавадарци, Прилеп, Ресен,

---

[636] Трајче Грујоски, *Битола на*...op.cit, стр. 67.

[637] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[638] Во 1935 г. во Охрид било формирано пејачкото друштво „Вал". Покрај примарната хорска дејност, секундарна дејност на друштвото била театарската, така што доста често се изведувале

Гевгелија, Кратово, Пехчево, Струмица, Валандово, Кичево, Струга. Посебен белег секаде оставиле чалгиските состави. Никој не можел да остане рамнодушен на звуците од виолина (ќемане), лаута, ут, кларинет (грнета), канон и дајре. Со нивната музика се уживало во вечерните часови, семејните прослави, имендени, како и свадбените церемонии. Во Велес, Штип и Берово функционирале најстарите и најавтентични чалгаџиски состави.

Граѓаните во вардарскиот дел од Македонија биле познати и по зурлаџиските групи, мандолинските и блех оркестрите[639], најчесто како дел од соколските друштва, тамбурашките[640] и гудачките[641] оркестри, џез оркестрите и др. Во поголемите македонски градови ваквите состави дури биле и маалски, поточно секое маало си имало свои одредени музички состави.

Со доселувањето на многуброен воен кадар во Македонија во Офицерските домови ќе почнат да се формираат и симфониски оркестри од воени музичари, дувачи и гудачи. Познати биле оркестрите во Битола, каде активни биле 40-50 воени музичари, гудачи и дувачи, Скопје, Штип, Струмица, Куманово и др. места

Во Битола постоеле и девет трговски продавници каде можеле да се купат и порачаат нови музички инструменти. Хармониката и гитарата ќе почнат да се употребува како современи инструменти. По употребата на гитарата познати биле гевгеличани, кои во овој период ќе започнат да ја користат и „хавајската гитара".

Можноста за музичката едукација најмногу до израз ќе дојде преку музичките состави, како оркестри најчесто од мандолинско-тамбурашки вид, хорски и пејачки друштва во рамките на гимназиите, културните и спортските друштва, кои биле и најзначајниот извор на ширењето на музичката традиција. Токму во нив било најизразено меѓусебното дружење, комуницирање, делување и сл. Од нив произлегувале дел од талентираните музичари, кои своите почетоци ги забележувале токму во културно-уметничките друштва. Овие друштва доста често организирале музички вечери и игранки на кои свиреле училишните оркестри и се играле сите современи танци. Струга важела за прв град во кој почнала да се игра француската игра „кадрил". Концерти биле

актуелни драмски дела. Засилената активност на друштвото манифестирана преку постојаните приредби, свечености, драмски изведби и сл., ќе биде прекината во месец јули 1938 г., со одлука за забрана од Кралската банска управа.

639 Боривое Џимревски, *Градската инструментална музичка традиција во Македонија (1900-1941)*, Скопје 2005, стр. 280-293 (Најквалитетни и најбројни биле блех оркестрите во Прилеп. Најпознати биле пак оние формирани во Соколското друштво и планинарското друштво „Златоврв", оркестар со околу 40 инструменти. Во Куманово познат бил воениот блех – оркестар на 22 Пешадиски полк, кој во основата бил наменет за потребите на армијата, а приредувал и концерти за сите свечени прилики во градот. Во Штип воениот блех оркестар, дел од артилерискиот полк, дејствувал со 60 музичари.).

640 Познати тамбурашки друштва имало во Охрид и Валандово.

641 Струмица забележала доста активен гудачки оркестар раководен од Кирил Кујумџиев.

организирани за секоја свечена прослава, одбележување, државно или верско, доделување на годишните свидетелства итн., на кои задолжително било исполнувањето на државната и химната за Свети Сава. За богатиот музички живот говорат и зачуваните годишни печатени извештаи, подготвувани на крајот од секоја учебна година. Секоја од Гимназиите имало повеќе или помалку свои музички инструменти.

Музичката култура од дваесетите години ќе започне да се негува од младите организирани во хорските друштва, кои и речиси да ги имало во сите градови во Македонија, посебно во оние каде имало основни и средни училишта. Предводени од наставниците по музика интензивно се формирале машки, женски и мешани хорови. Дел од нивните настапи и концерти биле регистрирани од дневните весници во различни градови. Организирани биле и меѓусебни натпревари. Хорското музицирање најзабележително било во Тетово, во кој со различен временски период делувале 12 хорови, меѓу кои се издвојувала активноста на хоровите „Кирил Пејчиновиќ" и „Бинички"[642]. Позната била и активноста на штипскиот хор „Единство", кој настапувал на сите хорски манифестации како низ градовите во Македонија, така и во останатите делови на Кралството Југославија, освојувајќи многу награди, признанија, благодарници и сл. Со својата активност Штип ги забележал и хорот на Гимназијата со кој раководел Сергеј Михајлов и црковниот хор.[643] Пејачките и хорски друштва „Кајмакчалан", „Мокрањац", Абрашевиќ"[644] и хорот на Богословијата го заземале највидното место во Битола и секогаш настапувале со богата концертна програма изведувајќи делата на: Станковиќ, Мокрањац, Ѓорѓевиќ, Крстиќ, Милојевиќ, Манојловиќ, Готовац, Лотка и др., како и делата на руските автори.

Во Гостивар во текот на 1928 г. било формирано друштвото на пејачи „Војвода Мицко", кое по две години било преименувано во хорско друштво „Шијачки" предводено од Анание Поповиќ. Во Кавадарци пак делувало друштвото на пејачи „Братство". Овие градови биле многу попознати по негувањето на народната песна придружувана од тамбурашките и чалгиските состави. Во Охрид функционирал хорот „Биљана", во Кавадарци, Гевгелија и

---

[642] Весник „Глас Пологa" (Од своето формирање па се до 1937 г. мешовитиот хор „Бинички" имал одржано 40 концерти во Тетово и 10 турнеи, од кои две надвор од земјата. Гостувал во Гостивар, Кичево, Охрид, Скопје, имал организирани турнеи во градовите во Источна Србија и градовите како Зајечар, Неготин, Белград, Врање, Крушевац, Чачак, Сараево, Мостар итн. Во 1927 г. хорот престојувал и во Букурешт одржувајќи концерт меѓу печалбарите и колонистите. Во 1933 г. организирал успешна турнеја и во Солун.

[643] Кирил Цацков, *Просветата и културата во...*, op.cit., стр. 134 (Хорот на Гимназијата бил формиран за потребите како на самата Гимназија во градот така и за околните градови како Радовиш, Кочани, Струмица, Свети Николе и др. Редовно настапувал на Светосавските и Видовденските прослави, како и на приредбите што биле организирани за родителите и останатото граѓанство.

[644] Синдикалниот хор „Абрашевиќ" формиран во првата половина на 30-тите години бил познат по својот диригент, битолчанката Калипсо Налча, првата жена диригент.

Струмица хоровите познати под името „Реља Крилатица“, во Штип и Кочани „Јован Скерлиќ“, додека во Прилеп „Краљевиќ Марко“.

Центарот на сите позначајни случувања бил Скопје. Тој во овој период бил средиштето на новата кралска власт, град каде што се доселиле многу образовани личности од Србија, руски, ерменски[645] и чешки емигранти, па нормално било овде и да се забележуваат и најголемите промени во музичкото живеење обележано со многу музички настани од различни жанрови. Во градот веднаш з+апочнале да функционираат хорските друштва „Вардар“[646], „Мокрањац“[647], „Коста Абрашевиќ“, академскиот хор „Обилиќ“, Еврејскиот хор, Монополскиот хор, Занаетчискиот хор „Гуслар“, Црковниот хор и др. Музичкиот живот го збогатувале и настапите на многуте гости виолинисти, пијанисти, гитаристи, камерни и оркестарски состави, џез оркестри, организирани во Домот на армијата, Народниот театар, киното „Балкан“ и др.

Средината на дваесеттите години ќе ја означат и афирмацијата на оперската уметност во Македонија. Првата оперска претстава била поставена во Штип каде рускиот емигрант Сергеј Михајлов[648] ќе овозможи слушање на операта „Палјачи“ од Руџеро Леонкавало, на која и претходела изведбата на „Ружица“, која се сметала како подготвително оперско изведување. Подоцна

---

[645] Едно од најпознатите ерменски семејства било семејството на д-р Гарабет и Викторија Тавитјан кои важеле во градот како исклучително музикално образовани луѓе, пренесувајќи им го тоа на своите деца. Поседувале две пијана и неколку виолини. Редовно во нивниот дом после вечерата се одржувале семејни концерти.

[646] Весник „Вардар“ (Хорското друштво „Вардар“ било најстарото пејачко друштво кое своите активности често ги афирмирало преку турнеите организирани надвор од македонските градови. Патувале и престојувале во Ниш, Белград, Сараево, Загреб, Љубљана, Марибор и др. места секаде соработувајќи со претставниците на тамошните културни и хуманитарни организации. Целта се состоела во прикажувањето на културно-националниот напредок на младината во „Јужна Србија“. Друштвото во текот на мај месец 1936 г. отпатувало за Солун со цел да ги посети српските воени гробишта на Зејтинлик и да одржи помен во чест за Кралот Александар I. Хорот се состоел од 20-тина машки и женски изведувачи на чело со хороводителот и композитор Станко Виличиќ. Посебно привлечни биле свечените одбележувања подготвени по повод неговата слава „Св.Архангел Михаил“ и постојаните концерти и јавните часови за кои дневните весници не пропуштале да информираат.).

[647] Скопскиот хор „Мокрањац“ непрекинато работел дваесет години во периодот од 1921 до 1941 г. Раководен од познатиот српски диригент и композитор Стеван Шијачки, хорот ги забележал најголемите резултати.

[648] Сергеј Михајлов како руски емигрант на крајот од Првата светска војна ќе се најде во Гевгелија каде се вработил како наставник по музика. Како резултат не својата активност по кратко време бил префрлен во штипската гимназија, а истовремено работел и во театарот во кој функционирало музичко училиште. Неговите музички способности кулминирале со првата оперска претстава „Палјачи“од Леонкавалов, за која дневните весници известувале дека оваа изведба е и прва во цела Јужна Србија. Била изведена во салата на Офицерскиот дом, а солисти биле Благородна Бурева, Славко Нетков и Ристо Ѓорѓичков. Постарите штипјани раскажуваат за големиот интерес во градот по повод нејзиното прикажување. Билетите биле предвреме распродадени, како за премиерната изведба, така и за останатите. Големи успеси Михајлов постигнал со учениците во штипската гимназија, со учениците во музичкото училиште, со хористите од градскиот и црковниот хор.

биле прикажани и „Севилскиот бербер" од Ѓоакино Росини, „Гејша", „Мамзел Нитуш", „Кавалерија рустикана", „Фауст", „Гејша" и др.

Во 1931 и 1932 г. во Народниот театар скопјани имале можност да ги слушнат првите професионални оперски изведби „Барон Фрањо Тренк", „Карневалски звона", „Мадам Батерфлај" на Џакомо Пучини и „Травијата" на Џузепе Верди, во кои гостувале оперските уметници Надежда Архипова, Николај Баранов и Стефан Писек. За заживување на оперите посебно влијание имале капелмајсторите Леополд Дворжак и Јосип Рајхениќ, постоечкото хорско пејачко друштво „Вардар" и Друштвото на пријателите на музиката[649]. За текот и достигнувањата на оваа уметност весникот „Вардар" изобилувал со рецензии. Подготовките за поставување на оперите, барале и многу финансиски средства, нешто што се покажало како пресудно за се помалиот број на вакви изведби.

Меѓувоениот период ќе го означи и почетокот на професионалните музичари, кои ќе произлезат благодарение на новоотворената Француско-српска школа[650] предводена од Шарл Дер и музичкото училиште „Мокрањац" отворено во 1934 г.[651], како потребата од образовани кадри, образовани пејачи, кое функционирало според Правилата потврдени од Министерството за просвета во Белград.

Развојот на музичката уметност бил надополнет и со појавата на музичките критичари кои делувале преку дневните весници, посебно преку весникот „Вардар", каде се читало за тогашните секојдневни музички случувања, развојот, достигнувањата и недостатоците на музичката култура.

---

[649] Друштво на пријателите на музиката било основано во месец септември 1937 г. од страна на д-р Адам Миљковиќ, воен лекар, Душан Коњовиќ, директор на Женската гимназија, Миодраг Василевиќ, наставник по музика и Фердо Херцог. Членовите на Друштвото во соработка со постојните пејачки друштва „Вардар", „Мокрањац", „Обилиќ" и Воениот оркестар и овозможиле на скопската публиката да биде дел изведувањето на повеќе оперски изведби. Имало за цел изведба на дела од југословенски и странски композитори, настојувајќи така да го подигнат културното ниво во доменот на вокалната и на инструменталната музика, а со изведување на оперски, симфониски и оперетски дела, создавање на услови за евентуално формирање на Опера во Скопје.

[650] Од ова училиште призлегол кадар кој понатаму продолжувал на факултетите во Париз, Монпеље и Скопје. Наставата била поделена во три отсеци: забавиште, основен и среден. Поседувало библиотека, училишно кино и пијано. Учениците изучувале да свират пијано и виолина, да се занимаваат со сликарство, скулптура, металопластика и др.

[651] Јулијана Жабева-Папазова, *Историјата на македонската пијанистичка уметност 1900-2002*, стр.118 (Од училиштето кое имало три отсеци, подготвителен, низок и висок, се развиле многу квалитетни музички кадри. Школарина плаќале сите со исклучок на сиромашните деца, кои задолжително поднесувале молби за ослободување од финансиите, а одредени поволности имале и родителите со повеќе деца запишани во ова училиште. Школувањето траело девет години. Се изучувало свирење на гудачки, дувачки и жичани инструменти, соло пеење, се организирала настава за диригенти на хорови и оркестри и сл. Резултатите редовно биле презентирани преку многуте јавни часови и камерни концерти, за кои и се пишувало од рецензентите во дневните весници. Се изведувале делата на Моцарт, Дусек, Шопен, Хајдн, Шуберт, Рахмањинов и др., често во соработка со други музички друштва како „Пријатели на музиката".).

Повозрасните граѓани од сите општествени слоеви биле организирани во Друштва на пејачи, Соколските, монополските и други работнички друштва. Повеќето од овие друштва располагале со оркестар, хор и драмска секција. Секое друштво имало и своја слава, одбележувана со музички изведби, за што покажуваат зачуваните покани, дел од архивските материјали, испраќани до институциите и поединците во градот. Од пејачките друштва како најдобри и со најзабележителни резултати, биле скопските друштва „Вардар" и „Мокрањац", формиран на почетокот на дваесеттите години[652]. За кратко време успеале да постигнат големи успеси, изведувајќи концерти со дела од светски композитори, духовни и световни композиции, но и многу композиции од македонската народна музичка традиција. Најчесто можеле да се видат во просториите на Офицерскиот дом и Народниот театар, но доста и патувале низ градовите на Македонија, како и надвор од неа. Хорот на друштвото „Мокрањац" постојано добивал покани за учество на сите јубилејни одбележувања, верски и државни, прослави на друштва, осветувања на државни објекти и многу други различни манифестации кои имале потреба од свечена музичка програма. Зачленувањето било сторго и селективно. Секој потенцијален член најнапред доставувал молба до Управата на друштвото, а се приложувале и препораки доколку ги има кандидатот.[653]

Музичкиот живот се одвивал и во кафеаните и дуќаните на занаетчиите. Така во Тетово познат по својата музичка надареност бил берберот Глигор Бојаџиев кој во својот дуќан држел часови по свирење на мандолина. Дуќанот бил собиралиште на занаетчиите и младите кои секојдневно се собирале и свиреле на по некој од жичаните инструменти.

Во втората половина на 30-тите години музичката активност забележала интензитет благодарение на музичките предавања организирани во Народниот универзитет и Народниот театар кој имал склучено договор со скопските музички друштва и институции.

Маалските тајфи, членовите на културните и спортски друштва, поединци и сл. ќе бидат вистинско уживање при своите вечерни изведби или серенади. Биле наменети за младите девојки, но се почесто се изведувале кога некому требало да се честита завршено образование, стапување во брак, крштевање, именден, слава и сл., моменти кога испеаната македонска песна пропратена со музичките инструменти причинувала вистинска чест и задоволство. Серенадите ќе го означат надминувањето на традицијата и апсорбирањето на новите влијанија, кои наложувале отвореност во младешката комуникација, во семејните односи итн.

---

[652] Помеѓу овие два хора започнала и конкуренција и натпреварување за постигнување подобри резултати, побогати изведби и концертни репертоари и сл.

[653] ДАРМ, ф. Певачко друштво „Мокрањац" – Скопје, 1937–1938, несреден фонд.

Во дел од градовите се формирале и училишта за модерни танци. Во 1931 г. било отворено и училиште за модерен танц „Академски серкл", во куќата на трговецот Ароести, во кое се учеле танци како фокстрот, танго, кик-степ, сло-фокс и сл., прикажувани на празничните и неделните матинеа.[654] Во Струга пак било познато училиштето формирано од Вангел Коџоман, кој им го пренесувал на младите тоа што го научил за време на студирањето.

Музиката од грамофони исто така оставила видни белези. Многубројни биле семејствата кои во своите домови имале грамофон преку кој слушале музика. Се набавувале од европските градови или пак од скопските продавници, преку застапникот Елиезер Б. Јозеф од загрепската фирма „Едисон Беел пенкала Л.Т.Д." На овие места можеле да се купат грамофонски плочи од тогашните познати пејачи - Ружа Декиќ, Костица Станисављевиќ, Влахо Пољетак, плочи со француски гал-шлагери, валцери, опери, арии, но и со циганска, босанска музика и др.[655] Грамофоните во Битола се појавиле кон крајот на 20-тите години, заменувајќи ги дотогашните фонографи со инка.

Поимотните семејства во своите домови поседувале и радиоапарати, во почетокот на батерии, а потоа и на струја. Во Скопје постоеле неколку претставништва од каде можеле да се купат, најмногу од марката Телефункен, Филипс и др., интензивно рекламирани по дневните гласила и со текот на годините станувале се популарни. Преку радиопреносите можеле да се слушнат сите вести и политички случувања во Кралството и Европа, црковните богослужби, националниот календар, предавања од стручни лица, професори, лекарски совети, совети за стопанските гранки, посебно земјоделството, народни песни и друг вид на музика итн. Еден од поважните радиопреноси на кој биле преставени македонски песни бил преносот од 1932 г. кога гостувал Васил Хаџиманов заедно со многу други пејачи од Белград.[656]

Влијанието на соседните и европските градови ќе се почувствува и во развојот на пијанистичката култура од која многу повеќе ќе бидат дел поимотните семејства. Видно влијание оставиле и руските емигранти кои со себе ја донеле љубовта кон музичката традиција и свирењето на пијано.

Иако било ретко сепак пијаното станало дел од многу домови како придружен ентериер кој се употребувал за време семејните седенки, собири, прослави и сл., но неспорно е поседувањето и на други инструменти како виолина, мандолина, хармоника и др. Се купувале од европските градови, што покажува дека овие семејства биле пред се познати трговци. Сите тие

---

[654] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 289 -292. (Во 1932 г. во близина на Скопје во с. Душановац била изградена модерна радиостаница со средства добиени од репарација, но не стапила во употреба зашто биле потребни повеќе финансии. Не успеале ниту обидите во 1939 и 1940 г. кога новиот објект и радиостудиото требало да почнат со работа, но биле спречени поради изградбата на некој антенски столб.).

[655] Ibidem, стр. 290.

[656] Ibid., стр. 291.

настојувале нивните најмлади потомци да научат да свират по некој инструмент. Се сретнувале во домовите на семејства од Скопје, Битола, Велес, Прилеп, Тетово, куманово, Штип и Струмица. За да научат да го користат дел од сопствениците за себе и членовите на семејството организирале приватни часови. Најпознати музички педагози по пијано во Македонија биле Сара Арсиќ и Алиса (Беба) Вајс-Пејовиќ. Наставата по пијано се вовела и во дел од образовните институции како Францускиот колеџ во Битола, Француско-српската школа во Скопје, Гимназијата во Штип и музичката школа „Мокрањац" во Скопје. Пијана во овој период биле купувани и од сопствениците на неколку хотели како хотелот „Српски краљ" во Охрид, сопственост на Андон Радич, и хотелите „Босна" и „Јефтиќ" од Битола.

Битола, позната и како градот на клавирите, благодарение на многуте конзуларни претставништва, одамна била запозната со пијанистичката култура. Битолчани раскажуваат дека во овој период пијано поседувале некаде околу 50-тина повидни семејства. Нивните деца свирењето го учеле преку приватни часови одржувани од добро образувани граѓани. Оние за кои што приватните часови биле недостапни, музичката култура ја стекнувале во редовите на редовното образование, каде задолжително бил застапен предметот пеење, воведен заради подобро запознавање и изговарање на српскиот јазик.

Звуците на пијаното граѓаните можеле да ги слушнат и во културните вечери организирани по ресторанite, хотелите, кината и театрите. Овде доаѓале и оние надарени ученици кои дома не поседувале пијано, па токму на овие места можеле сосема слободно да вежбаат.

Пијанистичката култура била доста развиена и во Штип благодарение на рускиот емигрант Сергеј Михајлов, кој кога пристигнал во Штип со себе го донел и пијаното. Покрај во Гимназијата, Сергеј давал и приватни часови за децата на поимотните српски чиновници, воени офицери, трговци, занаетчии, односно на оние кои можеле да си го дозволат тоа за своето семејство. Неговите ученици од гимназисикиот хор редовно изведувале успешни концерти во текот на целиот меѓувоен период во просториите на Гимназијата, Офицерскиот дом и во Театарот.

Современите текови во вардарскиот дел од Македонија брзо се ширеле и прифаќале. Сите овие споменати музички состави само ќе бидат потврда за модернизацијата која ќе навлезе и во музичката култура интерпретирана и од возрасните и од младата популација, која се повеќе ќе напредува, ќе покажува интерес, ќе го пренесува тој интерес и сл. Забележани се многу видни имиња кои делувале во овие години како: Тодор Скаловски, Трајко Прокопиев, Глигор Бојаџиев, Петре Богданов Кочко, Стефан Гајдов, Жифко Фирфов, Данка Фирфова, Никола Кољо Галевски, Кирил Рибарски, Ванчо Самоников, Јордан Хаџиниколов, Миле Серафимовски, Димитар Митевски и др.

3.8 Спортското живеење

Нема сомнение дека ова е и периодот на напредното спортско движење, движење на многуте спортски друштва и клубови. Интересот на српската власт за доминација во образовниот процес, ќе биде пресуден и за развојот на спортското воспитување, кое станува дел од наставната програма. Спортот ќе доживее многу промени, а дел од нив ќе бидат забележани од многуте офицери, Словенци и Хрвати, кои со своето присуство меѓу спортските друштва, делувале на развојот на физичката култура.

Најзначајни спортски активности кои забележале успех во овој период биле фудбалот, гимнастиката, хазената (ракомет), одбојката, зимските спортови, планинарството, скаутизмот, пеливанството, стрелаштвото, велосипедизмот и др.

Гимнастиката како спортска активност била позната и применува од членовите на Соколските друштва формирани во повеќе градови како Скопје, Битола[657], Штип[658], Тетово[659], Велес, Гевгелија[660], Прилеп, Ресен[661], Куманово[662],

---

[657] Зградата на соколскиот дом, именуван како „Храм на здравјето", во Битола била целосно завршена во 1934 г. Се наоѓала на доста атрактивна локација сместена помеѓу општинскиот парк и Офицерскиот дом. Домот располагал со свечена сала, бифе, канцеларии, соблекувални, купатила и магацини.

[658] Весник „Вардар" (Соколскиот дом во Штип бил иницијатива на генералот Тоскиќ, аптекарот Гвозден Матиќ и младите штипјани ентузијасти, приврзаници на гимнастиката. Во соколаната се учеле разни игри, танци, вежби на разбој и вратило. Од 1925 г. друштвото имало и своја музичка секција, а од 1930 г. и свој блех-оркестар со 18 членови и исто толку инструменти. Оркестарот бил познат по своите настапи на разни свечености како прославата за десетгодишнината од битката на Брегалница и десетгодишнината од основањето на народната милиција. Членовите редовно настапувале и на соколските слетови во Куманово, Белград, Загреб, а со соседните градови Велес, Кавадарци, Струмица и др. се одржувале редовни спортски натпревари.).

[659] Весник „Вардар" (Соколското друштво во Тетово било едно од најстарите друштва со почетоци забележани во првата деценеија на 20 век. Во првата половина на 30-тите години броело околу 300 членови активни како во градот така и по селата. Заземало учество во сите позначајни соколски манифестации не само во Тетово туку и надвор во градовите како Белград, Скопје, Куманово и др. места.

[660] Соколското друштво во Гевгелија започнало да функционира од 1923 г. Поголем интензитет во активностите забележан бил од 30-тите години кога и бројот на членството достигнал до 150 членови. Друштвото делувало и во селската средина каде биле формирани 7 соколски чети од кои најголеми биле во Богданци и Смоквица.

[661] Соколското друштво во Ресен започнало да функционира од 1925 г., во чија сала напоредно се организирале многу приредби, игранки и фискултурни натпревари. Формирало свои соколски чети во дел од теотвските села како Жилче, Урвич, Тераце и др. Во 1928 г. формирале и свој оркестар. Јавните часови ги организирало на игралиштето „Љуботен", каде биле изведувани вежби од машките и женските деца.

[662] Весник „Вардар" (Како најубава градба се издвојувала Соколаната во Куманово, објект изграден во 1931 г. дело на рускиот емигрант Владимир Антонов, познат и по објектите на Општинската зграда и Занаетчискиот дом. Соколаната била позната по својата фасадна декоративна обработка посебно околу прозорците, кои ги имало и во кружна форма.

Берово, Кратово, Кичево[663], Радовиш[664], Дебар[665] и Кочани[666]. Во периодот меѓу двете светски војни, поточно од 1922-23 г. гимнастиката ќе добие својство на најактуелна спортска игра, после фудбалот, која според Расписот од 19 јануари 1920 г., била помагана од наставниците по телесно вежбање со помош на своето стручно образование.[667]

До втората половина на 30-тите години на територијата на Вардарска Македонија биле формирани повеќе од 30 соколски организации. Најголема била соколската организација „Кралевич Марко" од Скопје, која од 1927 г. прераснала во центар на соколството во вардарскиот дел од Македонија со околу 17.000 членови. Функционирале според Законот за основање на соколските друштва, кој предвидувал соодветна управна организација или одбор. Во интерес на друштвата работеле и соколските просветни школи чија основна задача била организирање предавања, односно просветно пропагандна дејност. Сите друштва имале свои библиотеки и читални.

Во недостиг на опрема и сали, вежбите биле изведувани на отворено. Своите активности дел од друштвата ги изведувале и во самите основни и средни училишта, или пак во касарните на српските војници и жандарми.[668] Дел од соколските друштва подоцна добиле и свои соколани, соколски домови со фискултурни сали опремени со справи за вежбање каде гимнастичките вежби биле изведувани со помош на наставниците по гимнастика. Соколските друштва биле предводени од младата популација, а најчесто раководните места им припаѓале на припадниците од полицијата и војската. Салите на соколските домови биле користени за организирање на разни свечености, празнични државни и верски одбележувања, забави и сл.

Од 1928 г. започнале да се организираат учителски соколски курсеви, чии учесници, подоцна во соколските друштва, биле поставувани

Соколското друштво во Куманово функционирало уште од 1921 г., познато по многуте матинеа, забави и академии.).

[663] Весник „Вардар" (Соколскиот дом во Кичево бил изграден во 1932 г. по планот на рускиот архитект Ваган Карагањан. Соколаната била долга 15 метри и висока 7 метри со сала за вежбање, наменета и за сите други културни активности на соколите. Имала и простории за канцеларии и гардероби.).

[664] Соколското друштво во Радовиш било носител на сите културни случувања и активности во градот. Како дел од него функционирале пејачкото друштво и театарската секција.

[665] Соколите во Дебар свој дом добиле во 1932 г., кој бил и место за организирање на сите културно-просветни, музички, хуманитарни и спортски друштва.

[666] Соколското друштво во Кочани било формирано во 1922 г. и важело за едно од најактивните во Брегалничкиот регион. Свој дом добило дури во 1931 г. во кој се одржале многу предавања за младината и граѓанството. Од многубројните активности на друштвото се издвојувале организираните трки по повод празникот Тодорова сабота. Станува збор за трки на младите од двата пола од 12 до 40 години со коњи, магарења, велосипеди и пешачки трки на учениците. По програмата изработена од соколите се доделувале и награди.

[667] Душан Станимировиќ, *Основање на соколските друштва во Македонија од завршувањето на Првата светска војна до април 1923 г.* Во: *Прилози за историјата на физичката култура на Македонија*, Скопје 1977, стр. 59-60.

[668] Стојан Насевски, *80 години фудбал во Кратово 1924-2004*, стр. 21.

како предњаци, заменици началници или началници.[669] Во Скопје доста често се организирале соколски курсеви, на кои доаѓале младинци од речиси сите градови во Македонија, стекнувајќи се со диплома за завршен курс. Едномесечен курс од ваков вид бил одржан од 15 септември до 15 октомври 1930 г. во организација на Соколската жупа.[670] Курсеви за соколски водачи се организирале и во Битола. Дел од друштвата учествувале на соколските слетови на територијата на Македонија, но и надвор од неа, најчесто на оние организирани во Белград, Крагуевац, Софија и Прага[671]. Соколските слетови најчесто се организирале по повод некој празник како Видовден, Дуовден[672]. За ваквите настани соколските друштва имале и посебно изработена облека. Многу често гиманстичарите ги посетувале и селата, каде ги изведувале своите вежби.

Дрштвата биле познати и по културно просветните активности, секое друштво имало свои посебни секции[673]. Организирале логорувања[674], натпревари[675], другарски вечери, игранки, излети[676] и предавања за идеологијата и постигнувањата на соколството на поширокаа територија и сл.

Развојот на соколските организации и грижата за здравјето на нивните членови го условиле и развојот на спортската медицина во периодот меѓу двете светски војни. Грижата за нивното здравје била една

---

[669] Никола Ставрић, *Осврт врз написот на м-р А. Симовски: „Кадровската состојба на наставата по физичко воспитување во средните училишта во Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни“*. Во: *Прилози за историјата на физичката култура во Македонија*, Скопје 1978, стр. 127-129.

[670] Ibidem, (Најголемиот дел од учесниците на ваквите курсеви подоцна се среќавале како кадри, односно хонорарни стручни учители по гимнастика во гимназиите, нижите гимназии, граѓанските школи или женски работнички школи, но и како стручни кадри по соколските друштва во Велес, Скопје, Штип, Куманово, Охрид, Дебар, Кавадрци, Гостивар, Крива Паланка, Кочани, Кратово, од 1933 до 1940 г.).

[671] Во 1938 г. штипските гиманстичари учествувале на десеттиот гимнастички слет во Прага.

[672] Соколските манифестации и поворки за празникот Дуовден биле организирани во сите градови каде и ги имало соколските друштва, пропратени со соколската и воената музика. Истовремено се организирале јавни часови на кои соколите ги презентирале своите гимнастички вештини и соколски академии во соколските домови исполнети со музички програми и стручни предавања.

[673] Весник „Вардар“ (Една група од велосипедската секција дел од Соколското друштво од Битола на 19 јули 1932 го посетила Охрид задржувајќи се два дена. Велосипедистите направиле излети во неговата околина, посетувајќи го и манастирот Св. Наум.).

[674] Весник „Јужна Србија“ (Скопските соколи во текот на летото 1938 г. поминале еден месец на Охридското езеро - и порано скопските соколи летото го поминувале на Охридското езеро каде ги распостилале своите шатори под кои логорувале. Организатор е соколското друштво Скопје - Матица, а ќе логорувале вежбачи од сите категории. Логорувањето со патната карта чинело 400 динари од секој учесник.)

[675] По повод државните празнувања, соколите често и организирале натпревари во атлетски дисциплини. За еден таков натпревар со скопските скаути од месец октомври 1936 г. информира и дневниот весник „Вардар“, организиран по повод 18-годишнината од ослободувањето на Скопје. Биле застапени дисциплините како трчење на 100 и 600 метри, фрлање ѓуле, фрлање копје, фрлање диск, скок во висина и сл.

[676] Членовите на соколското друштво од Штип секоја година имале јавен настап за време празникот Ѓурѓовден во месноста Каваклија, каде се собирале сите штипјани на излет.

од причините за организирање на специјални курсеви предводени од лекари, преку кои пак спортистите се запознавале со теоретското значење на телесното вежбање и превентивните мерки во случај на несакани повреди.

Меѓувоениот период ќе го означи и почетокот на хазената или ракометарската игра, која важела за женска игра. Жените облечени во спортски дресови била вистинска атракција, привлекувајќи го вниманието на сите. Првите почетоци ги означиле скопските клубови „Напредок"[677] и „Граѓански"[678], кои формирале секција за хазена. [679] Женска хазена била формирана и во Битола во 1926 г. како дел од фудбалскиот клуб „Битољ", кое за кратко време било забрането на барање на друштвото „Коло на српските сестри", кои сметале дека да се гледаат жените во спортска облека било недолично, а самата игра како спорт штетна за младите.[680] Хазена секции биле формирани и во Куманово. Хазената како спортска дисциплина само била потврда за вклучувањето на женската популација во спортското движење, предводена пред се од самиот нејзин интерес за ваков вид активности е излегување надвор од навивачките редови.

Во дел од градовите започнала да се игра и одбојката. Посебно Актуелна била меѓу население во Гевгелија и Дојранскиот дел, каде за време на воените години сместените англо-француски војници ја играле оваа игра. Во варадарскиот дел од Македонија одбојката претежно се играла во соколските друштва, меѓу кои почнале да се организираат и меѓусебни натпревари. Во Скопје одбојката започнала да се игра во 30-тите години и како игра е поврзана со името на фудбалерот Трајче Костовски кој во Гимназијата донел мрежа и

---

[677] *Алманах општина града Скопља 1918-1928*, Скопље 1928, стр. 181 (Првиот хазена клуб бил формиран од друштвото на скопските извидници и планинари во 1923 г., а бил предводен од матурантот Стеван Д. Тривунац. Една година подоцна клубот станал дел од клубот „Напредок". Во 1927 г. се одиграле и првите натпревари со хазена клубот од Крагуевац „Шумадија" и белградскиот хазена клуб, кој бил и државен првак. До 1928 г. во Скопје имало околу 40-50 претставнички на хазената.).

[678] Весник „Вардар" (Дел од спортските клубови често приредувале и балови со маски, познати како футуристички балови, на кои речиси секогаш од стручна комисија се бирала најдобрата маска. Најдобрите балови секогаш ги приредувал клубот „Граѓнски", на кој во 1936 г. во приредувањето на балот и футуристичката декорација му помогнал познатиот уметник Никола Мартиновски.).

[679] Димче Миновски, *Ракометот во Битола*, Битола 2013, стр. 19. (Во 1927 г. екипите на овие секции биле примени во Балканскиот хазена потсојуз, па од тој период започнале и гостувања на одредени клубови од Крагуевац и Белград во македонските градови.).

[680] Ibidem, (Во овој период биле одиграни и два натпревари во градот помеѓу женската хазена од Битола и екипата на клубот „Спартак„ од Суботица. Во Битола се одиграл и еден пропаганден натпревар меѓу скопкста женска и машка екипа, на која како подобра се покажала женската екипа).

топка за одбојка. Одбојка се играло и во Штип.[681] За оваа игра не постоеле некои посебни правила, се играло за забава и рекреација.

Свој почетнички подем забележува и кошарката. Градот Штип имал и свој кошаркарски клуб.

Фудбалот бил еден од најорганизираните спортски активности. Првите повоени години за оваа спортска активност ќе значат формирање на многу маалски клубови и неорганизирано играње како активност во училиштата[682], за веќе по неколку години да започне формирањето и на посериозните фудбалски клубови, предводени од Белградскиот потсојуз, а од 1927 г. и од тогаш формираниот Скопски фудбалски потсојуз. Сите зачленети клубови во Белградскиот потсојуз морало да се придржуваат на правилата за работа и да плаќаат одредена годишна членарина. Сите фудбалски официјални клубови задолжително биле регистрирани и од општинската власт.

Од 1919 г. започнуваат да се формираат фудбалски клубови низ целата територија на Вардарска Македонија. Се издвојуваат градовите како Скопје[683], Битола[684], Прилеп, Велес, Струмица[685], Гевгелија[686], Струга[687], Тетово[688],

---

[681] Во Штип се смета дека одбојката како спортско-рекреативна активност ја донесуваат младите соколи, забележувајќи ја за време престојот и слетовите во градовите на Кралството Југославија, надвор од границите на Македонија.

[682] Фудбалската игра во дел од градовите во Вардарскиот дел од Македонија најчесто ја организирале новодојдените српски учители, војници и жандарми, кои по доаѓањето на овие простори за празничните денови знаеле да организираат екипни натпревари на периферијата од градовите, односно на местата каде имало слободни и широки пољани. Вештините во фудбалската игра подоцна започнале да ги носат и младите Македонци кои учеле или студирале низ поголемите центри на Кралството Југославија, како и богатите трговци, кои во своите градови ги донеле и најновите модели на фудбалски топки.

[683] Во почетокот во Скопје постоел еден фудбалски клуб „Напредок", од чии незадоволни членови во 1919 г. бил формиран клубот „Спорт", обединувајќи се подоцна со клубот „Македонија", кој бил и првак во цела Јужна Србија. Бројот на членовите постојано растел. Одиграни биле и интернационални натпревари со солунските фудбалски клубови.

Фудбалскиот клуб „Напредок" бил формиран на иницијатива на група граѓани трговци, државни службеници итн. Клубот имал свое оградено игралиште, единствено од тој тип во Јужна Србија. Покрај фудбалска, во рамките на клубот биле формирани и секции за ракомет и тенис. Со својата активност забележителен бил и клубот „Работнички".

[684] Димче Миновски, Фудбалот во Битола низ децении, Битола 1969, стр. (Организираната фудбалска игра во Битола се означува со фудбалскиот клуб „Битољ", поддржуван и финансиран од битослките трговици и останатите поимотни граѓани. Со мало стагнирање во 30-тите години, клубот активно функционирал се до 1941 г. Познат бил по натпреварите со локалните клубови, но и и со оние од Солун, Атина, Белград и др. градови. Битола ги забележала и клубовите како „Македонија", „Балкан", „Војводина", „Победа", „Хајдук", „Раднички", „Југославија", „Нови свет" клуб на муслиманските ентузијасти, клубот на Воениот гарнизон, екипата на Богословијата и др., односно во меѓувоениот период функционирале околу дваесетина клубови опфаќајќи ја целокупната младина во градот заинтересирана за овој спорт.).

[685] Во Струмица најпознат бил клубот Беласица. Струмичките фудбалери биле познати по своите чести патувања и гостувања низ градовите во Македонија, а во 1924 г. имале и една подолга турнеја низ градовите на Кралството СХС.

[686] Гевгелија ќе биде позната по клубот „Кожуф" и неговиот успех во 1936 со освојувањето на првенството во Вардарската жупа.

Куманово, Прилеп и Берово[689], кои почнуваат организационо да функционираат.[690] Голем број фудбалски клубови се организирале и како дел од културно-просветните друштва, но и како дел од работничките друштва, во кои покрај работничката младина, масовно влегувале и се организирале средношколците и студентите. Во именувањето на клубовите големо влијание имала Октомвриската револуција и општествено-политичките случувања во тој период, причина за нивното често забранување и воведувањето на правилото од самата власт според кое именувањето на клубовите треба да биде одраз на големосрпскиот национализам. Така во фудбалските клубови можеле да се сретнат ученици, студенти, работници, занаетчии, трговци, чиновници и сл.

Сите имале задолжителна спортска опрема како дресови во бои и со амблеми препознатливи за клубовите, изработувани од локалните шивачи[691] или купувани[692]. Во битолскиот клуб „Омладина" за членовите биле изработени и копачки по примерот на чевлите на Михајло Спасевски кој ги донел од Англија. Како игралишта се користеле местата во непосредна близина на градовите, односно на периферијата на градовите каде се правеле импровизирани стативи, за подоцна да се направат и модерни стативи со мрежи. Во подигнувањето на игралиштата најмногу се ангажирало локалното население, за што претходно морало да добие одобрение од општинската власт. Новите игралишта биле секогаш свечено осветувани во присуство на локалното насление, кое тие моменти од секојдневието ги доживувало како значаен дел од нивните случувања и не сакале да ги пропуштат.

Фудбалските клубови имале свои пишани правила според кои функционирале, управа и одбор. На членовите им се издавала членска книшка, а сите тие како и поставите на фудбалските клубови прецизно биле забележувани во списоци кои денес се чуваат во архивските одделенија. Сумата во секој клуб била различна и евидентирана од надлежните по месеци и по

---

[687] Крсте Чакар, *Фудбалски клуб „Кораорман" 1923 – 1998*, Струга 1998, стр. (Прв фудбалски клуб во Струга бил „Црн Дрим" формиран од струшките гимназијалци во 1923 г. Од 1930 г. клубот прераснува во организирано спортско друштво „Југославија" со свои правила, а од 1931 г. и со современо фудбалско игралиште и спортска опрема за одигрување наптпревари. Клубот имал своја културнопросветна секција, хор и драмска секција.

[688] Организираниот фудбал во Тетово започнува со клубот „Љуботен", регистриран во 1922 г.

[689] Даринка Петреска, *Малешевијата...*, op.cit., стр.193-194 (Најпознат фудбалски клуб во Берово бил „Малеш" околу кој се организирале сите приврзаници на фудбалот. Во развојот на спортот во Берово големо влијание имале и српските граничари, војници и офицери, кои масовно се вклучувале во редовите на клубот.).

[690] Според податоците земени од Југословенскиот фудбалски сојуз, во 1919 г. биле формирани 5 клубови, за да тој број низ годините се повеќе се зголемува и веќе во 1940 да достигне до 51 клуб.

[691] Стојан Насевски, *80 години фудбал...*, op.cit, стр. 28 (Во Кратово доста позната била Вера Абаџиева-Патетинка која во 1928 г. без надоместок со својата машина за плетење ги исплела првите 18 пара фудбалски дресови во црвена и бела боја, штуцни и чорапи.).

[692] Во 1927 г. во Битола била отворена фабрика за текстилни производи, за поткошули и за фудбалски дресови.

висината. Голем дел од клубовите добивале и доброволни прилози од локалните поимотни лица и симпатизери. Евиденција се водела и за одиграните натпревари со градовите каде функционирале фудбалските клубови. Најголемиот дел од нив и поважните се разбира се забележувале и од дневните весници и списанија. Победниците биле наградувани со спортска опрема.

За задоволување на своите потреби клубовите често организирале и разни забави, игранки и сл., се со цел да дојдат до одредени средства со кои би купиле нешто и би ги подобриле условите за играње, патување, средување на игралиштата, нивно модернизирање, односно олеснување на целокупното свое функционирање.

Турнеите и фудбалските натпревари биле доста чести и секогаш масовно посетувани. Интензивно се играло како меѓу клубовите кои истовремено функционирале во градот, така и меѓу клубовите од различни градови. Се патувало организирано со камиони, коли и со воз. Натпреварите носеле и свои ризикувања. Чести биле несреќните случувања и повредите. Запаметена останала смртта на битолскиот фудбалер Јоне Јовановски од клубот „Југославија", кој на натпреварот со „Кајмакчалан" во 1934 г., починал на теренот во текот на самата игра.[693]

Натпреварите на овие друштва секогаш се користеле за одржувањето и зацврстувањето на врските меѓу партиските организации во Македонија. Најголем дел од фудбалерите биле приврзаници и директни учесници во напредното работничко движење. Се пренесувале материјали, се организирале состаноци и сл.

Сите фудбаски клубови обожавале да се фотографираат. За тоа потврда се многубројните фотографии, кои сведочат за нивното постоење, функционирање, организирање, изгледање, составите на тимовите и сл.

Економската криза се почувствувала меѓу фудбалската игра. Димитар Димитровски за фудбалот во Битола кон крајот на 20-тите години се сеќава: „Заминаа и многу фудбалери. Знаеја да ги уновчат своите нозе во други клубови. Одеа во Ниш, Крагуевац, во Белград..., некои во Скопје".[694]

Структурата и организацијата на фудбалската игра ќе допринесат за развојот на судиската и тренерската организација. Првиот фудбалски стручен судија бил Душко Поповски, кој во 1924 г. го положил и задолжителниот испит.[695] Обид за модернизирање на фудбалската игра направиле и тренерите,

---

[693] Димче Миновски, *Фудбалот...*, op.cit., стр. 64-65 (Во тој временски период не постоеле лекарски прегледи со кои би се потврдила способноста на фудбалерите за издржливоста што ја барала фудбалската игра.).

[694] Сеќавања на Димитар Димитровски од Битола.

[695] *50-години фудбал во Македонија*, Скопје 1969, стр. 13 (Во периодот меѓу двете светски војни како познати судии се споменуваат имињата на Мони Карио, Воислав Моленица, Драган

кои најчесто биле поискусните играчи, но дел од клубовите како Победа, Југ, Граѓански и др. имале можност да соработуваат и ангажираат странски тренери.

Спортската активност ќе стане дел и од новата асимилаторска власт, која наспроти фудбалските клубови на локалното население ќе почне со формирање на свои именувајќи ги како „Обилиќ", „Душан силни", „Шумадија", „Војновиќ", „Свети Никола", „Југовиќ", „Југославија", „Бабунски", „Караѓорѓе" и др. Во нив членувале режимските луѓе, службениците на српската администрација, доселените лица од самата власт. Најчесто биле финансирани од локалните богати трговци. Таков е случајот со формирањето на фудбалскиот клуб „Граѓански " во Скопје во 1922 г., кој околу себе успеал да ги собере најдобрите фудбалери од градот. Како првак на Скопскиот потсојуз, клубот се пласирал во единствената национална лига.[696]

Кон крајот на 20-тите години за оваа спортска активност ќе започнат да се прилагодуваат и соодветни терени, односно да се прават фудбалски игралишта, кои најчесто се сретнувале надвор од градот. Натпреварите меѓу младината од градовите биле доста чести, организирани најчесто по повод некој празник или одбележување, а истите завршувале секогаш со дружење во вечерните часови.

Членови на фудбалските клубови своите активности ги продолжувале и во клубови надвор од територијата на Вардарскиот дел од Македонија, во градовите на Кралството Југославија. Напредни фудбалски клубови се забележувале во Велес, Скопје, Битола, Прилеп, Куманово, Гевгелија итн.

Големи промени се забележале и во водените спортови, односно во пливањето како спортска активност чиј развој се разбира го овозможувало Охридското езеро. Младите поттикнати од француските војници – капачи, кои во максимално ги користеле песочните плажи во годините на Првата светска војна, се поинтензивното ќе започнат да го задоволуваат своето љубопитство со освојувањето на водените површини. Желбата да се научи да се плива во почетокот на дваесеттите години ќе ги издвои во градот и имињата на најдобрите пливачи како: Дио Богдан, Ламбе Бидо, Стефан Момир, Виктор Боев, Борис Филипче, Славе Битрак и др.[697] Покрај мажите пливањето со голем интерес ќе биде прифатено и од женската популација, која се почесто можела да се забележи на плажите покрај Охридското езеро, задолжително облечена во костими за капење.

Пливачките вештини почнале да се покажуваат и преку организираните први натпревари по пливање на кои за победниците биле обезбедувани и

Тасевски, Киро Христов, Ѓорѓи Оџаклиев, Коста Гинов, Александар Самарџиски и Ѓорѓи Миновски, поточно Судиската организација броела 23 члена.).

[696] Славко Матовски, *Напредното работничко спортско движење во Македонија*, Македонска книга Скопје 1985, стр. 65.

[697] Александар Радич – Леко, *Педесет години на пливачко ватерполо друштво „Охридски бранови"*, Охрид 1932 – 1982, Охрид 1982, стр. 23.

скромни награди од страна на организаторите.[698] Пливачите со чун биле носени на одредено растојание кое било обележувано како старт, од каде се пливало се до обалата. Спортските активности на вода ќе го разбудат и освојат и љубопитниот дух на младите во Струга.

Развојот на спортот на вода меѓу младите охриѓани во почетокот на триесеттите години ќе резултира со појавата на првиот пливачко-веслачки клуб „Охрид", кој од 1935 г. ќе стане огранок на спортскиот клуб „Југ" од Белград, што ќе значи продирање на режимската власт. Истата година веслачкиот клуб добил на подарок и соодветна опрема како 1 скиф, 1 двоец со кормилар, 10 сандолини и сл. Ваква опрема била доставена и до спортскиот клуб во Струга[699], формиран една година по охридскиот, така што започнале и организираните се почести натпреварувања меѓу градовите со сандолини, пливање на одредени далечини и натпревари со корита од најмладите. Долго се паметеле оние организирани за време одбележувањето на празникот „Св. Климент", карактеристичен и значаен за двата града.

Во текот на 1936 г. бил основан и првиот кајакарско-пливачки клуб „Вардар" во Скопје. Основната цел на членовите и управата на друштвото се состоела во афирмирање на овој спорт, за која цел се надевале на подигнување на своја плажа, спортска куќа и хангар за чамци. Истата година членовите отвориле и работилница за изработување на кајаци-чамци со сопствени средства за чија изработка биле потребни 450 односно 550 динари. Изработка на еден таков чамец траела околу еден месец.

Во обидот да создаде здрава и сестрано образована младина српската власт во Вардарскиот дел од Македонија во целост ќе го поддржува развојот на скаутизмот или извидништвото. Почетоците датираат од 1919 г. на иницијатива на англискиот офицер Артур Блаксел. Поголеми успеси извидништвото почнува да покажува од 1924 г., кога се формира Вардарската извидничка жупа. Сите извиднички друштва се наоѓале во рамките на Сојузот на Извидниците на Кралството Југославија

---

[698] Ibidem, (Првиот начин на пливање охриѓани го нарекле фрлање раце, техника која се карактеризирала со високо држење на главата над водата и нејзино вртење на едната на другата страна, спротивно од замавнувањето на раката. Телото било поставено на гради, а со нозете се правеле несиметрични движења. Од 1924 г. започнале да се организираат и натпревари во пливање на патеки со должина од 800-1.000 метри за постарите пливачи, и 100-200 метри за помладите пливачи. Организатор на првиот натпревар бил познатиот трговец во градот Анастас Чорбе, кој на победникот Славчо Битрак му подарил штоф за костум. На натпреварите подоцна покрај натпреварувачите биле носени и тројца судии, од кои едниот бил стартер, вториот мерач на време-со обичен часовник, а тертиот бил записничар.).

[699] Весник „Вардар" (Во месец мај 1936 г. веслачко-пливачката секција во Струга добила на подарок од приватно лице три спортски чамци, чие осветување и спуштање во Езерото било јавно и свечено одбележано во присуство на општинските и воени претставници и Министерот за физичко воспитување. Свеченоста била надополнета и со струшките соколи и говорите на претседателот на спортскиот клуб „Југ" од Белград и претседателот на струшката општина.).

и Вардарската скаутска жупа[700]. Имале свои т.н. скаутски станови каде младината би ги одржувала своите состаноци и вежби[701].

Сите членови кои биле претежно деца од 13 до 17 годишна возраст, задолжително давале заклетва за верност кон кралот и придржување кон правилникот и законите на извидништвото, за чие непочитување скаутите се казнувале според казните за неуредност и дисциплинските казни. Подоцна правилникот бил изменет и дополнет за членовите до 19 годишна возраст. Имале и свои униформи изработувани од посебни материјали во зелена боја.[702] За секој скаут биле задолжителни познавањата од основите и историјата на скаутизмот во Кралството Југославија и пошироко, како и занимавањето со некој од актуелните спортови[703]. Имале и свој заеднички поздрав: „Секогаш спремни".

Од 1937 г. скаутските друштва со закон од Министерството за просвета за најмладите биле организирани во рамките на средните училишта. Ним најстрого им било забрането членување во други скаутски организации, како и логорувања, манифестации и друг вид на свеченост. Оваа мерка допринела за кризата во скаутските друштва зашто најголем број од членовите биле ученици. Повеќето од овој период за скаутски водачи поставувале професори од средните училишта, успевајќи така да ја вратат својата целна група. Во овој период било формирано и занаетчиското скаутско друштво во кое членувале младите надвор од училишната средина и младите занаетчии.[704]

Од 30-тите години започнало да се издава списанието Скаутски гласник каде биле објавувани сите новости, податоци и информации за скаутизмот и неговите подружници.

---

[700]Вардарската скаутска жупа имала своја управа составена од старешина, помошници, началници, секретар, благајник и домаќин, кои се бирале на одредено време по завршувањето на нивната должност. Била поделена на финансиски, административен и технички отсек. Управата одлучувала за делувањето на скаутските друштва, како и за сите проблеми со кои тие се соочувале.

[701] Бараката во која било сместено скопското скаутско друштво неколку пати била поплавувана заради излевањето на р. Вардар. Во 1938 г. одговорните бараат од Министерството за просвета дозвола за користење на две декерови бараки кои не биле користени од Хигиенскиот завод.

[702] Скаутската униформа често се злоупотребувала од проблематичните граѓани, кои доаѓајќи до неа од поранешни членови, често знаеле да ја носат низ градот прекршувајќи ги законите. Од 1923 г. покрај униформата секој член задолжително морал да поседува и членска легитимација со своја фотографија издадена од Сојузот на Скаути.

[703] Младите скаути задолжително имале познавања и од самата организација на Сојузот, државното уредување, државните симболи како грбот, знамето и химната, основни познавања од прва помош, медицина, хигиена и сл. Работеле и на подготовките за подигнување на логор, логорување во различни услови, запознавање со својата околина и пошироко, стекнувале вештини за читање на карти, пишување реферати, читање и следење на скаутските гласници итн. Познати биле и скаутските песни.

[704] За кратко време друштвото постигнало добри резултати, а било познато и по честите излети надвор од Скопје.

Најактивни биле извиднички друштва во Скопје, Куманово, Тетово, Врање и Лесковац, а подоцна во Битола, Струмица[705] и Штип. Секое од нив организирале повремени едномесечни логорувања како оние на Битолските извидници на Охридското езеро, Скопските извидници на изворите на р. Вардар, на планината Тара и Мавровски Анови. Претходно се утврдувало местото за подигнување на логорите, а навремено се поднесувале и барања за одобрување од одговорните лица. За предводниците на друштвата од 30-тите години се организирале и стручни курсеви. За запознавање на локалното население со скаузтизмот се организирале и чести предавања од стручни лица. Секое од друштвата имало повеќе секции насочени кон телесното и етичкото воспитување на членовите. Позната била скопската коњичка секција, за чии потреби, вежбање јавање, одговорните често се обраќале до командантот на третата Армиска област заради користење на коњите еднаш во неделата.

До израз посебно доаѓале за време на државните[706] и верските празнувања[707] кога и се организирале извиднички логорувања. Скаутските друштва имале и своја слава, одбележувана на Св. Ѓорѓија. Се издвојувал празникот Дуовден кој секогаш бил во месец јуни 1936 г. Подготвувале свои програми до кои се придржувале, јавно објавувани во дневните гласила. На тие логорувања учествувале извидници од повеќе градови. На 31 мај се организирал еден извиднички логор подигнат на местото помеѓу Соколаната и Градскиот парк во Куманово. Извидниците имале подготвено своја програма која започнувала со кревање на знамето во присуство на одговорните од Вардарската извидничка жупа, претставниците на воената и локалната власт, како и разни здруженија и организации. Јавно биле изведувани извидничките дисциплини, се организирале дури и натпреварувања, имале организирано ручек и вечера за секого, како и логорски оган во вечерните часови кога извидниците се забавувале со песна и игра. Давајќи доброволен прилог подигнатите логори секој еден можел да ги посети на местото каде биле подигнати во предвидениот период.

Скаутите биле дел од многуте свечени јубилејни одбележувања на други друштва и организации. Секогаш биле дел и од импровизираните вежби на третата Армиска област за одбрана на Скопје од непријателски напади.

---

[705] Скаутското друштво во Струмица било формирано во 1925 г. До 1935 г. бројот на членовите достигнал до 35, како и 25 пријатели или поддржувачи.

[706] Во 1937 г. скопското скаутско друштво било покането на зедничкото прославување на 10 годишнината од Скопскиот фудбалски подсојуз и 25 годишнината од ослободувањето на Јужна Србија. Организаторите предвидувале одржување на манифестација на која свое дефиле ќе имаат сите спортски друштва облечени во своите препознатливи униформи.

[707] Скопските скаути биле дел и од одбележувањето на Стогодишнината од основањето на скопската соборна црква „Св.Богородица", за чија прослава биле организирани сите училишта, машки и женски друштва и организации. Во поворката која требало да помине низ градот, точно се знаело чии членови каде требало да стојат и поминуваат.

Свои белези ќе остави и борбата со тупаници или боксот, кој како спортска активност започнал да се применува во втората половина на 30-тите години. Првите почетоци се забележани во Битола, каде боксот се поврзува со името на Владимир Мајковски познат како Ладе варџијата, кој во текот на 1929 г., се вратил во градот од печалба во Аргентина каде и се запознал со оваа спортска активност. Првата борба ја имал во соколаната со Рафаил Дешница, Албанец од Тирана, професионален боксер, која по 12 рунди завршила изедначено. Атрактивната најава за мечот со плакати на видните места предизвикал голем интерес меѓу локалното население, така што само од продадените влезници се собрал приход од 6.000 динари, а влезниот билет чинел само 2 динари. Владимир имал уште две борби со боксерот Секулиќ. Втората борба се случила во салата од киното на браќата Манаки. Кон крајот на 30-тите години боксот почнал да се активира и во другите македонски градови. Во 1938 г. забележани биле и првите борби во Скопје.

Пеливанството како спортска дисциплина било карактеристично за Тетово и турското население, многу одамна. Во 1939 г. во градот бил формиран „Спортскиот клуб на ориенталните борачи", кој веќе во истата година почнал да учествува и на клубски организирани натпреварувања.[708]

Посебно актуелно станувало и возењето на велосипеди. Иако на ограничени простори, само во Скопје, сепак оставил соодветна трага преку првиот велосипедски клуб „Вардар". Клубот имал своја управа која редовно одржувала состанувања, од кои произлегувале и извештаи. Состанувањата биле јавно објавувани во дневните весници, преку кои и се повикувале редовните членови. Во Скопје биле организирани и велосипедски трки на кои учество земале велосипедистите од другите поблиски градови. Во текот на 1936 г. клубот испратил и свој учесник, Никола Младеновиќ на велосипедската трка во Белград, на која учество земале клубовите од Белград, Неготин, Крагујевац, Краљево и Скопје.[709] Во Скопје не ретко се сретнувале и поединци кои велосипедите ги користеле како превозни средства.[710] Велосипедизмот станувал омилен женски спорт. Во Битола велосипедите дури и се изнајмувале за 2 динари од час.

Одредена активност покажал и шаховскиот клуб во Скопје, кој свое седиште имал во хотелот „Српски Крал". Членовите своите седници редовно ги

---

[708] Бранислав Светозаревиќ, *Тетовски...*, op.cit., стр. 147 (Во месец јуни 1939 г. клубот тргнал на натпреварувачка турнеја во Косовска Митровица, Краљево, Врњачка бања, Крагујевац и Белград.).

[709] Весник „Вардар" (Клубот располагал со скромни финансиски средства, заради што и не можеле да дојдат до израз неговите активности. На велосипедската трка долга 154 километри, Младеновиќ го освоил и третото место.).

[710] Весник „Вардар" (Во 1934 г. тројца скопјани, Бранко Видиќ, судија во Првостепениот суд, Ѓорѓе Поповиќ, монополски службеник и Александар Мартиновиќ, трговец, самоиницијативно со велосипеди го поминале патот Скопје-Охрид-Скопје, долг 441 километар за 27 часа. Не ретко со велосипед можеле да се видат и жените во пазарните денови.).

објавувале преку дневните весници, од кои најмногу се дознава за нивните достигнувања и афирмирања на овој спорт во текот на цела една година. Клубот во текот на 1936 г. имал околу 30-тина членови.

Сите овие раздвижувања изразени преку погореспоменатите спортски достигнувања се само потврда за прилагодувањето на македонската младина на промените и современите процеси. Таа без проблем ќе впива се што и се понудува, максимално ќе го искористува за своите потреби и ќе го вметне во своето секојневие, подигнувајќи си го така интелектуалното ниво и изразувањето преку различни форми.

3.9 Развојот на планинарството и скијањето меѓу двете светски војни во вардарскиот дел од Македонија

Почетоците на планинарството

Во периодот меѓу двете светски војни планинарењето и скијањето се јавуваат како потреба, поттикната од се посилните западни влијанија на кои била изложена младата македонска интелегенција, образувана надвор од границите на Македонија. Скијањето, како дел од развојот на планинарството на овие простори, започнува да се развива од дваесетите години, за што многу допринесувале и природните климатски и рељефни услови, но многу поинтензивно во триесеттите, кога започнуваат да се формираат и многу планинарски друштва кои ја негуваат оваа дисциплина.

Во Прилеп карактеристично било делувањето на излетничко-планинарско друштво „Златоврв" формирано во 1924 г. на иницијатива на Рампо Топчија, Круме Гулески, Мицко Крстески, Методија Мечка, Ѓоре Бојаџија, регистринано во општината по две години од своето основање, кога веќе имало свои статут и управа.[711] Друштвото започнало да функционира со околу 60 челнови, број кој во втората половина на 30-тите достигнал и до 160 членови, меѓу кои и многу женски претставнички, најчесто работнички од монополот. Состанувањата се одржувале во кафеаната „Лука", сместена во старата чаршија. Друштвото често организирало планинарски посети на Дервен, Крушевската планина, Демирхисарските планини, Пелистер, Солунска глава и други места. Во 1938 г. Прилеп го добива и второто, сега режимско друштво, Српско планинарско-туристичко друштво Белград, подружница Козјак-Прилеп на чело

[711] *Прилеп и Прилепско низ историјата*, книга број 9, (По одобрувањето за работа, Друштвото го добива името Туристичко друштво „Златоврв" - Прилеп, а на неговиот печат стоело - друштво за унапредување на туризмот „Златоврв" со амблем- цвеќе Еделвајс. Друштвото имало повеќе секции: спелеолошка, алпинистичка, фото-аматерска, театарска и трезвеничка. Членовите биле опремени со погодни панталони и чевли, секирче, ранец и беретка со амблемот од друштвото, а биле обучувани да палат оган, да поставуваат шатор, да се ориентираат по карта и други планинарски вештини.).

со Методија Тројачанец, кое пасивно ќе делува се до почетокот на Втората светска војна.[712]

„Друштвото на планинарите на Јужна Србија" со седиште во Скопје било формирано во текот на месец јули 1935 г. чие основачко собрание било одржано во просториите на манастирот Матка, со цел пристапување кон поорганизирано делување во развојот на планинарството.[713] Покрај планинарењето, друштвото имало други цели, меѓу која и запознавање на младината со природните убавини на територијата на Македонија. За таа цел основачите преминале кон основање повеќе пропратни секции и дејности како: скијачката (зимско планинарство), велосипедизам, фото-аматеризам и сл. Членовите активно го искористувале секое слободно време, посебно божикните празници, организирајќи разни излети во околните места. Зимската сезона секогаш била користена за скијање и посета на Попова Шапка, Гостивар и Маврови Анови. Така до Тетово планинарите пристигнувале со автобуси, а потоа во с. Лисец ги чекале добро опремени коњи за качување во планинските делови. Од 1935 г. друштвото имало раководна улога со скијачкиот дом на Попова Шапка.[714] Скијањето го изучувале организирано преку предавања и практични вежби од подготвени учители за овој вид на спорт реализирани на Водно и Шара.

Како една од секциите на планинарското друштво ја споменавме и фото-аматерската, која пак се покажала како доста активна, заштоа што таа била една од оние кои најмногу придонесувале за афирмирање на туристичките атрактивни места во вардарскиот дел од Македонија. За таа цел биле оргнизирани и фотоаматерски изложби, на кои биле претставувани пејсажи од Охрид, Струга, од р.Бабуна и пештерите околу неа, од клисурата на Радика, од клисурата на р.Треска, од разни места покрај р.Вардар и сл. Една таква изложба била формирана во месец мај 1936 г. во просториите на основното училиште „Цар Душан". За најдобрите фотографии биле предвидени и доделувани парични награди.[715]

Во текот на месец јануари 1936 г. дел од битолската младина, како и љубителите на туризмот ги поставиле основите на планинарското друштво „Пелагонија". Меѓу другото новоизбраната управа одлучила во месец април истата година да биде поставен и камен темелникот на новиот планинарски дом на Пелистер на местото познато како „Ѓорѓев Камен". На 3 јуни 1936 г.

---

[712] Ibidem.

[713] Мирчо Савоски, *Развојот на скијањето во Вардарска Македонија од 1919 до 1957 година*, Скопје 2002, стр. 40 (Друштвото имало своја просторија на ул. „Крал Петар", каде биле истакнувани сите соопштенија за членовите, како и своја библиотека. Друштвото наметнувало и одредени правила за членовите како поседување книшка и редовно плаќање членарина, од која купувале и скии, користени од нивна страна.).

[714] Ibidem, Како најактивни и најзаслужни членови во друштвото се истакнувале Гого Попов, Воја Ѓорѓевиќ, Леко Мартиноски, Драган Стојаноски и Драган Спасиќ.

[715] Весник „Вардар".

друштвото по повод празникот на Духовден приредило изложба на аматерски фотографии, но биле прикажани и доста успешни снимки како по техниката, така и по изборот на мотивот. Покрај примените фотографии од страна на жирито во Скопје, изложени биле и фотографии надвор од рамките на конкурсот. Најголемо внимание привлекле фотографиите: „Чергар", „Капљице", „Чобанин", „Мотив од Крушево", „Мотив од Попова Шапка", „Вечер на Вардар", „На Пелистер", „Мотив од Шара", „Беспризорни на Охридското Езеро" и др.[716] Димитар Димитровски Такецот се сеќава: „ мојот чичко Сотир Димитровски, дограмаџија, бил голем планинар, кој со останатите планинари во 1939 со јаже ја измериле километражата на планинарската патеката од центарот на Битола до Копанки – 7 километри".[717]

И Велес забележал услови за развојот на планинарството означени со Планинарско друштво формирано на иницијатива на Кочо Рацин и Костадин Ванов, во кое се зачленило многу скоевци, граѓани, ученици и младинци.[718] Во организација на Друштвото биле проследени многу излети и екскурзии по селата, манастирите и околината на Велес, како екскурзиите во Стоби, Чичевскиот манастир, на врвот на Клепа, во селата Војница и Ораовец, во Сопот, а речиси секоја недела се собирале недалеку од Велес, кај пештерите на Црн Камен, ливадите на Башино Село и сл. Чести биле и посетите на Јакупица и нејзиниот врв, од припадниците на поимотните велешки семејства, наменета за групно или индивидуално неорганизирано планинарење.[719]

Дел од македонските градови како Охрид, Струга, Дојран и други биле постојано афирмирани и преку дневните весници, како атрактивни туристички центри. Доста често се пишувало и за Преспа и Преспанското езеро, кое еден универзитетски професор го споредил со Женевското езеро. Туристите и да сакале да се задржат не можеле поради немањето на хотелско сместување, па така овој крај и езерото најмногу го посетувале научниците, заради истражување на животинскиот свет, доаѓале и туристи во посета на многубројните манастири и заради купување на познатитите преспански јаболка и разновидна риба. Заради развивање на туризмот и подолго задржување на туристите во овој крај, во текот на 1936 г. во Белград на иницијатива на ресенчанецот Никола Мишевиќ и останатите ресенчани (45 на број) во Белград било формирано на друштво за унапредување на туризмот во

---

[716] Весник „Вардар".

[717] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[718] Перо Алексовски, *Развој на планинарството во Титов Велес и Јакупица*, Титов Велес 1986, стр. 10.

[719] Ibidem., стр. 13 (Познат член на планинарското друштво бил Киро Анѓелов. Како 16 годишно момче, заедно со уште неколкумина велешани, се искачил на Солунска глава, највисокиот врв во Средна Македонија, како и на многу други планински масиви. Три години подоцна станал член и на скопското планинарско друштво „Југ".).

преспанскиот срез и запознавање на целата околина. Во следниот период се забележува интензивно пишување во весникот „Вардар“ за преспанскиот крај, посебно за градот Ресен од каде до езерото можело да се стигне со автомобил или пак со коњски коли. Повратниот превоз со автомобил чинел 10 динари, додека со коњска кола 5 динари од човек. Покрај Езерото се забележувале оддалеку добро уредените плажи и капачите кои во текот на летната сезона, посебно од преспанскиот крај биле редовни посетители. Така овој крај имал и добри пливачи уште од најрана возраст. Афирмирани биле и многуте манастири, посебно манастирот „Св.Богородица“ кај селото Сливник и манастирот „Успение на Св.Богородица“ кај селото Јанковец. Во ова село постоел и добро уреден парк засаден со борови дрва и шума, каде сите ресенчани и населението од околните места ги поминувале летните денови.

Скијањето и развојот на туризмот

Меѓувоениот период ги понудил почетоците на зимскиот туризам во Македонија и тоа во нејзините западни делови, посебно во Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар и Скопје, односно масивите на Шар Планина, Бистра и Баба со врвот Пелистер.

Како аматерска форма, скијањето за прват се појавило низ улиците на Скопје, каде деца од поимотни семејства ги покажале првите скии, донесени од некои од европските градови. Подоцна скиите почнале да се изработуваат и од самите младинци во поголем број градови, поттикнати од желбата за задоволување на скијачкото искуство. За секого скијачкото искуство било возбудливо, некои, скиите познати и како к'нки ги користеле и за скијање по замрзнатите води. Еден постар битолчанец се сеќава дека изработувајќи ги сами к'нките од дрво, најчесто ги употребувале во зимниот период кога водата на Драгорот замрзнувала. „Со нив одевме и на училиште“ – вели тој. Меѓу активните скијачи во овој период се забележувале и многу воени лица, кои со себе веќе го имале понесено искуството од средината од која потекнувале и доаѓале.

Подоцна скијањето станува и професионална дејност во зимскиот период, односно опсесија на многумина планинари, кои почнуваат дури организирано и опремени со соодветна опрема да ги посетуваа повисиките предели и врвови на Шара. Овие планинари не заборавале ниту во летниот период да се искачуваат, користејќи ги временските услови за запознавање на природните убавини. Така започнуваат и првите организирани форми на скијање, проследувани најмногу од скопјани и тетовчани.

Одредена улога во развојот на скијањето имало и туристичкото друштво „Југ“, формирано во текот на 1927 г., од кое дел станале речиси сите планинари

и скијачи, чии активности биле секогаш паралелни. Две години подоцна заради зголемениот интерес на граѓаните за туристички патувања, планинарење и излетништво, друштвото прераснало во Сојуз на туристичките друштва „Јужна Србија", така што туристичкото друштво станало член на планинарските организации на Кралството Југославија, овозможувајќи им ги сите попусти за своите членови планинари. Во втората половина на триесетите години сојузот бил иницијатор за формирање на друштва во повеќе градови низ Македонија, како планинарско-туристичкото друштво „Шар Планина" во Тетово, „Билјана" во Охрид, „Јужни езера" подоцна „Пелистер" во Охрид, „Брегалница" во Штип, „Корија" во Крушево и многу други друштва во Гостивар, Кочани, Прилеп, Велес, чија основна цел била развој на туризмот, планинарството и скијачките спортови.

Одредена улога во развојот на скијачките спортови ќе одиграат и младите Македонци кои престојувајќи во Белград ќе станат дел од Белградскиот спортски клуб „Југ", кој пак во Вардарскиот дел од Македонија ќе формира 11 свои подружници во градовите како Скопје, Тетово, Прилеп, Охрид итн. Право на членување имал секој заинтересиран граѓанин, кој со редовното плаќање на членаринатa добивал попусти во користењето на сите планинарски и скијачки центри, опремата со која располагала секцијата и сл. Сите овие секции биле финансирани од српската буржуазија, правејќи ги така зависни од своите потреби, намери и цели. Меѓу членството се забележувале многу заинтересирани од воениот кадар, офицери и подофицери.

Покрај скопјани како одлични скијачи се покажале и тетовчани, меѓу кои се издвојувал Орестие Крстиќ, кој благодарение на неговите студии по шумарство во Франција имал можност да се запознае со скијачкиот спорт, искуство кое го пренел и на своите сограѓани, развивајќи ја пасијата меѓу младите за скијањето и неговите форми како скијачко трчање и скијачки спустови, посебно во периодот кога бил назначен како претседател на општината Тетово во текот на 1929 г. [720]

Тетово во текот на втората половина на триесетите години го добива првиот скијачки дом и првата скијачка секција, како дел од планинарското друштво „Шар Планина", во почетокот подружница на скопското планинарско друштво „Јужна Србија", а од 1937 г. почнало да функционира како самостојно. На иницијатива на белградското спортско друштво „Југ", во Тетово било формирано и скијачкото друштво „Попова Шапка". Скијачка секција формирало и Соколското друштво[721].

Секое од друштвата имало свои наставници кои ги одржувале скијачките курсеви. Скијачки курсеви одржувал и Нуриман Велиу од село Лисец, кој својот

---

[720] Бранислав Светозаревиќ, *Тетовски*..., op.cit., стр. 163.

[721] Ibidem, (Големо влијание во скијачката секција на Соколите имал Цоне Аврамовски кој во 1930 г. посетувал и курс за скијање во Словенија. Секцијата била и негова иницијатива.)

дом го преадаптирал за престој на скијачите и посетителите кои оделе на Шара. Курсевите ги посетувале и возрасни и млади, но и жени и деца.

Во овој период се одржувале и многу скијачки натпревари, кои често знаеле да се организираат од граѓаните и низ тетовските улици. Скијачи доаѓале како од внатрешните градови на Македонија, најмногу од Скопје, така и од Србија, Хрватска и Словенија. До Тетово пристигнувале со автомобили или автобуси.

Најдобрите скијачи биле и наградувани, а после натпреварите тетовчани се собирале по домовите за да прослават со најблиските. Најголем дел од граѓаните користеле рачно изработени скии од разни видови на дрво, но поимотните најчесто купувале фабрички скии, кои во градот од 1939 г. можеле да се купат и од новоотворената продавници, специјално наменета за скијачка опрема. Скапата опрема станувала недостижна за многумина.

Во периодот кога немало снег, тетовчани активно ќе се занимаваат со планинарење. Во 1925 г. било формирано планинарско друштво „Љуботен", со кое се означиле првите организирани искачувања на Шара. Планинарски активности биле организирани напоредно со членовите на скијачките друштва, како и од училишните секции, занаетчиските и трговските друштва, кои многу повеќе се интензивирале со изградувањето на планинарските домови. Тетовската младина во летните месеци редовно организирала планинарски тури за кои се пишувало и во дневните и неделните весници. Се посетувале местата како Јелак, Лешница, Караникола, Церипашина, Турчин, Боговињско Езеро, Кобилица, потоа Љуботен со Ливадичко Езеро, Пирибег и др.

Скијањето како спортска опсесија станало дел и од гостиварчани, кои како најголем дел печалбари имале можност со овој спорт поодблиску да се запознаат во градовите каде престојувале. Во Гостивар се забележувале и многу воени лица испратени на служба во овој град, кои од 1934 г. станале дел од управата на скијачката секција БСК „Југ" од Белград. Тие биле и единствените учесници на натпреварите, зашто кај обичното граѓанство не постоело таков интерес за развој и применување на овој спорт. Поинтензивен развој на скијањето се појавува во Маврово и Маврови анови каде во втората половина на дваесетите години била сместена воена единица на Скопскиот гарнизон, снабдена и со скии. По нивниот пример многу младинци од овој крај започнале и сами себеси да си изработуваат од црвен јасен и јавор. Во текот на 1936 г. овде била формирана и секција на белградски „Југ", на чија иницијатива три години подоцна бил завршен и пуштен во употреба и скијачкиот дом.

Одреден развој скијањето забележува и во Крушево, благодарение на печалбарите и студентите во дел од европските земји. Така Михајло Зизи кој студирал во Франција и Швајцарија имајќи можност да се запознае со скијањето, по враќањето во Крушево, со себе носејќи и книга за скијање на француски јазик, се обидува да внесе некои промени, знаејќи дека градот е

идеален за развојот на овој спорт.[722] Од овој период започнала и изработката на дрвени скии и зголемениот интерес за скијањето меѓу младинците, кој резултирал со формирање на скијачкото друштво „Крушево", во кое влегле познати крушевчани. Во месец мај 1936 г. во Крушево на најсвечен начин бил осветен туристичкиот дом „Корија" на Друштвото за унапредување на туризмот, подигнат на истоименото место, со доброволни прилози од страна на локалното население. Бил изграден од цврст материјал, а поседувал голема дворана, тераса, неколку соби, една голема соба за туристи и скијачи, купатило и уште неколку простории за задоволување на секојдневното егзитирање на домот.[723] Во текот на 1936 – 37 г. во Крушево бил изграден и домот „Ќошко".

Ниту битолчани не изостанувале со својот интерес за скијањето, од кои најголем дел неможејќи да дојдат до фабрички скии правеле скии од дрво. Децата на побогатите трговции, скии купувале дури од Словенија. Во текот на триесетите години градот го забележува и формирањето на друштвата „Пелистер", подружница на туристичкото друштво „Југ", „Српското планинарско и туристичко друштво" од Белград, како и планинарското друштво „Пелагонија", со чие формирање биле забележани и многу организирани натпревари по скијачко трчање низ улиците на Битола.[724] Секогаш завршувале со награди за победниците и другарски вечери на кои натпреварувачите се забавувале.

Во овој период снабдувањето со скијачка опрема претставувало тешкотија за многумина. Скиите ги изработувале одредени занаетчии од дабово, буково, црничово и багремово дрво, додека облеката била секојдневна. Развојот на скијањето во првата половина на 30-тина година ќе наметне и одредени правила и промени, меѓу кои појавата и потребата за градење на приватни домови и куќи за сместување на скијачите во зимските периоди и сезони, кои пак ќе ги потикнат скијачите во организирањето на зимските натпревари, во услови кога веќе имало каде да се сместуваат и подолго време да престојуваат.

Иако со мали сместувачки капацитети, одиграле доста значајна улога. Првиот планинарско-скијачки дом бил изграден на Шар Планина во Тетово во текот на 1930 г., кој располагал со 3 соби и 15 кревети. Вториот дом бил изграден на Кајмакчалан во текот на 1931 г., додека третиот исто така на Шар Планина во текот на 1934 г., надограден две години подоцна. Домовите биле изградени на иницијатива на Туристичкото друштво „Југ" и друштвото „Путник" од Скопје, чие управување подоцна го презема новоформираното Друштвото на

---

[722] Мирчо Савоски, *Развојот на скијањето*..., op.cit., стр. 48-49.

[723] Весник „Вардар".

[724] Еден таков натпревар бил организиран во текот на март 1940. Почнувајќи од домот „Санаториум" учесниците во скијачко трчање поминале 48 километри упатувајќи се потоа кон врвот Пелистер, Мало Езеро, Големо Езеро, Сапунчица, по гребенот на Баба-Муза-Неолица-селото Лавци, а стигнувајќи пред битолскиот театар. Натпреварот завршил по 17 и пол часа движење со скии низ снегот.

планинарите „Јужна Србија“. Тетово во 1940 г. ќе добие уште еден планинарско-ловечки дом, изграден во 1940 г. на иницијатива и со соработка на планинарско-скијачкото друштво од Тетово и Ловечкото друштво, разурнат една година подоцна од големите количества на снег.

Во втората половина на триесетите години на иницијатива на планинарските друштва и граѓаните интензивно продолжува градењето на планинарските домови и во другите градови како Крушево и Битола. Во Крушево веќе ги споменав, а во Битола пак членовите на друштвото „Пелистер“ во 1937 г. го подигнуваат домот кај месноста Бегова Чешма. Скијачко планинарски дом во 1939 г. бил изграден и во Маврови анови на иницијатива на секцијата на БСК „Југ“ од Белград.

Веќе споменав дека во овој период интензивно се граделе и изнајмувале приватни куќи за сместување на скијачите. За прв пат вакви куќи се сретнуваат во Љуботен и Равен Бор, изградени од шумските управи, а користени и како жандармериски станици.

Изградбата на овие домови ќе го привлече вниманието на многумина љубители на скијачкиот спорт и надвор од територијата на Македонија, посебно оние во Тетово и на Попова Шапка, воведувајќи така промени во начинот на искористувањето на зимските денови. Посебна улога ќе одигра пропагандното индиректно влијание на посетителите од Белград, кои доаѓајќи на овие простори со себе ги носеле и пренесувале информациите за новите сознанија и промените во скијачкиот спорт, совладувањето на техниките, новините во креирањето на опремата, појавувањето на новите ликови во овој спорт и сл.

Пренесувањето на скијачките вештини се вршело од стручни лица, кои претходно биле обучувани на дел од курсевите кои се организирале по одлука на Министерството за високо образование низ скијачките центри во Кралството Југославија започнувајќи од 1938 г. Неколкумина Македонци учествувале на курсот организиран за скијачки учители во Црепољско кај Словенија, со што Македонија ги добила и првите тројца учители по скијање.[725] Истата 1938 г. во месец март, бесплатен курс за инструктори по скијање бил одржан и на Попова Шапка, посетен од 34 слушатели од повеќе градови на Кралството Југославија, од кои 16–мина биле од Вардарска Македонија, поточно од градовите како Скопје, Тетово, Велес и Прилеп. Учесниците требало да бидат на возраст над 16 години, а под 30 години, да се членови на некоја скијачка организација, да имаат било какви основни познавања од скијачката техника, како и да поседуваат комплетна скијачка опрема. Учесниците покрај бесплатното

---

[725] Мирчо Савоски, *Развојот на скијањето...*, op.cit., стр.60 (Од вардарскиот дел на Македонија, поточно од Скопје на курсот учествувале Ѓорѓе Поповиќ, Франц Петрин, Словенец населен во Скопје и Александар Бубин.).

сместување, добиле и бесплатна стручна книга, а за учесниците кои биле наставници во средните училишта било предвидено и доделување бесплатни скии.

Следната зима 1939 г. на Попова Шапка бил одржан подвижен курс по скијање, кој имал за цел да ги обучи скијачите како да ги користат скиите кога имаат товар на себе, а мораат да поминат подолга скијачка патека. Министерството за физичко образование набавило 25 пара скии и чевли за потребите на учесниците. Курс по скијање на теренитe на Долно Водно за учениците од средните скопски училишта бил организиран во текот на зимата 1941 г. на иницијатива на Друштвото на планинарите на Јужна Србија од Скопје, со цел да се опфатат и најмладите во овој спорт.

Појавата на интересот за скијачките спортови, формирањето на многубројните планинарско-скијачки друштва и планинарски домови, ќе бидат пресудни и за организирањето на многубројните скијачки натпревари во периодот од 1936 г. па натаму, кои се делеле на клупски, меѓуклубски, потсојузни и натпревари организирани за првенство на Југославија. Најчести биле клубските и меѓуклубските натпревари и речиси сите се објавувани во дневните весници, содржејќи и јавен повик за масовно учество, на кој редовно се појавувале околу 30-тина натпреварувачи скијачи од Скопје, Тетово и селото Лисец. Се натпреварувале во класични и алпски дисциплини. Секој натпрерварувач добивал и соодветен број поставен видливо на неговата предна и задна страна од телото, за што сведочат и многубројните фотографии, овековечени на тие натпревари. Првиот натпревар се одржал помеѓу тетовските и скопските скијачи на 17 февруари 1934 г. на Попова Шапка во дисциплината долго трчање. Во текот на фвруари 1936 г. весниците најавиле скијачки натпревар на Попова Шапка во дисциплините долго трчање и дисциплината спуст. Натпреварот завршил со вечерно дружење во тетовскиот хотел „Југославија“, на кое биле доделени и награди за најдобрите скијачи. Следниот месец на 7 и 8 март, планинарското друштво „Јужна Србија“ организирало на тетовските планински превои уште еден натпревар под покровителство на генералот Војислав Николајевиќ, командант на III армиска област.[726] Друштвото на планинарите за победниците имало подготвено и награди доделени на 9 март во просторииte на Офицерскиот дом. На натреварот присуствувале многу видни личности, претставници на општинската и воена власт, а за прв пат било

[726] Весник „Вардар“ (Право на учество на овие натпревари имале сите членови на планинарските друштва, како и сите воени лица, офицери и подофицери, кои доброволно би се пријавиле два часа пред почетокот на натпреварите. Планинарскиот дом на Попова Шапка располагал со 30 кревети. Сите заинтересирани можеле да стигнат со автомобил или пак со воз до Тетово, од каде пешки или со коњ се одело до селото Лисец, а од таму пешки до планинарскиот скијачки дом. На патниците превозот со коњи им се обезбедувал по пониски цени.).

забележано и присуство на женски претставнички облечени во скијачка облека и опрема.

На натпреварите организирани во текот на следната 1938 г. се забележувало интензивно учество и од најмладите, кои се натпреварувале во повеќе дисциплини и како такви биле оценувани по сумирањето на резултатите. Еден од поорганизираните натпревари на кој било забележано учество и на скијачи од повеќе градови на Кралството Југославија се одржал за време на велигденските празници 1938 г.

Дел од скијачите се појавувале и на потсојузните натпревари организирани претежно на Копаоник, каде се сретнувале и соочувале со многу промени во начинот на реализирањето на програмата, однесувањето, скијачките дисциплини и сл. Терените на Попова Шапка биле искористени за организирање на потсојузен натпревар во текот на зимата 1939 г.на иницијатива на Белградскиот зимско-спортски потсојуз. Скијачите од повеќе градови на Кралството Југославија имале можност да се натпреваруваат во алпските дисциплини спуст и слалом за сениори, сениорки, младинци и младинки и класичните дисциплини во долго и штафетно трчање за јуниори и сениори. За скопските скијачи се врзува и учеството на натпреварите познати како тримеч. Три години по ред започнувајќи од 1939 г. скијачите од Сараево, Белград и Скопје се натпреварувале на падините на Копаоник и Јахорина, на кои скопските скијачи го заземале екипно второто место. Сите овие натпревари биле инзвонредна можност за стекнување и размена на нови искуства и сознанија, како и меѓусебно дружење и запознавање.

Членовите на планинарско-скијачките друштва се вложувале себеси најмногу што можеле за развојот на овој спорт. Иако не успеале да постигнат големи резултати, сепак тоа се индивидуите кои за прв пат се обиделе да внесат нешто ново во случувањето на секојдневниот живот на младите, интелектуалците, повозрасните итн., создавајќи така многумина љубители на зимските планинарско-скијачки спортови, истовремено развивајќи го така и туризмот во вардарскиот дел од Македонија. Локалните фотографи успеале да го забележат тоа време, тие случувања, пулсирањето на скијачкиот спорт во неговите први почетоци.

3.10 Српската православна црква и нејзините обиди за промени во начинот на живеење во македонското семејство

Мошне битна улога во своето функционирање Кралството СХС и имала доделено на црквата како важно орудие во консолидацијата на режимот и државата. Нејзиното делување во меѓувоениот период било пропратено со многу закони, правила и прописи, наметнувајќи така едно секојдневие со промени во начинот на живеење. Во овој период посебно внимание власта

посветувала на негувањето на националното од каде доаѓале и потекнувале основите на верските здружувања и собири.

Црковната власт во Македонија делувала преку четири административни единици, Скопската митрополија, Охридската, Битолската и Злетовско-струмичката епархија. Била направена целосна пописна евиденција на веќе постоечкиот свештенички кадар со кој се добивале податоци за нивното минато делување, а во сите поважни центри биле испратени посебни емисари на Црквата (Битола, Скопје, Велес, Прилеп, Охрид, Кавадарци, Ресен, Штип, Струмица), спроведувајќи ги кадровските решенија во согласност со политиката на Србија.[727] Целокупниот кадар бил и дел од Српското православно свештеничко друштво, каде редовно се добивале и српските црковни весници и останата наменска литература. За создавање на образован кадар во Битола била отворена и Богословијата.

На самиот почетокот била направена и евиденција на сите црковни и манастирски објекти, како и нивните недвижни имоти. Веднаш се започнало со разрешување и казнување на старите свештеници и поставување на нови за успешно да ја шират српската национална политика и да создадат морални христијани. Затекнатото локално, месно свештенство, прогласено за наследник на бугарската егзархистичка пропаганда, било принудено да оди на специјални курсеви за изучувањето на српскиот јазик и историја, како и „доброволно" да се изјасни за целосната посветеност на српскиот верски, религиозен и националистички дух. Еден дел од тој свештенички кадар, како и голем број на нови наклонетици, по барање на Српската црква морал да се посвети на монаштвото, начин за да се дојде до млади и беспрекорни проповедници на големосрпските политички амбиции.

Секоја околија имала свој духовен суд, околиски и општински црковни управи, кои се грижеле за задоволување на потребите на црковните и манастирските објекти. Поседувале и одреден буџет сочинет од внатрешните приходи во кои спаѓале средствата добиени од продажбата на свеќи, разни такси, крштевања, венчавања, од опела и парастоси и продадени дарови, како и од надворешни приходи во кои влегувале средствата од киријата од издадените дуќани, црковни куќи, црковни пасишта, шуми, доброволни и други непредвидени прилози.[728] Дел средствата биле наменети за лични потреби, материјални, потоа за државните и општински даноци, како и за црковната управа.[729]

---

[727] Доне Илиевски, *Афтокефалноста на македонската православна црква*, Скопје 1972, стр. 105.

[728] ДАРМ, Скопје, ф. Српска православна црковна општина-Велес 1921-1931, несреден фонд.

[729] Ibidem, (Еден дел од паричните средства се наменувале за исплатување на станаринатa и издржувањето на свештениците, служителите во црквата, црковниот хор, чуварите на црковните шуми, црковната администрација, потоа за купување на свеќи, темјан, канцелариски материјал, црковни облеки, литературни материјали, знамиња, поправка на

Црковниот кадар во секоја општина бил задолжен за статистичките податоци за новородените и починатите, за склучените бракови, за разводите кои единствено и се добивале со согласност на црквата. Без црковната согласност не можел да се склучи брак ниту меѓу малолетните, а ниту мешовит брак. За таквите бракови родителите поднесувале барања или молби со наведување на основната причина. За крштевањето имале посебни правила, што се однесуваат во наведувањето на имињата, за кои дури имала и подготвено списоци со единствено дозволените кои можеле да се искористат. Уредувањето на гробиштата и начинот на погребување исто така биле во надлежност и според правилата на црквата. Се појавиле и првите погребални претпријатија кои ги обезбедувале сите потребни работи за изведување на погребите, услуги кои биле користени од поимотните граѓани.

Општинската власт и давала на црквата посебна улога при нејзиното функционирање. Секоја новопоставена гранитура задолжително положувала заклетва пред српските свештеници во локалните цркви. И самите свештеници активно се вклучувале во политичката власт, кандидирајќи се на листите за народни пратеници за време на изборите преку листите на легалните политички владини партии.

Сите изградени објекти, игралишта и сл., биле осветувани од свештениците во присуство на целокупното население. Образовниот систем во својата програма го предвидувал и задолжителниот предмет веронаука. За секој празник се наложувало редовното причестување на учениците во некоја од црквите, што ќе значи нивна обврска за постење. Соработувале со наставнички кадар во сите програми, културни манифестации и подготовки, изведувани според барањата на државната власт и Министерството за просвета.

По креирањето на црковната управа, носечкиот кадар ќе започне со воведување на српската народна традиција, настојувајќи да ја потисне старата македонска, исполнета со многу стари обичаи и верувања, така што било навистина тешко да се дојде до нејзино нарушување. Набрзо ќе се започне со воведување на нови прославувања и одбележувања, за кои се сметало дека набрзо ќе станат доминантни. Верските празници останале да се одбележуваат непроменето. Се наметнува само одбележувањето на славите, домашни или градски. Свештениците биле задолжени да водат евиденција за одбележувањето на славите по домовите поединечно, односно која фамилија која слава ја слави и како ја слави, дали се подготвува колачот и се носи во црква. Самата црква сакала да има информации дали наметнатите обичаи населението ги прифаќа и дали се придржува кон црковните правила.

самите цркви, за осигурување на црквата, црковниот адвокат, за помош на сиромашните, се она што предвидувале даноците итн.)

Државните празници не поминувале без присуство на црковната улога. Видовден, „Св. Сава“[730], денот на создавањето и обединувањето на Кралството СХС - 1 декември, денот на ослободувањето на градот, потоа прославувањето на родендените и помените на кралевите од династиите Караѓорѓевиќ и Немањиќ и сл., застапени како по градовите така и по селата, прослави пропратени со учество на претставници од владиниот режимски апарат, со кој се вршело надзор на правилното однесување и почит кон српската традиција.

За овие прославувања свештенството настојувало присуство на граѓанството во што поголем број во црквите, каде се одржувале богослужби во нивна чест, кое пак со денови било известувано, за да не заборави дека тој ден треба да му се посвети на претстојниот празник и однесува според црковните правила.

Асимилаторската политичка, задскриена дејност, не изостанувала од речиси секоја богослужба, особено во неделите кога присуствовто било поголемо, но и задолжително. По наредба на претседателот на Архиерејскиот Синод на српската православна црква, неговата светост архиепископот на Пеќската Митрополија-белградски, карловачки и Патријарх српски г.Варнава, до сите општински судови, неделните и празничните денови, било забрането да се користат како работни, односно тоа биле денови, наменети на црквата, во која присуството на граѓанството требало да биде масовно, покорувајќи се на она што го проповедаат свештеничките кругови.[731]

Сите тие промени не биле така едноставно примани и спроведувани, заради што чести и се позасилени биле спротивставувања кон црковните власти.

Новите влијанија и традиционалните одбележувања

Воведувањето на српската власт значело и многу нови промени во начинот на одбележувањата на верските и државните празнувања. Во изменувањето на дотогашната традиција, ќе биде и обидот за наметнување на домашните слави, кои секоја куќа морало да ги одбележува, како што се одбележувале и имендените. Домашната слава значела подготовка на славски колач носен во црква и подготовка на трпеза во зависност од имотната состојба на домаќините. За овие денови доаѓале многу гости, не се задржувале многу долго, откако ќе биле послужени со маџун или слатко и кафе заминувале отстапувајќи место на следните гости. Поимотните подготвувале многу богата

[730] Прославувањето на „Св. Сава“ било задолжително и со закон донесен од државата во 1928 г., посебно во сите културно-просветни институции, како нивни патронен празник, ден кога славело целото Кралство.

[731] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941 , к. 1 , 9.3.1.132/551-552.

трпеза послужувана во најмодерни прибори за храната. Прославите најчесто биле проследувани и со музиката од чалгаџиските состави.

Меѓу тие нови одбележувања видно место зазамале и прославите на родендените на преставниците на кралската власт, кои се славеле задолжително и исто во сите градови. Прославувањето секогаш започнувало во утринските часови во локалните цркви, каде задолжително морало да присуствуваат повеќето од граѓаните, а завршувале со вечерни забави, организирани од членовите на Соколските друштва или женските владини културни и хуманитарни организации.

Најмасовно и задолжително било прославувањето на српската слава „Свети Сава", патронен празник на училиштата. Светосавските програми биле задолжителни за сите училишни институции, пропратени со учество и посетеност на останатите значајни владини претставници и обичното граѓанство. За овие прослави државните институции и училиштата биле украсувани со државните знамиња. По црковните обреди и сечењето на славскиот колач, се давале богати програми во училишните сали или просториите на позначајните културни институции, пропратени со предавања, музички настапи, рецитирање, спортски одбележувања, доделување на парични награди на сиромашните и добрите ученици и сл. Во вечерните часови биле приредувани вечерни концерти и балови. Иако биле владини реакции, овие прославувања сепак допринесувале за едно поврзување помеѓу наставниците, учениците и родителите, биле можност да се видат своите деца во улога на носачи на културните настани, можност да се добие парична награда, стипендија со која би се продолжило во некоја високообразовна институциоја и сл. Многумина и денес се сеќаваат и ми раскажуваат за тие училишни прослави кои за нив биле само денови кога се дружеле, пееле рецитирале, давале театарски претстави итн.

Во сите градови масовно бил одбележуван и 1 декември, денот на обединувањето. По црковното обележување во локалните цркви, прославата продолжувала во домовите на соколските друштва каде се давале свечени програми.

Секој град го прославувал и својот „ден на ослободувањето". За да ја доловам целокупната организација на одбележувањата и секојдневиот на тој ден, ќе ја опишам националната манифестација во Скопје на 13 октомври 1932 по повод 20-годишнината од ослободувањето на градот. Градот бил украсен со државните знамиња на позначајните објекти и натписи како „Да живее неговото величество крал Александар I", „Да живее Југославија" и сл. На црковното одбележување во спомен на загинатите присуствувале видни владини, политички и општински претставници, трговци, индустријалци, занаетчии итн. Тогашниот скопски митрополит одржал и предавање со кое биле глорифицирани позначајните историски настани. Манифестацијата

продолжила на Офицерскиот дом каде била закажана свечена седница на општинскиот одбор, чии претставници одржале пред насобраниот народ политички пропагандни говори за значењето на одбележувањето, улогата на државата, лојалноста, економската и политичка моментална состојба. Биле читани поздравните телеграми од кралската влада, биле доделени и наградите „13-ти Ноември" за најдобро изработени теми, кои ги дава скопската општина со цел да се продолжува колективната меморија за овој за нив важен историски датум. Слична била прославата и во останатите градови, каде неминовно пред насобраниот народ се одржувале црковен помен и прпагандните говори од значајни политички владини претставници.[732]

Сепак традицијата нема да се занемари. И понатаму во Вардарскиот дел на Македонија продолжуваат да се слават христијанските празници токму онака како што и дотогаш наложувала македонската традиција. Би започнала со Нова година. Интересно е што почнува да се одбележува дочекот на Новата Година. Во овој период дел од повидното граѓанство започнува да ја дочекува организирано надвор од своите домови. Од организаторите биле привлекувани со разновидните и богати програми, атрактивни места како Офицерскиот дом, Народниот том, Поштенскиот дом во Скопје итн. Така во текот на 1936 г. Народниот тетар во Скопје во своите простории организирал дочек на православната Нова година, за која цел биле ангажирани млади скопски пејачи, оркестарот на воената музика на 50 пешадиски полк и скопската секција на Здружението на актерите, кои имале подготвено своја програма пропратена со богато мени кое го нудело тамошното бифе и со игри на среќа, избор на кралица на вечерта, ревии и сл. Во останатите градови започнува славењето на новогодишната ноќ и во кафеаните каде се организирале богати музички програми, лотарии и сл.

Бадник, Коледе и Божик биле едни од најважните празници за македонското семејство. Ноќта спроти Бадник во секој град, во секое маало се палеле традиционалните огнови на кои присуствувале само машките претставници, пиејќи топла ракија и дружејќи се со песна и ора. За Бадник жените во Гостивар задолжително подготвувале риба и месено лепче со паричка кое за време вечерата се делело меѓу членовите од семејството. За Коледе секогаш најмногу се подготвувале најмладите кои со коледашки од раните утрински часови ги посетувале останатите домови пеејќи коледарски песни, а за возврат добивале јаболка, колачиња, костени ореви, бонбони па дури и по некоја паричка. Децата во Охрид оделе во групата во која имале цар Ирод, овчар, правеле куќа со слама – која го претставувала раѓањето на Исус и во неа домаќините оставале пари. Во Битола дрвеното сандаче обложено со слики од светци, со свеќи и слика на Исус било познато како „спиљон". Во Охрид се уште се сеќаваат на песната која се пеела: „Хрисотс се роди, домаќину

[732] Весник „Вардар".

драги, среќан вам био овај дан благи. Бог дао здравља и весеља свима, ја сам пастир чика Сима, идучи од дома до дома, био богат ил сиромах, то нам стаје и труда и мука, и ево озебоше нам и руке, али опет имамо жара да примамо дара, за новац кутија од кола, а за оно друго торбендура ова, а са тобом дому, домачине драги, на многаја љета". На Божик по службата во црква се одело прво кај кумот на визита. Се подготвувала богата трпеза со свинско месо, печено во фурна околу која се собирало целото семејство.

Василица или Стара Нова година во Охрид се славело со правење на маски. Се правеле од картон, помладите облекувале народни носии, се преправеле во анами со шалвари и друга турска носија. За семејството се подготвувало кора со паричка (комад со паричка). Стара Нова година свечено се одбележувала и во Битола. Битолчани велат дека многу повеќе внимание се посветувало на овој празник отколку на Нова година.

Во Битола најголемо внимание се посветувало на празникот Водици, кога во замрзнатите води на реката Драгор се фрлал крстот. Градот се подготвувал една недела претходно. Празникот имал и свој домаќин кој се менувал секоја година како главен организатор, задолжен да донесе и раздели погача со паричка, чие наоѓање го определувало и следниот организатор. На самиот ден се одржувала богослужба во присуство на сите видни градски претставници. Истиот ден тој што ќе го фател крстот ги посетувал сите дуќани во чаршијата и домови во градот. Големи прослави се организирале и во Охрид и Скопје. Во Охрид крстот се фрлал во Езерото. Се одело со чун претходно украсен со бршлен. Сите доаѓале покрај Езерото да земат од крстената вода за здравје. Се формирале повеќе тајфи од секое маало, кои од кајчиња се фрлале. Тој ден домовите покрај Езерото биле посетувани од присутните на чинот, каде припадниците на посилниот пол прославувале со топла ракија.

Прочка бил исто еден од празниците кој привлекувал внимание и подготовки. Тоа е празникот кога си простуваат блиските и пријателите, кога се подготвува трпеза со јагнешко месо и баклава, кога децата маскирани оделе од куќа до куќа пеејќи песни, добивајќи за возврта баклава и парички, а во вечерните часови се изведува обичајот „амкање јајце". Во Дојран се организирал карневал кој траел три дена. Во секој град било карактеристично организирањето на костимбал, односно маскирањето на мажите и децата посебно, кои во групи имале маски на баба, дедо, невеста, младоженец, арап, ѓавол и доктор во раните утрински часови оделе по чаршијата, маалата, домовите пеејќи ја песната „Оптири лајлам", за што добивале баклава и пари. „За време на Поклади луѓето во Битола се маскирале со маски како робинки, Чарли Чаплин го имитираа, махараџи. Во Офицерскиот дом се правеле маскенбали во очи на Покладната вечер, се организираше сина забава, што значеше дека дамите мораа да бидат облечени во сини фустани и сини

чевли".[733] Во Охрид за костимбалот, машките се мачкале со црна боја од фурните и си врзувале чалми, ставале фесови, носеле маски, селска носија, а девојките се преправале како селанки, невести, анамки и сл., шетајќи така на корзото од претпладневните часови па се до вечерните На тој ден сите се фотографирале, тоа останало и како традиција да се забележат маските. Карневал со маски се организирал и за време тримерските денови во Струмица. Тримерските денови започнуваат во неделата на Прочка до вторникот кога и се прганизира маскирано посетување на домовите. Во Велес карневалот започнувал во попладневните часови, кога во масовни и маскирани групи се поминувало низ сите улици за подоцна да се стигне на плоштадот во маалото Којник каде сите заедно прославувале.[734]

Велигден бил најголемиот христијански празник кога се одбележувало Христовото воскреснување. Во секој дом во четвртоците рано изутрина се вапцувале јајца со боја бакам, а во вечерните часови спроти Велигден се одело на црковна богослужба. Во следните два дена се посетувале родителите на женската страна во семејството и кумовите, на кои им се носеле пармаци.

За Цветници во Охрид девојчињата се облекувале во фустани како невести, во групата имале една главна невеста, а останатите биле лазарки и оделе од куќа до куќа. За Ѓурѓовден Гостиварчани редовно оделе на изворите на Вруток, потоа се собирале кај Горчова воденица близу Бањица, останувајќи до попладневните часови. За Св. Богородица на 28 август гостиварчани оделе во Лешок. Имало панаѓур и голема прослава.

Дел од градовите имале и свои патрони празници прославувани од целото населние, зашто тие се сметале како заштитници на самиот град. Во Штип се славел Свети Никола, познат меѓу локалното население и како „Вечера на љубовта". За овој празник секоја штипска куќа поканувала гости од соседното Ново Село, кои пак за возврат ги поканувале на нивниот празник Свети Јован Крстител. До раните утрински часови се пеело и играло. Во поимотните семејства задолжително се повикувале музичките состави кои свиреле народна музика и штипските чалгаџии, одржувајќи ја така и македонската песна.

Традиционалното со модерното ќе се дојде до израз и кај свадбите. Подготовките за свадбите траеле со недели, а самиот завршен чин секаде

---

[733] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола (Кралот на маските во Битола бил Благој Бошковски. Неколку години по ред добивал награди за неговите покладни маски, изработени под влијание на филмовите, за кои добивал и парични награди. Во 1933 г. бил римски војник со штит од капак од сач или вршник за печење, оставајќи силен впечаток во корзото кога сите за празничниот маскенбал носеле народна носија. Следната година кога маскенбалот бил во организација на францускиот конзул Марсел де Воз, во хотелот „Босна", се маскирал во индијанец добивајќи пак прва награда. Први награди кои му носеле по 1.000 динари, освојувал и следните три години кога бил преправен во Мики Маус, факир и човек-риба.)

[734] Јасмина Најдовска, *Историја на секојдневниот живот во Велес*..., op.cit., стр. 118.

почнувал од понеделник и траел до недела. Браковите ги одобрувала црквата, според чии правила младите требало да бидат полнолетни, правило од кое често и се отстапувало. Се поканувале блиски и далечни роднини. Се купувала и подготвувала храна, во петок се носел фустанот и златото за невестата, од каде се зимал и чеизот носен на пајтони, покажуван јавно на љубопитните граѓани. Главен збор на свадбата имале кумот и старосватот. Според сеќавањето на Трајко Јованов од Штип „се собираат другарките на невестата, пеат песни. Доаѓаат и блиски роднини. Во четвртокот сите жени со невестата и дајраџика одеа на бања. Дајраџиката пее и свири, жените играат. Следниот ден па одеа другарите на младоженецот, со што ја одржувале хигиената пред свадбата. Во петок се правеше замесување на погача. Во саботата и неделата било главното одбележување на прославата со изведување на обичаите". Музиката ја сочинуваат зурли и тапани или чалгиите. Во некои од градовите младоженецот со другарите оделе во кафеана одбележувајќи го последниот ергенски ден.

На свадбите присуствувале многу луѓе, најчесто по склучувањето на црковниот брак, свеченоста продолжувала во домашните дворови. Свадбите на поимотните биле многу пораскошни, во Скопје дури и почнале да се организираат во кафеаните и хотелите. Младоженците во украсени пајтони се носеле до црквата, а сето тоа било забележувано од локалните фотографи кои ги овековечувале тие моменти. Свадбите во Битола почнале и да се снимаат.[735] Тие се почесто почнувале да го применуваа правилото за поканување со печатена декорирана покана, испишана со имињата на младоженците и семејствата, порачувана и купувана дури и од европските центри. Дневните весници, пред се весникот „Вардар" изобилува со објави за свадби и свршувачки и фотографии од самиот чин, што значи дека богатите за склучените бракови сакале јавно да се знае во средината каде живееле.

Невестинските фустани биле многу скапи. Некои и ги позајмувале фустаните. Во поголемите градови почнале доста да се модернизираат, се следеле најновите модели. Во Скопје популарни биле сирена фустаните, тесните припиени фустани од коленици надолу малку поширoки, и со чипка изработени. На главата секогаш се носело некој украс, невестинска капа изработени од локалните шапкари или купени од надвор, а се помодерно било носењето на венче и долг дувек преку косата.

Традицијата и новите обичаи се мешаа, но се одбележуваа. Оставија траги. Беа можност да се види и примени нешто ново, да се прослави со најблискиот, да се поразговара, да се прикаже умешноста, раскошот, да се

---

[735] Александар Крстевски-Кошка, *Семејство Манаки*, во кн. *Творештво на браќа Манаки*, Скопје 1996, стр. 38 (Во дваесеттите години Милтон Манаки бил ангажиран од поимотните трговски семејства за снимање на нивните семејни свадби во градот и околината. Ја овековечил свадбата на познатиот трговски фабрикант на кондиторски производи Петар Герас, свадбата на првиот македонски артист Ристо Зерде во Прилеп и др.).

подготви убава храна и сл. Традиционалните обичаи продолжија да се одбележуваат, но меѓу народот останаа и новонаметнатите, како славите.

3.11 Здравствената дејност и процесите на модернизација

Годините на Првата светска војна ќе бидат причина за лошата здравствена дејност и положба во Вардарскиот дел од Македонија. На лошата состојба се надоврзувало и непостоењето на медицинска служба, која соодветно би се грижела за здравјето на населението. Потребата за развојот на оваа дејност што побрзо и мошне интензивно била неопходна, а воочувањата на новата власт и нејзината волја да се постигне резултат и на ова поле ќе кулминира со многу позитивни резултати, така што неизбежни биле процесите на модернизација на здравството и нејзините услуги. Сепак најголема улога ќе одигра кадарот, локалниот и оној носен однадвор, претежно од Србија, кој впрочем бил и главен носител на повеќето видови здравствени услуги, кои само вешто ќе ги искористат можностите кои ги понудувала српската власт.

Со формирањето на Министерството за народно здравје започнува функционирањето на организираната здравствена дејност во градовите во вардарскиот дел од Македонија.[736] Веднаш по завршувањето на војната се почувствувала потребата од вистинска превентивна дејност, градење на здравствени установи, оспособување на медицински кадар[737], како и здравствено просветување на народните маси. Така за краток временски период ќе започнат да функционираат многубројни здравствени приватни и државни установи, амбуланти, болници, домови за народно здравје, училишни поликлиники, диспанзери за заштита на мајките и децата, санаториуми, аптеки и сл., институции каде започнале да се применуваат современите технолошки-медицински прописи.

Задоволувањето на здравствените потреби најмногу ги чувствувале граѓаните на Скопје, но подобрувањето на здравствената дејност се почувствувала и во другите помали градови каде се сретнувале најмногу по тројца лекари. Така граѓанството полека ќе се соочува со напредок во хирургијата, педијатријата, гинекологијата и акушерството, офталмологијата, рендген техниката, лекувањата на забите и сл. Од големо значење било

---

[736] Петар Бојациевски, *Здравствено-социјалната политика на странските пропаганди во Битола*, Битола 2003, стр. 110-11 (Министерството за народно здравје функционирало врз основа на многубројни закони, уредби и прописи кои често се менувале и дополнувале, но секаде не ги дале очекуваните резултати заради недостатокот од финансии, кадар, опремени здравствени институции и сл.).

[737] Во 1922 г. во вардарскиот дел од Македонија пристигнале образовани млади луѓе со завршени студии во Франција, со кои во почетокот се пополнувал кадарот во местата каде недостасувал.

отворањето на скопската градска болница. Еден дел од овие градби се издвојувале по својата големина, внатрешна и надворешна архитектура. На задоволувачко ниво била и хигиената на околината околу нив. Се почесто биле опкружувани со паркови и зеленило.

Со почетокот на дваесеттите години започнале да функционираат околиските болници и санитетските служби, односно да се отвораат првите бактериолошки и антималарични станици, како мерка за намалување на заразните болести, пред се маларијата. Скопје, Битола, Штип[738], Велес , Струга и Струмица биле првите градови кои ги добиле овие станици, како места кои важеле за најзагрозени. Примарна задача била успешна борба против маларијата, туберкулозата, тифусот, шарлахот, дифтеријата, сипаниците, заштитата на новороденчињата итн., за чија цел била изработена дури и програма од страна на Министерството за народно здравје, цел за која биле осигурени и бесплатни лекарски прегледи, лабараториски анализи и лекови. Вардарскиот дел од Македонија со своите многубројни истечни води, мочурушни пределu, топли климатски услови понудувал одлични услови за равојот на маларијата. Драстично засилена била и иницијативата за исушување на мочуриштата, како и активностите насочени кон уништување на ларвите на комарците, главните преносители на маларијата.[739]

Проблемите со маларијата се провлекувале доста долго, посебно во градовите кои немале водовод. Така во Виница заради неспроведувањето на водовод и во текот на 1925 г. проблемите со маларијата имале земено поголеми размери. Доста често на населението бесплатно им се доделувал и кинин заради заштита и превенција од оваа болест, за што се водела прецизна евиденција од општинските власти кому се доделува и по колку грама. Струмичката околија, која изобилувала со мочуришта, била позната по заболувањата од маларијата, каде со отворањето на Маларичната станица од 1925 г. на сите заболени им се давало кинин.

Здравствената дејност најзабележителени резултати остварила во Битола, во која со векови се мешале достигнувањата на западната и источната медицинска култура. Оваа дејност во градот ќе се поврзува со имињата на познати доктори хирурзи, гинеколози, педијатри, офталмолози, бектериолози, дерматовенеролози, епидемолози, аптекари

---

[738] Кирил Цацков, *Штип и штипско меѓу двете светски војни 1918-1924*, стр. 91 (Во 1927 г. антималаричната станица во Штип била посетена од 8-мина лекари од Друштвото на народите, од кои 4 Шпанци, 2 Персијци, 1 Сириец и 1 од Либерија, за испитување на маларијата. Според пишувањата на тогашните весници, станицата била современо опремена и работела со модерни средства.).

[739] Мочуришните предели се прскале со петролеј, париско зеленило, но се одгледувале и познатите американски рибички-гамбузии, кои ги уништувале ларвите. Ваквите акции биле карактеристични за пределите во Струмичко, Скопско, Битолско, Прилепско и Охридско. Сепак слабата економска развиеност на земјата не дозволувала ваквите акции да се спроведуваат во целост, ниту пак да заземат некои поголеми размери и успеси.

итн. Најголем дел од овие лекари биле новодојдени во градот, меѓу кои покрај Срби се сретнувале и многу руски емигранти. Работеле во Општинската болница оставајќи го своето знаење, но поседувале и свои приватни ординации, а некои и свои приватни прифатилишта, што значи ќе започне да се применува нова форма на работа со сите медицински атрибути на куративен и превентивен план. Приватната пракса била доста рентабилна, така што во градот во периодот меѓу двете светски војни овозможила да егзистираат повеќе од 40 приватни лекарски ординации.

Во Битола од 1921/22 г. на иницијатива на д-р Андрија Штампер, носителот на превентивната и социјалната медицина, била отворена постојана Бактериолошка или Антималарична станица[740], која во 1927 г. прераснала во Дом за народно здравје[741] со станица за борба против маларијата, Детски и школски диспанзер, кожно-венерична амбуланта, Хигиенска и Епидемиолошка лабараторија. Во оваа институција на редовни систематски прегледи и вакцинација подлегнувале учениците од основните и средните училишта.[742] Превентивната заштита на децата била потврдена и со Законот за заштита на децата и младината донесен во 1922 г.[743]

Во текот на 1925 г. во Битола била отворена и првата училишна поликлиника, раководена од д-р Десанка Пјаниќ. Организираната заштита на децата[744] и училишната младина значела и отворање на првите

---

[740] Петар Бојаџиевски, *Здравството во Битола низ вековите*, Битола1992, стр. 149 (Бактериолошка станица од помали размери во Битола била отворена уште од 1919 г., сместена во дрвени бараки, подоцна преместена во монтажни бараки во месноста Кајгаз, предводена од успешната дејност на д-р Миливој Ранков, кој својата практична дејност во Битола ја претворил во теоретска, запишувајќи за сите случувања од областа на здравствените прилики во градот и околината, стекнувајќи се така со повеќе научни трудови.).

[741] Домот бил сместен во неколку монтажни бараки добиени од репарациите што Германија и нејзините сојузници ги плаќале за штетите и разурнувањата во времето на Првата светска војна. Во овој период на територијата на Македонија биле изградени 4-5 здравствени домови, во кои биле сместени општи амбуланти како и одделенија за превенција и прегледување на школските деца и младината. За најмодерен и најопрмен се сметал Домот во Прилеп кој започнал со својата работа од 1927 г.

[742] Душка Бојаџиевска, *Развој на здравствената заштита на училиштите деца и младината во Битола*, во Прилози, XXVI, 1986, 44-45, стр. 29 (Систематските прегледи, вршени на почетокот и крајот на учебната година се состоеле од мерење на висина и тежина на секое дете, испитување на движењето за откривање на деформитети, испитување на видот, слухот, преглед на забите, бил испитуван изметот заради можно присуство на паразити, им била земана и крв за откривање на маларијата, се вршела вакцинација против големи сипаници.).

[743] Ibidem.

[744] Децата од предучилишна возраст најмногу страдале од нарушување на органите за варење и органите за дишење, потоа заразните болести, акутни и хронични. Од акутните заболувања најчеста и смртоносна била големата кашлица, која ги напаѓала и доенчињата и децата од предшколска возраст. Маларијата, туберкулозата и шарлахот биле исто така едни од најраспространетите заразни заболувања. Кожните инфекции често пати завршувале со смртоносни компликации и тоа кај деца кои потекнувале од сиромашните семејства и кај деца кои не биле доволно негувани. Сепак за зголемениот процент на морбилитетот и морталитетот социјалниот фактор биле еден од најбитните. Несоодветните услови за живеење,

летувалиштa на Пелистер и Крушево[745], места каде се испраќале деца заболени од белодробна туберкулоза. Пелистерскиот санаториум познат како „Штампаревац“, бил сместен во неколку монтирани „Декерови“ бараки. За заштитата на децата во Битола од 1929 г. работела приватната ординација на првиот специјалист педијатар д-р Сотир Атанацковиќ.

Организацијата на здравствената служба во овој период ќе добие нов правец, предводена од насоките на развојот на здравството во другите делови на Кралството СХС. Во вардарскиот дел на Македонија во повоените години оваа служба ќе настојува да ги искорени традиционалните размислувања во одржувањето на човековиот живот, кој зависел од основните познавања за здравствената култура кај народните маси.

Голема улога во развојот на оваа дејност покажал д-р Андрија Штампер. Тој настојувал да создаде нов тип на лекар, кој ќе одговара на новонастаната состојба, лекар по стандардите на останатите европски држави. Сознавајќи ја положбата и состојбата на народните маси, тој посебно се залагал за доближување на лекарот до народот, советувајќи го да ја пренесе успешно својата активност надвор од границите на својата ординација на терен, во семејните домови, фабриките, односно на сите оние места каде познавањата од областа на здравствената заштита биле неопходни. Така лекарите би се здобиле со можност за полесно и поблиско запознавање и доближување до народните маси, многу полесно идентификувајќи ги и откривајќи ги факторите на разните болести. Тие станале истовремено и учители и социјални работници. Но, во спроведувањето на ваквата дејност била неопходна тимската работа, која според д-р Андрија Штампер би вклучувала тим составен од лекар, патронажна сестра, санитарен инженер, лабараториски персонал, санитарен техничар, асанатори, дезинфектори и други помошни лица.[746]

сиромаштијата, необразованоста, недостапноста до здравствените услуги, незнаењето за хигиенско и здравствено просветување, неправилната здравствена политика, биле само едни од многубројните причини за смртноста кај децата, процент кој во периодот меѓу двете светски војни не бил навистина за потценување.

[745] Весник „Вардар“ (Детскиот дом во Крушево се состоел од четири бараки до кои се наоѓало и купатило за хигиеските потреби на децата. Детскиот дом имал свој дневен распоред исполнет и со многу спортски и музички активности. Престојувале слабо развиени деца, но не и туберкулозни за кои биле и предвидени одредени суми за плаќање во зависност од нивната имотна состојба. Сиромашните деца биле ослободени од таа обврска. Големо внимание се посветувало на изборот на здравата храна.

За опоравување на децата бил отворен и детскиот дом на Водно, на иницијатива на скопската општина. Според правилата на домот тој функционирал во периодот од јуни до средината на септември, се примале машки и женски деца кои можеле најмногу да останат 30 дена. Децата добиваат престој, храна, грижа од здравствени работници за кои услуги се наплатувало со исклучок на сиромашните за кои плаќала скопската општина. Домот имал две згради: кујна со трпезарија во која собирало до 100 деца и зграда за престој со 3 соби во кои можеле да се сместат до 40 деца. За потребите на децата биле донесени и гимнастички справи. Домот бил посетуван и од возрасните посебно за време на празниците.).

[746] Петар Бојаџиевски, *Здравството во*..., op.cit, стр. 149.

Српската власт знаеле дека успехот може да следи доколку воведе успешен законодавен систем. Во тоа својство биле донесени повеќе закони меѓу кои: Законот за спречување на заразните болести, Законот за контрола на животните намирници, Законот за спречување на разни социјални и општествени болести како туберкулоза, маларија, сифилис, Закони за просветување на народот, за здравствената заштита на училишните деца и младината, за заштита на здравјето на доенчињата и малите деца, односно закони чија цел била насочена кон намалување на влијанието на болестите, зголемување на наталитетот и одржувањето на здравствениот стандард на народот.

Посебно внимание се посветувало на зголемувањето на кадарот кој недостасувал на просторот во Македонија. Власта ќе започне со инкорпорирање на здравствен кадар кој потекнувал од другите делови на Кралството СХС, односно од Србија и Хрватска[747], но доста често се сретнувале и руски емигранти кои се покажале како доста стручни лекари. Најчесто се сретнувале хирурзи, интернисти, гинеколози, педијатари и офталмолози. Својата здравствена дејност ја надополнувале и со многубројните стручни трудови кои излегувале во разни списанија наменети за јавноста која имала можност да ги прочита сите тие научни трудови. Целокупната дејност била насочена кон што поскоро искоренување на старите сфаќања во лекувањето и одржувањето на стабилната здравствена состојба, допринесувајќи со тоа за подигнување на здравствената култура во рамките на цела Македонија. Скопскиот хигиенски завод во таа насока од 1927 г. започнал со филмско прикажување на здравствено-едукативни филмови. Во почетокот филмовите биле позајмувани од Хигиенскиот завод во Загреб, а од 1931 до 1933 г., Хигиенскиот завод забележал и сопствена продукција во рамките на Фотофилмското ателје.[748]

Најголема улога ќе има новодојдената генерација македонски лекари, кои своите студии ги завршувале во соседните балкански и европски држави како стипендисти на српската влада, учествувајќи така во изградбата на македонските образовни и медицински институции.[749] Еден дел од нив ќе бидат познати и по приватните ординации кои

---

[747] Многу доселеници како кадар во здравствените институции доаѓале со своите семејства или пак формирале нови стапувајќи во брак со девојки од македонските градови. Така во Охрид биле познати многу семејства со хрватски презимиња.

[748] Весник „Вардар" (Во 1936 г. Скопскиот Народен универзитет во соработка со Хигиенскиот завод во Скопје организирале неколку курсеви за одбрана од отровни гасови. Секој од курсевте траел по три часа, одржувани во салата на основното училиште „Цар Душан", секој понеделник, среда и петок во попладневните часови. Предавањата биле посетувани од страна на средношколци, пожарникари, полицајци, општински службеници, но и од обичните граѓани кои покажале интерес за овие курсеви.).

[749] Како познати лекари меѓу двете светски војни се споменуваат: Киро Топузоски од Дебар, Харалампие Манчев од Кочани, Панче Васков од Велес, Глигор Тофоски, Никола Хаџиздравев, Ѓорѓи Дудев и Димитрија Дујакоски од Прилеп, Коста Чохаџиќ од Гевгелија и многу други.

интензивно ги отворале, но овие лекари според тогашните закони на српската власт за разлика од оние во државната служба немале право на пензија. Студиите по медицина во периодот меѓу двете светски војни биле привилегија за најголем дел од децата на индустријалците и трговците[750], зашто тие се завршувале во поголемите европски центри како Париз, Монпелје, Виена, Женева, Лозана, Грац, Берн, Берлин, Прага, Букурешт, Петроград, Киев, Белград, Загреб и др. Најпривлечни биле студиите на Медицинскиот факултет во Париз, каде подоцна некои од овие студенти останувале како дел од редовно вработениот кадар, здобивајќи се со знаења и вештини од најдобрите професори и доктори. Во сите овие центри македонските студенти биле организирани во македонски студентски сојузи (МСС), преку кои можеле полесно да се организираат и политички делуваат против српската пропаганда, организирајќи собири, пишувајќи по разни весници и списанија на теми за Македонија, нејзината историја и моментална состојба.

Најголем дел од овие студенти, се враќале во својата земја, како лекари по општа практика, стоматолози и аптекари, обележувајќи ги триесетите години како период на новата млада генерација на лекари.[751] Таков бил случајот со семејството Ставридис од Скопје, чии членови ја испишуваат современата историја на урологијата. Од ова семејство посебно се издвојувале д-р Александар Ставридис, сопственикот на санаториумот за хируршки интервенции „Балкан" и неговиот внук д-р Сотир Ставридис.[752]

Познат студент на Белградскиот медицински факултет бил и Харалампие Манчев од Кочани, кој по дипломирањето во 1928 г. извесно време работел во својот роден град како општ лекар. Познат лекар во Струга бил Ристо Груев, кој по завршувањето на студиите во Грац отворил приватна ординација за општа медицина.[753]

---

[750] Медицина имале можност да студираат и децата на посиромашните добивајќи стипендии од власта. За да можат да ја подобрат тешката материјална положба, тие напоредно со студиите и работеле.

[751] Сите студенти се враќале во родните места носејќи ги со себе сите промени кои што ги доживувале за време на студирањето, успешно пренесувајќи ги на своите сограѓани. Така секој од нив знаел да го говори странскиот јазик на кој студирал, промени се забележувале и во начинот на облекувањето, однесувањето, подготвувањето на храната, впрочем европските центри креирале сосема нови личности од нив со модерни манири, кои потоа успешно ги пренесувале во своите родни места.

[752] Јосиф Џочков, *Три ѓенерации уролози*, во Сп. Vox Medici, година XVIII, број 65, Скопје 2009, 32 (Сотир Сатвридис потекнувал од богато трговско семејство. Медицина завршил во Грац, Австрија. Првите чекори во медицината, односно во хирургијата ги направил во 1931 г. во санаториумот „Балкан", чиј сопственик бил неговиот чичко, д-р Александар, работејќи заедно со познати скопски хирурзи. Сотир специјализирал хирургија во Земската болница во Скопје, а во 1936 г. во Белград го положил специјалистичкиот испит кај познатиот хируг во Кралството Југославија д-р Миливое Крстиќ.).

[753] Ристо Груев потекнувал од струшкото село Пискупштина. По завршувањето на студиите во Грац, останал во Белград каде го отслужувал воениот рок и како дипломиран лекар бил примен

Димитар Арсов од Крива Паланка[754] пак благодарение на својот татко трговец ја имал таа можност да се образува на Медицинскиот факултет во Париз, каде што дипломирал во текот на 1932 г., а докторирал на Сорбона во 1936 г. Коста Тренчев од Владимирово кој потекнувал од имотно семејство успеал да се запише на медицинскиот факултет во Виена, кој важел за еден од најпрестижните во Европа. По завршувањето на студиите во 1928 г. се вратил во Владимирово, од каде за кратко време бил поставен за околиски лекар во Берово. О 1935 г. својата лекарска дејност ја извршувал во Делчево соочувајќи се со предизвиците на едно мало место каде морал да биде и општ лекар, интернист, гинеколог, акушер и сл.[755] Познати студенти од Крушево на медицинските факултети биле Анастас Ќале, Стерја Боздов, Владимир Руменов, Никола Крej, Сотир Атанасковиќ, Сотир Димитров Ангелов и др. Како познати лекари меѓу двете светски војни се споменуваат и Киро Топузоски од Дебар, Панче Васков од Велес, Глигор Тофоски, Никола Хаџиздравев, Ѓорѓи Дудев и Димитрија Дујакоски од Прилеп.

Сите овие млади лекари од 14 декември 1929 г. биле дел од Лекарската комора[756], која на овој датум го одржала основачкото собрание во Скопје, според чии закони секој лекар независно од тоа дали работи во државна или приватна институција мора да биде дел од комората.[757] За прв претседател бил избран д-р Хранислав М. Јоксимовиќ, шеф на Санитетското одделение во Скопје. Таа имала своја организациона

во гардата на кралот Александар Караѓорѓевиќ, а подоцна му било понудено да работи на Воената хирургија. Одлучил да се врати во Струга каде ја продолжил својата професионална определба. Куќата што ја изградил во градот, била една од најзабележителните и препознатливите по столбовите на влезот од куќата, украсени со две змии што излегувале од една чаша.

[754] Јосиф Цочков, *Докторот од Сорбона на факултетот во Скопје*, во Сп. Vox Medici, година XVIII, број 62, Скопје 2009, 18 (Во меѓувреме работел како надворешен асистент на клиниките при Универзитетот во Париз. Кон крајот на триесетите години се враќа во Македонија, поточно од 1937 г., започнал да работи како лекар интернист, а потоа и како шеф на Градското одделение при Државната болница во Скопје и шеф на интерното одделение.).

[755] Vox Medici, год.XVIII, бр.64, октомври 2009 г., стр.18 – 20 (Д-р Коста Тренчев како околиски лекар во Делчево бил иницијатор за отворање на општа и маларична амбуланта. Во ова место тој се соочил со многу заразни болести, посебно туберкулозата. Настојувал да обезбеди соодветна лекарска помош, а бил познат и по многуте организирани предавања и советувања за заштита, посебно во селската средина.).

[756] До формирањето на Комората постоело Скопско лекарско друштво, а исто такво друштво било формирано и во Битола. Лекарското друштво имало и свој медицински гласник „Луч“.

[757] Лекарите во вардарскиот дел на Македонија биле организирани во лекарски здруженија, кои настојувале на што поголема меѓусебна соработка, во време кога отсуствувале солидарноста, меѓусебната соработка и почитување. За својата работа задолжителна била дозволата од општинската власт. Дел од нив ја имале и таа можност да присуствуваат на разни собири и конгреси од областа на медицината надвор од Македонија. Знаеле да се занимаваат и со спортски активности, како планинарството, фудбалот и сл. Имале и големо познавање од музиката.

структура, свои претставници кои ги застапувале правата на лекарите пред јавноста. Членовите плаќале и одредена членарина.

Општините во секој град воделе прецизна евиденција за школувањето на младите кадри, така што списоците кои сведочат за младите кадри кои студирале медицина, се зачувани во локалните архивски подрачни единици. Се евидентирал секој студент каде студира, што студира, кога започнува со студиите, кога завршува и сл.

Согласно законските одредби од 1927 г. Бактериолошките станици се преименувале во Домови за народно здравје, во кои функционирале повеќе служби и одделенија, раководени од стручни лекари и средномедицински персонал, од кој во почетокот се чувствувала голема потреба.

Здравствената дејност од 1929 г. забележува интензивен пораст. Од овој период во Вардарскиот дел на Македонија делувале 11 домови за народно здравје и 32 здравствени станици. Најголем дел од нив работеле на искоренувањето на маларијата, како една од најраширените заразни болести на ова подрачје кое понудувало совршени услови за развој на оваа болест. Сепак болничките капацитети во одредени помали градови[758] ни оддалеку не можеле да ги задоволат потребите и решавањето на здравствените проблеми на граѓанството, со кое требало да се работи на многу поголема едукација од областа на здравството.

Посебно место во здравствена дејност заземаат училишните поликлиники наменети за заштита на децата од предучилишна и училишна возраст. Тие биле дел од здравствените домови. Биле отворени детски диспанзери, советувалишта за мајки деца, делувале многу педијатари, патронажни служби се со цел да се намали смртноста кај најмладите. Здравствената заштита на учениците била регулирана и со закон донесен во 1930 г. [759]

Школските хигиено-санитарни услови во Скопје биле одржувани од неколку установи наменети за лекување, хигиена и рехабилитација. За

---

[758] Весник „Вардар" (Во текот на месец јануари 1936 г. општинскиот одбор на Црвениот крст во Тетово организирал курс за доброволни болничари. Курсот, кој траеле нешто повеќе од три месеци бил посетуван од 25 млади тетовчани, меѓу кои имало и муслимани, секој вторник, петок и недела во попладневните часови во просториите на тетовската Гимназија. Се изучувале предмети од областа на медицината, заради основно негување на болните и овозможување на соодветна болничка помош.).

[759] Петар Бојаџиевски, *Здравствено...*, op.cit., стр. 131 (Законот предвидувал запознавање на учениците и родителите со значењето за одржувањето на хигиенските навики, систематски и специјалистички прегледи на одреден временски период, следење на физичкиот и психичкиот развој на учениците, здравствена контрола и уредување на интернатите, кујните и купатилата за учениците, редовна вакцинација и сл. Лекарите требало да бидат специјалисти за детска и школска хигиена. Целокупната дејност била финансирана од буџетот на општината, како и од уплатите кои секој ученик при запишувањето ги наменувал за фондот за здравствена заштита. Обезбедуваната здравствена заштита во зависност од можностите на власта се потврдува и од печатените годишни извештаи на училиштата, каде прецизно се забележувани годишните здравствени преземени активности, мерки и сл.).

лекувањето на учениците биле задолжени Државната школска поликлиника при Хигиенскиот завод за сите школи и Општинскиот детски диспанзер. Трговската академија, Големата Медреса и Француско-српската школа биле опремени со амбуланти, каде што учениците добивале и бесплатни лекови. Дел од овие институции располагале и со бањи составени од по неколку тушеви. Чести биле и организираните летувања на децата во одморалиштата на Пелистер, Крушево, по блиските манастири и конаци, но и организираните одмори на Јадранското море.

Во лекувањето на локалното население се истакнувале приватните амбуланти и приватните санаториуми (помали специјализирани болници).[760] Карактеристично за сите нив е дека во градовите се отворани по враќањето на кадрите кои студирале медицина во европските градови. За опремата и стручниот кадар се грижел самиот лекар. Во Скопје биле познати санаториумот на д-р Александар Ставридис, санаториумот на д-р Коста Чохаџиќ, специјализиран за гинекологија и акушерство[761] и санаториумот на хирургот д-р Јозо Пулезовиќ, во чиј состав имало породилно одделение и рендген институт, а бил опремен со парно греење и водовод. Во овој период приватна дејност можеле да вршат само граѓани на Кралството, односно странските државјани морале да го примат југословенското државјанство. Во Прилеп биле познати приватните амбуланти на Цветко Ѓорѓиевиќ, Јурај Заниновиќ[762], рускиот емигрант Ѓорѓи Пациорин и Јован Шајкаревиќ. Во овој период започнале да работат и првите прилепчани, лекари, како Глигур Тофоски, Никола Хаџиздравев, Ѓорѓи Дудев, Иван Прилепчански и Димитрија Дујаковски, кои по завршувањето на студиите во Белград отвориле приватни амбуланти во своите домови.

Во лекувањето на одредени болести се применувала и превентивната медицина овозможена од лековитите води на бањите во вардарскиот дел на Македонија. Една од најпознатите била Катлановска бања, каде покрај лековитата вода се искористувале и рибите, раковите и пијавиците ловени од Катлановското езеро од кои се подготвувале разни лекови. Доста посетена била и бањата Кежовица во Штип, чии извори се применувале во лекувањето на многу болести.

---

[760] Поимотните себеси можеле да си дозволат лекување во приватните ординации во градовите или пак надвор од границите на вардарскиот дел од Македонија. Овие семејства имале и свои приватни лекари, кои преку домашните посети ги задоволувале нивните потреби.

[761] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 180 (Санаториум на д-р Чохаџиќ бил еден од подобро опремените. Во текот на 1936 г. бил проширен и се состоел од ординација, сала за породување, операциона сала, болнички соби за родилки и новороденчиња, кујна со трпезарија и аптека.).

[762] Д-р Томислав А. Шапчески, Билјана Т. Попоска, *Здравството во Прилеп 1900-1945*, Прилеп 1996, стр. 43 (Д-р Заниновиќ, Далматинец по потекло, по завршувањето на студиите во Прага бил вработен во Прилеп во 1919 г. по конкурсот што го објавило Кралството СХС заради задоволување на здравствениот кадар.).

Од 20-тите години се забележува и интензивно спречување и лекување на кожно-венеричните заболувања. Овие заболувања најчесто ги ширеле проститутките, чиј број во градовите зачудувачки бил голем. Власта со закон ги регулирала нивните прегледи, така што на краток временски период тие биле задолжени да направат гинеколошки прегледи заради контрола на венеричните заболувања. Во 1920 г. во Битола било формирано и посебно одделение сместено во Општинската болница.

Секојдневието во овој период било обележано и со развој на гинеколошко-акушерските потреби на жените, задоволувани пред се од бабичката служба. Секој град имал свои познати бабици кои се ставале на услуга на родилките[763]. Породувањата се случувале или по домовите на родилките или во здравствените установи. Жените во најголем број се породувале дома во присуство на приватно ангажираните бабици, кои за услугите добро биле наградувани. Бактериолошката станица и Општинската болница ја проширила дејноста на бабичката служба, за чија дејност посебна улога одиграл и Уредот за социјално осигурување на работниците. Од 1927 г. родилките кои поседувале социјално осигурување добивале и парична помош. Породувањата интензивно започнале да се извршуваат во болничките институции, но сé уште доминирала традицијата која наложувала породувањата да се извршуваат во самите домови. Социјално загрозените мајки ваквата услуга во градот ја добивале бесплатно.

Првиот гинеколог во Битола после војната бил д-р Анастас Фила, кој во 1921 г. формирал свое прифатилиште во кое имало шест кревети за родилки. Битола две години на располагање ја имала и првата жена гинеколог д-р Богиња Ѓуришиќ. Сепак свеста за породувањето во болниците видно се развивала меѓу женскиот свет, која за своите проблеми јавно ќе се едуцира, преку предавањата организирани од Народните универзитети, подвижните здравствени тимови, а многу жени ќе почнат и да пишуваат во јавните гласила поттикнати од статиите во списанието „Жена данас".

Дел од граѓанството имало можност да врши лекување на забите во стоматолошки ординации, кои во градовите посебно во Скопје биле обележани со големи и видливи реклами. Во Скопје најпознат стоматолог бил Емил Рубен.[764] Во Прилеп како извршители на стоматолошката дејност се

---

[763] Најпознати бабици во Битола биле: Марија Карнафилова - Зволу, Благородна Сарафова, Виргинија Мужа, Антина Петрова, Марија Дурацо, Олга Јовановиќ, Нада Симиќ и др.

[764] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 181-182 (Семејство потекнувало од Франција, а д-р Рубен во Скопје заедно со сопругата се населил во текот на 1907 г. Неговата ординација се наоѓала во близина на Камениот мост. Како човек бил доста дружељубив. Редовно со сопругата ја посетувале елитната кафеана „Зрински", а подоцна и Офицерскиот дом каде се организирале најпознатите балови и игранки. Во својот дом знаеле често да организираат домашни приеми со блиските пријатели во кои биле вклучени децата, кои пак ги забавувале гостите со свирење на музички инструменти. Редовни биле посетите од

споменуваат Сотир Цука, Јордан Делов Белагуша, Методија Тројачанец, Ксенија Аќимовиќ од Врање и Димитар Дуљан.

Свој развој забележува и офталмологијата, односно заштитата на видот, како дел од Општинските болници и малкуте приватни ординации. Траги ќе остави и радиолошката служба[765]. Во текот на 1931 г. д-р Петар Аврамов во Битола во својата приватна ординација го донел и првиот рендген апарат. Меѓу докторите кои во своите приватни ординации поседувале ваков апарат бил Александар Османли. Најчесто се користеле за дијагностицирање на белодробни заболувања.

Спортската медицина започнува да се развива со појавата на соколските организации и грижата за здравјето на нивните членови. Често за нив биле организирани курсеви од лекари кои им ги пренесувале теоретските значења на телесните вежби, грижата за телото и превентивните мерки во случај на несакани последици.

Посебно место во овој период зазема аптекарската дејност, задоволувана од многубројни помали и поголеми аптекарски објекти, кои по војната се соочувале со многубројни проблеми заради условите во кои функционирале непосредно по војната, но и непостоењето на соодветен кадар. Непосредно во првите повоени години Министерството за народно здравје извршило евидентирање на сите градски аптеки, давајќи им одобрение за понатамошно работење доколку ги исполнувале основните услови за работа. За сите е карактеристично што самите ги подготвувале лекарствата. Готови лекови се наоѓале во многу мал број и најчесто биле од фирмите „Бајер“ и „Рош“. Конкуренцијата била голема така што секоја една аптека започнувала да се рекламира себеси и лековите кои ги подготвува преку дневните и локални весници, каде излегувале забележителни реклами. Често аптекарите соработувале и со локалните лекари, користејќи ги своите простории за прегледи и препишување на лекови. Во аптеките можеле да се купат и козметички средства. Впрочем, свесно започнува аптекарската конкуренција и обидите да се биде подобар, поснабден и попосетуван аптекар.

Сопствениците на аптеките најчесто семејно ја продолжувале својата дејност, а своето образование го стекнувале во балканските и европските центри, како Белград, Загреб, Софија, Атина, Солун, Лозана, Женева и сл. Некои од нив како Крсте Ставриќ, важеле и за вистински полиглоти, зборувајќи и по

пријателите католици во неделите кога преку радио сите заедно ги слушале ѕвоната на црквата „Св. Петар“ во Рим. Д-р Рубен ја изградил и една од најубавите куќи во градот како однадвор така и одвнатре. Била на три ката, а целосно се завршила во текот на 1927 г. За исплата на кредитот од Хипотекарната банка, кој го подигнал д-р Рубен, во почетокот семејството ја издавало на видни граѓани кои имале можност да ја платат побараната сума.).

[765] Во развојот на рендгенологијата во вардарскиот дел од Македонија посебни белези оставило доѓањето на првите српски рендгенолози во Воената болница во Скопје Панта Маневиќ и д-р Јосиф Михајловиќ специјалист-рендгенолог, кон крајот на дваесеттите години. Прв Македонец рендгенолог бил д-р Анастасов, кој со прегледи почнал во 1939 г.

неколку јазици (француски, англиски, турски, грчки и германски јазик). За да работат, аптекарите морале да добијат дозвола од општината за самостојно водење на аптеките, а во нивната понатамошна дејност им помагале соодветни помошници, кои задолжително имале завршено средно гимназиско образование и полагале аптекарски испит. Аптека можело да поседува само лице со завршени фармацевтски студии, а од 1931 г. и петгодишна искуство во работењето по дипломирањето. Аптеките се отворале согласно одобрувањето на Министерството за социјална политика и народно здравје.

Постоеле и правила за внатрешниот изглед, одржувањето на хигиената и изгледот на вработените. Редовно се водела евиденција за издадените лекарства според издадените рецепти од лекарите, кои и се чувале од аптекарите. Задолжително аптеката се состоела од повеќе хигиенски простории, лабораторија за подготвување на лекови, ормани во кои отровните лекови посебно се одвојувале и заклучувале. Пред самата аптека задолжително било и ноќното ѕвоно и фенерот, кои ги обележувале во ноќните часови. Задолжително било и поседувањето на најнеопходните лекови, сирупи, масти, треви, реагенси, книга за рецепти во која се водела прецизна евиденција и се потврдувала задолжителната аптекарска такса, која пак влијаела врз формирањето на цената на лековите. Во овој период во Битола имало 7[766], а во Скопје 11 аптеки. Аптекарската служба имала посебен распоред. Се работело двократно претпладне и попладне, со исклучок на дежурните аптеки кои работеле по 24 часа. Дежурни аптеки имало и за време на празниците.

Во периодот меѓу двете светски војни аптекарскиот кадар бил организиран преку Аптекарската комора за вардарскиот дел од Македонија со седиште во Скопје. За негово усовршување комората ретко, но знаеле да организира и специјални курсеви и семинари. Комората настојувала да има контрола на увезувањето и продавањето на соодветните лекови и разни други препарати по аптеките, посебно на оние кои не биле дозволени.

„Еден од најпознатите аптекари во Скопје бил битолчанецот Крсто Ставриќ, шеф на аптеката на скопската Окружна болница. Во составот на првиот кат од неговата куќа исто така имало аптека. Познато било дека неговото семејство целосно било оддадено на собирањето на лековите растенија, намените за подготовка на разни лекови. Според сведочењата Коста Ставриќ го подготвувал лекот „Цефалин" против главоболка, дневната и ноќна крема за лице „Вера крема", која многу се купувала од женската популација. Изработувал и лек против жолтица, во чиј состав имало калиев нитрат, но доста

[766] Петар Бојаџиев, *Здравството во...*, op.cit., стр.251-265 (Во Битола како попознати аптеки се споменуваат аптеката на Рајна Алексиќ, аптеката „Вера" на Ахил Димитријевиќ, аптеката на Коста Тодор Китани, аптеката „Нада" на Анастас Филиповиќ, аптеката „Зора" на Крсте Франгов, аптеката на Димитрија Чопи, болничката аптека и аптеката на д-р Крсте Н.Ставриќ.).

познат бил и лекот „Миклошевски"што го добил името по соседот Русин кој многу го употребувал овој лек. Меѓу лековите кои ги изработувал д-р Ставриќ имало и масти, на пример, против егзема, против изгореници и слично. Тој изработувал посебна течност, со препарати кои ослободувале кислород, со што раната се збогатувала и побрзо се епителизирала. Лековите биле обвиткувани со примамливи амбалажи. Куќата и семејство биле целосно адаптирани за подготовката на лековите. Во неа се чувале сите потребни материјали и амбалажи потребни за финалните фармацевтски производи".[767]

Својата дејност д-р Ставриќ ја промовирал и преку визит картичките. Во еден период дури бил обвинет од комората за разни надрилекарства од кои успеал за кратко да се ослободи, докажувајќи дека неговата дејност е насочена само кон соодветно лекување на граѓанството. Неговите намери биле насочени кон отворање на фабрика за лекови, но за жал не се исполниле.

Во Скопје доста позната била и аптеката на Милан Генов во која работел се до 1928 г. кога бил убиен од непознат сторител.[768] Во Скопје се доселил во почетокот на 20 век, а фармација завршил во Цариград. Неговата аптека одржувала контакти со многу други, а била и една од најснабдените во вардарскиот дел на Македонија. Покрај лекови се продавале и пасти за заби, памучни завои, вата, црева за приматор, глицерин, прочистено рибино масло итн. Во аптеката се увезувале козметички средства, мириси за коса, антисептички средства, готови лекови, миризливи тоалетни сапуни, масло за јадење од семки на памук и тоа во канти од 25 кг., шеќер во кристали, брашно за детска исхрана со 25% содржина на шеќер во херметички затворени кутии и др.[769] Милан Генов успешно одржувал и трговски врски со Грција, Германија, Бугарија за што потврдуваат зачуваните трговски тефтери. Генов бил доста прецизен човек посебно во водењето на финансиите.

Скопјани ја имале и можноста да купуваат производи од неколкуте дрогерии во градот. Во дрогериите покрај лекови се продавале и козметички производи, разни медицински и ортопедски помагала за чија изработка имало посебно обучени кадри. Постоела комисија за полагање испити за изработка на вештачки раменици, раце, нозе со подвижни зглобови, прсти со помош на федери и др. Се изработувале и бандажи или корсети (ортопедски мидери за корекции на грб, колк, колено, 'рбет и сл.[770]

Во Струга пак првата приватна аптека била отворена во 1935 г. од аптекарот Бранко Бајатовиќ. Во Прилеп доста долго работела аптеката „Вардар" сопственост на брачната двојка од Шабац, Смиља и Пера Зориќ отворена во

---

[767] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во...*, op.cit., стр. 184-186.
[768] ДАРМ, ф. Генови аптекари – Скопје 1889-1941, к.3 (Милан Генов бил убиен на 15 февруари 1925 г. од непознато лице во својата аптека во 6 часот навечер на 48 годишна возраст.).
[769] Ibidem.
[770] Ibid.

текот на 1924-25 г.[771] Во градот својата дејност ја понудувале и аптеката на Дамјан и неговиот син Христо Симитчиев и аптеката „Зора" на велешанецот Иван Крајничанец[772]. Во Крушево првата аптека била отворена во 1928 г. од страна на фармацевтот Васил Николов од Прилеп, сместена во делот на чаршијата.[773]

Во развојот на здравствената заштита голема улога имале и дневните весници каде секојдневно биле објавувани реклами за многу лекови, козметички производи односно се што се понудувало во аптеките и дрогериите. Не изостанувале и советите од лекарите, нивните написи за лекувањето на многу болести, потоа повиците за вакцинирањето посебно на децата кое било задолжително за што биле предвидени и казнени марки.

Процесите на модернизација и новите временски текови неминовно наложувале и развој на ветеринарната служба која во овој период не доживеала некој значителен подем. Од почетокот на 1918 г. со оваа дејност се занимавале тројца ветеринари по еден во Скопје, Битола и Гевгелија, број кој понатаму се зголемувал.[774] Таа била дел од санитетската служба на општините, наложувајќи правила за превентивата и грижењето на добитокот и живината, за колењето на добитокот, за продавањето на месото, хигиената во дуќаните и сл. Во 1925 г, регистрирани биле првите запишувања на студенти на Ветеринарниот факултет во Загреб.

Здравствената дејност навистина напредувала и била со чекор со времето. На локалното население му понудувала многу услуги, кои дотогаш и ги немало, стручен кадар иако нерамномерно распоредуван. Постојано се усовршувале сите дејности, сите гранки на медицината, гледано на глобално ниво се настојувало да се има здраво население, кое и како такво и било потребно и корисно на власта. Се организирале стручни предавања, се прикажувале филмови, се едуцирале кадри, се превземале санитетски мерки за здраво поколение, со што почнала да се засилува и свеста за сопственото здравје.

---

[771] Д-р Томислав А. Шапчески, Билјана Т. Попоска, *Здравството во Прилеп 1900-1945*, Прилеп 1996, стр.31.

[772] Ibidem, стр.120-121 (Иван Крајничанец бил познат и по својата здравствено просветна активност. Во периодот од 1912-1942 г. издал повеќе прирачници наменети за здравственото едуцирање на населението. Пишувал за развојот на бебето и потребите од добра исхрана за здрав развој, за начинот на подигнувањето и совети за мајката, потребата од правилна нега и вакцинација, мерки за заштита од заразните болести

[773] Д-р Матеја Хаџи-Лега, *Развојот на аптекарската служба во Крушево*, во Прилози XXVI, 1986, 44-45, стр.56-57 (најголем дел од лековите се подготвувале и растворале во самата аптека, готови сирупи се порачувале од Белград. Мал дел од лековите се издавале со рецепти за осигурени лица, чиновници, додека поголемиот дел се наплатувале приватно.)

[774] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, Животот во..., op.cit., стр. 193-196.

Четврта глава
Македонската жена и процесот на модернизацијата на македонското општество

4.1 Промена на улогата на жената во семејството

Со почетокот на дваесеттиот век улогата на жената секојдневно ќе почне да доживува промени во зависност од можностите и средината каде опстанувала. Полека, но сигурно таа ќе започне да навлегува во сите делови на општествено-економскиот живот, создавајќи си за себе поголем број на улоги кои барале задоволување во целост од нејзина страна. Нејзините улоги и постепени трансформации поединечно ќе ги рагледаме.

И во овој период жената ќе доминира во нејзината улога на успешна домаќинка и мајка, најважен двигател во семејството, но не и главен, таа улога му се отстапуваше на машкиот претставник или сопругот. Ваквата улога и наложуваше себе си да се гледа како жена која треба да создаде семејство, да изроди деца, да ги подигне и насочи во тогашното секојдневие, поточно да ги задоволи сите семејни потреби како подготвување на храна, одржување на домот, изработување на облека, воспитување на децата, одржувањето на нивното здравје итн.

Често се случувало образованата девојка која пред бракот стапувала во служба, по стапувањето во брак да се откаже од професијата. До некаде преовладувало и мислењето дека жените на поимотните не треба да работат, туку да се грижат за семејството. Голем срам било таквите жени воопшто да работат. Жените во побогатите семејства секогаш имале свои помошнички кои се грижеле за хигиената, перењето на облеката[775], одржувањето на градините и готвењето.[776] За воспитувањето на децата ангажирале и плаќале приватни гувернанти и учители кои им ги пренесувале знаењата од музиката и изучувањето на јазиците, најчесто француски и германски. Во овие семејства родителите премногу внимавале на образованието на децата овозможувајќи им го во поголеми балкански и европски центри.

Браковите биле однапред договарани, можноста за запознавање на брачните другари биле доста ограничени, сведени на различни колективни собирања. Сепак во овој период се почести биле и оние бракови кои се

---

[775] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиева, *Животот во...*, op.cit., стр. 68 (Во овој период во Скопје постоела и задруга за перење на облеката, хемиско чистење и фарбање на оделата, позната под името „Чисточа", која своите услуги и ценовници ги понудувала и пропагирала преку рекламите во весниците и списанијата.).

[776] Ibidem, (Најчесто тие обврски ги вршеле жени од локалните градови, кои така заработувале за својата егзистенција, но не ретко се случувало во поголемите градови, посебно во Скопје по домовите како послуга да се сретнат млади девојки дојдени од северните краишта на Кралството. Од 1929 г. во Скопје за вработувањето на домашната послуга се грижела тогаш формираната Јавна берза на трудот.).

случувале како меѓусебна одлука на двајцата претставници. Се поголема била можноста за претходно запознавање на брачниот другар. Девојките започнуваат да ја негираат и одбиваат одлуката на родителите самоиницијативно да бегаат за своите избраници.[777] Неретко се случувале и самоубиства заради несреќна љубов[778] и брачни изневерувања.

Најголем дел од девојките слободно можеле да прошетаат само за време на празниците, да излезат на игранките и забавите. Тогаш се облекувале најубавите фустани, се правеле најубави фризури, односно се покажувала надворешната и внатрешната убавина, а со тоа се преставувало и семејството на девојката. Во овој период по свадбите во поимотните семејства се поприфатлива била појавата од младенците за одење на свадбено патување во европските градови.

Секој брак не подлегнувал на успех, за што потврдуваат и разводите[779], прецизно евидентирани во архивската документација, од која може да се види како се одвивал и како завршил процесот. Сепак жената ќе почне се послободно да размислува за начинот на живеење, за што ќе допринесат појавите и процесите кои во градовите се носеле како резултат на се подинамичното секојдневие, предводено од европските и светските случувања. Стапувањето во брак дури и по неколку пати не било нешто непознато за македонските жени. Доста отворено започнале да разговараат за бракот како институција и улогата на поединците кои го сочинуваат. Своите размислувања, одлуки, постапки во бракот и за бракот, од втората половина на 30-тите години често ги споделувала и јавно во списанието „Жена данас". Девојките почнувале да се бунтуваат на обидите да бидат целосно контролирани од родителите, посебно на договорот за брак.[780]

Меѓу жените присутна била и појавата на раѓањето на вонбрачни деца. Со кривичен закон од 1929 г. во Кралството Југославија било забрането намерното прекинување на бременоста, единствено дозволено било само со медицинско мислење и одобрување на лекарска комисија. Сепак не бил исклучен абортусот, илегално и нестручно изведен. За неа не

---

[777] Весник „Вардар", (17 годишната Ружица Јовановиќ-Цинцаровска иако официјално свршена за Фидан Мартиновиќ, пиљар од Дебар избегала за кројачот Јован Јовановиќ познат како Тантура. Нивната љубов никој не можел да ја спречи, не влијаеле ниту родителите на Ружица, кои го искористиле отсуството на Јован за време неговото отслужување на воениот рок за да ја сврша за Фидан. Кога по пет месеци се вратил Јован, Ружица побегнала кај него дома. Ова било прв случај во патријахалниот Дебар официјално свршена девојка да побегне за друго момче.).

[778] Во весникот „Вардар" наидов на многу информации за самоубиства на девојки заради несреќна љубов. Според тие информирања девојките најчесто се фрлале во реката Вардар или пак користиле поголемо количество на лекови. Би го споменала самоубиството на Љубица Димитријевиќ, седумнаесетгодишна ученичка во Женското занаетчиско училиште во Скопје, која на 1 јуни 1936 г. се самоубила фрлајќи се во водите на Вардар.

[779] Прашањата за брачниот и семејниот живот делумно биле нормирани со граѓанските закони, но црквата единствено била озаконета да венчава и да ги разведува браковите.

[780] Бракот најчесто го склучувале родителите, односно одлучувале со кого девојката ќе стапи во брак.

бил непознат ниту процесот на посвојување на деца. Многу имотни жени неможејќи да имаа свои деца се одлучувале за посвојување давајќи им можност на тие деца за семен и удобен живот.[781]

Жената била целосно одговорна и за внатрешната декорација на домот во поимотните семејства. Нејзините задачи се состоеле во бирањето на мебелот, бирањето на постелнините, украсите од разни материјали, пердињата и драперите, бирањето на килимите за подовите и сл. Рачните изработки купени претежно од домашните работилници или од пазарите биле присутни во сите соби.

Подготвувањето на храната исто така било едно од основните задолженија на жената, која ќе доживее одредени промени. За нејзиното спремање жените во својот дом поседувале грнчарски производи како грнинја, бардачиња, стомничиња, земјени тави и тенџеринја, врчви, земјени казани за печење ракија, каленици со толчник, чинии, чаши, вазни, каленици и сл, потоа метални предмети како бакарни казани, котли, арании, ѓумови, послужавници, чаши за ракија, поцинкувани корита, познати уште како аранија, предмети од стакло, керамика, порцелан итн.

Во домовите на побогатите семејства за жената доста битни биле изгледот на трпезата и поставувањето на храната, посебно во моменти кога им доаѓале гости. Жената се почесто ќе започне да ги употребува порцеланот и стаклото, како еден од основните прибори за јадење, но и дел од украсните декоративни предмети, донесени од европски земји, одделувајќи се од припаднички на пониският социјален слој, кои единствено како помошнички во тие куќи имале можност да ги видат и да ги допрат овие предмети. Се порачувале и купувале од европските градови, но есцајзите, модерните сервиси за ручање и кристалните чаши почнале да се понудуваат и во скопските продавници.[782]

Подготвувањето на храната зависела од социјалната и економска состојба на семејството. Семејната кујна ја збогатувала со *традиционалните македонски јадења, манци и макала. Застапсна била* храната од растително и животинско потекло. Од зеленчукот жената употребувала многу работи како грав (гравот често се подготвувал со пастрма), ориз, компир, боранија, спанаќ, морков, тиквички, печурки, праз, зелка, домати, пиперки, краставици, бамји, грашок, тикви, односно се што понудувале пазарите и домашните ниви. Сукала ѓомлезе, зелник, мазник, печени кори со урда под вршник, колпиде, ѓевречиња, симити, пити

---

[781] Познатиот напреден деец Ванчо Прке од Штип бил посвоено дете. Семејството Пркеви му овозможило пристоен семен живот и можност за образование.

[782] Марина Апостоловска, *Стари...*, op.cit., стр. 54-55 (Златарската продавница на познатиот трговец Стерјо Бурза Димитровски во Скопје понудувала и префинети и модерни производи за домаќинството како свеќници, есцајзи, сервиси за ручање, украсни sидни часовници и многу други работи кои тогаш ги понудувале светките трговски центри. Во неговиот дом во кој се собирале најголемите богаташи од градот, сопругата секогаш ги почестувала со сребрени и златни есцајзи, кристални чаши и германски порцелан.).

пастрмајлии, погачи, пити со сирење, месо, спанаќ и тиква, питулици, проја, бурек, бакрдан, посен комад со толчени ораси и лук, топеница со пченкарно брашно, чорба од џигери, специјалитети од риба[783] и др. Од манџите неизбежни биле мусаката со црни патлиџани, сармата виткана со лисја од зелка, со лисја од лобода или лисја од лозница, кокошка полнета со ориз, каварма или чорба од јагнешко месо, бел и црн дроб, манџите со месо како чомлек - свински нозе и месо печено во фурна, елбасан тава - јагнешко месо прелиено со јајца и кисело млеко, каплама - дроб сарма со дарбија, односно варен бел и црн џигер, слезенка, срца и бубрези кои заедно со ориз се прекриваат со дарбијата и печат во земјена тава, ширден - овчко месо полнето со ориз, ситни парчиња од кормушки, печено во бакарна тепсија, некалаисана, ставена под вршник, телешка јанија, турли тава, шницли на шарпланински начин. Се правел и пиџур од пиперки, домати и црни патлиџани, печен во маалските фурни, маџун и домата. Секојдневно се користеле млекото и млечните производи како сирење, кашкавал, урда, кисело млеко, матеница, маст и сл., купувани од околните села или од млекарите разнесувачи по домовите и низ улиците[784]. Од благите работи се правеле јатма шеќер - леблебија со шеќер, ашуре, шеќерлеме од сало оформувано со посебен калап, фурми кои се подготвувале од брашно, гриз и цекова вода (прецедена, стоена вода со пепел) попарени со шеќер, падобранци, баклава, тулумби, кадаиф, питулици со ореви, разни топени торти, сладолед, леблебија со суво грозје, слатката од смокви, дињи, лубеница, пекмез од тиква и грозје, мармалад од сливи, кајсии, капини, малини, рибизли, јагоди, цреши, вишни, печена тиква во фурна, разни сокови, компоти и сл. Се правело и зашеќерено овошје од цреши, круши сливи, кајсии, праски, урми, смокви и др. Битолчанецот Димитар Димитровски се сеќава: „милиброд почна да се прави, го донесоа луѓето од Србија, дојдоа околу 3.000 администрација. Носеа и унгарски јадења. Амди Шабан правеше алва со бадеми и оревчиња“. Скопје било познато и по производите на бонбони, филуван локум, филувани бонбони, фондан и чоколадни бонбони, желе и марципан бонбони, рум торта, мока торта, шах торта, торта од костени и итн.[785]

Храната најчесто ја печеле во маалските фурни, но во овој период имало и многубројни продавачи на готова храна од каде можела да се купи на улиците или пак од продавниците за храна.

---

[783] Дојранчанки биле познати по специјалитетите од риба како чорба од риба, риба – тава, риба на трска печена на жар и сл. Во секојдневната исхрана се користела рибата: пастрмка, клен, мрена, белвица, сом, јагула, скобал црвеноперка, мрена и др. Рибата и ја конзервирале, ја сушеле на сонце, ја чаделе итн.

[784] За уличните разнесувачи на млеко постоеле одредени правила пропишани од Санитетската управа, според кои садовите во кои се разнесувало млекото требало да бидат чисти и херметички затворени, а мешањето на млекото било строго забрането. Разнесувачите задолжително требало да носат чиста бела облека и капа, како и да поседуваат легитимација. Се носело натоварено на чези или магарија.

[785] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиева, Живото во..., op.cit., стр. 320.

Во летниот период жените започнувале и со подготвувањето на зимницата. Се правеле барени пиперки, црни патлиџани, краставици ставени во врчви, зелка, туршија, месо во дрвени садови, посолувано одозгора, за да може подолго време да се користи, пастрма сушена на чардакот од дворовите, јуфки, тарана, оцет од домашно вино, сушени домати претходно ставени во оцет и сл.

Често се случувало да се подготви и по некој специјалитет, слушнат од жените кои имале можност да прошетаат надвор од територијата на Македонија или пак да дојдат до некои од списанијата, во кои пак редовно се објавувале и написи за тоа што го карактеризира одредениот месец во годината. Вешто ги искористувала и рецептите од новодојденото, колонизирано население во градовите.

Паралелно со храната на трпезата домаќинката ги користела и пијалоците. Се пиело вино, ракија, пиво, лимонада, боза, сода-вода, газоза, клакер, салеп, какао, кафе, чај и сл., подготвени дома или купени од уличните продавници.

Без жената не било возможно да помине било какво случување во семејството, како што биле семејните празнувања и сите други христијански празници, кога требало да ја подготви трпезата и да ги пречека гостите. Празничните збиднувања наложувале и меѓусебни дружења, можност за запознавање и зближување, како и размена на стекнатите искуства. За македонската жена неизбежни биле подготовките за свадбените обичаи, што ќе значи рачно изработен чеиз за младата невеста. Многу од девојките биле и принудени да работата за да можат да ги купат неопходните материјали за изработка, штедејќи од својата и така тешко заработена надница. Поимотните го збогатувале чеизот со готови производи, купени од местата кои ги посетувале.

Полека но сигурно нејзината улога гледаме дека почнува да се менува. Таа се модернизира, се еманципира, се отвора кон новите појави и влијанија и се почесто ги применува

4.2 Модата како влијание и дел од секојдневниот начин на живеење

Модернизацијата е револуционерен процес кој значи отвореност кон новите предизвици и примање на поразличното од тоа што го имаш и поседуваш. Токму тоа ќе се случи и со модата кој како елемент во периодот меѓу двете светски војни ќе започне да се вовлекува меѓу женските претставнички. Несвесно се наметнува како потреба која во некој домен ќе се задоволува од оние кои што можат да одговорат на овој повик во секој момент. Се разбира таа не ќе биде дел од секого во потполна смисла. Во овој период интензивно започнува да се забележува појавата, односно потребата од заменување на старата со новата, градска

облека во најголем дел донесена или креирана по примерот на таа од поголемите европските центри.[786] Овие промени не се случувале лесно, брзо и едноставно, а нивното прифаќање зависело и од социјалниот статус на граѓаните. Кон промените наклонети биле помладите, поискусните, поотворените, за разлика од оние граѓани кои мошне тешко се одлучувале да го напуштат традиционалниот начин на облекување. Со чувањето на облеката се сметало дека се чува верата и народноста, а оттука и отпорот кон се што било ново.[787] Димитар Димитровски Такецот вели: „ Жените носеа длабоки, високи чевли, коска да не се види, мевце да не се види. Одеднаш војната заврши и навлегува модата. Жената се разголува, одма сукњи и фустани до колена. Се тргнало на живот, цел свет така направил. Жената што беше до грло закопчана се разголува. Костими за капење едноделни до колена“.[788]

Достапноста до новите модели ја имале поимотните семејства, печалбарите, трговците, индустријалците, лекарите кои постојано патувајќи честопати за себе и за своите сопруги, односно за целото семејство носеле убава и модерна облека, издвојувајќи се така од останатите, истовремено станувајќи несвесно носители на процесите на модернизација во начинот на облекувањето. Така времето на источноевропската мода полека ќе поминува, заменувајќи се со онаа од западноевропските земји, пред се од Франција, под чие влијание и самата мода ќе биде нарекувана „а ла франга“.

Сепак голем бил бројот на жените кои можеле себеси да си дозволат купување на готова облека од локалните продавници. Продавниците за готова облека иако биле малку на број, сепак ги задоволувале стремежите и апетитите на младите девојки и жени. Во нив можело да се купат моделите донесени од европските центри, а како такви имале многу поголема можност да се продадат.

Дел од жените имале и можност да ја сошијата облеката кај најдобрите и познати кројачи во градот, меѓу кои се издвојувале и модерните салони на одредени жени.[789] Се користеле разновидни материјали како памук, свила, сатен, волна, кадифе, срма и сл. Немало град кој во својата чаршија не поседувал дуќан за ткаенини. Дневните

---

[786] Во периодот меѓу двете светски војни интензивното навлегување на европската мода наречена „а ла франга“, било причина за потиснувањето на дотогашната источна мода позната како „а ла турка“. Дваесетите години биле познати и по европската мода „чарлстон“. Забележана останала и париската мода. Информациите за модата ја носеле кројачите. Некои од нив редовно во весниците известувале за сите случувања, посебно за модните ревии на кои биле претставувани сезонските машки и женски модели.

[787] Андреја Китановски, *Македонскиот фолклор основа за проектирање современа облека*, Камелеон, Скопје 2008, стр..34.

[788] Сеќавања на Димитар Димитровски-Такецот од Битола.

[789]Марина Апостолова, *Стари…*, op.cit., стр.94 (Катерина Манева, сопругата на трговецот со кожи Петре Манев во Скопје, велешанец по потекло, во сопствената куќа отворила шнајдерски салон за дами, во кој биле вработени и неколку помошнички. Незјиниот салон за кратко станал познат по најмодерните изработки, можност припадничките на понежниот пол секогаш да бидат во центарот на модата. Самата Катерина била вистинска модерна дама, на која голема слабост и биле убавите шапки.).

весници изобилувале со огласи за цените и местата каде можеле да се купат сите тие ткаенини.

Женски претставници како да се натпреварувале која од нив ќе биде подобро и поубаво облечена, која од нив ќе покаже нешто ново и необично. Сакајќи да изгледа што поубаво многу жени модата ја следеле преку дневните и месечните весници и списанија, како главни медиуми и информатори, каде редовно имало известувања и рубрики посветени на новата и модерната облека за секој период од годината. Посебно ги привлекувале убавите реклами на трговците, кои пак тоа го правеле смислено и организирано, наметнувајќи ја пропагандата која наложувала следење на она што е убаво за телото и за очите. Моќно средство за пренесување на модата бил и филмот и филмските ѕвезди, кои се доживувале како примери и идоли за облекувањето. Така многу жени добивале инспирација за да го создадат тоа парче облека како за себе така и за своето семејство[790], свесно заменувајќи го традиционалниот начин на облекување со современиот, наметнуван од времето во кое егзистирале.

Најчесто можеле да се сретнат со фустани[791] секогаш под колениците и од овој период струкирани на половината, од разни видови на материјал[792], еднобојни или шарени, со јака на вратот, капутите без или со крзно од лисица на реверите или предниците на палтата, во разни бои и големини и сл. Внимание се посветувало и на долната облека, која се модернизирала и знаела да биде везена и со други украсни детали.

Облеката знаеле да ја комбинираат со многу пропратни и дополнителни елементи, украсни детали, шалови од разни видови материјали како памук, свила, крзно, ракавици, соодветен накит[793], декорирани колани од кожа, часовници, ташни преку рамото, лакирани чевли, црни чевли со едно ремче, големи топуци оставајќи впечаток во

---

[790] Големо внимание жената посветувала и на детската облека. Се изработувала најчесто од памук, лен и волна со разни декоративни и везени елементи. Се ткаела, шиела, плетела, но и купувала како готов производ. Се плетеле џемпери, капи, шалови, ракавици, панталони, фустанчиња, пелерини итн.

[791] Андреја Китановски, *Македонскиот фолклор...,* op.cit., стр..38-39 (Урбаната модна култура наложувала користење на материјали од сатен, свила, кадифе и чипка, од кои се шиеле дводелни облеки, класичниот едноделен фустан почнал да се заменува со струкираната сукња под која носеле и свилени чорапи. Облеките биле везени со мониста и бисери, украсени со чоја, кадифени ленти, панделки, копчиња, реси и сл., правејќи еден сплет од традиционалното, фолклорното со новото и модерното. Се разликувала за дневните и вечерните излегувања, но како и да е модата на жените им наложувала носење на облека припиена за горниот дел од телото, струкирана во половината и проширена во долниот дел.)

[792] Урбанизација доживеле и венчаниците, кои од 30-тите години биле женствени, истакнувајќи го женското тело, благодарение на лесните свилени и сатенски материјали и припиените кроеви.

[793] Секојдневна била појавата на украсување на ушите, косата, челото, вратот, градите, прстите и зглобовите од раката, појасот и сл. Се носеле обетки од сребро, злато или обетки напревени со монети, прстени, белегзии, огрлици, гердани, брошеви, паричници и сл., преку кои жените и мажите говореле за својот естетки декоративен карактер. Мал број од жените носеле накит од злато, бисери и други скапоцени камења.

околината, која мошне брзо го впивала тоа, рефлектирајќи го за кратко и преку својот надворешен изглед. Француските парфеми и колонските води претставувале секојдневна појава, стандард, закон во новиот начин на живеење. Внимание привлекувале и женските табакери.

Долгите коси се заменувале со кратки, извиткани со еден вид витлери кои самите ги правеле, или пак со загреана маша, долгите пак се носеле врзани или подигнати во пунџи или сплетени.[794] Модерните фризури го откривале женското лице. Женски фризери ретко можеле да се сретнат, така што сами се грижеле за својата коса или пак оделе кај машките бербери кои им правеле андулација на нивните коси. Битолчанки биле познати по фризурите „Пола Негри". Редовен украс на главата биле и шапките или беретките, кои најчесто ги носеле поимотните жени и девојките. Летно време, во текот на прошетките, можеле да се видат и со чадор, како заштита од сонцето. Скратувањето на должините на сукњите и косите давало атрактивен изглед на секоја жена, која се повеќе стекнувала самодоверба во своето елегантно движење. Голема атракција за жените биле и костимите за капење, со кои започнал и процесот на откривање на женското тело. Можеле да се сошијат или купат во продавниците за готова облека.

Навиката за убавата облека жените ја покажувале за време на свечените прилики, односно секаде каде што можеле да бидат видени и забележани од очите на јавноста. Одењето на прошетка, театар, одењето на свадба, посетата на пријателите и роднините, жените знаеле да го покажат и наградат со убавата облека. Свеста, културата и вниманието за убавото било високо развиено. Убаво било да се види толпа од луѓе кои за време празничните денови преку облеката му давале посебен изглед на градот. Облеката го покажувала и статусот на тој што ја носи.

За жените во овој период доста битно било одржувањето на надворешната убавина и чувството на допаѓање. Популарни биле многуте козметичките средства, носени од трговците во градот, како разни помади и црвило за усните, но и тоалетни води сретнувани кај оние од трговските и индустриски претставнички семејства. Дел од тие козметички средства и самата знаела да ги подготви, посебно белилото за лице. Многу од овие средства биле рекламирани на цели страници во дневните весници, посебно производите на фирмата Нивеа, кремата Елида и сл. Рекламите за секој нов производ секогаш знаеле да го привлечат женското внимание. Во весниците жената можела да прочита и за применувањето на шминката, правилното негување на косата, рацете и лицето, за акните, за пегите и сл. Многу од жените и не смееле да се шминкаат, зарди конфликтите и забраните од сопрузите. Понекогаш и сами се снаоѓале користејќи се што може да се искористи како декоративна козметика, како на пример за исцртување на веѓите користеле изгорени ќибритчиња.

[794] Сеќавања на Галаба Солева од Велес.

За личната хигиена покрај домашните сапуни почнале да се користат фабричките сапуни како Нивеа и Мерима, потоа пастите за заби и шампоните. Популарни биле и средствата за депилација и третманите за слабеење.

Но не може да се занемари фактот дека постоле и жени кои за својот надворешен изглед и изгледот на своето семејство се грижеле сами, шиејќи, плетејќи, везејќи и сл., што директно ќе значи и потреба за изучување на кројачкиот занает. Примарната улога на жената како домаќинка и наложувала многу обврски кои понекогаш претставувале и голема тешкотија, затоа што се работело за многучлени семејства. Со машните за шиење и со машините за плетење ја изработувале потребната горна и долна облека, како разни видови на блузи, фустани, кошули, сукњи, пантолони за мажите и децата, чаршави, подготвени од најразновидни материјали купени на пазарите или во дуќаните на трговците, кои и често ги преправале така што изгледале како нови модели. Не постоела девојка која во овој период не знаела да плете, везе, ткае или шие. Многу семејства во овој период не можеле да си дозволат себе си купување на готови производи, па тука стапувала на сцена домаќинката која морала да го облече секој член. Машините за шиење најчесто им биле од фирмата Сингер, која свои продавници имала во поголемите градови во Македонија[795]. За штипската домаќинка Трајко Јованов се сеќава: „Ако не беше мајками голи ќе одевме. Ткаеше се што требаше, до 12 саатот навечер работеше. Ќе дојдеа комшиките ќе работеа, тогаш ја палеше ламбата со стакло број 3, да свети малку појако. Луѓите беа масовна пералница. Жените овде ги переа сите алишта. Жените кои во семејството имаа стока правеа се од млекото, сирење, урда..."[796]

Голема улога одиграле и тогашните списанија, кои на еден начин им ја олеснувале работата, затоа што не постоело издание во кое не биле пренесени моделите кои наједноставно можеле да се изработат, како и начинот на кој се изработувале, но и курсевите за кроење, за кои меѓу жените секогаш постоел интерес. Така оние жени кои донекаде биле писмени и доаѓале до списанијата, можеле да видат како се изработувале помодерни фустани, блузи, кошули, сукњи, пантолони, како се плетеле помодерни ракавици, џемпери итн. Во текот на 1939 г. излегол од печат и првиот учебник со совети за кроење и шиење од позната кројачка Зора

[795] Јелсавета Фетка Бојаџиска, *Штипска...*, op.cit., стр. 32-33 (Во Штип најпозната и најдобро снабдена била продавницата на Александар Бабамов каде можело да се купат машини за шиење, машини за плетење, машини за чевли и мебел, алати за многу занаети и домаќинства. Го снабдувал целиот источен регион, а салонот каде биле изложени машините организирал курсеви за шиење, плетење, везење, бродирање и други операции со кои биле програмирани машините.).

[796] Сеќавања на Трајко Јованов од Штип.

Селаковиќ, до кој имале пристап и можност за купување и жените од Вардарскиот дел на Македонија.[797]

Семејната облека ја вриеле и пореле со пепел во дворовите или пак покрај реките и изворите кои течеле во близина или покрај самите населени места. Голема помош имале и од децата кои исто така биле задолжени за исполнувањето на семејните обврски. Најголем број од штипјанките облеката и постелнината ја пореле во врелите извори на бањата Кежовица, каде и локалното население редовно одело на капење или пак со дрвени и лимени корита на глава доаѓале на врелите извори на Лџите, да ја исперат целата семејна облека и постелнина, искористувајќи ја водата која одлично перела со малку сапун или ума која била на дофат на изворите.[798] Жената од богатото семејство мошне се разликувала од погореопишаната по начинот на одржувањето на облеката, каде таа се одржувала со разни хигиенски средства, сапуни и прашоци, постојано рекламирани во сите периодични весници и списанија.

Периодот меѓу двете светски војни е период кога масовно се забележува напуштањето на традиционалниот и прифаќање на современиот начин на облекување, наложуван од европските промени и случувања. Секој се обидувал да ги следи трендовите онака како што му наложувала економската состојба. Модата имала големо влијание во секојдневието на едно семејство. Надворешниот изглед бил мошне битен, а чувството за убавото предизвикувало вистинско внатрешно уживање и душевно задоволување и исполнување.

4.3 Вклучување на жената во културнопросветниот живот

Во овој период интензивно започнува процесот на еманципација на жената и нејзината побуна против промените и појавите во општествениот живот, навлегувајќи во сите негови облици. Самопочитта кон сопствената личност се засилува иако се уште се присутни измешаните чувства на страв и смелост за спротивставување кон традицијата и прифаќање на сегашната

---

[797] Списание „Жена данас", 1936 г. (Списанието, кое за првпат излгло во текот на 1936 г. било единственото наменето за женската популација имајќи ја улогата на мобилизатор и воспитувч, информатор за сите случувања во земјата и во светот. Од тој период жените имале можност да прочитаат за многу општествени случувања, прашања од секојдневните случувања што се однесуваат на бракот и семејството, употребата на козметичките средства, за храната, модата, однесувањето, културните случувања, за другите жени околу себе, за здравството, за летувањето, зимувањето, спортувањето, за неправдите, организационите облици на борбата за рамноправност, за нивните права, за професионалните и работни обврски на жената. Списанието го придобивало вниманието на жените од сите општествени слоеви без разлика на верската и национална припадност, политичките убедувања и сл. Весникот преставувал карактеристичен документ за времето во кое излегувал од печат, обединувајќи ги од сите краеви на Кралството.

[798] Јелисавета – Фетка Бојаџиска, Штипска..., op.cit., стр. 25 (Бањата Кежовица била позната по својата лековитост, така што многу жени во овој период ја користеле за лекување на многу женски болести.).

реалност која вели и го наметнува модерното. Нејзината улога на одржувач на патријахалното семејство полека почнува да се менува особено кај помладата генерација, која ќе се појави како рамноправен бунтовник со машкиот свет, што ќе значи и промена на менталитетот. Од друга страна сé уште останува да постои неписмената и необразована жена која е принудена да ја продава својата работна рака.

Женските преставнички ретко ја имале можноста за стекнување со соодветно образование. Но и да ја имале, покрај основното, единствено можеле да се вбројат во редовите на женските занаетчиски училишта, отворени на иницијатива на друштвото „Коло на српските сестри", но одобрувани и финансирани и од Министерството за просвета, во поголемите градови на Македонија и сместени повеќето во самите домови на друштвото. Покрај теоретските познавања од областа на тогаш наметнатата српска традиција, култура, јазик и историја, девојките во овие училишта се стекнувале со одредени познавањата, односно вештини од областа на кројачкиот занает, килимарството, везењето, шиењето и сл.[799] Задолжително се изучувале српскохрватскиот јазик и веронаука. Школувањето во овие училишта било бесплатно и траело пет години.[800]

---

[799] Училиштата познати како Радничка школа, ретко имале свои посебни објекти, а како најубава и најмодерна се издвојувала зградата на женското училиште во Охрид, изградена 1929 г., а лоцирана на самиот брег на Езерото. Била изградена со средства од општината, граѓаните и охридските печалбари од Америка.

[800] Весник „Вардар" (Ученичките поминувале низ 5 класа, две приправни, две стручни и една работилница. Во првиот приправен клас се учеле основите од женската рачна изработка. Во вториот приправен клас се учеле кроењето на облека за деца. Во вториот стручен клас се изработувала машка и женска облека, додека во вториот стручен клас се изучувало шиењето на секаков вид на облека, која претходно се цртала во тетратките на ученичките, предвидени за таа намена – најнапред моделите описно се изработувале. Во работилницата или ателјето биле изработувани модели наречани од локалното граѓанство. Заработувачката одела во школскиот фонд. Од предметите предвидени за таа година се учеле само книжевност и декоративно цртање. Во училиштето се примале и ученички кои имале завршено некој од гимназиските класови, кои приложувале сведителство, пријава и крштениче. Ученичките се оценувале како и оние во Гимназиите. Секоја година се полагале завршни испити, по што добивале сведителство со кое само можеле да се запишат во наредниот клас. По завршувањето следувало и полагање на завршен испит пред комисија во ателјето, кој се состоел од два дела: стручен и општ. Не секоја ученичка веднаш ги положувала овие испити, еден дел од нив биле враќани од комисијата, наредното полагање било одложувано за одредено време, определено од нивната страна, најчесто неколку месеци или пак една година. Оние кои ќе го завршеле ова училиште можеле една година да работат во некоја работилница, по што им било овозможувано да полагаат мајсторски испит.

Училиштетот имало и свој одбор кој се грижел за сите потреби. Од нивна страна бил формиран и школски фонд, од кој се набавувале средстав за сиромашните ученици, за машините за шиење, за учебници, книги, за модни списанија, како и за организирање на екскурзии. Училиштето имало и своја библиотека, школска управа, чии членови работеле според предвидените закони. Посетувањето на предавањата било задолжително, секое отсуство го решавал класниот одговорен наставник врз основа на изјавата на родителот или пак со лекарска дозвола. Ученичките кои по ред две години покажувале лоши резултати го губеле правото на школување, а во друго училиште можеле да се запишат само со одобрување од банската управа. Сите ученички имале свои ученички книшки во кои се запишувале

Можноста за фотографирање ученичките вешто ја користеле, така што во секој град постојт фотографии на кои може да се доловат моментите на организираните курсеви и нивната практична настава. Најдобрите ученички биле наградувани со машините Сингер и Кохлер. Овие училишта често организирале и излети во околните места или блиските градски средини.[801]

Во Битола огромно влијание во образовниот процес на женската популација имале каталочката пропаганда и француското влијание. Со отворањето на првото француско женско училиште покрај битолчани се школувале и младите од Тиквешијата и од Велешко, за кои деца пак бил отворен и пансион.[802] Посебна грижа се водела за наставниот кадар, квалитетот на наставата и наставниот процес.

Во почетокот во училиштето се запишувале девојчиња на сиромашни родители кои не плаќале за школување на своите деца. Добивале и бесплатна храна, облека, учебници и други училишни потреби. Подоцна започнале да се запишуваат и девојчиња од имотни семејства, затоа што училиштето важело за едно од оние кое давало најквалитетни знаења и мошне добро патријахално воспитување на ученичките од кои подоцна станувале добри домаќинки. Евидентирањето и третирањето на ученичките се вршело според националната припадност, а не според желбите и настојувањата на српската власт на која многу и пречело делувањето на ова училиште, но неможела да го затвори. Активно работело се до учебната 1931-32 г.

Наставата се изведувала пет дена во неделата. Во четврток немало настава, бил слободен ден за воннаставни активности: излети до блиската

полугодишните и годишните оценки. Целта на училиштето се состоела во изградувањето на млад кадар кој че може да отвори и води своја работилница за кроење и шиење.

Женското занаетчиско училиште, односно одговорните на друштвото „Коло на српските сестри" често организирале и изложби, на кои биле претставувани изработките на ученичките. Се сметало дека во текот на 1936 г. била организирана најуспешната изложба на која до израз дошло практичното, современото, модерното и убавото.).

[801] Весник „Вардар" (На 4 јуни 1936 г., членовите на женското занаетчиско училиште од Тетово организирале излет низ Полог до манастирот Матка, а по повод Духовден. Над 50 ученички тргнале од Тетово во 6 часот со мал воз, каде им било одржано предавање од страна на свештените лица. Ученичките потоа заминале за Треска гледајќи ги работите за градење на хидроцентралата. Ги посетиле и манастирите Св.Андреј и Св.Никола. Остатокот од денот го поминале на Матка.).

[802] Училиштето било сместено во трикатна зграда. Располагало со сали за јадење и други училишни потреби, училниците за наставата, а на најгорниот спрат биле просториите во кои биле сместени милосрдните сестри. Основна цел според наставната програма била изучувањето на францускиот јазик, историјата и географијата на Франција, потикнување на трудољубивоста, хуманоста, почитта кон родителите и повозрасните, милосрдноста, самодисциплинираноста, економичноста, религиозноста и др. Според правилата и законите од Министерството за просвета наставата морала да содржи и српски јазик, историја, географија и веронаука, предмети кои ќе бидат предавани од потврдени наставници, државјани на Кралството СХС и потврдени од споменатото министерство. Училиштето располагало и со библиотека со богат книжевен фонд на француски јазик, свој хор, музички кружок и рецитаторска секција.

околина, рачна работа, градинарство, цвеќарство, кулинарство, разни игри и друго. Покрај редовната настава во училиштето се изведувала и вонредна настава преку специјални курсеви во текот на годината на кои се изучувал францускиот јазик. Во составот на училиштето постоело и забавиште во кое се примале деца од предшколска возраст од 4 до 6 години. Во наставата се применувале и многу нагледни средства како цртежи, сликовници, стрипови, филмот и дијафилмот како најмодерни нагледни средства. На крајот од секое полугодие и на крајот од учебната година се полагале завршни испити, а за најдобрите ученички се доделувале и награди. Двапати во годината во училиштето се организирале приредби од страна на учениците кои масовно биле посетувани од родителите и бившите ученици, како и луѓе кои го познавале францускиот јазик. Во рамките на училиштето била организирана и работничка школа во која доаѓале девојки од градот да учат претежно везење. Во овој период во мода било да се везе англе и филе.

Во 1931 г. во Скопје било отворено училиште за болничарки. Наставата се изведувала во дел од просториите на Хигиенскиот завод, од доктори од самиот завод и Општата државна болница. Училиштето траело три години, а право на запишување имале само девојките со завршено средно образование и 18 годишна возраст.

Недостатокот на едукација жената ќе го почувствува во моментите кога и било потребно советување за лична хигиена[803], заштита од несакани инфективни болести, меѓутоа и од непредвидени бремености. Абортусот, како еден начин за прекинување на бременоста, во периодот меѓу двете светски војни бил забранет дури и со закон.[804] Сепак доста често било прикриеното абортирање, кое најчесто знаело и смртно да заврши. Во еден дел од градовите постоеле школска амбуланта и детски диспанзер со советувалиште за мајки и деца, каде се запознавале со одредени, потребни познавања за секојдневниот живот и зачувување на своето здравје и здравјето на своите деца.

Српската власт во одреден период за да го привлече своето внимание и да се покаже во подобро светло објавувала конкурси за младите девојки за стипендирање во средните училишта во другите делови на Кралството. Преку нив се наметнувало теориското и практично подготвување на женскиот свет, кој не бил во состојба себеси да си овозможи некое повисоко образование.[805] Доколку некоја од девојките се откажела, нејзините родители задолжително биле принудени да ја платат целокупната дотогашна сума, која државата ја потрошила за нејзиното образование.

---

[803] Многу жени во овој период не посветувале внимание на личната хигиена, немале ниту можност за редовно купување на средства за капење и одржување на својата убавина.
[804] ДАРМ, Скопје, ф. Министерство за внатрешни работи, к.1 , 1.1037.1.1/ 178.
[805] Ibidem.

Можноста за стекнување на високо образование на факултетите во и надвор од границите на Македонија и Кралството СХС, односно Кралството Југославија, најмногу ќе допринесе за разликувањето на женските претставнички. Најбројни биле на факултетите во Белград, а од тие што се запишувале рчиси секогаш престојувале во Студенстскиот дом, кој од втората половина на триесеттите години бил целосно реновиран и наменет за девојките од сите градови на Кралството.[806] Зградата била многу оштетена, разрушена, темна и стара. Во домот покрај студентки од Кралството Југославија, престојувале и студентки од Америка, Бугарија, Русија, Германија. Престојувањето се наплатувало во зависност од економската состаојба на семејството на девојките, а управата на домот имала предвидено и места за сиромашни студентки кои престојувале бесплатно.

Жените во овој период ќе ќе навлезат во речиси секоја културнопросветна и хуманитарна организација формирани како од локалното население така и од самата српска власт, која ќе направи обид за организирање на оние поимотни претставнички населени од српските делови, познати како жени на чиновници, офицери, наставници и сл. Во градот ќе организира женски друштва како „Кнегиња Зорка"[807], „Коло на српските сестри", „Јефимија" и сл. Во Охрид жените имале можност да членуваат во друштвото „Св. Климент", кое од 1932 г. имало и свој дом. Во некои од градовите како Струга на пример за женската младина бил организиран курс за готвење од страна на напредните учителки од основните училишта.

Активно ќе учествува во сите јавни случувања презентирани од киното, театарот, уметничкиот живот и изложбите, концерти, книжевни вечери, балови, празнични државни и верски одбележувања итн. со што се променила нејзината интимност, положбата во бракот и семејството. Многу од нив себеси ќе се пронајдат во улогата на вешти изведувачки во театарските претстави. Секогаш ќе бидат дел од спортско-музичките друштва, формирани во гимназијалните редови или од редовите на работничкото граѓанство, каде главна улога имала напредната младина. Главна улога имала и во тогаш формираните хорови. Заедно со локалните мандолински и дувачки оркестри, ќе успее да настапува во многу градови низ и надвор од Македонија, претежно во северните делови на Кралството

---

[806] Девојките биле сместувани во соби со шест кревети, освен за оние кои подготвувале дипломски испит и престојувале во соби со два кревети. Доаѓајќи од различни кареви и градови имале можност за меѓусебно запознавање. За време нивниот престој редовно добивале бесплатни карти за во театар, имале радио, клавир, телефон и библиотека.

[807] Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во Скопје...*, op.cit, стр. 168 (Оваа организација во Скопје имала и своја секција на везови која приредувала постојани изложби на трукерај и народни везови. На овие изложби можеле да се купат готови чаршафи, миле, навлаки за перници и други украсни текстилни предмети за домаќинство со традиционален народен вез. Во трукерајските работилници на парче платното се нанесувала мостра од цртеж, слика по која потоа се везело.).

Југославија, каде неизбежно се пееле и македонски народни традиционални песни.

4.4 Промена на улогата на жената на јавниот живот. Излегување на жената на јавната сцена

Сепак во овој период се поголем бил бројот на жените кои навлегувале во општествено-економскиот живот, иако бавно, допринесувајќи така за подобрата семејна егзистенција. Таа станува рамноправен член на својата поширока заедница, дисциплинирано извршувајќи ги своите обврски, станувајќи така значаен фактор. Во доста голем број жените како помошнички ќе се сретнат во куќите на познатите трговци, мануфактуристи, индустријалци и други познати поимотни семејства[808], потоа како аргатки-афионарки и тутунарки, односно како жени наемни работнички.

Познати биле монополските работнички од Прилеп[809], Велес и Тетово, кои својот работен век го започнувале од најрана возраст.

---

[808] Работеле и бремени во куќите на поимотните, па често се случувало и да го изгубат бебето, или пак заради работата да ја прекинат несаканата бременост, пиејќи разни отровни лекови, како семето од афион. За вакви случки често се пишувало во списанието „Жена данас", чии дописнички го посетувале гинеколошкото одделение каде ги запишувале приказните на жените од вардарскиот дел на Македонија.

[809] „Жена данас", 1937/4, стр.4 (Во овој број пренесен е прилог од млада прилепчанка Марија Јефтановиќ, со наслов „Ние живееме во Прилеп", во кој се дава осврт и поглед на секојдневието на овие девојки, од кој ќе пренесам дел за да ја доловам сликата за жената: „Поминале времињата кога секаде па и во Македонија сите терети од економската природа паѓале на грбот на мажите. Денес во Прилеп жените работат заедно со мажите на нива, а домашните работи исто така паѓаат на нејзин грб. Жената мора се да заврши, да зготви да исчисти, да испере, да закрпи, да ги воспита децата итн.

Во одгледувањето на тутунот најмногу се вработени жените, посебно во калапењето на тутунот. Додека се врши садењето и копањето на тутунот се работи од рано наутро до доцна навечер. Кога е време за берба се работи до пладне на нива, а попладне се ниже набраниот тутун. Во берба ни е потешко, пишува Марија, зашто одиме во 2-3 часот наутро, работиме до 10-12 часот напладне, па потоа се враќаме по жештината дома. После бербата настапува процесот на калапење кое се извршува во нечист воздух и нездрави станови. По проценатa на тутунот се добиваат парите со кои се исплатуваат сите долгови во текот на годината, а ако остане се распоредуваат за подмирување на најглавните животни потрби, на најскоромен начин.

Што прави младината во меѓувреме додека не почне повторно работата со тутунот? Некои одат на работа во монополот, а некои остануваат дома штедејќи и подготвувајќи чеиз за мажачка. Во Прилеп секоја девојка мисли дека треба да направи што повеќе рачни изработки. Секое слободно време, било да се монополски работнички или незаштедените пари девојките ги трошат во купување на штрингли, клопчиња и др. од кои плетат, везат чаршафи за на маса, кревет, миленца, перничиња, кошули, јоргански чаршафи и др. со кои може да се служи. Така секоја девојка ја продолжува традицијата на својата мајка мислејќи дека тоа е целиот сјај на животот. При мажење девојката носи пари и облека за себе и мажот.

Но полека младите девојки почнуваат да сваќаат дека животот е тежок и не вреди од малите надници да се штеди и да се купува чеиз. Почнале да чувствуваат дека имаат недостаток во поглед на културата. Почнале да се интересираат за животот надвор од собата, посакале да научат нешто од девојките кои оделе на школување надвор во другите градови и биле информирани за животните прашања. Почнале да се подигнуваат културно себе си и својата

Работеле по 6-7 месеци во годинатата во тешки услови, слабо облечени и нахранети, незаштитени и целосно експлоатирани. Многу аргатки од Штип често оделе во Радовиш да берат и нижат тутун, а за време плевењето на оризот се сретнувале во Виница и Кочани каде работејќи од утро до вечер останувале и по неколку недели. Престојувале групно, во големи и празни соби, преспивајќи на сламарици или рогозини.[810] И на овие места нивниот живот непрекинато течел. Често биле посетувани од нивните сакани, кои со велосипеди доаѓале да ги видат и охрабрат.

Најпознати по обработката и калапењето на тутунот биле прилепчанките. Во потрага по подобри услови за семејството, во Прилеп зимно време доаѓале и жени од другите градови. Работејќи во оваа средина, еден дел од жените почнале и да го консумираат тутунот заради лично задоволство.[811]

Гевгеличанките и велешанките биле доста познати по одгледувањето на свилената буба. Гледајќи на оваа дејност како можност за добивање на свила, но и како дополнително заработување и допринесување во семејството, повеќето велешки жени од своите домови, правеле место за одгледување на гасеници од кои по создадените услови се добивало свилени кожурци, искористувани понатаму за доаѓање до познатата и квалитетна свила (коприна). Во тоа допринесувало и присуството на црницата, од чии лисја, поставувајќи ги меѓу дрвените полици ги хранеле гасениците, чекајќи истите да ги создадат околу себе кожурците со златно жолта боја, кои или им ги продавале на трговците или пак ги зачувувале за себе, продолжувајќи понатаму со процесот се до добивањето на свилата, како материјал кој пред се го користеле за свои изработки. Во Гевгелија од 1898 г. имало и фабрика за свилени конци, разрушена во 1931 г. од силниот земјотрес во градот. Втората фабрика за свилена буба градот ја добива во 1938 г.

Позната била и една штипјанка која се занимавала со фурнацискиот занает. Машка Коцана во почетокот на 30-тите години на плоштадот спроти Безистенот изградила голема и модерна куќа, чии подрумски

заостаната околина. До душа ретко е да се види девојка јавно да учествува во општествениот, културниот живот, но многу од нас имаат желба за такви активности. Какви се причините од будењето од длабокиот сон на непросветеност и незнаење, заради што ги искористувале, покорувајќи се на традицијата и моралот на постарите. Сватиле дека: ние жените кои сами се пробиваме во животот мораме да ги пробиеме и ѕидовите на мртвата традиција. Мора да признаам дека откако почна да излегува „Жена данас" кај нашите младинки се засилила потребата на напредок и напорна работа за будење на жената и подигнување на општеството. Во весникот има многу работи кои не поттикнаа за посилна работа и поврзување меѓу нас".).

[810] Јелисавета – Фетка Бојаџиска, *Штипска...*, op.cit, стр.16-17.

[811] Во овој период цигарите се продавале во сите трафики и дуќани, но заштитени и одданочени од државата. Често се случувало српските државни луѓе да поминуваат по улиците и да ги проверуваат луѓето какви цигари пушат и од каде ги купуваат. Државата заработувала многу од продажбата на цигарите, кои биле под нејзин монопол.

простории биле наменети за фурна, а на приземјето една просторија ја оспособила за продавање на леб.[812]

Во Охрид Катерина Зарчева се занимавала со ако може да се нарече „хотелиерство". Собите од својата куќа ги изнајмувала за ноќевања, понудувајќи и домашно подготвена храна.[813]

Младата и образована жена во овој период ќе се најде во улогата на чиновник, но во многу помал број за разлика од машката популација. Биле многу слабо платени за својата дејност, а дел од нив биле изложени и на потсмев за вршењето на дејноста. Полека, но сигурно таа навлегувала навлегувала во фабриките, работилниците, канцеларииите, болниците, училиштата, банките, пазарите итн. Во градовите се почесто се сретнувале и како актерки[814], оперски пејачки, музичарки[815], трговци[816], сопственички на автомобили[817], вешти пливачки[818], полиглоти, умеејќи да говорат дури и по неколку странски јазици. Во Велес по своето образование била позната Василка Шукарева. Потекнувајќи од видно семејство имала можност да го заврши Средното трговско училиште во Скопје, а подоцна да се запише и на Економскиот факултет во Загреб. По завршувањето заминала во Виена на усовршување на германскиот јазик каде посетувала приватни часови по пијано. Нејзината мајка пак била позната по управувањето со нивниот хотел „Загреб". Во Прилеп ќерката на Јордан Бомбол, Милка, во 1936 г. го завршила Американскиот колеџ во Софија. Во Штип Славјанка Влавчева била првата медицинска сестра.

---

[812] Душко Стојанов, *Старите штипски фурни*, Штип 2005, стр. 116-117 (Куќата на Коцана била проектирана од рускиот емигрант, градежен инженер, Константин Кудравцев.).

[813] Никола Јанев, *Маргиналии*..., op.cit., стр. 23.

[814] Најпозната жена актерка и оперска пејачка, забележана во периодот меѓу двете светски војни е штипјанката Благородна Бурева. Била дел од тетарските претстави во градот, но се забележала и како прва оперска пејачка, изведувајќи ја како гимназијалка во 1925 г. својата улога во операта „Палјачи". Играла во повеќе опери, како „Мамвел Нитуш" во 1936 г. Ќе споменам уште едно женско актерско име, велешанката Рајна Савова која ќе се вброи во значајните театарски претставници.

[815] Велешанката Данка Северова Фирфова е првата образована оперска пејачка. Нејзините музички квалитети и надареност биле забележани за време гимназиското образование кога била и член на тогашниот хор. Во 1934 г. по препорака на Министерството за просвета добила стипендија и можност за запишување на Музичкото училиште во Белград, каде истовремено се наоѓале и Живко Фирфов, Стефан Гајдов, Трајко Прокопиев, Тодор Скаловски и Петре Богданов Кочко. Таму го запознава и својот иден сопруг Живко Фирфов.

[816] ДАРМ, Скопје, Личен фонд Дара Хаџи Панзова, к. 1, несреден фонд (Позната жена трговец била велешанката Дара Хаџи Панзова за што сведочат и многубројните документи, зачувани меѓу фондовите на архивите во Велес и Скопје, од кои може да се сознаат умешностите на оваа жена, во водењето на трговските работи, меѓутоа и во улогата на лихвар кој ќе заработува од локалното население.)

[817] Марина Апостоловска, *Стари*..., op.cit., стр. 68 (Познатиот приватен инженер од Струга, Ѓорѓи Ѓурчинов, откако ја научил да вози, на својата сопруга Даринка и купил спортска кола.).

[818] Во Охрид пливачкиот спорт се повеќе навлегувал и меѓу женската полпулација. Така во 30-тите години се појавиле и првите пливачки како Јорде Филипчева, на која набрзо и се придружиле Весела Чорбева, Воскре Карадимчева и Марица Стружанчева.

Доста често ќе имаат можности да патуваат, да одат на одмори, посебно актуелни, оние поминати по тогаш познатите лековити бањи итн. Присуствувале и ги организирале многубројните свечени прославувања во градот, секогаш како претставителна придружба на нивните сопрузи, за време пречекувањето на многубројни гостувања и посети од друштва, организации, поединци од различни карактери, со што ќе се вбројуваат како носители на новото и модерното во градот. Овие жени биле во чекор со времето благодарение и на дневните весници кои редовно ги читале. Читале за бракот, за семејството, породувањето како чин, за одгледувањето на децата, за подготвувањето на храната, одржувањето на хигиената во домот, читале за најразновидни совети за време подготовките за летувањето и за зимувањето, за самостојната изработка на облеката, сопствената и домашна хигиена, туризмот, културните, спортските случувања, положбата на жените работнички, за најпознатите жени сликарки, владетелки, кралици, архитектки, работнички, актерки, музичарки, спортистки и сл., но неспорно е дека секојдневието на најголемиот број од жените било исполнето со обврските околу домот, семејството, извршувањето на работните задачи – доколку жената работи.

Сепак музичките, културните, образовните, политичките, спортските и сите други достапни за неа случувања не биле невозможни и не ја заобиколувале, посебно припадничките на помладите генерации. Така соколското друштво во Штип било составено и од една екипа повозрасни младинки, членки, кои дури и учествувале на жупските натпревари.[819] Хазената или ракометот, била новата спортска игра која се сметале за женска. Како таква бил прифатена од девојките во Битола и Скопје, кои формирале и свои екипи.

Напредното движење во Македонија ќе остави трајни белези меѓу женските преставнички[820], како носителки на идеите, предводнички и агитаторки. Во првите редови и во раководство на КП ќе се најдат многу работнички, младинки и интелектуалки, во обид да го решат меѓу другото и стекнувањето на своите права, насочени кон намалувањето на безмилосното угнетување, 14 часовниот работен ден, кој често знаел да биде и подолг, зголемување на дневниците итн. Ќе бидат дел од сите демонстрации и организирани штрајкувања покажувајќи дека се луѓе достојни за почит, кои единствено сакаат да работат во услови кои ќе им овозможат пристоен живот, без гладување и страв од губење на правото за работа.

---

[819] Кирил Цацков, *Просветата и културата...*, op.cit., стр. 161-162 (Како членки на друштвото се споменуваат Благородна Малинска, Глаба Манева, Нада Кескимов, Слободанка Бочварова, Павлинка Поп Костова, Стојка Захариева, Цвета Дубарџиска, Веселинка Нушева, Рада Лешевиќ, Милослава Тасева, Вера Грнчева, Борка Андонова, Станка Денкова, Благородна Делибашева, Вера Грнчева, Ружица Масева и др. Сите тие биле дел од петтите жупски соколски натпревари во Скопје летото 1939 г. кога постигнале значајни резултати.).

[820] Најинтензивно навлегување на жените во редовите на партиските организации се забележува од почетокот на триесеттите години.

Велешанките важеле за едни од најактивните партиски дејци и напредни младинки, за чија деност веќе пишував во мојот магистерски труд. Активирањето во политичката работа ќе го почувствуваат и кумановчанки, кои како дел од скоевската организација ќе бидат вклучувани во многу активности. Биле формирани помали скоевски групи со кои работеле најнапредните жени опфаќајќи ги од сите слоеви и возрасти. Набрзо земале замав и во јавните настапи, предавања, а редовни биле и состанувањата по домовите или надвор под изговор дека се организираат дневни излети. До нив биле достапни многуте брошури, весници, списанија и книги. Во 1938 г. споревеле и акција за потпишување на петиција од сите жени за добивање право на глас, еднаквост, право на соодветни надници и сл. Била формирана и организација Женско движење.

Позитивни резултати се постигнале преку Женската набавно-продажна задруга во Битола формирана во февруари 1941 г. каде жените и девојките се стекнувале со основните познавања на комунистичкото движење и значење. Заедничкото дружење, излетите, игранките, образовните предавања и сл., биле само дел од начините на полесно запознавање, стекнување на разни информации за полесно надминување и соочување со тогашното секојдневие и одржување на семејството. Во задругата членувале многу еманципирани и образовани битолчанки, како лекарката Марија Попадиќ, која покрај предавањата за хигиената, за одгледувањето на децата и др., еднаш неделно понудувала и бесплатни прегледи во својата ординација за членките на задругата.

Вакви групи од млади активистки ќе се формираат и во другите градови, меѓусебно соработувајќи. На интелектуалното подигнување влијаело многу и најактуелното списание „Жена данас", каде статиите за работничкото движење се разработувале со големо внимание на заедничките состанувања.[821] Организирани во многубројни читачки групи разработувале многу илегални партиски материјали, одржувале предавања, организирале многу излети, вечеринки, матинеа, како и масовни посети и прославувања по повод Осми март во околните места на градовите во близина на реките, црквите, манастирите, селата и сл.[822]

Секојдневие на жената во периодот меѓу двете светски војни ќе и наметне такви промени со кои таа не ќе може така лесно да се справи. Ќе

---

[821] *Штип и Штипско во Народноослободителната војна 1941-1945*, книга 4, Скопје 2001, стр. 359 (Според сеќавањата на штипјанката Марика Ѓорѓиева по стапувањето во брак живеела во Струмица, а потоа во Белград каде стапила во редовите на АФЖ. Во тој период објавувала и статии во весникот „Жена данас", кое го испраќалаи до својата сестра во Штип. Во 1936 г. извесно време престојувала во Штип во кој период организирала и предавања наменети за жените, но за кратко време морала да го напушти заради судирите со власта.).

[822] Посебно активни биле жените во Штип. Се издвојувале Панда Грнчарска, Маријонка Лазарова, Васка Донева, Бранка Лазаровска-Ѓорчевска, Трајанка Јанинкова, Николина и Бојка Воински, Николина Дачова, Нада Богатинова, Невена Мијова, Павлина Кафтанска и др.

се обиде и тоа успешно, така што резултатите како полесното справување со економската експлоатација, организационата борба за рамноправност, еманципација, социјално и национално ослободување, биле неспорни. Сите овие обврски создадоа од жената модерна и силна личност со која пулсираше домашната средина, проткаена со општествените и работни обврски, исполнувајќи го секојдневниот живот кој се одвиваше меѓу двете светски војни.

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето „Процесите на модернизација во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941“ се надевам дека ќе биде поттик за понатамошни поединечни истражувања на урбаната историја во одделни македонски градови. Сите тие понудуваат навистина еден сплет од информации кои во едно истражување и неможат целосно да се внесат. Модернизациските процеси навлегуваат во секое поле и затоа е потребно подетално нивно следење и меморирање преку научните истражувања. Јас се надевам дека ја постигнав целта, така што сметам дека младите историчари ќе пронајдат, во секоја обработена глава, тема и поттема, можност за дополнувања или поттик за пишување на современата локална историја.

Истражувањето го започнав со обработување на секојдневието наложувано од креаторите и предводниците на Првата светска војна. Тоа е времето кога Македонија се соочила со потребите на двата големи блока од наметнување на своите влијанија, што за неа ќе значи опожарување, опустошување на земјоделското производство, регрутација на машката сила во позадината и на фронтовските линии, реквизиција на храна и добиток, принудна ангарија, присуство на воени контигенти кои ќе имаат голема улога во секојдневното живеење на македонското семејство, грабежи, бескуќништво, интернација на македонските семејства, соочување со смртта, гладта, разделување на семејството, прекинување на врските, интимноста, менување на улогата на жените, страшни епидемии, но и нови врски, нови видувања, нови јазици, манири, обичаи, принудно минимално описменување, нова храна и пијалаци, нови места, моринја, логори итн.

Но, по тој бурен период во вардарскиот дел од Македонија ќе започнат многу нови промени во општествено-политичкиот, економскиот, културно-просветниот, религиозниот, односно во целокупниот семеен секојдневен живот, во кој се рабира се задржала старата традиција. Тоа е период кога ќе се започне со воспоставување на новата српска воена и административна власт или управување со кое се негирало постоењето на македонската национална припадност, македонскиот јазик и култура. Се формирале и граделе нови институции со кои се наметнувале српските обележја, а сетоа тоа пак оставило големи последици врз населението.

Промени навлегуваат во стопанството, економската состојба во градовите ќе се подобри со развојот кој и беше можен во земјоделството, трговијата, индустријата, банкарството и туризмот. Ќе се појават многу нови фабрики, банки, трговски претставништва. Ќе се создадат услови за развој на патниот, железничкиот и авионскиот сообраќај.

Градовите ќе започнат да добиваат нови ликови, се модернизираат и ќе се карактеризираат со повеќе христијански белези. Традиционалните маала се повеќе се зголемуваат, улиците се прошируваат, градската архитектура се подложува на приватните потреби за модерни изданија, со што се нагласува создавањето на помали и поголеми економски и политички семејства од новата граѓанска класа во градовите.

Се прават и првите урбанистички планови од општинските управи, се доведуваат видни технички стручни лица и архитекти, се впиваат и носат европските влијанија. Српската власт ќе започне и со градби од

јавен карактер, а сето тоа ќе го услови и развојот на електрификацијата и водоводната мрежа, кои ќе бидат вистински благодет за градовите.

Се модернизираат и урбанизираат и чаршиите, пазарите, дуќаните, се појавуваат нови занаети, кафеани и хотели. Семејството ќе почне да излегува од домашната средина, до израз ќе дојде друштвениот живот и излетничките места. Можноста за семејни патувања, прошетки, излети, посети на бањи, летувања и зимувања ќе допринесе за нов начин на живеење. Се разбира нема да изостануваат ниту промените во работничката класа која се повеќе се се зацврстува, ќе се издигнува и гласно изјаснува.

Ќе се обноват и формираат нови просветни институции, како основни, средни, граѓански и занаетчиски училишта. Од големо значење ќе биде формирањето на првата високообразовна институција, како и дел од културните институции како Државниот архив, Народниот Музеј, многуте научни и хуманитарни друштва кои навистина ќе означат еден период исполнет со многу активности како за машката, така и за женската популација. Неопходни се промените и во здрвствените институции, кои настојуваа да се модернизираат и соодветно одговорат на потребите на локалното население.

Промените и модернизацијата ќе биде прифатена од различните социјални слоеви, но најмногу до израз ќе дојдат поимотните трговци и индустријалци кои ќе бидат отслик на новото и модерното. Промените ќе станат уште подостапни и поблиски до секого со развојот на печатарството и издавачката дејност, кога секој ќе имам ожност да прочита и забележи за се што се случува во Македонија и во светотот.

Посебно интензивна беше промената кај женската популација. Улогата на жената во семејството ќе забележиме дека се менува. Таа ќе започне да се спротивставува на наложуваната традиција, да се модернизира, да се едуцира, да излегува на јавната сцена, да се појавува како жена која работи, која сака убаво да изгледа и секому да се допадне, но ќе се појави и како жена која ќе ги брани своите интереси и активно ќе се вклучи во сите напредни движења наложувани од политичката состојба во вардарскиот дел од Македонија.

Меѓувоените години апсолутно беа исполнети со многу активности со многу промени во секојдневното живеење. Српската власт остави како негативни, така и многу позитивни случувања во сите аспекти на живеењето. Таа направи онолку колку што имаше можности и колку што беше заинтересирана да вложува, но сепак остави трајни белези. Затоа и сметам дека добро е сето тоа да се забележи, да се зачува, запамети и наметне на секоја нова и следна генерација, за да не се заборави и заштити од глобализацијата.

Секако дека во целост не може со само едно истражување да се даде целосен преглед за се што се случуваше со процесите на модернизација во меѓувоениот период. Се надевам дека ќе следат уште многу трудови кои ќе ја следат урбаната историја и на секој наредден период, зашто таа понудува еден многу подруг аспект на погледите на функционирањето на секоја власт и секоја институција.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

ИЗВОРИ

Необјавени архивски материјали

Државен Архив на Република Македонија (ДАРМ), Скопје

Фонд: Министерство за внатрешни работи на Кралството Југославија – Белград (1919-1941)
Фонд: Банска управа на Вардарска бановина, Скопје (1921-1941)
Фонд: Вардарска финансиска дирекција (1926-1941)
Фонд: Врховно поверенство за аграрна реформа, Скопје (?-1941)
Фонд: Обласна полициска управа -Титов Велес (1941-1944)
Фонд: Скопска Митрополија-Скопје (1919-1941)
Фонд: Православен епископ Велешко-дебарски-Битола (1913-1920)
Фонд: МВИО, Кратово
Фонд: Филозофски факултет-Скопје (1920-1941)
Фонд: Библиотека на Филозофскиот факултет, кн.10; 323
Фонд: Државна Архива у Скопљу 1928-1939 Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца
Фонд: Музеј Јужне Србије (1926-1930)
Фонд: Југословенски студентски потпорен фонд - Скопје (1920-1941)
Фонд: Фонд за здравствена заштитан а студентите - Скопје
Фонд: Певачко друштво „Мокрањац“ - Скопје (1937-1938)
Фонд: Муслиманско потпорно друштво „Шефкет“ - Скопје (1933-1941)
Фонд: Хумано друштво „Тетовска јабука“ - Скопје
Фонд: Трговско индустриска комора-Скопје (-1941)
Фонд: Занатска комора-Скопје (-1941)
Фонд: Министерство за просвета на Кралството Југославија-Белград (1919-1941), ксерокскопирана архивска граѓа добиена од С.Р Југославија
Фонд: „Свети Сава“
Фонд: Здружение на глумците во Кралството Југославија-Секција во Скопје (- 941)
Фонд: Народно позориште Краља Александра – Скопје (1930-1934)
Фонд: Македонска Военоинспекциска Област
Фонд: Вардарска скаутска жупа – Скопје 1935 – 1938
Фонд: Нижа офицерска школа - Скопје1930-1934

Семејни и лични фондови:

а.Семејни фондови:
Фонд: Генови аптекари – Скопје 1889-1941
Фонд: Огњанови, индустријалци-Скопје 1889-1941
Фонд: Богданови, трговци- Титов Велес; 1904-1919
Фонд: Дебарлиеви, трговци- Титов Велес;1906-1945
Фонд: Машови, трговци- Титов Велес; 1848-1912
Фонд: Пешеви, трговци- Титов Велес; 1904-1930
Фонд: Ризови, трговци- Титов Велес; 1843-1925

б.Лични фондови:
Галиќ Коста, трговец-Скопје 1921-1930
Дича Антонија, трговец-Скопје 1903-1941
Кантарџиев Атанас, трговец – Струмица 1906-1952
Трифунац Стеван, адвокат-Скопје 1934-1941
Чакаров Ѓорѓи, книжар-Струга 1881-1941
Алексов Ѓорѓи, трговец-Титов Велес 1872-1933
Ковачев Борис, трговец-Титов Велес 1913-1946
Крајничанац Ѓорѓи, трговец-Титов Велес 1890-1922
Кртев Асен, адвокат- Титов Велес 1920-1945
Хаџи Панзова Дара, трговец-Титов Велес 1867-1933

Микрофилмови (м.ф.)
2 042
345
347
348
852

ДАРМ, ПО Прилеп

Фонд: Женско стручно домаќинско училиште „Мара Јосифовска“ – Прилеп (1919-1961)
Фонд: Прилепски околиски одбор за помош на настраданите од војната (1918/1940)
Фонд: Спортско просветно друштво „Василие Трбиќ“ (1925), к.1
Фонд: Околиски одбор за народно просветување Прилеп 1921 – 1933, к.1

ДАРМ, ПО Битола

фонд: Муслиманско потпорно друштво „Хамијет“ - 1934-1941
Фонд: Друштво на руски емигранти – Битола 1920-1940
Фонд: Француско – Југословенски клуб – Битола 1915-1940
Фонд: Окружна стрелачка дружина „Вук Мандушиќ“-Битола 1926-1937
Фонд: Гимназија Ресен 1921-1929
Фонд: Соколско друштво-Битола 1918-1934
Фонд: Браќа Атанасиевски-Битола 1900-1941
Фонд: Битолските Евреи 1918-1962
Фонд: Државна непотполна женска реална Гимназија - Битола 1939-1941
Фонд: Околиски шеријатски суд - Битола 1930-1941
Фонд: Економско училиште „Јане Сандански“ - Битола 1923-1986
Фонд: Околиско вакуфско-меарифско поверенство - Битола 1930-1941

ДАРМ, ПО Охрид

Фонд: Рибарски референт – Охрид (1934-1941)
Фонд: Бановинска Хидробиолошка станица станица – Охрид (1934-1941)
Фонд: Околиска занаетчиска комора

ДАРМ, ПО Штип

Фонд: Занаетчиска комора, Штип (1918-1955)
Фонд: Суд на општина Јужна Виница-Виница (1914-1941)
Фонд: Штипско околиско управление
Фонд: Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија 1929-1941
Фонд: Државна реална гимназија, Штип (1923-1936)
Фонд: Занаетчиска трговска школа „Јужна Виница“, Штип (1925-1934)
Фонд: Браќа Петре, Митко, Илија, Димко, Панче и Александар Ќараѓозови (1919-1942)
Фонд: Пехливанов Лазар, Штип (1923-1940)

ДАРМ, ПО Струмица

Фонд: Реља Крилатица

ДАРМ, ПО Велес

Фонд: Општина Велешка (1918 -1941)
Фонд: Министерство за просвета-Белград (1919-1940), ксерокскопии
Фонд: Мемоарски материјали (1900-1945)
Фонд: Команда на Велешкиот воен округ (1921-1941)
Фонд: Православна парохија Велешка во Велес (1934-1939)
Фонд: Тутунова станица Велес
Фонд: Велешко Шарлаганџиско друштво (1929-1933)
Фонд: Првостепен суд Велес (1918-1934)

Архив на Институтот за национална историја (АИНИ), Скопје

Сеќавања на учесници во илинденското востание, балканските војни, Првата светска војна и НОБ од Кратово и Кратовско, Скопје 1968

Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје

Фонд „Јефимија“

Народен Музеј на град Велес, користени фотографии
ДАРМ, ПО Битола, користени фотографии
ДАРМ, ПО Прилеп, користени фотографии
ДАРМ, ПО Охрид, користени фотографии
ДАРМ, ПО Струмица, користени фотографии

ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

- ВМРО (обединета), документи и материјали, кн. I, (Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев), Скопје 1991

- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први и втори, „Универзитет Кирил и Методиј“, Скопје 1981
- Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914 г. Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје 1979
- Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје 1981
- Чулиновиќ Фердо, Документи о Југославији, Загреб 1968
- Александар Христов, Зборник на документи за создавање на македонската државност (1893- 1944), Скопје 1970
- Фердо Шишиќ, Документи о постанку Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца 1914-1919, Загреб 1920

ЛИТЕРАТУРА

- Перо Алексовски, *Развојот на планинарството во Титов Велес и Јакупица*, Општински Планинарски Сојуз Титов Велес, Титов Велес 1986
- *Алманах општине града Скопља 1918-1928 г.*, Штампарија Стара Србија, Скопље 1928
- Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија*, Мисла, Скопје 1990
- Александар Апостолов, *Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија*, Гласник на ИНИ бр.1, Скопје 1972
- Александар Апостолов, *Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на Кралството Југославија*, Гласник на ИНИ бр. 1-2, Скопје 1962
- Марина Апостоловска, *Стари семејства*, Абакус комерц, Скопје 1999
- Јован Белчовски, *Автокефалноста на МПЦ*, Скопје 1972
- *Библиотекарството во Битола и Битолско*, Зборник на материјали од научниот собир одржан на 6 и 7 декември 1994, Битола 1995
- Димитар Биков – Мики, *Штипјани*, ЕАМ Штип, Штип 2002
- *Битола, вчера, денес и утре*, фото-монографија, Новинско издавачка куќа „Наша книга“, Скопје 1996
- *Битола*, монографија, Собрание на општина Битола, Младинска книга, Љубљана 1985
- Крсте Битоски, *Положбата во Вардарска Македонија за време бугарската окупација (1915-1918)*, Гласник на ИНИ, год. 4, Скопје 1960
- Петар Бојаџиевски, *Здравството во Битола низ вековите*, Друштво за наука и уметност Битола, Битола 1992

- Петар Бојациски, *Здравствено-социјалната политика на странските пропаганда во Битола*, Македонска асоцијација за историја на медицината-Штип 2003
- Јелисавета Фетка Бојациска, *Штипска Хроника*, АД ГИТ „Гоце Делчев", Скопје 1995
- Хенри Ноел Брејлсфорд, *Македонија*, второ издание, Култура, Скопје 2003
- Ристо Бунтевски, *Материјалната положбан а населението во Прилеп и Прилепско 1870-1940*, Друштво за наука и уметност Прилеп, Прилеп 1998
- *Буџет бановинских расхода и прихода Вардарске Бановине за 1938-39 г.*, Краљевско банска управа Вардарске Бановине, Штампарија „Јужна Србија", Скопје 1938
- Вара Весковиќ-Вангели, *Осми Март и напредното движење на жените во Македонија (1939-1945)*, Архив на Македонија, Скопје 1985
- М. Р. Гавриловиќ, *Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији*, Скопје 1931
- Михајло Георгиевски, *Културно-просветната и политичката улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, Култура, Скопје 1989
- Страхил Гигов, *Сеќавања*, НИК „Наша книга", Скопје 1973
- *Гимназијално образование во Битола*, Гимназија Јосип Броз Тито, Битола 1965
- *Гласник Скопског научног друштва*
- Кокан Грчев, *Архитектонските стилови во македонската архитектура од крајот на 19 век и периодот меѓу двете светски војни*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје 2003
- Трајче Грујоски, *Битола, дејство на основните фактори врз општествено-економскиот развиток* (докторка дисертација), Битола 1971
- Трајче Грујоски, *Битола на мојата младост*, Печатница „Киро Дандаро", Битола 1987
- Ристо Гунов, *Занаетчискиот живот и обичаите во Гевгелија*, ПГУП „Софија", Богданци 1995
- Славко Димевски, *Историја на Македонската Православна Црква*, Македонска книга, Скопје 1989
- Никола В. Димитров, *Битола урбано географски развој*, Друштво за наука и уметност Битола, Битола 1998
- Душко Димитровски, *За наша музика*, „Мисирков", Битола 1994
- Димитар Димитровски-Такец, *Пет битолски тутунски децении 1923-1973*, Југо-тутун здружено претпријатие за производство, обработка и преработка на тутун и промет-Организација во состав-Битола 1973

- Димитар Димитровски-Такец, *Перформансите на Широк сокак*, Графо Пром, Битола 2013
- *Зборник на спомени на активистите од југословенското, револуционерно, работничко движење*, Книга трета, Култура, Скопје 1961
- *Злетовска област*, географско-историски осврт, „13-ти Ноември", Скопје 1974
- Тодор Г.Зографски и Димче А.Зографски, *КПЈ и ВМРО (обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930*, ИНИ, Скопје 1974
- Данчо Зографски, *Одбрани дела*, том I, II, V, Наша книга, Скопје 1986
- Иван Ивановски, *Волшебник на сценатa (за животот и делото на Петре Прличко)*, Македонски народен театар Скопје, Скопје 1991
- Иван Ивановски, *Тодор Николовски*, Македонско радио, Скопје 1991
- Доне Илиевски, *Автокефалноста на македонската православна црква*, Заедица за издавачка дејност при НИП „Нова Македонија", Скопје 1972
- Доне Илиевски, *Смислата на некои отпори против автокефалијата на македонската православна црква*, ИНИ, Скопје 1970
- *Историја на македонскиот народ*, книга трета, ИНИ, Скопје 1963
- *Историја на македонскиот народ*, том 4, ИНИ Скопје 2000
- Никола Јанев, *Маргиналии за мојот град*, Илирион, Скопје 1998
- Марија Јовановиќ, *Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918- 1929)*, НИО „Студентски збор", Скопје 1983
- Нада Јурукова, *Основните училишта во Битола и Битолско во периодот од 1918-1929 г.*, Гласник на ИНИ, год.46, бр. 2, Скопје 2002
- Костадин Кајдамов, *Дојран низ вековите*, Матица Македонска, Скопје 2006
- Иван Катарџиев, *Борба до победа 2*, Мисла, Скопје 1983
- Иван Катарџиев, *Македонија спрорти втората светска војна*, Скопје 1999
- Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска, *Животот во Скопје 1918-1941*, Музеј на град Скопје, Скопје 2002
- Никола Кирков, *Одбрани дела I*, Скопје 1983 г.
- Андреја Китановски, *Македонскиот фолклор основа за проектирање современа облека*, Камелеон, Скопје 2008
- Павле Константинов, *Браќа Манаки, Прилог кон нивниот живот и дело*, Млад борец, Скопје 1982
- Милош Константинов, *Занаети и еснафи во Битола и околијата*, Печатница „Киро Димитровски-Дандаро", Битола 1961
- Драги Костадиновски, *Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на српската православна црква (1919-1941)*, Менора, Скопје 1995

- Коста Костиќ, *Наши нови ѓрадови на Југу*, Српска книжевна задруга, Београд 1922
- Никола Кочовски, *Хроника на едно време*, Сеќавања, НИО „Студентски збор“, Скопје 1988
- Тодор Кралев, *Сините момчиња во Штип, 85 години Аеро клуб во Штип*, Скопје 2009
- Ѓорѓи Малковски, *Монополот во Велес 1919-1945*, СОЗТ „Југотутун“ Скопје, РО за обработка на тутун „Нада Бутникошарева“ Титов Велес ЦО, Титов Велес 1988
- Алексо Мартулков, *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*, ИНИ, Скопје 1954
- Зорица Мечкаровска, Мирјана Недева, Никола Ќурчиев, Мимоза Димковска, *Во старата велешка одаја*, I-ва книга, Велес 2004
- Димче Миновски, *Фудбалот во Битола низ децении*, Печатница Киро Дандаро, Битола 1969
- Тодор Мировски, *Стопанството на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни*, МАНУ, Скопје 1998
- Димитар Митевски, *Музичкиот живот во Штип меѓу двете светски војни*, НИП „Глобус“ Македонија, 1995
- *Моноѓрафија на Петре Прличко*, Магор, Скопје 2004
- Музеј на град Кратово, Гласник 5, Музејски гласник Кратово, Кратово 2009
- Стојан Насевски, *80 ѓодини фудбал во Кратово 1924-2004*, Кратово 2005
- Светозар Наумовски, *Напредното учителство во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941)*, Печатница „Коста Абрашевиќ“-Охрид, Скопје 1992
- Трајко Нечев, *Серенади*, Графотисок, Скопје 2005
- Часлав М.Никитовиќ, *Занаетство Јужне Србије*, Скопје 1934
- Марула Николовска, *Градските куќи од XIX в. во Македонија*, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Југореклам, Скопје 2003
- Коста Новаковиќ, *Македонија Македонцима! Земља замљорадницима!*, Историски архив „Чачански глас“, Чачак 1966
- Јеремија М.Павловиќ, *Стари живот и обичаи народни у Јужној Србији*, Издање книжарнице Рајковиќ и Ћуковиќ, Београд 1926
- Манол Пандевски, *Учителското движење во Македонија 1893-1912*, Култура, Скопје 1962
- Манол Пандевски, *Политичките партии и орѓанизации во Македонија (1908-1912)*, Култура, Скопје 1965
- *50 години фудбал во Македонија. Јубилејно издание по повод прославата на 50-годишнината од основањето на ФСЈ и првите клубови во Македонија*, Скопје 1969

- Јулијана Жабева-Папазова, *Историја на македонската пијанистичка уметност 1900-2002*, Графопринт, Велес 2004
- Даринка Пачемска Петреска, *Малешевијата низ историјата 1912-1945*, книга втора, Општина Берово, Берово 2003
- *Прилози за историјата на физичката култура во Македонија, Комитет за физичката култура на СР Македонија*, Скопје 1975, 1976, 1977, 1978
- Миодраг Ал. Пураковиќ, *Попис цркава у Старој српској држави*, Скопје 1938
- Александар Радич Леко, *Педесет години на пливачко ватерполо друштво Охридски бранови-Охрид 1932-1982*, П.В.Д Охридски бранови, Охрид 1982
- Милан Ристовиќ, приредил, *Приватни живот код Срба у двадесетом веку*, CLIO 2007
- Миливое М. Савиќ, *Занати и Индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије*, Штампарија Доситеј Обрадовиќ, Београд 1914
- Мирчо Савоски, *Развојот на скијањето во Вардарска Македонија од 1919 до 1957 година*, ИНИ, Скопје 2002
- Бранислав Светозаревиќ, *Тетовски споменар 1919-1941*, Напредок, 1999
- Коста Сидовски, *Индустријата на територијата на НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни*, Скопје 1961
- Петар Солаковски, *Колонизацијата во битолско и прилепско (1919-1941)*, Друштво за наука и уметност-Битола, 1992
- *Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937*, Јужна Србија, Скопје 1937
- *Споменица Друштва Светога Сава (1886-1936)*, 47 књига Св. Саве, Београд 1936
- *Споменица друштва „Књегиња Зорка" 1924-1934*, Београд 1934
- *Српска Православна Црква, 1920-1970 г.*, Споменица о 50-годишњици воспостављања српске патријаршије; Светог архиерејског синода СПЦ, Београд 1971 г.
- Александар Стерјовски, *Битола, реката Драгор*, Општина Битола, Битола 2009
- Ристо Стефановски, *Театарот во Македонија*, Мисла, Скопје 1990
- Димче Стојанов - Мире, *Одбележување на дваесет и пет години од формирањето на Архивот на Македонија*, Македонски Архивист кн.5, Скопје 1976
- Душко Стојанов, *Штипските чешми – вековен извор на живот*, „2-ри Август С", Штип 2003

- Душко Стојанов, *Старите штипски фурни: сеќавања и записи*, „2-ри Август С“, Штип 2005
- Петар Стојанов, *Македонија во периодот на Првата светска војна*, Завод за Културно-просветен и наставен филм на СРМ, Скопје 1969
- Петар Стојанов, *Антивоеното расположение на фронтот во Македонија кон крајот на 1917 г. и во текот на 1918 г.*, Гласник на ИНИ, год. IX, бр. 2, Скопје 1967
- Душко Стојанов, *Белег на едно време*, „2-ри Август С“, Штип 2007
- *Така се зборува во Охрид*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, „2-ри август С“, Штип 1999
- *Така се зборува во Гостивар*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, „2-ри август С“, Скопје 2000
- *Така се зборува во Велес*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, „2-ри август С“, Скопје 2008
- *Творештвото на браќа Манаки*, Матица Македонска, Скопје 1996
- Крум Томовски, Борис Петковски, *Архитектурата и монументалната уметност во Скопје меѓу двете светски војни*, Музеј на град Скопје, Скопје 2003
- Ристо Христов, *Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918-1941)*, УНИЈА, Скопје 1994
- Ристо Христов, *Градското стопанство во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни низ архивски извори*, Историја, год.88-89/XXIV – XXV, бр.1-4, Скопје 1991
- Кирил Цацков, *Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918 – 1941* (докторска дисертација), Скопје 1998
- Кирил Цацков, *Просветата и културата во Штип и Штипско меѓу двете светски војни*, НИП „Глобус“, Скопје 1995
- Надежда Цветковска, *Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941)*, Скопје 1996
- Ѓорѓи Димовски-Цолев, *Битолските Евреи*, Друштво за наука и уметност, Битола 1993
- Крсте Чакар, *Фудбалски клуб Караорман 1923-1998*, Рубљов, Струга 1998
- Боро Чушкар, *Борбено Куманово 1919-1941*, Печатница Просвета Куманово, Куманово
- Боривоје Цимревски, *Чалгиската традиција во Македонија*, Македонска книга, Скопје 1985
- Боривије Цимревски, *Градска инструментална музичка традиција во Македонија 1900-1941*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“-Скопје, Скопје 2005

- Абрахам Џ. Џонстон, *Мојот балкански дневник*, Дирекција за култура и уметност-Скопје, Скопје 2009
- Д-р Томислав А. Шапчески, Билјана Т. Попоска, *Здравството во Прилеп 1900-1945*, ДНУ, Прилеп 1996
- Ханс Лотар Штепан, *Македонскиот јазол*, АЗ-БУКИ, Скопје 2004
- *Штип и Штипско во НОБ1941-1945*, книга 1, Матица Македонска, Скопје 2000
- *Штип и Штипско во НОБ1941-1945*, книга 2, Матица Македонска, Скопје 2000
- *Штип и Штипско во НОБ1941-1945*, книга 4, Матица Македонска, Скопје 2001

ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА

- Весник „Вардар“
- Весник „Скопски гласник“
- Весник „Јужна Србија“
- Весник „Наш Дом“
- Весник „Наша реч“
- Весник „Глас Југа“
- Весник „Стара Србија“
- Весник „Социјалистичка зора“
- Весник „Јужни преглед“
- Списание „Јадранска стража“
- Списание „Жена данас“
- Списание Кинопис, год.III, бр.5, Скопје 1991
- Списание Кинопис, год.IV, бр.6, Скопје 1992
- Списание Кнопис, год.V, бр.8, Скопје 1993
- Списание Кинопис, год.VII, бр.13, Скопје 1995
- Списание Кинопис, год. IX, бр.17, Скопје 1997
- Списание Кинопис, год. X, бр.19, Скопје 1998
- Списание Кинопис, год. XV, бр.27, Скопје 2003
- Списание Кинопис, год. XVII, бр.31-32, Скопје 2005
- Списание Кинопис, год. XVIII, бр.33-34, Скопје 2006
- Списание Кинопис, год. XIX, бр.35, 2008
- Списание Кинопис, год. XX, бр.36, Скопје 2009
- Списание VOX MEDICI, година XVIII, број 64, октомври 2009

СЕЌАВАЊА:

Стојан Алексов, Пробиштип
Тодор Насев од Пробиштип
Павле Саздов, с. Јамишта, Пробиштип
Павле Тренчов, с. Бунеш, Пробиштип
Влатко Бидиков, Кратово
Стефан Коцевски, Кратово
Борис Ангелков, Битола
Димитар Котевски, Битола
Ѓорѓи Димовски – Цолев, Битола
Ѓорѓи Танковски, Битола
Димитар Димитровски – Такец, Битола
Јелисавета Фетка Бојаџиска, Штип
Симо Кожухаров, Штип
Трајко Јованов, Штип
Ружица Арсова Нацева, Велес
Никола Танев, Велес
Благојка Танева Јованова, Велес
Јован Босотов, Велес
Галаба Солева, Велес
Никифор Смилевски, Велес
Благој Мацаров, Велес
Андреа Панов, Велес

ПРИЛОГ: ФОТОГРАФИИ

Охрид

1. Манастир Света Пречиста (Калиште)
2. Струга (книжара К.П.Стефановиќ-Гермовиќ, Охрид)
3.Гимназијата меѓу двете светски војни
4. Струга 1918-1941 г.
5.Пештани најголемото ловиште на риба
6.Охрид 1938 г.
7.Охрид 1923 г.
8.Охрид со хотелите и вилите
9.Капачи во Охрид, 26 август 1933 г.
10.Охрид со дел од вилите
11.Охридски рибари
12.Охридски рибари
13.Петровден – манастирска слава во Охрид
14.Пештани
15.Хотел Турист
16.Чинарот во Охрид, 19 април 1928 г.
17.Охрид, црква „Св.Јован“
18.Охрид со Гимназијата
19.Манастир Св. Наум 1931 г.
20.Охрид 1918-1941 г.
21. Билјанини извори, 18 јуни 1928 г.
22.Капачи во Охрид
23.Манастирот Свети Наум, 13 мај 1935 г.

Битола

24.Битола 1936 г.
25.Битола, улица „Крал Петар“
26.Битола 1918-1941 г.
27.Битолчани
28. Битола, друштво „Кнегиња Зорка“ 1929 г.
29.Битола 1918-1941 г.
30.Пелистер 1935 г.
31.Ученици од француското училиште 1935 г.
32.Венчавка 1928 г.
33.Венчавка 1926 г.
34.Битола 1939 г.
35.Битола, 1937 г.
36.Битола, Црн мост 1934 г.
37.Житен пазар во Битола
38.Покана за свадба, 1928 г.
39. Панорама на градот, 1918-1941 г.
40. Кафеаната „Ројал“, 1918-1941 г.
41. Внатрешноста на кино „Манаки“,1918-1941 г.
42. Свадбата на Лаки касапот, 1918-1941 г.
43. Муслиманското друштво „Хамијет“,1918-1941 г.
44. Прослава на денот на ловциите, 1918-1941 г.

45.Шоферот Борис со автомобил на Тумбе кафе, 1918-1941 г.
46. Маскембал, 1918-1941 г.
47. Ресен изглед на една улица, 1925 г.
48. Фудбалска екипа, 1918-1941 г.
49. Велосипедисти, 1918-1941 г.
50.Битола, железничката станица
51. Пандо берберот со една клиентка, 1918-1941 г.
52. Дуќан на терзијата Симиќ, 1918-1941 г.
53.Битола, реката Драгор
54.Битола, хотел „Јефтиќ“
55.Битола, реката Драгор
56.Битола 1918-1941 г.
57.Венчавка
58.Битола 1918-1941 г.
59.Битола, ученици
60.Битолчани
61.Еден од првите автомобили „форд“ во Битола
62.Битола, железничката станица, 1931 г.

Штип

63.Аероден во Штип
64.Авион Физир, прв падобрански скок, 1936 г.
65.Методи Трпков, учесник на еромитинг, 1927 г.
66.Група моделари на час
67.Тодор Михајлов Тртката 1927 г.
68.Аеромитинг 1936 г.
69.Савин хотел во Штип

Кичево

70.Кичево меѓу двете светски војни
71.Чаршијата во Кичево
72. Саат Кулата во Кичево, 30-тите години
73. Старата чаршија
74. Разгледница од времето на Кралство Југославија
75. Кичево, Стара чаршија
76. Железничка станица во Кичево, 5 јуни 1921 г.
77. Железничката станица во Кичево

Тетово

78.Тетово, 16 август 1937 г.
79.Тетово, железничката станица

Скопје

80.Стариот театар во Скопје
81.Поглед кон Камен мост и Офицерскиот дом, 11 октомври 1935 г.
82.Ставање водоводни цевки на Камен мост
83. Ставање водоводни цевки на улица „Крал Петар“

Струмица


84.Струмица, разгледница
85.Чаршијата во Струмица
86.Ѓорѓи Мицков, столарска работилница
87.Ѓорѓи Дончев, кацарска работилница
88.Куќата на Ѓорѓи Мицков
89.Куќата на д-р Белев, 1928-30
90.Подготовка за слет
91.Струмички карневал
92.Струмичани, младинци
93.Групен портрет мажи

Гостивар


94.Пеливански борби во Гостивар

ФОТОГРАФИИ

ОХРИД И СТРУГА




Сл.1




Сл.2




Сл.3



Сл.4



Сл.5



Сл.6



Сл.7

КАЛЕНДАР
ОХРИДСКО ЈЕЗЕРО

ЗА ГОДИНУ

1923




КЊИЖАРА И ПАПИРНИЦА

Климента П. СТЕФАНОВИЋА-ЂЕРМАНОВИЋА и СИНОВА

У ОХРИДУ


има увек велики избор: канцеларијског материјала, школских књига и уџбеника. Књига за читање на српском, француском и немачком језику. – Свих ђачких потреба. Свих београдских и скопљанских листова. Свих монополисаних картија из државне штампарије. Специјални одељак ситничарском и парфум. робом.


Св. Јован (Канево)
Вила Германови
ОХРИД
Хотел Турист
Вила Меркур Н.Германовић
Старе 5-то спратне куће


Сл.8




Сл.9



Сл.10




Сл.11




Сл.12




Сл.13




Сл.14



Сл.15




Сл.16




Сл.17




Сл.18




Сл.19


ОХРИД
Кеј са пристаништем
Рибарење у језеру
17 врста Охридске рибе
Купачи са чамцем
Купање у језеру


Сл.20


ОХРИД
Велики биљаних извори звани Студенчишка

Сл.21



Сл.22



Сл.23

БИТОЛА



Сл.24



Сл.25



Сл.26



Сл.27



Сл.28




Сл.29




Сл.30




Сл.31


Мили бащко!
Сину ову дугме што са нашим сукрућом
за успомену у друго седање, ну Лепчанка ми
дана 21 октобра 1928 году.
6-XI 1928 году
Дуг. Село-
Свитко-и Мизтуца
К. Јованови

Сл.32


Венчани 6 јуна 1926.
Бијелов
за успомену
Свадјани
радостан дан
Анђа-Дика и Мика.



Сл.33




Сл.34



Сл.35




Сл.36


Житни пијац у Битољу
Bazar de Monastir


Сл.37


Б Ј
У недељу 6. Августа 1928 год. (по новом) у 10 часова пре подне
у цркви Св. Димитрија
венчаће се
наш син
БОЖИДАР
са госпођицом
ЈЕЛЕНОМ ЈОВ. ВЕЉКОВИЋЕВОМ
наша кћи
ЈЕЛЕНА
са господином
БОЖИДАРОМ Д. МАТОВИЋЕМ
Радоваћемо се ако и Ви са Вашом поштованом породицом будете при-
суствовали овом нашем родитељском весељу.
Скуп сватова у 9 часова пре подне. Честитање примаћемо у кући.


Сл.38



Сл.39



Сл.40



Сл.41




Сл.42



Сл.43




Сл.44



Сл.45



Сл.46




Сл.47




Сл.48



Сл.49




Сл.50



Сл.51



Сл.52


Битољ — Река Драгор са Перистером

Сл.53


ГРАНД ХОТЕЛ
ЈЕВТИЋ
БИТОЉ, КРАЉА ПЕТРА УЛ.

Сл.54




Сл.55




Сл.56



Сл.57



Сл.58



Сл.60



Сл.59




Сл.61




Сл.62



Сл.63



Сл.64



Сл.65



Сл.66



Сл.67




Сл.68



Сл.69


КИЧЕВО



Сл.70



Сл.71



Сл.72



Сл.73


ПОЗДРАВ
Северозападна страна
Кеј Краља Петра
Средина Кичева
ИЗ
КИЧЕВА
Западна страна
Нове зграде у
ул. Кр. Петра


Сл.74


ТРГОВАЦ

Сл.75




Сл.76




Сл.77

ТЕТОВО



Сл.78




Сл.79


СКОПЈЕ



Сл.80



Сл.81



Сл.82




Сл.83


СТРУМИЦА



Сл.84




Сл.85




Сл.86




Сл.87



Сл.88



Сл.89



Сл.90



Сл.91



Сл.92



Сл.93



Сл.94